Јове Кекеновски

# ПОЛИТИЧКА ХИПЕРМЕТРОПИЈА

*Издавач*
Матица македонска

*Главен уредник*
Раде Силјан

*Уредник*
Илина Павлеска

*Корица*
Кочо Фиданоски

**Јове Кекеновски**

# ПОЛИТИЧКА ХИПЕРМЕТРОПИЈА

матица

На моите најдраги
МИЛАН, МАРТИН
и МАРИО КЕКЕНОВСКИ

# ВИСТИНОЉУБИВИ КОЛУМНИ

Сите кои читаат, а особено оние кои пишуваат колумни знаат дека за добра колумна не е толку важен ексклузивен повод (настан), колку што е потребно нешто друго. Тоа *нешто друго* ги разликува добрите колумнисти од лошите и препознатливите од она општо море на просечните. Тоа *нешто друго* го има во колумните на професорот Јове Кекеновски, кој веќе долги години го збогатува нашиот медиумски простор со оригинални, луцидни, отворени, експертски согледувања и анализи.

Ако силината на една колумна не ја определува ексклузивноста на настанот/темата, туку напротив – вештината се состои во тоа и кога немате ексклузивен настан да направите сјајна колумна, тогаш логично се поставува прашањето – што е тоа *нешто друго*?

Тоа нешто друго се две нешта. Првото е гледната точка, а второто е личниот печат, односно стилот. Познато е дека еден ист феномен, погледнат од различни гледни точки, може да покаже поинакви лица. Во колумните на Кекеновски имате секогаш *необична* гледна точка, и на тоа се должи и нивната препознатливост, но и нивната читливост и читаност. На пример, во една колумна, за да се даде слика за Европа (како ние ја перципираме неа со нејзините стандарди?), се одбира таква имагологија, таква гледна точка која во фокусот ги става – обичните светилки! Од навидум една банална тема, се добива вивисекција, скен на цел еден европски менталитет, кој под маската на „штедливоста“ (имено, во Унијата ќе се заменеле сите „нештедливи“ светилки со „штедливи“) всушност провнува гол прагматизам и алчност, или – чист економски интерес. Авторот луцидно пресметува дека, иако штедливите све-

тилки навистина ќе ви заштедат пари за електрична енергија, сепак, поради прегорувањето и повисоката цена, на крајот ќе ве стават во дефицит! Со други зборови, се демаскира една рекламно-маркетиншка лага – вие, всушност со „штедливите светилки" ќе трошите повеќе одошто со „нештедливите"! Со тоа, колумните на Кекеновски прилегаат на мали, шокантни откритија, од типот „Верувале или не!". На тоа се должи добар дел на нивната читаност, како и фактот дека читателите со нетрпение ги очекуваат.

Тука веќе се допираме до втората работа која е потребна за добрата колумна – стилот. Кога велам „стил", јас не мислам само на реторичките украси на речениците, туку многу повеќе на стилот на излагањето во колумната, односно на нејзината композиција. Мислам на *редоследот* по кој се соопштуваат нештата за кои се расправа. Тука Кекеновски е препознатлив со својот отворен, директен, но сепак – *градирачки* стил на расправање. Таа композиција, таа градација изгледа вака: 1. Изгледа дека А е точно. 2. А не е баш толку точно точно. 3. А воопшто не е точно. 4. Не само што А не е точно, туку точна е неговата спротивност.

Имено, повеќето од неговите колумни започнуваат со некоја навидум цврста теза (како во колумната посветена на десетгодишнината од Рамковниот договор, каде што се тргнува од тврдењето на меѓународниот фактор дека по тој договор Македонија е претворена во розова ѓул-градина). Потоа, таа теза, која се смета за апсолутна и непобитна вистина се побива, во силен, често и аперкат-фајтерски стил, без влакна на јазикот. Еве еден пример за таков директен, беспоштеден стил: „Во пресрет на одбележувањето на десетгодишнината од потпишувањето на Охридскиот договор, кога на сите страни и со фанфари ќе се направи обид на јавноста да ѝ се претстават успесите кои ги постигна меѓународниот фактор (читај пред сѐ Американците, според признанието на Пол Волерс) редно е јавноста да прочита и да слушне и други размислувања и ставови кои од стручен и емпириски аспект не гледаат така



розово на сите овие поминати години.. Остро и бескомпромисно кажано. Но, побивањето на навидум неоспорната теза во колумните на Кекеновски не се завршува со овој прв налет. Тоа продолжува со трпеливо, систематско, континуирано таложење на сѐ нови и нови аргументи, факти и докази. Така, колумната до крајот се претвора во еден вид „доказна постапка" по која вие, како читател имате многу малку простор да маневрирате и да ја оспорите новопоставената теза на авторот. Кекеновски е мајстор на аналитиката и на доказните постапки, што јасно говори дека му припаѓа на семејството на експертски настроени колумнисти, кои најдобро се чувствуваат на својот професионален терен, иако знаат успешно да поминат и на терен кој не им е толку близок.

Така, колумната станува полемика, односно расправа. Тоа е основниот тон на колумните на Кекеновски. Тие колумни расправаат, полемизираат, што значи дека не се никогаш затворени како *скаменети и непобитни констативи*. Тие ве убедуваат во некоја своја вистина, но со самиот факт што за полемика се потребни (како и за дует) најмалку два гласа, ви оставаат да ги пребројувате аргументите и „од другата страна", која е поразена. Можете да ги пребројувате жртвите на таа „друга страна", но можете навистина да ги видите и добрите страни на таа „друга страна". Тоа значи дека полемичноста на колумните на професорот Кекеновски не значи по дефиниција „срамнување со земја" на опонентската теза. Колумната на Кекеновски детално ја прегледува, ја преиспитува навидум несомнената вистина, притоа постапно одлепувајќи ги од неа лагите. Така се соголува лагата и се гледа она што ќе остане – па се поставува прашањето: дали тоа што останало е, можеби вистината?

На тој начин, сите колумни на Кекеновски (дури и она негово писмо до премиерот Никола Груевски) се всушност – *потрага по вистината*. Тоа се вистинољубиви колумни. Тоа се колумни кои сакаат да демаскираат лаги, предрасуди и клишиња. Тоа се колумни против стереотипите. Тоа се одлични

колумни на еден буен интелектуален вулкан кој сака да се знае – што е лево а што десно, што е прво а што последно, што е тешко а што лесно. Нема тука место за интелектуален релативизам и „вардење на нозете“ (да се изразам фудбалски). Тоа е битка до крај, битка за она јадро кое сите го бараме, она златно зрно по кое сите сонуваме а ретко го наоѓаме – вистината.

Кога сето ова ќе се стави на едно место – го добивате духовниот профил на колумнистот, професорот Јове Кекеновски. Без него и неговите колумни македонскиот колумнистички дискурс би бил незамисливо посиромашен, па би можел да се спореди со леб во кој не е ставен доволно квасец. Мислам, се разбира, на квасецот на полемичноста, без кој овие колумни не би ја имале својата „пивка“ жичка и својата малиганска, опивна силина. Честитки за авторот што решил да ги собере своите текстови на едно место и со тоа да го збогати општиот трезор на македонскиот колумнистички простор!

*Венко Андоновски*

ЛИЧЕН СТАВ

# СЕРВИЛНОСТ + ПОНИЗНОСТ + ДИКТАТ = „ИНТЕГРИРАНА" МАКЕДОНИЈА

12.10.2002

Отрезнувачко сознание што се случи по завршувањето на четвртите парламентарни избори во Р Македонија е дека една неспособна политичка гарнитура која беше на власт од 1998 до 2002 год. (која ќе биде запаметена по големите скандали од кои око не им трепнуваше, митото, корупцијата, шверцот на цигари, оружје, дрога, бело робје во содејство со нивниот коалиционен партнер, гарнитура која во своите редови ги имаше најголемите голтари, а сега газди), си заминува, а друга веќе видена за времена нивното владеење од 1992-1998 год. а сега мотивирана за што побрзо враќање на власт и по можност подолго останување, а силно вооружени со понизност и сервилност кон меѓународната заедница доаѓа на голема врата.

Меѓутоа, моето јавно обраќање повеќе е насочено кон власта која доаѓа и, пред сè, кон дволичноста и цинизмот на меѓународната заедница (НАТО, ОБСЕ, ЕУ) на чело со САД и нејзиниот претседател кои, земајќи ја за себе улогата на светски полицаец, ги замешаа прстите и во ова мало парче земја на Балканот. Не се обраќам до власта која е на заминување од причина што резлутатите од нивното владеење на сите ни се добро познати и за тоа сигурно „доколку сакаме правна држава" треба да поднесат сметки и да одговараат пред лицето на правдата.

Господа од СДСМ, дали нема да чуствувате гризење на совеста пред македонскиот електорат кога го лажевте дека нема да коалицирате со Али Ахмети и со неговата ДУИ?

Би сакал само да ве потсетам на неколку ваши изјави дадени во предизборието.

**Црвенковски** на почетокот перманентно изјавуваше дека коалиција со Ахмети не доаѓа предвид, а подоцна таа изјава ја смени со изјавите дека за него нема место во извршната власт. Демек тој и неговите команданти нема да бидат во владата, ама можат да бидат во законодавниот дом. Тие нека ги носат законите а ние ќе ги спроведуваме, а и нели, помалку ќе бидат забележливи меѓу останатите стотина народни поданици. Всушност, според него, тоа е суштината на демократијата.

**Трифун Костовски,** таканаречениот независен кандидат на коалицијата „За Македонија напред" (читај „назад"), во изборната единица бр. 2 во интервјуто за „Македонија денес" на 17.09.2002 год., вели: „Нема коалиција со оние кои војуваа".

**Владо Бучковски**: „Нема коалиција со Ахмети" („Македонија денес", 26.08. 2002 год.)

**Киро Глигоров,** најголемата инвестиција на СДСМ, во интервјуто за „Утрински весник" на 11.09.2002 год. на прашањето: „ВМРО-ДПМНЕ бара македонските партии да го изолираат Али Ахмети и да не дозволат да влезе во власта. Што мислите Вие лично за тоа?", **одговара:** „Мислам дека тоа се прави од партиско-политички цели. Георгиевски е цврсто врзан со Џафери, а од друга страна опозицијата нема договор ниту со една од албанските партии за соработка по изборите. Затоа тие сметаат дека е добро сега на СДСМ да му се прикачи етикетата дека тој сака да коалицира со Али Ахмети. Бранко Црвенковски повеќе пати кажа дека нема да коалицира со Ахмети. Факт е дека во СДСМ нема расположение за некаков сојуз или коалиција со Ахмети. Знаат тие како народот гледа на тоа по сите убиства, грабежи и палежи. И покрај амнестијата, нашите луѓе не можат да прифатат дека по 70-тина убиени и повеќетемина киднапирани, нештата треба да се одвиваат како ништо да не било".

Е мој господине Глигоров, не само народот, туку и вас ве излажаа.

И на крајот изјавата на лидерот Црвенковски дадена на 25.09.2002 год. по работниот ручек во резиденцијата на францускиот амбасадор Жан Франсоа Терал, на кој присуствуваа и амбасадорите на САД, Велика Британија, Германија и Грција, која гласи: „За Ахмети нема место во извршната власт, но тој е легитимен претставник на граѓаните од албанската заедница и ние ќе ја респектираме волјата на граѓаните".



Е мој кутар Црвенковски, иста песна само по ноти кои други ги пишуваат.

Господа од СДСМ, морате да му објасните на македонскиот народ што освен сервилноста и понизноста спрема меѓународната заедница, а мотивирани од желбата за побрзо враќање на власт, беше причината да коалицирате со најголемиот крвник на македонскиот народ и со команданти на ОНА?

Би сакал да ве потсетам на прес-конференцијата на НАТО, ОБСЕ, и ЕУ на 18.09.2002 год. и на изјавата на портпаролот на ЕУ Ирена Ѓузелова, дека меѓународната заедница нема да се меша во составувањето на идните владини коалиции, или пак на изјавата на портпаролот на ОБСЕ, Волфганг Гревен, дека „ова е суверена земја и во една функционална демократија партиите треба сами да решаваат за тоа" (се мисли на коалицирањето).

**Значи, по сè она што го изјавија сите од меѓународната заедница, а генералниот секретар Спасов по средбата на Црвенковски со амбасадорите на Алијансата во нашата земја во седиштето на СДСМ на 26.09.2002 год., јавно и јасно потврди дека меѓународната заедница не врши притисок, стана очигледно дека изборот е Ваш и само Ваш!?.**

Дали Вие го заборавивте фактот дека истиот тој Ахмети, Гзим Острени, Фазли Велиу, Хисни Шаќири, Емруш Џемаили и други кои сега ви седат во пратеничките клупи на кои сите вие **народни отпадници** им го верификувавте мандатот на првата конститутивна седница, сè уште се на црната листа на на Џорџ Буш и САД?

Или пак се уплашивте од препораката на портпаролот на Стејт департментот Филип Рикер, кој јасно ѝ порача на новата влада да не гониша чамецот („Дневник", 19.09.2002 год.).

Во оваа ситуација би морал да ве потсетам на една народна изрека која вели дека оној кој се плаши од мечката не оди во горана.

Диригентот „меѓународната заедница“, на чело со светскиот полицаец САД и нејзиниот претседател, преку слепите послушници истовремено и лидери на т.н. големи партии, овозможија земјата да ни функционира како неофицијален протекторат. Да се потсетиме дека за време на (не)функционирањето на широката коалиција, државните институции го загубија суверенитетот на дел од територијата на државата и таа сè повеќе функционира по една демаркациона линија која се протега од Куманово, по падините на Скопска Црна Гора, на левата страна од Вардар па сè до Групчин. Со инфантилната политика на дејствување, тие овозможија терористите да ги трансформираат во борци за човекови права, а епилогот од сето тоа беше Рамковниот договор, преку кој четворицата негови потписници, на чело со габаритниот ни Претседател на државата, дефинитивно ни ја растурија државата. Со промените на највисокиот конститутивен акт на државата се разнебити и онака кревкото државно ткиво и се постави основата за идната промена на државното уредување, иако иднината на останатите статусни промени во согласност со договорот за разградување на Македонија допрва ќе треба да ја реализира Коалицијата „За Македонија напред“ и ДУИ. Значи најголемото зло допрва ни претстои.

Со ваквата сервилна политика на т.н. лидери, вклучувајќи го и Претседателот ни на државата, Македонија ги загуби најбитните одредници што мора да бидат својствени за секоја држава. Македонија, односно оние кои раководат со неа, глумат дека е држава. Сетете се само на глумата (фарсата) при предавањето на застареното оружјето во замена за амнестијата и реформите на граѓанските права, на трговијата со терористот Хасани, на различните команди кои беа давани од страна на министрите на војската и на полицијата, на киднапираните Македонци за кои Македонија не презема ништо итн.



Ваквата платформа на цели и методи на Коалицијата „За Македонија напред“ и на граѓанинот Трајковски за заедничкиот им настап по изборите исклучиво се базира врз макијавелистичката максима „Целта ги оправдува средствата“. Како таква, таа се базира врз два основни елемента, и тоа првиот се заснова на краткото паметење на македонскиот народ, а вториот на играњето на картите што ги влече меѓународната заедница, а особено САД. Значи, продолжување на заложништвото, и на сервилноста и соработката на проектот на албанското малцинство за поделба на државата (најнапред преку Георгиевски и Џафери, а сега преку Црвенковски и Ахмети).

На крајот сигурно ќе се запрашате што понатаму?

Најнапред би сакал „најискрено“ да ѝ се заблагодараме на меѓународната заедница, а посебно на **„драгиот ни“** Џорџ Буш и неговата политика спрема Македонија и спрема нас Македонците. Да му се заблагодараме за неговите заслуги што успеа терористите кои и ден денес се на неговата црна листа да ги трансформира во борци за човекови права, а со асистенција на лидерите на ВМРО-ДПМНЕ и на СДСМ и на продолжената рака Трајковски да ги внесе во највисокиот законодавен дом, па дури дел од нив и во извршната власт на државата.

Многу е провидна и цинична изјавата на директорот на Американскиот институт за мир на Балканот Даниел Сервер во интервјуто за „Дневник“ од 30.09.2002 год., кој без никаков срам вели дека е подобро терористите да ни бидат во парламентот отколку на ридиштата околу Скопје, Тетово или Куманово, или пак дека е логично ДУИ да бара улога во јавната безбедност имајќи го предвид нејзиното неодамнешно однесување во војната (читај победници).

Ако е така, дозволете господа од меѓународната заедница, а посебно претседателот на САД, мојата минорност да ви предложи нешто што би било исто така добро и логично за Вас.

Наместо да трошите баснословни суми за фаќање на терористот бр. 1 во светот Осама Бин Ладен, на талибанскиот лидер Мула Омар и на нивните соборци од Ал Каида по плани-

ните во Авганистан и насекаде низ светот, а за да спиете мирно и да ги имате нив под контрола, како ние нашите, дајте овозможете им рамноправно да учествуваат во Вашиот Конгрес, Сенат или во Стејт департментот. На тој начин сигурен сум дека ќе успеете да ги цивилизирате, да ги контролирате и, што е најбитно, ќе го оправдате епитетот на демократи како што успеавте да ги направите нашите т.н. лидери-демократи.

Сметам дека оваа идеја ќе ја прифатите без резерва бидејќи јас не измислив ништо ново, туку она што им го препорачувате и ги принудувате другите редно е, а и демократски, да го примените првин кај вас.

Бидејќи успеавте со помош на **„регуларните и демократски“ избори** да се изборите во Собранието на Република Македонија да влезат само претставници на партиите-потписнички на наметнатиот Рамковен договор, за кој толку многу се залагате, а притоа не водејќи сметка за гласот на македонскиот народ туку само за желбите на албанското малцинство во Р Македонија кое преку нивното дарежливо лоби во САД, сесрдно го помагате, сигурни сме дека вашата замисла во голем дел е остварена. Сега останува компанијата на Црвенковски самата да го одработи останатото на штета на сите нас. Во една ваква ситуација, имајќи предвид дека од една страна во власта ги имате трансформираните терористи а сега демократи желни за интеграција, а од друга потписниците и гарантите на Рамковниот договор (СДСМ кои се држат за него како слеп за стап), редно е да ги повлечете сите ваши сили за брза интервенција и да ги оставите сами да ни ја водат државата онака како што сте ја замислиле и сте ја зацртале. Успехот ќе ви биде загарантиран!

Во очекување на резлутатите од интеграцијата на терористите во вашите законодавни домови и резлутатите од експериментот наречен „Интегрирана Македонија“, нам ни преостанува да трпиме .

Но дали и на тоа нема да дојде крај?

## МАЧНИНА

ВЕ-22.02.2003

По цела една недела мачнина во средниот (абдоминалниот) дел од телото (некои го нарекуваат, стомак), која во дадени моменти се изразуваше низ формата на блуење, раздразливост и агресивност, конечно на почетокот на оваа недела дојде и долгоочекуваното телесно и духовно смирување, односно олеснување, па се надевам дека ќе можам понатаму да продолжам со работа на мојата докторска дисертација во една релаксирачка атмосфера.

Олеснувањето доаѓа како резултат на успешно завршената политичка партиска активност на факторите на мирот, на стабилноста и на просперитетот на нашата рамковна држава или, ако сакате, охридско договорна држава (сè исто). Најнапред би сакал да признам дека мачнината доаѓаше од неизвеноста дали Социјалдемократскиот сојуз на својот Четврти конгрес конечно по четврти пат ќе го избере Бранко Црвенковски за лидер на овој Сојуз? Се случи чудо! По самото соопштување на резултатите (од вкупно 673 делегати, само 663 гласале ЗА) мачнината ја снема како со рака избришана. Меѓутоа, само за кратко, присетувајќи се бна фактот дека фалеле само уште три гласа па бројот на ѓаволот, 666, да биде комлетиран. Целиот бев во паника. Среќа, не биле многу, а мене мачнината не ме повтори тој ден.

Второто олеснување дојде веднаш по одржувањето на состанокот на Извршниот одбор на Либерално-демократската партија во однос на нивните сознанија за непотизмот во своите редови. Мачнината помина како од шега само по соопштувањето на донесената одлука за повлекување од управните одбори и од директорските функции на сопругите, кумовите, братучедите, свеските итн. Нивниот лидер Пенов би требало од сè срце да им се заблагодари на средствата за информирање што конечно дозна кои се сестрите, сопругите и кумовите на неговите најблиски соработници, а и што го слушна гласот на јавноста. Внимавајте, а тие да ви биле основачите на Партијата!

Каква ли само срамота ќе беше за еден лидер да не си ги знаеше и понатаму своите сопартијци, згора на тоа и основоположници на Партијата!? Сега, навистина, сите овие кои доброволно ќе поднесат оставка на своите функции, може малку и да му се заблагодарат, затоа што хонорарот и не им беше толку висок за работата која ја вршеа и за стручноста со која располагаа и ја покажуваа. Ама нејсе, па и не е толку голема работа (срамота). Ова е прв и последен пат. Што знаат партиските деца што ти било непотизам? Тоа го знаат новинарите кои се занимаваат со генезата и со развојот на фамилиите на партиските активисти.

За жал, доцна сфатив дека мачнината во мојот стомак се појавила непотребно, а сето тоа како резултат на мојата загриженост за лидерот на оваа Партија дали ќе ја издржи и оваа мала ујдурма на своите сопартијци. Впрочем, сфатив дека нема гајле. Пенов е добар пливач, па ќе ја исплива и оваа кратка патека (која непотребно го заморува да тренира партиска дисциплина на ова студено време), на задоволство на неговите избирачи и бирачи на коалицијата која го знае како стабилен и цврст карактер, особено кога се однесува на неговите политички ставови и опции.

Претседателот на државата и на Владата на Р(амковната) Македонија можеа да ми направат многу поголеми превртувања во стомакот доколку на голема врата во Собранието на Р Македонија и пред целата македонска јавност го објавеа нивниот заеднички став дека застануваат зад позициите на САД. Ставот на Претседателот на државата искажан преку неговиот портпарол и транспарентното соопштение кое вели дека „ако Ирак не се разоружи, Македонија ќе биде подготвена да придонесе активно во меѓународната коалиција која ќе го спроведе тоа", придонесоа турбуленциите во мојот стомак да не се претворат во најлошото. Блуење.

Сѐ се плашам дека најлошото за мене и за мојот стомак допрва ќе дојде ако во Советот за безбедност на ОН се прифати најновиот мировен план на Франција и на Гермнија, а кој сесрдно го поддржуваат Русија – актуелниот претседавач со ЕУ, Грција, Ватикан, па дури и Кина. Или пак, не дај господе, доколку



ВМРО-ДПМНЕ, како најголема и најпатриотска опозициона партија во Собранието излезе со соопштение дека: како резултат на заложбата за евроатлантска интеграција, на заложбата за мир, на грижата за своите војници кои ќе отидат да војуваат во Ирак, за стравот од терористички акции на наша територија, го поддржува ставот на Франција и на Германија, а не ставот на САД, односно на американскиот амбасадор во РМ, Лоренс Батлер, со кого нивниот лидер (пред одржувањето на Централниот комитет на кој се расправаше за дополнување на Извршниот комитет), неодамна имаше конструктивна и полезна средба.

Да се надеваме дека тоа нема да се случи, бидејќи тогаш божемната голема помош од РМ кон САД ќе изостане, а ние како нација ќе останеме без орден за храброст за поддржување, а јас сега веќе навикнат на превртувањата во мојот стомак нив ќе ги чувствуваам побезболно.

И, на крајот, сигурно дека за олеснувањето придонесе и правничкото знање на новиот ни министер за правда, кој едно време беше дури и одборник во Собранието на Град Скопје, кој слично на своите претходници кои располагаа со огромно правничко знаење (бидејќи имаа положен правосуден испит додека беа министри, а се занимаваа со доизградба на зградата на Основниот суд II, по примерот на претходниците, заменици кои учествуваа во исчезнувањето на гласачките легитимации итн.), во согласност со македонското позитивно право, направи голем спектакуларен потег екстрадирајќи го американско-бугарскиот граѓанин Миронов, кој само по два дена е ослободен од бугарскиот затвор.

Надевајќи се дека коалицијата „ЗА" ги оствари за само сто дена сите свои предизборни ветувања, а тоа го потврди и претседателот на Собранието на РМ во неодамнешното интервју, како и министерот за финансии кој деновиве ќе ги намали даноците, сигурен сум дека во иднина, страшните турбуленции во стомакот ќе бидат минато, а јас ќе се чувствувам барем духовно олеснето.

Се надевам дека нагонот за блуење нема да го почувствувам наскоро.

# ПОЛИТИКА

ДН-16.03.2003

Во екот на предизборната претседателска кампања навикнати сме да слушаме сè и сешто, па меѓу другото и дека политиката била само тренинг или, поедноставно кажано, практично неискуство кое во иднина ќе се искомпензирало (надополнело) со тренирање. Не е грев од неискусни политичари и да се слушне вакво нешто, но срам е за тие околу нив кои на политичката сцена ја играат улогата на „големи политичари“, кои (пак, доколку евентуално знаат, во што искрено се сомневам – еден музичар, друг хирург, трет историчар, четврти математичар итн.) навреме не им укажуваат на овие грешки и лапсуси. Поведен од оваа лекомислена и несвесна грешка, или незнаење, не можам а да не дадам барем неколку објаснувања за политиката и за оние кои ја водат неа во нашава држава.

Јавноста, политикантите и потенцијалните идни политичари мора да знаат дека покрај интуицијата, имагинацијата, интелектуалното и културното ниво, способноста за антиципирање или за динамично приспособување на новонастанатите состојби, темпераментот и способноста за самоконтрола и др. се неопходни елементи за да имаме јасна претстава за комплетниот политичар. Но никако не смее да се заборави, или да се занемари, секако, еден од најважните елементи, ако не и пресуден за квалитетот на политичкиот актер, а тоа е постоењето на политичката вештина и искуство.

Познавањето на политиката, политичката вештина, искуството и ситните практични чекори во реалната политичка ситуација се работи од исклучително значење. Само еден (навидум) ситен превид или погрешен чекор може да резултира со тежок политички пораз, што најчесто значи и крај на политичката кариера на аспирантот за политичка функција. Без разлика на субјективните слабости на конкретниот политички актер, тој со својата фактичка способност и умеење



мора да извлече максимум од она што го нудат објективните околности. Мора да се знае дека преку политичката активност доаѓа до израз моќта со која политичкиот актер располага и која прави неговите погледи, идеи, замисли и интереси да бидат респектирани или не од страна на потенцијалните гласачи при неговата, пред сè, вербална, а дури потоа нивна визуелна презентација.

Промовирањето и предлагањето на политички кандидати на политичката сцена во нашата држава стана практика тоа да биде резлутат на наклонетоста на политичкото раководство кон кандидатот, на сервилноста и потпикнувачката способност и односот на потенцијалните политички актери, а најмалку на здравиот разум и здравата политичка конкуренција. Едноставно, имаме слепи послушници и беспоговорни почитувачи на ставовите на партискиот лидер.

Бидејќи неодамна завршија партиските конвенции за предлог на кандидати за претседател на државата, редно е некој збор и за нив. Пред сè, партиската конвенција мора и треба да стане место каде што оние кои ги исполнуваат условите и оние кои поседуваат знаење и се чувствуваат способни ќе можат да ја претставаат својата визија за политиката во рамките на генералната партиска политика, како и визијата за водење на државата. Начинот на разбирање и на водење на политиката и организирањето на партиските конвенции од страна на најголемите политички партии е јасен показател за неверувањето во односот на силите на теренот како основа и средство за постигнување на посакуваната цел, а што води до јасен показател за страв од конечните резлутати и за сомнеж во политиката која се води, што посебно дојде до израз кај најголемата опозициона партија.

До неодамна активен во политиката а сега пасиониран набљудувач на политичките случувања (кој досега не згрешил во оцената на политичката состојба и на актерите во неа, но секогаш проследена со предвремена реакција или, народски кажано, избрзано) можам да заклучам дека на нашиве поли-

тичари, а посебно на оние од опозицијата, им недостасуваат зрелост и промисленост, како и сѐ поочигледното постоење на страв од конкуренцијата и квалификувани и чесни кадри во своите редови. Едноставно, имаме квази-политичари-аматери со професионални амбиции. Доколку направиме споредба тоа би било исто како, кога оние кои се стручни и практично подготвени за водење и разбирање на политиката, утре да станат хирурзи, економисти, сликари, музичари и друго, па можеби и ќе станеме успешна нација. Ако можат тие на туѓ терен, тогаш сигурно можат и овие на нивни. А зошто да не? Во оваа наша мала држава со изместени критериуми, вредности и принципи сѐ е можно.

## ТЕРИТОРИЈАЛНА ПОДЕЛБА

ДН-18.04.2003

Според изјавите на министерот Гештаковски, Р Македонија ќе биде поделена на 33 урбани градски општини и на 20 рурални, селски општини, и тоа претставува компромисно решение со коалиционите политички субјекти со кои се усогласени за бројот на градските општини, но постојат различни гледишта за селските општини. Од оваа изјава јасно може да се согледа практиката на СДСМ која датира уште од 1996 година, кога при кроењето на системот на локалната самоуправа се употребуваа исти критериуми-аршини, а тоа беше политичкиот компромис на штета на граѓаните.

Дали сите 123 општини и Градот Скопје имаат капацитет за самостојно остварување на функциите? Дали општините ќе имаат капацитет за извршување на функциите, зависи од тоа дали државата ќе создаде услови за тоа. Ако државата утврди постојни и штедри приходи за општините и ако се создадат соодветни материјални и кадровски претпоставки, општините ќе можат сосема добро да функционираат. Но, во моментов, многу од општините немаат реални услови и можности за функционирање. Немаат средства, соодветен кадар, немаат соодветни простории ниту материјално-технички средства за работа. Но, во општините има ентузијазам за работа и за разрешување на локалните проблеми. Има општини кои за овие неколку години реализирале објекти и комунални зафати што не би можеле да се разрешат ниту со сто општински буџети. Изградени се водоводи, локални патишта и други инфраструктурни објекти со самопридонес, со странска помош или со друга донација. Резимирано: финансиските приходи на општините во Р Македонија беа и останаа доста рестриктивни и тие не обезбедуваа повисок степен на задоволеност на потребите на локалното население, но битно е да се знае дека големината на општините не беше пресудниот негативен фактор во овој поглед.

Според литературата, помалите општини имаат определена предност затоа што обезбедуваат понепосреден однос и учество на граѓаните во донесувањето одлуки за локалните потреби и интереси на општината. Меѓутоа, помалите општини во економски поглед најчесто немаат можност да ги воспоставуваат и да ги развиваат сите институции на локалната самоуправа, ниту да дадат гаранции дека успешно ќе ги остваруваат своите надлежности. Претпоставка е дека територијално поголемите општини ќе ги исполнат условите за развој на општината во економски поглед. Поголемите општини би биле поспособни да ги остваруваат бројните и сложени задачи на општината. Од друга страна, преголемите општини не одговараат на непосредното учество на граѓаните во донесувањето одлуки за прашањата од локално значење. Или, со други зборови, создавањето преголеми општини би било во колизија со демократските принципи на локалната самоуправа која во услови на поголема општина не би имала шанса да се развие како непосредна локална самоуправа, туку би се претворила во претставничка локална самоуправа.

Предложените промени на новата територијална поделба предвидуваат помалите рурални општини да се присоединат кон посилните рурални или градски општини и тие носат со себе позитивни, но и негативни тенденции. Првата позитивна тенденција лежи во тоа што во извесна мера би дошло до намалување на административниот апарат, со што би се постигнале определени позитивни финансиски ефекти, а втората позитивна тенденција е поради фактот што ќе се елиминираат помалите општини. Но, ова носи и негативни тенденции. Првата негативна е што пак се актуализира проблемот со големите општини, нам мошне познат сè до 1996 година, како и припојувањето на руралните општини кон доминантното градско население, каде што пак постои можност од мајоризација, односно од надгласување, и од фокусирање на вниманието и обврските само кон градските цели, со што би се дошло до деградација во развојот на руралните населби. Вреднувајќи ги реформските тенденции во целост, лично сметам дека ќе преовладаат негативните тенденции.



Основањето на нови единици на локалната самоуправа, или реорганизацијата на постојните, треба да се одвива во демократска процедура и постапка. Тоа се огледа во фактот што реализацијата на овие активности треба да се врши по претходно консултирање на населението на односното подрачје преку собири на граѓаните, или преку референдум (ова решение постоеше во чл. 15 од Законот за локалната самоуправа од 1995 година). Впрочем, доволно е да ве потсетам на точката под број 3 од Рамковниот договор насловена како „Развој на децентрализирана власт", поточно на неговата точка 3.2, каде што децидно се вели: „Ревизијата на општинските граници ќе биде спроведена **од страна на локалните и на националните власти со меѓународно учество." Каде се тука локалните власти, господо?**

Во неможност да дојдам до предложените законски решенија, можам само да дадам свој придонес, посочувајќи ги можните насоки кон функционална територијална поделба, а тоа се: елиминирање на најмалите општини со еден строго селективен пристап, одвојување на руралниот од урбаниот дел, воведување на систем за намалување на локалните разлики меѓу општините и внатре во општините таканаречени Equalization schemes, поурамнотежен регионален развој, и зајакнување на меѓуопштинската соработка.

# ЧОВЕКОВИ ПРАВА И ГРАЃАНИ ОД ВТОР РЕД

ДН-17.09.2003

Слободите, правата и должностите на човекот и на граѓанинот секогаш претставувале, а секако и во иднина ќе претставуваат, интерес не само на науката и на теоријата, туку уште повеќе на политиката и на практиката.

Поставувањето на прашањата за слободите, за правата и должностите на малцинствата, одговорите на нив, како и решавањето на проблемите во врска со нив, се составен дел од борбата против расизмот, ксенофобијата, антисемитизмот и нетолеранцијата. Паралелно со развојот на граѓанската концепција и на концептот за правата и слободите на човекот и на граѓанинот, созрева и сознанието за потребата од посебно поставување и разрешување на малцинската проблематика. Меѓутоа, во Република Македонија оваа посебност во поставувањето и разрешувањето на оваа проблематика доведе до исклучивост и на штета ма припадниците на македонското мнозинство.

Да се биде граѓанин и државјанин на една држава, потребно е спрема неа да се биде лојален, да се почитуваат Уставот и законите на таа држава, да се уживаат правата и слободите, но и да се одговори на обврските кои произлегуваат од овој соодност. Ова непишано правило важи насекаде во светот, а само во Република Македонија е исклучок. Во целост да се почитува и да се практикува претходно напишаното, значи во Република Македонија да се стане граѓанин од втор ред, а обратното значи да се ужива статусот и привилегијата на граѓанин од прв ред. Ако во минатото оваа флоскула често беше само вербално изразувана од страна на албанското малцинство, од 1991 година па наваму de facto и de jure Македонците во својата сопствена држава станаа граѓани од втор ред.

Ќе се запрашате зошто?



Како поинаку да се протолкува масовното неплаќање струја, на сметките за вода, на комуналиите при изградбата на огромните згради наспроти деталните урбанистичките планови, избегнувањето на плаќањето даноци од најразличен вид, непочитувањето на државните симболи и институции на системот, без никаков критериум користењето социјална помош и уште еден куп други обврски спрема државата кои не се почитуваат од страна на мнозинскиот дел на албанското малцинство во Република Македонија. За овие тринаесет години плурализам, примената на законите и санкциите за нивното непочитување, наспроти правото за еднаквост, исклучиво важи само за Македонците и за помал дел од другите малцинства (Срби, Турци, Бошњаци, Власи па и Роми), освен за привилегираното албанско малцинство.

Што ќе се случи доколку некој во државава се обиде да ги натера Албанците да ги почитуваат овие обврски? Во тој случај ќе ја имаме следнава ситуација:

- доколку се исклучи водата поради неплатени сметки, тогаш целиот свет ќе го слушне плачот дека им е повредено правото на еднаков пристап и на уживање на даровите од природата;
- ако не се собере сметот, ќе биде повредено правото за здрава и за чиста животна средина;
- ако се урне дивоградба, тогаш ќе биде повредено правото на неповредливост на домот и на неповредливост на материјалните добра во лична сопственост стекнати на нелегален начин!?;
- ако поради неплатени даноци се изречат казни и други мерки, тогаш имаме повреда на правото на слободно учество на пазарот;
- ако се фати некој криминалец или терорист, тогаш ќе биде повредено правото на негово слободно дејствување, а во случај да се употреби сила – тогаш имаме пречекорување на дозволената употреба на сила и примена на несоодветно оружје.

И така натаму, еден куп права зацртани само во нивните глави и познати само ним, а што нашите политичари од срце им овозможуваат да ги уживаат, само за да не станеме „оаза на немирот“.

За целокупната состојба и за ваквото чувство на наша, на Македонците, маргиналност и обесправеност, придонесовме самите ние, но најголемата заслуга секако дека им припаѓа на „врвните“ политички раководители кои со својата сервилност и понизност спрема странскиот фактор и албанското малцинство во државата, го всадија длабоко во нас ова чувство на граѓани од втор ред. Секако дека свое влијание има и корумпираната администрација (тука, пред сѐ, мислам на разните инспекции и другите лица и институции задолжени за спроведувањето на законите).

Почитувањето на правата на малцинствата, како дел од општопризнатите човекови права и слободи, е значаен фактор за мирот, правдата, стабилноста и демократијата во државите. Пречекорувањето и воведувањето на нови права и слободи за еднодневна употреба и само за едно малцинство, како што е случајот во Република Македонија, се покажа дека е вовед во контролиран хаос на системот и во негација на правата на другите. Во вакви услови, неминовно е да се престане материјата за малцинствата да се третира како посебна и издвоена од општиот збир на човековите права и слободи. Правата на малцинствата не треба се третираат како колективни, туку како права на индивидуи, што може да ги остварат поединечно или заедно со други, како и истовремено да дојде до менување на менталниот склоп на припадниците на посоченото малцинство за обврските спрема заедницата и за лојалност кон државата.

Но, сѐ додека имаме вакви политичари (било да се Македонци или Албанци) и вакви членови на Хелсиншкиот комитет, од Република Македонија нема да има ништо, а Македонците и останатите малцинства, освен албанското, и понатаму ќе бидат граѓани од втор ред.

# ВО ПРЕСРЕТ НА НАЈАВЕНАТА НОВА ПОДЕЛБА НА ГРАДОТ СКОПЈЕ

ДН-28.10.2003

Деновиве навистина не можам да се изначудам до каде може да оди нетранспарентноста, себичноста, па ако сакате и волунтаристичкиот пристап при изготвувањето на новата територијална поделба и на Законот за Градот Скопје. Навистина, незамисливо е заложбите и идеите на Министерството за локална самоуправа на Република Македонија, јавноста, а посебно малкуте стручни лица во оваа област во државата, нив да ги читаат и да ги дознаваат од средствата за информирање. Лично се надевав дека министерот Гештаковски ќе има малку поголема доблест од своите претходници, ако не ги ангажира, барем да ги запрашаше, за совет и онака малкуте стручни лица за оваа проблематика, а не вака да нуди палијативни и недоречени решенија за Градот Скопје, небаре ни се малку експериментите во досегашната практика. Како човек кој во Градот Скопје и во една од скопските општини ги помина последниве десетина години (1991–2000) а во моментов е и пред одбрана на докторска дисертација од оваа област, не можам а да не го кренам гласот за квази-решенијата што ни се нудат. Леснотијата при кроењето на Законот по мера на сегашниот градоначалник на Скопје (по мое длабоко убедување, кој патем се надева и на трет мандат), е далеку од здравиот разум и на сигурна штета на граѓаните на скопските општини.

Недоследноста, немањето јасна претстава и визија во спроведувањето на уставниот концепт на локалната самоуправа која започна со донесувањето на Законот за локалната самоуправа од 1995 година, имаше свој голем негативен одраз во Законот за територијалната поделба и во Законот за Градот Скопје од 1996 година токму поради концептот за раситнување на општините на подрачјето на Република Македонија (од 34 на 123 општини) и истовремено се пристапи и кон

административно двоење и кроење на градското јадро и формирање на нови општини надвор од урбаното подрачје (од 5 станаа 7 во урбаниот дел на градот и 9 рурални). Но нејсе, набрзо се увидоа слабостите и грешките и се направија измените и дополнувањата на Законот за локалната самоуправа во почетокот на 2000 година, што претставуваше зрак надеж дака локалната самоуправа е на добар пат да стане вистинска локална самоуправа. Но, за жал, само до пред некој ден, кога и дознав за желбите и за новите експерименти со Градот Скопје.

Министре, доколку не знаете, а сигурен сум во тоа, морам да Ве потсетам дека организацијата на органите на градот Скопје, што досега од 1996 година требаше да се трансформираат во управни и во административни органи, е рецидив од организацијата воспоставена во периодот на примената на моделот на комуналниот систем, додека новите надлежности прашање е на време кога ќе почнат во целост да се применуваат. Дали знаете дека постојат традиционални и затечени организациски решенија (градски комитет за урбанизам, за комунално-станбени работи, за сообраќај и за заштита на човековата околина, градски комитет за општествени дејности, градски секретаријати за прописи и за организација на управата, како и за финансии, заводи за информатички систем и за планирање на развојот на Градот итн.)? Дали знаете дека во моментов постои слаба соработка и координација меѓу органите и службите на градот со раководството (читај градоначалникот и неговиот кабинет) и речиси никаква комуникација и соработка со општините во Градот? Дали знаете дека во Градот постои концентрација на управување и раководење на највисоко ниво без делегирање на пониските нивоа на управување и дека сите органи се во функција на градоначалникот, а потоа и на советотот, а ни најмалку во функција на сервис на граѓаните.

Дали сте сигурни дека со овој предлог што го нудите за поделба на градот на 10–12 реони со исто толку совети и претседатели, ќе успеете да ги надминете овие негативности? Напротив, бидете сигурни дека нив само ќе ги зајакнете.



Наместо да је децентрализирате власта, вие ќе ја централизирате во рацете на скопскиот градоначалник додека вработените во постојните скопски општини за почеток ќе играат улогата „нишај врата – земај плата“, а подоцна ќе ги прогласите и за технолошки вишок. Едноставно, од сето тоа бериќет ќе видат вашите реонски администратори (10–12), или членовите на реонските совети, кои во овој случај би се претвориле во партиска банда без команда, како и идниот скопски градоначалник, а наместо разграничување на политичкото и стручното – ќе имаме негово спојување.

Во отсуство на примена на сите набележани надлежности од Законот за локална самоуправа, во моментов имаме максимална концентрација и посветување на работите во комуналната сфера, како во градот, а посебно во еден број на скопските општини. Како да ги заборавиме успесите на градоначалниците на општините Карпош, Центар па и Кисела Вода, наспроти Шуто Оризари и Ѓорче Петров, и на крајот Чаир и Гази Баба, кои по мое длабоко убедување во последниве две години далеку заостанаа зад успесите на првите три општини токму поради селективноста и партискиот анимозитет, неподдржувањето на започнатите проекти од страна на Владата на РМ, како и доделувањето средства од вишокот на приходите исклучиво по партиска линија. Рака на срце, сигурно дека не смее да се запостави и во голема мера (речиси во ист процент) влијанието на несериозниот однос кон функцијата градоначалник токму од посочените. Дали смееме да го заборавиме неколкукратното намалување на цената на павер елементите кои се поставуваа во скопските општини наспроти цената до 2000 година кога се поставуваа само од градоначалникот на Скопје, реновирањето на еден дел од улицата на Плоштадот Македонија од страна на градоначалничката на Општина Центар, Кејот на реката Вардар на територијата на општините Кисела Вода и Карпош, многубројните детски и спортски игралишта, парковите, фекалните и атмосферските канализации во приградските општини и др.? Дали заборавивте дека токму

поради нивната заложба за поубава општина, странските институции и организации со големи финансиски средства ги помагаат? Се прашувате ли зошто? Дали доколку ги укинете сегашниве општини, ние граѓаните ќе имаме вакви комунални зафати од страна на вашите регинални администратори? Сирурно не!

Мора да знаете дека од 2000 година па досега скопските општини покажаа интерес и ориентација кон своите граѓани, дека постои отвореност и доближување до нивните барања и трансформација во активен сервис на граѓаните, дека постои поделба на одговорностите и на функциите меѓу политиката и администрацијата, дека постои отворен натпревар за тоа кој е поуспешен, дека постои голем напредок во почитувањето на законитоста во работењето, дека постои можност и начин за контрола и за надзор над нивната работа и, што е најважно, дека постои локален развој базиран врз изготвени стратешки документи, усвоени од страна на советите на општината, како стратегии за развој, плански документи по области, а во очекување на новиот закон за финансирање на општините зголемена финансиска самостојност и шанса за поголем успех.

Зар сакате овој евидентен прогрес да го уништите само заради желбата на некој да биде „голем“ градоначалник како неговиот колега од Софија? Бидете сигурни, доколку го сторите тоа што го најавувате, дека основните начела на управата, а тоа е целисходноста, и јавноста со ваквиот начин ќе станат мисловни именки. Зар заборавате дека од сегашната територијална поделба поминаа само седум години, а од 2000 година само три години? За да се уверите дека нешто е исправно треба да помине малку подолго време а, за жал, со ваквиот начин на работа, на размислување и на експериментирање, сѐ уште ќе бидеме на последниот праг на европските скалила. Жално е што при креирањето и кроењето на системот на локалната самоуправа во нашава држава секој нов министер настојува со сите сили да направи нешто ново, макар и лошо, и притоа секогаш да се употребуваат исти критериуми (политички



и лични аршини), а јавноста и стручните лица да се ставаат пред свршен чин.

**П. С.** Ако единствен аргумент за „Вашата“ идеја ви е урбанистичкиот хаос во Градот Скопје, тогаш ви предлагам – слободно деталните урбанистички планови вратете ги во надлежност на Градот, а дотогаш дозволете им на „општинарите“ да ги доасфалтираат, да ги доосветлат приградските населби, сервисните и колекторските улици и сокачиња, зашто Градот досега немал можност да го направи тоа, а ниту во иднина ќе го направи.

## ПРАКТИКА И СОВЕТ

ДН-04.12.2003

Како човек кој дванаесет години активно се занимаваше со политика, не можам а за почеток да не ги прокоментирам досегашните случувања во двете најголеми политички партии во Р Македонија, иако повеќе од една година сум далеку од партиските води. За сиве овие години научив дека СДСМ и покрај многубројните и чести внатрепартиски политички несогласувања и размисли, не ги извади, односно не излегоа во јавноста, нечистите алишта и дворските игри. Напротив, за нив јавноста многу малку дозна, повеќе шпекулираше, продуцираше и ги доразвиваше партиските фракции и недоразбирања. За секого од нив, порано или подоцна, имаше и остана место во структурите на власта. За разлика од нив, во ДПМНЕ дури и најбаналните несогласувања мораа да излезат на виделина. Не дај боже некој да размислуваше различно од раководството, тогаш тој беше елиминиран по кратка постапка и прогласуван за непожелен, па тој побрзуваше да создаде свое ВМРО (и сега не знам колку се на број). Не треба да се биде паметен и да се согледа дека во иднина во Република Македонија ќе постои и ќе опстои бипартизмот и дека сите политички процеси ќе зависат од двете најмоќни политички партии.

Иако партиски пасивен, сепак со внимание ги следам партиските случувања во ВМРО-ДПМНЕ, посебно од изборот на новиот лидер. На само половина година од изборот на новото раководство на ДПМНЕ кое доби неприкосновен мандат да владее барем до наредните избори, изненадува неговото однесување кое јасно манифестира интровертност, а комуникацијата со членството, па и со симпатизерите, како да е сведено само на партиски соопштенија, прес-конференции и партиски конкурси. Партиското раководство или „нема време“, или објективно не с во можност да обезбеди понепосредна и директна комуникација со сегашното и со бившото членство, со симпатизерите, како и со неопределените граѓани. Во една таква ситуација отсуствува и толку неопходната размена на мислења и ставови, особено спротивставени, како претпоставка за реални сознанија за постојната политичка и целокупна состојба во државата, за вистинското расположение на граѓаните, за нови идеи и дејствувања.

Во неможноста секогаш и во кратко време да се одговори со квалитетни решенија за надминување или за решавање на еден проблем, партиските челници сѐ повеќе се повлекуваат во партиската дупка, се обидуваат да ги заобиколат соочувањата на директните прашања и евентуалните критики, па дури и пофалбите за определени потфати. Затворањето во себе, отсуството на комуникација со јавноста, бегањето од веќе докажаните национално определени и проверени бивши и сегашни кадри, самоизолацијата и опкружувањето со политички анонимуси и кадри за еднократна употреба, како и неизбежните, исти како божем партиските (читај лидерски) послушници, занесувачи на ј...а, досега се покажа контрапродуктивно. Сето ова асоцира на ароганција, самобендисаност, бавност и неефикасност, отсуство на слух за свежи идеи, или пак на немање сопствена моќ и влечење на конците од страна на друг(о)и лиц(е)а. Некако стана практика кога ќе се дојде на власт, макар да е и партиска, да дојде до израз свеста за расчекорот меѓу посакуваното и стореното, меѓу желбите и можностите, меѓу ветеното и постигнатото. Ако некој дозволи да се здобие на почетокот со такви етикети, самиот си ги подјадува и девалвира евентуалните идни сопствени резлутати.

За овие шест месеци на новото раководство на ДПМНЕ, тоа покажа слаба желба и слабо снаоѓање за да ги привлече на своја страна разочараните, партиски неопределените гласачи, како и припадниците на другите партии со префиксот ВМРО. Станува очигледно дека новото раководство на ДПМНЕ сака во целост да го стесни просторот за можните политички солирања и евентуалните различни размислувања, при што апсо-

лутно доаѓа до израз немањето политичка флексибилност, широкоградост, братска љубов и прогрес во сопствените редови.

Доколку посакува победа на претстојните избори, ВМРО-ДПМНЕ во иднина ќе мора да ја обезбеди поддршката и силата којашто ја имаше во минатото на теренот, а не само на Централниот комитет, да покаже ефикасност и транспарентност на раководниот кадар, да ги надмине самобендисаноста и егоизмот на партиските властодршци, да ги надмине болестите на штипските, на струмичките, на битолските и на другите локал-патриотизми, да ја надмине длабоката апатија на граѓаните, како и да обезбеди меѓународен пласман и патронат на големите десни западноевропски партии, а не само вербализам на сегашната европска неискрена политичка структура.

## ПРЕДИЗБОРНИ ЧЕТИРИ СЛИКИ – ПРВПАТ

ДН-17.04.2004

**Сцена прва:** На само ден-два по завршувањето на првиот круг од претседателските избори, преку електронските и пишаните медиуми повторно ги видовме на виделина медиумски преформсираните аналитичари, политиколози и претставници на разни институти итн., кои наврат-нанос се обидуваа да го оправдаат до вчера својотealsоциден став дека не постои опасност од неизлегување на граѓаните на избори. Сите овие сега нависоко трубат дека процентот на излезените гласачи е реакција на политиката и на програмата на политичките партии и на нивните кандидати, иако дури и лаик можеше да ги забележи предизборните политички игри, како и општото граѓанско незадоволство. Дури сега сфатија дека граѓанското незадоволство не може да се намали со формирање на безброј ад хок „невладини организации", како и со емисија на скапо платени спотови преку ангажирање на познати личности за повик за излегување на избори. Ќе биде добро доколку овие големи политиколози и аналитичари ја сфатија пораката на граѓаните дека времето на политичката и партиската послушност е одамна минато.

**Сцена втора:** Откако бројката од 847 552 или 51% од вкупниот број избирачи запишани во избирачкиот список им се виде висока (читај недостижна) за успешно завршување на претседателските избори во вториот круг, се појави брзозборлестото момче – претседател на Политичката изборна комисија (ПИК) кое сега бара корекција, односно усогласување, на избирачките списоци со последниот попис. Ова мимикриозно човече како да заборави дека до вчера заедно со министерот за правда тврдеше дека разликата од околу 200 000 гласачи што се јавува помеѓу избирачкиот список и последниот попис е резлутат на различната примена на методологијата при прес-

метувањето и дека сè е во ред со нив. Само да го потсетам мимикриозното човече – претседател на ПИК и момче за сè, дека на денот на изборите во директното јавување на ТВ „Канал 5“ во вестите во 17 часот со голема сигурност тврдеше дека одзивот на излезените граѓани ќе биде повисок од 60%.

**Сцена трета:** Недела навечер, околу 24 часот, завесите се спуштаат и пиесата во три чина наречена претседателски избори е успешно завршена. Нема незадоволни. Сите слават, и победниците и победените. Секој се радува на своите резлутати, иако станува повеќе од јасно дека ова нивно славење е само маска пред јавноста. Не ме изненадува славењето на СДСМ, кој мораше во оваа ситуација да покаже поголем број гласови од ВМРО-ДПМНЕ, туку ме зачудува моронското однесување на раководството и на изборниот штаб на ВМРО-ДПМНЕ кое глуми задоволство од негативната разликата од околу 75 000 гласови. Ни крив ни должен претседателскиот кандидатот Кедев е ставен во позиција на губитник, а човекот мора да глуми победник. И покрај многубројните нејасноти, барем за поширокото членство и за симпатизерите на ВМРО-ДПМНЕ за погрешно влечените потези, за немањето говорници во своите редови, за немањето визија, за бегањето од идеологијата, за начинот на избор на претседателскиот кандидат на партиската конвенција и др., раководството и изборниот штаб и да сака и да не сака мора да глуми победник за да се оправда за изборниот неуспех. Раководството мора да знае дека членството ќе бара политичка одговорност за сите потези доколку ги загуби овие избори. Срамота е да се загубат избори од ваков блед, беден, изнемоштен и безидеен Црвенковски.

**Завршна сцена:** Со оглед на фактот дека во вториот круг шансите за победа на Кедев се сведени на минимум (иако лично ја посакувам неговата-нашата победа), амбициозното и самобендисано раководство на ВМРО-ДПМНЕ мора да направи две работи:

**Прво:** јавно да се извини и да побара прошка од старото членство за навредите искажани на негова сметка и за јасното



дистанцирање од „старите“ кадри-втемелувачи на вмровштината и десната сила во Македонија, притоа ставајќи ги на резервна клупа новопечените ВМРО-вци, таканаречени младотурци и клонираните СДСМ-овци во своите редови; и

**Второ:** За да го задржи статусот барем на „морален победник“ (иако мора да признам дека и мене не ми е јасно каков победник од губитник) на кандидатот Кедев и за да му биде задоволена суетата на раководството дека освоило „најголем број гласови“ во историјата на партијата, а притоа партијата да не го доживее петтиот пораз, мора да се изнајде начин Црвенковски да се победи во наредната фаза.

Како? Лесно, господа! Мора да апстинирате.

# КОГА ГУБИТНИКОТ ГЛУМИ ПОБЕДНИК

ВР-19.04.2004

Случувањата во ВМРО-ДПМНЕ веќе неколку недели ја окупираат македонската и политичката јавност. Иако се очекуваше дека под притисок на членството, пратеничката група и извршниот комитет на досегашниот претседател Груевски ќе си поднесат оставка, сепак тоа не се случи. Како бивш боксер, очигледно го одбра потешкиот пат на својот пораз, односно реши да биде нокаутиран во последната рунда. Но нејсе, тоа е негово легитимно статутарно право кое човеков решил да го искористи до крај.

Собирањето потписи за свикување на Централниот комитет на Партијата ме потсетува на не така далечната 1997 година, кога една поголема група членови на тогашниот Централен комитет легитимно поднесе иницијатива за разрешување на тогашниот потпретседател на Партијата, госпоѓицата Доста Димовска. Иницијатива за разрешување на потпретседателката побараа 54 од вкупно 107 члена на Централниот комитет, иако доволно беше само една третина од вкупниот број членови. Би сакал да потсетам дека по обемната и мачна дискусија, седницата беше прекината, а точката не дојде на дневен ред поради поднесувањето оставка на сите членови на Извршниот комитет и на Генералниот секретар.

Во што се состои разликата меѓу овие две иницијативи? Разликата се состои во фактот што тогашниот претседател, а сега почесен претседател, тогаш бранеше личност, а сега ја брани Партијата од личност. Ја брани Партијата од оние на кои им ја довери од срце, од оние кои ги погазија идеолошките и програмските определби и ставови, од оние кои преку таканаречената модернизација всушност ја деидеологизираат, а по начинот на дејствувањето ја прават да заличува на ултра лева партија.



Внатрепартиските процеси (делби, струи, политички крила, фракции, лоби-групи и др.) ја одразуваат зрелоста или незрелоста на раководството на една политичката партија. За жал, во овој случај, да се надеваме дека е последен раскол во ВМРО-ДПМНЕ, ја согледуваме незрелоста и неподготвеноста на „лидерот" Груевски за водење на една голема партија. Наместо да се модернизира Партијата, сегашното раководство, на чело со него, остана заробеник на сопствената фрустрација, суетност и глад за власт, макар да е и партиска, непропознавајќи го заедничкиот и поширокиот интерес на Партијата, на нејзиното членство и на симпатизерите. Модерна партија не се прави со вклучување на неуспешни и недокажани кадри од друга политичка провениенција, со назначување на свои роднини во општинските раководства, со бркање и неприфаќање на докажаните и проверените партиски кадри, со бегање од визионерите како ѓавол од темјан. Уште помалку модернизација на Партијата се постигнува со сервилен однос спрема странските амбасадори, а посебно спрема американскиот, со кого постојано се „пеглаат" прашањата од внатрешната политика. Напротив, се прави само со идеи и програми, со умни луѓе, со патриоти, со луѓе со идеологија и со визија.

Исто така, доколку внимателно се следат настапите и изјавите на младиот лидер последниве неколку денови и доколку се направи ретроспектива на неговото лидерување, добиваме јасна претстава за неговите карактерни особини, а тоа се: енергичност, самобендисаност, непопустливост и непомирливост, суетност до бесвест. Остануваме стаписани кога наместо сликата на човек кој до вчера ни нудеше ново лице, наеднаш го здогледуваме брзо остареното, демодирано, грдо и расплакано лице. На луѓето кои претендираат да станат големи лидери на голема партија ни на сон не смее да им падне на ум на јавноста да ѝ ги пренесат деталите од интимните разговори, договори, како и да ги исфрлаат на површина валканите алишта. Доколку го сторат тоа, тие прилегаат и претставуваат недоразвиени политички ембриони. А таквите во ова современо општество, мора да признаеме, се баласт.

Но, ако ова сепак е внатрепартиска работа, ме зачудува пристрасноста на речиси сите медиуми, печатени и електронски, кои јасно застанаа на страната на Груевски. Судирот не е од лична природа, како што сакаат да го прикажат новинарите и Груевски. Напротив, тој е многу подлабок, како што објаснив малку погоре. Наместо за неуспехот самоиницијативно да се понесе одговорноста, членството е принудено неа да ја бара, и тоа пред очите на јавноста. Жално е што ваквиот демократски ред на работите некој(и) се обидува(ат) да го претстават(и) како внатрепартиска војна, војна да се биде или не.

Во намерата што е можно повеќе да се застане на страната на Груевски деновиве, преку едно интервју со еден аналитичар, на ТВ „Сител" можев да слушнам и мислење дека не е добро пред избори да се менува лидер. Донекаде и се согласувам со оваа констатација доколку има место за корекција, доколку направените грешките не се катастрофални и доколку правецот на идеолошкото дејствување не е застранет во спротивна насока, како што е случајов во ДПМНЕ. Па оттука – враќање и не треба да има. Само да се потсетиме дека на последните парламентарни избори во Грција лидерот на ПАСОК Симитис, поради неможноста да ја намали разликата на Партијата на Караманлис, си даде оставка и на негово место дојде Папандреу, кој успеа само за неколку недели да ја спаси Партијата од убедливиот пораз на парламентарните избори. Токму тоа и ќе е случи, доколку Груевски навреме не биде сменет на вонреден конгрес.

## ПРАВО И ПРИНУДА

СТ-23.04.2004

Во теориите во кои приоритет има општеството над државата (наспроти функционалната, која се залага за рамнотежа меѓу државата и општеството; и инструменталната, каде што државата и носителите на власта се одвоени од општеството, односно од оние кои учествуваат во создавањето на власта), изборите се средство со кое располага општеството. Станува збор за автентична демократија која подразбира контрола и одговорност на избраните лица од страна на влијателниот електорат. При функционирањето на една ваква демократија, од демократски ориентираниот граѓанин се бара и се очекува да биде активен фактор во одвивањето на политичките процеси на локално и на повисоко ниво. Меѓутоа од него се очекува истовремено да биде и рационална личност во приодот кон политиката воден од сопствениот разум и убедување, а не од чувствата или политичката припадност, и сè во интерес на заштита и просперитетот на својата држава .

Навистина, деновиве сум изненаден од стравот на двете најголеми политички партии од бројот на излезени гласачи во првиот круг (нешто над 55%) и од бројот на оние кои евентуално ќе излезат во вториот круг. Од сè позачестената медиумска кампања, односно од јавната дебата околу успешноста или неуспешноста на претстојните изнудени претседателски избори! Изненаден сум од стравот на неколку медиумски куќи да не ни се повтори „српското искуство" со претседателските избори, небаре изборите поради незадоволството од предложените кандидати и актуелната политика првпат ќе пропаднеле во светот или пак во Македонија од утре не ќе грее сонце, и таа ќе стане посиромашна за 2,4 милиони евра, што е минорна сума во споредба со она што беше украдено и проневерено во овие тринаесет години.

Наместо загриженоста за граѓанската апатија да ја преземат и да ја споделат меѓу себе раководствата на двете најго-

леми политички партии во нашава држава како најголеми виновници за сè што ни се случи во последниве два-тринаесет години, таа улога ја преземаат неколцина инструирани новинари и новинарски куќи и претседателот на Политичката изборна комисија (ПИК).

Зошто?

Дали тие однапред треба да ја одиграат улогата на мотиватори на народот за да ни стане сегашниов премиер претседател на државата поради сите негови досегашни „успеси" во водењето на државата, или пак да нè мотивираат да избереме политички анонимус? Очигледно, да! Но, пак зошто?

Господа, да бирате претседател на куќен совет сигурен сум дека ќе изберете пред сè чесен човек, човек кој држи до својот збор, кој не лаже, кој има искуство и кој има визија, човек стручен во областа на политиката. Дали понудениот избор ви го дозволува тоа? Сигурно не.

На почетокот истите тие новинари, потоа таканаречените „невладини организации", а и големите аналитичари на политичките случувања, мора да научат дека успехот или неуспехот на изборите пред сè зависи од програмата и од опцијата што ќе биде понудена од страна на претседателските кандидати, од досегашните „позитивни" резлутати на политичките партии кои ги претставуваат, како и од создадената клима во текот на кратката предизборна кампања.

Останува отворено прашањето од каде правото на Претседателот на Политичката изборна комисија (ПИК) јавно, преку снимен ТВ спот, да ги повикува граѓаните на избори, ако се знае дека основната улога на државната изборна комисија е да ги спроведе изборите регуларно, да ги сумира резлутатите, да ги санкционира неправилностите и да ги презентира добиените резултати без никаков коментар.

Покрај правото да излезат на избори, граѓаните во нашата држава, во согласност со позитивното законодавство, го поседуваат и правото на апстиненција. Слабиот одзив на гласачите во првиот круг слободно може да се сфати како право



а не обврска некој со сила да се избере. Ако е така, со право го поставувам прашањето: Зошто некој во старт се обидува на еден перфиден начин да ни го одземе ова право? Зошто македонскиот народ секогаш е ставен на искушение да избира меѓу помалото зло од двете големи зла?

Евентуалниот неуспех на претстојните претседателски избори сигурно нема да има директни социјални импликации (а и да да има – ние нема да ги почуствуваме, бидејќи тоа ни е секојдневие, односно станавме имуни на нив). Неуспехот нема да ги вжешти политичките конфронтации, а ниту пак целокупната енергија ќе се фокусира на непродуктивен начин. Нели е подобро да избереме вистински претседател, репрезент на државата, па макар изборот да се изврши по втор или по трет пат? Дали секогаш странските платеници (и од наша и од страната од која доаѓаат) мора секогаш да ни држат предавања и да ни солат ум? Бидете сигурни дека за нив кој е посилен и попослушен во моментот е нивни човек и за него навиваат и работат.

Зар господа новинари, домашни и странски платеници-логистичари, толку сте сигурни и убедени дека ние, македонскиот електорат, имаме за што и за кого да гласаме?

Дали сте сигурни дека од оваа сиромашна и веќе видена понуда и Вие можете да го направите вистинскиот избор?

Начинот на кој беа избрани одделни предложени кандидати, понудените ветви, истрошени и безидејни кадри, краткото време за претставување на „аматерите со професионални политички амбиции", заткулисните политички пазарења на штета на предложените кандидати кои однапред се прогласени за губитници, се само дел од аргументите што со право ни даваат да се посомневаме во вистинскиот избор. Поради голема сигурност дека веќе видените можат да ни понудат нешто ново, а другите со оглед на краткото присуство на политичката сцена не ни даваат можност да го измериме нивното знаење, квалитет како и чувството за државност, дозволете им на граѓаните да го искористат и правото за неизбор.

Во моментов постои јасна дилема дали Голијат е толку голем што не може да не се погоди, во што сум сто проценти сигурен, или пак Давид нема со што да стрела, односно народски речено стрела и ќе стрела со ќор-куршуми, во што сум речиси во ист процент сигурен. Ако е така, господа новинари и други одработувачи на платеното, дозволете ни да го искористиме она право што ни останува на располагање.

Изборот на помалото од две зла бидете сигурни дека не е вистинскиот избор.

П.С. Големите тимови не го напуштаат натпреварот на полувреме, но исто така нивните стручни штабови не дозволуваат да го загубат натпреварот доколку искрено ја посакуваат победата.

# ПОМЕЃУ ДВА ИЗБОРНИ КРУГА

СТ-30.04.2004

Како што се наближува 28 април, определениот ден за гласање во вториот круг на претседателските избори, така е сè почигледено прашањето и загриженоста на политичките партии кои останаа во трката за тоа: Дали граѓаните ќе излезат на гласање во доволен број за да завршат успешно изборите? Овој страв придружен со нервозно реагирање, по мое видување, е поочигледен кај Социјалдемократскиот сојуз за разлика од ВМРО-ДПМНЕ. Кај опозиционата ВМРО-ДПМНЕ наеднаш пред вториот круг како да ја снема онаа сигурност од првиот, ја снема дури и онаа млака еуфорија забележлива на стартот од кампањата. Лидерот и шефот на изборниот штаб изгледаат како да се задоволиле само со бројот на освоените гласови во првиот круг. Сиромашките, ова второ полувреме го играат од немајкаде. Како да ни се потврдија шпекулациите на стартот на претседателските избори дека стручниот штаб со својата тактика и со својот фаворит „голгетер“ свесно го посакуваше овој пораз. Но нејсе, времето ќе ја исфрли на виделина вистината.

Плашејќи се за бројот на излезените гласачи, одеднаш помеѓу двата изборни круга, изборниот штаб на СДСМ и Црвенковски ги ставаат во игра речиси сите електронски и пишани медиуми, странските претставници во нашава земја, блиските до нив интелектуалци, како и нивните подмлаткари трансформирани и олицетворени во повеќе од 300 на број т.н. невладини организации. Нè отекоа со постојаното апелирање да излеземе на избори. Во таа агресивна кампања против апстиненцијата се вклучија и одделни претставници на ЕУ во нашава земја кои отидоа дотаму, правото на неизбор да го изедначат со несакање за наше интегрирање во ЕУ и во НАТО. Човек да гледа и да слуша, а притоа да не верува дека некој европски бирократ, покрај сè, се осмелил не само да ни се меша

во нашите работи, туку да нѐ прави малоумни, па дури и да ни го плакне мозокот. Па, господине Петерсен, ако ова е Балкан, не значи дека овде народот пие нафта. Овој народ е умен. Знае што бара и знае што ќе прави. На овој народ му се потребни политичари од доверба, со искуство, патриоти, политичари со резлутати во својата кариера итн. И Вие сте свесни дека доколку во овој момент имавме такви личности, тогаш воопшто немаше да се плашиме за одзивот.

Она што директно ги боде нашите очи е дека средствата потрошени за кампањата на претседателските кандидати уште во првите пет ден го надминаа законскиот дозволен лимит. Покрај политичките партии овие неколку дена со засилената, пред сѐ скапа кампања, се појавија и (не)владините организации. Колку ли само пари фрлија за снимените и на секои пет минути презентирани спотови на сите медиуми, за флаерите и плакатите, за трибините, за едукација на граѓаните за обврската за гласање и др.? Нормално е да се запрашаме: Од каде олку пари кај овие (не)владини „ентузијасти“? Но, она што е пострашно, е немањето усул и нежалење за тоа колку и како се расфрлаат и се трошат незаработените пари, пари кои дошле од некаде! Сите сме сведоци за огромните суми што ќе ги потрошат овие наменски создадени асоцијации за припомагање за успешно завршување на изборите и за победа на нивниот шеф, во услови кога едно семејство не може со своите приходи да проживее ни две недели од месецот. Во услови кога имаме најголема безработица во Европа и кога оној мал број вработени не зеле личен доход со месеци. Но, изборите ќе завршат, а истите тие (не)владини асоцијации ќе мора да ги кажат пред јавноста изворите и висината на енормно потрошените средства за кампањата што ја водеа, а медиумите да дадат отчет колку и дали им е платено за отстапениот рекламен простор на политичките партии и на нивните кандидати, или пак тоа е нивни придонес кон победата!?

Исто така, деновиве сведоци сме на максималното ангажирање и медиумско експонирање на интелектуалците-логистичари во служба на СДСМ. Настапувајќи на секојдневните јавни дебати на МРТВ, устите им фатија пена од повик за излез и откако сето тоа ќе го кажеа за неколку минути, почнуваа сеансите на филозофирање – а во трансот во кој паѓаа принудени сме да се изнаслушаме милион глупости. Ќе ги потсетам читателите само на неколку бисери: Бисер број еден: Во Република Македонија постојат позитивни апстиненти, во кои се вбројуваат интелектуалците, и негативни апстиненти, во кои спаѓаат сите оние кои се под нивното образовно ниво!!! Според еден од нив, најголеми апстиненти биле интелектуалците и тие се оние кои не излегле на гласање во првиот круг. Бисер број два, излезен од устата на првиот човек на една странска фондација во нашава држава: На овие избори граѓаните при изборот имаат четири опции: Да го изберат Црвенковски, да го изберат Кедев, третата опција е да апстинираат и четвртата: замислете да гласаат, а да не гласаат!!! Кажа и остана жив, мртов ладен и непристрасен овој интелектуалец. Според оваа негова логика, колку кандидати толку опции – и секогаш опцијата да излезеш на гласање а да не гласаш. Што сѐ ние мораме да гледаме, да слушаме и да трпиме како резлутат на нивната партиско-политичка заблуденост?



Дека стравот си го прави своето покажува и дневното гласило на СДСМ (како што ќе напише еден професор-колумнист, со чија констатација наполно се согласувам) наречено „Утрински весник“, кое срамежливо почнува да отвора јавна дебата и да заговара промена на високиот праг на излезени гласачи за избор на претседател (мнозинство од вкупниот број запишани во избирачкиот список). Но, бидете сигурни дека ова го прават наменски и тоа само во случај на пропаѓање на овие избори. Доколку победи нивниот фаворит, тогаш нема да ме зачуди наместо да побараат намалување на изборниот цензус – да побараат зголемување од 50 на 70 проценти.

Да, да господа гласачи. За жал, и ова е демократија.

## КОНФАБУЛАТОР

СТ-21.05.2004

Една од најголемите човекови доблести е да се признае сопствената грешка. Меѓутоа, кога ќе се згреши а за сопствената грешка, за сопствените погрешни потези се обвинуваат сите други, тоа, во најблага форма речено, се граничи со дрскост, со безобразие, а таквите луѓе во психологијата се нарекуваат конфабулатори, додека по теоријата на скрипт се губитници. Е токму таков е досегашниот претседател на ВМРО-ДПМНЕ, Никола Груевски, идеолошкиот и ментален клон на лицето Б. Ц. За разлика од овие луѓе, победниците знаат каде згрешиле, од направените грешки извлекуваат поука и не обвинуваат други. Ако конфабулаторите поминуваа во некои минати времиња, од вчера тие веќе се минато и практично е невозможно нивното идно политичко егзистирање.

Демократијата и демократските процеси во ваква ситуација налагаат одговорност од раководната екипа, следено со давање неотповиклива оставка. Однапред договорно загубената борба, за која знаеја и врапчињата на легендарниот чичко Митко Анастасовски, не може да се оправда со плачењето и пред ТВ камерите, со платените огласи во средставата за информирање каде што интегрално се пренесува изјавата на претседателот на ВМРО-ДПМНЕ, со барањето на одговорност од бившите партиски функционери, со навредување на своите сопартијци со најпогрдни зборови, со нивно омаловажување итн. Станува очигледно дека ова раководство на ВМРО-ДПМНЕ, на чело со нејзиниот лидер, е победник само во своите очи и во очите на лицето Бранко Црвенковски.

Што е тоа што јасно беше видливо дека од ова раководство на ВМРО-ДПМНЕ нема ништо и дека поразот на предвремените претседателски избори беше неизбежен. Најнапред:

– долгото конституирање на општинските комитети со нови и свежи сдсм-овски кадри во кој вистинските, правите и старите вмро-вци станаа маргиналци во своите сопствени средини,

– јавните конкурси во весниците, небаре се работи за ООЗТ а не за партија,

– и по една година од преземањето на раководењето сè уште не се формирани партиски комисии,

– рејтингот на Партијата остана на исто ниво како и пред доаѓањето на новото (а за некој ден и бившо) раководство,

– декларативните лажни ветувања за враќање на старите членови за да се покаже наскоро своето ново лице,

– дрското исклучување од членство во Партијата на партиските неистомисленици,

– парада пред јавноста со одржувањето на конвенцијата со само еден кандидат, и тоа кој мораше да биде од Штип,

– одржување на митинзите во камерна атмосфера,

– небулозни и безсодржајни говори во текот на кампањата,

– ловење и свртување на вниманието кон неопределените гласачи, занемарувајќи го своето членство и симпатизери,

– оградување од Владата на Георгиевски чии министри беа и каде ја добија својата афирмација, што автоматски значеше и негација на самите себеси,

– контрадикторните упатства давани на членството пред затворањето на изборните гласачки места (излегувајте на гласање, па потоа не гласајте и на крајот излажани сме),

– нелегитимно свикување на Централниот комитет преку повикување само на „своите" доверливи членови,

– идентификувањето на неистомислениците, членови на Партијата, со криминалци, рекетари, насилници,

– непочитување на институциите на Партијата,

– желба за автократско владеење и уште многу други очигледни слабости и неуспеси кои беа само дел што придонесе за поразот на овие избори. Доколку се продолжи и понатаму вака и со истите луѓе, тоа значи сигурен пораз и на наредните локални избори. Сатисфакцијата дека освоиле најмногу гласови во историјата на Партијата беше само параван и оправдување пред јавноста и членството во кој и самите не веруваа.

Но, станува прашање на ден кога не само пратеничката група и Извршниот комитет, туку и сите општински и месни комитети јасно ќе го изразат својот револт од погрешната политика и договорно водената политика во корист на СДСМ од страна на Пипин Малиот, штимер-мајсторот Самоилица и дворската кава(фи)лерија околу нив. Почесниот претседател ќе мора на поширокката јавност и на членството да им ги објасни интересите на актуелниот лидер кои ги посочува во своето писмо. Исто така, доколку во иднина не сака да биде „мртов Германец", Георгиевски, секако дека не смее да попушти под притисокот на медијаторите (странски амбасадори и претставници во нашата земја) за смирување на состојбата како и пред благото ретерирање на губитникот при неговото појавување на една мошне гледана емисија. Не смее да се дозволи од сето ова да произлезе само колатерална штета преку елиминација на неколку сегашни партиски функционери, или пак да бидат наградени оние кои до вчера коленичеа, се крстеа и заедно со нивниот лидер ја креираа погубната политика. Работата мора да се истера до крај, да се исчистат метастазираните партиските органи и тела, иако сме свесни дека болеста е во поодмината фаза. Партија без храбри и мудри водачи, без единство на виталните вредности и интереси, не е партија и заминува во историјата.

ВМРО во својата многугодишна историја многупати била на големи искушенија и загрози кои го наметнувале прашањето: Има ли надеж за опстанокот на вмровштината и кој е вистинскиот пат за обезбедување на нејзината иднина. Одговорот секако дека е позитивен, многу прост и гласи: Никола, Готов си! Готов си! Бидејќи си ист како и твојот сегашен претседател на државата, за многумина би било најдобро да го оствариш она што го ветуваше на изборите: „Да се качиш на 50-ти кат и да извршиш харакири и самоубиство". Но, со оглед на тоа што сум хумана личност, подобро би ти препорачал: Оди си дома и посвети им се на постдипломските студии. Политиката за тебе е виша математика во која не се снаоѓаш баш најдобро, а штета трпиме сите.

## ГРАЃАНИТЕ КАКО ФАКТОР

ДН-24.05.2004

Секоја развиена земја е горда доколку има развиен систем на локална самоуправа, односно т.н. локална демократија, во која граѓаните се тие кои непосредно учествуваат во локалниот развој. Локалната самоуправа е прв адресант на општествените желби на граѓаните. Иако голем број политичари локалната политика ја сметаат само за преоден стадиум кон „вистинската-правата" политика на државно ниво, локалното рамниште и политиката која се води на тоа ниво отсекогаш претставувала и претставува основа на политичкиот систем кој е најблиску до животот на граѓанинот. За да биде достојна за доверба, локалната политика мора да си постави *нови задачи* и да си обезбеди слободен простор за дејствување. Токму во овие времиња на промени потребна е осмислена политика чиј основен белег ќе претставува дијалогот на релацијата локалната власт–граѓаните.

И покрај направениот прогрес за доближување до европските демократски стандарди, анализата на севкупните состојби во локалната самоуправа и преиспитувањето на досегашното функционирање на локалната самоуправа ги исфрли на површина недостатоците, неправилностите и недореченостите на досегашната законска регулатива во оваа област. Фактите зборуваат дека состојбите во локалната самоуправа во Република Македонија се прилично неповолни. Изградбата на новиот систем на локалната самоуправа, како еден од главните елементи на модерно и демократски уредено општество, во нашава земја се одвива бавно, нерешително и нецелосно, па како резлутат на тоа имаме недовршена и нецелосна локална самоуправа.

Изградбата на добра и ефикасна локална власт е долгорочен процес со кој, пред сѐ, треба да се создадат финансиски и други предуслови за извршување на надлежностите од стра-

на на избраните локални власти и да се воспостави јасна одговорност на истите како „нагоре“ кон државата, така и „надолу“ кон нејзините граѓани преку соодветни системи за административна и социјална контрола и надзор. Модерното владеење и изградбата на граѓанското општество во секоја држава која влегува во темелни реформи на својот политички систем, не е дали, туку како и колку да ги вклучи своите сограѓани во креирањето на политиката на локално ниво.

Добиените истражувачки резултати наменети за докторската дисертација „Учеството на граѓаните во политичките процеси на одлучување на локално ниво во Република Македонија“ ме доведоа до сознанието дека и покрај релативно високото учество на граѓаните на изборите во Република Македонија (во просек некаде околу 60%), имаме релативно мало, па дури и слабо, учество на граѓаните на Република Македонија во политичките процеси на донесувањето одлуки на локално ниво. Причините за неповолната состојба со граѓанското учество, поточно за слабиот интензитет на граѓанската партиципација во политичките процеси на донесувањето одлуки на локално ниво во досегашниот период во нашава држава, лежат во следново:

**1.** ***Во досегашното постоење на тесни надлежности, надлежности неимплементирани во практиката и рестриктивно финансирање на општините;***

**2.** ***Поради немањето добра волја и недоволна организираност на локалните општински органи да ги инкорпорираат граѓаните во одвивањето на политичките и други процеси на локално ниво*** (вклучувањето на граѓаните во работата на комисиите и во работните тела на советите на општините е оневозможено со измените и дополнувањата од 2002 година, поточно со членот 32 од Законот за локалната самоуправа. Исто така, поради непрецизноста на одредбите од Законот за јавните претпријатија, Законот за основно и средно образование и др., а пред сѐ поради нивната послободна интерпретација, не ретко во Република Македонија станува практика претставниците на политичките партии застапени во советот на општината (советниците) поради теснопартиските а пред сѐ лични интереси, самите да се предложат за членови на управните одбори, со што во голема мера се стеснува можноста за делегирање и за учество на граѓаните во управувањето и во раководењето со овие локални институции);



**3.** ***Слабата информираност на граѓаните за состојбите и за законските и други можности на локално ниво*** (формите на непосредната демократија во последниве десет години од плуралистичкото живеење во нашата држава се слабо, односно речиси воопшто и не се користени);

**4.** ***Поради недостигот на партиципативна (активистичка) политичка култура, имаме недоволна акционост на граѓаните***;

**5.** ***Малата ефикасност на општинските органи и тела.***

Сето претходно кажано неминовно води до констатацијата дека со ваквиот однос и начин на дејствување на граѓаните им е дадена можност на локалните органи да не дејствуваат доволно одговорно и професионално и како такви да бидат негативен фактор на дејствување во функционирањето на системот на локалната самоуправа.

Зајакнувањето на односите со граѓаните е солидна инвестиција за подобро креирање на политиката и претставува основен елемент на добро владеење. Тоа овозможува власта да дојде до нови извори на идеи, релевантни за креирањето на политиката, како и до извори на информации и ресурси потребни за донесување одлуки како на локално така и на повисоко ниво. Ваквите зајакнати односи неминовно придонесуваат за градење доверба на граѓаните кон локалната или повисоката власт, за зголемување на квалитетот на демократијата и за зајакнување на граѓанската моќ.

# ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊА

ДН-28.05.2004

Со неодамнешните измени и дополнувања на Законот за локални избори за застапеноста на жените во добитниот дел од листите за градоначалници и советници од најмалку 30%, некако останаа во сенка останатите измени и дополнувања. Секако дека многу важна и позитивна придобивка е намалувањето на потребниот цензус за избор на градоначалник. Не знам зошто моите некогашни сопартијци на нож ја пречекаа оваа неминовност и неопходноста за измена и дополнување на постојното законско решение, кое за мене исто така не беше добро поради високиот цензус од 50%. Со измената се напушти досегашното законско решение и отсега во првиот изборен круг за градоначалник ќе биде избран кандидатот што ќе добие мнозинство гласови од избирачите, под услов тој цензус да биде најмалку една третина од вкупното избирачко тело на општината. Ако во првиот круг никој од кандидатите не го добие потребното мнозинство, во вториот круг градоначалникот ќе се избира од двајцата првопласирани кандидати кои освоиле најмногу гласови. Едноставна и многу убава практична придобивка. Статистичките показатели јасно зборуваат дека цензусот од 33% навистина не е мал. На прсти може да се избројат случаите кога од предложените кандидати за градоначалници според досегашното законско решение, во првиот круг некој добил повеќе гласови од овој процент. Па оттука не држи споредбата дека ќе се работи за маалски градоначалници. Според мое длабоко убедување, кажаново од собраниската говорница од страна на неколкумина опозициони пратеници е кажано колку само нешто да се каже, колку само да се биде против и нема никаква врска со аналитичка и научна основа.

Од ова практично решение, корист нема да има СДСМ а ниту штета ВМРО-ДПМНЕ. Придобивката е на страната на граѓаните и на државата. Едните со можноста да го изберат



својот градоначалник без потребното малтретирање за излегување во вториот круг, а корист на државата ќе се види преку заштеда на поголеми финансиски средства. Опасноста од изборната манипулација во корист на СДСМ, пратениците од опозицијата треба да ја бараат и да нè штитат сите нас и државата при претстојното скоро донесување на Законот за територијална организација на локалната самоуправа во Република Македонија, односно при претстојното политичкото кроење на територијалната карта на нашата држава од страна на СДСМ и ДУИ.

Кога веќе почнаа да се носат законите од оваа област и да се прават измени и дополнувања на постојните закони, во неможност на друг начин, слободен сум преку овој весник да го изнесам својот став и да им укажам на Министерството за правда и на пратениците во Собранието на РМ, на потребата од намалување на потребниот цензус за поведување на трите форми на непосредната демократија (референдум, граѓанска иницијатива и собир на граѓаните), содржани во Глава IV од Законот за локалната самоуправа. Овој предлог има за цел да ги направи полесно применливи и спроведливи од страна на граѓаните. Имено, итно е потребно донесување на нов закон за референдум, за граѓанска иницијатива и за собир на граѓаните, како и за намалување на законскиот цензус кој треба да биде исполнет од страна на граѓаните за да можат да го остварат правото на непосредно донесување одлуки.

Со постојниот закон од 1998 година, реализирањето на прашањето на референдум и граѓанска иницијатива е разработено на национално ниво и се однесува на усвојување одлука на Собранието за промена на границите, за стапување или истапување во сојуз со други заедници или држави, за донесување закони и други прашања од надлежност на Собранието на РМ, за поднесување предлог за измена на Уставот на РМ итн. Како референдумот, собирот на граѓаните и граѓанската иницијатива ќе се спроведуваат на локално ниво, е регулирано со Законот за локалната самоуправа, и тоа само начелно, зашто

останатото е оставено да се реши со статутите на единиците на локалната самоуправа, што секако не е добро решение.

Бидејќи постои опасност од различно регулирање на постапката за спроведување на овие инструменти од страна на органите на локалните самоуправи, неопходна е потребата сите овие три инструменти кои им стојат на располагање на граѓаните да бидат детално обработени, односно регулирани со еден посебен закон. Проучувањето и истражувањето на формите на непосредната демократија покажаа дека цензусот од 10% за граѓанската иницијатива и за собирот на граѓаните и 20% за референдум (членовите од 25 до 30 од Законот за локалната самоуправа) е доста висок и како таков граѓаните не можат да го достигнат за да поведат определено прашање или иницијатива на локално ниво. Па оттука од 1991 па до пред крајот на 2003 година во нашава држава се спроведени само два референдума и една-две граѓански иницијативи. Тука секако не ги сметам оние референдуми кои се спроведоа како резлутат на несогласување со предложената територијална реорганизација на почетокот од 2004 година.

Со оглед на фактот што во најголемиот број земји овој цензус се движи околу 5%, на мислење сум таков да се примени и кај нас за собирот на граѓаните и за граѓанската иницијатива, а за барањето за распишување референдум тој да се сведе на 10% од вкупниот број избирачи во една општина. Исто така, во случај референдумот да биде спроведен, тогаш тој да биде успешен доколку на гласање излезат повеќе од 30% од вкупниот број носители на избирачкото право во општината, а притоа позитивно да се изјаснат повеќе од половината од излезените гласачи.

Со овие мали и козметички измени и дополнувања, на пат сме да решиме големи проблеми на граѓаните, да им кажеме дека во иднина од нивната акционост зависат многу работи, а истовремено ги зацврстуваме демократијата и вербата на граѓаните во институциите на системот.

## ПОЛИТИЧКА КУЛТУРА

ВР-06.05.2004

Поимот политичка култура, што претставува вкупност на политичките постапки на поединците, на групите и на народите, отсекогаш влијаел врз проучувањето на политичките појави и процеси. Овие постапки се толкуваат како „дух на законот“, „дух на народот“, национален карактер и слично. Политичката култура ја сочинуваат мрежа ориентации според политичкиот систем и политичкото однесување на припадниците на тој политички систем. Што значи дека не ја сочинуваат случајни собири на ориентации, ставови и вредности, туку трајни обрасци кои меѓусебно се усогласуваат и се поддржуваат. Политичката култура му дава на човекот раководни принципи за неговото политичко поведение. Таа се стекнува, се пренесува од една на друга генерација, се менува во согласност со промените на социо-политичките околности. Иако секоја генерација и поединци со посредство на процесот за политичка социјализација различно ја прифаќаат политичката култура и со тоа ја менуваат во некои периоди, сепак најбитно од сè е што политичката култура ги задржува својата трајност и влијанието на политичкиот живот. Токму затоа таа е во тесна врска со развитокот на едно општество и е резултанта на тој развој.

Постојат разни класификации на политичката култура. Во поглед на односот спрема политичкиот систем, во науката се прави разлика меѓу три типа политичка ориентација, односно три идеални типа култура: парохијална – каде што приврзаноста и лојалноста на граѓаните кон политичкиот систем повеќе се засновани врз афективните ставови отколку врз информативните содржини; поданичка – во која луѓето се свесни за значењето во политичкиот систем и за влијанието на донесените одлуки во него врз сопствениот живот и судбина, но не се свесни за потребата и важноста на личното учество во донесувањето на одлуките; и партиципативна (активистичка)

политичка култура, во која поединците учествуваат во политичкиот живот и во процесот на носење на политички одлуки, односно каде што постои развиена свест за можностите и за каналите па пат на кои се обезбедува влијанието на општеството врз политичката власт.

Една друга поделба поаѓа од сфаќањето дека типот на политичката култура зависи од карактерот на политичкиот режим, па така се разликуваат: тоталитарна, авторитарна и демократска политичка култура, како и редица други преодни типови политичка култура. Во оваа пригода само неколку збора за демократската политичка култура. Кај овој тип политичка култура кај граѓаните доминираат отвореноста, активноста, приврзаноста кон законите, чувството на одговорност, власта се прифаќа како неопходен фактор за интеграција на општеството, а од особена важност се граѓанските права и личните слободи. Од власта се бара не само нив да не ги нарушува туку, доколку за тоа се појави неопходна потреба, и да ги заштитува. Кај овој вид култура особено значење имаат факторите на политичко учество, слободните избори, толеранцијата и друго.

Досегашните истражувања за постоењето и за видот на политичката култура на граѓаните во Република Македонија укажуваат на декларативна вклученост на граѓаните во политичкото живеење. Генералните сознанија говорат дека политичката култура на нашите граѓани е недооформена и дека се чувствува недостиг на партиципативна (активистичка) политичка култура поради слабото користење на отворените канали за политичко учество на масите во системот. Според мое длабоко убедување, политичката култура на граѓаните во Република Македонија е демократска, но сепак е најблиска до поданичката политичка култура.

Но, дали неодамна завршените предвремени перетседателски избори не покажаа нешто друго? Секако да! Големиот процент неизлезени гласачи во вториот круг, според позицијата 46,61%, а според опозицијата 51,15%, јасно говори дека на ова поле се случува нешто. И покрај досега невидената кампања за мотивирање на граѓаните да излезат на избори, речиси половината од избирачите запишани во избирачкиот список јасно им дадоа до знаење на политичарите дека граѓаните не се аморфна маса, не се тесто за месење и дека не мора секогаш да избираат меѓу две зла. Идниот претседател мора да знае дека овие кои размислуваа со своја глава не се поразени, туку дека свеста и нивната политичка култура, за разлика од онаа на неговите партиските војници, е на повисоко ниво. Прашање е на ден кога во нашата држава наместо за поданичка ќе говориме за постоење на партиципативна (активистичка) политичка култура.

## ГРАДОНАЧАЛНИК

СТ-18.06.2004

До одржување на локалните избори, односно до претстојните избори за градоначалници и за членови на советите на општините во Република Македонија, останувaат нешто повеќе од 120 дена. Партиските кујни, испитувајќи го јавното мислење и мислењето на своето членство, веќе започнаа со пуштањето на пробните балони околу потенцијалните кандидати. Сакале да признаеме или не, најинтересен ќе биде изборот на кандидати во големите градови, од кои секако дека предност има главниот град Скопје. И покрај шпекулациите што деновиве се појавија од кујната на социјалдемократската машинерија околу недавањето поддршка на третата по ред кандидатура на либерал-демократот Ристо Пенов, сто и два отсто сум сигурен (како што ќе рече Амди Бајрам) дека неа ќе ја добие многу лесно. Таков луксуз не би си направила една голема партија која на парламентарно ниво во оваа ситуација е зависна од поддршката на либералдемократите. Оваа шпекулација повеќе ми прилегаше како предупредување до либерал-демократите што може да ги снајде доколку се обидат да бранувaат, или да го кренат својот глас во коалицијата. Впрочем, доколку и се случи такво нешто (мислам на бранувањето), тогаш последиците можат да бидат и гаснење на ЛДП, од причина што се работи за исти идеолошки определени лица распределени во две партиски структури и кои го негуваат односот на татко и син или, ако милувате, односот на мајка и ќерка.

Ако веќе е сигурно дека Ристо Пенов ќе биде кандидат на коалицијата „ЗА", се поставува прашањето: Со кој кандидат треба да излезат ВМРО-ДПМНЕ и Третиот пат и кој е тој што би бил сериозен конкурент на Пенов? Може ли конечно некој да го победи, со оглед на неговиот најслаб рејтинг откако е на оваа функција, а кој и понатаму ќе паѓа како што се наближуваат локалните избори?

Одговорот ќе стане многу јасен по оваа мала анализа.

Имено, ВМРО-ДПМНЕ, во текот на овие четиринаесет години, освен Претседател на Собранието на Град Скопје и Претседавач на Советот, немала свој градоначалник. Секогаш како партија поддржувала некој друг. Со оглед на сегашниве случувања во Партијата, секако дека времето до започнувањето на локалните избори е премногу кратко за да може да ги консолидира своите редови. Опасноста е уште поголема што страната којашто ќе загуби (во овој случај тајфата на Никола Груевски), ќе се обиде да ја искомплицира целата ситуација и да го отежне идното брзо санирање на последиците од целата оваа трагикомедија, водејќи судски спор пред надлежните судови. Сакало или несакало, новото раководство на ВМРО-ДПМНЕ, на чело со Георгиевски, не ќе може да постигне максимална поддршка од страна на своето членство и на симпатизерите, па оттаму излегувањето со свој кандидат и надевањето за победа при изборот на градоначалник за Скопје е чиста илузија. Секако дека раководството не би смеело повторно да направи дилетантски чекори и политичко самоубиство како претходното, со кандидирањето на Кедев.

Ако ова е една стопостотно реално отсликана состојба, останува најповолната варијанта – да се поддржи друг кандидат и да се оди со своја листа на кандидати за советници во Советот на Град Скопје.

Сигурно дека најидеалното решение би било поддршка на Љупчо Николовски-Фуфо за кандидат за градоначалник на Скопје, кој некако сè уште срамежливо ја најавува својата кандидатура. Оваа поддршка би морала да биде политички сериозна, вистинска, јавна и недвосмислена, за разлика од онаа од 1996 година, кога определен дел од раководството на ВМРО-ДПМНЕ пред очи му удираше четки.

Некој можеби и ќе рече: па Пенов двапати го има победено! Што би барал Фуфо по третпат? Да, но со добра програма и предизборна кампања, со поддршка од голема политичка партија, трета и сигурна среќа!

Сигурно дека читателите-граѓани и членовите на ВМРО-ДПМНЕ ќе сакаат да ги слушнат аргументите за победата, како и сатисфакцијата на Партијата за поддршката на овој независен кандидат!?.

Како што реков малку погоре, рејтингот на Пенов меѓу граѓаните на Скопје досега е најмал, а ќе паѓа и понатаму, со оглед на нереализираните ветувања од 2000 година. Понатаму, граѓаните секако дека му ја паметат неговата политичка превртливост – еднаш со ВМРО-ДПМНЕ во 1996 година, вторпат со СДСМ во 2000 година. Партиската комбинаторика за елиминација на најблиските свои соработници и луѓето кои го создадоа. Сите сме сведоци дека уште не почнал да реди павер елементи во воздух, Камениот мост не го направи за осум години, го зголеми хаосот во сообраќајот до ниво на неподносливост, ги уништи зелените површини повторно со неговите урбан коцки. Заради дневно-политички цели и маркетинг, започува проекти за кои знае дека нема да ги заврши за време на својот мандат (на пример, спортската сала), не ги реализира одлуките на Советот, нетранспарентно работи со финансиските средства на граѓаните, го погази ветувањето за финансиски отчет пред граѓаните, сè уште незавршениот процес што го води Антикорупциската комисија против него и уште многу други слабости кои тешко може некој да ги голтне по трет пат.

Сатисфакција за ВМРО-ДПМНЕ би била гласачите и симпатизерите на Фуфо да го дадат својот глас за листата на ВМРО-ДПМНЕ, која во овој случај би го имала мнозинството во Советот на Градот Скопје, а секако и неговиот претседавач; по победата, директорите на скопските јавни претпријатија да ѝ припаднат на Партијата што го поддржува, замениците да бидат резервирани за стручните луѓе од неговиот изборен штаб, а претседателите и членовите на управните одбори во јавните претпријатија да се поделат на еден фер однос 50–50%. Со еден ваков фер и коректен договор загарантирана е чиста победа за градоначалник на Скопје. Тука сигурно би ја споменал и поддршката од страна на симпатизерите на Фуфо, во сите скопски општини на кандидатите за градоначалници предложени од страна на ВМРО-ДПМНЕ.



Ако веќе ги кажав партиските и личните интереси на кандидатот за градоначалник, редно е да кажам што би добиле и скопјани со овој избор: најнапред бледилото, флегматичноста, нетранспарентноста и бирократизмот на Пенов ќе бидат заменети со акционост, иницијативност и отвореност спрема граѓаните; реализација на зацртаните и ветени проекти во текот на кампањата; максимална контрола од страна на Советот врз градоначалникот, за разлика од сегашната обратна поставеност на работите; замена на сегашните изморени и неинвентивни директори на јавните претпријатија (кои пред сè се партиски послушници и фотелјаши) со перспективни и докажани менаџери со светско искуство; и секако најбитното – дека градот ќе има шанса да добие нов имиџ со сите карактеристики на светска метропола. Доколку и „Третиот пат“ недвосмислено ја даде својата поддршка за независниот кандидат, секако наоѓајќи го својот интерес и интересот на граѓаните на Скопје, победата е загарантирана веќе во првиот круг. При една ваква ситуација, баластот наречен Пенов ќе биде минато.

## КОНГРЕС

ДН-21.06.2004

Случувањата во најголемата опозициона партија ВМРО-ДПМНЕ веќе петта недела не престануваат да ја преокупираат домашната и меѓународната јавност на привремен престој во нашава држава. Од друга страна, исто така овие непријатни случувања не престануваат да нѐ мотивираат нас, бившо-сегашните нејзини членови, конечно да дадеме свој придонес во расчистувањето на какафонијата што ни ја создадоа новодојденците и инстант-политичарите кои најдоа плодна почва за експериментирање токму во ВМРО-ДПМНЕ.

Неодамнешната прослава на четиринаесетгодишнината од формирањето на ВМРО-ДПМНЕ конечно во мене ги разби сите идеали дека политиката мора да биде чесна работа, дека во политиката мора да има етика, како и мојата желба конечно за неа да не се зборува како за „курва“. Но, очигледно заблудата кај мене траела многу време и заслепен од своето тврдоглаво уверување за правилно насочување на нештата не сум сакал да ја согледам вистинската слика за политиката која се води кај нас, како и за политичарите кои ја креираат и водат неа. Постарите не џабе рекле: Какви политичари – таква политика.

Кај кој човек нема да се урнат идеалите кога со свои очи ќе види дека довчерашните непомирливи до смрт политички непријатели се прегрнуваат, се бакнуваат, си шепкаат нежно на уво. Како човек да не се разочара од нив кога ги гледа како се поздравуваат и гледајќи се очи в очи си прават еден на друг лицемерие и притоа се обидуваат да изглумат дека си веруваат еден на друг, сè со цел некој нареден ден да си обезбедат место во евентуалната ново-стара политичка раководна гарнитура и по можност да соберат некој глас во јавноста претставувајќи се како душегрижници, помирители и спасителии на партијата. Јавно го поставувам прашањето до сите психијатри, психолози



и други стручни луѓе од психологијата: Дали нормален човек може да си дозволи постојано да се поклонува и да му се вовлекува на друг човек кој претходно ве исфрлил од определено место како стара мивка? Дали тој може да биде нормален ако од претходно посочениот бил омаловажуван и деградиран во јавноста, ако бил исплукан како мастика за џвакање од устата откако ќе биде излижан шеќерот? Дали човек може да биде нормален ако си дозволи некој повеќе од дванаесет месеци да ве влече за нос цело време, да игра со вас топло-ладно, да ве држи на стенд-бај, а вие упорно да се надевате дека сепак ќе ве проигра барем и во резервната екипа!?

Да, токму тоа ни се случи и токму такви луѓе видовме на малата прослава организирана од Груевски по повод годишнината на Партијата во Музејот на Република Македонија сместен на локалитетот Кале. Со оглед на тоа кои сè присуствуваа, со право се согласувам со многумина гласноговорници дека токму и таму на истите тие персони им беше местото. Во музеј. Во историјата.

Ова само како вовед, но да се навратам на актуелните партиски случувања. Грешката во чекори што ја направи Георгиевски на почетокот ќе ја забави целокупната работа околу заминувањето на Груевски и одржувањето на вонредниот Конгрес. Ако во близината на Георгиевски во тој момент немаше кој да му каже за нелегитимниот Централен комитет на ВМРО-ДПМНЕ, тогаш мораше да ги праша оние кои малку повеќе знаат, а кои во тој момент не беа или не се во негова близина. Обраќајќи се до Централниот комитет со барањето за разрешување на потпретседателката Ганка Самоилова Цветановска, почесниот претседател Георгиевски несвесно му го призна нелегитимитетот на овој партиски орган. Токму ова сега претставува камен на сопнување околу кој ќе се кршат копјата и ќе се водат идните судски спорови.

Зошто нелегитимен Централен комитет? Имено, по завршувањето на минтогодишниот Конгрес на Партијата, без никаква причина престана мандатот на членовите на прет-

ходниот состав на Централниот комитет иако никаде, со ниту еден партиски акт, не е предвидено распуштање на овој највисок партиски орган меѓу два конгреса. Наместо поранешните членови кои беа избрани на редовни внатрепартиски избори, во Централниот комитет дојдоа поблиски и подалечни роднини на лидерот и на најблиското партиско раководство, нивни пријатели и бивши соработници кои до вчера бегаа од ВМРО-ДПМНЕ како ѓавол од темјан. Новото „демократско" раководство исклучиво по роднинска и пријателска линија јавно, преку договорени конкурси, ги избра своите соработници, кои понатаму сами си го верификуваа својот мандат за членови на Централниот комитет. Оттука и нелегитимноста, бидејќи изборот на членовите не се изврши со распишување на внатрепартиски избори, туку тие беа назначени со решение на претседателот, притоа без да знае базата што се случува. На ваков начин новото раководство ги погази основните принципи на партиската демократија, кое за жал демократијата ја сфаќа само како право на лидерот да назначува и да разрешува членови на највисокиот партиски орган помеѓу два конгреса. Впрочем, за волја на вистината, не е толку далеку времето кога и Доста Димовска го правеше истото.

Но грешката во чекори е направена и основното прашање е: Како понатаму? Мора да се признае дека одговорот и решението по ваквата катастофална грешка не се едноставни. Груевски и понатаму како слеп за стап, како давеник за сламка, ќе се држи и ќе се повикува на правната форма која во случајов е неправна.

Што треба да направи Георгиевски?

Најнапред (колку и да е ризично и болно во оваа ситуација, но сигурен сум дека ќе биде продуктивно и стимулирачко за сите постари членови на Партијата), тој ќе мора да се ослободи од двојните и неспособни играчи во своето најблиско опкружување. Да се ослободи од оние кои до вчера коленичеа и се колнеа во Груевски како господ, од оние кои ги растурија општинските комитети на Партијата насекаде во државата, од



оние кои помагаа да се изберат новите нелегитимни членови на Централниот комитет притоа вршејќи нивно интервјуирање и инструирање за понатамошно дејствување. Колку овие потези во овој момент да изгледаат непрагматични, сепак тие се единствените што ќе придонесат да се отстрани метастазираното тело на Партијата заради нејзината иднина.

Бидејќи станува сѐ поизвесно дека и покрај речиси стопроцентната поддршка на многуилјадното членство и написмено изразената желба на општинските комитети и делегатите за свикување конгрес, Груевски нема да го стори тоа. Следниот чекор е свикување и одржување конгрес без негово присуство. Ако на сите ни се познати претстојните конгресни одлуки, тогаш останува нејасно до каде ќе оди тврдоглавоста, инаетот и желбата за владеење на малиот властодржец. Најверојатно по добивањето на шут-картата во еден правец некогашниот надежен статист Груевски вториот чин на трагикомедијата ќе го игра (статира) по судските ходници, доколку во меѓувреме не се освести и не се повлече за доброто на Партијата. Се разбира, доколку ѝ мисли добро.

На, само еден час по одржувањето на конгресот ќе можеме да ги видиме нововмровците и изветвените „стари" кадри од таборот на Груевски како го напуштаат својот „капетан Кука". Ќе видиме како овие лица прилегаат на глувци кои се спасуваат кога потонува бродот и брзаат да се префрлаат на другиот брод кој продолжува понатаму. Нема причина да не верувам дека Груевски во тој момент, па и во иднина, нема да ги повторува (барем не јавно) зборовите на својот постар сограѓанин од Штип, ако не и политички ментор: „Не оставајте ме сам" или „Зошто ме оставивте сам". Но, премногу доцна. Тој мораше како надежен (но прерано исфорсиран) политичар да знае: Таму каде што се наоѓа младината – таму се силата и прогресот.

И, на крајот, за оние со кои и го почнав ова мое видување. Толку колку што можеа – и повеќе направија. Благодарност до сите нив, но местото навистина веќе подолго време им е во музејот и во историјата.

# ГРАДОНАЧАЛНИЦИ ПО ПАРТИСКИ ИЗБОР

ДН-03.07.2004

Деновиве со големо изненадување и чудење ги следам обидите на партиите од власта да одглумат излез од божемниот ќор-сокак во кој влегоа со предлогот за донесување на Законот за територијалната организација на општините во нашата држава. Лично сметав дека ќе надвладеат разумот и чувството за државност на СДСМ и ЛДП, дека ќе го послушаат гласот на народот кој во повеќе од 40 постојни општини им кажа „НЕ“ на политичко-етничкото прекројување на постојните општински граници. Дека претходно договорената етничко-политичка поделба мора да се заврши така како што е договорено, односно дека е најден излез од фингираното несогласување, укажа и премиерот Костов во завчерашната изјава со која јасно им порача на граѓаните Македонци да не се фрустрираат од она што е договорено и што мора да биде. Станува очигледно дека ќе биде по народната „Кучињата си лаат, а карванот си врви“.

Дека на глупостите и на анационалната политика на СДСМ и ЛДП им нема крај, укажуваат јасно искажаните симпатии кон предлогот на ДПА за измена на Законот за локалните избори (кој беше изменет и дополнет пред неполн еден месец), со кој градоначалникот треба да го избере Советот на општината, а не граѓаните на непосредни избори. Вакво волунтаристичко политичко однесување не сум можел да сонувам ни на сон. Но, со СДСМ–ЛДП–ДУИ и сè е можно. Генсекот Ќурчиев кој ги искажа симпатиите (лични) кон предлогот, како да заборави дека таквиот начин функционираше до 1996 година, а „позитивните ефекти“ од таквиот начин на сите ни се познати.

Должен сум, како граѓанин, а потоа и како човек кој докторираше на тема „Учество на граѓаните во политичките процеси на одлучување на локално ниво во Република Македонија“, значи од областа на локалната самоуправа, да им укажам на господата од коалицијата дека законите не се за дневно-политичка употреба, дека системот на локалната самоуправа се гради долго со цврсти законски решенија и со него не се прават експерименти. Не може она што се напушта во други земји ние да ги применуваме. Ќе наведам само неколку примери како градоначалниците се бираат во други земји.

Во Велика Британија од октомври 2000 година се напушта долгогодишната традиција за избор на првиот човек на извршната власт од редот на советниците, кој патем се нарекувал градоначалник, лорд градоначалник, во Шкотска конвенор, лорд провост или дистрикт провост, и кој бил прв меѓу еднаквите, со исклучок на градоначалникот на Лондон. Со воведување на реформите од 2000 година, со Законот им е дадена можност на граѓаните *директно* да го изберат градоначалникот, или него да го бира Советот (собранието). На граѓаните, односно на општините, им се понудени три решенија:

1. директно избран градоначалник и кабинет, што тој го избира од составот на Советот,
2. кабинет со лидер е опција во која Советот го избира градоначалникот (во овој случај лидер), но тука имаме две подваријанти: во првата кабинетот може да избере лидер од составот на Советот, а во втората подваријатна кабинетот го избира лидерот од својот состав, и
3. директно избран градоначалник и менаџер е опција во која градоначалникот се избира на непосредни избори, а на менаџерот кој се назначува се пренесува стратешкото креирање на извршната политика и донесувањето одлуки.

Начинот на воведување на овие модели, обврзува на граѓаните да им се понуди алтернатива. Со помош на референдум, *граѓаните се тие кои донесуваат одлука за моделот на изборот на градоначалникот, а не централната власт.*

Непосреден избор на градоначалник се врши во Нов Зеланд, а со најновата реформа на локалната власт ваква можност им е дадена на граѓаните на општините во поголем број држави во Австралија. Извршни органи во САД се непосредно избраните градоначалници, *комисион* кој ја обединува претставничката и извршната власт, и *менаџер* како професионалец во локалната власт. Во Германија *градоначалниците* се избираат на непосреден начин, а *магистратите* ги избира собранието. Во Бугарија *кметот* го избираат, на непосреден начин, граѓаните на општината. Во Словенија *жупанот* е тој кој ја претставува и ја застапува општината и се избира на непосредни избори со тајно гласање и со мандат од четири години. Од 1994 година, градоначалниците на сите локални единици во Унгарија се бираат на непосредни избори. Во Албанија од 1992 година *градоначалниците и претседателите на комуните* се избираат на непосреден начин, а ваквиот непосреден избор се врши и во соседна Грција, во Турција, и во многу други земји кои сè повеќе го воведуваат непосредниот избор на градоначалник. Еден од исклучоците, воедно и специфичност, е Холандија, каде што градоначалникот за време од шест години го поставува Круната (кралицата) и кој мора да се однесува непартиски.

Ова, колку за мало потестување, од причина што со ваквите сериозни работи во нашава држава се занимаваат и за нив донесуваат одлуки аналфабети и партиски војници.

Дали со оглед на воспоставениот (сегашен избор) на советници во општините по пропорционалниот систем, идниот градоначалник од тие редови, или првиот меѓу еднаквите, ќе има доволна моќ да им се противстави на тесно-партиските интереси? Дали ќе може да чувствува слобода и креативност во дејствувањето, наспроти секојдневната несигурност и можност за сменување на секоја наредна седница? Зошто некој се плаши од незвисните кандидати? Дали наместо градоначалник на граѓаните, не ќе имаме градоначалник на партијата кој има мнозинство во Советот, и уште многу други дали, дали...?



Господата од позицијата за овие две години, со нивните експерименти на полето на економијата, нè осиромашија, нè доведоа до прагот на егзистенцијата, а не му се гледа крајот ниту на сè поголемиот пад на индустриското производство. За жал, и локалната самоуправа станува ново поле за задоволување на партиските желби и место за расчистување на политичко-партиските пазарења. Процесот на децентрализација не треба да претставува обид за разнебитување на државата, обид за нови и нови експерименти врз грбот и на штета на граѓаните. Децентрализацијата треба да придонесе за институционално и финансиско јакнење на локалната самоуправа, да воспостави партнерски односи со централната власт, да ги зголеми ефикасноста и квалитетот на услугите на општината, да овозможи зголемено учество на граѓаните во одвивањето на политичките и други процеси на локално ниво. Со ваквиот неодговорен начин на дејствување се разградува и онака сè уште недоизградениот систем на локалната самоуправа.

Што е многу, многу е!

# ДЕЦЕНТРАЛИЗАЦИЈАТА – ЕКСПЕРИМЕНТ И ХАОС

ДН-15.07.2005

Изминативе две недели централна политичка тема секако дека беше започнувањето на процесот на децентрализација. По поминати само петнаесетина дена, излегоа на виделина неподготвеноста и незнаењето на владата на Бучковски сериозно да се зафати и докрај да го спроведе овој процес. Целокупната македонска јавност стана сведок на декларативната, а повеќе вербална заложба за овој процес, како и на програмираниот, или, ако сакате контролираниот хаос, кој свесно го создаде таа. На само неколку дена по први јули, кога и официјално започна овој процес, јавноста го загуби интересот за него и беше јасно дека во догледно време од овој процес ќе нема ништо. Стана уште поочигледно дека на и без тоа неподготвената локална самоуправа и ова лето и есен ќе ѝ бидат врзани рацете. Исто така, стана јасно дека штетата што Владата на Глигорие Гоговски ја направи кон крајот на 1990/1991 година со одземањето на надлежностите на општините (а која сите влади досега не успеаја да ја санираат), со ваков пристап кон децентрализацијата од страна на денешната влада, ќе ја трпиме уште доста долго време.

Дека се работи повеќе за декларативен и недокрај осмислен процес, нека послужат следниве факти: на пример, во делот на урбанизмот општините иако ќе можат да планираат, да издаваат дозволи за градење, да вршат надзор над изградбата и др., го немаат она суштинското – а тоа е неможноста да стопанисуваат со градежното земјиште. Јасно се поставува прашањето: ако го немаат тоа право, дали градоначалниците ќе можат да привлечат инвеститори во својата општина, дали ќе можат да ја ублажат невработеноста, односно дали ќе имаме локален економски развој. Секако – не. Со изворните приходи на општината (данокот на имот, дел од персоналниот данок и делот од ДДВ – 3%), недвосмислено сум убеден дека ќе функционира само администрацијата во самата општина и повторно ќе ја немаме развојната компоненета. Во делот на образованието имаме уште поголем апсурд. Се пренесе надлежноста над основните и над средните училишта на општините, меѓутоа средствата за нивно тековно и инвестициско одржување останаа во Министерството. Вакви и слични апсурди можам да набројам уште многу, но со оглед на стеснетиот простор, ќе наведам само уште неколку. Паралелно со овој процес тече и трансферот на вработените кои треба да преминат од министерствата во општините. Многу е реална опасноста општините, односно локалната власт, да добијат лица кои ниту по бројот, ниту според квалификациите нема да одговараат на нивните потреби, од причина што во најголемиот број случаи вработените се префрлаат по партиска припадност, по име и презиме, по критериумот подобен–неподобен, ми се допаѓа–не ми се допаѓа, а притоа да не се води сметка за реалните потреби на локалната власт. Уште е поголем апсурдот што најголем дел од општините своите систематизации ќе мора да ги прават според профилот на луѓето коишто ќе им бидат доделени, а не според потребата тие да бидат предуслов за успешна организација и реализација на надлежностите.

Проблемот со новата територијална организација е посебен случај, и она на што ние неколкумина експерти за локална самоуправа го укажуваме, сега дојде до израз. Околу четириесетина општини кои згаснаа, со новата територијална поделба сега се составен дел на новите општини. Покрај со претходно наведените проблеми, општините-нивни наследнички се соочуваат и со прашањето: Што со вработените во општините кои сега не постојат, како и со финансиските долговите што им ги оставија поранешните градоначалници? Сега засега ниту ресорното министерство, ниту владата, сериозно не се зафатиле со овој проблем. Исто така и новоформираните општини, и по поминати повеќе од три и пол месеци, го немаат решено прашањето со простории, па оттука и реалната неможност за

нормално функционирање. Посебно во Градот Скопје, тоа е случај со Општината Бутел.

На крајот, би сакал да ги постетам надлежните дека онаму каде што децентрализацијата ефективно функционира, таа помага во: ублажувањето на пречките во одлучувањето кои често се предизвикани од планирањето и контролата на битните економски и социјални дејности од страна на државата; поедноставувањето и намалувањето на комплексните бирократски процедури и во зголемувањето на чувствителноста на политичките функционери за локалните потреби на граѓаните; остварувањето поголеми можности за учество на граѓаните во процесот на донесувањето одлуки; зголемувањето на политичката стабилност преку овозможување на граѓаните да имаат подобра контрола врз јавните програми на локално ниво, создавање можности за насочување на локалните власти кон покреативни, иновативни и соодветни програми преку локално експериментирање и др. Исто така, би морале да знаете дека децентрализацијата не може да биде ефикасна кога не постои политичка добра волја и сфаќање дека некој некому му дава нешто; таа не стандардизирана и рутинска операција за која е доволно само нешто да се стави на хартија, таа мора да обезбеди широк опфат на надлежностите за локалните власти, како и доволно средства за вршење на надлежностите.

Од оние коишто го читаат текстов не би сакал да бидам сфатен како нихилист, но ова се само дел од многубројните проблеми со кои се соочуваат локалните власти во нашава држава, а за кои оваа власт (освен пред странците и пред телевизиските камери), во практиката не прави ништо за да ги разреши. Се плашам дека и овој процес е уште еден експеримент во кој теснопартиските интереси и комбинаторки ќе дојдат во преден план.

## ПОДЕЛБА НА ДРЖАВАТА

ДН-17.07.2004

Оние кои ги следат случувањата на политичката сцена во Република Македонија, ќе се сетат дека уште пред потпишувањето на Рамковниот договор јас и моите тогашни сопартијци јасно укажавме дека договорот претставува преседан во меѓународното право и во конституционалната историја на европските нации. Иако само навидум Охридскиот договор по своите цели и причини претставува мировен договор, тој во суштина е меч во рацете на раководството на социјалдемократите и на либерал-демократите за уништување на сопствениот македонскиот народ. Токму тоа уништување и поделба на територијата започнуваат деновиве, со договорот за територијално-етничката поделба на Република Македонија. Плиткоумните и анационални раководства на овие две партии дефинитивно ја исцртаа линијата на дезинтеграција, или зелената линијата на поделба, зацртана во великоалбанската кауза за голема Албанија. Она што не можеше да го освојат Албанците со воениот конфликт во 2001 година, сега го добија на послужавник од отпадниците на македонскиот народ. Ако досега државата не можеше и не сакаше да го воспостави суверенитетот во Кумановско, од левата страна на Вардар, на Скопска Црна Гора, во Тетовско, во дел од Гостиварско и Дебарско, тој сега нема да го има ниту во Кичевско, а уште помалку во Струга и Струшко, кои, доколку немате заборавено, одамна се прогласени за Република Илирида, и тоа од поранешниот заменик-министер за правда Положани.

Толкувањето на Рамковниот договор за дневно-политичка и партиска потреба, како и за опстојување на коалицијата, најнапред започна со признавање на Малоречанскиот универзитет надвор од неговите рамки. Заради вработување на што поголем број Албанци за штета на Македонците, одредбата од Рамковниот договор за правична застапеност во јав-

ната (државната) администрација и во јавните претпријатија се злоупотребува и погрешно се толкува. Сега во ист кош се ставаат судовите, фондовите, институтите, односно сè се толкува како јавна, односно државна администрација. Значи, не се важни квалитетот на услугите и стручната квалификација, компетентноста, туку битна е квотата и што е можно поголемо задоволување на барањата на коалициониот партнер.

Со самиот факт што стручните лица за проблематиката на локалната самоуправа воопшто не беа повикани за консултација, да се чуе нивното мислење, јасно зборува за несакањето при вештачката територијална поделба да се земат за основа општопризнатите критериуми насекаде во светот (бројот на населението, површината на општината, густината на населението, економската и финансиската моќ, инфраструктурните, кадровските, географските и други критериуми). Значи сè, само не етничко-политичкиот критериум, кој е непознат и неприменлив за цивилизираниот свет.

Испопрачаната сметка за поддршката на претседателските избори, желбата за владеење, непостоењето на свест и грижа за Македонците и нивното потомство, се само еден дел од причините за претстојното и нормативно регулирање на договорената политичко-етничко територијална поделба. Умоболните креатори на новата криза заборавaат дека вештачки создадената мајоризација на албанското малцинство во овие делови од Западна Македонија води кон сè поголеми преселби и бркања на Македонците, кон губење на мултиетничкиот карактер на овие територии, а токму тоа, сведоци сме дека беше повод за војните во Хрватска, во Босна и на Косово.

Сега, по усвојувањето на предлогот од страна на партиските органи и од Владата на националниот срам на Република Македонија, на ред се аминувачите наречени пратеници. Зар ќе дозволат толку лесно да ја аминуваат желбата на нивните политички елити? Ќе се најде ли маж од СДСМ и од ЛДП да каже ***не*** за продавањето и за пропаѓањето на државата? Досегашната историја и практика покажаа дека такви немало и нема да ги има во овој момент, кога треба да се спасуваат светото и националното.



На крајот, доаѓам до заклучок дека со молчењето на министерот Гештаковски, овие последни три месеци, сè беше кажано!? Не требаше човек да биде умен за да сфати дека човеков мора да работи како ќе му наредат шефовите. Дали молчењето на скопскиот градоначалник не значи компензација за безусловна поддршка од страна на Албанците при претстојните локални избори? Секако, одговорот е позитивен (можеби човеков периодот на молчењето го замени со учење на албанскиот јазик, за да може полесно да се снајде при читањето на двојазичните натписи).

Јавно ги прашувам властодршците дали мислат дека разединетата опозицијата не ќе биде во можност да го мобилизира народот? Дали поради тоа што од незнаење, а можеби и намерно, го доведоа македонскиот граѓанин до работ на егзистенција, па не ќе има кој да им се противстави? Мислам, а и сигурен сум, дека многу се излажале. Во ваква ситуација проработуваат националното и свеста за опстанокот, пред сè на националниот, а потоа и на сопствениот. Нетолерантноста на Македонците, за која пред некој ден зборуваше еден од потенцијалните социјалдемократски лидери, од народот наречен „Гаргамел“, и неговата партиска камарила за брзо време ќе ја почуствуваат на своја кожа. Правдата е достижна. Историјата забавува, ама не заборава.

# ГРАЃАНСКА НЕПОСЛУШНОСТ

ДН-24.07.2004

По сите пишувања и укажувања на научната и стручната јавност, по одржаните референдуми во четириесетината постојни општини, блокирањето на сообраќајниците, потпишувањето на Јулската декларација, како и другите мерки против начинот на кој се врши територијалната реорганизација на општинските граници, постојано растат општото незадоволство и разочарувањето кај македонскиот народ од сервилната политика на македонските партии кои учествуваат во власта.

Гледајќи ја медиумската контра-пропаганда на партиите на власт, сè повеќе сум сигурен дека тие се решени да одат со сите средства докрај, да го изгласаат она што е договорено на зелената маса, не отстапувајќи ни за јота од предлогот и не водејќи сметка за реакциите токму на оние кои ги донеле на власт. Никако не можам да ја избришам сликата на запенетата уста и ококорените очи на Б(УЧК)овски во емисијата „Чуму“, гледајќи го како од петни жили се обидува да правда нешто што не се оправдува, да брани нешто што не може да се одбрани. Сигурен сум дека ниту протесниот митинг на здружената опозиција, ниту блокирањето на Парламентот не ќе може да ги спречи партиите на власт, дефинитивно, да ја реализираат идејата за поделба на државата. Дури и единствениот спас, иницијативата за референдумско донесување одлука за територијалната поделба на Светскиот македонски конгрес, се плашам дека ќе ја снајде истата судбина како онаа на ВМРО-ДПМНЕ во 1995 година. Но, мораме да бидеме искрени и да си признаеме дека самите сме си виновни, а најмногу лидерите на опозицијата кои пет месеци наназад не сакаа да ги повикаат своето членство и народот за поддршка на оваа едниствена солуција, а сè поради незнаење и, пред сè, поради нивната суета. За жал, така е кај нас Македонците – кога ќе ни дојде јајцето на газот тогаш офкаме.



Со оглед на тоа што, вака или онака, законите ќе бидат изгласани, на сите нам ни останува единствената солуција – граѓанската непослушност. Би сакал само со неколку реченици да ѝ објаснам на пошироката јавност што во политичката теоријата се подразбира под овој поим. Со современиот политички речник, граѓанската непослушност се означува како јавно, ненасилно и свесно политичко дејствување, кое е спротивно на законот и кое, по правило, треба да придонесе да се промени или да не се донесе определен закон или да не се спроведе определена владина политика (во случајов, етничко-политичка поделба на државата). Граѓанската непослушност е коректив и средство со кои се засилува квалитетот на политичкиот систем и на демократијата воопшто. Парадоксот на граѓанската непослушност наоѓа свое решение во политичката култура што граѓаните ги дарува со политички сензибилитет, со сила на расудување и подготвеност да влезат во ризик кој е неопходно потребен, сè со цел да се разбере и да се сопре легалната повреда на легитимитетот.

Често се поставува прашањето: Мора ли и можат ли граѓаните за момент свесно да му се спротивстават на законодавецот? Одговорот на ова прашање ќе го дадам на индиректен начин: Како граѓани, пред сè, треба да бидеме луѓе, а потоа послушници. Не е пожелно да се прави култ од почитта кон законот кој е на сопствена штета.

За да биде граѓанската непослушност оправдана, мора да се исполнат определени услови. *Прво*: граѓанските протести мора да бидат насочени против добро означени случаи на нарушување на правичноста, или кон оние што ќе произведат штета во иднина; *второ*, мора да бидат исцрпени сите можности за легално дејствување и средства за вршење притисок; и *трето*, активностите преку кои се рефлектира и се изразува непослушноста не смеат да отидат дотаму за да се наруши функционалноста на уставното уредување. Како што може да се види, сè она што се побарува како предуслов за да се реализира ова демократско средство – е исполнето. Значи,

основните два услова се исполнети, а за третиот секако дека ќе внимаваме. Остануваат само готовноста и добрата волја да се започне со неа.

Граѓанската непослушност во Република Македонија треба да се изведе на тој начин што таа треба да биде масовна и да трае подолго време, за да можат да се видат нејзините ефекти. Впрочем, во нашава држава одамна постои јавна, но „тивка" граѓанска непослушност од страна на поголем дел на албанското население, посебно во чистите етнички рурални средини и која, за жал, максимално е толерирана од страна на власта, од причини што на сите ни се познати. Но, мотивите на оваа тивка непослушност се сосема други и оваа непослушност најголем дел од граѓаните ја изедначуваат со нелојалност кон државата, што во одреден сегмент е точно, но никако не смеат во целост да ги изедначуваат и мотивите.

На крајот, политичката филозофија и практика го нагласуваат големото значење на способноста на граѓаните совесно да го интерпретираат и да го јакнат јавниот моралитет. Онаму каде што постои широка и заеднички обликувана концепција на правда или исправно размислување, граѓанската непослушност е стабилизирачки и корективен фактор на системот којшто не функционира. Граѓанската непослушност е тест за демократската правна држава. На потег се граѓаните.

# ЕТНИЧКИТЕ ПРИНЦИПИ ГИ НЕМА ПО РАМКОВНИОТ ДОГОВОР

ДН-15.08.2005

Стана навистина банално постојано да се повикуваме и сите на свој начин да го толкуваме Рамковниот договор. Од друга страна, пак, сите укажувања, забелешки и предлози на научната и на стручната јавност прилегаа како предлагање на решенија до глуви и слепи и на разговор со нив. Станавме сведоци на доследното повикувањето на опозицијата на делот од Рамковниот договор насловен како „Развој на децентрализирана власт", а посебно на точката 3.2 од овој дел каде што се вели: „Ревизијата на општинските граници ќе биде спроведена од страна на локалните и националните власти, со меѓународно учество", како министерот за „албанска" локална самоуправа во Владата на Р Македонија се повикува на точката 4 од Анексот Ц, што, рака на срце, донекаде и држи (зашто така пишува), меѓутоа од авион може да се види нелогичноста, односно неусогласеноста на анексите со основниот дел од Договорот. Сите некако се свртевме кон делот кој зборува за локалната самоуправа, за процесот на децентрализација, но навистина не ми е јасно како никој досега ги нема прочитано и се нема сетено, па на дунстерите од коалицијата „ЗА" – Македонија да им ги предочи основните принципи на Рамковниот договор, каде што во точката 1.2 децидно се вели: „Не постојат територијални решенија за етничките прашања". Да, да токму така! „Не постојат територијални решенија за етничките прашања." Ако и на малите деца им е јасно дека со предложеното решение за територијалната организација на општините во Република Македонија се решава албанското етничко прашање врз територијален принцип, тогаш навистина не ми е јасно од каде таква слобода и храброст да се крши и да се пречекорува нешто што сè уште претставува ѕвезда водилка за политичките партии и за политичкиот систем на државата, односно акт од каде што

произлегоа уставните амандмани. Значи, имаме пречекорување на рамките на Договорот, или, ако сакате, негова свесна повреда од страна на СДСМ и неговите коалициони пријатели. Мора да признаеме дека ова не е првпат, таков случај имавме и со признавањето на Малоречанскиот универзитет и помина по силата на мнозинството на два прста, како што ќе помине и оваа свесна национална распродажба на делови од државата за ситни лични и партиски интереси. Впрочем, да се вратиме само неколку дена station наназад, кога Црвенковски ги испокара своите сопартијци и Премиерот зошто веднаш не признале дека при договарањето на територијалната поделба доминантен и пресуден бил етничкиот критериум. Но, истиот Црвенковски така искрен требаше да биде и пред Хавиер Солана, кога требаше да му предочи дека заради својот и интересот на неговата партија свесно го крши Рамковниот договор, а не да го кодоши својот народ дека му прави опструкција при делбата на државата.

Јавно ги прашувам анационалните кадри на коалицијата „ЗА“: Дали се сигурни дека по изгласувањето на законот за територијална организација на општините, ќе бидеме во можност да го зачуваме мултиетничкиот карактер на македонското општество токму во општините кои се предмет на спор во моментов и дали новите територијални граници нема да имаат свој негативен одраз во јавниот живот? Дали на ваков начин ќе имаме унапредување и почитување на идентитетот на заедниците и дали ваквите неприфатливи политички решенија можат да гарантираат стабилна и демократска иднина на нашата држава? На сите ни е јасно дека на ниту едно од овие прашања не може да се одговори позитивно и дека со свесното кршење на претходно посочениот основен принцип од Договорот не ќе може да се исполнат и другите зацртани основни принципи во Договорот. Па оттука и прашањето: Што ќе ни е ваков Договор кога секој може да го крши, а притоа да не одговара? И второто прашање: Која е неговата употребна вредност кога не ќе може во иднина да ги исполни своите цели и да ги почитува основните принципи?



На крајот од овој текст би сакал да ги потсетам партиите од власта дека и повикувањето на принципот на Бадентеровото мнозинство како составен дел на усвоените амандмани кои произлегоа од Договорот, се само фрлање прав в очи на Македонците. Овој принцип досега, освен за Албанците, не важи за никој друг. Тој е практично неприменлив онаму каде што Албанците се мнозинство. Како е можно Бадентеровото мнозинство досега да не се применува во Тетово, Гостивар, Дебар и во другите општини со мнозинско албанско население?. Ако досега не функционираше, како ќе функционира во иднина во Струга? Дали „чесниот“ збор на Црвенковски, Ахмети, Костов и Б(УЧК)овски е гаранција? Сигурно ДА. Но, гаранција со поминат рок.

# ТОА Е МАКЕДОНИЈА – КУЧИЊАТА ЛААТ КАРВАНОТ СИ ВРВИ

ВР-26.01.2006

**Слика 1.** Деновиве најактуелен настан во Скопје и во државава се секојдневните блокади на скопските улици од страна на невладината организација „Гласот на светлината", која на ваков начин реши да го крене гласот на граѓаните против продажбата на ЕСМ. Иако на неколкуте поставени блокади низ градот херојски стојат одвај по околу педесетина луѓе, повеќе од 100% сум сигурен дека акцијата ја поддржува поголемиот број од населението не само во Скопје, туку и во државава. Но, за жал, граѓаните ги нема да се приклучат.

На првиот ден од блокадите, поминувајќи покрај поставената блокада кај Градската болница, ги поздравив насобраните луѓе и прокоментирав: „Дечки, алал да ви е!" Кратко ми беше одговорено: „Сите како тебе не фалат, не поддржуваат и не поздравуваат, дај застани со нас пет минути!" Првпат во мојот живот замолчав, почувствував срам и гризење на совеста зошто и јас да не одвојам барем еден час од своето време и да не им се приклучам. Ветив дека ќе се вратам за кратко време и ќе им се приклучам и со наведната глава продолжив понатаму. Тој ден не ми „остана време".

**Слика 2.** И на вториот ден на блокадите иста слика. Повторно јас пешки низ градот и во нивна близина. Наеднаш наслушувам како отстрана некој ми дофрла: „Професоре, што е ова? Мене ми е загрозено правото на слободно движење." Се вртам и што ќе видам? Еден мој бивш студент (активен член на СДСМ од општинската организација на Чаир). Одважно му дофрлив: „Ѓоко, размислувај со своја глава, а не по партиска директива. Ова е за твојата иднина. Како што на факултет пред неколу месеци ми се жалеше дека телефонските импулси биле премногу скапи, во иднина, кога ти и твоите сопартијци не ќе можете да ја платите струјата (се разбира, ова не се однесува на лидерот и на неколкумина од СДСМ-овското раководство), пак ќе го велиш истото. Но тогаш ќе биде доцна, возот ќе биде отиден, а продажбата на ЕСМ завршена работа. Кутриот студент, ја наведна главата и продолжи да вози во долгата колона возила. А јас и сега немав време да застанам барем пет минути на блокадите.

**Слика 3.** Ден трети од блокадите. Од Парламентот излегува еден пратеник од опозицијата и поминува во близина на насобраниот народ. И покрај силните свирежи упатени кон него, сепак некој од нив гласно го повика да им се приклучи. Пратеникот, најден во небрано, кратко одговори: „Јас сум со Вас, наполно ве поддржувам и со наведната глава продолжи понатаму." А јас повторно брзав и имав неодложна работа!

Партијата на власт веќе успеа да ја протне тезата за загрозеност на правото на слобода на движењето кај своите слепи партиски послушници, новинари и уредници. Опозицијата, се разбира, како и многупати досега кога се работи за крупни работи, молчи. Велат молчењето било злато, сè позлатувало. Раководството на ВМРО-ДПМНЕ најде начин една недела да труби за потрошените 50.000,00 денари на министерот Димов и да собира потписи, а сега не изусти ниту збор. Велат, институциите (Уставниот суд) ќе го решеле тоа, иако знаат дека по обичај истиот може да се прогласи за ненадлежен, како и многупати досега. ВМРО-НП е преокупирана со ДПМНЕ и се однесува како овој проблем да не постои. Неуморниот Павле Трајанов и неговиот трет (рас)пат досега речиси двапати неделно нè бомбардираа со прес-конференции за банални работи, а сега ги нема никаде. Циле е преокупиран со независноста на Косово и со високата меѓународна политика, а ДПА се однесува како нејзините граѓани да не трошат струја. Впрочем и во право се, и така најголемиот дел од нивното членство не ја плаќа.

И така, секој ден според онаа народната: „Кучињата си лаат, а карванот си врви. Секое чудо за три дена". Најголемиот дел од нас ги поддржуваат иницијаторите на акцијата, а не на-

оѓаме време да им се придружиме. Немо поминуваме покрај нив со наведнати глави. Што да се мрзнеме, кога има други да го трпат студот. Да не е жално – би било срамно.

На крајот, почитувани читатели, дозволете една дигресија во однос на погорниот текст. Минатата недела повторно ни се случи чествувањето на Мара Бунева во центарот на Скопје. Овојпат во присуство на Красимир Каракачанов, претседател на ВМРО-СМД од Бугарија, а во организација на докажаните „македонски Болгари". Во отсуство на македонското знаме и химна, сред Скопје се веат бугарските знамиња и се пее бугарската химна. Згора на сето тоа, и еден млад пратеник во македонскиот парламент мирно стои пред бугарското знаме и ја потпевнува бугарската химна. И повторно никому ништо. Сите молчат. Да не е жално – би било срамно. Претпоставувам дека оние што нѐ гледаат отстрана, би рекле: Разбирливо луѓе, па тоа е Македонија.

## (НЕ) УСПЕХОТ НА ВМРО-ДПМНЕ

ВР-12.07.2006

Изборите завршија, резлутатите се познати и сега јас, како и поголемиот број мои пријатели, си го поставувам прашањето: Дали воопшто ВМРО-ДПМНЕ победи, или се работи за Пирова победа? Но, дали е тоа успех или половичен успех (неуспех) на ДПМНЕ, ќе треба допрва да видиме. За оние кои мислат дека е успех, нема потреба да ги разубедувам, бидејќи за два до три месеци самите ќе се разуверат, а за оние кои мислат дека е половичен успех кој може да се претвори во неуспех, еве неколку факти само за да го потврдам своето тврдење.

Најнапред, успех ќе беше доколку коалицијата на ДПМНЕ освоеше од 55 до 60 пратеници, како што првично еуфорично и секако наменски за тој момент соопшти новиот парламентарец В. Ѓорчев, вечерта на денот на гласањето.

Второ, успех ќе беше доколку на овие избори се потврдеа, а не и да се надминат, веќе порано освоените 350 000 гласови. Само за појаснување: на изборите во 2002 година, СДСМ и неговата коалиција освои 485 000 гласови. Сега ДПМНЕ во коалиција со петнаесетина маргинални политички партии, и покрај целата штета која СДСМ му го нанесе на овој народ, одвај освои нешто повеќе од 303 000 гласови.

Трето, и покрај освоените 44 мандати, на ДПМНЕ му припаѓаат реално некаде околу 32–35 пратеници.

Четврто, Груевски, распнат помеѓу желбата да биде премиер и неговата суета, во иднина ќе ја направи најголемата грешка, а тоа е коалицирањето со ДУИ и до НСДП. Во прилог на оваа констатација одат и случувањата околу преговорите за новата влада што се одвиваат последниве денови. И покрај сѐ погласните шпекулации дека договорот со ДПА е готова работа, на крајот сигурен сум дека ДПА нема да го прифати коалицирањето во иста влада со ДУИ.

Петто, доколку се случи коалицијата со ДУИ и со НСДП на Тито (а таа е на повидок), дали тоа ќе значи и оства-

рување на програмата „Преродба во 100 чекори“? Одговорот секако дека е негативен, односно програмата не ќе може да се оствари. За ова нека потврди и фактот дека најголемиот дел од министрите што ќе влезат од страната на ДУИ и на НСДП функционираа, работеа и живееја на еден начин во претходниот мандат на чело со Бучковски и со Ахмети, и сега сигурно нема да го променат својот однос и начин на работа, исполнет со разни афери и криминални активности. Секако тука не смеат да се заборават и политичките ветерани и камелеони од таборите на Андов и на Ѕинго. Дали со старите веќе видени иислужени и неинвентивни кадри може да се оствари заложбата за преродба во 100 чекори? Ноторна е вистината дека доколку старите кадри ви партиципираат во новата влада со некаде повеќе од 60%, станува очигледно дека од предизборните ветувања ќе ни остане само вербализмот. А да не ја заборавиме и народната поговорка: „Теле се учи, а не вол“.

Во разговорите со еден од поблиските сегашни соработници на Груевски, а мој пријател и поранешен сопартиец, тоа јасно ми беше ставено до знаење преку зборовите: ДПМНЕ нема да ја повтори грешката од 1990 година. Вечен е само интересот, ако можеше СДСМ – зошто да не можеме ние? Да се крстиш и да се чудиш а да не веруваш, што би рекол проф. Ѓорѓи Марјановиќ!

Слушајќи ги овое зборови на еден од основоположниците на ВМРО-ДПМНЕ, неминовна е следнава констатација. Прво што ќе направи Груевски во овие триесетина и повеќе дена, е дека ќе игра на картата „купување време“ за да ги разубеди свото членство и симпатизерите дека коалицијата е неминовност и нужност. На тоа постојано ќе се надоврзуваат заканите на раководството на ДУИ дека без нив нема да има влада, дека тие имаат освоено повеќе гласови од ДПА итн. Тука се и домашните средства за информирање, како и неколкумина новинари (кои секогаш се обидуваат со сета своја сервилност кон политчарите што се на власт или кои имаат шанса да ја практикуваат, да го креираат јавното мислење). Како облан-



да, на крајот, ќе биде и дискретниот притисок на странските дипломати на кои ДУИ им е миленик и еве ти ја неминовната коалиција.

Но, што би значело ова за иднината на Македонија и за иднината на ДПМНЕ? Според мое длабоко убедување, Груевски од моментален победник ќе стане најголемиот губитник, но сега засекогаш, а сите ќе имаме можност на дело да го видиме и неговиот морал, бидејќи до неодамна сите нè уверуваше дека нема коалиција со терористи. Јавно би сакал да дознам како ќе ги погледне гласачите на моето село Љубанци, кои му дадоа повеќе од 90% од вкупниот број гласови. Како ќе ги погледне и како ќе им објасни дека жртвите во љуботенските бачила не се жртви на терористите членови или пратеници на ДУИ? Како ќе нè разубеди дека Јохан Тарчуловски, кој потекнува од истото село, не е жртва на ДУИ, а да не зборувам за Љубе Бошковски, кој очигледно му требаше само во предизборната кампања. Секако дека набројувањето на останатите случаи од војната во 2001 година одат во ист прилог.

Исто така, на оваа констатација морам да ја надоврзам и дилемата колку Грујо е сигурен дека некој од петнаесетината коалициони партнери на ДПМНЕ нема да се освести и да се повлече од оваа политичка игра? Дали Павле, Андов и Ѕинго и останатите коалициони партнери, во желбата да бидат во Парламентот и да се дел од извршната власт, нема да го видат вистинскиот пат и правец од маглата во нивните очи?

Дали портокаловите патриоти (ако се патриоти) ќе го голтнат сето ова? Не би ме чудело за оние кои станаа членови на ДПМНЕ по 1998 и 2002 година, но што ќе се случи со оние кои барем малку држат до својот национален дух и патриотизам?.

На крајот станувам сè поубеден – да знаеше Груевски дека ова ќе се случува на ваков начин, никогаш немаше да се нафати да биде лидер. Маките се големи, но одговорноста пред македонскиот народ уште поголема. Народот не е со кратко паметење, знае да казнува еднаш – но засекогаш.

# ИМА ЛИ ВО *ВМРО* ВМРО-ВЦИ? (браво за пратениците на ДПА)

ДН-17.11.2007

Прашањето има ли во ВМРО ВМРО-вци си го поставувам веќе подолго време, но за да излезам во јавноста со овој текст бев предизвикан од настапот на пратениците на ДПА во Собранието на РМ по повод акцијата „Планинска бура", како и од неодамнешниот настап на поранешниот премиер Бучковски, кој неодамна јавно од истата говорница, при изборот на директорката на Комисијата за хартии од вредност, речиси на идентичен начин го постави и одговори на истото прашање.

За да го дадам и јас својот одговор на ова прашање, ќе се навратам на неколку моменти кои се случија во последно време. Најсвежо во сеќавањето ми е јавното бранење на акцијата на македонските полициски сили во с. Бродец (читај бранење на државата Македонија) на пратениците и на функционерите од ДПА. Имено, овие личности ќе останат запаметени во историјата на македонската држава и во психата на македонскиот народ бидејќи првпат на еден мошне експлицитен начин им одржаа лекција по патриотизам на своите колеги-пратеници Македонци, а пред сѐ на „големите ВМРО-вци" во пратеничките клупи. Докажаа и покажаа како се брани државата, односно, како легитимно преземените средства за одбрана и за заштита на територијалниот интегритет и суверенитет на својата држава Македонија, се бранат од неоснованите, тенденциозни и антидржавни напади на своите колеги (од иста националност) кои ги штитат сепаратистите, криминалците и терористите од своите редови. „Големите патриоти" Македонци при расправата ги снема како глувци под парламентарните клупи и во собраниските дупки, и ниту збор во одбрана на акцијата, во одбрана на заменик министерот Рефет Елмази, Бесим Догани и останатите пратеници од ДПА. Веројатно го чекаат гласањето па да го кажат својот збор!?.



Втората одржана лекција на пратениците „лавови", како и јавна промоција на променетите ставови и свест за својата држава како и јавна одбрана на македонските државни интереси од страна на истите пратеници, ни се случи при расправата по предлогот на Метју Нимиц за промена на нашиот став околу името. И во оваа ситуација нивниот лидер од името на партијата ДПА и нејзините членови и симпатизери јавно застана во одбрана на постојното име, Република Македонија. Пратениците „големи ВМРО-вци", повторно ги немаше во јавноста, освен Министерот за надворешни работи и Премиерот, кои сакаа – не сакаа мораа да излезат по службена должност.

Кога размислувам за одговорот на поставеното прашање на почетокот од текстов, неминовно се потсетувам на последниот и единствен мој разговор со Никола Груевски по спојувањето, односно по враќањето на членовите на ВМРО-Вистинска во ВМРО-ДПМНЕ. Поточно, на неколку месеци пред последните парламентарни избори, во неговиот кабинет во седиштето на ВМРО-ДПМНЕ, во една лежерна и повеќе куртоазна средба, од страна на Груевски ми беше поставено прашањето каде јас го гледам своето место во Партијата. Со оглед на моето подолгогодишно политичко искуство, заслуги за Партијата и мојот научен и општествен статус, беше децидно одговорено дека местото ми е меѓу првите пет луѓе во раководството на Партијата. Децидниот и реален одговор чинам дека малку го збуни новопоставениот претседател на ВМРО-ДПМНЕ, така што од негова страна беше одговорено дека нему му се потребни луѓе во кои има доверба, а јас сум човек кој не ме познава добро. А како и ќе ме познава, кога до пред да стане министер во владата на Георгиевски беше советник во општина Центар од нашите редови, но со партиски стаж од само неколку месеци претходно.

Но нејсе, да се навратам на темата на текстов. Оттогаш па наваму постојано ги гледам луѓето од доверба на Груевски како доаѓаат на државни функции и кои манифестираат пат-

риотски жонглеризам несвојствен на ВМРО-вската идеја. Ја користат ВМРО-вската идеја за здобивање позиција, како и на лични и материјални придобивки, не водејќи сметка за поширокоите народни интереси. Гледаме сè повеќе и повеќе ВМРО-вски сурогати кои ни ја менаџираат државата и стекнуваат негова сè поголема доверба, а сè помала од членовите на Партијата. Не би сакал да бидам пророк, но стопостотно сум сигурен дека во иднина сè помалку ќе им веруваат и граѓаните. Зачудувачки е фактот дека луѓе од доверба на Груевски и „ВМРО-вци", од една страна, станаа млади и недозреани до вчера социјалдемократски јуноши со недоволен интелектуален и човечки капацитет, а, од друга страна, се довчерашни и денешни комуњари со академски статус во државата, кои уште од оваа наша Партија не пиеле вода и не јаделе леб и не ги уживале благодатите од државата. Наеднаш довчерашните комунисти, па социјалдемократи, либерали, либералдемократи, социјалисти и најпосле подоцна освестени ВМРО-вци стануваат советници на претседателот на ВМРО-ДПМНЕ и сегашен премиер на државата, стануваат негови министри, директори, амбасадори итн., а на сите заедно да им го собереш партискиот стаж немаат ни една-две години.

Иако се сметам за разбран човек кој дури и не би го зел за минус партискиот стаж, сепак не можам да разберам кои се останатите критериуми да се стане човек од доверба на Груевски. Дали тоа е честото менување на идеологијата од комунистичка преку социјалдемократска до демохристијанска (а утре и некоја нова, што не би било на одмет), дали тоа е, што би рекла една наша повозрасна новинарка, умешното и постојано пикање во дебелото црево на премиерот, дали тоа е постојаното аминување и кимање со глава или умилкување со зборовите „премиере, ти си најубав, најумен, во право си шефе, убаво им направи, сега му е мајката, без тебе не можеме" итн. Дали тоа е умешното криење зад грбот на пратениците на ДПА кога е во прашање одбраната на државата. Можеби ова се начините за стекнување на премиерска доверба, но бидете сигурни, не



и ВМРО-вска. За жал, истите случувања се и на локално ниво, каде што во општинските комитети сега царуваат довчерашните „крвни" непријатели на ВМРО-вците. Сега истите тие се поголеми ВМРО-вци и од основачите на ВМРО.

Луѓето од доверба на Груевски („големите ВМРО-вци"), секојдневно капитулираат на сите полиња, на сите задачи кои самите си ги поставија. Не би сакал да прозвучам како социјалдемократите во критиките кон премиерот, но за волја на вистината истите тие луѓе од доверба на Груевски, му ги сместија „успешните" реформи во здравството, аферите во областа на урбанизмот, неуспешната борба со македонските олигарси, разните полутранспарентни или нетранспарентни јавни тендери, а на крајот и неуспешното водење на надворешната политика и др. Да се потсетиме само на секојдневните глупости на оние лејки од градоначалници на оштините Аеродром, Битола, Кисела Вода и други општини.

Јас ја разбирам потребата од отвореност на Партијата за нови кадри, за свежи лица, за умни, начитани и за момци со визија, но не ја разбирам идејата за прифаќање и промовирање на оние кои не успеале, или не добиле функција, кај социјалдемократите или кај либералдемократите тука да стануваат први виолини. Не ја разбирам идејата за протежирање на квази-патриоти. Жално, но вистинити се сè погласните озборувања дека во ВМРО-ДПМНЕ сега има повеќе социјалдемократи отколку во Социјалдемократскиот сојуз.

До кога со овие луѓе од доверба и „големи ВМРО-вци" премиере?

П.С. Со вплеткувањето во бизнис-релации на луѓето од доверба на премиерот со членовите на едно „македонско" семејство (семејство за сите времиња и сите партии) чија фирма го носи називот на еден од многуте видови морски китови, за жал се гледа почетокот на крајот на започнатиот но недосонуван сон.

## ОСТАВКА (ШТО БЕШЕ ТОА)

ВР-23.11.2007

Почна акцијата за ослободување на Скопје од нејзиниот градоначалник Трифун Костовски. На осамениот досега во барањето за оставка, проф. д-р Ѓорѓи Марјановиќ, на голема врата му се приклучи и македонскиот медиумски магнат Велија Рамковски. Од една страна не ги знам мотивите на Рамковски, иако претпоставувам дека можеби на евентуалните нови градоначалнички избори за Скопје ќе ја гледа својата шанса за рехабилитација по неуспешните парламентарни избори, но од друга страна кристално ми е јасно барањето на професор Марјановиќ. Професорот ова барање го поставува уште на самиот почеток на неговиот советнички мандат и стопостотно сум сигурен дека нема никакви лични мотиви, туку напротив – мотивот е за доброто на граѓаните на Скопје. Но, како и да е, конечно се оформува фронт кој ќе треба да ја сподвижи заспиената граѓанска свест на скопјани, како и да ја разбуди свеста и моралот на градоначалникот Костовски. За волја на вистината, за неисполентите предизборни ветувања, за неуспешните зафати, како и генерално за неуспешната политика на скопскиот градоначалник, досега постојано укажуваа и пишуваа и новинарите, но, за жал, без поголем успех. Во контекст на будењето на свеста и на едните и на другиот е и овој мој напис.

На недоследноста, на немањето јасна претстава и визија во спроведувањето на концептот како треба да изгледа македонската метропола, конечно треба да ѝ се стави крај. Постојат само две варијанти. Едната е граѓаните, или пак самиот градоначалник, да го актуализира(ат) прашањето за доверба преку референдум и, втората, побезболната, е поднесување оставка. Ризикувајќи да се постави прашањето за референдум за отповикување, Костовски може да купи уште неколку месеци останување на градоначалничката функција. Во една вака хипотетичка ситуација, Костовски не ќе смее да заборави дека



со средствата со кои ќе треба да се спроведе референдумот ќе ја подизпразни и онака празната градска каса (барем како што вели тој), но исто така ризикува и понатаму да темнее неговиот лик и „дело“, како и да искрвави неговото „срце тетовирано“. Знаејќи дека се работи за еден фин господин, кој го прифативме како белосветски, како хуманист, филантроп и мецена, човек кој му мисли добро на својот град, сигурен сум дека по Новогодишните празници ќе си поднесе оставка за негово лично добро, како и за доброто на сите нас, скопјаните. Затоа што, ако не се претешки зборовите, тогаш ќе си дозволам да кажам дека денес Скопје сѐ повеќе ни прилега на селска паланка без дух, на град без урбана физиономија, на град без идентитет и визија за 21 век. Во иднина аналитичарите, социолозите и другите кои се занимаваат со оваа проблематика, ќе треба сериозно да одговорат на прашањето: Како се случи еден човек кој живеел и работел во големите европски урбани центри, денес мирно и комотно да живее, да работи и да управува со нешто што само ние си го нарекуваме град?

Ова е уште еден пример како еден успешен граѓанин во една сфера не може да биде успешен на политички план. Уште еден доказ дека од секое дрво свирче не бива. Во овој напис би морал да признам дека неговиот предградоначалнички и претполитички бек-граунд, поточно неговиот алтруизам промовиран во областа на спортот пред да влива во овие немирни политички води, и мене ме заведе да го дадам својот глас за негов избор. За жал, станав севдок и видов што се случува кога ќе дојде до самопреценување на личноста. Денес, по определено поминато време, откако ги согледав неговите способности на политички план и не се кааам, затоа што доколку не го изберевме за градоначалник – тогаш не му гинеше кандидатура за претседател на државата. Но, штетите сигурно денес не ќе можеа така лесно да се поправат.

Со позитивните законски прописи, во главниот град постои концентрација на управување и раководење на највисоко ниво без делегирање на пониските нивоа на управување.

Ова буквално значи дека сите органи и институции се во функција на градоначалникот и на Советот, а најмалку во функција и сервис на граѓаните. Имајќи го предвид, ова не смееме да не ги повикаме на одговорност и скопските советници. Дел од неуспехот паѓа и на нивни плеќи. Иако на почетокот на мандатот во ликот на градските советници гледавме некој вид коректори на работата на скопскиот градоначалник, набрзо тие стивнаа и се ставија во негова служба. Очигледно, стана јасно дека поважни им се советничките дневници (паушали) отколку скопјани. Па затоа препораката се однесува и за нив и за нивните политички партии.

**П.С.** Доколку Костовски поднесе оставка од градоначалничката функција годинава, ќе бидам првиот иницијатор в година тој да биде кандидиран за Наградата 13 Ноември на градот Скопје, затоа што во историјата на градот поголема услуга и бенефит на скопјани досега никој не им направил.

# РУСИЈА-СРБИЈА-КОСОВО, ШТО ПОНАТАМУ?

ШП-26.02.2008
ШИЛО, април 2009

По поминати нешто повеќе од една година од унилатералното прогласување на независноста на Косово, но со претходна консултација и одборување за прогласување на Декларацијата за независност, пред сè, од САД и неколку европски велесили, неминовно се поставува прашањето како и кои чекори во иднина ќе ги презема Косово, новата реалност на Балканот. На сите оние кои ја следеа целокупната ситуација и кои малку ја разбираат политиката на големите сили, одамна им беше многу јасно дека приклонувањето и повикувањето на Србија (во тие денови) за и кон Русија е држење како слеп за стап, или како давеник за сламка, и е повторување по којзнае којпат на приказната од минатото. Имено, се повтори народната: „Се тресеше горaта, се роди глушец". Се случи предвидливото (барем за мене) сценарио дека преку Косово, Русија настојува да го зајакне своето влијание и улогата во светот. Историјата покажува дека играњето на руска карта е исто како и играњето руски рулет. Словените не успеал да ги обедини ниту комунизмот, ниту пак панславизмот. Случувањата на овие балкански простори големата Русија секогаш ги користела за да ја игра својата глобална игра, односно таа влечела и влече потези во насока на враќање на позицијата на велесила, како и да обезбеди нова глобална прераспределба на моќта и да биде активен фактор во решавањето на меѓународните спорови.

Српскиот мит за „мајка Русија" нема никакви историски димензии на српско-руските односи. Примери за руското напуштање на Србија се познати во историјата. Да се потсетиме само на 1908 година, кога Австро-Унгарија ја анектира Босна и Херцеговина, а во Белград сите ја повикуваа Русија. Тогаш Русија се приклони кон играта на големите сили, а Србија и

Србите тоа многу доцна го сфатија. Во 1992 година Русија ги призна Хрватска и Словенија, иако се декларираше против распаѓањето на Југославија исто како што тоа го артикулираа Србија и Црна Гора. Освојувањето на Приштинскиот аеродром од страна на руските трупи стационирани во Босна за време на нападите на НАТО-алијансата на Југославија, како и нивното брзо повлекување, се само уште еден доказ дека во оној момент кога Русите ќе си ги остварат своите планови – тие го вртат својот грб. Добро информираните аналитичари велат дека тој момент за Борис Елцин и Русија во игра биле 4,4 милијарди американски долари неповратна помош. Србите никако да сфатат дека Русија нив ги посматра како дел од картата на своите интереси.

Но, од друга страна, мене навистина ме зачудува и истовремено ми е жал за српскиот народ, кој никако да ја сфати политиката на свршен чин и реалност, како и мислењето на мнозинството, па упорно им верува на одамна истрошените српски квази-политички елити. Србите никако да сфатат дека она што се случи минатата година, во иднина ќе доведе и до модификација на и без тоа лабавиот став на Русија спрема Косово. Српскиот народ заборава дека интересите на Русија и на САД значително ги надминуваат проблемите што ги делат, ги надминуваат спорните меѓусебни прашања, така што во блиска иднина, судејќи по сè, заедничките интереси ќе ги надвладеат нивните разлики. Русија сè уште е далеку од каква било долгорочна сериозна политика и стратегија кон Балканот – иако историски, политички, духовно и културно со векови била присутна на Балканот и има богата традиција во односите со балканските народи и сосема е природно денес со нив да има цврсти врски. Зборовите на Владимир Путин во јуни 2001 година: „... својата политика за балканскиот правец, Русија ја вклопува во заедничкиот контекст за создавање стабилен демократски систем на заедничката европска безбедност...", по сè изгледа останаа во историјата и беа за еднократна употреба.



Но, да се навратам на Косово и на неговата иднина, која и натаму ќе биде актуелна во наредните 15–20 години. Србија и Србите – со оглед на доминацијата на српското население на југот на Србија, како и етнички чистиот северниот дел на Митровица – ќе успеат да си го задржат тој дел, сè до границата со Црна Гора кај местото наречено Рибариќи и таа територија ќе ја користат како силен адут во идното преговарање и при евентуална компензација за Република Српска. На ваков начин, сакала или не сакала светската заедница, ќе се создадат етнички чисти територии и ќе имаме практично поделено Косово.

И покрај претходно погоре констатираното, единствено сум сигурен дека Русија ќе опстои во непризнавањето на Косово и во несогласувањето Косово да стане членка на ООН. И тука можеби е најголемиот проблем за балканскиот простор. Според мое длабоко убедување, сценариото би изгледало вака. Еден поголем број држави во Европа и во светот веќе го признаа и во иднина ќе го признаат Косово. Но, сето тоа без дозвола од Советот за безбедност на ООН и без свое место (столче) во ООН, сè повеќе ќе прилега на ситуацијата со Тајван. Во ситуација ниту на небо ниту на земја, која ќе трае најмалку десетина години, Косово ќе го повлече својот втор потег, а тоа е донесување одлука за спојување со Република Албанија. И покрај големите, пред сè цивилизациски разлики меѓу нив, тоа нема да претставува пречка Косоварите да побараат спојување со Албанците од Албанија. Велам нема да биде пречка зашто меѓу внатрешните борби за превласт, економските и социјалните проблеми на една страна, а на друга опасноста од нови насилства на Косово засновани врз религиозна основа, опасноста од дестабилизација на новата и кревка република како и немањето статус во ООН и ЕУ, тоа за нив би претставувал единствениот излез и опција.

Но, тука и не завршува зацртаното сценарио уште од времето на Призренската лига. Осоколени од спојувањето а повторно поддржани и со амин пред сè на големите европ-

ски држави и САД, тие ќе посегнат и по дел од Република Македонија. Ова е третиот историски чекор на Албанците и тука, за жал, е нашиот македонски крај. И покрај забрзаните мерки што во следните неколку години ќе ги преземат НАТО и ЕУ во однос на Србија како компензација за јавното кршење на меѓународното право и мешање во внатрешните работи на Србија, Србите повторно ќе бидат соочени со едно друго слично сценарио кое сега ќе им се случува на северот. Овојпат тоа ќе биде Војводина.

А ние? Каде сме ние, Македонците, тука? Станува сѐ појасно дека нашите политичари ниту имаат моќ, ниту знаење, а уште помалку волја, да го решат нашиот проблем со нашето влегување во НАТО и во ЕУ. За нивниот ментален и интелектуален склоп се чини дека решавањето на овој горлив проблем во моментов е преголем залак, притоа заборавајќи дека тука ни е излезот и спасот од ова црно сценарио.

Да поживееме па да видиме, а јас како Македонец би бил најсреќен кога сето ова погоре напишано никогаш не би се остварило!?

## ПРЕДИЗБОРНИ 4 СЛИКИ – ВТОРПАТ

ВР-22.04.2008

**Слика 1:** Според теоријата, на секој носител на јавна функција, како учесник во политичкиот процес, дадени му се извесни (поголеми или помали) овластувања за вршење на политичката власт, со кои тој најчесто самостојно располага. Овие овластувања (посредно или непосредно) на носителот на јавната функција му ги дава оној кој го избрал (го назначил или го делегирал). Меѓутоа, давателот на овластувањето, со самото давање на овластувањето не се одрекува од своето право да го контролира извршувањето на овластувањата и, доколку се јави потреба, може да го повика на одговорност носителот на јавната функција кој не постапува во согласност со добиеното овластување и во согласност со претходните очекувања. Односно, на носителот на јавна функција (избран, назначен или делегиран) му се одзема веќе дадениот мандат, т.е. носителот на јавна функција се отповикува (се разрешува) од должноста и со тоа се раскинува односот на доверба што дотогаш ги поврзувал. Во теоријата, оваа одговорност се именува како политичка одговорност, која може да биде правна и вонправна. Основа за политичката одговорност е нецелисходната работа, односно постапки кои не се во согласност со ставовите, сфаќањата, мислењата или интересите на оној пред кој се одговара (во овој случај претседателот, премиерот и граѓаните). Целисходноста не може правно да биде регулирана, бидејќи оцената дали нешто е целисходно или не, спаѓа во областа на дискреција на оној кој е надлежен да ја даде таа оцена. Во прашање се значи политички, етички и вонправни мерила и критериуми за оцената на работата на избраникот. Оваа основа на политичката одговорност јасно ја разликува оваа одговорност од останатите облици правна одговорност (кривична, материјална, дисциплинска) кои, помалку или повеќе, прецизно се регулирани во законите. Деновиве токму тоа ни се случува со

преговарачот Димитров, кој ги надмина своите овластувања, па оттаму и реакцијата на премиерот Груевски е сосема оправдана. Довчерашното дете (а сега младич во најубавите години на мајката виолинистка) по сѐ изгледа ќе остане и понатаму уште некое време под закрила на претседателот Црвеновски, а понатаму шут-картата не му гине. Историјата, пак, ќе го запамети како најслабиот, да не речам и најнепсобниот, наш преговарач во односите со Грција благодарение на својот ментор. Сетете се само на биографиите на преговарачите од другата страна и сѐ ќе ви биде јасно.

**Слика 2**. Подолгото време занимавање со правно-политичките науки како професија, а и поранешното занимавање со политика, ми даваат за право да ги анализирам случувањата на политичката сцена во овој момент околу формирањето на предизборните коалиции. Во моментов, на политичката сцена имаме една една „полусилна позиција", предводена од ВМРО-ДПМНЕ, и една слаба, неинвентивна и безидејна опозиција, која од ден на ден на еден несигурен и низок и подол начин си го бара своето место под сонцето. Жално е што досега не постоеше продуктивен дијалог на релацијата опозиција–власт и што имаме отежната кохабитација меѓу премиерот и претседателот на државата. Имавме опозиција која во определен момент се појавува дури и како кочничар на некои реформски потези на власта Дел од опозицијата, тука пред сѐ мислам на ДУИ, настојува по секоја цена да учествува во власта. И верувајте дека е прашање на време кога таа ќе го заземе местото на ДПА во сегашнава коалиција, а тоа можеби ќе биде веднаш по предвремените парламентарни избори во јуни.

**Слика 3.** Ако го изоставиме неуспехот на Самитот во Букурешт кој е неуспех како на позицијата така и на опозицијата, мораме да бидеме реални дека оваа Влада, за разлика од сите други досегашни, нешто работи и покажа некои позитивни резлутати. Позитивности има во работата на Министерството за внатрешни работи во делот на спречување на корупцијата и криминалот, во царинското работење, во Управата за јавни



приходи, катастарот и др. Впрочем, тоа позитивно беше оценето и во Извештајот на Европската комисија. Владата успеа да ги намали цените на лековите, ги зголеми пензиите, гради спортски игралишта, базени и др. Мора да се признае дека тоа што го направи за една и пол година, не го направи ниту една влада досега во историјата на Република Македонија. Но, секако дека има и негативности, односно слаби министри кои не можат да го издржат наметнатото темпо и кои, за волја на вистината, немаат капацитет за вака голема работа, па ако сакате и реформа. Слабостите се очигледни во економијата (инфлацијата ни е на дофат), во урбанизмот, во локалната самоуправа, во дел од здравството, во областа на евроинтеграциите, во Министерството за надворешни работи, за правда и во други ресори. Се надевам дека тоа конечно го увидел и премиерот и сега ја има шансата, по победата на изборите, да направи комплетна реконструкција на својот тим, која се наметнува како нужност.

**Слика 4.** Во овој момент ни се наметнува едно доста сериозно прашање во однос на „вештачки супериорното" однесување на Груевски. Секојдневно сме сведоци дека Груевски најавува самостоен настап на паралемнтарните избори, а знаејќи ги состојбите во Партијата, тоа може да биде погубно за ДПМНЕ. Јас во неколку наврати јавно кажав дека сега во ДПМНЕ има сѐ, а најмалку ВМРО-вци. Тоа е факт кој никој не може да го порекне. Би кажал дека такво какво што е сега членството на ДПМНЕ, е поделено на: **сили на континуитет** (ВМРО-вци по чувство, дух, идеја), кои се некаде околу 70–75% од вкупното членство, и т.н. **new comers (walkers),** новодојденци или новокомпонирани ВМРО-вци (трансформирани СДСМ-овци, либерали, социјалисти и алтернативци), кои сега се на позиции. Нормално дека овие првите во моментов се маргинализирани и кај нив постои чувство на разочараност, пред сѐ од лидерот и од начинот на неговото раководење и поставување на овие луѓе на клучни позиции, како партиски така и државни. Тоа народски се вели двете нозе им се во еден

чевел и не знаат што да прават. Овие луѓе својата Партија не би ја издале за ништо. Но, доколку со составувањето на листите се случи исто како и во минатото, тоа сега може да биде погубно за Груевски. Доколку се случи такво нешто, лесно може да се случи Груевски од победник да стане предвремен губитник. Во тој случај, сметам дека еден поголем дел од членството на ВМРО-ДПМНЕ, во добро одмерено време, ќе се избори за нова опција или личност внатре во Партијата, која може без пардон да му ја откаже послушноста на Груевски, а довербата да му ја даде на друг лидер. Можеби тоа би можело да се случи со враќањето на еден од македонските затвореници од Хаг.!?

## ПИРОВА ПОБЕДА

ВР-07.05.2008

За да не бидам сфатен погрешно од страна на голем број мои сопартијци, до објавувањето на предизборните коалиции воопшто не размислуваав да се јавувам со свое видување во однос на она што ќе се случува на престојните парламентарни избори, сè до моментот додека не бидат објавени резлутатите на 1 јуни вечерта. Но, случувањата на политичката сцена, како и смешните сега веќе изборни коалиции, политичката проституција, како и недоследноста на политичките лидери, ме натераа да ја направам оваа анализа, сè со цел да им укажам на лидерите на главните политички партии – ВМРО-ДПМНЕ и СДСМ – дека оваа наша држава не е нива за орање каде што секој има право да ја ора онака како што сака, и дека политиката не е само средство за остварување на личните интереси и за задоволување на суетите туку нешто многу, многу повеќе.

Најнапред слободно би сакал искажам дека сум вчудовиден од преголемиот број маргинални политички партии и лидери на страната на Груевски и на неговата коалиција „За подобра Македонија". Од вкупно сега веќе дваесетината лидери кои ѝ се приклучија на неговата коалиција, освен партиите на Ромите и на Турците, другите лидери одвај можат да соберат или да привлечат на своја страна не повеќе од исто толкав број гласачи колку што тие самите се на број во коалицијата. Мислам дека ова му е премногу јасно и на Груевски, но очигледно неговиот непотребен страв од досега сработеното (читај: несигурност), или пак задоволувањето на неговата суета, оти на негова страна во секој момент може на Црвенковски да му ги земе сите негови потенцијални и евентуално нови партнери и да го победи кога сака, беа приорететни во однос на безвредноста на овие политички маргиналци со нивните божемни партии од одвај неколку члена во кои и тие не се сигурни дека ги имаат.

Жално беше да се гледа како ВМРО-ДПМНЕ на пресот на кој беа обелоденети коалиционите партнери, на нив гледа како на спасители на ВМРО-ДПМНЕ. Сметам дека на Грувски во овој момент, кога има најголем рејтинг во историјата на Република Македонија од кој било лидер досега, најмалку му се потребни вакви трошни политичари, иако некои од нив имаат свои телевизии, универзитети и др. Оправдување на Груевски за ова збирштина не може да му биде изговорот и фактот дека: „Еве, на ниту еден од нив не му дадов да биде носител на листа". Големиот број вакви политички маргиналци, кои во иднина ќе станат пратеници за сметка на лојалните ВМРО-вци како и за сметка на дел од досегашните пратеници, не оди во прилог на Груевски. Зошто го тврдам ова? Мојата анализа вели дека вкупно коалицијата на Груевски нема да може да освои повеќе од 50–55 пратеници, и тоа во најдобра варијанта, гледајќи и броејќи ги маргиналците кои се најдоа на листите на ВМРО–ДПМНЕ (од вкупно 120 на сите листи во шесте изборни единици, меѓу првите 10 на сите листи сега ќе имате најмалку 12 до 15 кандидати за пратеници од коалиционите партнери). Од овој податок станува мошне јасно дека сега ВМРО-ДПМНЕ ќе има помал број пратеници од своите редови за сметка на маргиналциве кои поради претходно наведените причини се шлепуваат на грбот на ВМРО-ДПМНЕ или, што би рекле нашите соседи, „служат за пополнение на света". Досега ВМРО-ДПМНЕ имаше само 38 свои пратеници (не сметајќи ги пребеганите Јагнула Куновска и Мирјана Секуловска) од вкупно 49 пратенички места освоени на изборите во 2006 година. Само за потестување дека во коалицијата на ВМРО-ДПМНЕ на овие избори влегуваа 14 партии и беа освоени нешто повеќе од 304 000 гласа, или 36% од вкупниот број гласови во услови кога ДПМНЕ настапуваше од позиција на опозиција.

Денес, лично сметам и тврдам дека Груевски и неговата коалиција тешко ќе може да го повторат успехот на ВМРО-ДПМНЕ и на ДА од 1998 година, или евентуално да го изедначат со тој број добиени гласови. Би сакал да потсетам дека во најдобрите времиња на изборите во 1998 година, кога изборите се одржуваа според комбинација на изборниот и на мнозинскиот изборен систем, ВМРО-ДПМНЕ освои 49, а ДА 13 свои пратеници, или вкупно 62 пратеника со вкупно заедно освоени нешто повеќе од 432 000 гласови (312 669 на ВМРО-ДПМНЕ + 119 352 на ДА, или 40% и 11% од вкупниот број гласови) наспроти СДСМ, кој на овие избори освои 279 800 гласа (23%), или вкупно 27 пратеници, и коалицијата на Либералната и на Демократската партија со освоени 77 790 гласа, или двајца пратеника (П. Гошев и С. Андов). На изборите во 2002 година коалицијата „За Македонија заедно" освои 494 744 гласови, или 59 пратеници (49%), а коалицијата на ВМРО-ДПМНЕ и на ЛП вкупно 298 404 гласа, или 33 пратеници (28%). Сè што ќе биде помалку освоено од 60–65 пратеници на овие претстојни парламентарни избори од страна на големата коалиција на ВМРО-ДПМНЕ наречена „За подобра Македонија", слободно можеме да го сметаме за неуспех на Груевски, што сигурно значи и негова одговорност.



Претпоставката за бројот на освоени мандати (50–55) ја темелам и на бројните анкети што деновиве излегоа во јавноста. И покрај два и пол пати поголемата предност на ВМРО-ДПМНЕ пред СДСМ, никој не ги споменува 40-те проценти неопределени гласачи. Бројните аналитичари забораваат на оваа мошне голема бројка гласачи, кои или нема да излезат на изборите или пак ќе се решат на избор во последните неколку часа пред да гласаат. Тука нема да може да помогне ниту наменски создадената граѓанска коалиција на повеќе од 90-тина невладини организација која упорно ќе ги повикува граѓаните да излезат на гласање. Излезноста на граѓаните на изборите нема да ја помине бројката од 60–63%.

Претходно споменатата бројка на евентуално освоени пратенички мандати (50–55) од страна на коалицијата на Груевски, на овие избори носи постојана опасност од идно уценување и од сè поголем број побарувања (на кои ќе им нема крај) од страна на оние кои од маргиналци ќе станат „поли-

тички фактори". А Груевски, сакал или не, ќе мора да им излегува во пресрет за да ги задржи на своја страна, и повторно за штета и за сметка на ВМРО-вските кадри. Имајќи ја предвид и честата политичка превртливост, односно политичкото проституирање на дел од коалиционите партии, лесно може да се случи дел од нив, незадоволните, да ја променат страната на коалицирање, што би значело и нестабилност на владата и пак многу брзо нови парламентарни избори.

Од друга страна, со Пировата победа на овие избори, Груевски во новиот премиерски мандат ќе мора да ја одработи сегашната агенда на Црвенковски, на Андов и Петковски, за промена на името на нашата држава. На ова би требало да се надоврзе и притисокот што Груевски во оваа насока ќе го има од страна на лидерите на ЕУ, а што би значело и крај на неговата политичка кариера. Но, со тоа не завршува трагичниот крај на ВМРО-вците. Оваа Пирова победа со сигурност во иднина би значела и повторно враќање на Црвенковски во трката за претседател на државата и, за жал, СДСМ-овска победа на локалните избори напролет.

А сега нешто и за опозицијата. Ако коалицијата „За Македонија заедно" на изборите во 2006 година освои нешто повеќе од 218 000 гласа, или околу 27%, или вкупно 32 пратеника, сега оваа коалиција наречена „Сонце" навистина би била пресреќна доколку го повтори тој успех, со оглед на истрошените кадри и идеи со кои излегува во оваа трка. Од оваа веќе видена и старомодна коалиција, граѓаните не смеат да очекуваат ништо подобро отколку што беше досега, затоа што нема и кој да понуди нешто ново, освен само да се истрча изборната трка од што се мора, а не од што се сака.

Навистина, ова што го прогнозирам не го посакувам ниту во сон, но сите досегашни потези на Груевски укажуваат на голема веројатност за остварување на најголемиот дел од она што е кажано и напишано во оваа анализа.

П.С. Би ве замолил на крајот да стои вака, за да не ја мешам институцијата во која работам со изборите.

# ТРАНЗИЦИОНИ ПОЛИТИЧАРИ И ПОСТТРАНЗИЦИОНИ ПРАКТИКАНТИ

ВР-23.10.2008

Со голема недоверба во моите сетила за слух и вид, ја следам речиси на сите електронски медиуми ударната вест дека конечно ВМРО-ДПМНЕ ќе расчистувало со транзиционите политичари. А оваа вест на големи ѕвона ја најави гласноговорникот на секоја партија која била на власт – „мега популарниот" Латас. Си велам, не ќе да е да сум остарел, па ме издаваат и слухот и видот. Но, откако утредената тоа го потврдија и некои од пишаните медиуми, ми стана јасно дека со моите сетила сè било во ред, а проблемот треба да се бара на друго место. И така размислувајќи и обидувајќи се да си објаснам кои се транзиционите, а кои посттранзиционите политичари во партијата на власт, решив јавно да ги споделам моите размислувања.

За да ги разоткриеме докрај налудничавоста и бесмисленоста на оваа идеја, ќе се обидам во овие редови на нејзините креатори и поддржувачи од сè срце да им помогнам и да им дадам неколку насоки како би можеле побрзо да ја реализираат. Најнапред, заговорниците на оваа ступидна идеја треба на јавноста да ѝ ги објаснат критериумите за тоа кои лица ги сметаат или ќе ги сметаат за политичари, а дури потоа да објаснат кои се транзиционите, а кои посттранзиционите политичари. Е, тука ќе наидат на многу големи дилеми, а секако дека една од најтешките ќе им биде онаа – дали денес имаме вистински политичари, или пак практиканти-политиканти. Но, најнапред за поширократа јавност да го објаснам значењето на претходно употребените зборови. Денес и малите деца знаат дека зборот политичар е човек кој професионално се занимава со политика, но во во преносна смисла овој збор означува човек кој е претпазлив, вешт, тактичар во работата, мудар политичар. Политикант е човек кој се занимава со политика од лични и егоистички интереси, надриполитичар, демагог, интригант

што не се занимава со вистинските проблеми, додека практикант е почетник во работата, во овој случај почетник во политиката, медиокритет. Правејќи ретроспектива како и анализа на однесувањето на нашиве денешни партиски народни пратеници и останати партијци, ми се чини дека ова второво, практиканти-политиканти доминира во денешно време.

Второто прашање на кое ќе треба да одговорат, е од кој до кој период ќе ги сметаат транзиционите политичари? За да им ја расчистам дилемата, веднаш ќе им дадам и предлог. Тоа е периодот од доаѓањето на Груевски на чело на ВМРО-ДПМНЕ. Сè што било пред него нека потоне и нека го закопаат што е можно побрзо. Насекаде во светот дрвјата растат без корен, народите и партиите немаат своја историја, па зошто и кај нас да не биде така??? Дајте да кажеме дека сè почнува и завршува со вас неколкумина и со полтроните околку вас. Истите вие кои до вчера бевте премачкани со сина, жолта, бела и зелена боја, денес сте во првите редови на партијата на власт. Како што велат едни наши соседи: „Денес црвено-црните служат само за 'пополнение на света'". Е токму тука лежат и зајакот и предлогот: Сите црвено-црни обоени членови и симпатизери да се прогласат за транзициони. И верувајте дека нема да ви биде тешко. Ќе треба само да имате малку чувство за „мешање бои", а тука мислам дека сте доста умешни. Оние кои малку се разбираат во сликарството, добро знаат дека кога ќе ги измешате црвено-црната, белата, сино-жолтата и зелената боја ќе добиете портокалова боја и еве ви ја за почеток посттранзиционата боја, а и постранзиционите практиканти со неа.

Трето е прашањето зошто сегашниве посттранзициони практиканти се плашат од транзиционите политичари? И тука одговорот е мошне едноставен. Затоа што транзиционите политичари ја прогласија суверeноста на државата, направија македонска армија и полиција, македонска репрезентација во сите гранки на спортот, ја воведоа македонската валута, македонското знаме и ја зачуваа државата во 2001 година. Иако има уште многу да се набројува, сметам дека не треба да се заборави и дека истите тие транзициони политичари им ја направија партијата и им ги отстапија удобните партиски и државни фотелји и ги крунисаа за мали цареви и кралеви. Денес е лесно кога веќе имате бренд да продолжите да го менаџирате.



Четврто, зошто посттранзиционите практиканти сакаат да расчистат со транзиционите политичари? Затоа што се тоа мали деца на кои некој им дал право да си играат правење држава и да глумат власт. Затоа што транзиционите политичари ги читаат практиканите како селски буквар, им го знаат бекграундот, им ја знаат идеологијата (сега овде – утре онде, дај што ќе дадеш), превртливоста, потпикнувачките способности кај најголемиот дел од нив, егоизмот и суетата.

Петто, посттранзиционите практиканти очигледно дека не сфатија оти токму транзиционите политичари насекаде на просторите на Југоисточна Европа направија свои држави, успешни држави на секој план и својот народ го однесоа во ЕУ. Денес практикантите го уриваат и она малку кое го создадоа транзиционите.

И затоа сте во право кога сакате да расчистувате со нив. Дајте удрете ги, сомелете ги, да ги снема на овој простор. Но, знајте, со тоа нема да ги избришете длабоките траги кои ги оставија транзиционите политичари. Тие вечно ќе бидат врежани во македонскиот народ и во македонската свест, и понатаму ќе останат на браникот на одбраната на државата, а вашето време кое дојде набрзина, брзо ќе мине и ќе помине.

# НЕКОЛКУ РАЗМИСЛИ ЗА ДЕМОКРАТИЈАТА

ВР-12.09.2008

Денес обично се истакнува дека основна вредност и стремеж на демократијата е *еднаквоста* на луѓето во општеството. Меѓутоа, во текот на долгиот период на политичката историја, главен резлутат и цел на демократијата била *слободата*, односно, пред сè, политичката слобода, а еднаквоста претставувала *акцесорен идеал на слободата* која ги изедначувала луѓето во степенот на слободата што тие требало да ја уживаат во општеството. Во модерна смисла, демократијата сè повеќе се јавува како етички проблем и проблем на човекот. Демократијата и нејзината стабилност може да ја загрозат насилни и изнудени облици на уривање на системот, кои носат нови општествени неправди и нееднаквости, внатрешен социјален немир и др.

Теорискиот поим на демократијата не би бил целосен доколку не се опфати разликувањето и разбирањето на *суштантивната* и на т.н. *процедурална* демократија. *Суштантивната (содржинска или класична) демократија им* припаѓа на поранешните сфаќања и на практиката на демократијата соодветна за малобројните политички заедници (*атинскиот полис*) и заснована врз претпоставката за постоење на цврсто вообличена „волја на народот“ и широка претстава на луѓето за „општото добро“ преку рационалната човекова природа, која во политиката доаѓа до израз преку разни форми развиено непосредно учество на граѓаните.

Како обележја и фактори на *процедуралната демократија* се издвојуваат: демократската изборна процедура која поаѓа од принципот на мнозинство, но така што тоа може да биде коригирано преку разни облици на квалификувано мнозинство, или преку пропорционалниот изборен систем, слободата на мислата и нејзино јавно изразување како услов за постоење јавно мислење, слобода на печатот и сл.



Процедуралната демократија бара висока компетенција на потенцијалните лидери или раководства. Таа ги опфаќа не само проверените морални својства туку и интелектуалната способност и талент, што се постигнува преку строги методи на селекција внатре во партијата и во државниот апарат, што значи дека едно од најбитните својства на процедуралната демократија е базичниот консензус за прифаќање и за почитување на мирни и демократски правила и процедури при разрешувањето на судирите и при донесување на одлуките со почитување на демократските уставни и парламентарни начела и обичаи. Тоа значи воздржување на сите и на секој од насилни и од неморални начини при водењето на политичката борба, и што треба да биде поддржано и негувано со способност на јавноста и можност избирачите да се спротивстават на корупцијата или на неразумните, несвесните и незаконските постапки на учесниците во политичката игра.

Денес, легитимационата формула на *современата партиципативна демократија* може да се вообличи на следниов начин: еднаквото право на сопствен развој може да се оствари само во партиципативно општество, во општество кое го негува чувството на политичка ефикасност, ја стимулира грижата за заедничките проблеми и придонесува за наобразба на компетентното граѓанство кое опстојува во интересот за политичките процеси.

Како предуслов за овој тип демократија може да се изведат: непосредно подобрување на сиромашните извори на многуте општествени групи преку распределба на материјалните средства, сведување на минимум на можноста за опстојување на неодговорна бирократија во јавниот и во приватниот домен, отворени информативни системи кои овозможуваат информираност при донесувањето одлуки, ревизија на одредбите за грижа на децата – во смисла дека покрај жените, и мажите треба да имаат можност да учествуваат во нивното чување, растење и воспитување. Меѓу најважните обележја на современата партиципативна демократија треба да се издвојат: директ-

на партиципација на граѓаните при регулирањето на клучните институции на општеството вклучувајќи ги работното место и локалната заедница, реорганизација на партискиот систем во насока на директна одговорност на партискиот апарат пред членството, дејствување на партиципативни партии во парламентарната и во конгресната структура, одржување отворен институционален систем кој обезбедува услови за експериментирање на политичките облици.

Од погоре кажаново, слободно можете да извлечете заклучок дали во Република Македонија има и каква е демократијата, односно дали таа ги задоволува основните ториски принципи на овој тип современа демократија.

## ЕУФЕМИЗМОТ „ЈАВНА ДИПЛОМАТИЈА“ ВР-12.12.2008

Во последниве неколку години, читајќи ги дневно-инфромативните гласила, сè почесто се случува да го прочитаме поимот јавна дипломатија. Исто така, во неколку наврати, во своите колумни некои мои колеги се обидуваат да го употребат овој поим, но за жал во една друга и сосем искривена смисла, која не одговара на неговото вистинско значење. За да им стане појасно на читателите што денес означува употребата на овој термин, ќе се обидам во неколкуте редови подолу да го објаснам вистинското значење на овој сè почесто употребуван еуфемизам (стилска фигура, тропа), што настанува кога наместо вистинскиот израз на нешто што е непријатно и лошо, ќе се употреби поблаг и попријатен збор, понекогаш и со спротивно значење).

Од создавањето на „*Congregatio de propaganda fide*“ (Друштво за пропаганда на верата) во 1623 година од страна на папата Урбан VIII, терминот пропаганда не доживеал толку трансформации како во последниов половина век. Во периодот меѓу двете светски војни, односно заклучно со 1945 година, на Западот во оваа категорија активности можеле да се сретнат како термини *психолошко војување* и *психолошки операции*. Првиот термин датира од 1920 година, а го лансирал британсиот воен теоретичар Фулер, а подоцна го прифатиле и Американците и се служеле со него сè до крајот на Втората светска војна. Вториот термин се појавува по 1945 година, во контекст на еден американски план во врска со капитулацијата на Јапонија. „Encyclopaedia Britannica“ терминот психолошка војна го дефинира како пропаганда плус постапки (воени, политички, економски) што ги бара пропагандата, односно коишто можат да ги произведат посакуваните психолошки ефекти. Терминот „*психолошки операции*“ требало да го замени назив терминот „*психолошка војна*“ („PsyWar“) во услови на

релативен мир и на тој начин да се ублажи во војната создадената одбивност кон нив. Оттаму тој може да се смета за прв еуфемизам за пропаганда.

Ако за терминот „психолошко војување“ можеме да речеме дека му припаѓа на периодот на Втората светска војна, тогаш за терминот „јавна дипломатија“ сигурно важи сфаќањето дека тој му припаѓа на проектот наречен „Нов светски поредок“. Негова основна задача е да го пропагира тој проект, т.е. максимално да ја изманипулира јавноста на глобалната политичка сцена и да ја придобие за тој, во суштина империјалистички, светски поредок, со апсолутна американска супремација.

На интернационален план, терминот „јавна дипломатија“ е прифатен во 1960 година за да се опишат аспектите на интернационалната дипломатија во однос на интеракцијата меѓу националните влади. Во 1965 година овој термин го употребил и Едмон Галајон (Edmund Gullion), дипломат кој бил поврзан со фондацијата на Едвард Е. Мероу (Edward R. Murrow) на Центарот на Унивезитетот Тафтс (Tufts University), каде што се изучуваат правните и политичките науки. Тој ја опишува јавната дипломатија како: влијание на јавните ставови на формирањето и извршувањето на јавната политика. Исто така, и Советодавната комисија на Американскиот конгрес во 1993 година, во рамките на расправата за „Статусот и проблемите на владината агенција за информативни дејности (USIA) во променетиот свет“, се занимавала и го употребувала терминот „јавна дипломатија“. USIA (Unated States Information Agency), го користи терминот за да ја дефинира својата мисија. Тоа беше оригинално замислено како еуфемизам за чиста пропаганда.

Иако поимот „јавна дипломатија“ е јасна дефиниција за поимот пропаганда, понекогаш овој поим се класифицира и како „дијалог“ наместо „пропаганда“. Денес ефективната јавна дипломатија повеќе ги претпочита премисите на дијалогот, отколку да ги заобиколува нештата и обично најчесто на неа се гледа како на улица во две насоки.



Индиректната јавна дипломатија ги вклучува и секојдневните активности на граѓаните на интернационално ниво, катадневните културни активности и продукти, како што се филмот, театарот, туризмот, интернет дискусиите, студентските размени, организирањето разни семинари, дискусиите на академските лидери на интернационално ниво и др.

Првото место во производството на еуфемизми повеќе е од јасно дека им припаѓа на институциите кои се во служба на владата на САД. Јавната дипломатија засега е последен еуфемизам, очигледно со иста задача, да ја прикрие вистинската природа на овие видови активности и во јавноста да пласира наполно друга претстава за нив. Реорганизирајќи го дотогашниот национален американски информативен систем, со желба тој да се трансформира во систем на Новиот поредок, погоре споменатата конгресна комисија воспоставила неколку принципи, врз кои во иднина треба да се заснова јавната дипломатија.

Денес, дипломатијата во информативната ера е всушност јавна дипломатија. Со овој принцип се настојува да се каже дека „она што луѓето го гледаат и го слушаат, во истиот момент влијае на тој начин што дејствува на нивната влада“, поради фактот што во современи услови информациите се пренесуваат со молскавична брзина. Кога имате во јавноста една пуштена (дез)информација, обичниот, полуинформиран граѓанин кому му е наменета таа (дез)информација, нема услови да проверува и да дознае кој ја порачал, ја испланирал и ја создал и со која цел. Всушност, сето тоа го направила тајната дипломатија, а „јавната дипломатија“, со помош на модерната информатика, во вистинскиот момент, му пласирала на светот едно случување (информација), односно ги искористила медиумите за своите намери и цели. Дипломатијата, која е единствената преостаната суперсила во ерата на развиена информатика, само ги искористила, т.е. ги злоупотребила техничко-технолошките достигнувања. Оттаму и заклучокот дека дел од јавното мислење го порачува и го диктира владата и се

користи со него, така како што ѝ одговара. Според тоа, јавната дипломатија ја диригира владата, а во денешно време, во новосоздадените услови во светот, тоа секако дека е извршната власт на Соединетите Американски Држави.

Цинизмот на јавната дипломатија се огледа во тоа што на безобѕирноста на сопствените лаги, го присилила и целиот свет да верува во тоа што таа го пласира во јавноста. Таа присила се спроведува преку т.н. империјална индустрија на свеста, како прва фаза, а дури потоа на сцената стапуваат притисоците и заканите. Индустријата на свеста е токму тој посредник кој го елиминира секое сомневање дека можеби интересите на големите не се истовремено и интереси на целото човештво. Односно, во контекст на погоре напишаното, наместо терминот „јавна дипломатија“ како замена за психолошко-пропагандните дејства, повеќе би одговарал терминот „империјална индустрија на свеста“.

# ИГРОТЕКА НАРЕЧЕНА ДРЖАВА

ВР-09.01.2009

На обичниот Македонец, каков што, со особена чест и гордост, истакнувам дека сум и јас, во последно време сè почесто му се сервираат виртуелни војни. Како да ни беа малку оние реални конфликти од недамнешното минато, оние во кои за жал данокот во крв го плативме пак ние, „обичните“, па владејачката гарнитура деновиве, на неколку недели пред празниците, го реализира проектот – ***плеј-стејшн за секој дом.*** Изборот на игри е неограничен – од „Војна против сите останати“, преку „Војната за Бунарџик“... па сè до најновата, за мене најинтересна – ***„Војна против транзиционерите“.*** И на моја адреса, за среќа, стигна еден таков апарат. Навистина, и тој самиот виртуелен, мултимедијален, олицетворен преку ликот на владиниот гласноговорник од кратовската телевизија. И, за среќа, ми се паѓаат транзиционерите. Се радувам како мало дете, удирам по тастатурата, ама не оди...не ја разбирам играва. Кој е против кого, кого (и зошто) треба да отепам, десно транзициони – лево посттранзициони војници!!! Премногу за младиот, седумнаесетгодишен, вечно адолесцентен ум... Хм, се сетив. Го вклучувам ТВ апаратот и... бинго – на сите програми објаснување за играва! Еве го кратовскиот, истовремено и гласноговорник на позицијата, ни објаснува како требало да се игра, ако разбрав. Онака, задоволен, решив јавно да ги споделам моите стратегии на војување, па дури и на креаторите и на поддржувачите на играва од сè срце да им помогнам и да им дадам неколку насоки за да можат побрзо да ја протуркаат на пазарот.

Погодувате, станува збор за најавеното **„расчистување на власта со транзиционите политичари“!?**

Најнапред, заговорниците на оваа ступидна идеја треба на јавноста да ѝ ги објаснат критериумите за тоа кои лица ги сметаат за политичари, а дури потоа да објаснат кои се тран-

зиционите, а кои посттранзиционите политичари – колку да знаеме кој е на отстрел. Е, тука ќе наидат на многу големи дилеми, а меѓу нив и на најтешката – дали денес имаме вистински политичари, или пак политиканти-практиканти.

Најнапред, за пошироката јавност, да го објаснам значењето на претходно употребените зборови. Политичар е човек кој професионално се занимава со политика, но во преносна смисла овој збор означува човек кој е претпазлив, вешт, тактичен во работата, мудар во говорот. Од друга страна, пак, политикант е човек кој се занимава со политика од лични и од егоистички интереси, надриполитичар, демагог, интригант кој не се занимава со вистинските проблеми, а практикант е почетник во политиканството, во овој случај почетник во политиката, медиокритет. Правејќи ретроспектива на однесувањето на денешниве народни пратеници и преброрувајќи ги останати партиски војници, ми се чини дека ова второво, ПРАКТИКАНТИ-ПОЛИТИКАНТИ, доминира.

Второто прашање на кое ќе треба да одговорат е временскиот период што ќе треба да го определат за дистинкција на посттранзиционите и транзиционите политичари? За да им ја расчистам дилемата, веднаш ќе им дадам и предлог – тоа е периодот **пред и по** доаѓањето на актуелното раководство на чело на ВМРО-ДПМНЕ. Сè што било пред него нека потоне, нека го закопаат што е можно побрзо. Арно е само ова новово, ова од пред 2–3 години. Па така е и во природата – дрвјата растат без корен, а во светската политика народите и партиите немаат своја историја? Зошто кај нас би било поинаку? Едноставно, како што би кажале Еднооки, сè почнува и завршува со вас – истите вие кои до вчера бевте премачкани со сина, жолта, бела и зелена боја, денес сте фронтмени на партијата на власт. Едни наши соседи велат – „Денес црвено-црните служат само за ’пополнение на света’“. Е, токму тука лежи зајакот... и предлогот – сите црвено-црно премачкани членови и симпатизери да се прогласат за транзициони. И, верувајте, нема да биде тешко. Ќе треба само да се има малку чувство за мешање бои, а тука сте, барем засега, мошне вешти. Оние кои го милуваат сликарството, добро знаат дека кога ќе ги измешате црвено-црната, белата, сино-жолтата и зелената боја, ќе добиете портокалова, посттранзициона боја. И посттранзиционите практиканти со неа...



Како трето се наметнува прашањето: Зошто денешните посттранзициони практиканти се плашат од транзиционите политичари во своите редови? И тука одговорот е мошне едноставен. Затоа што транзиционите политичари ја прогласија сувереноста на државата, направија македонска армија и полиција, македонска репрезентација во сите гранки на спортот, ја воведоа македонската валута, македонското знаме и ја зачуваа државата во 2001 година. Има уште многу да се набројува, но епилогот ќе се наметне сам по себе – истите тие транзициони политичари, кои денес најчесто се глинени гулаби за отстрел, ја формираа партијата, им ги подметнаа удобните партиски и државни фотелји крунисувајќи ги за богови на сонцето. Повторно сум едноок – лесно е кога веќе имате бренд, да продолжите да го менацирате.

Четврто. Зошто посттранзиционите практиканти сакаат да расчистат со транзиционите политичари? Најверојатно зато што овие, посттранзиционите, ја имаат улогата на мали деца на кои некој им дал право да си играат. За жал, овојпат играчка во нивните раце е власта, а игротеката се вика држава. А пак тие практиканти, за „старите“, отфрлени транзициони политичари, се обичен селски буквар кој се чита од далечина. Транзиционите им го знаат бек-граундот, нивната „минутмајндер“ идеологија (сега лево, утре десно, само да сум во власта...) на која би им завидел секој камелеон, им ја знаат нивната превртливост, како и способноста за сопки кон сите што мислат и малку поинаку од нив. Оддалеку им ги чувствуваат егоизмот и самобендисаноста.

И на крајот, но не и помалку важно, посттранзиционите практиканти очигледно не сфатија дека токму транзиционите политичари беа креатори на денешните успешни приказни во

најголемиот број држави во Југоисточна Европа. Истите тие транзициони политичари направија свои, силни држави, успешни на секој план, а сопствениот народ го внесоа во големото семејство на ЕУ. Нашите практиканти го уриваат и она малку што го создадоа транзиционите, повторно – ЗА ЖАЛ.

И затоа сте во право кога сакате да расчистите со нив. Удрете ги, сомелете ги, да ги снема од овој простор. Но само едно не заборавајте – со тоа нема да ги избришете длабоките траги што ги оставија транзиционите ВМРО-вски политичари. Тие вечно ќе бидат врежани во свеста на македонскиот народ и натаму ќе останат на браникот на државата..А времето, онаа најрелевантна категорија, ќе суди за оправданоста на хајката. Една хипотеза е извесна – ако се ова посттранзициони политичари, дали следните ќе се нарекуваат дабл или постпосттранзициони и дали тие, новите, повторно ќе војуваат со денешниве посттранзициони?

Сè на сè, премногу ПОСТИ. Редно е македонскиот граѓанин малку и да се „омрси“. Ова, денешново, на мрсно не мириса...

## ГВАНТАНАМО

ВР-18.02.2009

Неодамнешните муабети дека затворениците од Гвантанамо ќе бидат распределени во поголем број европски држави ги разбранува и балканските политички кругови. Но, пред да се осврнам на ова прашање, неколку зборови за тоа што е Гвантанамо денес. Американската поморска база на Куба, позната под името Гвантанамо, зафаќа површина од 117,6 km2, од која 49 km2 се копно, мочуришното земјиште опфаќа 29,4 km2 и вода 38,8 km2. Оваа територија Американците ја користат врз основа на постојната Спогодба меѓу Америка и Куба од 1903 година, како и на Спогодбата за меѓусебните односи од 1934 година. Основа за овие две спогодби е Платовиот амандман на кубанскиот Устав од почетокот на XX век, кој го донело, според зборовите на кубанските власти, тогашното „нелегитимно“ Уставотворно собрание. Врз основа на оваа Спогодба, американските власти во изминативе години на име закупнина на Куба ѝ плаќаат по 4 000 американски долари годишно, односно нешто помалку од 30 долари по квадратен километар. Но, во последниве 5 децении кубанските власти немаат претворено во пари ниту еден чек што САД ги полагаат редовно во една швајцарска банка на име закупнина, бидејќи сметаат дека тој дел од Куба е незаконито узурпиран, односно окупиран, од страна на САД. И покрај тоа што на оваа територија се сместени двата аеродрома, Маккол (McCall) и Леорад поинт (Leeward Point), многумина воени аналитичари велат дека денес базата нема некое посебно стратешко воено значење.

По случувањата од 11 септември 2001 година, поточно од јануари 2002 година, Владата на САД објектите во оваа поморска база почна да ги користи како затвор во кој свое место најдоа соработниците на Ал Каида, како и воените заробеници од Авганистан, Пакистан, Ирак и другите арапски држави.

Сликите од начинот, односно од методите, на испрашување кои ги применуваат американските власти кон затворениците во оваа енклава на Карипскиот Остров од 2002 година редовно го потресуваат и го обиколуваат светот. Имајќи предвид дека ова не оди во прилог на Американците, претседателот Барак Обама, набрзо по својата инаугурација, им вети на американските граѓани дека до јануари 2010 година ќе ја затвори оваа база, а како причина се наведува фактот дека Гвантанамо наместо да ја зајакне националната безбедност на Американците, тој ја ослабел безбедносно Америка и притоа го урнал нејзиниот морален авторитет и кредибилитет. Од друга страна, овој затвор им овозможил на Бин Ладен и на неговата Ал Каида да регрутира сè повеќе нови терористи.

И покрај отпорот на Американскиот конгрес кој забрани преселување на затворениците од Гвантанамо на американска територија, претседателот не се откажа од својата намера и ветување. За таа цел, тој го ангажира Даниел Фрид, кој има за цел да убеди што е можно поголем број држави од Европа, вклучувајќи ги тука и поранешните југословенски и советски републики, да ги примат во своите затвори овие затвореници. Но, со посебна назнака дека тоа треба да бидат добро обезбедени затвори кои ја осигуруваат јавната безбедност на граѓаните.

Значи, ако така стојат работите, затворањето на Гвантанамо станува повеќе од чиста политичка нужност и тоа е прашање на време, па затоа се поставува дилемата: Каде неговите 230–240 затвореници? Тие, според тежината на кривичното дело за кое се обвинети и според својата биографија, се поделени во три групи. Правата група ја сочинуваат затвореници кои не претставуваат голема опасност, но не смеат да се вратат во матичните држави, втората се затвореници на кои ќе им се суди во САД за тероризам и третата група треба да бидат затвореници кои ќе бидат држени во притвор, бидејќи некој од американската администрација проценил дека се премногу опасни за да бидат пуштени на слобода, а истовремено не



може да им се суди поради немањето доволно доказни средства кои би можеле да бидат презентирани пред судот. И се чини дека тука лежи зајакот. Токму првата група затвореници, кои не претставуваат „голема опасност“, но исто така не се ни „светци“, претставува најголемиот проблем што американската влада мора итно да го реши. Се работи за околу 55–70 затвореници на кои со одлука на Американскиот конгрес им е забранета „релокација“ на територијата на САД.

Големите и силни држави како Британија, Франција, Ирска, Италија, Португалија и Шпанија, настојувајќи да ја споделат одговорноста за случувањата во Гвантанамо, јавно соопштија дека ќе ги прифатат затворениците. Неколку европски држави ветиле дека ќе ги прифатат затовរениците без јавно да се промовираат, но еден дел од нив и покрај тоа што се американски сојузници не сакаат да преземат дел од туѓиот срам и од туѓата одговорност. Од бившите советски републики, Грузија беше првата која ја покажа својата готовност да излезе во пресрет на барањето на американскиот преседател. Прашањето за селидба на затворениците од Гвантанамо се чини дека нема да заобиколи и некои од балканските држави, а посебно не Србија, БиХ, Косово и Македонија. За потсетување, Албанија беше меѓу првите држави која прими гвантанамски затвореници пред неколку години, а претпоставувам дека награда за тоа беше нејзиниот прием во НАТО алијансата.

Во контекст на оваа претпоставка, борците за човекови права во САД постојано тврдат дека затвори слични на Гвантанамо постојат во БиХ, односно во базата Орел крај Тузла, како и во познатиот Бондстил во близината на Урошевац во Косово. Иако нашиот северен сосед, Србија, досега не е јавно означена како потенцијална држава која треба да им даде гостоприемство на овие затвореници (иако за тоа сè погласно се зборува во српската јавност по неодамнешната посета на висок американски функционер), во соседната БиХ поранешниот министер за безбедност Тарик Садовиќ, пред неговата смена, јавно проговори дека САД вршат притисок врз Босна

за прием на овие затвореници. Една народна поговорка вели: „Ако мечката игра в комшии, причекајте, набрзо таа ќе дојде и пред ваша врата“. Ако се држиме до оваа народна поговорка, претпоставка е дека набрзо и нашата држава, како еден од лојалните соработници на САД, ќе биде „замолена“ да му излезе во пресрет на ова американско барање. Имајќи ја предвид познатата македонска гостоприемливост, плус ако зад тоа стои и „специјалната американска молба“, тогаш работите добиваат друг тек и затоа веднаш ќе мораме да поставиме и да одговориме на неколку прашања.

Најнапред, дали Р Македонија, од името на добрата соработка со САД како и нејзината поддршка, е подготвена на својата територија да прими дел од овие затвореници? Досега од нашите власти не слушнавме дали тоа и воопшто било побарано од нас, или пак тоа го очекуваат во иднина. Меѓутоа, неодамнешното експресно започнување на обновата, како и изградбата на нов затворски простор, неминовно го поставуваат и ова прашање. И тука доаѓаме до главната поента. Дали со една таква одлука, која би излегла во пресрет на евентуалното американско барање, би била загрозена нашата јавна безбедност? Дали денес имаме безбедни македонски затвори? Која е цената што ќе треба да ја платиме во иднина? Дали со тоа не ги заоструваме односите со поголем број држави каде што доминантна позиција имаат екстремните муслимани?

Доколку ова наскоро биде побарано од нас, и доколку се реши на таков чекор македонската Влада, таа ќе треба да им објасни на своите граѓани кои се тие луѓе што ќе ги прими во затворот. Дали од страна на американските власти ќе ги добие вистинските информации за овие затвореници? Знае ли дека доколку бидат примени овие исламски екстремисти, лесно може да ни се случи домашната сега-засега безбедна политичка состојба, која стои на стаклени нозе, брзо да ни се скрши. Дали има податоци дека некои од затворениците се буквално киднапирани по светот, дури и по улиците на држави, како, на пример, Велика Британија, Италија, Германија? Дали не



треба да знае дека оперативците на ЦИА, за да ги исполнат очекувањата на своите шефови и да ги задоволат политичарите, некои од затворениците ги „купиле за пари“, односно им се продадени од локалните соработници на ЦИА, посебно во Авганистан и во Пакистан. Адвокатите сигурно јавно ќе запрашаат: „Врз основа на кое право некој ќе биде донесен в затвор во Македонија, доколку сè уште не е осуден, и дали некој кој не направил кривично дело на македонска територија може да биде суден од страна на нејзините судови?“ Исто така, нашата Влада ќе мора да објасни и кој ќе им биде статусот на овие новодоселеници во државата, како и да одговори на голем број други прашања што ќе се постават во иднина. Од друга страна, некои држави кои веќе примиле затвореници од Гвантанамо, нив не ги држат во затворите туку во некој вид куќен притвор, што мора да признаеме дека е навистина скапа и ризична работа која во оваа криза ќе падне на товар на македонските плеќи. Нема дилема дека американската администрација би била задоволна доколку и Македонија ја прифати оваа евентуална идна непристојна понуда. Засега во однос на ова прашање нашите власти молчат, но молчењето не секогаш е злато!

# НЕКОИ ФУНКЦИОНЕРИ СТАНАА АПАШИ НАД АПАШИТЕ

ВР-11.06.2009

Пред да го напишам овој мој текст, подолго време размислував дали треба еден професор да се занимава со вакви работи, особено ако за тоа си има надлежни органи во државата. Но, откако ми стана јасно дека од тоа ќе нема ништо, решив јавно да ги споделам со јавноста моето размислување и моите сознанија, па белки ќе се сетат премиерот, надлежниот министер и Антикорупциската комисија дека конечно ќе треба да преземат мерки за ова што го пишувам подолу, а кое мислам дека им е мошне јасно на сите – освен на оние кои треба да преземат нешто. Имено, се работи за сè поголемата корупција којашто подолго време е присутна и видлива кај функционерите кои сега се на власт. Јавно го поставувам прашањето: Зошто, и покрај очигледната кражба, досега никој не презема ништо? Сите антикризни мерки што ги презема владата се ништо, и не ќе има потреба од нив, доколку не ги стопира своите функционери во натамошното безмилосно крадење на државата и на граѓаните на Република Македонија.

Во своето крадење, дел од актуелните функционери отидоа предалеку, ги надминаа ненадминливите СДСМ-овци. Станаа апаши над апашите. Доколку сакаат сериозно да се зафатат со лекување на оваа болест (за да не добие размери на пандемија, ако веќе не е тоа), премиерот и останатите надлежни ќе треба сериозно да речат СТОП за криминалот и да почнат со сечење од корен на пипалата на ова октоподиште. Казнените мерки за овие крадци, колку и да бидат болни за партијата на власт, ќе мора стоички да се издржат за доброто на сите нас, за доброто на Македонија. За почеток е доволно само да се провери какви коли возат сегашниве функционери, а какви возеле пред да дојдат на функцијата, и по колку станови купиле откако се на функција за себе и за своите деца. Но,



ова не е сè, нека се провери какви и колку џипови се купени на име на своите сопруги и љубовници и како за кратко време станале сопственици на фабрики, а притоа се и директори на јавни претпријатија, на разни агенции и служби само по неколку години. Само нека се спореди што имале пред неколку години кога ја презеле функцијата, а што имаат сега. На нивното натрупано богатство за само неколку години, можат да им позавидат и најголемите светски бизнисмени.

Навистина, не ми е јасно зошто сè досега не се преземени мерки против очигледниот криминал на директорот кој ја градеше, а денес и управува со една од спортските сали во државата. Жално е што и покрај оставката на претседателот на Надзорниот одбор на оваа институција за која пишувам, кој јавно не се согласи да ги потпише документите и ситуациите со десетина пати зголемени цени, надлежните не презедоа ништо. Човекот си даде оставка која беше прифатена како да не било ништо и притоа експресно е назначен нов претседател на Надзорниот одбор, кој без око да му трепне ги потпишува овие ситуации. Новиот претседаел на Надзорниот одбор брзо се снајде во својата нова улога и влезе во веќе разработената шема. За случувањата и за бескрупулозната кражба во оваа институција не беа доволни ниту пишувањата на еден македонски неделник. За информација на читателите, ваквите објекти во Република Хрватска чинат најмалку 7–8 пати поевтино отколку што изградбата чинеше кај нас. Претпоставувам дека не е преземено ништо досега поради големиот срам што ќе пукне во јавноста, бидејќи директорот на овој објект Партијата на власт од политички мртовец го претвори во активен потрчко, но и поради неговото блиско пријателство со директорот на УЈП на РМ.

Исто така, треба јавно да се проговори и за процентот за исплатените средства (популарно наречен аванта, рекет и сл.) што министрите и нивните пајташи им го бараат на разните фирми што соработуваат со министерствата. За да им бидат исплатени легално заработените средства што подолго

време министерствата им ги должат на своите соработници, рекетот достигнува и до фантастични 50%. Проверете колку најголемиот коалиционен партнер, односно министерот кој раководи со ова министерство кое е формирано пред десетина години, му побара и му зеде на лицето А.М.Љ. Проверете колку му бараат за да му ги пуштат и останатите средства што му ги должат. Премногу, господа надлежни! Овие ваши функционери усул немаат, па уште и му се заканувaат на човекот. Ете до каде дојдовме??

Купувањето и продавањето кандидатура за градоначалник, за советник, за пратеник или друг функционер е јавна тајна, за која изгледа не знаат само оние кои треба да преземат нешто. Кандидатите за градоначалници на овие избори, на еден дел од партиите во коалицијата, мораа да им платат затоа што се кандидирани. Цената за едно градоначалничко место во околината на Скопје, каде што свој кандидат кандидира една мала партија на една етничка заедница во коалицијата на Груевски, достигна до фантастични 20 000 евра, што несудениот градоначалник мораше да ги даде за „партијата", а плус човекот и сам си ја финансираше својата кампања. Проверете колку илјади евра претседателот на оваа мала партија им бара на функционерите што ги поставил во институциите што ѝ припаѓаат на неговата партија како божемна помош за партијата. За да не се мачите, ќе ви кажам дека сумата е точно 10 илјади евра, кои доколку не ги депонираат во „партијата", во скоро време ќе побараат нивно разрешување. А тоа впрочем и се случи пред неколку дена. Владата експресно, по предлог на претседателката на Кадровската комисија на Владата на РМ, го разреши директорот на една новоформирана институција, а по претходно барање на претседателот на малата партија – коалиционен партнер на ДПМНЕ.

Дали треба да ги споменувам сѐ позачестените пишувања на новинарите и нивните серозни сомневања за криминалот во владината служба за општи и заеднички работи при реконструкцијата и опремувањето на претседателската вила



Анекс II, за криминалот на бившиот привремен градоначалник на Општина Карпош, за сомневањата со експресните измени и дополнувања на деталните урбанистички планови, посебно за време на мандатот на бившите градоначалници на Кисела Вода, Центар и др.

Меѓутоа, и покрај тоа што сум сигурен дека ова, повеќе или помалку, многу одамна му е познато на премиерот, навистина не ми е јасно зошто тој молчи и не презема ништо. Доколку се плаши за својот рејтинг, веднаш ќе му одговорам дека нема потреба, бидејќи преземените мерки против овие криминалци само ќе му го зголемат рејтингот, кој по сето она што се случува на економски план сериозно може да ја фати удолницата.

## НА МАКА СЕ ПОЗНАВААТ ЈУНАЦИТЕ ВР-18.06.2009

Секојдневно сè повеќе и погласно ни се наметнува ставот на актелниот премиер и на Партијата на власт дека за смена на нашето име ќе биде потребно да се распише референдум, на кој граѓаните би ја донеле конечната одлука за промена на нашето име, што, за жал, е наша неминовност. Но, и покрај ова гласно говорење и повикување на референдум, ме зачудува како сè досега никој од толку „силните советници“ на премиерот и на претседателот никој не се сети малку и на правната регулатива. Како тие „силни и учени“ советници не ги советуваа премиерот и претседателот малку да погледнат во содржината на позитивните законски прописи, односно да го стават прстот на челото и да се запрашаат: Дали за распишување референдум во однос на името постои правна основа? Ако внимателно го погледнете нашиот Устав, ќе видите дека тој мошне штуро се осврнува на ова прашање, поточно Уставот го разработува прашањето за референдум само во членовите 73 и 74. Но, ова прашање е солидно разработено во „Законот за референдум и други облици на непосредно изјаснување на граѓаните“ **(Сл. весник на Р Македонија бр. 81 од 27.09.2005 год).**

**И на секој лаик кој внимателно ќе го прочита овој закон, кристално ќе му стане јасно дека донесувањето дефинитивна одлука која ќе послужи за решавање на името по пат на референдум, во нашето законодавство апсолутно нема правна основа. Но, да објаснам малку пошироко. Имено, според член 2 од овој Закон,** „Референдумот е облик на непосредно изјаснување на граѓаните во одлучувањето за одделни прашања од надлежност на Собранието на Република Македонија за прашања од надлежност на општините, на градот Скопје и на општините во градот Скопје, како и за други прашања од локално значење“. Членот 6, став 1 гласи: „Референдум може да се распише за целата територија на Република Македонија“. Членот 20, став 1 и став 2, вели дека: „Референдум на државно ниво распишува Собранието на Република Македонија“ и „Собранието распишува референдум на државно ниво по сопствена иницијатива и по предлог на најмалку 150 000 граѓани“. Членот 23 објаснува дека „референдум на државно ниво задолжително се распишува за усвојување на одлука на Собранието за менување на границата на Република Македонија и на одлука за стапување или истапување од сојуз или заедница со други држави“.

Овој закон прави разлика меѓу претходен и дополнителен референдум. Имено, членовите 24, 25 и 26 говорат дека „референдум на државно ниво може да се распише и за потреба од ратификација на меѓународни договори и за други прашања од надлежност на Собранието (претходен референдум) и за одлуки донесени од Собранието, или за изјаснување на граѓаните за други прашања за кои одлучувало Собранието (дополнителен референдум)“, што значи дека претходен референдум на државно ниво може да се распише за прашања што треба да се уредат со закон, а дополнителен за преоценување на закон што претходно е донесен (дополнителен референдум), или, пак, доколку сакате поедноставно: „претходен референдум може да се распише за: определено прашање што треба да се уреди со закон и уредување на определено прашање што не е уредено со закон, додека дополнителен референдум може да се распише за преоценување на закон што претходно е донесен“.

Членот 28 е посебна приказна и тој на мошне јасен начин укажува на прашањата за кои **не може** да се распише референдум. Тој гласи: „Референдум на државно ниво не може да се распише за прашања што се однесуваат на Буџетот на Република Македонија и завршната сметка на Буџетот, за јавните давачки, за резервите на Република Македонија, за прашања на изборите, за именувањата и разрешувањата и за амнестијата. Референдум на државно ниво не може да се распише за прашања што се однесуваат на одбраната, воена и вонредна состојба и за уредбите со законска сила донесени за време на

воена или вонредна состојба. Референдум на државно ниво не може да се распише за прашања за кои Собранието одлучува со мнозинство гласови од присутните пратеници, при што мора да има мнозинство гласови од присутните пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија."

Значи, никаде во овој Закон не можеме да најдеме одредба која се однесува на распишување референдум за промена на името на нашата држава. Но, сепак не смееме да го заборавиме **членот 27**, кој донекаде (повторувам, само донекаде) може да даде делумна правна основа за решавање на проблемот со името преку референдум, но сепак мора да се има предвид дека ваквиот облик на т.н. **консултирачки референдум** не ја задолжува власта да мора да реши едно прашање така како што ќе одлучат или нема да одлучат граѓаните, односно тој служи само за консултација (ако сакате, и како морална поддршка или пак неподдржување), но сепак конечната одлука ќе треба да ја донесат оние кои управуваат со државата. Но, за да нема забуни кај читателите, јас дословно ќе го цитирам членот 27: „За претходно консултирање на граѓаните за прашања од поширoко значење за Република Македонија може да се распише референдум на државно ниво за консултирање на граѓаните (референдум за консултирање)".

Значи, одредбите од Законот се мошне прецизни и јасни. Референдумот можете да го искористите само за консултирање, што значи дека не се работи за задолжителност и затоа конечната одлуката сепак треба да ја донесат оние кои ја водат државата. Поинаку кажано, распишувањето на ваквиот единствено возможен референдум во нашава држава во однос на ова прашање не носи облигација за власта и ниту може да послужи како алиби и затоа на крајот ќе се послужам со една народна поговор која вели „На мака се познаваат јунаците".

# СУДИИ БОЈОСАНИ ВО СИНО И ЦРВЕНО

ВР-14.07.2009

Деновиве сè почести се шпекулациите дека во октомврискиот извештај на Европската комисија за напредокот на Република Македонија, судството ќе биде прогласено за слабост број еден во државата. Шпекулациите одат дотаму што веќе јавно се говори дека октомврискиот извештај ќе содржи критики за сè уште големиот број заостанати предмети, за мешање на политиката во работата на судските органи, за повторно пуштање на корењата на роднинските врски во судството, за малобројна и недоволно едуцирана судска администрација. Кон ова секако дека ќе биде додадено и јавното признание на претседателот на Судскиот совет дека Советот е подложен и трпи политички влијанија, по што судството по којзнае кој пат ќе биде вброено во најголемите слабости на државата што ја кочат на патот кон евроинтеграциите. И токму поради тоа, амбасадорот на Шведска во нашава земја, Ларс Фреден, при претставувањето на приоритетите на шведското претседателство со ЕУ, ѝ порача на нашата актуелна власт да не отстапува од зацртаното, а за да добиеме позитивна оценка во Извештајот, ние мораме да ги исполниме реформите во судството и да ја професионализираме јавната администрација. Кон ова се надоврза и евроамбасадорот Ерван Фуере, кој јасно ни порача дека судството и реформите во јавната администрација се главните слабости на државата и дека правните реформи сè уште заостануваат и нема доволно докази што покажуваат дека судството е целосно независно. Со сличен став неодамна излезе и Хелсиншкиот комитет, кој тврди дека реформите се закочени, а правосудството е доведено во ситуација на гниење однатре, кое е стимулирано со интервенциите од дневната политика.

Колку што ме држи сеќавањето, во минатогодишниот извештај на Европската комисија јасна беше оцената дека има мал напредок во судските реформи. Што се случи во меѓувре-

ме? Зошто сето ова, зошто од позитива отидовме во негатива? Познавачите на оваа проблематика велат дека тоа е резултат на спорот меѓу ЕЛЕМ–ЕВН, кој на нозе ги крена сите меѓународни организации и странските амбасади. Но, дали само овој случај ќе придонесе за негативната оцена во областа на правосудството? По сѐ изгледа, не. Да се потсетиме на случајот со Васил Тупурковски, кој во неговата борба за правда и слобода во Македонија, во борбата за својата невиност, излезе пред македонските граѓани, но човекот отиде дури и во САД – пред тамошните институции да ја докажува својата невиност и работата на македонските судови. Исто така, неодамна на седница на постојната собраниска Анкетна комисија произлегоа и сомневањата за неоправдано осудени лица во случајот Сопот, сомневања за прекршени човекови права на тринаесеттемина обвинети. И тоа сигурно дека не е сѐ, зошто допрва ќе излегува сѐ повеќе на виделина.

Иако во принцип се согласувам дека одлуките на судовите, а посебно кога се работи за одлука на највисокиот суд во државата, не се коментираат – сепак, желбата да им ставиме крај на ретроградните процеси и односи во судството, да ги разобличиме несовесните и нестручни судии кои ја кројат судбината на многу македонски граѓани, е поголема од овој принцип. Токму затоа, во прилог на претходно кажаното, ќе се обидам во подолните редови сосема кратко да укажам на уште еден лош пример од работата на највисоката судска инстанција во нашата држава, поточно на лошата работа на определени врховни судии. Имено, неодамна оваа врховна судска инстанција, поточно Судскиот совет кој решавал по барање за ревизија на предмет каде што како тужител се јавува НН лице а тужена е една приватна институција, направил такви (претпоставувам, свесни) катастрофални грешки на кои може да им позавидат дури и лаиците. И покрај правилно утврдената фактичка состојба како и материјалните докази утврдени од страна на првостепениот и на второстепениот суд, сепак советот на Врховниот суд, од необјасниви причини, во образложението за усвојување на ревизијата, се впушта во констатација и произволно конструирање на состојба којашто воопшто и не била констатирана од двата пониски суда, а и воопшто и не постоела. Ги затвора очите пред очигледните факти и јасно образложени причини, кои биле пресудни за донесување на првостепената и на второстепената пресуда. И се поставува прашањето: Зошто му е сето тоа на овој Совет? Познавајќи ја практиката на работата на судските совети, кога еден предмет им се доделува за решавање, вообичаено е него да го работи, односно да го проучува, еден судија. По „разработката", односно по „проучувањето" на предметот, тој судија потоа реферира пред останатите членови на Советот и членовите најчесто го прифаќаат извештајот и го потпишуваат, притоа без да навлегуваат поподробно во содржината предметот. На овој начин се остава простор за манипулирање, како и простор за „сопствено" гледање на оној кој го работел предметот, а пак одговорноста да ја подели со сите свои колеги-членови на Советот, односно да се затскрие зад нив. И токму поради ова ни се случуваат апсурдности во судството и имаме апсурдни судски одлуки. Жално е што ова е последна судска инстанција и незадоволните странки во една судска постапка немаат право да се жалат и да ја оспорат ваквата ситуација и практика, која остава простор за самоволие и за пристрасност на определени судии од највиската инстанција. Што потоа им останува на незадоволните? Едноставно, почнуваат од почеток, си ја кршат главата по судските ходници, чекаат со денови да се закаже рочиште, а адвокатите задоволно си ги тријат рацете, итн.

Ова можеби е премногу мал случај во однос на сето друго што ни се случува во оваа област. Ова е само една мала капка неправилност, субјективност, нестручност и пристрасност во морето наречено судство. Но, токму многуте мали капки што сиве овие години се собираа во ова море, нѐ доведоа до оваа ситуација во која сега се наоѓаме, а тоа е: судството да ни биде пречка за нашата евроинтеграција. Во контекст на ова, посебно би сакал со моите читатели да ја споделам загриженоста за сѐ погласните шпекулации кои кружат во јавноста за судиите бојосани со сина и судии обоени со црвена боја.

## ИНКВИЗИЦИЈА – ИЛИ ЗА МАКЕДОНСКАТА КАЗНЕНА ПОЛИТИКА

ВР-24.07.2009

Паркираш пред „Бастион", или „Мечос", порачуваш визит-карти во „Графика" и додека договараш, доаѓа пајакот, кој инаку е декор и домашно милениче на Ленинова (а никаде го нема на Цветан Димов или на Јаја-паша), ги става тоа краците и... крева ли крева. Излегуваш, колнеш, молиш, тивко во себе паѓа и некоја пцост и се обидуваш да „избоксираш" да платиш „само" 2 000 денари, демек да не ти ја однесат колата на плац. И, ако се смилува полицаецот, куртулуваш со оваа сума. На крајот доаѓаш до констатацијата дека како „солидно" платен професор, овој месец ќе работиш „само" три-четири дена за да ја одработиш казната.

Да, станува збор за казнената политика во Македонија, па ако ги отфрлиме пцостите, муабетот се сведува на следново: Уставно загарантирано право на секој човек е да работи и преку трудовата активност да ги остварува своите права на достоинствен живот. Обврска на државата е да им обезбеди на граѓаните услови за остварување на ова нивно право, преку нивно вработување и ред други социјални мерки. Така задовол(е)ниот граѓанин, пак, е обврзан да ги почитува и да ги применува правилата на игра кои ќе му ги наметне општеството. Граѓанинот, сепак, е само граѓанин и не ретко прави чекори надвор од овие правила. Откако државата ќе ги исцрпи сите инструменти што ѝ се на располагање за контрола врз послушноста на граѓанинот, се поминува на мерката – казнување. Од друга страна, основен принцип во правото е дека „казната треба да е пропорционална на делото и да одговара на неговата тежина".

Од муабетов испадна дека кај нас не ќе е баш така?!

Ако ја прашате за нејзиното уставно право на работа, најбројната половина милионска армија невработени, дали е задоволна од нејзиниот патрон, државата, одговорот е НЕ. Да бидеме искрени, во тој поглед Македонија е сè, само „ветена земја" – НЕ. И во еден таков амбиент на општо незадоволство и колективна депресија, државата ја игнорира својата недоизграденост и бесконечна адолесценција и безрезервно, бескомпромисно, КАЗНУВА. Го казнува обичниот граѓанин за сè и сешто – за фрлено догорче, хартиено шамиче, погрешно паркирање... Заборава дека на располагање ѝ се и останатите инструменти, како опомените, едукацијата и развивање на свеста. Анахроно и небулозно – казните кај нас се ПРВА, а не ПОСЛЕДНА мерка. И тоа се казнува дебело и неодмерено – од 50 до 5 000 евра и повеќе!!!

Најевтино ви е плукањето и фрлањето догорчиња. За тоа ќе треба да одвоите само една петтина од вашата просечна плата. Пребрзото возење ќе ве олесни за една и пол плата. Еден сопственик на трафика од два метри квадратни, пак, ќе треба да одвои околу 4 500 евра (за голема среќа, во денарска противвредност!!!), доколку трговската книга не ја чува во објектот. А замислете, целата стока во дуќанчето на трговецот не вреди повеќе од 4 000 евра. Исто толку ќе плати и малиот угостител ако му „уловат" пушач во салата (што, според статистиката, одговара на нешто повеќе од полугодишната негова заработка – просечниот личен доход на трговецот-поединец плус изразената добивка на крајот на годината). Неодамна уловените проститутки, исто така, ги казнија со глоба од 700 евра. Што мислите, како ќе ги платат овие средства? Од тутунот, или повторно ќе бидат приморани да ѝ се вратат на улицата?

Овде навистина не ја гледам ефикасноста и целисходноста на изречената казна. Ако сето ова горенаведено е пропорционалност на висината и тежината на казната со делото, горенаведениот основен принцип на правото, јас сум во длабока заблуда. Колку за споредба, доколку во тепачка некому со намера му нанесете лесни телесни повреди – ќе платите 1.000 евра!? Во контекст на ова, еден трговец гледајќи нажалено во штотуку изречената казна за трговското книжуле деновиве ми вели: „Излегува дека е 'подобро' да направам четири-пет те-

пачки денес и да им нанесам на противниците лесни телесни повреди, отколку да го заборавам трговското книжуле дома“. Си размислувам за оваа констатација на трговецот и се согласувам дека сето ова е парадоксално, во најмала рака.

Ќе речете, казнуваат секаде во светот. Да, недвосмислено, ама во организираните општества првин се создаваат неопходните предуслови за почитување на легислативата. Кошници за отпад има на секој чекор, безброј обележани паркинг-простори, децениска едукација за штетноста од пушењето, а плукањето на улица е несврзливо со нивниот ментален склоп. И да не го заборавиме најважното – нивната просечна плата е дваесетина пати поголема од нашата, а висината на казните е речиси на исто ниво (правев компарација со ирското законодавство, како земја која нашите политичари милуваат да ја користат како модел).

Кога сме веќе кај Ирска, фрлив поглед на нивниот проектиран буџет за 2009 година, ама ставка за приход од парични казни – не најдов. Не дека ги нема, ама не се за споменување. Но, затоа проверете во нашиот буџет колкава е ставката приходи од парични казни? За тековнава 2009 година, државата планира да собере нешто повеќе од 535 милиони денари. Поделете го ова со бројот на платежно способното население во Македонија, ќе дојдете до заклучокот дека секој од нас идната година ќе биде казнет со 1 000 денари. Платежно неспособните, оние околу 400 000, грешници не по своја вина, ќе вршат некоја општествено корисна работа. Некој повеќе, некој помалку... Кога сме веќе кај казнувањето, топло би им препорачал надлежните институции да направат анализа за да видат кој плаќа казни, но таа анализа нека ја опфати и етничката припадност, како и местото на живеење на казнетите. Од прва ќе се воочи дека имате привилигирана етничка група и дека нејзините припадници се граѓани од прв ред, односно се заштитени како бели мечки.

Се прашувам и нешто друго – каде е тука фер-плејот, оној законскиот, кога граѓанинот ја казнува државата. Не мислам на она казнување на секои четири години кога се одржуваат изборите, туку на легалните, секојдневни форми на оваа можност, како и на задолжените институции што треба да го заштитат граѓанинот. Вака изгледа дека ти се неефикасни, заборавени и имагинарни институции, далеку од нас граѓаните, далеку од реалноста...



Кулминација на сево погоре кажано е неодамнешната кампања во која, додека полицаецот ја става казната за погрешно паркирање на ветробранското стакло и во текстот ве убедува дека „тоа е патот кон Европа“ (а не недостигот на паркинг-простори и инфрастуктурниот хаос!!!), кажува повеќе од илјада зборови.

Не бива вака, почитувани, не можете да имате благосостојба, радост и насмевка на лицето на граѓаните, доколку надлежните различно ги третираат граѓаните (на едни можат, а на други не смеат да им наплатат казна), доколку имате драконски и неодмерени казни, како и данок за прекумерно вдишување кислород.

П. С. Ако имате навика да плукате на улица, носете ситни евра, препорачливо е по 50 евра. Може да ве забележи полицаец, па ако имате цела стотка, а тој нема да ви врати кусур, ќе ве замоли да плукнете уште еднаш...

# ПРЕД ЛОКАЛНИТЕ ШЕРИФИ И РЕСЕНСКОТО ЈАБОЛКО – ЦРВЕНЕЕ *(ОКТИСИ, ЈОК... ТИ СИ)*

ВР-28.07.2009

Чиста математика – објавување комерцијален текст на внатрешна страница во некој од македонските дневни весници чини околу 30 000,00 денари, плус ДДВ, се разбира. Цената, во зависност од тиражот на весникот, може да биде и повисока, но никако пониска. Ако сте суверен владател и своите успеси сакате да ги „споделите" со рајата, ќе одвоите и пристојна сума за рекламирање на истата содржина и во локалните медиуми (пишани или електронски). Ама некако мојава математика не држи вода – или јас грешам, или пак новите локални функционери имаат храброст (и дрскост) јавно и, за жал, скапо, да ги покажат својот простотилак и ниското чувство на одговорност.

Било криза, ама, за среќа, била светска, а не наша. И препораките на светските финансиски експерти за штедење, посебно во јавната администрација, долго време не допираа до сетилата на нашите политички елити. Конечно, пред околу два месеца, гореспоменатите се одважија да признаат дека криза сепак ИМА. Падна имунолошката бариера и Владата почна да апелира да се штеди...и да се ШТЕДИ.

Политичката елита ретерираше. Арно ама, се чини дека новоизбраните градоначалници не ја разбраа пораката. А мојата весела математика е наменета за дел од нив. Еве што, за скромна шестцифрена бројка, еден ваков тазе градоначалник од Ресен им презентира на читателите во еден македонски дневен весник преку божемното давање отчет за сработеното во првите сто дена од неговото седнување во градоначалничката фотелја.

Во остварувањето на активностите предвидени во неговата предизборна програма: овој тазе градоначелник како свој најголем успех го посочува, замислете, секојдневното ажурирање на интернет страницата **www.resen.gov.mk**! За него успех е и тековното одржување на водоводниот систем (!) и тековното одржување на зелените површини (!!). Понатаму, овој за овие сто дена изнаработен градоначалник, вели дека ја засилил соработката со Советот на општината Ресен (!!!), инаку и ова е негова законска обврска, работел на издигнување на еколошката свест (???), и на развивање на соработката со граѓаните – на прашања и барања ќе се одговара во најкраток можен рок и, замислете, во 21 век, преку и-мејл, телефонски и со директни средби (што исто така е негова законска обврска). Лавовски успех меѓу позначајните активности во стоте дена работење на овој функционер е и „размената на искуства со делегацијата од регионот Долна Нормандија од Франција". Аллллоо..., Долна Нормандија е тоа, читателу. Можеби на залезот на неговата кариера ќе разменат мислења и со горниот дел на оваа Нормандија. Е тоа ќе биде успех за паметење, успех за векови...

Е, сега за математиката. Заклучуваме дека за само сто дена човеков постигнал толку успеси на кои треба да му завидуваме сите ние. Човеков се отепал од работа. Да молчиш и да се чудиш на оваа будалштина до будалштина, на овој „успех до успех". Нема што, зрело за Гинис, ама за рубриката – глупости. А за трошоците околу презентацијата на стоте успешни денови (или чекори беа), градоначалникот потрошил и завидна сума народни пари. Пари за кои може најмалку еден месец да ангажира петмина сезонски работници за, на пример, чистење на валканите ресенски улици. Или ќе ја исчистат реката од фрлените јаболка на незадоволните земјоделци, сцена што ја видов неодамна на вестите и која ме поттикна да ја споделам оваа небулоза со вас.

Сепак, некој партиски гуру се сетил и оваа ноторна глупост е исправена веќе утредента – во оглас, во други два весника, каде што сега партијата (нова небулоза...) дава отчет за НЕГОВАТА ангажираност. Е тука, во исправката, веќе ги нема оние големи претходно наброени достигнувања и намес-

то осумнаесетината постигнувања од претходниот ден, наброени се „само" единаесет „невидени успеси". Исправкава (како што јас гледам на овој повторен оглас), повторно потроши шестцифрена сума народни пари, но сега веројатно наместо од општинската – се извлечени од партиска каса. Колку за ваша утеха. Браво за придонесот во намалувањето на последиците од економската криза.

Крајот на минатата недела ќе го паметиме и по уште една бизарност на нашите избраници. Имено, ни се случи воскреснување на конфликтниот липковски „**командант Вентили**"! Овојпат во ликот и, за жал, во делото на струшкиот градоначалник. По стапките на својот истомисленик од Липково, новиот командант на политичката сцена во Република Македонија реши едноставно да ги сопре вентилите на новоизградениот, долгоочекуван и долго најавуван водовод во селото Октиси, општина Струга. „Ќе го заврти он вентилот", како што самиот изјави во телефонското јавување во вестите на 26 јули, „онака, па ќе видиме..."?! Оти, би прашале октишанци? Оти не бил поканет на неговото отворање и пушчање во употреба!? Некојси пратеник од македонското собрание ги собрал ловориките што тој ги планираше за својата витрина и за своите први 100 денови. Бадијала си ги триеме очите, си ги чепкаме ушите. Изгледа не ќе да е до сетилата, до човекот е... Некои луѓе се подготвени за политичко поенче да им ја секнат водата на своите сограѓани?! И тоа на 43 степени Целзиусови! И тоа во 21 век! И тоа „онака", нон-шалантно. Демек, ја брендирал градоначалникот водата, од џеб вадел за изградба на водоводот, па сега, ако е расположен, ќе ѝ „пушча вода" на рајата!

Господа надлежни? Допираат ли до вас (малото „в" не е печатарска грешка) ваквите случки, случки од темното минато. Или повторно ќе го казните со тоа што ќе го поставите за министер. За земјоделство и водостопанство, на пример?! Сѐ додека вие, надлежните институции, молчите за ваквите јавно искажани и реализирани закани на локалните моќници кон своите сограѓани, очекувајте граѓаните сами да ја истеруваат



правдата. Ама со законски средства што им стојат на располагање, како што тоа со векови го прави Македонецот, со големо „М". Од моето скромно искуство и сознанија од теренот, очекувам наскоро тоа да биде иницијатива за распишување референдум за доверба на нивниот командант, се извинувам градоначалник.

За да не биде од црно поцрно, бела дамка во овој црн декор беше реакцијата на министерот за транспорт и врски да не присуствува на свеченото пуштање во употреба на водоводот. Претпоставувајќи какви последици може да предизвика политизирањето на еден ваков свечен чин, едноставно младиот министер реши да не присуствува. Од она што го следам, ова е можеби првото неприсуство на место каде што може да се собере некој политички поен. Но, сепак дилемата е: оти неприсуство? Доколку малиот беше присутен, можеби ќе ја немавме бурно-емотивната и непромислена реакција на градоначалникот пред ТВ камерите, а пратеникот и сите останати во овој циркус рамноправно ќе ги поделеа политичките поени, па можеби и ќе ги закопаа воените секири и ќе склучеа примирје за доброто на сите.

Наспроти овие два ступидни случаја, имаме сосема спротивен, позитивен пример на домаќинско работење на новиот градоначалник на Крива Паланка, кој чинам повторно е од редовите на ВМРО-ДПМНЕ. Значи, не е до Партијата, до човекот е. По предлог на овој почитуван градоначалник и со поддршка и одлука на мнозинството во Советот на Општината (иако, за жал, советничките групи на СДСМ и ЛДП немаа доблест да гласаат за овој предлог) солидарно се намалија платите на вработените и надоместоците на советниците за да можат непречено сите вработени во Општината (вклучувајќи ги и четиринаесеттемина вработени пред локалните избори) да земаат плати до крајот на годинава, односно до новата систематизација. Пример за тоа како се надминува криза, пример за почит.

Учете од него, а не од системот на хартија, којшто многу говори а ништо не кажува...

# МАКЕДОНИЈА – БАЛКАНСКИ, ФАКИНГ ВЕТРОМЕТ...

ВР-14.08.2009

Еден уредник во едно дневно информативно гласило неодамна во својата колумна напиша: „Дефинитивно, опасни теми се вртат летово“. И навистина, по сè што ни се случи, целосно се согласувам со него. По сè изгледа дека секогаш кога ќе биде соопштена некоја добра вест за нашата држава, посебно кога таа ќе дојде од страна на ЕУ, нашите комшии, како и внатрешните непријатели, веднаш, оркестрирано, наметнуваат и создаваат проблеми, со цел позитивното да го направат негативно, белото да го претворат во црно, едноставно – да ја анатемисаат Македонија. Ќе треба ли конечно некој да ги подучи Македонската влада и надлежните институции дека овие обиди за мешање во внатрешните работи на нашата држава, проследено со досега во политиката невидени инсинуации, разни гнасотии и подметнувања од нашите ни „драги и блиски“ соседи, како и сè поглупавата реторика и мисла на еден дел од нашите домицилни „умни глави и самонаречени експерти“ (најчесто изразена преку повикувањето на другите држави да преземат мерки кон својата сопствена држава!), не е добро за самите нас и за нашата иднина. Сето ова ми личи на село без кучиња. Наместо Владата на Р Македонија остро да реагира на сè позачестените провокации на нашите загрижени соседи и внатрешни непријатели, за жал таа реши  – да молчи. Реши да се повлече, или пак млако да реагира, колку да се каже... Ваквиот начин на заштита на сопствените права и дигнитет, ваквиот обид да не се реагира на директното мешање во внатрешните работи на нашата држава, секако дека не носи позитивни и квалитетни резултати ниту на краток, а уште помалку на подолг рок. Тоа ми изгледа исто како во детската игра кога сите си поигруваат со најмалото дете, се подбиваат со него и постојано му удираат ластици, а тоа сиротото само молчи.



Како поинаку да се протолкува пасивноста на нашата влада на провокативната изјава на српскиот претседател Тадиќ дека на македонска територија постојат кампови за обука на албанските терористи кои никнуваат како печурки по дожд и кои на нивниот југ им прават сериозни проблеми. Лично за мене, ова претставува обид по којзнае кој пат српскиот претседател да ја наклевети Македонија како виновник за случувањата во Прешевската Долина, односно на тромеѓето Прешево, Медвеѓа и Бујановац. Доколку со оваа изјава тој сакаше пред домашната и меѓународната јавност да се оправда за сè позачестените недоразбирања со Албанците, како и за сè позачестените напади од нивна страна на српските полицајци на оваа територија, тогаш таа не може никако да се оправда со истурањето вина врз грбот на Македонија. И наместо нашите власти со резигнација да ја одбијат оваа констатација на српскиот претседател, тие решија да молчат. Да не им се налути „постариот брат“, со кој одвај ги затоплија односите по признавањето на Косово.

Следниот случај се појави откако Оли Рен, комесар за проширување на ЕУ, изрази надеж дека ќе ги исполниме условите за добивање датум за преговори за членство во ЕУ. Но сега, по којзнае кој пат, се јави Бугарија. Новата бугарска власт, тазе седната во државните фотељи, почна да дели оригинални бугарски поуки и рецепти. А тие се однесуваат на тоа дека Р Македонија не може да стане членка на ЕУ сè додека екс-македонската мома Спаска Митрева, Македонка која штотуку станала Б’лгарка, е притворена за, замислете, кривично дело казниво според позитивното македонско законодавство во процес за семеен спор. Новата бугарска власт за малку не нè искара и зошто сме пратиле потерница по поранешниот министер за здравство, исто така новопромовиран Б’лгарин. Нè искараа и за некои граѓани кои биле казнети зашто поминале на црвено или фрлале отпадоци каде што ќе стигнеле, и тоа само затоа што биле македонски граѓани кои негувале б’лгарски чувства. Да не ти се верува – ни се закануваат оние истите кои добија

катастрофални оцени од страна на мониторингот на ЕУ, оние за кои неодамна европските новинари во виенскиот „Ди прес“ (Dee press), како и голем дел од политичарите, се согласија дека: „тие (се мисли на Бугарија и Романија) не беа и ниту денес се зрели за прием“?!

Но, дискримирачкиот ветар не дува само од североисток. Тој и однатре предизвикува турбуленции. Неколку дена откако беше соопштена веста за визната либерализација, домашните партии на Албанците создадоа нов проблем преку барањето употребата на албанскиот јазик да се решава со новиот Закон за Собранието, иако тие права претходно се уредени со посебен закон. Однатре, однадвор, постојано дува. Балкански, факинг ветромет...

Уништувачкиот тренд продолжи и со тиранската телевизија „Топ-чанел“, која објави изјави на Албанци, „експерти по правни науки“ од Македонија, кои бараат од официјална Тирана да го заштити албанското малцинство во таа земја. Овие самонаречени експерти како повод за апелот(!) до Албанија го наведуваат повторно случајот со мома Спасија и реакцијата на официјална Софија, која се заканила дека ќе го блокира зачленувањето на Македонија во ЕУ доколку таа не ги почитува правата на бугарското малцинство. И сега, кога Албанија е членка на НАТО, таа демек треба да ја искористи позицијата и да бара реализација на правата и на слободите на Албанците во Македонија. Аирлија, сефте ќе е... И сето ова од устата на професорот Осман Кадриу и политикологот(?) Исмаил Синани, кој оди уште подалеку и нагласува дека албанското малцинство оди во насока на изолација и поради негрижата на официјална Тирана. Не ме зачудува овој вториот, кој е непознатица како во политичката така и во правната наука, а и воопшто во секојдневието. Човеков, претпоставувам, своите изјави ги темпира и ги користи за додворување на политичките фактори во државата. Не ми е јасно како до оваа „генијална идеја“ дошол токму првопосочениот Осман Кадриу. Почитуваниот професор, мешајќи ги повторно бабите и жабите, заборава дека Албанците во Република Македонија се државјани на Република Македонија. Не на Албанија. Оттука и прашањето: кого и од што Албанија ќе треба да штити? Заборава дека доколку го стори тоа, според правниот речник и меѓународното право, ќе се работи за недозволиво и грубо мешање во внатрешните работи на државата. Професоре и „почитуван колега“ политиколог, размислете? Размислете дали е вредно за ситни партиски поенчиња и обид за додворување на политичките лидери, да ја загубите довербата на вашите колеги и студенти.



На овој бисер ни се наметна и, за жал, небулозното барање на лидерот на опозиционата ДПА, Албанија да вложи вето за прием на Македонија во НАТО, со образложение поради разочараноста од потезите на Владата, која ја довела државата во изолација и во постојан конфликт со соседите. Но, и поради маргинализирањето и дискриминирањето на Албанците во сите сфери од општествениот живот. Внимавајте, и тоа лично од устата на Мендух Тачи, кого навистина го почитував додека беше во власта, а откако е во опозиција – не можам да го препознаам дека тој е истиот Тачи.

И, за жал, повторно молк од нашата ни Влада, од којзнае по кој пат изречените провокации и напади. Човек со право се запрашува дали Владата и останатите надлежни институции (тука пред сѐ мислам на Јавното обвинителство) воопшто сакаат да ги бранат националните интереси, или пак решиле да ги бранат со молчење. Јас знам дека според народната молчењето е злато, но мислам дека во сите овие само малку наброени случаи, молчењето само нѐ дозакопува во плитката дупка што ни ја копаат сите погоре посочени.

И, на крајот, еден апел и до медиумите – односно до новинарите и нивните уредници. Господа, мислам дека би требало да поведете малку повеќе сметка кога се работи за заштитата на националните интереси. Повеќе е од јасно дека медиумите не треба да водат политика, но секако одговорните треба да размислат што и како им сервираат на граѓаните и дали на секоја вест од „умните глави“ треба да ѝ се посвети внимание и таа да им се пренесе на граѓаните.

## Во Македонија ништо не е свето
## И УСТАВОТ ГО УБИВААТ, ЗАР НЕ?!

ВР-21.082009

Денешниов текст на почетокот им го посветувам на сите оние запаленковци, квази-патриоти и од вчера новопримени партиски војници кои летово редовно ме бомбардираа со СМС-пораки со навредлива и заканувачка содржина, поради моите јавно искажани ставови. Иако сум човек кој од ништо досега не се исплашил и ниту ќе исплаши, се обидов да ги пронајдам и директно да им го објаснам тоа што не им е јасно. За жал, или пак за нивна среќа, не успеав во тоа, бидејќи користат при-пејд картички кои постојано им се исклучени. Од моите пријатели во полиција добив информации дека се работи за при-пејд картички кои се купени за време на изборите, и тоа најчесто од фирми, и потоа поделени на запаленковците. Нивни корисници најчесто се пензионери или невработени лица, кои одвреме навреме добиваат по некој кредит за да се јавуваат во емисии, како, на пример, во емисијата „Бел-црн бумбар“ на ТВ Сител за да поткрепат, или да оцрнат, некој даден предлог, сметајќи дека на таков начин креираат јавно мислење, а патем и да „заплашат“ некого. Е, тука гадно наседнале. На сите ним би им порачал, за да не трошат од својот при-пејд кредит, еднаш нека кажат кај сакаат да дојдам за да им одржам предавање по политика, па ако треба и за тоа како се свири на хармоника и, на крајот, секако и предавање како добро да се однесуваат.

За нив толку, а сега да се осврнам на темата која произлегува од насловот.

За законите што се носат со Бадентерово мнозинство да не се поведува постапка пред Уставниот суд, или за нив највисокиот судски орган да донесува одлука на ист начин како што се донесени, побара минатата недела Абдулаќим Адеми, вицепремиер за спроведување на Рамковниот договор. На тој



начин, вели, нема да се повторел случајот со укинувањето на одредбите од Законот за знамиња. Го кажа ова нашиот вицепремиер пред целата македонска јавност и... остана жив!

Оваа заложба можеби ќе минеше незабележана доколку Адеми ја презентираше на прес-конференција на својата партија или на друго место, дома, на пример. Меѓутоа, оваа „генијална идеја“ беше кажана од страна на официјален претставник на Владата на Република Македонија, и тоа во нејзините простории и од името на Секретаријатот за спроведување на Рамковниот договор!? За жал, Владата и министерот за правда, следејќи ја повторно линијата на помал отпор, не се оградија од оваа, за мене, непримерна небулоза.

За да појаснам што изјави вицепремиерот, најнапред ќе се обидам во неколку реда да ја претставам институцијата Уставен суд. Значи, се работи за посебен уставен орган кој ги штити уставноста и законитоста во една држава. Станува збор за институција која организационо и функционално не произлегува од законодавниот орган, од што произлегува и неговата неодговорност пред законодавниот дом, уште помалку пред Владата. Уставниот суд е во функција на остварување и на обезбедување заштита на уставноста и на законитоста. Тој претставува гарант за остварувањето на владеењето на правото, при што овозможува елиминирање на арбитражата и на произволноста во толкувањето, во остварувањето и во спроведувањето на Уставот и на законите. Обезбедувајќи го приматот и суприматијата на Уставот над законите и над сите други прописи, истовремено судот ја обезбедува и коегзистенцијата на правниот поредок. Значи, се работи за институција која не создава право и не утврдува што е право, туку констатира што е спротивно на правото, и воедно испитува, оценува и донесува одлука дали една пропишана норма и утврдените односи со неа се во согласност со Уставот, односно со законите.

Барањето определени закони да не се третираат од страна на оваа највисока судска инстанција, истовремено значи и негација на принципот, односно на концептот, за владеење на

правото, принцип кој е стожер на сите современи демократски општества. Се работи за општоприфатен концепт кој ја ограничува државната власт во корист на граѓаните, концепт кој е брана од самоволните акти на државните органи. Ќе наведам само неколку елементи кои го сочинуваат овој концепт: 1) материјално (супстанцијално) ограничување на власта, 2) соодветни својства на законите, како најважни акти на власта – општост, определеност, прецизност, јасност, постојаност, праведност и др., 3) инситуционална и процесна гаранција на слободите и правата на граѓанинот, 4) независност на судството (институционална и персонална), 5) забрана за донесување ретроактивни закони (*ex post facto*); 6) соодветна правна процедура (*due process of law*) која опфаќа правила за непристрасна и правична постапка, како и загарантирана правна сигурност и индивидуална слобода и, на крајот, она што би требало да биде „прокулин“ за вицепремиерот, е начелото на поделба на власта – на законодавна, извршна и судска како „тежа и противтежа“ (*check and ballance*) за меѓусебно ограничување и др.

Ова четиво од десетина реда треба да бидат десетте цивилизациски заповеди за секој сегашен и иден политичар, па дури да го нарекуваат и вицепремиер, заповеди за сите правилно застапени и рамковни политичари при нивното обраќање кон нацијата, при нивното секојдневно извршување на државничките обврски. Замислете, иако почитуваниот вицепремиер е дипломиран инженер по металургија на Политехничкиот факултет во Тирана, иако посетувал школа за млади политичари и одел на обука за креирање политики, тогаш не е во ред да ги мистифицира основните поими на општественото уредување. Единствено хибернацијата при овие „бројни“ обуки е логичен заклучок.

За жал, не е единствен...Или, како што напиша Мирка Велиновска во еден коментар: „Нашите политичари се збирштина од некадарни егоцентрични индивидуи со слаб морален и професионален интегритет... кои, очекувано, не можат да произведат успех, преобразба, квалитет ниту на личен микроплан, а камоли на државен. Всушност, таквите немаат јасна претстава за значењето на зборовите држава, одговорност, успех, криза, катастрофа“.



Млади сме, ќе научиме...

**П.С.** За да не бидам преголем критизер на новопечените политичари-полетарци, и дека не е сѐ така црно и нешто отскокнува од погоре цитираниот став, ќе се уверите доколку ја посетите електронската страница на Владата и ги погледнете биографиите на министрите. Читајќи ги, ќе видите дека и ние имаме генијалци на кои сите можат да ни позавидат. Имено, во биографијата на Хади Незир, министер без ресор во Владата на Република Македонија, ќе видиме дека овој човек, роден во летните месеци во 1959 година, на неполни 20 години, поточно во 1979 година, дипломирал на некој факултет во Косовска Митровица. Нема што, чудо од човек?

Се надевам дека Владата нема да нѐ разочара и да каже дека е техничка грешка. Тоа некако во последно време често ни се случува.

# НА СЕВЕР НЕШТО НОВО

ВР-28.08.2009

Деновиве мошне гласно беше најавено потпишување на Протокол за соработка помеѓу Министерството за внатрешни работи на Србија и Мисијата на ЕУЛЕКС на Косово. Во тој контекст, јас и неколцина мои колеги и истомисленици кои редовно ги следиме случувањата на политичката сцена во светот, а посебно на балканскиот ветромет, со право го поставуваме прашањето (и дилемата): Дали нови ветрови дуваат на релацијата Белград–Приштина? За жал, оваа вест остана речиси незабележана од нашите информативни гласила, иако станува збор за нашето непосредно, северно соседство.

Најавата за потпишување на Протоколот предизвика незадоволство како кај косовските власти, така и кај косовските Срби. По сè изгледа дека задоволни се само властите во Србија и мисијата на Еулекс. Настојувајќи да го амортизира незадоволството на владата на Хашим Тачи и па Претседателот Фатмир Сејдиу, шефот на Мисијата на ЕУЛЕКС на Косово, Ив де Кермабон, деновиве се обиде на косовските власти да им ја објасни содржината на Протоколот и да им потврди дека тој нема да биде потпишан од името на властите на Косово, туку од името на ЕУЛЕКС. Кермабон се обидел првите луѓе на Косово да ги потсети дека сите релевантни косовски органи постојано биле информирани за сите детали по прашањата за формализацијата на полициската соработка со Белград и дека сите добиени информации оттаму ЕУЛЕКС ќе ги проследи до косовските институции. Косовските власти реагираат на фактот дека овој протокол за полициска соработка е договорен надвор од косовските институции и дека протокол без согласност на косовските раководители, на косовската суверена држава, може да има сериозни последици по нивниот суверенитет. Ваквиот тивок протокол, тврдат од Косово, може да им нанесе несогледливи последици во постапката што Србија ја води пред Меѓународниот суд на правдата. Протоколот, според нив, може да доведе и до нарушување на односите меѓу ЕУ и Косово, обвинувајќи го ЕУЛЕКС дека се вклучува во „реализација на план“ кој институциите на Косово одамна го прогласиле за мртов. За потсетување, вакви слични протоколи, Мисијата на ЕУЛЕКС по прашањата за соработка и за размена на финансиските податоци што се однесуваат на перењето пари и на финансискиот тероризам досега има потпишано и со министерства од Република Македонија, од Црна Гора и од Албанија.



Вака реагираат косовските власти, но овој Протокол не мина лесно и кај косовските Срби, според кои овој документ е почеток на признавањето на независноста на Косово од страна на српските власти. Наспроти нивните тврдења, српскиот министер за Косово и Метохија, Горан Богдановиќ, вели дека Протоколот има за цел да овозможи размена на информациите заради полесно откривање на кривичните дела, спречување на шверцот со оружје, дрога, нафта, како и за смирување на тензиите и за спречување инциденти и судири во Косово, во кои најчесто жртви биле токму припадниците на српската заедница.

Од друга страна, бранејќи ја преземената постапка, ЕУЛЕКС се повикува на фактот дека тоа е мисија која, меѓу другото, има и извршни овластувања. Мисијата на ЕУЛЕКС, која, да потсетиме, брои околу 3 000 лица, на почетокот на април оваа година и формално објави дека дејствува со полн капацитет и со основна цел да воспостави владеење на правото на целата територија на Косово под покровителство на Обединетите нации, во согласност со Резолуцијата 1244 на Советот за безбедност.

Во исто време и на ист простор, и новоназначениот американски амбасадор во Приштина Кристифор Дел, при предавањето на акредитивите, децидно изјави дека политиката на САД спрема Косово останува непроменета и дека „независноста на Косово е неповратна, а Американците остануваат посветени на заедничкиот проект за изградба на заедничка,

демократска, мултиетничка, толерантна и успешна држава Косово, која ќе стане полноправен член на трансатлантското и европското семејство".

Односите меѓу српските власти и косовските Срби дополнително се вжештија и по реакцијата на претставниците на Собранието на заедниците на општините на Косово и Метохија кои ги обвинија српските власти, поточно министерот за внатрешни работи на Србија, дека поради визната либерализација подлегнале на уцените од страна на ЕУ за две работи – да се воведат граници меѓу Србија и Косово и, второ, личните документи за косовските Срби во иднина да им се издаваат исклучиво во Белград. На овој начин, се пожалија косовските Срби, српските власти наместо да се грижат да им ги подобрат условите за живот – тие им го отежнуваат, што води кон евентуално признавање на независноста на Косово, притоа жртвувајќи 15% од територијата каде што живее српското малцинство. Во овој контекст, претставиците на српскиот ентитет предупредуваат дека кон крајот на септември оваа година треба да биде потпишана и спогодба за воспоставување класични граници меѓу Косово и Србија на премините Брњак и Јариње, на северот на Косово. Претпоставувам дека читателите ќе се сетат на минатогодишниот февруари кога косовските Срби ги запалија двата царински пункта поставени еднострано од страна на Мисијата, без согласност на локалните власти во Лепосавиќи, за што токму министерот Богдановиќ ги посоветува дека нивната соработка со Мисијата мора да биде што поискрена, бидејќи проблемите околу царините(!) треба да се решат со дијалог.

Со право се наметнува прашањето за тоа дали дијалогот и отворените проблеми се веќе решени, ставени се ад акта, посебно имајќи предвид дека во меѓувреме косовските Срби се вратија во косовската полиција, а и договорот за судството е при крај.

Во сета оваа рашомонијада, дополнителна забуна внесува и повикот на истиот овој министер, косовските Срби да не излегуваат на локалните избори што косовските власти ги закажаа за 15 ноември оваа година. Имено, српските власти се незадоволни од Планот на Ахтисари за децентрализација на косовските општини, односно од територијалната организација и надлежноста на косовските општини. Незадоволни се и од сè поголемиот број нерасчистени етнички мотивирани кривични дела и убиства, од пристрасноста на цивилниот претставник на меѓународната заедница на Косово Питер Фејт (наш стар познајник) и слично. Ако кон ова се додадат и постојаните изјави на српските политичари дека Косово е темпирана бомба, соочено со многу антагонизми кои порано или подоцна би можеле да ескалираат поради отсуството на комуникација меѓу Србите и Албанците како две најголеми етнички групи, се чини дека косовско–српскиот проблем е далеку од разрешница. Оттука и изјавата на Расмунсен при неодамнешната прва посета на Приштина дека состојбата со безбедноста на Косово е на задоволувачко ниво, но во една ваква констелација на односите – стои на стаклени нозе.

И во контекст на сето погоре напишано, со право го поставувам прашањето: Кому да веруваме? Постои ли можеби неусогласеност меѓу ЕУЛЕКС и американската администрација, или пак и едните и другите имаат свој договор со српските власти како да се дејствува во иднина?! Дали Европската унија има една политика, а американската администрација друга политика спрема Косово? Одговорот мислам дека ќе го добиеме наскоро, откако ќе се разјасни најновата вест пласирана од Стивен Меер дека Балканот во иднина не е приоритет на американската администрација, и покрај фактот дека постои еволуција на замрзнатиот конфликт...

И покрај неодамнешните судири меѓу Србите и Албанците во селото Бргани, и ефикасната акција на ЕУЛЕКС и секојдневните вакви и слични инциденти, сè уште мораме да се надеваме на прагматизмот и на визијата на сите субјекти-учесници во овој Гордиев јазол, за подобра иднина и за доброто на сите нас на Балканот, па и пошироко.

# СИТЕ ЛУЃЕ НА ПРЕМИЕРОТ

ВР-05.09.2009

Пародијата на младите „сили" на ВМРО-ДПМНЕ и на СДСМ пред тотемите на владеењето на нивните партии (скулптурите на Плоштадот и грдотијата „Алумина"...), на два дена по Голема Богородица, ме испровоцира да направам бегол скрининг на нашата ни Влада. Оваа актуелната, на Премиерот Никола Груевски. За онаа претходната веќе сè е кажано – македонската азбука, за жал, има само 31 буква.

Најнапред за светлите точки или, со јазикот на „Сител", бел бумбар за двете дами – министерките Гордана Јанкуловска и Елизабета Канчевска Милевска. Првата, затоа што мошне умешно досега го раководи Министерството за внатрешни работи. За челичната дама Јанкуловска во досегашните извештаи на ЕУ има само позитивни реакции, за што придонесоа и успешната борба со корупцијата, спречувањето на криминалот, современо изработените биометриски пасоши, како и други позитивни „деанија" во секторот со кој раководи. Сето тоа, чинам, даде голем придонес во добивањето на визната либерализација, а во иднина и очекување на позитивен извештај од Европската комисија. Втората, повторно дама, затоа што мошне умешно ја искористи својата шанса што ѝ дава право да се пофали дека е министер за култура кој успеал да извлече најмногу средства од државното чекмеџе за изградба на објекти и за реализација на проекти од областа на културата кои ќе им служат на дејците во културата и на сите граѓани на Република Македонија. Бел бумбар од мене и за Бујар Османи, дефинитивно една од посветлите фигури на шаховската табла наречена Влада. Еден од најдобрите, воедно и најмлад министер досега во ресорот здравство. Младиот министер брзо се вклопи, учи молскавично и мудро постапува. Му посакувам натамошен успех, се разбира следен со непартиска и етничка обоеност.



А сега боенките в рака, па Вие мачкајте ги бумбарите...

Заменик-претседателот на Владата Зоран Ставревски, и покрај своето десетгодишно искуство во имплементирањето развојни политики со фокус на јавниот сектор и на макроекономската политика, следено со неговата истражувачка и едиторска работа на теми поврзани со буџетската поддршка, сè уште не успева во практиката да го спроведе очекуваното. Бледа сенка од најавуваното и очекуваваното. За жал, и министерот без ресор, Абдулаќим Адеми, за кого во една колумна напишав дека ги допре облаците кога изјави „ за законите што се носат со Бадентерово мнозинство да не се поведува постапка пред Уставниот суд, или за нив највисокиот судски орган да постапува на ист начин како што се донесени", ќе остане забележан единствено по тоа што во времето на неговото владеење се вработени најмногу Албанци во државната администрација. Тоа што поголемиот дел од рамковните пролетери не го знаат службениот јазик на државата во која живеат и во која се вработуваат, е само мал хендикеп. Гледано од негов агол, се разбира. Ова колку да знаете каде да го насочите вашиот прстпоказалец кога ќе ја анализирате неспособната и партизирана администрација.

Штотуку избраниот заменик-претседател на Владата, Владимир Пешевски, највен како големо засилување на економскиот тим на Владата, остана парче бела хартија. Досега ниту го слушнавме, ниту го видовме, па оттука и коментарите за него би биле излишни и непотребни. Зад името на Хади Незир, министер без ресор во Владата на Република Македонија, стојат стотина прашалници. Досега, барем колку мене ме држи сеќавањето, не се појавил на ниту една прес-конференција и не слушнавме ниту еден збор од него. Незир сепак ќе ни остане во нашите сеќавања само по она што е запишано во неговата биографија, а тоа е дека овој почитуван министер, роден во летните месеци во далечната 1959 година, на полни 19 години (замислете!), поточно во 1979 година, дипломирал на еден од неизбежните факултети во Косовска Митровица.

Браво, на 19 години, на паузите при играњето фанта, џамлии и др., јас одвај успеав да се запишам на факултет. Прочитајте ги последниве две реченици, барем двапати, онака, аналитички, и ќе се уверите во неговата генијалност.Уште да проговори...

Новиот евроинтегративец, доцент д-р Васко Наумовски, заменик-претседател на Владата, се обидува од петни жили да ја оправда добиената функција, онаа истата што дојде како епилог на изјавите и колумните кои одеа во прилог на неговиот сегашен ментор и претседател. Се фати човеков за работа и го истурка донекаде ветеното. Доколку повторно нема некое шминкање (читај: реконструкција на Владата) и доколку добиеме позитивен извештај од ЕУ, неговиот пат е... автопат. Сепак, ако не се лажам, некако премногу ме потсетува на екс-претседателскиот миленик Н. Димитров. И тој почна силно, но како заврши на политички план... претпоставувам, се сеќавате. Министерот за надворешни работи, Антонио Милошоски, го достигна зенитот. Се чини, повеќе и не може. Иако коректен во изјавите, борбен со Бакојани, опседнат со пресумпција на вина на нашиот ни најголем душман во преговорите за името и неизмерно лојален кон својот лидер, се создава привид дека е лимитиран во креативниот капацитет и авторитет. Сè на сè, постои можност да биде запаметен како стереотипен министер.

Министерот за одбрана, Зоран Коњановски, се покажа како момок за сè. Од машински инжинер во „ЈП Стрежево“ во Битола, советник во Општина Битола, преку министер за локална самоуправа, директор на подружница на РЕК Битола, па сè до министер за одбрана. Се чини дека тој, исто како и неговиот другар по владеење Миле Јанакиевски (кој, патем, сè уште мака мачи со литературниот македонски јазик и војува со, за мене, извонредниот прилепски дијалект) се оние малечки фигури во шахот, како ли ги нарекуваа... Кога и да загусти, тие се подготвени да се жртвуваат за „кралот“. А за татковината? – Е тука не сум баш убеден.

Михајло Маневски е приказна за себе. На крајот на својот работен век ги живее и ги достигнува ноќите во бел сатен. Сепак, му успеа да се избори за статусот кон кој се стремеше во ерата на социјализмот. Подобро некогаш отколку никогаш. Броејќи ги деновите до неговата смена, ќе остане запаметен како незаменлив во двете влади на сегашниот премиер, потврдувајќи го по којзнае пат народното „Моторот е најсилен пред ремонт (читај реконструкција)“.



Фатмир Бесими, министер за економија, и покрај извонредното CV, е човек кој во практиката тешко го спроведува стекнатото теоретско искуство. Типичен пример дека добрите теоретичари не секогаш се и добри практичари. Љупчо Димовски – министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, е во нашата колективна меморија со еквивалент на времето кога ја вршеше функцијата заменик-министер за транспорт и врски. Се сеќавате ли на него...?. Мислам не, ниту во вашите сни. Не е доволно што бил директор на скопски „Паркови и зеленило“, повторно е пресуден изимот од кратовскиот пашалак.

Никола Тодоров, новоизбраниот министер за образование и наука... ни крив ни должен стана министер. Актуелниот владин фронтмен, во стилот на Чак Норис (море да не ги измешав артистиве – да не беше Стивен Сигал со кој, патем, љуби да го идентификуваат), при секое негово појавување пред ТВ камерите мавта со рацете, небаре на тренинг е. Цврсто го брани неговиот став дека нема да има проширување на бројот на паралелките на албански наставен јазик во средното медицинско училиште. Го пренесе ставот на владата дека нема да дозволи „ниту ЕДНА паралелка надвор од договореното“. И не излажа – бројот се прошири за ТРИ. Го кажа своето „не“, и... се задуши во сопствената пот. Веќе видена мижи-татара во стилот плукни – лижи, која, како и секогаш, остана незабележана од јавноста. Искрено се надевам дека она што го има запишано во својата биографија како организациски способности – „работа во мултикултурна средина, креативност, флексибилност и амбициозност, инвентивност, комуникативност, експедитивност“ – ќе има шанса во иднина да го реализира во соп-

ствениот ресор. Само претходно да се консултира со неговиот омилен Нико...

Министерот за информатичко општество Иво Ивановски е „тенок“ за анализа – има само еден полууспешен проект со компјутеризација на училиштата и, како тргнало, на тоа и ќе остане. Барем ги наполни училниците со компјутери кои брзо станаа крш. Локалната самоуправа веќе подолго време ја раководи Муса Џафери, кој недостаточното знаење за оваа област го компензира со вработување голем број Албанци „експерти за локална самоуправа“ во ова Министерство. Нецат Јакупи, министерот за животна средина и просторно планирање, по сè изгледа настојува да не биде поназад од претходно спомениот. Од него не видовме ниту еден конкретен проект, се разбира доколку се исклучи промовирањето на убавините на Шар Планина и тапкањето по раменици на жителите на македонскиот Чернобил, оној близу ОКТА. Додека да го истурка неговиот мандат докрај, постои опасност да ни се случи голема еколошка катастрофа во Полошкиот регион, затоа што не успева да го реши проблемот со депонијата и во Гостивар и во Тетово. Се чини дека појасна слика за работењето на ова Министерство ќе добиеме набрзо, откако ќе заврши контролата на финансиската полиција.

Џељал Бајрами заличува на човек кој сака да гасне пожари во својата област. Амбициозен, пред сè, личност која своето недоволно познавање на ресорот што го покрива, успешно го надоместува со неговото добро говорење на македонскиот јазик, неговиот самопрегор во работата и секогаш со брза и навремена реакција. Неизбежен критериум во евалуацијата е и неговиот придонес во полнењето на државната каса со изрекување непримерни и пред сè нехумани казни од 22 000 евра за секој непријавен вработен. Гилотина. Му забележувам што дозволи во врат постојано да му дишат новопромовираните кадри од партијата на власт – заменик-министерот и државниот секретар во истото Министерство. Без нив не се појавува во јавноста, небаре се врзани со папочна врвца. Сив бумбар, оној што се добива кога ќе ги измешате белото и црното.



Веле Самак, министер без ресор задолжен за привлекување странски инвестиции, наместо по привлеч(е)ните инвестиции, ќе остане запаметен како добар син кој успеал да му се реваншира на својот родител за сето она што тој го направил за своето дете. Впрочем, неодамнешното интервју на неговиот поранешен колега Ташковиќ, доволно зборува за овој „ловец на инвестиции“. Некој некому нешто презел, колку што разбрав од интервјуто! И на крајот, но не и последен, Неждед Мустафа, Дејвид Коперфилд за маките на Ромите. И во продолжената декада на Ромите приоритет му е индивидуалната војна со лутиот ривал Амди Бајрам. Калните и гнасни улици на Шутка години нанапред ќе говорат за овој епски бој. Се разбира, доколку остане нереконструиран можеби и има шанса да се коригира и да даде свој мал придонес во оваа држава. Барем на ова поле.

Сè на сè, ова е само дактилографска анализа на моето гледање на водечкиот ешалон на македонскиот бигамен брак наречен Влада. За нешто подетално, потребно е повеќе од двата тома на Достоевски. Намерно не се впуштам во анализа на останатите блиски луѓе на премиерот (оние од заднината), за нив нешто повеќе и посочно во некоја наредна пригода.

# КОНСОЦИЈАЛНАТА ДЕМОКРАТИЈА И НЕГАТИВНОСТИТЕ

ВР-11.09.2009

Различната и универзалната употреба на терминот демократија отсекогаш предизвикувала и предизвикува разни контроверзи. И покрај сите разлики во гледањата на демократијата, сепак преовладуваат оние кои демократијата како облик на владеење ја оценуваат како најпогодно политичко и општествено уредување во кое до одговорна влада се доаѓа преку одговорно општество, а со тоа и до побрз развој и афирмација на колективната цел и до потврдување на човековата личност.

Експлозијата на национална и етничка нетолеранција е еден од највидливите и најнечисти продукти на стариот режим на просторите на Источен и Западен Балкан. Дезинтеграцијата на мултикултурните општества е следена со раѓањето на нови видови социјални и политички идентитети и со обликување на нови полиња на социјални и политички конфликти. Етнификацијата на политиката во односот меѓу мнозинството и малцинството на овие простори дава нови обележја и значења, а тоа на некој начин оствари нови полиња на напнатости и конфликти меѓу политичката култура и дискурсот. Оттаму, иако делегитимацијата на „стариот режим“ започна со обнова на нормативните принципи на граѓанството и на цивилното општество, со огромната мобилизација на цивилните очекувања и идентитетот, распадот на овие режими е придружен со експлозија на негативни политички традиции и предмодерни политички сентименти (национализам, етницизам, расизам, фундаментализам).

Компаративните истражувања покажуваат дека сите земји од бивша Југославија се соочуваат со малцински проблеми како фактор на перманентна криза на легитимитетот. Малцинското прашање останува најранливото прашање на овие политички системи и потенцијално најексплозивна сила во контекст на нивната делигитимација. При решавањето на овие проблеми, прифаќањето, односно замената на мнозинскиот принцип (модел) на демократија со елементи на консензуалниот модел на демократија некако стана практика на овие простори. Причина повеќе претставува и непосредното навлегување на националните и на етничките идентитети во политичката сфера, што, на некој начин, го усложни обликувањето на базичниот консензус и на политиката како мирно и рационално решение за конфликтот.

Во Република Македонија, по потпишувањето на Охридскиот мировен договор, дефинитивно односот малцинство-мнозинство е разграден со употреба на терминот етнички заедници во Уставната преамбула, а останатите предложени решенија во Договорот на голема врата ги воведоа елементите на консензуална демократија и на зајакнати јазични права, на рамноправна застапеност во јавната администрација, на децентрализација и друго.

Од целата серија карактеристики на консоцијалната демократија во мега-познатата книга „Демократија“ на Аренд Лајпхарт можат да се издвојат две клучни „примарни карактеристики на консоцијалната демократија“, а тоа се: *учеството во извршната власт,* односно партиципација на претставници на сите значајни групи (политички партии) во политичкото донесување одлуки на извршно ниво, и *групна автономија,* што би значело дека овие групи имаат власт и автономност да ги водат сопствените интерни работи. Покрај овие основни две карактеристики, консоцијалната теорија препорачува и две дополнителни, т.н. секундарни, карактеристики кои можат да го зајакнат учеството во извршната власт, а тоа се: *пропорционалноста* и *меѓусебното вето*. Покрај овие, би можеле да наброиме и неколку други, како, на пример: извршно-легислативна рамнотежа на власта во која нема оставка на владата, постоење на мала територија на земјата и повеќепартиски систем, уставна ригидност за одонесување одлуки, т.е. Уставот

бара определени специјални правила или специјално мнозинство, пропорционална репрезентација, интересно-групен корпоративизам и др. Од овој модел на косоцијална демократија постојат помали или поголеми отстапувања, во зависност од конкретните ситуации, но неговата основа е договор меѓу политичките елити на етничките заедници околу поделбата на политичката власт и другите „правила на игра“, кон кои подоцна неопходно е сите да се придржуваат.

Иако овој модел има голем број приврзаници, но и жестоки критичари, практиката покажа дека тој вообичаено се воспоставува, или се наметнува, во постконфликтни општества, како рамка за градење мир, стабилност и доверба меѓу групите, односно сегментите кои во даден момент се нашле во конфликтна состојба. Овој модел на демократија денес не е поштеден од сериозни и од остри критики на негова сметка. Генерално, тие критики се дека овој модел е нереален и недоволно демократски, недоволно рационален, неефикасен, неиновативен и дезинтегративен, со определен степен на сепаратизам, односно со видливо постоење на сецесионистички потенцијал.

Втора критика е дека консоцијалниот модел на демократија нема основен гравитационен центар кој би бил заштитник и преносител на општиот заеднички интерес на сегментите во општеството. Ова, пак, придонесува и за отсуство на формална хиерархија, од причина што сегментите на големата коалиција во државата имаа принципиелно еднаков и партнерски статус, без разлика на својата бројност во општеството. Значи, доаѓа до кумулација на главните политички функции (на етничка, регионална и глобална политичка сцена) во рацете на главните политички актери, односно до појава на персонална фузија на функциите, со што се отвора широк простор за самостојност на политичките елити во процесот на преговарање и договарање. Сето ова доведува до концентрација и кумулација на моќ во внатрешноста на одделни сегменти, која оди како по хоризонтална, така и по вертикална линија.



Следната забелешка се однесува на постоењето мала и слаба опозиција, или на нејзиното воопшто непостоење. Широката поделба на власта, како и можноста за меѓусебно вето, доведува до сериозни тешкотии, па дури и до неможност за донесување брзи одлуки, што може да бидат причина за целосен застој на целокупниот живот во државата. Резлутат од ова е: пасивизирање на еден дел од политичките елити, нивна имобилизација, стагнација или т.н. ќор-сокак во договарањето, што на крајот може да доведе и до распаѓање на овој модел на демократија. Практикувањето на меѓусебното вето, а посебно на ветото на малцинските групи, претставува силно оружје за заштита на виталните интереси на малцинствата, што, пак, претставува голема опасност да го поткопа целиот систем. Опструкцијата од страна на мнозинската група, како и злоупотребата на правото на вето од страна на малцинската група, доведува до колапс на консоцијалната демократија.

Консоцијалната демократија е повеќе поврзана со еднаквиот и пропорционален третман на сегментите отколку со индивидуалната еднаквост. Постигнувањето на еднаквоста и рамноправноста на едни сегменти во однос на други, или т.н. групна еднаквост и рамноправност, секогаш е на штета на прокламираната еднаквост на индивидуите. Како последица на тоа, не се води сметка за индивидуалните квалитети на личноста, туку за нејзината припадност и лојалност кон политичката партија, што, пак, претставува сериозна пречка за постигнување еднаквост во поширока социјална смисла,

Кај консоцијалната демократија, преговорите и договорите меѓу политичките елити на сегментите вообичаено се одвиваат далеку од очите на јавноста, далеку од очите на обичниот човек и од судот на јавноста, па оттаму критиките се однесуваат и на нејзината нетранспарентност, или недоволна транпарентност. Правото да се критикува актуелната политика е повеќе од формално и нема никакво значење за идниот правец на општата политика, што често доведува до фрустрација на обичниот граѓанин, без разлика на кој сегмент му припаѓа. На

овој начин, без учество на јавноста во креирањето на важните одлуки, се засилува политичката пасивност на граѓаните.

И, на крајот, се согласувам со критичарите кои велат дека консоцијалниот модел генерално го чини исплатлив вооружениот конфликт кој се случил претходно. Досегашните искуства велат дека националистичкиот конфликт се наплатува доста добро, па оттаму националистичките барања стануваат составен и неизоставен дел при изработката на консоцијалните програми и планови, а на политичките и други барања подоцна им нема крај. Сето ова, од една страна, доведува до стимулирање на ваквите и слични други барања, а, од друга, доведува до ерозија на прагматизмот и на консензуалниот стил при донесувањето одлуки.

Од теоријата и од компаративните истражувања на практичното функционирање на моделот на консоцијалната демократија во поголем број земји на овие наши простори, сигурно е дека можат да се извлечат уште доста други негативности, но мислам дека засега набројаниве се доволни. Им оставам на читателите сами да заклучат дали она што се случува во нашава држава има допирни точки со сето погоре напишано.

## ВЕЛЕШКИ ПАТРДИИ

ВР-25.09.2009

На балканскиот ветромет, виорот на интензивни промени не стивнува. Сè се менува, сè тече, но сепак вековните традиции наоѓаат место под македонското сонце. Од памтивек, кога една млада невеста ќе дојде во новиот дом на своето момче, од првото утро се обидува да ги покаже своите квалитети на добра домаќинка. Кога пред една година од една приватна високообразовна институција преминав на државниот Факултет за туризам и угостителство во Охрид, настојуваав и јас, во духот на традиционализмот, да ја применам оваа социолошка рустичност. Станав „млада невеста“, се обидов да внесам нов дух во новото „семејство“, да нижам ѓердани. Засукав ракави...

Но, да тргеме по редот на нештата. На почетокот – за мојот нов академски амбиент.

Дисперзираните студии на Факултетот за туризам и угостителство се одвиваат во поранешното основно училиште Јордан Хаџи-Константинов Џинот во Велес. Станува збор за објект изграден во дамнешната 1954 година, а кој му е доделен на нашиот факултет со одлука на Советот на Општина Велес од пред три години. Во овој тесен постимформбировски простор денес студираат и студентите на дисперзираните студии на Техничкиот факултет од Битола и студентите на Техничко-металуршкиот факултет. Сè на сè, секојдневно тука флуктуираат повеќе од илјада студенти. Колку за споредба, просечен македонски град или општина брои не повеќе од илјада жители.

Со цел да се подобрат несоодветните услови за студирање, раководството на мојот Факултет досега има вложено повеќе од девет милиони денари за исполнување на минималните законски услови за нормално функционирање на оваа високообразовна институција. За жал, и покрај овие вложувања, постојните услови ни оддалеку не одговараат на современите

трендови и услови на студирање. Во вода паѓаат и еуфоричните, често споменувани, заложби на Владата на Република Македонија за имплементирање европски услови за студирање за нашите студенти. Како актер инволвиран во куќата на ужасот, прва задача што си ја поставив беше да го искористам својот авторитет, својата позитивна енергија и скромното политичко влијание, па да се обидам да ги подобрам условите за студирање во оваа институција.

Знаејќи дека нашата пријателска Јапонија е благонаклонета во доделувањето донации во разни области, најнапред се обратив до проф д-р Коста Балабанов, почесен Конзул на Јапонија во нашата држава. Бев примен од Конзулот при крајот на минатата година, при што бев запознаен со процедурата, како и на кој начин се аплицира. Средбата заврши на општо задоволство и констатација дека заеднички ќе сториме уште едно добро дело што би ја продлабочило нашата меѓудржавна соработка. Речено-сторено. Целокупната документација, вклучувајќи ја и фото-документацијата, беше подготвена и испратена до Конзулатот, кој вети натамошно процесуирање. И... речено – одречено! Ниту абер, ниту збор речиси цела година. Молк, онаа најниска форма на игноранција. Велат, надежта последна умира. Го продолжувам трнливиот пат...

Тој ме води пред вратата на ресорното Министерство и тогашниот министер за образование Перо Стојановски. По една наша случајна средба, падна и договор за официјална средба на која заедно со Деканот ќе поразговараме за тековните проблеми со кои се соочува нашата институција, неодминливо поставувајќи го и прашањето барем за минимално „шминкање" на факултетската зграда во Велес. И... повторно речено-сторено. Со Деканот, стокмени небаре на прием кај премиер, занесени со идејата дека конечно го откривме човекот (читај: институција) кој ќе го реши проблемот, точно навреме, како што им прилега на интелектуалци, тропнавме на вратата на неговиот кабинет. Македонска работа – неговата секретарка нè извести дека министерот дента имал средба во



ЗЕЛС и ќе „задоцнел малку". Упорни во желбата и надежта, конечно го дочекавме министерот со „мало" задоцнување од 180 минути! „Колега" по чекање во претприемната канцеларија на министерот беше, за жал, и Архиепископот на МПЦ. Набргу го заборавивме и го надминавме бламирањето во чекалницата кога по разговорот добивме ветување од министерот, не од кого било, повторувам – од министер во Владата, дека нашите барања ќе бидат исполнети во целост. Заклучокот беше заеднички – студентите заслужуваат подобри услови за студирање. Минаа неколку денови и... стигна веста дека Перо Стојановски, нашиот месија, си поднел оставка и ќе биде реконструиран. Патот сега ме води... на почетокот. Сизиф.

Третата мајка – локалната самоуправа во Велес. Добрата соработка со претходниот градоначалник резултираше со општинска донација во урбана опрема за дворот на Универзитетот. Новоизбраниот градоначалник, по патеките на претходникот, повторно излезе во пресрет – вети дека ќе се обиде барем да ни го уреди дворот и прати екипа која направи предмер и пресметка за работите што би можеле да ги изведат и што се во нивна надлежност. Сега сме во фаза на исчекување да се заокружи финансиската конструкција за инфраструктурниот зафат во училишниот двор и во надеж дека конечно се најде човек кој ќе го одржи своето ветување. Делумно, но доволно да се искачи каменот на угорнината.

Тропнав и на вратите на Ректорот на Универзитетот „Св. Климент Охридски" од Битола. И покрај желбата да помогне, на крајот излезе дека за оваа година нема пари во касата на Универзитетот за оваа намена. Повторно ништо од реализацијата на замислата. До невестата ќе е, ме облева пот.

И така, почитувани мои читатели, минаа 365 дена, почна новата учебна година, а јас не успеав да сторам ништо во делот за подобрување на условите за студирање. Белки не е до невестата?! Ме облева пот. Размислувам... хм, до маќеата ќе да е? Дури сега ја разбирам сè почесто употребуваната синтагма дека Владата на Република Македонија за едни е мајка,

а за други маќеа. Гледајќи како се реновираат факултетите на Универзитетот во Штип и Правниот факултет во Кичево, си спомнувам за војската на македонскиот крал Самоил. Изгледа мојата институција е оној илјадитиот војник кому му го вадат едното око. Наречете ме киклоп, но мојот од по макитe не застанува тука. Тоа им го должиме на студентите. Тие не се ни повеќе ни помалку вредни, ниту помалку заслужни од останатите свои колеги од другите универзитети. Тие се за мене сѐ. И ден и ноќ. И синови и ќерки. И затоа мојата заложба за подобрување на условите во кои студираат продолжува и понатаму.

# ВИСОКОТО ШКОЛСТВО НА НИСКИ ГРАНКИ – БЕЗОБРАЗНО ОБРАЗОВАНИЕ

ВР-02.10.2009

Иако предизвикува пиетет при самото негово споменување, високото образование во Република Македонија долги години е на маргините на реформските зафати, притоа намалувајќи ја неговата квалитативна еквивалентност со европските и со светските високообразовни искуства. За наша среќа, но и за жал, оваа област почна да се трансформира под притисокот на современите образовни процеси и на ентузијазмот на поединци и институции дури во 2003 година, со потпишувањето на придружните документи на Болоњската декларација. Со овој чин, Република Македонија му се придружи на европското семејство во доменот на високото образование, со што се презеде обврска до 2010 година да се реформира системот на високото образование според принципите на Болоњската декларација. Системските промени во високото образование особено беа интензивирани по донесувањето на новиот Закон за високото образование во првиот квартал од 2008 година. Основната идеја на промените е да се постави студентот како централен субјект на наставно-образовниот процес, односно преобразба на образовниот процес кој се состоеше од нудење позитивистички знаења во процесот на перманентно учење, притоа имплементирајќи нови технологии за стекнување знаење. Едноставно речено, флексибилно образование, приспособливо на студентските потреби, како и на нивните лични способности и амбиции.

И дотука сѐ е во ред. Но, стапот има два краја – на Македонија ѝ се случи образовно елдорадо!? Најнапред, надвор од разумот, неконтролирано, без сознанија за реалните потреби, голем број од приватните образовни институции извршија инвазија во образовниот етер. Новоотворените факултети на-

бргу станаа универзитети, а актуелната Влада, настојувајќи да „го поткрене“ потенцијалот на македонското општество, како и да докаже дека „размислува долгорочно, за дваесет години нанапред“, го промовира (и го реализира) проектот „факултет во секое село – пардон во секој град“. Целта требаше да ги оправда средствата – образованието е иднината на државата, иднината која ќе ја креираат модерни граѓани со стекнато современо и модерно образование.

Појавата на приватните универзитети, кои изникнаа како печурки по дожд, за краток временски период создадоа огромна конкуренција на пазарот. Приватните, за разлика од државните, воведоа нови насоки кои до скоро и не беа познати во нашата држава, обезбедија мошне современи услови за работа, ефикасна наставна програма, како и практична настава за студентите. Во борбата за студенти, денес доделуваат голем број стипендии, имаат отворена соработка со голем број факултети од целиот свет и можност за студентска размена. Лавината ги повлече со себе и факултетите од државниот универзитет, кои беа принудени да фатат чекор со модерните трендови.

Во виорот на оваа образовна хипокризија се појави и трендот на преминување на голем број професори од државните факултети на приватните, или пак застапеност на професор на два факултета, што само по себе наиде на различни ставови кај студентите, но и внатре во професорските кулоари. „Државните“ професори, оние со префикс „недопирливи“, истите оние кои за студентите беа „кошмар“, денес на приватните универзитети целосно се трансформираа. На располагање ви се цел работен ден, а најеклатантен пример за нивното „омекнување“ стана критериумот за оценување. Последователно, меѓу академската фела се отвори и прашањето за квалитетот на предавањата, можноста за префрлање од еден на друг факултет, прашањето каде побрзо може да се положат испитите, со еден збор – како побргу до диплома.

Посебна приказна е професорскиот кадар кој сè повеќе им е потребен на приватните универзитети, иако за волја на



вистината нив ги нема доволно и на државните. Исклучок од ова, ако не се лажам, е Универзитетот ФОН, кој има дури и повеќе од потребниот наставен и соработнички кадар.

Кога сме кај наставниот кадар, гледајќи кој сè денес станал професор, не ме чудат и сè побројните вистински или полувистински приказни што се вртат за еден дел од нив. Секако дека овие приказни се логичен епилог на новонастанатата образовна рашомонијада... Пример број еден: Неодамна на еден од приватните универзитети бил примен професор кој своето образование го стекнал на универзитет во една соседна држава, во пакет со неговиот газда и неколцина сега веќе професори на овој универзитет. Десет илјади евра кеш, докторат и брза и безусловна нострификација во нашето надлежно министерство. Но, да се вратам на „професорот“. На новиот доктор на науки уште на старт му доделуваат, ни помалку ни повеќе, само два предмета за предавање и човеков прави генијален потег – првата и втората година на студенти коишто треба да ги слушаат предметите што ги предава, ги собира во исто време и во иста училница, онака топтан. Продолжува со генијалноста – им се обраќа на студентите со зборовите: „сега ќе предавам 15 минути за првата година, а вие од втора ќе молчите и ќе слушате, а потоа обратно – ќе молчите вие од прва, а ќе слушаат тие од втора година“. Виделе студентите со кого си имаат работа и почнале да се мајтапат со него. Навреден од мајтапењето, професорот им се обратил со зборовите: „Е, сега сум ви скар и не ви зборувам до крајот на часот“. И така, кутриот, до крајот на часот седел на катедрата и си гледал во таванот. А студентите? Тие воодушевено и во континуитет го коментираат овој редок егземплар. На „професорот“ мислам...

Во духот на шпанските сапуници, студентите раскажуваат и за еден постар професор, веќе пензионер, кој има навика да им ги чита(!?) предавањата на своите студенти. Очекувано, за време на паузата меѓу два часа, студентите, оние докажани мајтапции, му го враќаат повторно истиот материјал, оној веќе прочитаниот, на професорот. И тој, кутриот, на вториот час

повторно ги чита истите редови. Информатичарите велат дека ова е подготвено за на „Ју тјуб“... И третата приказна. Едно лице кое своето високо образование го стекнало на југословенската воена академија станува професор на еден приватен универзитет. За гревота, на своето прво појавување пред ТВ камерите, со неизмерна желба да ги презентира врвните остварувања на неговиот универзитетски проект, успехот го спореди со „Врвот на санта мраз што плови“!? Оној ист врв кој денес, или најдоцна утре, по законот на природата и физиката – ќе се стопи. Оваа споредба треба да ветува долгорочност и научна издржаност на неговиот проект. Нека му е со среќа. Чудно, но вистинито, неговите колеги и претпоставени не реагираа на бруката што им ја нанесе со своето „врвно знаење“. Можеби мислеа дека компарацијата ќе остане незабележана или, пак, и тие се убедени дека мразот што се топи е синоним за трајни вредности?!. Толку од студентите-мајтапции за квалитеот на наставниот кадар. Ме воодушуваат. Секогаш.

Да се вратиме во реалноста и на квантитативната страна на кадарот. Поголем дел од приватните образовни инстутиции ја искористија секоја ненавремена и неадекватна контрола од страна на надлежните државни инстутиции. И покрај фактот што со Законот за високо образование е прецизиран бројот на вработен наставен кадар по насока и по година, како резултат на сѐ уште неформираната Агенција за евалуација, тие вешто го користат овој сериозен пропуст на Владата за да не вработуваат нов наставен кадар. Токму затоа во поголемиот број приватни универзитети имаме ситуација каде што постојните вработени професори (најчесто минимален број вработени, или под минимумот) предаваат по повеќе од пет, шест, седум и повеќе предмети. Убеден сум дека доколку ги замолите само да ви ги набројат предметите што ги предаваат, а не дај боже да ги запрашате за нивната содржина, стопопостотно сум убеден дека не ќе можат уста да отворат а не да ви одговорат. Ако е за утеха, и на државните универзитети, и тоа не само на новоформираните, има недостиг од наставен кадар.



Небулоза е и најновата хајка на еден дел од сопствениците на приватните универзитети, по професори блиски на првите луѓе во државата, или до луѓе во врвот на партиите на власт. Овие новопечени газди за беден хонорар ги ставаат горепосочените во разни комисии на своите универзитети, ги ангажираат како предавачи, на овие вториве им нудат бесплатни додипломски студии ако немаат завршено факултет, бесплатни магистерски и докторски студии што ќе бидат завршени во експресен рок и слично, сѐ со цел и натаму да функционираат бесправно, односно полуправно. Како и досега. Во контекст на ваквото работење, не смееме да го заборавиме и функционирањето на голем број факултети во рамките на некои универзитети на кои се одвива настава без добиена акредитација. Доколку надлежните институции совесно си ја вршат работата за која ги плаќаме ние граѓаните, тие одамна ќе беа затворени, а студентите и нивните родители нема да бидат манипулирани и понатаму.

А последниот, воедно и најнов хит, е сѐ погласното мрморење низ градот дека стекнатата диплома на некои универзитети си има своја солидна цена и без да се појавите на факултетот!!!

Имајќи го предвид погоре изнесеново, тешко може да се извлечат генерални сознанија што би се однесувале на сите сегменти на универзитетското поле од квалитетот на кадрите, квалитетот на наставата и на научно-истражувачката работа, па сѐ до материјалните претпоставки за нивната реализација. Едноставно, на една страна ќе сретнете состојби што се мерат со европските стандарди, а на друга страна – состојба која е крајно загрижувачка во секој поглед. Дали ваквиот начин на функционирање во иднина треба да ја оствари максимата „Знаењето е сила, знаењето е моќ“? Ја спомна ли некој Болоњската декларација?

# СЕТЕРИ БЕЗ ЦЕТ
## (квази-елити го узурпираат македонскиот етер)

ВР-09.10.2009

Некаде во средината на XVIII век, еден Евреин од Полска успева да се скрие во потпалубата на бродот „Хоуп“ кој патува кон ветената земја – Америка. По дваесетина денови минати во друштво со стаорци, со корка леб во џебот на скинатото палто што во аманет му го оставил татко му, слепиот патник го здогледува копното. Њујорк. На пристаништето илјадници „староседелци“ ги пречекуваат дојденците. Неговата сага почнува... Со мајчиниот златен ѓердан ја плаќа првата кирија и се вработува во еден металуршки комплекс. И така, ден по ден, цент по цент, по 30 години успева да отвори сопствен пансион за новите доселеници. Бизнисот успева. Со неговите два сина работи дење и ноќе. Тројцата штедат од сопствената уста. Туберкулозата го убива „нашиот“ Полјак во 51-та година од животот. Погребан е во палтото на татко му. Синовите продолжуваат по неговите стапки. Го отвораат првиот хотел, во блискиот Висконсин... Сегашност, 2009 година. Петтата генерација потомци на „нашиот“ Полјак поседуваат верига хотели низ целиот свет. Богати се како „брод“. Петтата генерација ги ужива плодовите на трудот на претходниците. Живеат на „висока нога“, живеат во светот на цет-сетерите...

Невообичаен вовед, признавам, ама не најдов друг начин како да Ви ја доловам дискрепанцијата меѓу светот на вистинските цет-сетери и илузионизмот на овие нашиве, во последно време екстремно експонирани, хоум мејд сетери, за кои сакам да зборувам подолу. Тргнуваме...

Трагајќи по етимологијата на овој термин, доаѓам до заклучокот дека неговиот буквален превод би бил – најдобрите во општеството, „кремот“ на општеството, или потесен слој на едно општество. Или, како што вели еден познат македонски новинар на својот блог, станува збор за преведен израз со



значење „домашна хибридна класа на збогатени за 24 часа“, односно помодарство и снобизам. За овие луѓе поголем дел од социолозите велат дека се антиформа на модерниот живот, гранична цивилизација на придобивките на транзицијата, со основна заложба да бидат видени и да бидат во центарот на вниманието.

Цет-сетот во развиениот западен свет апсорбира и апсолвира само успешни луѓе кои се лидери во својата професија – топ-ниво, без разлика дали се бизнисмени, спортисти, уметници, адвокати, професори и др. Постојат повеќе нивоа, почнувајќи од пониско, средно и високо ниво, како и највисоката, т.н. апер (upper) класа. На кое ниво припаѓате, зависи од парите што ги заработувате на годишно ниво, од тоа колку гламурозни забави приредувате и кој сè присуствува на нив. Зависи и од тоа каков подрок сте ѝ подариле на својата сопруга за нејзиниот роденден, колку вреди имотот што го поседувате, дали поседувате уникатни автомобили, хеликоптер, јахта... Пожелно е да патувате со сопствен авион. Секако, за да уживате во овие благодати потребно е да имате и прилично слободно време, високи манири и пред сè општа култура, а вашите деца да учат во престижни школи или универзитети.? Но, сепак, примарни, иако не и единствени, се парите, и тоа количеството пари – тие ќе ви ги купат младоста, угледот, превласта, статусот, славата и популарноста. Количеството пари се „рецепт“ за успех, билет за влез во реалниот свет на цет-сетот. А количеството изедени фурни леб, народски кажано, е темел. Оној леб, генерациски, вековен, испечен во пепелта на традицијата. Оној, на нашиот Полјак посочен во воведот.

Има ли во Република Македонија цет-сет? Доколку сте објективен, сигурно дека ќе дадете негативен одговор на ова прашање, затоа што според критериумите и мерилата на современиот свет – Македонија нема високо друштво. Кај нашето „високо друштво“ недостига спојот на капитал, интелектуална моќ, учество во јавниот живот и, пред сè, традиција. Арно ама, Македонецот не би бил Македонец ако барем не се

обиде да направи привид дека токму тој го заслужува епитетот џет-сетер. Луѓето кои имаат пари и скромен IQ настојуваат да се присутни секаде и затоа ги дружат оние кои поседуваат интелектуална моќ а немаат пари, како и естрадните ѕвездички. И затоа се создава привид дека нашето високо друштво го сочинуваат уметници и естрадни личности, кои со своето зачестено појавување надвор од естрадната сцена само докажуваат дека со пари не може да се покрие образовната и интелектуалната празнина. Апсолутно се согласувам со напишаното на веб-порталот „Паноптикум" дека македонскиот „џет-сет" главно се состои од бербери, кројачи, ситни трговци, просечни менаџери, манекенки, а јас би додал и кафеанџии, татини транзициони синови и ќерки, ситни измамници, по некој телохранител на високите функционери, тазе водителки и хостеси кои помагаат при извлекување на лото-бројчињата и...

Да се обидеме во неколку реченици да го „насликаме" македонскиот џет-сетер. Едноставна задача што не бара многу напор. Тоа се вообичаено луѓе (без разлика дали е маж или жена) кои се возат во луксузен автомобил купен на лизинг или изнајмен во некоја оф-шор држава, луѓе кои најчесто во џебот имаат неколку стотини евра на кои им ги знаат и серискиte броеви. Пури пушат кога се гага. Секој викенд во летните месеци го посетуваат Охрид и новите хит-плажи, а во зимските месеци најчеста дестинација им е Маврово, со скијачка опрема „ала Томба". На скии не застануваат, затоа што најчесто им служат само како декор. Многу не зборуваат поради сиромашниот фонд на зборови, па токму затоа нивниот гламур трае само додека уста не отворат. Во кафеаните својот „углед" го купуваат со неплаќање на сметката, односно преку таканаречениот „потпис" (читај фактура). Следува „голем" бакшиш за келнерот, најчесто од 200 до 300 денари, а ако немаат ситно – тогаш може да се случи и да заталка и некоја петстотка. Кога ќе се соберат повеќе фактури... ја менуваат кафеаната. На кафеанџијата ќе му платат од... тутунот. Оние од „кремот" најчесто порачуваат морска или нискокалорична храна, демек да бидат фит, и пијат „дабл Џек Даниелс" со две коцки мраз – само кога се во друштво, а кога никој не ги гледа добро им легнува и домашната жолта. За атер се движат и во академските кругови, омилена писателка им е „Ана Карењиновска" а омилен роман „Мирот и војната" – прв дел (вториот дел ќе причека). За да бидат во тренд, најмалку три дена во неделата одат во фитнес-клубови, каде што повеќе парадираат отколку што вежбаат. Во палатите што им ги изградиле нивните родители, сурогат сетерите организираат пијанки и прават џејм-сејшн на песните на Цеца, Џеј, Аца Лукас, Тања Савиќ, Чуктераш... Најчест декор на овие забави се познати личности од светот на политиката, на спортот, на уметноста, како и евтините женски кои очекуваат веќе утредента да бидат „вработени". Огнометите стануваат сè попримамливи и речиси да нема „македонска џет-сет журка" без добар огномет. Ако правиш забава за паметење, да не те видат а да те слушне Скопје, тогаш пиротехниката мора да го има главниот збор.



Македонските „џет-сетери" со помош на медиумите, не само електронските, туку и на новосоздадените списанија, вршат инвазија на сите наши сетила. Познатиот наш новинар Љупчо Димитровски оваа нивна „активност" со полно право ја нарекува „медиумска идиотизација". Жално е тоа што некој се обидува да ве прави недоветни продавајќи ви евтини приказни, создавајќи елити по сопствен терк, мерила и критериуми.

Заклучок – македонските „џет-сетери" својата статусна етика и визуелен идентитет го градат како автохтона компилација на сè и сешто што ќе им дојде до рака. За нив Солун е Милано, Истамбул е Монте-Карло, а Белград – сон на соништата. Македонскиот џет-сет не е ништо друго туку сурогат на вистинскиот светски џет-сет, создаден на брз начин во периодот на транзиција и посттранзиција. Не е ништо повеќе од една малограѓанска групација во која помодарството е спакувано во лажен гламур, за жал пренесено во сите пори на животот, со клучно место и улога во економијата, политиката и културата.

**П.С.** Во минатата колумна споменав пример за еден мој колега кој својот успех со еден нов проект го споредил преку метафората „врвот на ледениот брег“ а не со онаа која јас сум ја употребил во својот текст „санта мраз што плови“. Навистина жалам доколку тој се нашол повреден и затоа му се извинувам, но ја користам оваа пригода да му го дообјаснам она што го заборавил, или пак не го знае. Имено, во ерата на глобалното затоплување, чинам дека ниту „сантата мраз што плови“, па ниту „врвот на ледениот брег“, не се отпорни на топење, па затоа компарацијата за долготрајност на проектот со врвот на ледениот брег не ветува долг век. А чинам дека човекот сакаше обратно да каже. Па затоа во иднина, за да нема навредени невести, нека подначи како, кога и за што се употребуваат метафорите.

## НА ЧЕКОР ДО ЕУ

ВР-16.10.2009

Конечно дојде и тој ден. Нашата држава ја доби препораката за започнување преговори за влез во ЕУ. Иако бев еден од ретките аналитичари кој уште пред три месеци укажа на овој позитивен извештај од страна на Европската комисија, сепак јавно и од сѐ срце им честитам на главните протагонисти во оваа долга епизода која трае од дамнешната 2005 година па сѐ до денес. Секако дека најголеми честитки од мене и за храброста на вицепремиерот за евроинтеграции, кој пред десетина дена јавно изјави дека е подготвен, во случај на негативен извештај, да ги понесе сите консеквенции, меѓутоа и да ги собере сите ловорики за евентуалниот позитивен извештај. За среќа наша и негова, конечно се случи нешто убаво и сметам дека сите ние, не само нему туку и на сите протагонисти во оваа долга епизода, јавно треба да им оддадеме признание за конечно добро завршената работа.

Позитивниот извештај е резултат на констатираниот напредок кај регионалната соработка и интернационалните обврски, политичкиот дијалог и подобрената политичка клима, поефикасната работа на Собранието, подобреното функционирање на Националниот совет за евроинтеграции, на постигнатиот добар напредок во спроведувањето на изборите и др. Меѓутоа, она на што актуелната власт мора да поведе сметка – е да се елиминира можеби најголемата слабост, а тоа е партизираната, неефикасната и преобоената јавна, т.е. државна администрација. Да се вложат сериозни дополнителни напори за да се осигура независно и департизирано судство, да се поведе посебно внимание на заштитата на човековите, граѓанските и политичките права, да се овозможи слобода на говорот и да се намалат политичките влијанија врз медиумите. Ова се само дел од позитивностите и негативностите констатирани во овогодинешниот извештај. Тука секако не смее да се

заобиколи, а најмалку да се заборави на малку задоцнетата, но сепак навремена реакција на коалиционите партнери Груевски и Ахмети при смирувањето на опасните меѓуетнички тензии што се појавија при издавањето на Македонската енциклопедија, која можеби беше и клучна во последниве денови пред добивањето на Извештајот.

Ова е само добар почеток на патот кој треба да го изодиме во наредниве педесетина денови. Кон средината на декември годинава, Советот на министрите на својата агенда ќе ја стави и препораката на Европската комисија за почеток на преговорите за членство со Македонија. Според сите информации и најави, таа нема да биде условена, но во Извештајот најверојатно ќе фигурира забелешката дека решавањето на спорот со Грција е клучно прашање кое ќе го олесни македонскиот пат во ЕУ. И тука лежи и најголемиот проблем којшто мора да се надмине што е можно побрзо. А за тоа свој максимален напор треба да вложи и опозицијата, односно СДСМ и останатите опозициони партии, а не да гледаат сеир и да им се ситат на маките на позицијата. Сега можеби е најпотребно сите ние да ги оставиме настрана нашите суети, да ги надминеме теснопартиските интереси и конечно да го постигнеме тој толку посакуван национален консензус, што досега не сме го постигнале за ниту едно прашање. Сите мораме да запнеме и да се договориме до каде можеме да одиме со нашите отстапки кон Грција во однос на географската одредница за нашето име, меѓутоа и сите да бидеме едногласни околу добивањето гаранции за нашиот идентитет, јазик како и по прашањето за неменување на Уставот. Односно сите јасно да ја определиме црвената линија. И затоа, чинам, во моментот кога ја примивме веста за започнување на пристапните преговори, најмалку беше потребна малициозноста на некои политички лидери кои кисело и тивко го поздравија овој голем успех на Република Македонија. Но, тука не смееме да ја заборавиме и да ја премолчиме реакцијата на дел од опозиционо настроените новинари. Нивната малициозност, пак, отиде до степен



на нечовечност и непрофесионализам. Тие во своите написи се обидоа да го намалат овој успех преку нивните пораки за „кусогледост на македонската политичка елита“, „за оптимизам без содржина“ и за тоа дека „чашите со шампањско ќе можат да се наполнат тогаш кога Македонија ќе добие датум за преговори, иако и тогаш сè уште ќе бидеме далеку од ефективното членство во ЕУ“. Коментар навистина не е потребен.

Иако сега е повеќе од очигледно дека на главната владејачка партија и нејзиниот лидер им бледнее ореолот на непопустливоста кон името и дека тие покажуваат готовност за промена на името, опозицијата не смее да се насладува на оваа ситуација и да седи настрана. Таа токму во овие наредни денови треба јасно и гласно да ја покаже својата конструктивност и добронамерност. Јасно е дека, на крајот, најголемата одговорност за евентуалниот компромис околу промената на името сепак ќе ја понесе власта, која, пак, кога е во прашање државата, не смее да го става во прв план својот личен и партиски рејтинг. Ако им е до рејтинг и на едните и на другите, нека ги почекаат наредните избори, каде што Груевски ќе има можност да објасни зошто морало да се направи компромис и зошто толку време го одолжувал неопходниот чин. Па нека реши македонскиот народ.

Што е приоритетно што Владата на премиерот Груевски треба да направи во претстојниот период? Прво и основно, под итно да ги состават и да ги промовираат во јавноста преговарачките тимови. Факт е дека во исчекување на позитивниот извештај од Европската комисија, нашата влада направи малку поголем застој на ова поле. Таа не го следеше примерот на Хрватска, која по добивањето на кандидатскиот статус во 2003 година, веднаш формира петнаесетина преговарачки тимови, на чие чело се најдоа врвни експерти од областите за кои се водат пристапните преговори. А тоа се ни помалку ни повеќе вкупно 35 поглавја. И навистина е жално зошто и претходната и сегашнава влада досега не ја испочитуваа препораката на Европската комисија, која уште во 2005 година препо-

рача веднаш да се формираат преговарачките тимови. На ова поле Секретаријатот за европски прашања ќе мора деновиве интензивно да поработи, не водејќи сметка за партиската припадност на експертите, за симпатиите или антипатиите што ги имаат или ги немаат кон нив, туку исклучиво да се раководи од нивното познавање на областа која ќе треба да ја покриваат. Тука се потребни сите оние кои си ја знаат работата.

Извештајот е голем успех за сите граѓани на Република Македонија, бидејќи актуелната власт вложи сериозни напори да ги исполни сите предусловите кои се бараа од нас. И сега, паралелно со визната либерализација (доколку во меѓувреме Грција не ни стави вето во декември), од почетокот на наредната година ќе зачекориме кон долгоочекуваната цел – ЕУ, а во меѓувреме со нетрпение ќе го чекаме донесувањето на Лисабонскиот договор, кој треба да ги елиминира пречките за проширувањето на ЕУ, не само со Македонија, туку и со другите земји-аспирантки.

ВР-26.10.2009

## БОЛОЊЕЗЕ – Селективен третман во високото образование

Иако се обидувам да ги избегнам, темите за образованието некако постојано, како алтер его, ми се наметнуваат самите по себе. Секако, за мојата образовна бунтовност придонесува и бесконечното медиумско бомбардирање на моите сетила со проблемите со кои се соочува оваа област, како и секојдневното мое судирање со нив. Овие проблеми секојдневно сè повеќе натежнуваат. Овојпат фокус на моето апсолвирање се прашањата – дали и како можеме да креираме интегрирани универзитети и дали со политиката што ја води Владата спрема дел од државните универзитети и некои факултети може да се очекува прогрес во високото образование?

За почеток, би се осврнал на државните универзитети и на нивната желба за креирање интегриран универзитетски систем. За жал, општа е констатацијата дека се работи за систем кој сè уште е премногу сложен, тромав и, пред сè, разединет. Овој систем најчесто е составен од најмалку десетина и повеќе факултети и други организациони единици, каде што сè уште сите тие имаат различни стандарди кои најчесто се субјективизирани и каде што се загубени можностите да се споредуваат резултатите со слични или исти такви системи, дома или надвор. Тоа се сегменти кои сè уште тешко соработуваат меѓу себе, а мобилноста внатре во самиот систем е сведена на минимум. Ако кон ова ја додадеме и сериозната нарушеност на автономијата на универзитетите со длабокото и неумесно политичко инволвирање на извршната власт во образованието (а посебно во високото образование), сето ова индицира на заклучокот дека патот што го трасираме, божем во согласност со Болоњската декларација, не нè води во насока на квалитетно високо образование и на модерен интегриран универзитет.

Збор-два и за причините за ваквата состојба. Иако секојдневно сè поголем број мои колеги-професори се согласни

дека материјално-техничката база и кадровската екипираност на факултетите во рамките на државните универзитети е „солидна“, бројот на студентите кои им беше дозволено да ги запишат (на поедини факултети) во учебната 2009/2010 година е далеку од нивните реални капацитети и можности. И сето ова благодарение на недостигот од интелектуална перцепција и елементарно (не)познавање на високото образование токму од досегашните министри за образование. Во последниве неколку години, некои факултети, пред сè нофоромираните државни факултети, запишуваа неколкупати повеќе студенти од нивните реални кадровски и просторни можности. Спротивно на ова, на факултетите кои традиционално располагаат со просторни и кадровски услови, како по некое непишано правило, оркестрирано, им се намалуваше во континуитет бројот на запишаните студенти од претходната учебна година, им се укинуваа штотуку започнатите акредитирани студиски насоки, им се намалуваа средствата за нормално функционирање и др. Мора да признаеме дека ваквиот селективен и непринципиелен пристап е своевиден антагонизам на долгоочекуваниот и мачно имплементиран Болоњски процес, антагонизам кој станува погубен за ефикасноста на образовниот систем.

Денес, секој универзитет, секој факултет треба објективно да се позиционира на квалититативното скалило, следен со императив постојано да се бори за натамошно подобрување на услугите и условите. Во спротивно, ќе биде осуден да пропадне. Дали владата, Министерството за образование и Министерството за финансии воопшто водат сметка за оваа приоритетна работа? Мојот одговорот е – „НЕ“. Децидно „не“, пред сè поради различната финансиска политика што овие три институции ја имаат спрема некои универзитети и факултети.

За што станува збор? Целокупните финансиски средства потребни за нормално функционирање на една образовна институција се збир на: 1) средства што ресорното министерство за образование од буџетот ги префрла преку министерството за финансии; и 2) сопствените приходи што една високообразовна институција ги прибира по разни основи. „Матни“, односно недоволни, се и двата извора. Делот од средствата што од Буџетот им се префрлаат на некои факултети, во најголемиот дел, е во соодност 9:1. Значи, 90 проценти од префрлените средства на факултетите се наменети за плати на вработените во високообразовната институција, а останатите 10% се наменети за материјални трошоци, комунални услуги, тековно одржување, купување опрема, договорни услуги и слично. И видете ја сега математиката. Има ли таков домаќин, кој со овие 10% префрлени средства ќе може да функционира нормално?! Ниту илузионистот Дејвид Коперфилд тоа не ќе може да го стори. Посебен проблем, покрај малата ставка за овие „тековни“ потреби, е и нивната ненавремена исплата. Востановениот законски „краен рок“, до 15 во месецот за нивна исплата, повторно станува илузија. Меѓутоа, овој погоре прикажан соодност на средства не е ист за сите факултети, па така кај некои „миленици“ соодносот е далеку поразличен и средствата кои се издвојуваат за материјални и други трошоци се далеку поголеми, како во самиот соодност така и во апсолутен износ, не водејќи сметка за основните параметри. Така, на пример, не се води сметка за бројот на студенти што ги има секој факултет, за квадратурата на просторот што се користи и кој треба редовно да го одржува секоја високообразовна институција, за бројот на потребниот административен персонал, како и за многу други параметри. Следствено, се поставува прашањето: Што и како натаму?



За да се покрие овој недостиг на средства, адресата е повторно ресорното министерство – ги побарувате финансиските средства од сопствените приходи преку годишни, квартални и месечни планови. Иако непотребна и комплицирана, процедурата сепак мора да оди по следниов редослед: факултет – ректорат – министерство за образование – министерство за финансии. Можеби трпеливиот просветен работник, и покрај овие финансиски лавиринти, сепак ќе биде задоволен доколку министерот за финансии редовно ги исплаќа побаруваните средства. Алелуја... За жал, тие најчесто заглавуваат

во административниот апарат, и тоа најчесто кај посочениот министер, без никакво јавно образложение. Не се исплаќаат средствата за договорни услуги (одржување магистерски студии, докторски студии, хонорари за разни комисии, за печатење и издавање книги и др.), факултетите постојано должат за комунални услуги, нема редовно сервисирање на материјалните трошоци (набавка на канцелариски материјал,на списанија и весници, на средства за одржување на хигиената и др.). Посебна приказна се дисперзираните студии, за кои воопшто не се издвојуваат средства од државниот буџет, барем за еден дел од нив. Повторно селективен пристап?! Моите сознанија одат во насока дека од горе кажаното е поштеден, на пример, Штипскиот универзитет „Гоце Делчев“ и неговите факултети и дисперзирани студии. Останатите живуркаат. Едноставно, овие сопствени приходи ги имате само на хартија, на вашата факултетска сметка, но фактички не можете да ги користите само затоа што некој министер за финансии едноставно решил буџетот да му биде полн. Демек, ќе штедел во некои сегменти од образованието, а ќе финансира скулптури и други баналности. Истиот тој не води сметка дека долговите постојано се натрупуваат и факултетите, оние „заборавените“, паѓаат на питачко дереџе. А комитентите, оние кои по разни основи извршиле определени услуги кон институцијата, ги напушта трпението и поведуваат тужби против неа. Следуваат казни, камати... Среќа наша што македонскиот граѓанин е „богат“, па државата, со парите од џебот на граѓанинот, на крајот сепак ги исплаќа овие, сега набилдани долгови! Во овој контекст, еден мој пријател вели „Ме изеде туѓиот срам“.

Некои факултети во рамките на универзитетите, како резултат на нивното пазарно стопанисување, нивната атрактивност, креативност и конкурентност, покриваат најголем дел од трошоците од сопствени приходи. Дури и над 80 отсто. Од државната каса добиваат само „трошки“ – „ситнеж“, и тоа ако се смилува министерот. Од друга страна, овие успешниве го имаат истиот статус како и оние кои воопшто и не придонесуваат за развој на универзитетот и чекаат само помош од др-



жавата. Оние професори кои со своето знаење, со својот труд придонесуваат да се зголемат приходите на факултетот, а следствено и на универзитетот, принудени се да ја делат судбината на колегите-легачи, на оние кои чекаат да им падне од Господ. Бедно, но за жал се случува во нашиот двор. Заради ваквиот начин начин на функционирање постојат сериозни размислувања дали концептот на интегриран универзитет ќе може да заживее, а уште помалку да опстои, особено во услови кога некој друг решава за вашите сопствени средства, кога не постојат јасни критериуми во системот за распределба на средствата за плати и за останатите потреби.

Во вителот на пазарната економија, дел од државните факултети се под силен притисок и неможност за нормално функционирање токму поради најодговорните во државата. Како поинаку да се протолкува сè повидливиот и маргинализирачки третман на кој се подложни определени универзитети, а посебно некои факултети? Станува сè појасно дека овој начин на работење сè повеќе е несврзлив со вредностите и со мисијата на високото образование. Декларативно, концептот за интегриран универзитет и за негова автономија требаше да доведе до рационализација и до повисока ефикасност на високото образование, со јасна примена на заеднички критериуми и вредности. Декларативно, требаше да имаме задоволни студенти. Реално, треба да има и задоволни професори. Еден колега, познат социолог, вели: „Ако работите се движат според народната поговорка „Менувај за да остане сè по старо“, примената на Болоњскиот процес може да доведе само до формални промени. Неговата непринципиелна имплементација може да биде погубна. Во отсуство на јасни и прецизини критериуми, лесно може да се отиде од една во друга крајност, а тоа е опасноста од централизација, бирократизација и експлозија на професорското незадоволство“.

## МЕТРОПОЛА

ВР-30.10.2009

Метропола! Колку гордо звучи овој збор?! Ова е збор кој на големо задоволство и во секоја пригода произлегува од устата на нашите политичари, тазе градоначалници и јавни личности. Самиот збор метропола има светски призвук, па кога некој град се нарекува метропола – тоа е пофалба пар екселанс! Но, да видиме што подразбираме под овој поим и дали наше Скопје е метропола? Ако метропола е назив за главен град, тогаш Скопје е метропола. Ако метропола е град во кој се сместени законодавниот дом, владата и другите институции, тогаш пак се работи за метропола. Ако метропола е град во кој живее повеќе од една третина од вкупното население во државата, дефинитивно се работи за метропола. Оваа констатација се потврдува доколку прочитате и некој енциклопедиски речник, каде што како објаснување ќе најдете дека метропола во стара Грција бил град-матица, престолнина која имала свои колонии! Главен град на држава со значителна концентрација на власт, како и град кој се смета за средина во која се одвиваат најзначајните политички, економски и други активности. Дали овие неколку параметри се доволни наше Скопје да го наречеме метропола? Ако во зборот метропола подразбираме моќ, блесок, раскош на главен град како во европските земји, повеќе е од јасно дека одговорот е негативен. Метропола не може да биде град во кој немате ниту една градба постара од педесет години, каде што имате само едно кино, тесни и нечисти улици, депонии на секое ќоше. Метропола не може да биде град каде што јавниот превоз на патници се врши со автобуси постари од триесеттите години и кои претставуваат подвижен отпад на тркала, автобуски постојки како во триесеттите години на минатиот век, град во којшто нема метро, трамвај, град каде што скулптури се поставуваат како сезонски садници итн. Метропола не може да биде град каде што определени градски и општински фактори, поради патолошки причини и лекување на сопствените комплекси, се поигруваат со заедничките јавни површини кои служат како експериментална подлога за сè и сешто, град каде што повеќето од една третина од градбите се дивоградби, град во кој нема разлика меѓу урбаното и руралното, град со септички јами, град со вода до колениции по секој пороен дожд. Метропола не може да биде град каде што во центарот на градот во парковите пасат коњи и овци, град каде што на само еден километар од центарот сè уште некои домаќинствата одгледуваат кози и свињи во своите дворови, а наутро ве буди кукурикањето на комшискиот петел. Не може да биде метропола град без зоолошка градина, а „животни" од сите видови да ви шетаат по цел град. И сигурно дека можеме да наброиме уште многу други работи кои одат во прилог на фактот дека наше Скопје сè уште е светлосни години далеку од вистинска метропола. Според зборовите на еден наш филозоф: „Скопје стана пример за тоа како изгледа еден град кога го градат луѓе со паланечки критериуми, градители кои за задоволувањето на своите криминални апетити си играат со најевтините сентименти на народот, а му градат градби кои за ништо не ги бидува...", а јас би додал дека едноставно му го убиваат духот.

Во метрополите во развиените земји, каде што денес населението главно се осипува, главен проблем е подоброто искористување и зачувување на културното наследство, оптималното искористување и модернизацијата на постојната инфраструктура, борбата против обезвреднувањето на определени квартови и оневозможувањето на нивното претворање во гета, односно сламови. Во метрополите во земјите во развој, главна е борбата против демографскиот пораст и неговата контрола, борбата за продуктивен опфат на расположливата работна сила, спречувањето на дезурбанизацијата, односно вложувањето напори за организирано ширење според однапред јавно усвоените урбанистички планови и др. Денес не само во САД, туку и во Европа, градските совети и градоначални-

ците сфатија дека уметноста, културата, спортот, подигањето на општата култура, можат да помогнат во решавањето на многуте проблеми што ги мачат нивните градови и кои можат сериозно да помогнат во совладување на криминалот, сиромаштијата, бедата, негостољубивоста и да му дадат лик на својот град на метропола. Затоа бројни градови започнаа да развиваат (нови) културни атракции, нови атрактивни содржини, да инвестираат во развој на театри, кина, опери, музеи, галерии.., се прават планови за развој на културни делови од метрополата, спортски терени, се создаваат простори за рекреација и др. Се одвојува урбаното од руралното, се зачувува и се негува традицијата на еден современ начин.

Тие одамна ги надминаа партиските гледања, планови и програми напишани и стокмени набрзина и кои служат само за пред избори. Граѓаните на овие градови денес бараат реализација на ветеното, на јавно проговореното, бараат резултати од своите избраници и подобар и побезбеден градски живот. Јавниот простор, целокупниот движен и недвижен градски капитал со кој располага еден градоначалник е заедничко и генерациско богатство на сите граѓани. Затоа, основна и елементарна човечка и политичка култура е императивната обврска овие градски фактори при трошењето на народните пари, при уредувањето на јавните градски површини, при давањето имиџ на градот, при решавањето на комуналните и инфраструктурните проблеми, да не им робуваат на сопствениот невкус и на незнаењето, на диктатот од повисоките политички инстанции. Вообичаено е градските фактори (а најчесто под притисок на јавноста) да ја надминат сопствената суета, ги отфрлаат партиските директиви (ако воопшто и постојат во некоја метропола), се надминуваат себеси, како и моќта која им ја дава моменталната функција, се советуваат, се учат, се надградуваат и прават добро за сите свои сограѓани. Оставаат свој белег во историјата и во растежот на својот град, на својата метропола.

Процесот на изградување на Скопје во метропола е навистина тежок, повеќедимензионален, повеќезначен, за него се потребни, пред сѐ, време, пари, ентузијазам, знаење, како и промена на нашиот однос кон него. Потребно е да го одвоиме од политиката и од политичкото влијание. На Скопје му е потребна духовна и естетска реанимација, потребно му е надминување на стереотипите на културната и друга политика, во која и покрај поминатите повеќе од дваесетина години, сѐ уште се чувствуваат елеменетите на стариот систем. Не може град кој е културна и историска ризница да личи на поголема селска паланка во која секој ќе ги лекува своите партиски или лични фрустрации, а истовремено постојано да мрмори за метропола. Крајно време е да ја зачуваме автентичноста и традицијата на нашиот главен град, да ги елиминираме сите малку погоре наброени негативности, но и да му дадеме европски сјај. Скопје и скопјани го заслужуваат тоа.

# СКАНДАЛ ИЛИ НОВА ТИВКА НАЦИОНАЛИЗАЦИЈА?

ВР-09.11.2009

Почитувани читатели, како ќе се чувствувате кога за градежно земјиште која е ваша лична сопственост одеднаш во имотниот лист ќе видите дека од сопственик сте станале само корисник на истиот имот? Претпоставувам дека во најмала рака ќе се шокирате. Тоа деновиве им се случува на многумина граѓани кои се обиделе да извадат најнов имотен лист. Значи, преку ноќ Агенцијата за катастар на недвижности, односно нејзините одделенија, ви ја одзеле сопственоста и многумина од вас добиле статус на корисник на сопственото градежно земјиште. Токму поради ова го поставувам и прашањето: Дали не е на повидок уште еден скандал на Владата на Република Македонија, или пак се работи за нова, молкома извршена, национализација?

За да бидам сигурен дека нема да згрешам за претходно споменатата констатација, се обидов да го погледнам во законите кои ја регулираат оваа област, како и во Уставот на нашата држава (кој нели треба да биде светиња). Се обидов да проверам да не случајно нашите ни вредни пратеници не донеле некој нов закон за национализација. Но, таков, фала му на Господа, сè уште немаат донесено. Законот за градежно земјиште, дури и во најновите свои измени, во ниту една своја одредба не предвидува туку така, без никаква причина и образложение, одземање на сопственоста. И највисокиот акт на нашата држава, Уставот, е дециден во однос на ова прашање. Во Преамбулата е запишано дека: „во Република Македонија треба да се воспостави и изгради владеењето на правото како темелен систем на власта". Да, токму така, и затоа повторувам: владеење на правото како темелен систем на власта. Во членот 8, став 1, алинеја 6, е запишано дека една од темелните вредности на уставниот поредок е „правна заштита на сопственоста". Членот 30, став 1, го гарантира „правото на сопственост и правото на наследување". Во истиот член, ставовите 2 и 3 велат дека: „никому не можат да му бидат одземени или ограничени сопственоста и правата кои произлегуваат од неа, освен кога се работи за јавен интерес кој е утврден со закон и во случај на експропријација на сопственоста. Во случај на ограничување на сопственоста, се гарантира праведен надомест кој не може да биде понизок од пазарната вредност". Значи, од формално-правен аспект, сè е во ред. Прашањето на личната сопственост од сите можни аспекти е загарантирано и заштитено, односно не смее да биде загрозено, и никој нема право да си поигрува со личната сопственост, односно со судбината на македонските граѓани. Меѓутоа, не ќе да е така во практиката.

Примерот со поранешниот пратеник Томислав Стојановски Бомбај и со многумина други, од памтивек сопственици на градежно земјиште или пак сопственици врз основа на уредно заверен договор за купопродажба, ме убедува дека не е сè онака како што е запишано во Уставот, во законите и во другите подзаконски акти. Увидот во неговата документација ме убеди во спротивното. Без никакво претходно известување, Агенцијата за катастар на недвижности во имотниот лист изваден на 18.08.2009 година го менува титуларот на сопственоста на неизграденото градежно земјиште добиено врз основа на купопродажба, односно, човекот од сопственик го претворила во негов корисник, а како нов сопственик се јавува државата. На само десет дена потоа, поточно на 28.08.2009, во издаденото Уверение за историски преглед на извршените запишувања издадено од Агенцијата за катастар на недвижности Тетово, јасно се гледа кој е сопственик на земјиштето. Меѓутоа, од неразбирливи причини, барем за мене, со решение за стапување во примена на востановен катастар на недвижности кон крајот на 2008 година, се врши ново нумерирање на катастарските парцели и притоа се губи сопственоста, па сопственикот станува корисник на земјиштето. И сето тоа онака тивко, заткулисно, без правна основа и без известување на сопственикот.

Ова сето ми прилега дека во Република Македонија некој се обидува да го имитира венецуелскиот претседател Хуго Чавес, кој во последно време е преокупиран со национализацијата. Меѓутоа, истиот тој Чавез на ниту еден негов граѓанин не му одзел ништо што е негова лична сопственост. Значи, овој (или овие) кои се обиделе да посегнат по сопственоста, ептен мора да се замислиле, или пак да се мрднале од умот, и свесно самоиницијативно, или пак по налог на некој друг, да направиле кривично дело.

Меѓутоа, Танталовите маки на овие граѓани не завршуваат тука. Оние кои од сопственици станале само корисници на сопствениот имот, сега се во безизлезна ситуација. Тие ниту можат да го продадат своето неизградено градежно земјиште, ниту пак да добијат дозвола за градење, а доколку сакаат повторно да станат сопственици, според Законот за приватизација на градежно земјиштето, повторно мора да го купат земјиштето. Повторната приватизација на земјиштето од страна на поранешните сопственици, а сега веќе само корисници, ме наведува на претпоставката дека целата оваа ујдурма има за цел да го пополни и онака празниот буџет, бидејќи неговата цена достигнува и до 35 евра по $m^2$, или пак при немањето пари за откуп на своето земјиште од страна на вистинските сопственици (а сега корисници), свесно се прави место за да се јави некој друг како купувач и по експресна постапка да стане негов нов сопственик. Значи, и покрај тоа што имате документи за сопственост од памтивек, или уреден договор за купопродажба, и покрај тоа што вашето земјиште никогаш не било национализирано или ставено под хипотека, вие сепак сте ја загубиле сопственоста под неразјаснети околности. И, да биде трагедијата поголема, сите надлежни институции или немаат објаснување, или само креваат раменици во знак на немоќност нешто да ви помогнат, а на бројните поднесоци до нив – воопшто и не одговараат.

Во една ваква ситуација ме загрижува, пред сè, молчењето на сите оштетени сопственици (прашање е и дали знаат што воопшто им се случило), на експертската јавност, на пратениците и на сите оние кои треба да реагираат во ваква ситуација. Зачудува и несериозниот третман на ова прашање од страна на Народниот правобранител, кој е надлежен да ги штити интересите на граѓаните од злоупотребите на државната администрација. Во една своја изјава на оваа тема (токму во овој весник), заобиколувајќи го вистинскиот одговорот, тој лаконски одговара: „Во овие случаи нема простор за поведување постапка, зашто законодавната рамка предвидува приватизација на земјиштето без надомест ако се докаже дека правото на користење некогаш било купено... (јас се прашувам кај се тука сопствениците, односно правото на сопственост). Тие што го купиле правото на користење може да го донесат договорот и без надомест да го приватизираат земјиштето. Ако немаат заверен договор, тие треба да потпишат изјава дека владеат со земјиштето повеќе од 15 години и да донесат изјава од сопственикот, или од неговите наследници. Ако новиот корисник (како и поранешен сопственик) не го приватизира земјиштето, ќе треба да плаќа закуп за неговото користење...“.

Види богати, ова испаѓа дека: јас ќе ти го земам твоето, па дојди потоа докажи ми дека е твое. Остварувај го и барај го своето право пред подрачните единици на Министерството за финансии, поднеси жалба до второстепената комисија во Владата и тужба пред Управниот суд. Чукај си ја главата од врата до врата. Па кој му дозволил на Народниот правобранител вакво однесување? Па чии интереси треба да штити тој? И, на крајот, доколку се излезе дека е онака како што кажува документацијата и поранешните сопственици, се прашувам каде е тука одговорноста на директорот на Агенцијата за катастар на недвижности? За ваква работа во демократските општества најнапред се понесува политичка, а подоцна и кривична одговорност, во ист кош со ресорниот министер.

П.С. Деновиве стана актуелно прашањето за решавање на „правата“ на борците на ОНА. Доколку македонските бранители не го обвинеа премиерот за предавство, сигурно

Државниот правобранител немаше да се сети дека законот можел да се толкува и пошироко, односно дека Законот за државното правобранителство давал можност иницијативата за повлекување на тужбите да потекне од него во согласност со МВР – органот што тужел. Доколку не беше во прашање решавањето на правата на оние кои ја нападнаа сопствената држава во 2001 година, ниту министерката за внатрешни работи а ниту и претходно посочената институција немаше да најдат време да поразговараат и да бараат решение за проблемите на бранителите, на кои тие укажуваа и молеа неколку години наназад. Скандал до скандал, а морал и патриотизам на „високо ниво“!!!

# МОМЕНТ НА ВИСТИНАТА

ВР-16.11.2009

Од името на политиката, сексот и слободното изразување... амин. Оваа нова молитва на транзиционите генерации само ја пресликува суровата реалност во која политиката стана духовна храна, а за донеодамна конзервативниот Македонец сексот и неговите „варијации“ се појадок, ручек, вечера... Сексот веќе не е табу тема, не е појава што ги тангира „сите, освен нас самите“. Сексот го зазема централното место во општественото живеење и претставува клучна тема, фокусна точка на современата култура. Дискурсот на сексуалниот живот стана доминантна сторија на глобалната сцена која експандира до таа мера што медиумите на своите читатели редовно им сервираат – секс. Зборовите на маркетиншките гуруа дека вистината на современата цивилизација лежи во три збора: „сексот продава сè“, станаа разбирливи.

Конечно, и на традиционално конзервативниот Балкан се прават обиди „алтернативните облици на сексуално однесување“ (хомосексуалност, бисексуалност, транссексуалност) да се прикажат како современо и супериорно сфаќање, нешто што е модерно, урбано... Парадирајќи на улиците под мотото: „We’re here, we’re queer, get used to it!“ (Ние сме тука, ние не сме настрани, навикнете се на тоа!), се чини дека овие лица на некој начин стануваат маченици, но истовремено и херои на новите револуционерни движења.

Многумина сексолози се согласуваат дека пред 60-тите години сексот беше производствено добро, кое подоцна се трансформира во потрошно добро. Денес неокапитализмот сексот го претвори во добро за размена, капитал кој слободно циркулира. Данска е првата земја во која е озаконето брачното партнерство меѓу хомосексулаци уште во 1989 година, а по нејзините стапки појдоа Холандија, Белгија, Германија, Финска, Унгарија, Италија и Шпанија, засега на локално ниво. На 1

април 2009 година мнозинството пратеници од шведскиот Парламент (Риксдаг), го одобрија Законот што им дозволува на геј-двојките да склучуваат бракови. Португалија и Велика Британија им дозволуваат определени привилегии, иако таму хомосексуалните врски не се легализирани. Франција пред околу пет години го прифати Пактот за општествена солидарност, со кој се предвидува законско признавање на невенчани хомосексуални парови. По 148 години, во Индија во јули годинава, тамошниот врховен суд го укина законот со кој хомосексуалниот однос се третирал како криминално дело.

Како е кај нас? По сè изгледа дека чекор по чекор, неговото височество, сексот, ја јавна естрадната, научната, уметничката, па и политичката сцена. Почна секој секого да „секса", а на крајот сепак сите да остануваат невини. Токму затоа, таа иста сцена стана и воајерска, и порнографска, и егзибиционистичка. Демократијата и сексот станаа нераскинливо поврзани, па сега е разбирливо што македонската јавност се возбуди (сексуално) поради најавената заедничка прошетка на хетеро- и хомосексуалците низ улиците на македонската престолнина. Возбудата кулминира (барем додека го пишував овој текст) со нејзиното тивко откажување. Да се потсетиме, според најавата на неделникот „Сега", на 17 ноември, на Интернационалниот ден на толеранцијата, македонските хетеросексуалци заедно со хомосексуалците требаше заеднички да му изразат поддршка на слободното искажување на сексуалната ориентација. Како организатори се споменуваа Македонската асоцијација за слободна сексуална ориентација (МАССО), Хелсиншкиот комитет, како и видни личности од светот на политиката. Но, како што стојат работите, изгледа сè ќе остане на – најава.

Од што се исплашија организаторите и досега воопшто не се огласија? Дали од белградските случувања кога Парадата на гордоста (која патем имаше иста цел – каде што луѓето со различна сексуална ориентација требаше да го кренат својот глас против дискриминацијата), беше откажана поради силните притисоци и закани од тамошните мачо навивачки групи и неможноста властите да ја гарантираат нивната безбедност? За жал, ваквите закани во Белград на претходната парада се остварија, што резултираше со загубен живот и многумина повредени. Убеден сум дека ние Македонците сме далеку потолеранти на ова поле од Србите.

Зошто треба да се охрабрат организаторите на оваа прошетка?

Гледано од политички аспект, поддршката на оваа хетеро-хомо прошетка е на некој начин инстант-грепка, шанса за добивање поенчиња на тркалото на среќата наречено европска Македонија. Во европското семејство се примаат само толерантните граѓани и држави. Демек, тие општества кои ја поддржуваат геј-популацијата се напредни, прогресивни, едноставно европски настроени, а оние кои се против – се типични Балканци и конзервативци. Значи, шанса конечно да се преброиме, да видиме до кое ниво е нашата толеранција и до кој степен сме европеизирани.

Во контекст на ова размислување, дискурсот се претвора во дискусија. Се наметнува дилемата: зошто сексуалната ориентација кај нас преминува во симболична пречка?! Навистина не ми е јасно зошто дел од македонската јавност има двоен аршин во поглед на сексуалното експонирање на јавната сцена и во јавноста? Некако „нормално" ни е кога во ТВ емисија пред милионскиот аудиториум некој маж јавно и доброволно ќе проговори дека имал секс со својот пријател, ама „само еднаш" во животот, дека е заљубен до уши во својот колега, дека ја изневерил својата сопруга со друга жена, дека во ист ден сопругата имала секс и со поранешното момче и со актуелниот маж и паралелно одржува лезбијска врска, дека некој секојдневно мастурбира на работното место, дека некоја девојка е лезбијка итн. И сите ние аплаудираме и им се воодушевуваме на нивната сексуалната храброст и фантазија. Наспроти ова, кога некои јавно ќе проговорат за својата хомосексуалност – ги осудуваме однапред. Трагикомично, па дури и патетично... Зар е можно сексуалниот егзибиционизам на разни лузери кои за мали

пари се пријавуваат да учествуваат во вакви шоуа да е помалку значајно за сексуалното ослободување и за детабуизацијата на сексот, отколку една хетеро-хомо прошетка?!

Но, да се навратам на прошетката. Денешното, или пак утрешното нејзино одржување, ќе биде добра шанса за промоција на сите лица со различна сексуална ориентација, вклучувајќи ги и оние прогресивните кои се занимаваат со политика. Кај нас во јавноста во последно време сѐ повеќе се говори за хомо- и хетеросексуалноста на определени македонски политичари, како поранешни така и сегашни. Зар ова не е добра шанса, онака помешани со останатите, да се појават во јавноста и да им ги затнат муцките на сите озборувачи? Убеден сум дека би се чувствувале горди со својот старо-нов идентитет и патем би го зајакнале својот политички рејтинг, не само на домашната туку и на европската политичка сцена. Секој нов глас е добредојден, особено кога доаѓа од движење кое станува сѐ помоќно во светот. Политиката, впрочем, е незгодна филозофска категорија – некогаш светот го гледаш однапред, некогаш одназад...

ВР-23.11.2009

# СЕ СЕТИЛ ОПИНОКОТ КАКО ДА СТАНЕ ЧЕВЕЛ – СЕ ЛИГАВЕЛ...

Препоставувам дека мнозина од читателите ја слушнале приказната за полжавот и соколот. За оние кои не ја слушнале, еве ја накратко. Слетал соколот на врвот на планината и на големо изненадување среќава полжав!? И наместо соколот да го праша полжавот како се нашол тука, тоа го прави полжавот. Соколот одговорил дека има крилја и дека може да отиде дури и на повисоки врвови. Кога соколот го запрашал полжавот како тој кутриот без крилја се нашол на врвот од планината, добил краток и јасен одговор – со лигавење...

Тоа што за сите нас, обичните граѓани, е само басна, за политичарите и за политикантите стана буквар. Лигавењето прерасна во основна алпинистичка опрема за освојување на високите функционерски врвови и позиции. Утринскиот секрет од усните на политичарите еволуира во волшебна напивка во борбата за превласт. Лигата стана поток, потокот река, реката море... Во морето се удавија сите кои имаа вистински квалитети, знаење и умешност, луѓето на кои не им беше овозможено тие позитивни карактеристики да ги промовираат и да ги практикуваат. Дојде ерата на лигушите...

Каков е профилот на современиот македонски лигуш? Тоа е „човек" кој постојано е насмеан, весел, малку подвиткан, но во секој момент подготвен да ја бакне и земјата ако треба во знак на поклонение кон оној кој го поставил на таа позиција или функција. Кутриот лигуш, си го крши 'рбетот дури и пред сателитите на „оној" – претпоставениот. Секретот, оној истиот којшто нашиот лигуш го искачил на врвот, сега го обврзува својот претпоставен постојано да го опсипува со комплименти, очекувајќи дека слаткоречивоста ќе му обезбеди привилегирана влезница во неговиот анус. Достоинството и слободната мисла му се имагинарни поими. Тоа се чувства кои

изумреле заедно со умирањето на неговата душа. Лигавејќи се и голтајќи ја сопствената лига, „нашиот“ лигуш преку ноќ станува некој и нешто. Вознесен од еуфоријата на постигнатото, нашиот „никој и ништо“ се обидува да го допре небото и постојано во своите раце да ги милува двете топчести форми на политички и партиски хиерархиски претпоставените. Овие лигуши оддишка за сопствената душа и за својата маленкост наоѓаат во спроведувањето екстремен деспотизам на работното место. За жал, и ова кратко им трае – само додека некој „озгора“ не тропне по бирото. Тогаш милувачите и занесувачи на тестиси се повлекуваат во своите глувчешки дупки и со денови, мрморејќи тивко и самите да не се слушнат, бараат начин како да се реваншираат. А тоа најчесто го прават со промена на партиската книшка (поранешна „лична карта“). Полека-полека, лигушот осознава дека има толку многу такви шарени книжулиња што веќе не може да ги смести во неговиот нов, дебел паричник. А обврзан е, кутриот, да ги чува како зеницата во очите. Инаку... ќе добие по газето.

Од спортски активности најчесто практикуваат ментална гимнастика – секое утро на кејот на Вардар, кај Александар палас, во битолскиот и во прилепскиот парк, на кејот покрај Охридското Езеро итн., ја учат историјата на партијата во која членуваат во моментот. Ја учат наизуст, па така лигушите родени во доцните 80-ти успешно му раскажуваат на народот за сопствените подвизи во раните 70-ти. А оние малку постарите, зборуваат дури и за основачките собранија на партијата на која моментално ѝ припаѓаат, иако во тоа време бегале од неа како ѓавол од темјан и фрлале дрвја и камења по сегашните свои споратијци.

Приказна за себе се и официјалните церемонии. Лигушите секогаш пристигнуваат барем пет минути пред туторите и со чаша в рака постојано го ловат погледот на својот патрон, се обидуваат да му наздрават (најчесто неуспешно), да му се поклонат и да му посакаат добро здравје. Здравјето на деловно-политичкиот лидер и на неговото семејство им е по-



важно и од сопственото. Ништо ново. И во древниот Египет смртта на владетелот значела и смрт за неговите поданици од првиот ешалон. Единствена разлика е што овие „нашиве“ по политичката смрт на лидерот умираат полека, обидувајќи се во маалото во кое растеле пред да станат „хај“ да ги придобијат старите пријатели, другари, комшии... оние кои едноставно ги заборавиле за време на траењето на петте минути власт. За среќа, Македонецот има добро паметење, па вообичаено лигушот завршува во општествениот контејнер.

Интересно е и однесувањето на македонскиот лигуш на неговото ново работно место. Прави сè само да се доближи до менторот. Со вонреден самопрегор се откажува од сопственото „фиќо“, паркирано нерегистрирано пред зградата и со „тешко срце“ влегува во луксузниот државен автомобил и... го следи лидерот. Каде и да оди, што и да прави. А кога ќе се запалат камерите, лигушот застанува веднаш зад лидерот, се поткрева на предните прсти од нозете, го издолжува вратот и така изобличен, полунасмеан, се ѕвери во црвената точка на камерата. Поентата е секогаш иста – да дише во вратот на лидерот за да му го препознае тој здивот, да почувствува дека некој (и тоа не кој било, туку лично тој) го гали...одназад по вратот. На лигушот му е битно неговите, оние оздола, да видат дека тој секогаш е во близина на лидерот, иако од подигањето на прсти за да го фати камерата три дни не ќе може да стои на нозе. На хот-лајн се и неговите службени мобилни телефони. Палецот постојано го држи кај зеленото копче во случај да го побара хиерархискиот гуру. За сите останати, тука е црвеното копче, кое веднаш ве префрла кај секретарката во неговиот кабинет. А таму, веќе видено – лигушот е зафатен, тој е на состанок и ќе ве побара штом ќе заврши. А ќе заврши за 4–5 години, кога ќе добие нога од патронот, повторно по газето. Лигушите најмалку еднаш неделно ги посетуваат министрите од својот ресор, барем само од врата да им кажат добро утро, а покрај нив се разбира добро утро и за сите луѓе околу нив во кабинетот. Толку се упорни во настојувањата да го поздрават

својот министер, што се подготвени да чекаат пред вратата и по неколку часови, а на сиротите министри им се бурбати кога ќе го видат. Во меѓувреме, вие се чудите како луѓето кои до вчера ве отпоздравуваа или, пак, барале начин да дојдат до вас, денес, кога се на функција, на висока позиција, сето тоа го заборавиле. Се обидувате да се сетите на насловот на филмот во кој глумат овие лигуши, ама залудно. Филмови има премалку на оваа тема, а нив ги има премногу во нашата држава.

Штетите од навалицата на лигуши во Македонија е далекосежна. Од нивниот ексцентричен егоизам страда народот, страда нацијата. Полтронството ја загрозува и базата од која тоа се регрутира – народот ги препознава и казнува опциите кои во своето деловно или политичко однесување протежираат лигуши. Нивното место било и ќе биде – дамка на престилката на перницата, рано наутро, пред домаќинката да ја одвои и да ја фрли во пералната на историјата.

## БЛАГОРОДНА ЛАГА
### нова морфологија во политичкиот речник

ВР-30.11.2009

Според невропсихијатрите, лагата е своевидна „адаптација“ на животот во која луѓето лажат, односно ја кријат вистината, поради определени интереси, што нè води кон заклучокот дека лагата всушност претставува социјална несовршеност. Луѓето сакаат да скријат определени нешта за да се здобијат со нечија доверба, или да остварат дадени цели. Меѓутоа, во психијатриската практика се среќаваме и со таканареченото патолошкото лажење, кое, за жал, се лекува исклучиво со – медикаменти.

Ова е само вовед. Хронолошки и социолошки оди вака...

Долго време се сметало дека лагата е дозволена само во трговијата, што, пред сè, се должи на нејзината природата. Трговијата подразбира создадавање поголема вредност и затоа лагата создава привид дека еден предмет е поскап отколку што е неговата вистинска вредност. Создавањето на ваквиот привид е специјална вештина на трговијата, а тоа е можно само со лажење. Оттука произлегува и „легалитетот“ на лагата во трговијата, односно на слободата на убедување дека она што се нуди е повредно од вистинската вредност. Меѓутоа, денес, кога трговијата стана своевиден индустриски систем, трговецот ја зазгуби можноста преку вештината на лажење луѓето жедни да ги пренесува преку вода. Таа исчезна од трговијата, како свое прво и природно засолниште, но паразитот наречен лага најде нов домаќин – современата политиката. Политиката стана нејзино повластено подрачје. Вгнездена во десната хемисфера на мозокот на политичарите, лагата метастазира, притоа мултиплирајќи ги своите облици и методи. Ветувањето, основната форма на лагата во политиката, стана неизлечлив вирус, само што овој и апе и не е еден...

Водени од политичките интереси, со основна цел одржување на власт, политичарите заразени со синдромот на ла-

гата добија свое второ ЈАС, свое алтер его, свои двојници во и без тоа тесната кожа. За жал, вирусот на лагата не ги обзема само опскурните политичари и политиканти, какви што со години владеат на нашава домашна политичка сцена, туку се одомаќини и се легализира и во највисоката светска политика. Да се потсетиме дека и Џорџ Буш Помладиот и Тони Блер лажеа кога велеа дека Садам Хусеин поседува хемиско оружје. Го лажеа целиот свет кога побараа согласност и поддршка тоа да се елиминира. Жалејќи се на недостиг на поддршка за овој „проект“, тие презедоа воена акција која предизвика голема хуманитарна, економска, политичка и човечка катастрофа за цел еден народ и воопшто за светот. Тину, нину... се вклучува сирената. И баронот Минхаузен не лажел никогаш, нели?!

Макијавелистичкото сфаќање дека за политиката и за политичарите не важат моралните норми и принципи, или барем не како и во обичниот живот за обичните луѓе, е доста старо и постои практично колку и самата политика. Измамата, лагите и манипулациите, како и сето она што во најголем дел од нас го пресираат во секојдневниот живот, се чини дека во политиката добива некоја повисока смисла и некое длабоко оправдување. Притоа, алиби секогаш се бара или во општата релативизација која најчесто се идентификува со ставот дека сѐ може да се направи „и вака и онака“ и дека сѐ е работа на интерес и убедување, или пак во веќе демистифицираното и здодевно повикување на „општиот интерес“! Тину, нину... повторно. Лажната вистина, неправдата и евтиниот морал обезбедиле техничка и интелектуална логистика под името „политички прагматизам“ како посебен и последен збор на политичката мудрост. Сѐ помалку имаме суптилен спин, а сѐ повеќе директна и безобѕирна лага, навреди и озборување. Принципот на работа е ист и се сведува на познатата мудрост дека илјадапати повторената лага на крајот станува вистина.

Како и при фундирањето на државите, така и подоцна, во секојдневното политикантство, лагата станува вообичаена. Некои антички мислители, како Платон и Макијавели, лагата во политиката ја прикажувале како нешто што е дозволено, дури и задолжително. Според Макијавели, владетелот не смее да го одржи својот збор ако тоа му нанесе штета. Тој мора да биде морално флексибилен, но не и искрен, туку само да направи привид дека е добар владетел. Зад оваа максима се крие старата софистичка теорија дека привидно праведниот човек е поуспешен од вистински праведниот.



Интересен за анализа е и терминот – благородна лага. Како форма првпат се споменува во Платоновата „Држава“. Таа може да се спореди со онаа кога докторот го лаже својот пациент за да ја премолчи вистината за лошата состојба на неговата болест, за да не го направи уште поболен. Благородната лага се идентификува со итрината на еден војсководец кој на својата колеблива војска ѝ измислува приказна дека непријателот на едното крило на фронтот бил натеран во бегство, или пак кога пилотот ја премолчува лошата состојба во која се наоѓа авионот за да не се случи патниците да ги фати паника. Денешниве наши политичари под превезот на синтагмата благородна лага, секојдневно и сѐ повеќе и повеќе лажат ли лажат.

Респектирајќи ја народната поговорка дека на лагата ѝ се куси нозете, повеќе од очигледно е дека благородната лага обезбедува само краткорочна добивка и дека кога ќе се вкалкулира она што ќе се случи кога таа ќе се разоткрие, штетата секогаш е поголема од времената добивка. Благородната лага ја разорува демократската идеја, бидејќи врз основа на лажна или нецелосна информација не може да се создаде компетентно мислење. Создавањето на демократска волја во таква ситуација е подеднакво загрозено како и ефективната контрола на власта. Кога во демократијата се употребува инструментот благородна лага, големи се трошоците кои настануваат со нејзината употреба. Доколку лагата стане видлива, како на пример благородната лага на Хелмут Кол за повторното обединување без зголемување на даноците(!?), доаѓа до губење на довербата.

Бкагородната лага може да предизвика и проблеми што би го довеле политичарот во сериозно искушение. Тоа сепак е преголем залог за демократската јавност и за политичката доверба. Би било добро кога политичарите не би се однесувале потценувачки, убедени дека граѓаните ќе проголтаат сè што им се сервира и лажира. За жал, благородната лага што денес се употребува во политиката е успешно скриена под воалот на таинственоста. Речиси е невозможно да се препознае дали зад благородната намера сепак не се крие обично користољубие, затоа што во политиката до вистината најчесто тешко се доаѓа. Политичките прашања ангажираат поголемо количество страст, емоции и енергија отколку контроверзите во другите области. Единствено еквивалентен е квантумот на морал и принципи. Дополнителен проблем претставува и податокот дека во политиката никој не се придржува до принципите и до фактите. Некако сите се навикнаа дека лагата во „политичкиот бизнис" е неказнива, па дури стана ипрепорачливо да се прави сето она што во нормална ситуација би било предмет барем на морална осуда и презир. По сè изгледа дека сè е дозволено само под услов да е ефикасно и да служи за остварување на целта, што во практиката лесно и спонтано еволуира во „заедничко добро за иднината на нашите генерации". Благородната лага оди дотаму што постепено се претвора во единствено средство за гол опастанок на власта, што подолго и по секоја цена.

Лагата во политиката имала и има само едно оправдување – успех. Прагматична по дефиниција, политиката ги оправдува своите лаги со сопствените цели. Меѓу лажната политика и лагата во политиката стои знак на еднаквост. До кога, не знам. Можеби вие знаете? Можеби знае и авторот на народната песна кој политиката едноставно ја нарекол – Вере...

## ОБАМА И НОБЕЛОВАТА НАГРАДА

ВР-14.12.2009

Во чест на Алфред Нобел (1833–1896), хемичар, индустријалец и пронаоѓач на динамитот, секоја година на денот на неговата смрт се доделува Нобеловата награда. Доделувањето на наградата започнало уште во далечната 1901 година. Оваа година од рекордно пријавените 205 номинации, Комитетот за доделување на наградата, на чие чело се наоѓа претседателот Тхорбјорн Јагланд, објави дека овогодишен добитник на наградата за мир не е никој друг туку американскиот претседател Барак Обама. Меѓу номинираните оваа година беа и францускиот претседател Никола Саркози, иако за голем фаворит претходно се споменуваше премиерот на Зимбабве Морган Тсвангираи, но и колумбиската сенаторка Пиедад Кордоба, борецот за човекови права во Авганистан Сима Самар, кинеската активистка Ху Циа и др. Но, сепак имаше големо изненадување, што би рекле играчите на спортска прогноза, фикс 2. Добитник стана Обама. Образложението се базира и врз ставот дека со неговото доаѓање на чело на САД, тие сега имаат поконструктивна улога во јакнењето на демократијата и на човековите права, како и заложбата заеднички да се бараат решенија за сите глобални проблеми. Членовите на Комитетот велеа дека со овој гест се настојува да се истакне неговиот придонес за разбирање меѓу народите, за заложбите за разоружување, за заштита на животната средина, како и за мирно решавање на споровите. Тој како претседател создал нова клима во меѓународната политика и затоа членовите на Комитетот со задоволство ја истакнуваа неговата визија за свет без атомско оружје. Исто така, во образложението се вели дека Обама покажал дека е подготвен за дијалог и за замрзнување на плановите за поставување ракетен штит во Европа, го променил неговиот однос кон Иран со што се променила политичката клима во светот и се вратила вербата во подобра иднина. Како

посебна заслуга се наведува неговиот говор при посетата на Египет, односно Каиро, каде што повикал на нов почеток на односи кон муслиманскиот свет. Обама при таа посета јасно порача дека „мора да се сопре спиралата на сомнежи и обвиненија“ и наместо тоа побара да се слушне мислењето на другите, да се научи нешто ново и да се покаже почитување кон туѓиот став. Иако и самиот е христијанин, Обама најде храброст да ја истакне и муслиманската вера на својот татко и да изјави дека исламот е „дел од Америка“, бидејќи во САД во моментот живеат нешто повеќе од седум милиони муслимани. Само за потсетување, Обама е четвртиот американски претседател кој ја прими оваа награда и со тоа им се придружи на Џими Картер, Вудро Вилсон и Теодор Рузвелт.

Доделувањето на наградатс за мир на личност која само девет месеци е во Белата куќа го шокира светот, па затоа наеднаш во САД започнаа коментарите кои се движат од една во друга крајност. Наеднаш започна потрага по политичката припадност на петтемина членови на шведскиот Комитет, како и по заднината на оваа барем за многумина нечесно изиграна игра. И чудото за да биде поголемо, претседателот и членовите на нобеловиот Комитет за мир, несвојствено за традицијата, дополнително на прес-конференција ја образложуваа својата годинашна одлука.

Големото светско признание дополнително ја искомплицира позицијата на Обама во САД. Ова признание ги подели граѓаните на САД исто толку остро како и во текот на изборната кампања, па така едни Обама го гледаат како голем лидер и реформатор, додека другите го доживуваат како камуфлиран социјалист, импровизатор и реторичар кој никако од дела да премине на зборови. Републиканците наградата на Обама ја пречекаа на нож со тврдењето дека наградата е заслуга, пред сè, поради тоа што тој има „статус на ѕвезда“, а не поради некои посебни заслуги. Мајкл Стил, претседател на Националниот комитет на републиканците, саркастично прокоментирал дека „претседателската ѕвездена моќ ги засенила неуморните активисти, кои оствариле завидни резултати работејќи за мир и за заштита на човековите права. За да биде иронијата поголема, добрите познавачи на случувањата велат дека денот кога Обама ја искажа својата изненаденост по повод добивањето на наградата, тој веднаш заминал на состанок со членовите на Националниот совет за безбедност за да ја продолжи започнатата расправа за тоа како да се продолжи војната во Авганистан. И само три дни по добивањето на наградата, американскиот претседател Барак Обама реши да испрати уште 13 000 војници во Авганистан. Во врска со ова, „Вашингтон пост“ наведува дека се планира во Авганистан да се пратат 68 000 американски војници, што е двојно повеќе во однос на претходникот на Обама, Џорџ Буш.



Во врска со доделувањето на наградата и игрите кои се одвивале зад сценатам деновиве сè почесто во странските медиуми може да се прочита за врските меѓу Обама и претседателот на Комитетот за доделување на Нобеловата награда, Тхорбјорн Јагланд. Новинарите-истражувачи на бугарското месечно списание „Строго сикретно“ оваа врска ја бараат во не така далечната 2006 година, кога тогашниот сенатор Барак Обама ја посетува Кенија во придружба на Робер Гибс – пресофицер и советник за политички и воени прашања Марк Липерт. На неколку месеци пред посетата, во тоа време успешниот претседател на Кенија Мваи Кибаки ги раскинал односите со англосаксонските партнери и воспоставил сериозни врски со Кина, на што се должел и порастот на кенискиот брутопроизвод за нешто повеќе од 3%. Незадоволните Американци и Британцим сметајќи на кениското потекло на Обаман се обидуваат да го казнат кенискиот претседател и затоа инвестираат во опозицијата на чело со Раил Одинага. За време на посетата, доаѓа до средба меѓу Обама и Одинага, каде што ѝ е дадена целосна поддршка на опозицијата и порака да се изведе демократска револуција. Во предизборната кампања во Кенија доаѓа и до вклучување на Националниот демократски институт, кој се специјализира за поддршка на левите партии и на ИРИ кој,

пак, е специјализиран за поддршка на десните партии. На чело на бордот на НДИ е Медлин Олбрајт, која ја посетува Кенија во тој предизборен период со цел да се осигури дека портокаловата демократска револуција ќе биде изведена успешно, а од друга страна претставникот на ИРИ Џон Меккејн ѝ осигурува на портокаловата опозиција поддршка од повеќето десни партии. На денот на изборитем веднаш по затворањето на избирачките места, Џон Меккејн соопштува дека претседателот Кибаки ги фалсификувал изборите и дека победник е опозиционерот Одинга. И поради тоа започнуваат протестите и крвопролевањета, со голема опасност за започнување граѓанска војна. Тогаш повторно во Кенија доаѓа спасителката Медлин Олбрајт, која на Кибаки му понудува примирје со опозицијата со посредство на норвешкиот Центар за мир и човекови права, на чие чело тогаш се наоѓа Тхорбјорн Јагланд. Овој истиот како преговарачи ги испраќа во Кенија поранешниот норвешки премиер Киел Магне Бондевик и поранешниот секретар на ООН Кофи Анан, кои го принудуваат кенискиот претседател Кибаки на местото премиер да го постави неговиот опозиционен противник Одинага. И што се случува потоа? Во ноември 2008 година Обама е избран за претседател на САД, Одинага станува премиер на Кенија, а советникот за политички и воени прашања Марк Липерт станува началник за кадри во Белата куќа. Тхорбјорн Јагланд е избран за претседател на Нобеловиот комитет за доделување на наградата и во септември станува Генерален секретар на Советот на Европа. Ако кон ова се додаде и фактот дека во согласност со правилата на Комитетот за доделување на наградата, номинациите се поднесуваат најдоцна до 31 јануари, работите стануваат уште појасни. Во контекст на ова, доколку се има предвид дека свечената инагурација на Обама е направена на 20 јануари, тогаш испаѓа дека на само 12 дена по официјалното стапување на должност Барак Обама е номиниран за Нобеловата награда. Значи, добитникот бил познат уште пред да биде номиниран. Чудно, но вистинито, ова се дел од игрите на големите, каде



што сите треба да бидат задоволни, а истовремено меѓусебно да си ги вратат долговите.

Доделувањето на наградата на Обама во центарот ја внесе и дилемата во која насока ќе оди неговото идно лидерско созревање, односно што тој во иднина ќе постигне. Во врска со ова, еден циничен коментатор го споредува Барак Обама со „тинејџер кој на својот 16-ти роденден добил 'порше', па затоа нема на што да се радува кога ќе наполни 20 години“.

# ТУЃИ ПЕРЈА ГО КИТАТ НАЦИОНАЛНИОТ ЈАВЕН СЕРВИС МРТВ Е... МРТВ(А)

ВР-17.12.2009

Сабота навечер. Вообичаено, фудбалските фанови титкаат по далечинското и ги менуваат програмите во потрага по добар натпревар. Титкам и јас, онака разгаштен, релаксиран, и... бинго. На вториот канал на Македонската телевизија го начекувам дуелот од француското првенство Ленс–Марсеј. Топ натпревар што ветува многу голови. Арно ама, нешто ми го мати умот – одвреме навреме во горниот десен агол се појавува и се бранува двоглавиот орел на знамето на соседна Албанија!? Онака збунет, помислувам дека „нашиве", овие државниве, овие кои деновиве се во противпрвна хајка за наплата на ТВ такса, веројатно склучиле договор со албанската национална телевизија за пренесување на француското фудбалско првенство. Ме гризе црв, оној истражувачкиот, повторно. Почнувам...

Телефонски контактирам повеќемина познајници од Македонската телевизија, а тие, онака иронично, ми велат: „Професоре, па зар дури сега го забележавте ова? Па ова трае со месеци и да знаете дека никој не реагира". Црвот стана змија, умот – безумие. Што е тоа што овој единствен јавен сервис, со префикс „национален" (повторувам – национален, не етнички), го претвори во конфесионална парадигма? Што е тоа што создава горчина во вашата душа додека во десниот агол, „резервиран" за истакнување на симболите на националната припадност, за симболите на нашата држава, гледате знаме на некоја друга држава, на некоја друга нација? Има ли некоја законска одредба што им дава право на трите канали на Македонската национална телевизија да веат официјално знаме на друга држава?

Очите ми истекуваат додека „чепкам" по законите и за жал, или поточно – за среќа, таков закон, таква одредба – НЕМА. За да ги отстранам сите недоумици, помислувам дека оваа медиумска узурпација е резултат на големиот муслимански празник Курбан Бајрам. Но и тоа не е оправдување – затоа што вториот канал на Македонската национална телевизија не е само канал на албанската, турската или ромската етничка заедница со муслиманска вероисповед, туку е слободен етер и на останатите заедници кои емитуваат свои програми на овие фрекфенции во определен период. Заклучокот се наметнува сам по себе – највероојатно станува збор за самоволие на раководните луѓе во Албанската редакција на Македонската национална телевизија!? Типично македонски. Па зар и во оваа институција, исто како и кај министрите-припадници на некоја етничка заедница, по владиниот терк, имаат простор за самоволие, а одговараат само пред лидерот на својата партија? Зар принципот на еднонасочна одговорност исклучиво кон сопствената партија и нејзиниот лидер се применува и во МРТВ? Зар и тука првиот човек е само декор и безгласна буква? Многу прашања, но одговор секогаш има ЕДЕН. И логично, него го побарав од лицето со прекар Викса, чинам, кое формално-правно, како еден од двајцата извршни директори, управува со овој јавен сервис. Типично за Македонец на висока позиција, тој не одговараше на моите телефонски повици. По три-четири неуспешни обиди за директен контакт, најдов соломонско решение – СМС. Тука бегање нема. Пишувам: „Директоре на националната Македонска телевизија, на МТВ 2 за време на фудбалски натпревар се вее албанско знаме. Чија телевизија сме – албанска или македонска? Срамота..." И нормално, на крајот од пораката следеше моето полно име и презиме за да знае човекот дека и некои Македонци по НАЦИОНАЛНОСТ ја гледаат Втората програма. Оттаму повторно молк. Можеби тоа што веќе наредниот ден знамето на другата држава го снема од десното ќоше на државниот монитор е епилог на мојата порака. Можеби, но сепак продолжувам да се прашувам...

Зошто ова одговорно лице и тимот што го предводи, доколку не може да ги спроведува законите во својата институција, и понатаму останува на тоа место? Зошто доколку го загубил сопствениот авторитет и интегритет сè уште не е сменето? Знае ли тој воопшто дека ваквиот негов начин на однесување (скандал или провокација, како сакате речете) и на оние кои се под негова јурисдикција значи непочитување на суверенитетот и интегритетот на Република Македонија и дека тоа најстрого се казнува? Зошто дозволува неговите подредени припадници на некоја од етничките заедници во државава да одговараат пред партијата која ги поставила, а не пред него или останатите надредени? По овие прашања, неминовно се наметнува и следново: Дали и по вакви противзаконски дејства и отворени провокации, раководството на МРТВ има легалитет и легитимитет преку скапите спотови да инсистира на плаќање на радиодифузната такса? Зар не е логично, имајќи го предвид овој бесрамен гест, тие исти елити, доколку се чувствуваат како дел од албанската национална телевизија или дел од нашата соседна држава, радиодифузната такса да побараат да ја платат граѓаните на Албанија, а не граѓаните на Република Македонија?

Им се обраќам на сите раководители, управители и разни владетели на Националната телевизија – македонското знаме и акедонската химна, какви и да се, сè додека не се сменат, сите државјани на Македонија имаат не само обврска туку и чест да ги почитуваат. Сите ние, сакале или не, должни сме на поклонение пред овој национален симбол.

Не би сакал овој мој коментар повторно да оди во прилог на тезата дека македонските политичари од немакедонско етничко потекло и нивните функционери во македонските институции само вербално ја почитуваат својата држава. Тие само декларативно се изјаснуваат дека ова е и нивна држава, а во практиката деструктивно ги насочуваат мислите и намерите кон „друга страна“. Жално, но реално. Во една нормална правна држава, санкциите за вакви и слични намерни и ненамерни скандали и отворени провокации, однапред се познати.



Во прилог на горекажаново оди и беглото споредување на управувачкиот капацитет на досегашните директори на МРТВ. Зар во ист кош би ги ставиле плејадата успешни директори, како што се Матеја Матевски, Веселинка Малинска, Благоја Иванов и Владо Малески, и „новите“, случајно избрани извршни менаџерчиња. Зар за ваква институција од јавен интерес треба ваков несериозен однос од страна на нашата највисока власт? Нереално е од нив да се очекува да направат нешто повеќе без потребниот квантум енергија, практика, визија и идеја. А најмалку да го зачуваат достоинството на македонските граѓани. Повеќе од очигледно е дека тие, како и неколкумина нивни претходници, загубени во удобните фотељи и широките директорски костуми и останатите привилегии што ги нудат овие високи позиции, не можат да разберат дека овој јавен сервис е огледало на нацијата, огледало на државата.

Кога веќе говорам за овој национален субјект, не можам а да не ја споменам неделната аукција што требаше да обезбеди собирање средства за обновување на манастирот Свети Јован Бигорски. И покрај добрата организација и напорот што го вложиле креаторите и реализаторите на идејата, навистина беше нејасно како можеше таа да се одржи во студиото на „Томато“ продукацијата. Македонската телевизија се појави само во улога на пренесувач на сликата во етерот, иако нејзините студија се најмалку три до четири пати поголеми и поопремени од студиото на оваа ценета продукциска куќа. Неофицијалните информации велат дека за целата таа работа се собрани нешто повеќе од 7 000, а потрошени се повеќе од 8 000 евра! Ако е навистина така, тоа испаѓа според онаа народната „Танте за кукурику“. Тамам, вака се раководи со национален јавен сервис...

# ВИТЕЗИ ТЕМПЛАРИ

ВР-21.12.2009

Во последниве години, со прикажувањето на неколку филмови кои на директен или индиректен начин ја обработуваат историјата и вистината за Темпларите, интересот на јавноста за нив, од ден на ден станува сѐ поголем. Ова е особено видливо кај помладата популација, која на интернет блоговите преку постови постојано пишува и коментира за нив. Токму поради тоа, мојов денешен текст има повеќе едукативен и информативен карактер и затоа отскокнува од мојот, претпоставувам, досега препознатлив стил на пишување колумни. Но, да почнеме по ред.

Витезите Темплари, или Редот на сиромашните витези на Исус и на Соломоновиот храм, се основани околу 1118 година во Светиот град Ерусалим. За основоположник на овој ред се смета витезот Хуго де Паен (прв голем мајстор), кој во периодот кога во Ерусалим, дваесет години откако завршила Првата крстоносна војна, собрал група од девет витези кои биле задолжени да се грижат за безбедноста на многубројните аџии – христијани коишто постојано патувале во Светиот град Ерусалим, а биле напаѓани од одметнатите крстоносци и Сарацените. Улогата да бидат заштитници било лично добиена од Балдвин Болоњски, првиот крал на Ерусалим. Темпларите своето име го добиле по местото кое им било доделелно како нивна тврдина, а тоа е место каде што некогаш се наоѓал Соломоновиот храм (англ. „temple“ – храм). Витезите Темплари поради големите донации што ги добивале од европските аристократи за нивната заштита, набрзо станале голема економска, политичка и воена сила. Папата во период од 1139 година до 1145 година издал три були со кои на Темпларите им дал речиси апсолутна моќ и право за своите постапки да му одговараат единствено нему.

Витезите Темплари биле поделени на неколку сталежи (братства): витези-припадници на високата класа кои биле вооружени како тешка коњица, витези-припадници на пониска класа, старешините кои управувале со имотот и со земјата на витезите и свештениците кои биле задолжени за животот на витезите.



Иако витезите биле хиерархиски организирани како свештенички ред и строго ги почитувале правилата на цистерцијанскиот ред, тие биле најдобро извежбани воени сили во тој период. Секој витез имал најмалку 10 помошници во својата придружба. Нивната облека била лесно препознатлива по големиот црвен крст што го носеле на својата облека и на штитовите. Витезите кои сакале да станат дел од Редот на Темпларите имале обврска да поминат низ определени церемонии за да може да се оцени нивната храброст и верност кон Редот. Најважното правило кое безусловно морал секој витез Темплар да го почитува било мотото – никогаш нема предавање.

Темпларите се сметаат и за основоположници на првите европски банки кои им давале заем речиси на сите кралеви, вклучувајќи го и самиот папа. Со текот на времето финансиската моќ на Темпларите станала сериозна закана за многумина европски владетели, поради нивната презадолженост кај нив. Токму поради тоа, францускиот крал Филип IV Убавиот на почетокот на XIV век го започнал нивниот прогон. Денешното верување дека петок 13 е несреќен ден и број, доаѓа од дамнешната 1307 година, кога во октомври во петок на 13 луѓето на кралот ги уапсиле сите Темплари на територијата на Франција под обвинение за ширење ерес, содомија, кривоклетство и негирање на Исус Христос и по пресудата биле живи изгорени. И последниот Голем мајстор Жак де Молеј бил прогласен за еретик и во 1314 година бил погубен и изгорен на клада.

Постоењето и функционирањето на Темпларите и денес е обвиткано со мистерија, и затоа за нивната моќ постојат многубројни митови и легеди. Еден дел од историчарите нивниот успех го поврзуваат со митот за пронаоѓање на Светиот грал и негово пренесување во Шкотска при нивното бегство во 1307 година. Други историчари приказната ја поврзуваат со пристигањето на Крстоносците во Ерусалим, каде што ги

пронашле тајните списи според кои Исус Христос бил обичен човек, кој во бракот со Марија Магдалена имал потомци. Трети историчари велат дека Темпларите го пронашле ковчегот на заветот, во кој Мојсеј ги донел Десетте Божји заповеди. Според оваа легенда, Темпларите биле заслужни за пренесувањето на ковчегот на заветот во Етиопија, каде што се чува во најстрога тајност и денес.

Толку за историјата, а сега за тоа како и од кога во нашата држава постојат Витезите Темплари. Од 01.10.2005 година во нашата држава функционира ОСМТХ (Ordo Superemus Militaric Templi Hiepocolymitani) Св. „Климент Охридски" која е невладина, неполитичка и непрофитабилна организација со Приорат во Скопје. Овој Приорат е формиран врз основа на магистралните декрети издадени од големиот магистер, принцот регент дом Френандо Пинто Переира Соуса де Фонтес од Португалија, кој денес е чувар на светите тајни и на архивата на древниот ред на Темпларите. Првите членови на македонскиот Приорат се назначени во Софија од страна на нејзиното височество дамата Рула Роган гранд приор на Грција и легато магистрале за Македонија и Бугарија. Но, сепак најголема заслуга за примањето во братството и за признавање на македонските Витези-Темплари под нашето свето и вечно име Македонија имаат гранд приорите на Франција и САД, Жерар Вилери и Винсент Зубрас. Македонскиот приор има редовна комуникација со останатите приори, на рамноправна основа, за сите прашања и проблеми кои ги тангираат Темпларите во целиот свет.

Од самото свое основање нашиот приорат, односно македонските Темплари, рамноправно и под своето уставно име учествуваат на сите големи собири на Темпларите во светот. Секоја шанса овие луѓе ја користат за промовирање на вистината за Македонија, но истовремено имаат и максимална поддршка од своите собраќа за побрзо решавање на проблемот со името и за нашиот прием во ЕУ. Денес оваа македонска организација брои околу 40 Темплари кои се примени во редот врз основа на строгите древни темпларски правила и прописи,



почитувајќи ги духот, вредностите и принципите на витезите. Би било добро да напоменам дека денес овој ред ги загубил строгите монашки карактеристики, но сепак функционира на заветите на христијанската вера. Некогашниот воен карактер на оваа организација денес се однесува само на внатрешната хиерахриска структура на Редот, во смисла на почитување на правилата за поведение и потчинетост кон повисоките раководители на различни нивоа. Значи, основни принципи на Редот се: верност, молчаливост и потчинетост кон Господ и хиреархијата.

Нивни приоритетни цели се: стремеж кон вистинската верба во нашиот живот, зачувување на христијанската вера и на христијанската цивилизација, потпомагање и развивање на христијанското милосрдие и благодетелство, почитување на нашата света црква, залагање за зближување на сите христијани и христијански цркви, заложби за подигнување на христијанскиот и на граѓанскиот морал, помагање и служење на слабите, на сиромашните, болните и онеправдените, заложба за морално и духовно заздравување на луѓето и др. Се противставуваат и настојуваат луѓето да ги ослободат од стравот од секој тип, ја штитат слободата на говорот, ги стимулираат благородните идеи на витештвото, се залагаат за вистина, искреност и чесност. Современите темплари својот статус и позиција не го ставаат во служба за остварување на политички, општествени, финансиски и разни други амбиции на поединци и не се впуштаат во расправи од верска или од клерикална природа.

Витезите Темплари, свесни за времето во кое денес живеат, претставуваат вистинско светло за сите оние кои се стремат за вистината и за оние кои ја бараат вистината. Тие денес апсолутно се ослободени од стремежот кон материјалното. Според нив, материјалната состојба на поединците не е предност пред останатите луѓе, затоа што за нив предност претставува духовната чистина и вистинската намера и решеност да им се помогне на другите.

Тоа се денешните современи Темплари, кои веќе четврта година функционираат и во нашата држава.

# МАКЕДОНСКИ СЛУЧУВАЊА ВО ТРИ СЛИКИ

ВР-28.12.2009

**Слика прва:** Персметките, подметнувањата како и испитувањето на подготвеноста до каде може да се издржи во коалицијата која ја практикува власта, продолжуваат и понатаму. Улогите се поодамна поделени. На политичко-театарската сцена имате „добри“ момци и „лоши“ девојки. За подобро одигрување на улогата и во остварувањето на зададените задачи, не се избираат средства и зборови. Се лепат разни етикети за клаустрофобичност, македонофобичност, албанофобичност и национална фрустрираност, се оспорува интелектуалниот капацитет на своите колеги, се препорачува да не се читаат туѓи текстови, се упатува порака наместо да се јаде бурек да се работи и др. Едноставно се добива впечаток дека сè е дозволено. Сето ова и ВМРО-ДПМНЕ и ДУИ го оправдуваат како партиска демократија каде што секој има право да мисли со своја глава и да го каже она што го мисли. Види-види, да не ти се верува колку демократски станале нашите партии. Овие јавни препукувања на „лошите“ девојки јасно укажуваат на несогласување меѓу коалициските партнери, како и на упатување лични пораки на лидерите Груевски и Ахмети. Но, заради мир во „куќата“, лидерите на двете партии засега односите во коалицијата ги оценуваат како одлични?!. Доколку оваа претстава ја споредиме со фудбалски натпревар, резулататот во овој момент би бил 3:2 за ДУИ. Но, ова е само прво полувреме. По шест месеци, кога ќе се одигра и второто полувреме, слободен сум да прогнозирам дека резултатот ќе биде 4:3 за ВМРО-ДПМНЕ. Некои лидери можеби задоцнуваат, ама не заборават.

**Слика втора:** Од поодамна во јавноста сè повеќе се зборува за трговија со човечки органи. И покрај тоа што досега тоа никој јавно не го признаваше, пред неколку дена имавме



јавно признавање на поранешен раководител на израелскиот форензички институт „Абу Кабир“ дека до 1990 година во Израел се ваделе органи од мртви Палестинци без согласност од нивните семејства. На Балканот оваа приказна почнува да се врти по објавувањето на книгата „Лов“ на Карла дел Понте, поранешна главна обвинителка на Хашкиот трибунал. Во својата книга таа зборува за „жолтата куќа“ во северна Албанија, каде што на киднапираните Срби им се вадени внатрешни органи и биле продавани во Турција. Специјалниот известувач на Советот на Европа, Дик Марти, укажа дека на територијата на Косово од 1998 година наваму исчезнале 1 300 Срби и друго неалбанско население за кои се претпоставува дека на најголемиот дел од нив им се ваделе органи и тие биле продавани. Меѓутоа, оваа нелегална и нечовечка практика наместо да се спречи, таа сè повеќе се зголемува по 2001 година. Оттогаш па наваму на овие простори почна да цути нелегално продавање и трансплантација на човечки органи. Пред неколку години, во Приштина беше затворена приватната болница на ужасот „Медикус“, во која на диво се пресадувале човечки органи. Во врска со овој случај, косовската полиција изрази сомневање дека се работи за израелската група која пред 10-тина години се обидела да се пробие и во Македонија. Но, сè досега, од нашата полиција не слушнавме ништо во врска со ова прашање и за оваа трговија на човечки органи, која и во нашата држава зазема сè поголем замав. Наместо да направиме обид за регионална заштита, нашите решија да молчат и ништо да не преземаат. Во најновиот извештај на Американската медицинска организација, во кој се анализира трговијата со човечки органи во глобални рамки, се споменува и нашата држава. Во оваа нелегална трговија, или попозната како „туризам-трансплантација“, се вклучени руски, романски, босански, албански и македонски државјани, граѓани на Косово и државјани на други земји кои за мали пари ги продаваат своите органи или во директна спогодба со порачателот, или пак преку посредници. Колку е заработката од оваа трговија, ни кажува

и примерот од јули минатата година, кога се упасени 44 луѓе во оваа трговија во американската држава Њу Џерси, каде што се споменува и името на некој рабин Леви Исак Розенбаум од Бруклин, кој бил посредник меѓу донорот и порачателот. Овој човек, како посредник, на донорите им плаќал за бубрег 10 000 американски долари, а потоа го продавал и по 160 000 долари. Во македонската јавност меѓу оние кои поради недостиг на пари станале „доброволни“ жртви на оваа трговија сè почесто се зборува за неколкумина лекари и бизнисмени, кои се појавуваат во улога на посредници и кои дебело профитирале од оваа нелегална трговија. Но, некој упорно молчи и не презема ништо...!?

**Слика три:** Странската високообразовна установа Черновецки национален универзитет „Јуриј Федјкович“ од Украина е една од водечките високообразовни институции во Украина, која е основана во 1875 година. Во нашава држава, нејзин овластен претставник е Друштвото за култура и образование „Енеида“ ДООЕЛ Битола. Универзитетот се состои од 16 високообразовни установи (факултети) за: физика, инжинерство, применета математика, хемија, биологија, филологија, странски јазици, историја, географија, економија, педагогија, право и филозофија и теологија, 71 катедра и 16 илјади студенти кои дипломираат во 67 области. Универзитетот е уреден во согласност со Болоњската декларација и применува европски кредит-трансфер систем (ЕКТС). Академската и истражувачка работа ја спроведуваат над 900 професори (100 доктори на науки, вонредни професори, и околу 500 кандидати за доктори на науки). Во состав на Универзитетот постојат и шест специјализирани научни одбори за одбрана на докторски дисертации.

Во согласност со член 24 од Законот за високото образование, странска високообразовна установа на која ѝ е признато правото да врши високообразовна дејност, односно е акредитирана за вршење високобразовна дејност во земјата во која ѝ е седиштето, врз основа на одобрение од Владата на Република Македонија, по претходно мислење од Одборот за акредитација на високото образование, на некој од светските јазици може да врши високобразовна дејност на територијата на Република Македонија, според условите утврдени со Законот за високото образование и со меѓудржавен договор, склучен меѓу Република Македонија и земјата во која ѝ е признато правото да врши високообразовна дејност. На странската високообразовна установа Черновецки национален универзитет „Јуриј Федјкович“ во Черновци, Черновицка област, Украина, со лиценца серија АВ бр. 159842 од 2006 година, издадена од Министерството за образование и наука на Украина, ѝ е признато правото да врши високообразовна дејност, односно е акредитирана за вршење високобразовна дејност во земјата во која ѝ е седиштето – Украина. Владата на Република Македонија и Кабинетот на министрите на Украина имаат склучено Спогодба за соработка во областа на образованието од 16.12.1998 година со која, меѓу другото, се регулира и соработката во областа на високото образование.

До Владата на Република Македонија овластениот претставник достави барање за вршење високообразовна дејност на територијата на Република Македонија, по претходно добиено Решение за акредитација од Одборот за акредитација на високото образование на Република Македонија од 17.03.2009 година. Генералниот колегиум на државните секретари, имајќи ги предвид Мислењето на Одборот за акредитација на високото образование, Решението за акредитација, како и позитивните мислења од Министерството за образование и наука и од Секретаријатот за законодавство, поради потребата предлагач на материјалот да биде Министерството за образование и наука, го задолжи ова Министерство да подготви и да достави Предлог-одлука за давање одобрение за вршење високообразовна дејност на странската високообразовна установа Черновецки национален универзитет „Јуриј Федјкович“ од Украина на територијата на Република Македонија. Министерството за образование и наука постапи

по наведеното задолжение и ја достави Предлог-одлуката до Владата на Република Македонија на усвојување.

И оттогаш молк речиси цела година. Никој ништо не кажува, никој не реагира. Ова е типичен пример како се бркаат странските инвестиции од нашава држава. Ова е пример како една светски врвна високообразовна институција не може слободно да се појави на пазарот во нашава држава. И сетне криви ни се другите...!

## КРАЈ НА ДОЛАРОТ?

ВР-04.01.2010

Како и во добрите стари времиња, повторно имаме „златна треска" но овојпат златото не се копа на територијата на американскиот Див Запад, туку на берзите со благородни метали и на девизните пазари низ светот. Луѓето кои имаат кеш и девизи, во едно трескавично темпо ги претвораат своите долари во старото добро злато. На почетокот на декември во 2009 година, унца злато достигна рекордна цена и го надмина фамозниот максимум од 1 204 долари по унца. Финансиските аналитичари велат дека во време на слабеење на доларот, златото е сигурна инвестиција. На постигнувањето на оваа фантастична цена во годината која штотуку измина, сигурно дека влијаеле и одлуките на Индија и на Шри Ланка, кои купија од Меѓународниот монетарен фонд дополнителни количества од овој благороден метал. Ваков фантастичен скок на цената за унца злато не се памети уште од далечната 1971 година. Имено, на 15 август 1971 година, тогашниот американски претседател Ричард Никсон реши доларот веќе да нема златна подлога. Тој успеа да го убеди светот дека времето на златото е веќе минато. Целиот свет поита да се ослободи од златото и да се обезбеди со долари, верувајќи дека доларот е новата „златна подлога" за нивниот имот и бизнис. Меѓутоа, се покажа дека тоа е само маневарски потег на американската финансиска и политичка власт кој преку доларот (ослободен од златната подлога) можеше лесно да манипулира со светските монетарни и енергетски берзи во своја корист. Во меѓувреме, доларот стана светска валута, а Американците сè повеќе печатеа долари и така го обезвреднуваа.

Цената на златото се пресметува во унци. Тоа е единица мера од околу 31,1 грам злато. По моменталната цена од 1 204 долари за унца злато, еден килограм на овој благороден метал, кој е симбол на богатство и раскош, чини нешто повеќе од 38 500 американски долари, бидејќи во еден килограм злато има

32 унци. Само за споредба, во октомври 2001 година, пред осум години и два месеца, цената на унцата изнесувала 300 американски долари. Во 2005 година, во истиот месец, околу 500 американски долари.

Оваа позиција постојано ја одржуваше надежта дека американската валута ќе се зацврсти, дека доларот не може да пропадне и дека зад него стои најмоќната економија во светот. Ова можеби и донекаде е точно. Доларот можеби нема да пропадне, меѓутоа тој е на многу ниски гранки. Тоа најдобро го знаат оние кои своите девизни резерви ги држат во долари и кои секој ден можат да пресметаат колку тој е обезвреднет. Доларот е слаб насекаде во светот освен во Америка, каде што инфлацијата е мошне ниска. Слабоста на својата валута Американците можат да ја почувствуваат кога одат надвор од својата држава, каде што мораат својот долар да го заменуваат за скапото евро, фунта или друга валута. Стрмоглавиот пад на доларот, кој во последниве девет години загуби околу 50% од вредноста, огромниот дефицит во американскиот платен биланс и во трговијата со светот, енормната задолженост на американската држава, јавниот долг од околу десет илјади милијарди долари, сериозно ги загрижија светските лидери во остатокот од светот. Финансиските експерти велат дека за стрмоглавото паѓање на доларот и појавата на златната треска влијаел и еден напис во англискиот весник „Индипендент", во кој пишувало дека Кина, Русија, Јапонија и Бразил, како и извозниците на нафта од регионот околу Персискиот Залив, на почетокот од минатата година имале тајна средба и консултации како своите девизни резерви и своите природни ресурси да ги заштитат од енормниот пад на доларот.

Минатогодишниот самит на Шангајската организација, како и дискусиите кои ги водеа лидерите на Кина, Русија, Бразил и Индија, многумина го нарекоа „крај на воено-финансиската хегемонија на САД, односно крај на доларот". Сите дискутанти се согласиле дека мора да се случат промени во светскиот финансиски систем и дека тие се неизбежни, но дека нема да се случат толку брзо. Ерата на САД како безусловен лидер во светот е при крај. Настапува ерата на ЕУ, на Кина, на Бразил, Индија и Русија. Бидејќи нема да има еден доминантен лидер, нема да има и единствена валута, како што беше доларот досега. Тоа во годините station наназад се има веќе случено. Познат е примерот со Велика Британија. Додека таа била светска колонијална сила фунтата била најмоќна, но кога започнале антиколонијалните борби, како и ослободувањата од неа, и фунтата ја загубила доминантната позиција. Но за тоа било потребно време.



Дали е можно руската рубља да стане резервна валута? Во наредните педесетина години сигурно не постојат ниту теоретски шанси од причина што рускиот финансиски систем е мал, а руското Министерство за финансии и Централната банка водат политика за ограничување на паричната маса во оптек. Русија сè уште е во фаза кога мора да го јакне сопствениот финансиски систем. А тоа е долг и тежок процес. Ниту кинескиот јуан нема шанси да биде резервна валута од причина што никој во светот не може да ја предвиди судбината на Кина во претстојните десет-петнаесет години. Никој не може да прогнозира дали и натаму ќе продолжи кинеското економско чудо. Иако кинескиот јуан веќе функционира како резервна валута во еден дел од Азија, иако со него се тргува и со Бразил, сепак тоа не ги менува односите во светот на ова поле. Во историјата се памети и обидот на Јапонија во осумдесеттите години на минатиот век, кога и таа беше економско чудо, но сепак јенот не стана резервна светска валута

Денес околу 65% од државите во светот своите девизни резерви ги имаат во долари, еврото е застапено во 25% држави, а девизните резерви во фунти во само 4% од државите. Еврото денес за многу држави станува резервна валута. Така, на пример, девизините резерви на Централната банка на Русија речиси половината се во евра.

На минатогодишниот Самит на дваесеттемина, Кина го поддржа предлогот на Русија да се бара алтернативна резервна валута на доларот, односно наднационална валута. Според мислењето на Русите, тоа засега е СДР (специјалните права на

влечење – позајмување од ММФ), кој и сега игра улога на резерва за некои земји. Кинезите сметаат дека доминацијата на доларот, како и економските проблеми на САД, можат да повлечат значајна флуктуација на оваа валута, што, пак, негативно ќе се одрази на светската економска ситуација и затоа тие повикаа на диверзификација на светскиот финансиски систем, а доларот да се симне од монетарниот трон.

Денес економијата на целиот свет е преплавена со големо количество пари допечатени во САД и од резервните фондови. На многумина им е полошо отколку што им било до пред една година, но целосниот шок изостана. На почетокот на кризата еден од излезите сигурно беше и девалвација на доларот. Но, самата помисла на таков потег би значела отстапување од позицијата на светски лидер, а на тоа САД тешко ќе се решат, и засега не се решија. Размислувањето за резервна светска валута веќе е започнато, тоа е процес кој ќе трае најмалку десетина години.

Дваесеттиот век им припаѓаше на САД. Ќе биде ли така и во дваесет и првиот? Првата декада не го ветува тоа.

## БАДНИК

ВР-11.01.2010

Деновиве, анализирајќи ги случувањата пред и по големиот христијански празник Рождество Христово Божиќ, сурфајќи на интернет, на еден сајт налетав на еден навистина убав наслов „Во македонскиот Бадник и Божиќ со векови има мистика, традиција, паганизам, културен култ...“. И тоа беше доволен повод за ова мое неделно размислување и овој мој текст на тема: Знаеме ли што правиме? Знаеме ли што славиме и на кој начин треба да го правиме тој чин? Знаат ли нашите црковни великодостоинственици еднаш конечно да настапат со заеднички став во однос на ова прашање!?. Но, да почнам по ред.

Огновите, распалените скари, пивтијата, посната сарма, греаната ракија, виното и масовните собирања што се одржуваат во предвечерието на Христовото раѓање, досега не беа проблематизирани од страна на великодостоинствениците на МПЦ. Тие на некој начин тоа и го поддржуваа, иако одамна се вели дека тоа се пагански обичаи. Да биде трагикомедијата поголема, речиси да нема маало каде што се пали оган, а тоа да не се прави со благословување од страна на самите свештеници, без кои и не почнува забавата. Значи, празникот Бадник се претвора во забава за широките народни маси. Овие пагански обичаи дополнително беа стимулирани и од страна на локалните политичари, односно општинските градоначалници и совети. Така, на пример, минатата година скопските општини се натпреваруваа меѓу себе која ќе раздели повеќе огревни дрва за палење на Бадниковиот оган. Дрвата им беа доделувани на бадникарските одбори или на куќните совети, кои ги организираат традиционалните коледарски огнови. Колку што ме држи сеќавањето, минатата година Општина Аеродром донира околу 200 кубни метри дрва, а оваа година „само“ 100 кубика. Исто така, минатата година и Општина Гази Баба не беше поназад и донира околу 30 кубици дрва, а Општина Центар

потроши околу 80 илјади денари за букови дрва, кои им ги донира на 20 бадникарски одбори. Оваа година, според пишувањето на некои медиуми, скопските општини на месните заедници и на организаторите на вакви прослави им поделиле околу 300 кубици дрва купени со пари од општинските каси!!. И, за жал, на ова не реагираше црквата. Таа можеше барем да упати апел до верниците да не се палат огнови, а дрвата да им се поделат на најсиромашните семејства. Но нејсе, веројатно ќе им текне в година.

Оваа година првпат Македонската православна црква се обиде на своите верници да им објасни некои работи во врска со палењето на огновите. Се обиде да им објасни на верниците дека сето тоа што се прави во предвечерието на раѓањето на Христос не е ништо друго туку пагански обичај и таквиот начин на празнување треба да се напушти. Божиќните празници се обесчестуваат со препивање греана ракија и вино, со прејадување, мрсење и јадење скара, и тоа кога се божиќните пости. А сето тоа е надвор од прописите, барањата и учењата на Црквата. Меѓутоа, од она што го видовме по скопските маала, се чини дека овој обид на Македонската православна црква беше неуспешен. Можеби за тоа придонесе и различниот став, односно немањето заеднички став на целото свештенство во однос на ова прашање. Митрополитот Струмички Наум и епископот Велички Методиј, управител на Американско-канадската епархија, се едногласни околу ставот дека гозбите и пиењето околу коледарските огнови се во целосна несогласност со црковното предание и со Божиќниот пост. Друг дел од свештениците сметаат дека на палењето огнови и пиењето ракија не треба да се гледа толку ригидно, од причина што огнови во чест на раѓањето на Исус Христос се палеле уште во третиот век, од страна на првите црковни општини. И сега кому да му веруваме?

Во осуда на ваквиот начин на прославување на Божиќните празницим се чини дека годинава најдалеку (а и најхрабро) отидоа Струмичката епархија на МПЦ и владиката Наум,



кои јавно препорачаа и укажаа дека кршењето погача со паричка за Божиќ и делењето Бадникови гранчиња се српски, а не македонски обичаи. Македонскиот народ треба да се ослободи од нив. Овој обичај кај нашиот народ и нашата црква бил насилно воведен по српската окупација на Вардарскиот дел на Македонија по завршувањето на Првата светска војна. Македонски црковен обичај бил погачата со паричка да се крши за Василица, односно за Стара нова година. И доколку е така, јас апсолуно го поддржувам овој став и во целост се согласувам со нивното соопштение, во кое се вели дека: „Во услови кога нашиот македонски идентитет, особено црковниот, се негира од сите страни и од Српската православна црква, ние треба што побрзо да се ослободиме од сите црковно-народни обичаи кои во последниве години зедоа простор во Македонската православна црква". Ако тоа е така, нека им кажат и на нашиот архиепископ и на целото свештенство веќе да не ни делат Бадникови гранчиња во самите храмови. Од друга страна, во однос на ова прашање владиката Тимотеј, кој е и портпарол на МПЦ, излегува во јавноста со сосема спротивен став. Тој вели дека се работи за христијански обичај кој не може да се поврзе ниту со српскиот, ниту со грчкиот, ниту со македонскиот народ. Според него, тоа е христијанска традиција уште од времето на Свети Василиј. И повторно прашањето: Кому да му веруваме?

И оваа година за време на Божиќните празници, по којзнае кој пат, црковните великодостојници повторно се нединствени. По којзнае кој пат имаат различно размислување како треба да ги празнуваме. Се добива впечаток дека учеле од некои различни книги, како да имале различни учители? Верниците секако дека не се виновни поради ваквиот начин на прослава на Бадник. Тоа најчесто го прават од незнаење. Ниту некој нешто им кажува навреме, ниту пак некој ги подучува. Туку, напротив, со определени свои потези, дел од македонското свештенството само дополнително ги стимулира. До кога?

## У(небрано)СТАВЕН СУД

ВР-18.01.2010

Пишаниот збор полека-полека ја губи битката со електронските медиуми. Иако се потрудив темата за атаците врз Уставниот суд да ја наметнам пред речиси една недела, за жал, мојата анализа ја здогледува светлината на денот дури денес. Таков е, впрочем, системот на форумските аналитичари – недела по недела... Но, со оглед на актуелноста и сериозноста на темата, искрено се надевам дека нема да бидам етикетиран како пост-фестум колумнист. Целта – одбрана на честа и достоинството на оваа институција – впрочем, не познава и не признава временски рамки. Намерно потенцирам, одбрана на достоинството на оваа институција, затоа што некои нејзини членови навистина според досега сработеното и покажаното и не заслужуваат коментар, или пак одбрана. Но нејсе, да се вратиме на институцијата.

Кога станува збор за Уставниот суд, би започнал со неколку ставови што треба да ја отсликаат суштината на принципот на владеење на правото, за кој сите ние, барем декларативно, се залагаме. Прво: нема повисок устав од Уставот; второ: нема закон над законот; и, трето, но не и помалку важно: никој нема повеќе власт од онаа што му е дадена со Уставот и со законите. Овие три реченици се всушност суштина на владеењето на правото. Во неговата основа е фактот дека легитимна е само онаа политичка власт која е ограничена со целта на своето конституирање. Исто така, овој принцип е суштинска граница на ширењето на самоволието на носителите на политичката власт во една држава. Пошироко протолкувано, ова би значело дека дури и законодавецот, оној кој ги донесува правилата, нема право нив да ги крши, односно да не ги почитува. Ако дотука бев разбран, тогаш минатонеделната реакција на Премиерот во однос на работата на Уставниот суд најмногу прилега на – автогол. Можеби и би можеле да му простиме на Премиерот со оглед на тоа што тој, сепак, не е правник и едноставно „бурно



реагираше“, но тешко е да се замижи пред молкот на неговите многубројни советници, кои пак, за волја на вистината, за нивните очекувани коментари се платени токму од нашите пари, на граѓаните. Популарно наречените „сенки“, неговите верни советници, потонати во удобните фотелји, заборавија да го информираат Премиерот (освен ако не станува збор за инсуфициенција на капацитет или, да не даде Господ, свесно да избегнуваат совети) дека неговата реакција, всушност, претставуваше негација на правилото за некоментирање на одлуките на оваа институција. Или, како што напиша еден колумнист, ова беше обид врховната извршна институција во државата да ја распне највисоката институција за заштита на уставноста и законитоста, односно класичен неуспешен обид да се изврши атак врз институциите на системот. Крајно недозволиво и нетактички. Епилогот е однапред познат – уривање на авторитетот и на довербата на граѓаните во институциите. Погубно за секоја нормална, демократска и правна држава, држава каква што претендираме да бидеме.

Збор-два и за етимологијата на „несреќната“ изјава. Таа е резултат на последните неколку одлуки донесени од страна на судот. Само за потсетување, тоа беа претежно предмети кои на некој начин и ја одбележаа годината што измина. Ќе набројам неколку од нив: верското образование во основните училишта, екстерното проверување на учениците во основните и во средните училишта, правото на жалба во постапките за управните спорови, изедначување на условите за старосна пензија на жените судии и јавни обвинители, парично обештетување наместо годишен одмор и др. Претпоставувам дека чашата ја прели одлуката што се однесува на привремената забрана за примена на членот од Законот за внатрешни работи, кој предвидуваше предвремено пензионирање на вработените во МВР. Но, доколку вака се реагира, сега што ќе правиме кога на дневен ред ќе дојдат неколку веќе иницирани прашања, како што се: финансирањето на политичките партии, финансирањето на изборните кампањи, прашањето за посебните

права на учесниците во мировните мисии, за приватизацијата на градежното земјиште, за градењето, како и веќе отвореното прашање за лустрацијата и други прашања за кои веќе е поведена постапка. Адвокатите во ликот и делото на незавршените студенти-пратеници, веќе не ќе имаат храброст и сила повторно да се бламираат пред јавноста. Мислам дека конечно и самите сфатија оти нозете им се прекратки за да го допрат барем најдолниот дел од таванот. Е, тогаш на ред ќе дојдат оние „сенките", „верните" јунаци-советници и паметници.

Но, настрана цинизмот и да се потсетиме на неколку правила. Уставниот суд не создава право и не утврдува што е право. Тој само констатира што не е право. Ако ова се протолкува, тоа би значело дека Уставниот суд не пропишува и не донесува оригинерни норми и акти, туку испитува и оценува дали донесените правни акти и норми се во согласност со Уставот и со законите. Ова би значело дека евентуалните одлуки на Уставниот суд за неуставност се проста последица на повреда на Уставот и законите и тие најчесто треба да имаат интервентен карактер. Поедноставено – Уставниот суд е доминантен фактор во спроведувањето на Уставот, како и на остварувањето на односите што се утврдени со него како содржина на организацијата на власта. Но, за да бидам правилно разбран, ќе дополнам. Уставниот суд, според својата уставна положба, не спаѓа во системот на организацијата на државната власт, туку е посебен уставен орган со статус, состав, организација и надлежности конкретно утврдени во четвртата глава од Уставот. Ваквиот начин на посебност укажува на фактот дека Уставниот суд ниту организационо ниту функционално не произлегува од законодавниот и извршниот орган и затоа не е одговорен пред нив, што по автоматизам значи дека тој има своја посебна и независна позиција и улога. Оваа посебност и независност е посебно зајакната со фактот дека уставотворецот ѝ дозволил на оваа институција со свој акт да ги уреди начинот на работата и водењето на постапките пред него. Таков акт е токму Деловникот за работа на Уставниот суд.



Ваквата уставна положба на Уставниот суд му обезбедува во вршењето на уставно-судската функција да се дистанцира од секаков политички авторитет, особено од оној што моментално е на власт и континуирано и доследно да ги врши работите од својата надлежност независно од промените што настануваат кај непосредните носители на власта. Меѓутоа, ова дистанцирање се однесува и на останатите политички субјекти кои се во опозиција. Колку далеку од едните, толку далеку и од другите. Од друга страна, постојаното повикување на самостојност и независност на Уставниот суд, постојано и неминовно ја нагласува потребата од голем и вистински професионален однос на судиите. Ја нагласува потребата од нивна чесност и одговорност, како и од комплетна ослободеност од сите „хипотеки" и обврски кон оној или оние што ги предложиле, од оние со чиј благослов дошле на таа позиција. Уставните судии не треба да бидат заложници на некогашните свои ментори, но истовремено треба да бидат ослободени од стравот за својата иднина, односно кариера.

Уставниот суд секаде во светот е последниот бастион за одбрана од арбитрерноста и самоволието на позицијата и на опозицијата во една држава. Никој, а најмалку уставните судии, треба да дозволат тие и нивната институција да стане дневно-опреативен орган и да им се потчинуваат на актуелните дневно-политички интереси. Напротив, нивни императив е да се стремат кон афирмација на правната држава и трајните вредности. За волја на вистината, од она што можевме да го видиме и досега, во определени ситуации овој суд дејствуваше, за жал, и како политичка институција. Ќе биде добро во иднина тенкото мнозинство (5:4), без разлика „за" или „против" една одлука која е на дневен ред, да биде веќе минато.

Жално, но вистинито, е што интервенциите на Уставниот суд на Република Македонија, односно одлуките за укинување или поништување на противуставни и противзакоски акти во последниве години покажуваат нагорен тренд. Ако во текот на 2000 година вакви интервентни одлуки имало 40 (од

кои 13 биле закони), во текот на 2009 година таа бројка е за повеќе од 50 проценти зголемена – донесени се 65 одлуки, од кои над 40 биле закони или нивни одредби. Ова е само уште еден показател за адолесценцијата на определени министри и нивната и наша државна администрација кои учествуваат во нивното изготвување. Ова е јасен показател за немањето квалитетен номотехнички кадар, за функционирање на еден номотехнички процес исполнет со бројни слабости што се граничат со аналфабетизам. Јасен показател за сè помалку квалитетен персонален состав на законодавниот дом.

Знам, сето горе наведено прилега само на пуста желба за освојување на врвот наречен високо развиено демократско општество и правна држава. Да се надеваме дека избрзаната, нетактична и импулсивна реакција на Премиерот ќе остане само на она веќе кажаното.

## За македонската партиска проституција „ШЕМА“ СЕ КАМЕЛЕОНИТЕ

ВР-25.01.2010

Новинари – кодоши, луѓе блиски до Премиерот „обвинети“ за кокетирање со опозицијата... Доволен предизвик за дебата за луѓето кои се занимаваат со политика а во кои народот препознава политички камелеони. Овој текст нема намера некого да дискредитира, да омаловажува или, пак, лично да го анализира. Целта е, по којзнае кој пат, да се укаже на се поприсутниот синдром или, уште попрецизно, феноменот на персоналната лево-десната македонска политика.

Го паметам текстот на министерот за надворешни работи во владата на премиерот Груевски, за време на неговиот студиски престој надвор од државава, кој за синдромот напиша: „Овој феномен, доколку би се објавувал како оглас во весник, би можел да биде именуван како: „Менувам партија за функција со доплата“, или „Нудам партиски услуги – цена по договор“. Ништо ново. Сетете се само на плејадата политичари (јас од куртоазија не би им ги споменал имињата, иако сите Вие добро ги знаете), кои ги менуваа партиите и опциите повеќе од нивните чорапи. Мотивот секогаш беше ист – нивниот личен интерес. Овој текст нема за цел овие, од народот наречени камелеони, да ги претстави како некадарни, неискусни, или уште помалку како личности без политичка логика и квалитет, туку да укаже на она што сепак многу им недостасува. Нивната ментална матрица е пократка за идеолошкиот принцип и за партиската доследност. А тоа, верувајте, не е политичка дребулија...

За ваквите и слични мултибренд политичари, Берислав Беговиќ напиша: „Камелеоните порано живееја во шумите, висеа на гранките, дремеа на листовите. Со јазици како стрели го сечеа воздухот, без глас, без напор. Сè помало од нив им беше плен. Тие беа сè – и камен, и кора од дрво, и овенат лист.

Тие беа дрчни и алчни и повеќе отколку што им беше потребно за да (не) станат круг од веригата на исхрана. Од час во час се претвораа во нешто друго, трансформирајќи се како магионичари во куп трева, во мравјалник... Срцето им биеше таман колку што треба, а вдишувањата им беа плитки, кратки и незабележливи. Само нивните очи, тие ненаситни скитници, како воденички тркала, немаа мир. Само нивните очи, тие предавнички заоблени топки на лицето, можеа да ги разоткријат сите тие фантастични маски. Потоа дојдоа меѓу нас. Сега се во градовите, по куќите, во парламентите. Тие се насекаде. Тие се наши соседи, војсководци, наши кумови, љубовници...Поради нив никој веќе не разликува пријател од непријател, добро од зло, доблест од маана. Современите камелеони имаат кожа за сè и се преслекуваат по потреба. Учат и се адаптираат многу брзо. Понекогаш дури и не се приближуваат до пленот, ловат во од. Се здружуваат во глутници кои потоа поставуваат перфидни замки што се граничат со сонот и јавето. Апетитите им растат прогресивно, а илузиите со кои го збунуваат уловот стануваат сè посовршени и посложени. Сепак, сè уште е можно да ја избегнете стапицата, да ја одвоите измамата од реалноста и да се спасите. **За да можете да ги препознаете камелеоните навреме, потребно е да знаете само едно: ТИЕ НИКОГАШ НЕМА ДА ВЕ ПОГЛЕДНАТ В ОЧИ.**“

Иако овие камелеони се интересни за граѓаните и претставуваат добар материјал за дневно-политички шеги, сепак нивното постоење е сериозен недостаток за секоја демократија. Нивната сеприсутност, секаде присутност и доминантност е јасен показател дека политиката во државата сè уште е „зелена“ и политичка недоизградена. Жално но вистинито, промотори на оваа политичка незрелост најчесто се зрели личности, луѓе во години, луѓе со завидно искуство и со политички багаж. Состојбата во која политиката или политичката идеологија се подредени само на личните цели на самопрогласените „амбициозни“ политичари, е, во најмала рака, патетична. Овие политичари играат само на една карта – кусото паметење на политички неупатената јавност. Успешно, за жал. Како врвни илузионисти, во посеаната магла, камелеоните со нивната „искреност“ од петни жили ќе се трудат да ви ја оправдаат, на пример, смената на старата со нова политичка опција. А тука е публиката, јас и моите сограѓани, кои со отворени усти, како утмани, голтаме сè што ни сервираат. Горко, луто, пресолено... За (не)среќа голтаат и нивните политички партии (чии членови се барем во моментот), голта и нивниот лидер. На крајот, гладни остануваат само нивниот кредибилитет и легитимитет. За среќа...



А кога ќе се крене маглата, ќе паднат маските. Ќе видите како партија со демохристијанска идеологија, типично конзервативна и десно ориентирана, а нејзините ставови ги претставуваат и ги бранат политичари со верификуван комунистичко-социјалистички стаж, политичари со докажана левичарска генетика, луѓе кои до последната капка крв ги бранеле и ги презентирале социјалдемократските идеи?! Овде некој мами. Или е тотално општествено слепило или овие луѓе се толку совршено превртливи? Зар тие лица имаат толку добро разработени и софистицирани методи на заобиколување на вистината што привидот станува реалност? Ако воопшто за нив постои вистина.

Едно е сигурно. Камелеоните се професионалци во политички симултанки, експерти во додворувањето, ангели со милозвучен глас што го милува срцето на политичкиот ментор. Тие се виртуози во способноста својата визија, јавен говор или настап да го украсат со патриотски, економски, еколошки и, доколку е потребно, со националистички фолклор. Доколку е потребно, тие се способни да бидат поголеми војсководци и од самиот Александар Македонски.

Длабоко сум убеден дека вината за овој феномен на менување на политичките дресови не треба да ја бараме кај самите политички камелеони. Одговорноста е, пред сè, во политичките партии и во нивните лидери, во оние кои на повеќе пати премачканите политиканти им нудат удобно партиско

сместување или политичко прибежиште. На покус или подолг рок. Политичките партии и нивните лидери се главни виновници што овие мали, ситни и ненаситни политички суштества успеваат политички да се рециклираат и евтино да си го купат новиот политички легитимитет. А кога колоритните политичари ќе се вгнездат во новата политичка опција, се случува најсуровото – стануваат безмилосни и канибалистички настроени кон своите поранешни сопартијци. Имаат интенција за кратко време да станат поголеми католици и од самиот папа. Ја користат секоја шанса да се сликаат пред партиската иконографија, а партискиот беџ редовно ги краси нивните гради. Што поблиску до срцето. Врвна цел на камелеонската мастурбација е дишењето во врат на својот лидер. Бидејќи пушењето на јавни простори е целосно забрането, петингот обично се сведува на имитирањето сенка на лидерот – каде ќе се појави тој таму се и тие, дури и неколку часа порано, ако треба.

Согледувајќи ги состојбите во македонската политика, мислам дека е крајно време за демаскирање на македонските политички камелеони и на останатите демократски демагози што ги преплавија политичките партии. Демаскирајте ги суштествата од темните длабочини. Кога веќе тие не можат, тогаш вие погледнете им... **В ОЧИ.**

## Слепи патници го нишаат владиниот брод ТИТАНИК

ВР-30.01.2010

Македонската политичка сцена зоврива. Притисоците врз премиерот Груевски се сѐ поочигледни – однатре и однадвор. Се добива впечаток дека светот се преврти наопаку и дека сите сили се впрегнати во борба против него. А сѐ започна со несреќниот Латас и со приказните (барем засега го имаат тој предзнак...) дека божем бил соработник на странска разузнавачка служба. Оној истиот Латас, кому веќе подолго време му се пени устата од фалби за неговиот миленик, сега станува најголемиот товар за Груевски. Меѓутоа, на сите оние кои и малку се разбираат во политика и ги следат политичките случувања, одамна им беше јасно дека ова беше само прашање на ден. Постарите генерации велат: „Многу арно не е на арно“, односно зад многуте фалби и додворувања мора да постои „нешто“. А токму тоа „нешто“ деновиве излезе на виделина отворајќи ја можноста во јамата, која некој сам си ја ископа, да биде и јама за сите негови блиски, вклучувајќи го и Премиерот. На тоа јасно алудира и текстот на сопственикот на еден наш неделник кој јасно порача – „Во обидот да ја спаси сопствената, на послужавник ја изнесе дури и премиерската кожичка“.

Прогнозите на Фазли Велиу дека Премиерот „ќе го снајде судбината на Милошевиќ“, се чини дека доаѓаат во најнепосакуваното време за Груевски, а во посакувано за неговите противници. Ултимативната порака да се повлече одлуката децата Албанци да учат македонски јазик од прво одделение, се чини дека само долеа масло на веќе распламтениот оган. Нималку не е наивна и употребата на силни метафори во оваа политичка преписка. Зборовите „не можете да нѐ присилите да влеземе во бездна, во која вие сте на нејзиниот раб“, укажува на нешто повеќе – на најавата за раскинување на коалициониот договор. Отвореното и бескомпромисно користење на

ваквата реторика јасно ја истакна индивудуалната храброст, но и безусловната молчешкум поддршка од страна на матичната партија на Велиу, ДУИ. Сите нормални луѓе не можат да не го земат предвид и сè почестото различно размислување и ставови и на владиниот потпретседател од редовите на ДУИ. Острите тонови во владиното соопштение во кое ОБСЕ беше оценета како организација со нарушен кредибилитет, како и потребата во иднина со голема внимателност да се примаат нивните препораки, го подели владиниот врв. Овој став елегантно беше демантиран од страна на вицепремиерот Абдулаким Адеми. По којзнае кој пат, тој излезе со спротивен став и рече дека сите меѓународни институции треба да бидат наши партнери и нивните препораки да се примаат како добронамерни. Мошне индикативно и јасно разминување, кое оди во прилог на погоре искажаниот став.

Дополнителен проблем за Груевски се и сè позачестените муабети дека вехабисти запоседнале три џамии во Скопје. Јаја-пашината џамија, Исен-бег и Тутун-суз џамија веќе подолго време не се под контрола на Исламската верска заедница. Во овој контекст е и сè погласното барање за изградба на Бурмали-џамијата на Градскиот плоштад, што како бумеранг се враќа од непромислената желба за изградба црква. Барањата кулминираа со најавата (додека се објави овој текст најверојатно и веќе одржана) за организирана петочна молитва на муслиманските верници на местото кое некој однапред си го зацртал дека ќе биде место за џамија.

На сето ова некако спонтано се надоврзуваат и слабо промислените и „килави“ зборови на министерот за надворешни работи во ситуација кога постојат пријателски иницијативи на повеќе држави за посредување во спорот за името меѓу нашата земја и Грција. На многуте „бабици“ им се приклучи и најголемата бабица – ЕУ. Имено, пред неколку дена, врз основа на извештајот на Зоран Талер, а по барање на Комисијата за надворешна политика, Европскиот парламент донесе резолуција и реши ЕУ да се вклучи во преговорите за името



меѓу Македонија и Грција. И сега што? Која бабица ќе биде подложена на евтаназија? На овие изјави во последно време се надоврзаа и веќе подзаборавените снимки и слики, во кои се алудира на нескриената симпатија на посочениот министер кон нашиот источен сосед во неговите помлади години. Голем товар, ќе се согласите.

Министерот за правда, како приказна за себе и сама по себе, е уште еден килограм товар повеќе на грбот на Премиерот. Растргнат меѓу желбата да го испочитува некогашното штипско другарување на неговите родители и потребата за ефикасност и реформи во судската власт, тој реши да ја трпи неефикасноста на човекот кој на крајот на својот работен век се обидува да ги живее ноќите во бел сатен. Иако со префикс „незаменлив“ во двете влади на Груевски, неговото барикадирање во министерската фотелја само носи негативни поени на контото на Владата.

Министерот за образование и наука, по којзнае кој пат, ни крив ни должен, повторно е ставен на мака, повторно е во жртвена одора. Се чини дека неговото „тврдо НЕ“ за одлуката децата Албанци да учат македонски јазик од прво одделение набрзо ќе омекне како пивтија ставена на сонце. Ова е онаа иста ситуација како и пред неколку месеци кога „цврсто“ го бранеше неговиот став дека нема да има проширување на бројот на паралелки на албански наставен јазик во средното медицинско училиште. И наместо „ниту ЕДНА паралелка надвор од договореното“ бројот се прошири за ТРИ. Се плашам дека ќе има реприза на витештвото кога младиот министер го кажа своето „не“, и... се задуши во сопствената пот. Веќе видена мижи-татара во стилот плукни-лижи. Младоста и амбициозноста се убава работа, но за нешто поголемо и посериозно, сепак, не се доволно.

Градоначалникот на скопската општината Карпош, инаку свеж член на СДСМ, му создава дополнителен проблем со неговото секојдневно барање одговорност за „ОКТА“ и со ембаргото за јарболите за знамиња. Иако засега без видлив ефект,

неговото упорно користење на проверената гебеловштина може да создаде замор и паника, што потоа би се претворило во ноќна мора. Чекор до Стевче се и соросоидите и нивните инсталации – во последно време насекаде присутни со единствена цел – да му дишат во врат. Како се одвиваат работите, од нив куртул ќе нема. Не верувам дека премиерската екипа, составена од мозоци наречени советници, може да излезе на крај со нив. Впрочем, доколку тие имаа храброст, досега ќе кажеа барем нешто „во одбрана".

Владиниот коалиционен партнер, Демократската партија на Србите во Македонија за време на прославата на нивниот празник Свети Сава го покажа своето право лице. Со она што беше кажано и со профилот на присутните на овој собир (на кој имаше и отворена провокација кон МПЦ и македонскиот народ), денес претставуваат дополнителен баласт за Премиерот. Досегашното, навидум молкомно прифаќање на сè што се сервираше од страна на владиниот кабинет, сега е на ред за наплата. Поклонението и бакнувањето рака на Вранишковски од страна на лидерот на оваа партија кажува повеќе од илјада зборови. Овој коалиционен партнер за брзо време ќе се врати во своето јато од кое се оттргна. Мојот сомнеж дека ДПСМ беа само на куса „печалба" во власта, веројатно ќе се претвори во сурова реалност.

И на најавите за опасноста од дестабилизирање на државата, на која укажуваат многу европски политичари и САД, а во тој контекст и првиот израелски разузнавач, се чини дека никој, а најмалку Премиерот, им обрнува внимание. Од каде извира оваа недоверба во оние кои имаат сериозни информации за случувањата во нашата држава? Зар тие, со целата своја софистицирана машинерија и искуство, се помалку упатени од нашите разузнавачи? И да видам не верувам. Сепак, и покрај тоа што тоа јавно не го покажува, ова е најголемиот товар за Премиерот, но и опасност по идното опстојување на нашата држава.



Има ли лек за водата што навлегува во потпалубата на бродот наречен Влада и неговиот капетан? Секако. Најнапред, потребно е едно експресно и радикално проветрување на сопствените редови, ослободување од некадарните, неефикасните и паразитите. Потребно е ослободување од слепите патници на овој брод – партиските профитери и во јавноста познати бизнис-криминалци. Дојде денот кога ќе мора да се скрши стаклената ѕвоно со кое е опколен првиот ВМРО-вец. Не би било на одмет една штих проверка на т.н. „слепите послушници" од првиот и вториот партиски ешалон кои пред првиот човек се поклонуваат до земја, се колнат во партијата и во Македонија, а во практиката се џелати на своите партиски и службено подредени, и со едното око сè повеќе му намигнуваат на Црвенковски и на неговата тајфа. Потребна е подадена рака за соработка кон сите чесни и докажани партиски дејци, патриоти и Македонци. Потребно е елиминирање на недовербата во оние кои мислат со своја глава, во оние кои отворено го кажуваат своето поинакво размислување. Верба во оние кои укажуваат на аномалиите, во оние кои укажуваат на вистината, и верба во луѓе кои си ја сакаат својата држава.

# ФАРМАТА НА ГОЛЕМИОТ БРАТ

ВР-06.02.2010

Почитувани читатели, денешнава колумна ја започнувам со едно прашање до вас. Дали освен во Македонија, некаде во друга држава во светот постои пример каде што на сите можни ТВ канали, 24 часа се прикажува по некое риалити шоу или некоја културно-забавна емисија. Само да се потсетиме дека во моментов кај нас актуелни се: „ВИП Големиот брат“, „Сè за љубов“, „Менувам жена“, „48 саати свадба“, „Преживеан“, „10 авантуристи“, „Кој те шиша“, а штотуку завршија „Големиот брат“, „Фарма“ и др. Преплавени сме од овој тип емисии. Тие станаа наше секојдневие во оваа наша задоцнета и пролонгирана економска криза. Тие ни го оттргаат нашето внимание од секојдневната реалност, од сознанието за најниска плата во регионов, од неможноста да ја гледате секојдневно сè попразната маса и сè поплиткиот џеб, од веќе излитеното транзициско чекорење во место.

Доколку од името на љубовта има и некое оправдување за емисијата „Сè за љубов“, се чини дека нема оправдување за тоа зошто сè повеќе риалити шоуата од типот на „Големиот брат“, „ВИП Големиот брат“ и „Фарма“, ни го одземаат нашето внимание и заедно со „Шехерезада“ или „Ѓумуш“ нè заковуваат во фотелјите пред ТВ приемниците. Токму поради овој феномен, во овој текст го искажувам својот став, односно своето размислување за случувањата во нив.

Денес станува сè поочигледно дека феноменот на риалити шоуата сè повеќе станува нешто повеќе од обична игра за забава. Доколку се обидеме да одговориме на прашањето што е психолошката заднина за учество на обичните луѓе, естрадните ѕвезди и ѕвездички, ќе се соочиме со голем проблем. Обидот да се одговори на ова прашање станува некако невозможна мисија, или пак многу тешка и комплексна обврска која бара повеќе од обично познавање на психологијата и психијатријата. Претпоставувам дека парите кои ги добиваат на крајот учесниците и победникот се основен мотив за нивно учество во овие шоуа. Но „цената“ на тие пари ја преминува нивната вредност. Таа сума пари најчесто значи обесчестување на човекот кој ги продава своите најдлабоки пориви во нешто што продуцентите го нарекуваат игра. Во реалноста тоа се сурови „гладијаторски борби во кои гледачите навиваат и избираат кого ќе го исфрлат од куќата на „Големиот брат“. Гледачите добиваат улога на „господар на судбината“ и влијаат дали некој ќе остане „во живот“, или ќе биде „прогонет од рајот“.

Иако не сум од луѓето кои ќе го губат своето драгоцено време гледајќи ги овие шоуа, сепак, поради дел од моето семејство кое со нетрпение го чека нивниот старт, имав можност и јас неколкупати да ги изгледам. Како резиме од неколкуте гледани емисии, логично ми се наметнува прашањето: „Каде престанува границата на забава и игра и почнува моралниот пад на општеството“. Овогодишниот „Големиот брат“ и „ВИП Големиот брат“ се типичен пример за свесен избор и нагласено потенцирање на однесувањето на неговите учесници, кое е далеку од границите на пристојноста. Анализата на овие телевизиски емисии укажува на постоење зачестени описи и сцени на еротика, непристоен говор и поведение на учесниците, кое навистина е навредливо за човековото достоинство. Според прераскажувањата кои дојдоа и до моите уши, како и пишувањата на медиумите, досега гледачите имале можност да гледаат разни лезбијски сцени, јавно ставање тампони, намерно покажување гениталии, приказни за тоа дека некој не може да живее без секс и мастурбација, обиди за секс под јорган или в базен. Во моментов тие го очекуваат и првиот јавен секс меѓу машки во „ВИП Големиот брат“. Дури се зборува и за големи обложувања за тоа кој прв и со кого ќе го направи тоа. И така во недоглед. Изгледа дека нема крај на примерите на неморал.

Што е она што овие шоуа ги прави „интересни“ за поголемиот број гледачи? Сиромаштијата, било да е економска, или пак се работи за сиромаштија на духот (а во контекст

на форсирање на емисии од овој тип), ги наведува луѓето да ја продаваат својата приватност. Ја продаваат за грст евра, за нешто друго претходно ветено или претпоставена иднина (јас би рекол „гулаб на гранка“). За некоја претпоставена иднина, каде што за момент победникот, или некој друг финалист, ќе доживее блесок и излез од анонимноста, или пак ќе се добие шанса за некоја подобра, но само привремена позиција во животот. За тоа најдобро зборува изјавата на еден поранешен учесник во овие шоуа: „Добив пари и добив на момент слава и популарност. Парите ги потрошив, ама сега гледам дека тоа и баш не ми требаше. Навистина нешто добив, но повеќе загубив“. Очигледно дека учесниците подоцна го осознаваат „бенефитот“ од нивното учество.

Овие шоу програми ја менуваат свеста на публиката и на учесниците. Дефинитивно сите се менуваат, бидејќи тоа е неизбежно. Тие дејствуваат на потсвеста. Публиката ја привлекува да ја гледа туѓата приватност и интимност. Со ѕиркањето во приватноста, гледачите сметаат и на некои „гнасотии“ или скарадности, проектирајќи ги со тоа своите мисли и очекувања. Од друга страна, учесниците во овие шоуа се како „добиток“ која се продава на пазарот, што мора да признаеме не е нималку нормално и никогаш нема да биде нормално. На ваков начин општеството оди во амбис, поради заработката или некои други цели на медиумските куќи и нивните продуценти. Целата оваа работа воопшто не е наивна. Моделот кој го промовираат „Големиот брат“ и „Фарма“ е живот во заедница, живот во глутница, каде што посилниот и поиздржливиот го јаде помалиот, помалку издржливиот и поемотивниот. Каде што опстојува поблесавиот, оној кој од себе прави мајмун. Тоа е модел каде што контролорот се надгледува, а на јавноста ѝ се сервираат сите случувања.

Според еден познат рокер, риалити шоуата се еден вид Орвелов свет. И навистина. Идејата за „Големиот брат“ е земена од Орвеловата „1984“. Оние кои ја читале оваа книга, ќе се присетат на ликот кој контролира еден затворен свет и се



изживува со бедниците. Исто тоа се случува и во овие шоуа. Големиот брат се изживува и ги малтретира бедните естрадни ѕвезди, кои за неколку илјади евра ја продаваат својата приватност, својата интима, својата малограѓанштина. Некој би рекол: тоа се оние кои во недостиг на свој сопствен живот, живеат туѓ живот. Во овој контекст, не би било лошо да се потсетиме и на втората Орвелова книга – „Животинска фарма“. Во овој роман свињите се тие кои ја презеле власта врз луѓето и го уредуваат светот според свои сопствени начела и принципи на управување. Со една забелешка, дека актерите во „Животинска фарма“ се далеку посложни отколку оние во „Фармата“ или во „Големиот брат“.

Оправдувањето за емитирање на овие емисии од страна на оние кои ги финансираат и ги продуцираат е дека тоа е игра со однапред познати правила, чија цел е забава и поголема гледаност. Но, дали тоа е оправдување? Најчесто гледачите велат: „Гледај ги што прават, како не им е срам“ и – продолжуваат да гледаат. И тука нормално е да го поставам прашањето: „Кому тука треба да му биде срам?“ Одговорот е – на сите нам.

И, на крајот, малку невообичаено за мене, но денешниов текст ќе го завршам со еден многу познат рефрен: „Што е тоа во луѓето тажно, што живеат (уживаат) во животи туѓи?“

## Кому му пречи проектот „Скопје 2014“?
# СИВИЛОТО НА СИНОТО

ВР-13.02.2010

Отсуството на меѓупартиски дијалог меѓу двете најголеми партии доведе до сериозно заострување на односите на македонската политичка сцена. За 19 години самостојна Македонија не паметам позицијата и опозицијата да се согласила барем по едно прашање. Консензус не постои ниту за името, а за другите прашања со помало значење – нема простор ни за размислување. Во еден ваков политички амбиент, проектот „Скопје 2014“ ги исфрли на површината сите теснопартиски интереси, кусогледоста и отсуството на желба за дијалог. Се чини дека во Македонија сè што ќе предложи една политичка партија, другата го пречекува на нож. Без вистински аргументи против, тие го напаѓаат секое прашање или проблем што доаѓа од другата страна. И ни чекор повеќе. Промоцијата на проектот „Скопје 2014“ преку 3Д анимацијата оркестрира безброј партиски напади по веќе виденото сценарио и добро познатите артисти – ад хок здруженијата на граѓани и невладините (читај: партиски) организации. Опозициските печатени и електронски медиуми дополнително ја зовреа атмосферата со провоцирањето реакција дури и кај позиционата ДУИ. Се дрзнаа дотаму што отворено и провокативно го поставија прашањето: Зошто ДУИ и СДСМ се само вербално против проектот, а во практиката не преземаат ништо?! Во контекст и под притисокот од овие медиуми, деновиве се најавува и пленарна собраниска седница, како и седница на Комитетот за односи меѓу заедниците. Оваа паника, ова лудило, ова антивладино расположение ги надмина границите на објективноста. Се разбира, доколку воопшто ја има кај претходно наведените.

Како вљубеник во објективноста, како човек кој не се плаши да го каже своето мислење за сè што не е во согласност со неговите ставови и како човек кој не се двоуми да ги нападне и своите сопартијци доколку не се согласува со нивните ставови, сега сум во позиција да го искажам својот позитивен став и својата поддршка за проектот „Скопје 2014“. Жестокоста на нападите на овие ретроградни и аналфабетски сили само ја подгреа горчината во мојот желудник. Освојувајќи сè поголем медиумски простор за антивладино расположение, опозицијата по којзнае кој пат го употреби своето проверено оружје – злобното навестување дека проектот ќе ги зголеми меѓуетничките тензии во државата!? Ова ги надмина сите граници на фер-плеј и на коректно однесување. Некој повторно се обидува да нè убеди дека постои македонски граѓанин кој не сака да има град со убава архитектура и дека припадниците на етничките заедници во државава не сакаат објекти изградени во неокласичен стил, во барок и др.? Има ли жив егземплар кој сè уште е врзан за соц-реалистичкиот стил, за сивилото и студенилото на својот град?!.

Кон ова, само по себе се, наметнува и прашањето: Зошто кај опозиционите партии се појавуваат толкав отпор и злоба, ако се знае дека последната целосна изградба на плоштадот датира од далечната 1914 година? Но, за да не се враќаме деведесет и шест години назад, да тргнеме од 1963-тата. Во Скопје по катастрофалниот земјотрес од 1963 година, благодарение на урбаната утопија (некој вели визија) на Кензо Танге и на останатите светски архитекти, е направен најлошиот спој на традиционалното и современото, како во естетска така и во урбано-функционална смисла. За жал, овие големи архитекти не успеаја да ги почувствуваат духот, историјата, културата и традицијата на македонскиот народ. Со набрзина изградените населби, Скопје стана механички спој на еднолични населби, спој на одвоени и различни светови на етнички, конфесионален и културен план. Едноставно, и преку другите пост-земјотресни објекти, Скопје доживеа модернистички шок кој никако не ја одразуваше мултиетничката, мултикултурната и мултиконфе-

сионалната содржина. Благодарение на тогашната политичка власт, градот загуби поголем број препознатливи објекти и други историски симболи. Тогашната власт е виновна што Скопје и по толку години прилега на започнат, а недовршен проект.

Денешниот изглед на Скопскиот плоштад може да се опише како голема и празна улица потоната во сивило и во студенило, улица на која се насадени десетина канделабри и еден цветен круг, кој се користи само за поставување на Новогодишната елка. Скопскиот плоштад е недовршен, бессодржаен и непрепознатлив простор. Логично, ако ова е заклучокот за денешниот изглед на нашиот Плоштад, се наметнува и прашањето: Дали и понатаму требаше да остане таков? Секако дека крајно време беше некој нешто и да преземе. И наместо да бидеме конструктивни, да укажеме на определени недостатоци, да дадеме свои предлози како треба да изгледа, овој проект беше пречекан како најголемото зло на XXI век. Навистина за чудење и за жалење за себичноста и кусото паметење на сите оние кои се против.

Македонија е мултиетничка и мултиконфесионална држава и тоа никој не го спори. Токму поради ова, проектот и ги отсликува овие карактеристики. На овие простори минале многу цивилизации, народи и култури. Уште од времето на основањето во 13-11 година п.н.е. од страна на Императорот Окатавијан Август, каде што тогашното Скупи било дел од областа Дарданија, свој белег овде оставиле Византијците, Турците, Бугарите, Србите, Австроунгарците и многубројните патници-намерници. Токму поради сите овие влијанија, проектот мора да има разни стилови, кои се составен дел на нашата историја. Оттука, во вода паѓаат сите критики на оваа тема. Аргумент повеќе во контекст на негирање на тврдењата на лидерот на социјалдемократите дека со ова ќе дојде до заострување на меѓуетничките тензии се и големиот број џамии, анови, безистени, турски бањи.., кои се дел од муслиманската традиција и историја, а се на само десетина метри од зацртанитe објекти во проектот. Куќата на Мајка Тереза со сиот свој сјај и архитектонска интригантност е составен дел на централното градско јадро. Сето ова доволно зборува за бесмисленоста и ступидноста на тврдењата дека проектот ќе доведе до моноетничка држава.



Во однос на забелешката за пренатрупаност на голем број објекти, неа можам делумно и да ја прифатам. Сигурен сум дека доколку аргуметирано се укаже на тоа кој објект не се вклопува, или дека е вишок, нема да има пречка тој и да биде исклучен од проектот. И затоа не е потребна таква жестина на нападите.

Црквата која предизвика можеби и најмногу полемики, и дури беше повод да се побара обновување на Бурмали-џамијата врз темелите на поранешната црква, и за мене е непотребно зацртана. Зошто сум против црква на Плоштадот? Да се разбереме однапред, не сум неверник, туку од едноставна причина што на само 100 метри ја имаме прекрасната Свети Димитрија. На само стотина метри имаме 4–5 џамии и оттаму и Бурмали-џамијата е непотребна. На само 600–700 метри е сместена и Католичката црква. Па оттука секое оптоварување на Плоштадот со верски објекти само ќе ја обремени неговата содржина.

Зошто сум за проектот „Скопје 2014“? Од едноставна причина што мислам, и тврдам, дека тој ќе му даде нов дух на градот и ќе имаме облагороден простор. Доколку се реализира онака како што е зацртан, тоа сигурно ќе значи и пополнување на една историска и урбанистичка празнина. Да не го заборавиме функционалниот аспект на проектот кој овозможува работен простор на голем број државни институции кои сега се под кирија. Секако дека тука се и туристичкиот и културниот аспект, преку кои метрополата Скопје повеќе ќе го нема комплексот на Европа.

Сè на сè, господа и госпоѓи противници на идејата за поубаво Скопје, наместо од бес, завист и лутина да ви запенуваат

устите со бесмислени и злобни критики, смирете се и бидете конструктивни. Наместо да го девалвирате трудот на авторите на проектот, дајте позитивен пристап и вклучете се. Наместо политичка дебата дајте стручна, естетска дебата. Дајте подобри предлози. Кажете што пречи. Кажете како предложените објекти подобро да изгледаат, а сите ние ќе се залагаме вашите конструктивни предлози да бидат вградени во проектот.

За поубаво Скопје и за сите нас.

# СЛАВЈАНСКАТА ИНТЕГРАЦИЈА – РЕЛНОСТ ИЛИ УТОПИЈА

ВР-27.02.2010

Заложбите за секојдневна размена на вредностите на морален и духовен план на почетокот од XXI век не треба да претставуваат утопија, а најмалку тешкотија. Оваа комуникација и соработка не значи избегнување или заобиколување на сегашниот реален свет во кој живееме, туку, сосем спротивно, посветеност кон него таков каков што е, со сите негови позитивности и негативности. Денешниот свет се води од тенденцијата за обединување во сите аспекти на животот, а единствен предуслов за остварување на оваа универзална цел е заемно почитување и изучување на културните идентитети на другите народи преку водење отворен и толерантен дијалог, а сè со цел подобро меѓусебно запознавање и почитување.

Светските глобализациски процеси и вклучувањето на поголем број словенски држави во ЕУ ја постави потребата за неопходно зачувување на словенските културни вредности. Денес организаторите на голем број собири врз словенска основа велат дека со нивното организирање настојуваат да дојде до дружење и до ширење на пријателството меѓу словенските држави и нивните народи, односно дека сакаат да промовираат „заедничка словенска култура и јазично наследство“. Организаторите и учесниците на овие словенски собири се децидни дека во ваквите случувања не треба да се бара политика и да се очекуваат политички пораки, затоа што нештата што нè поврзуваат се многу поважни од нештата што нè раздвојуваат. Едноставно, се работи за соработка во областа на културата, на економијата, на спортот, на уметноста и на др. области меѓу луѓето, заради размена на идеи, дружење, меѓусебно подобро запознавање, но не и заради „пансловенската идеја“.

А кога сме кај панславизмот, да кажеме дека тоа е облик на пан-движење кое се појавило на почетокот на XIX век како

романтичен национализам, наспроти ерата на просветителството и рационализммот, а чија цел била културно, религиозно и пред сѐ политичко единство на сите словенски народи. Панславизмот ги изедначувал политичкото единство и суверeноста со расната хомогеност. Остварувањето на таа цел се движела од создавање хомогена држава на Словените до лабава конфедерација, или пак, во најмала рака, само културна размена.

Фикцијата за некаква денешна „словенска унија“ се темели врз класичната комунистичка фобија од Западот и на повторно оживотворување на старите советски структури. Нема сомнение дека враќањето на дирижираниот комунистички модел за носителите на политичка моќ во овие држави што во таков систем се создале, се развиле и се етаблирале, претставува голем предизвик. Но, во тој случај треба да се има предвид фактот дека денес Словените во Европа живеат во повеќе од 13 држави и бројат нешто повеќе од 300 милиони жители.

Наспроти т.н. источен панславизам, денес неоправдано мало внимание му се посветува на т.н западен панславизам. Целта на ова западно и вештачко евро-американско движење е настојувањето словенските народи од Средна и од Југоисточна Европа политички да се организираат против Русија, поранешна светска велесила, а денес сила која се враќа на голема врата на светската политичка, воена и економска сцена. Митот за невидливата и моќна рака на источниот панславизам, создаден наменски во Западна и во Средна Европа, служел и служи како параван за прикривање на сопствените агресивни планови кон балканските Словени, но и кон Русија.

Не само во Европа, туку и во речиси најголемиот број држави во светот, досега не се обраќало некое поголемо внимание на изјавите за „сесловенско братство и единство“ како пандан на „американскиот империјализам и мондијализам“. Објективниот посматрач, лишен од секаков национален занес и романтизам, навраќајќи се во историјата, би можел да каже



дека панславизмот во суштина претставува идеологија на големорускиот империјализам. Токму поради тоа, во минатото политичките елити на Велика Британија, Австро-Унгарија и Турција во текот на втората половина на XIX век, во панславизмот гледале како на едно од најопасните појави и движења. Во овој период прашањето на границите на словенското царство, со или без Русија, се причина за многубројни расправи, кои пак го оневозможуваат единството на сите заинтересирани словенски држави за оваа идеја. Водечката улога на Прусија во Германското Царство од 1871 година наоѓа пандан во барањето на Русија за лидерство над сите словенски држави и народи и во барањето на Србија да има доминантна позиција и улога кај Јужните Словени.

На опасноста од прераснување на рускиот во пансловенски панславизам, укажувал големиот дипломат и филозоф Леонтиев, кој во една полемика ја изрекол познатата реченица „дека словенството постои, но го нема славизмот“. Тој чувствувал дека оваа идеолошка конструкција (копија на пангерманизмот) е штетна како за сите Словени, така и за самите Руси. Леонтиев словенофилскиот романтизам го третирал како идеолошко кукавичино јајце, кое создава само нови поголеми проблеми и забуни.

И идеологот на Студената војна Збигњев Бжежински честопати во своите настапи повторувал дека Русија е центар на Словените и дека обновување на словенската цивилизација не е можно без обединување на словенските народи и токму поради тоа по секоја цена требало да се спречи обединувањето на Русија, Украина и Белорусија. Истиот тој Бжежински во деведесеттите години на минатиот век јавно се залагал за создавање антируски појас меѓу ЕУ и Русија, во чие создавање ќе учествуваат балтичките држави Естонија, Летонија и Латвија, како и Белорусија, Грузија и Украина. Тој концепт е познат како опколување на Русија во т.н. „стратешки клешти“ сѐ заради оневозможување на сите обиди за сесловенско обедину-

вање. Причина повеќе за ваквото американско размислување е и историското искуство на словенството кое јасно покажува дека во минатите времиња, кога словенските народи настапувале единствено, тие едноставно биле непобедливи и доминантни на политичката сцена.

Наспроти, тоа, внатрешните немири, разединетоста, недовербата и личните амбиции на лидерите, довеле до пораз на идеите за обединување на словенските народи. За да стане Русија „вистински центар" на единство на Словените, таа мора да го промени својот однос кон Запад и кон католицизмот (со што на општо задоволство ќе го реши проблемот со Полјаците и со другите словенски народи со католичка вероисповед, т.н. Западни Словени).

Базичното тврдење дека панславизмот во минатото бил доста силна идеја и движење, денес е доведен под сомневање. Имено, во многу словенски држави, панславизмот и словенофилството биле дестимулирани поради стравот дека таквите идеи ова движење би можело да го претворат во русофилство. Благодарение на тоа, словенофилството во некои словенски држави како противтежа секогаш имало русофобија. Таа русофобија во некои словенски земји денес е речиси потисната, но сепак во некои држави, како на пример Полска и балтичките држави, и денес е присутна, иако не до таа мера како што беше до пред десетина години.

Идејата за словенофилство или панславизам денес е доста потрезвена отколку во минатите години, децении и векови. Денес речиси никој кога ќе го спомене зборот панславизам не подрзабира создавање една единствена словенска држава или федерација, или пак унија или воен пакт на словенските држави. Зошто доаѓа до промена на ставот од минатото? Одговорот е од една мошне едноставна причина – затоа што сите словенски држави својата сувереност ја платиле доста скапо за да можат неа толку евтино да ја продадат.

Денес сите словенски, суверени и независни држави се подготвени својата независност и сувереност да ја бранат до



крајните граници на својот потенцијал, што е сосема нормално и разбирливо. На секоја словенска држава ѝ е апсолутно потребна нејзината сувереност за да може со сиот свој сјај да светне во светот и да биде рамноправен партнер во градењето на денешниот свет. Во таа смисла, секоја унитаристичка идеја за панславизмот е однапред осудена на пропаст. Овој факт претставува битен квалитет и показател од кој може да се развива една нова специфична, квалитетна и современа идеја за словенска интеграција во XXI век.

Денешната словенска интеграција, или т.н. современ панславизам, по урнекот на ЕУ, може да биде идеја за слободно движење на стока, луѓе, идеи, култура и друго меѓу словенските земји. Добар пример за одлични односи меѓу две словенски држави, со уважување на различните патишта по кои одат, се односите меѓу Хрватска и Русија. Иако Хрватска, посветено, со крупни чекори се движи кон евроатлантските интеграции, а Русија кон повторно втемелување на државата како светска велесила, тоа не е причина за несоработка во многу области меѓу нив.

Спогодбата за слободна, бесцаринска трговија на земјите од Југоисточна Европа е значаен чекор за релаксирање на отворените прашања меѓу словенските држави, пред сè на Балканот, а и пошироко. Кога реално отворените прашања ќе се затворат, кога посилно ќе се придвижат економската и културната соработка, тоа ќе биде солидна основа за добрите односи на сите словенски држави. Едноставно кажано, панславизмот денес се одликува со подобрена културна, комуникациска, економска и политичка соработка. Идејата на современиот панславизам, или проблемите на кои се наидува при обидите за една современа словенска интеграција од сите нејзини вљубеници и етузијасти, ја наметнува задачата да се пронајдат такви механизми кои во иднина ќе овозможат затворање на сите отворени прашања, механизми кои ќе го спречат секое недоразбирање и евентуален воен конфликт меѓу нив.

Овие предуслови му се блиски на секој мирољубив човек, вклучувајќи ги тука дури и најголемите противници на панславизмот – мирот, културата, цивилизациското однесување, мирно решение на кризните ситуации, силен економски развој – тоа се работи кои одат во прилог на панславизмот на постмодерната епоха. Таквиот панславизам не е закана ниту опасност, туку голема шанса за секој од нас и е во интерес на земјите од ЕУ.

ВР-06.03.2010

## Македонското високо образование пред нови предизвици
# НАГОРЕ ВИСОКО, НАДОЛУ... КАЛ

Високото образование во Република Македонија е долги години еден од сегментите оставен на маргините на реформите во државата, намалувајќи ја на тој начин неговата квалитативна еквивалентност со европските и светските високообразовни искуства. Оваа област почна да се трансформира само под влијание на времето и ентузијазмот за промени, манифестиран од поединци и институции дури во изминатите четири до пет години. Во 2003 година, со потпишувањето на придружните документи на Болоњската декларација, Република Македонија му се придружи на европското семејство во доменот на високото образование. Со тоа се презедоа обврски до 2010 година да се реформира системот на високото образование според принципите на Болоњската декларација. За жал, системските промени во високото образование во Република Македонија се интензивираа дури по донесувањето на новиот Закон за високото образование во март 2008 година. Овој lex specialis требаше да го поттикне остварувањето на новиот концепт на високото образование кој, пак, требаше да кореспондира со развиените високообразовни европски системи. Основната идеја на промените беше да се постави студентот како субјект во центарот на наставно-образовниот процес, односно да направиме пресврт кој може да се искаже како ориентација за преобразба на образовниот процес од давање, претежно, позитивистички знаења, во процес на перманентно учење. Оваа идеја, исто така, се темели и на воведувањето нов начин, односно нова технологија за стекнување знаење преку флексибилно образование, приспособливо на неговите потреби, лични способности и амбиции.

Колку успеавме во реализацијата на овие заложби? Одговорот е – делумно. Во Република Македонија, по последниве седум години, имаме експанзија на класичното либерално високо образование, придружено со отворање голем број државни и приватни високообразовни институции. Сепак, сè уште недостигаат универзитети што ќе нудат софистицирано техничко и технолошко образование, како и соодветно професионално и менаџерско образование – токму она есенцијално знаење што ќе биде зародок на идниот креативен капитал на Македонија. Од друга страна, недостигот на кохабитација меѓу институциите на високото образование и бизнис-заедницата, резултира со тоа што некои студиски програми на високообразовни институции и натаму постојат „сами за себе“, без никаква врска со реалноста околу нив. Се добива впечаток дека тие им служат само на ангажираните професори во нив, привид дека се формирани исклучиво за „креирање“ работни места.

Секој универзитет и факултет-универзитет треба објективно да се позиционира на скалата на квалитетот, онаму каде што реално припаѓа, и со постојан стремеж да се бори за натамошно подобрување на квалитетот. Во спротивно, осуден е да пропадне. Во Македонија, за жал, сè уште не постои систем на вреднување на квалитетот на студиите. Системот на вреднување им дава можност на идните студенти да изберат студии на факултети што ќе им гарантираат побрзо вработување, кои ќе бидат ценети и барани на пазарот на трудот. Патот до толку посакуваната диплома е речиси секаде ист, но не според критериумите на квалитет, туку според насловот на дипломата и звањето. Во таа насока, на универзитетите во најкраток можен рок мора да почне и процесот на оценување на квалитетот на студиите, пред сè преку екстерна евалуација од независни експерти и агенции.

Во овој контекст, не може а да не се спомене и финансирањето, болната точка во функционирањето на членките на универзитетите. Се чини дека овој сегмент излезе од колосек, што доведе до тоа секој факултет да формира сопствена „цена на чинење“ на студиите. Критериум, повторно, е атрактивноста, иако државата ја одигра својата улога на најдобар можен начин – студентите покриваат дел од трошоците на студирањето, а факултетите се полуавтономни во поглед на нивниот број. Но, тука раководните универзитетски „елити“ паднаа на испитот поради различниот аршин што го имаат кон своите универзитетски членки. За едни станаа мајка, а за други маќеа (со чесни исклучоци). Овие „елити“ по секоја цена настојуваат факултетските раководства да бидат, или да им станат послушници, а доколку во комисиите за јавни набавки успеат да стават свои луѓе – тоа е бинго. Целта е постигната до крајот на мандатот. Никој веќе не го поставува прашањето за квалитетот на студиите, за материјалните можности на факултетите, за платите на професорите, за студентот како субјект на образовниот процес. Едноставно, ги интересира само парчето колач што треба да го добијат од своите членки-факултети и, се разбира, нивните дебели хонорари и аванси. На ова се надоврзува и нивната надменост, чувството за недопирливост и летот во облаци без крилја, заборавајќи дека времето мине, а мандатот е при крај. Во вакви околности, тешко може да се пресмета реалната цена на студирањето на студентот, а за квалитетот речиси и да не се расправа. А сето тоа доведува до неповолна состојба од аспект на целите на Болоњскиот процес.

Каква е политиката на развојот на високото образование во Република Македонија, не е тешко да се претпостави – имајќи предвид дека последниве години не е изграден реално одржлив концепт за развој. Дали државата свесно ја одигра улогата на лош играч преку уривање на критериумите за квалитетно студирање, скусување на неопходните финансиски средства за нормална работа и, најпосле, принудно гаснење на оние делови што не се во можност да ја извршуваат дејноста за која се формирани? Доколку продолжи кадровското осакатување на одделни студиски групи и факултети, прашање на ден е кога тие институции ќе згаснат. За тоа, се разбира, има и разбирливи причини, но студентите ќе бидат принудени да

студираат под тие, за нив крајно непогодни околности, а за тоа нема да има никакви оправдувања од страна на државата и на универзитететите.

Од друга страна Владата во изминатиот период спроведе голем број мерки и проекти за подобрување на квалитетот на образованието и на студентскиот живот. Пред сè, буџетските средства за образованието се зголемени од 3,5 на приближно 6% од БДП, што е над просекот на земјите од ЕУ и ОЕЦД. Во оваа учебна година значително е зголемен бројот на запишани студенти на државните универзитети, посебно на техничките и на информатичките науки. Во наредните неколку години Владата на Република Македонија во областа на високото образование во Република Македонија ќе треба да изврши усогласување на постојните и да воведе нови нормативи и стандарди во високото образование, кои ќе бидат компатибилни со европските. Најитно мора да изнајде начин да го ревитализира наставниот кадар на државните универзитети, односно да овозможи прием на млади доктори на науки и во тој контекст да влијае за зајакнување на мобилноста на наставниот кадар на универзитетите (без разлика дали се државни или приватни). Други приоритети и задачи би биле: осовременување на концептот и строго почитување на стандардите за основање и за акредитација на нови високообразовни институции, преиспитување на потребата од нивно мултиплицирање, обезбедување гаранција за квалитетот на високото образование преку развивање систем за интерна и за екстерна евалуација по пат на споредливи критериуми и развиена методологија, воведување нов начин, нова технологија за стекнување знаење или флексибилно образование, приспособливо на студентските потреби и нивните лични способности и амбиции и др.

Ова се само еден мал дел од препораките за кои сметам дека во голем дел ќе придонесат за подобрување и за подигање на квалитетот на високото образование во Република Македонија, како и за негово побрзо усогласување со процесите што ни ги наметнува Болоњската декларација. Ние, професорите, сме цврсто определени да станеме дел од таквиот европски процес, што неизбежно подразбира и отстранување на пречките за успешно негово одвивање. Овде, повторно, мислам на грешките на водечкиот универзитетски „естаблишмент“. Лекот за него е веќе познат – по жолтиот, доаѓа црвен картон...

## НЕООСМАНЛИЗАМ

ВР-13.03.2010

Резолуцијата за извршениот геноцид на Ерменците усвоена од страна на Комитетот за надворешна политика на Претставничкиот дом на американскиот Конгрес ги заостри односите и предизвика моментална криза во добрите американско-турски односи. Резолуцијата нема некое поголемо практично значење, бидејќи е необрзувачка и прашање е дали таа ќе биде ставена на дневен ред на Претставничкиот дом. Оваа Резолуција, која по третпат ја изгласува Комитетот, изгласана е со тесно мнозинство од 23:22 и се однесува на масовното убивање на христијанските Ерменци (околу 1,5 милион), од страна на Турците-муслимани во периодот на распаѓањето на Отоманската Империја 1915-1916 г. Првпат иста ваква Резолуција усвоена е во времето на Бил Клинтон. Вториот обид е во 2007 г., кога Резолуцијата е изгласана со многу поголемо мнозинство отколку сегашнава, и таа не била ставена на дневен ред на Претставничкиот дом поради силното лобирање на администрацијата на Џорџ Буш. Се претпоставува дека по острата реакција на Турција, и оваа Резолуција ја очекува слична судбина како и при првиот обид за нејзиното изгласување. Инаку, досега повеќе од 20 држави, меѓу кои се Франција и Кина, имаат донесено слични документи со кои го осудиле овој геноцид. Заплетот и заладувањето на американско-турските односи се чини дека доаѓа во незгодно време, и тоа токму поради тоа што на Вашингтон му е повеќе од потребна кооперативноста на Анкара во Советот за безбедност на Обединетите нации, каде што Турција во моментов е непостојана членка. Потребата од поддршка им е потребна на САД и заради изгласување санкции спрема Иран поради спроведувањето на нуклеарната програма. Од друга страна, на турска територија се наоѓа клучната американска база за водење воени операции во Ирак и во Авганистан. И затоа сите досегашни американски влади, вклучувајќи ја и оваа на Барак Обама, поради ова биле принудени да балансираат меѓу принципите и прагматизмот.

Познавачите на американската политика велат дека донесувањето на Резолуцијата била очекувано нешто, бидејќи на претседателот на Комитетот за надворешна политика Хауард Берман гласовите на ерменската дијаспора во неговата изборна единица во Лос Анџелес му се повеќе од потребни, иако јавно тој се повикува на „моралната обврска“ на САД да го осудат овој чин, бидејќи тие се лидери во светот во промоцијата и во заштитата на човековите права и слободи. Од друга страна, треба да се потсетиме и на зборовите на Барак Обама во текот на изборната кампања, кога јавно вети дека ќе ги признае убиствата на Ерменците како геноцид. Донесувањето на Резолуцијата исто така ги разбранува и духовите во воеиноиндустрискиот комплекс, бидејќи големите „Локид Мартин“, „Боинг“, „Нортоп“ и др. ја снабдуваат со оружје турската армија, која е втора по големина во НАТО алијансата.

Меѓутоа, се чини дека приказната има и друга страна. Донесувањето на Резолуцијата има и една друга скриена цел, а според мое убедување – тоа е отрезнувањето на Турците од еуфоријата со нивната нова надворешна политика која многумина политолози ја нарекоа неоосманлизам, односно неоотоманизам. Имено, оваа нова надворешна политика на Турција во мај 2009 година ја објави нејзиниот креатор и министер за надворшени работи, професорот Ахмет Давитоглу. Неоосманлизмот се заснова врз една комплексна макроидеолошка платформа, според која денешна Турција, како легитимна цивилизациска наследничка, треба да го реафирмира целокупното духовно, културно и политичко наследство на Османлиската Империја. Целта е во една нова идна прераспределба на светската моќ и влијание, Турција да си го обезбеди своето место и делотворно да ја одигра улогата на глобално значаен меѓународен фактор.

Што претставува терминот неоосманлизам во моментов, не може јасно да се дефинира. Аналитичарите велат дека тоа е еден идеолошки амалгам од исламизам, турцизам и османлиски империјализам. Неоосманлиската надворешна политика можеби е само највидлив хоризонт за реализација на комплексната матрица, што истовремено е духовна, идеолошка, стопанска и политичка. Со оваа доктрина на професорот Давитоглу, дефинитивно се напуштаат начелата и практиката на воздржаната надворешна политика на таткото на нацијата Ататурк, чие мото беше „мир во земјата, мир во светот". Значи, се напушти она „старомодно" сфаќање за немешање во внатрешните работи на другите земји и отстапување од какви било претензии за регионална доминација. Главни протагонисти на неоосманлизмот не се политичари кои му припаѓаат на урбаното истанбулско миље, туку политичари чие потекло е од Анадолија. Тоа се исламисти со конзервативна идеологија, а за нивно седиште се смета Бијкен универзитетот, каде што Давидоглу долги години бил шеф на Катедрата за меѓународни односи.

Оваа доктрина не е суштински нова, туку таа е заокружена современа програма за операционализација на неоосманлиската надворешна политика, усогласена со изменетиот меѓународен политички момент. За потсетување, во текот на последниве десетина години во Туција постојано се води една тивка војна меѓу кемалистичката и исламистичката идеологија. Привржаниците на втората сметаат дека исламистичката идеологија има поголеми предности над кемалистичката и може да биде реална алтернатива на прозападната политика и организација на државата. Неоосманлиската доктрина Ахмет Давитоглу првпат ја промовира во 2001 година, во својата книга „Стратегиска длабина". Според него, Турција поседува потенцијал на стратегиска длабочина, како наследник на историјата и на географијата на Отоманската Империја, која на централниот евроазиски геополитички простор со векои била епицентар на случувањата. Со оглед на таа своја географска и историска длабочина, Турција не смее да дозволи да има периферна улога во контекст на најважните светски настани. Наместо епизодист, таа треба да биде протагонист на меѓународната политичка сцена поради компаративните предности, односно поради поливалентниот карактер во културна, економска и геополитичка смисла.



Новата неоосманлистичката надворешна политика се операционализира преку неколку приоритети. Најнапред, тоа е активното поставување на односите со сите соседи. Во тој контекст, би требало да се решат сите проблеми кои постојат во нив, а кои на кој било начин ги оптоваруваат билатералните односи и кои го ограничуваат маневарскиот простор на турската политика на регионален и на глобален план. Едноставно речено, сите проблеми со соседите треба да се сведат на нула. Втората карактеристика е мултидимензионалноста, односно диверзификацијата. Ова значи дека Турција во иднина треба да се ослободи од постојаната зависност од еден релевантно планетарен параматар. Во тој контекст, турските политичари и турската влада треба што е можно побрзо да ја релативизираат цврстата поврзаност со САД и со НАТО, а Турција повеќе да се отвори кон Русија и кон Кина, со декларативно одржување на евроинтеграцискиот ентузијазам. Трета карактеристика е сè поголемото присуство на Турција на Балканот и сè потранспаретнтата поддршка на муслиманите кои живеат на овој простор, односно еден нов настап и промоција на империјална моќ по 100 години. За некои, ова е политички сентимент, додека за други е империјална аспирација.

И, на крајот, не смееме да ги заборавиме и постојаните изјави на Давитоглу дека Турција не може да ја стопира иранската нуклеарна програма во која не гледа ништо лошо, како и да се откаже од долгогодишното пријателство со Израел и да се приклони кон Палестина, потоа зацврстувањето на односите меѓу Турција, Сирија и Јордан, кои се и причина повеќе САД, по неколкугодишна полуизолација на Сирија, повторно да ги обноват своите односи. Сè досега, САД ја сметаа Сирија

за држава која го поддржува тероризмот. На ова се надоврзува и договорот за приклучување на Турција кон изградбата на гасоводот Јужниот поток и негово поминување преку турска територија и снабдувањето на Турција со руски гас по најпривилегирана цена.

Судејќи по сè, Турција не може и понатаму да се смета за главен извршител на американските интереси на Блискиот Исток. Таа сè повеќе води своја сопствена независна политика. Согледувајќи ја оваа промена на турската политика, се чини дека американските стратези решија малку да ја спуштат Турција на земја. Останува во деновиве пред нас да ги видиме и следните чекори по отповикувањето на турскиот амбасадор од Вашингтон по усвоената Резолуција. По сè изгледа дека поголемиот брат нема да да дозволи помалиот брат лесно да скршне од заедничкиот колосек.

## Како ја надминуваме економската криза ГЕТ – РИЧ – КВИК

ВР-20.03.2010

Поговорката „Кој еднаш се изгорел, и на ладно дува", во Македонија не важи. Дел од изгорените, повеќе од дваесетина илјади Македонци, се лизнаа и по втор (или којзнае по кој) пат, и тоа, за жал, на истите или слични плочки како оние на Широк сокак. Во неколку македонски градови неколкупати досега во последниве петаесетина години ТАТнеше од лелеци на измамени граѓани. Петмина, половина милион евра, десетмина дванаесет милиони евра итн..! За несреќа на веќе измамените, но за среќа на новите „пациенти", некои беа навреме откриени, без можност нивната шема да метастазира како пред петнаесетина години.

Се обидувам да навлезам во генезата на ова зло, а притоа да не ги навредам чувствата на оние кои веќе го видоа Господ, олицетворен во ликот на Тутанкамон, оние најзасегнатите. Генезата на синдромот наречен – лесни и брзи пари.

Со години наназад, низ балканскиот етер се шири една виртуелна стопанска дејност, паралелна со институционалните, неоданочена, латентна во сите нејзини форми, дејност најчесто нарекувана КРУГ. Убеден сум дека нема Македонец кој на овој или на оној начин не запливал во него, или барем не му била понудена бесплатна влезница. Малкумина одолеале на предизвикот и привилегијата што Кругот ја носи со себе – да се пробудите богат, со чисти раце, а со државата да си немате работа!? А сè почнува вака...

Ви доаѓа пријател или роднина, дома, на работа, на улица, и ви објаснува дека има решение за вашата финансиска криза. Ви објаснува дека тој е веќе внатре, во „кругот", и ви нуди и вие да влезете. Како? Уплаќате определена сума на „гранката" на вашиот човек, потоа вие наоѓате други 5-6 пациенти кои ќе уплатат исто толку на вашата гранка и сè така, во круг, до недоглед. По пирамидалниот принцип, за месец-два на ваша

сметка ќе се слеат десетина пати повеќе пари од вложените. Се фалите, правите есап.

Може и вака: „Обичните“ банки нудат каматна стапка за вашиот штеден влог од 7 проценти на годишно ниво, а некои „нови“ банкари ќе ви понудат 70 проценти, со тоа што ќе ги ополномоштите вашите пари да ги „завртат“ во некои „сигурни“ инвестиции. Штом кругот се затвори, парите се ваши. Задоволно ги триете рацете, ја трошите заработката.

Слушнав и за ова: Го заложувате целиот ваш имот в банка – куќа, стан, нива... подигате кредит и парите што побргу ги ставате на берза. А на неа, пустата, како и во секоја тазе држава, индексите растат како улави, по 300% месечно (некогаш и дневно...). Брокерот ќе ви ги сврти два-три пати парите и од кругот излегувате екстремно богат.

А во светот може и вака: Вашето име е Бернард Мадоф и вие сте најпознат светски брокер, ветеран на Вол стрит. Ваши клиенти се најпознати банки, институции, поединци. Ја стекнувате довербата на најголемите швајцарски банки, ги застапувате Сантандер, Аби и Парибас банките, а ваш верник е и Стивен Спилберг, меѓу другите. Приказната е иста – за разлика од останатите американски банки, овој брокер нуди енормно побрзо оплодување на вашиот капитал преку наменски инвестиции, повторно во круг. Молчите да не дознаат и другите за Бернард, онака себично, карактерно човечки.

А сè завршува вака: Заспивате богат, се будите посиромав од кога било. Како кула од карти се урива виртуелната пирамида во чија изградба сте учествувале. Сега оние скромни, вредни работници, кои останаа индолентни на кругот и кои веруваа само во својот труд, се побогати од сите јавачи на апокалипсата. Дури и да реши државата, за сметка на буџетот, од заедничкиот куп да ги обесштети измамените за нивниот авантуризам во трката за лесни пари, „малите“ и скромни луѓе ќе преживеат. И духовно (како секогаш), но сега и реално финансиски.

Инаку, сторијата за пирамидите и круговите не е од вчера. Датира од почетокот на дваесеттиот век, кога во јули 1920



година весникот „Тајмс“ објавува напис за измама на извесен Чарлс Понзи, од Бостон, кој од релативно сиромав за кратко време станал милионер, со имот од близу 1,7 милиони долари. Суштината била повторно иста – „неодолива понуда“, зад која стоел слоганот „гет-рич-квик“. Волшебникот за пари исплаќал камати од 30 до 500 отсто од вложеното, и тоа за брз инвестициски циклус од 3 до 6 недели, постапка подоцна позната како „шемата на Понзи“. Парите на лекоумните ги инвестирал во интернационални купони, бизниси со тогаш евтиниот дијамант во Италија, во обврзници и слично. Неговата дрскост одела дотаму што во весниците ги најавувал своите планови со денови однапред, а тогаш престижните компании „војувале“ кој побргу да му ги предаде парите за инсеминација. Кога е уапсен, неговата измама е проценета на тогашни 2,5 милиони долари. Пуштен е да се брани од слобода со кауција од 5 000 долари. Кога судијата го прашал: „Дали вашата единствена работа беше да собирате пари, да се издаде една признаница и по 3 месеци да ги вратите парите со камата?“, Понзи едноставно одговорил „Да“. Тој бил осуден на 5 години затвор, но излегол по третата година. „Во мојот џеб имав вкупно два и пол долари и милион долари надеж во моето срце. Оваа надеж никогаш не ме остави“, ќе му изјави Чарлс Понзи на еден новинар на „Њујорк тајмс“ во 1920 година.

Не случајно ја споменувам висината на кауцијата. Господинот Бернард Мадоф, актерот на последниот финансиски скандал во Америка тежок повеќе од 50 милијарди долари (!!!), по апсењето набрзо се најде на слобода со гаранција од 10 милиони долари, за него дневен џепарлак. А само во првите 24 часа имало 4 самоубиства меѓу неговите „инвеститори“. Во текот на судскиот процес, Мадоф призна вина по 11 точки од обвинението, меѓу кои измама, прекршување на заклетва, перење пари и кражба. Беше осуден на 150 години затвор. Судијата нареди Мадоф дополнително да плати обештетување од 170 милијарди долари поради незаконско придобивање средства, а на неговата сопруга и беше одземен имотот вреден 85 ми-

лиони долари. Оттогаш тој е в затвор, далеку од комфорот на луксузниот апартман во Менхетн.

А како е кај нас? Осудениот фронтмен на првата македонска пирамида за скандалот тежок (колку што ме држи сеќавањето) 110 милиони германски марки, од осум отслужи две до три години затворска казна. Градежните прирамиди на кои им кумуваа и некои скопски градоначалници застанаа таму каде што и почнаа со истрагата. Малите играчи добија неколку години затвор, а нивните главни помагатели (повторно мислам на градоначалниците) или сега уживаат во својот дел што го добија од измамените граѓани, или пак за награда добија високи позиции во структурата на власта. Еден од нив дури треба да го проверува законитото работење на високообразовите институции.!! И, за чудо, читам и слушам дека и други фронтмени на некои од македонските пирамиди сè уште се „инвестиционо активни“. Апсурд до апсурд што го има само кај нас. И тогаш и сега лесните пари реинкарнираа во самоубиства, инфаркти, растурени бракови и семејства... А измамените од македонскиве приказни, покрај тоа што останаа со празни џебови и со прстот в уста, денес сè почесто се клукаат со дијазепам, скоприл, енап и други лекарства, со кои се обидуваат да ги намалат последиците од непромислените авантури.

Ова колку да ни стане јасно дека зад сите лесни пари стои тежок пораз, а нивните промотори минуваат слабо, или воопшто неказнети. Иако звучи како популизам, како флоскула, сепак само пирамиди изградени со пот и труд имаат трајна и реална вредност. Сè друго е ветар и магла...

## 100-ВАТНАТА ГЛУПОСТ НА БРИСЕЛ

ВР-27.03.2010

Се сеќава ли некој на 1 септември 2009 година? На тој ден ЕУ потклекна под силниот притисок и невиденото лобирање на холандскиот „Филипс“ и германскиот „Сименс“. Од 1 септември 2009 година, класичните светилки (популарно наречени светилки круши) во ЕУ почнаа да се заменуваат со нови живини светилки, за кои многумина експерти се изјаснија дека се токсични. Според препораките на Европската комисија, производството и употребата на традиционалните светилки круши ќе биде прекратена до септември 2012 година. Забраната за продавање на овој производ исто така постепено ќе биде донесувана до оваа дата. Или, поточно речено: забраната за светилките со моќност од 100 вати започна кон крајот на септември 2009 година, 75-ватните светилки ќе може да се купат до крајот на септември 2010 год., а 60-ватните светилки до крајот на септември 2011 година. Или, резимирано, сите традиционални светилки круши ќе се укинат до крајот на септември 2012 година, а сите халогени ламби од типот *Ц* и повисок тип до крајот на септември 2016 година.

Пронаоѓањето и производството на традиционалните електрични (т.н. Едисонови) светилки е едно од најголемите достигнувања на науката, но истовремено и еден од најголемите споменици на светската култура. По само неколку години, новите генерации деца при посетата на музеите нив ќе ги гледат само како експонати каде што по некој кустос ќе им објаснува зошто и кога сме ги користеле. Ќе им објаснува дека тоа е првата победа на светлината над темнината, победа на човекот над природата.

Забраната за употребата на традиционалните светилки беше донесена минатата година зад затворени врати, без одржување пленарна седница, од страна на Комисијата на Европарламентот за заштина на животната средина.

Критичарите на оваа забрана велат дека традиционалните светилки круши со својот спектар на бои што го шират кога светат, во целост ја заменуваат дневната сончева светлина, а додека новите живини и токсични светилки имаат син одблесок, кој е студен и непријатен за луѓето и негативно влијае на човековото расположение. Седење повеќе од половина час под такво светло во вечерно време доведува до проблеми со заспивањето и до нарушување на сонот.

Од друга страна, Европејците се жалат и на цената на новите светилки. Тие чинат од 7 па дури и до 15 евра, за разлика од старите, кои се продаваа само по цена од 0,50 евра. Еврофункционерите овој дополнителен товар за домашниот буџет го оправдуваат со штедењето на енергијата, како и со фактот дека новите светилки имаа рок на употреба од 8 до 10 години, што е многу повеќе од традиционалните светилки. Кај традиционалните (Едисонови) светилки голем дел од струјата пропаѓа преку емитирањето топлина и само 5% од енергијата се претвора во светлина, додека кај новите компактни штедливи светилки тој процент достигнува до 25 отсто. Вредните евростатистичари пресметале дека од целокупнта енергија на Европа, само 10% отпаѓаат на осветление. Односно, ако, на пример, ако едно четиричлено семејство за струја просечно во текот на еден месец издвојува, да речеме, некаде околу 120 евра, тогаш на осветление отпаѓаат околу 12 евра. И сега доколку ги смените дома сите светилки со нови компактни, чија заштеда на струја оди до 20 проценти, од 10-те проценти од целата потрошена електична енергија што оди само на осветление – ќе заштедите само 2,4 евра. Ќе речете, па ова и не е малку на подолг рок. Но, доколку дома имате најмалку 15 светилки, сметајте дека во текот на годината, најмалку, сакале или не сакале, ќе прегорат 3–4 светилки. И доколку тоа го помножите со нивната цена до 7–15 евра, сепак издатоците драстично се зголемуваат и удираат по џебот на граѓанинот. Но, сепак, најважно од сè е бледата светлина што ја даваат овие нови светилки, како и нивната штетност по здравјето на луѓето, поради



присуството на тешкиот метал жива (2–3 милиграма) во нив. Стручните лица одат дотаму што велат дека новите светилки предизвикуваат депресија и имаат зголемено електромагнетно зрачење.

Од трета страна, критичарите велат дека процентот на жива во нив е доста поголем од она што го пишуваат и го даваат како гаранција големите прозводители „Филипс“ и „Осрам“. Тие потсетуваат да се прочита брошурата на „Филипс“, во која се вели дека во случај на прскање на една таква светилка, просторијата мора да се проветрува најмалку 30-тина минути, а остатоците од светилката треба добро да се завиткаат во специјална пластмасова торбичка, што јасно укажува дека се работи за отпадоци со специјален карактер, со кои мора посебно да се постапува. Поради живата што ја содржат, тие сериозно ги загрижуваат екологистите, поради тоа што со нивно исфрлање на депониите лесно може да се најдат и во синџирот на исхраната. Затоа се јавува проблем што да се прави со нив кога ќе прегорат, бидејќи нивната рециклажа не е евтина и се движи од 15 до 30 евроценти по светилка. Исто така, за производство на новите светилки треба да се потроши повеќе енергија за разлика од прозводството на старите, и со ништо нема да се намали испуштањето на $CO_2$ во атмосферата, иако првично се зборуваше за намалување на испуштањето на околу 15 милиони тони $CO_2$.

И сега, на крајот, нормално е да се постави прашањето зошто се прави сето ова? Објаснувањето за мене и за луѓето од кои ја добив оваа информација, е навистина едноставно и просто. Профитот и само профитот. Целокупното светско прозводство на светилки е всушност монопол на две големи фирми – „Филипс“ и „Осрам“. Се чини дека овие два големи производитела одлуката на ЕУ не ги најде неподготвени. „Осрам“ уште во текот на 1985 година, при рекламирањето на новите генерации штедливи светилки, го користел слоганот „Жал ни е, г-дине Едисон“. Во меѓувреме, истата фирма речиси целосно го напуштила прозводството на традицио-

налните светилки, па така минатата година во целокупниот обрт на оваа фирма класичните сцетилки учествувале само со скромни 5%. Овие два погоре споменати монопола успеаја, со изнасилената употреба на овие нови компактно штедливи светилки и профитот што ќе го остварат од нивната задолжителна употреба, да го покријат нерентабилното работење на новите прозводстцени програми за производство на светилки со т.н. ЛЕД технологија, која е неминовност во блиска иднина. Испитувањата на прототипот на најновите светилки засновани врз лед-технологијата покажуваат дека тие трошат 12 пати помалку енергија, не содржат жива, не се загреваат и мошне се мали. Но, за сето тоа се потребни дополнителни испитувања и многи пари.

А дотогаш, додека не почнеме и нив да ги употребуваме, внимавајте да не заборавите да ги изгаснете светилките. Наместо свински, внимавајте да не добиете светилкин грип.

## КРАТЕОМАНСКА В.Д. ПАРАНОЈА

ВР-10.04.2010

**„Она за што некој е свесен, успева да го држи под контрола. Она за што некој не е свесен – тоа него го држи под контрола“**

Социјалната психологија, поимот „група“ го дефинира како збир на луѓе кои имаат заедничка цел, луѓе меѓусебно интерактивни, изразено кохезивни, со прецизни улоги и норми на комуникациска структура, моќ, власт и лидерство. Еден од водачите на француската револуција, Луј де Сен Жист (Louis de Saint Juste), теоријата на групите ја дополнува со изреката дека секоја власт корумпира. Англискиот историчар, лордот (Актон) Acton, оди и подалеку – дефинирајќи ги групите, ја надополнил изреката на Луј со зборовите – „апсолутната власт – апсолутно корумпира“. Овие две изреки стануваат синоним на феноменот „цезаризам“, кој со време прераснува во суштинска психосоцијална карактеристика на денешните лидери. Карактеристика што, за жал, ја прифатија и подолните ешалони на лидерскиот естаблишмент.

Феноменот на цезаризам своето име го добил по Гај Јулиј Цезар (102–44 п.н.е), кога заедно со Помпеј и Крас, го организирал првиот триумвират во стариот Рим, со цел да го соборат Сенатот. Крас набрзо умрел, а Цезар започнал војна против Помпеј. Војувал сè додека не го победил. Во историјата, вакви познати големи историски „цезари“ биле Август, Робеспјер, Наполеон, Сталин, Хитлер и др. Во сите случаи, кај нив била присутна владетелската, кратеоманска параноја, задолжително следена со – чистки. Самиот поим „цезаризам“ објаснува појава кога некој лидер (не се мисли само на лидер во политичка смисла, туку малку пошироко, како прв човек на една институција, група и др.) по победата на неговата опција или идеја, започнува да се однесува како автократ и сето тоа се обидува да

го прикрие со некоја демократско-демагошка фасада. Набрзо потоа се појавуваат и првите симптоми на кратеоманската параноја, што каде „цезарот“ почнува да ги прогонува на разни начини своите соработници и да работи за штета на другите.

Со оглед на фактот што се чувствува како сезнајко, како незаменлива и безгрешна личност, кај цезарот, во наплив на кратеоманска параноја (од грчки, кратео – владеам), се јавуваат нагон и параноични идеи за прогон. Во свеста на цезарот ова најчесто изгледа вака: јас сум сезнајко, непогрешлив и незаменлив сум. Поради тоа сите ме мразат. Најмногу моите соработници од завист и желба да ми опонираат. Токму поради тоа, без оглед на нивните ситни заслуги, тие, помалите, сега ме загрозуваат и затоа јас морам нив да ги тргнам подалеку од мене. Во една таква психичка состојба, во главата на цезарот се раѓа потребата за прогон на своите довчерашни, најблиски соработници, другари и пријатели. Чистката, или елиминацијата, на соработниците се одвива во неколку фази. Се започнува со **игнорирање,** како најблага форма на ликвидација. Довчерашните соработници се „убиваат“ со молчење. Едноставно, лидерот не им дава никаква задача и настојува да ги анонимизира. Второто средство е **остракизмот** (отстранување од заедницата, колективот, организацијата...), најчесто изразен преку работен ангажман надвор од институцијата. Целта е повторно иста – „потчинетиот“ да не биде во близина и да нема никаква социјална и друга моќ. Третиот начин е **дифамацијата** – префинета постапка следена со озборување и изнесување лаги и полувистини со која непосакуваниот соработник се прикажува во најдолно светло. Четвртиот и најдрастичен начин е **ликвидацијата**, задирање во физичкиот интегритет на личноста. Преку кривична пријава, на пример, се настојува противникот и довчерашниот соработник, пријател или колега, да се лиши од слобода или „барем“ да остане без работа, без моќ, без средства за егзистенција.

Од денешен аспект, појавата на цезаризмот не зависи само од општествено-историските услови, туку во себе крие



и вековна психолошка карактеристика (или болест) – феноменот на големите историски цезари ги зарази и луѓето кои ги сретнуваме секојдневно во нашиот живот.

Синдромот на цезаризмот не ја заобиколи ниту Македонија. Несвесно или свесно, нашите лидери и лидерчиња запливаа во матните води на прогон врз подредените. Доколку македонскиот цезаризам се елаборира од медицински аспект, паранојата и ирационалниот страв ае длабоко метастазирани во коските на лидерите. Посебно на оние од вториот, третиот или... ред.

Вака, на пример, во целост може да се опише здравствената состојба на некои први (не)луѓе во високообразовните институции, кои во последно време на тие позиции се поставени времено, со изнуда. Иако не сум стручњак за медицина и за давање дијагноза за одредени болести, сепак, во комуникација и консултација со моите пријатели доктори, како и со помош на медицинската литература, се обидов за ваквите високообразовни лидери да им дадам анамнеза – класична параноја. И тоа од најлошиот вид, онаа кратеоманската, објаснета на почетокот.

Последното, времено, со предзнак в(точка) д(точка), поставување на некои декани на факултетите ги откри на виделина сите аномалии и недоследности, сите симптоми на болеста, на оние кои ги поставија и ги поддржаа на таа позиција, и на самите лидери и лидерки на кои ова им беше животен, за среќа, се надевам, краток сон. Притоа, и првите и вторите заборавија дека со постапките што ги презедоа и што и понатаму ги преземаат, си играат со судбината не само на своите колеги (шеесетина, на пример...) и не само со нив, туку и со нивните семејства, кои ни криви ни должни го преживуваат нивниот цезаризам. Нивната неподнослива параноја е изразена преку сеење страв, закани и уцени кон вработените, недоверба во нив, чување на службената документација во својата чанта и нејзимо носење дома, неисплатување на легално заработените хонорари и плати, поништување на сите одлуки од

претходникот (во чие донесување и подготвување учествувал и самиот „нов" цезар?!), елиминирање на првите соработници и довчерашни први пријатели... Ова е само дел од каприците на новите факултетски владетели и лажно суптилни владетелки. Постои голема опасност во некои од овие институции ситуацијата во секој момент да ескалира и да еруптира, а лавата да ги изгори дури и темелите на долгоградената традиција на овие институции. Кога-тогаш маските ќе паднат, а одговорноста, освен врз цезар(оид)ите, ќе се урне врз грбот на оние кои ја замесија оваа каша. А конечно имаме добар и се надевам разбран и од акција министер, кој ќе знае да ги казни овие мали играчи коишто можат да направат голема белја.

Параноидниот синдром на овие лица без лице, кои патем се надевам ќе се препознаат во овие редови, најверојатно е резултат на мегаломанските авторитарни апетити толку многу карактеристични за квазинаучните работници, но истовремено и потврда за неверојатниот субјективен инпут на едно параноидно и центрирано его во рамките на научната дискурзивна практика.

Нашите мали цезари, во овој сложен психосоцијален процес, успеаја за кратко време да ги минат сите фази. Навистина, малку видоизменети. Во почетокот го применија принципот на месијанство – привлекоа околу себе неколку професори, кои во неговото височество декан, поради својата инфериорност и неспособност, најдоа потпора и инспирација. Барем за кратко, додека нивниот (и наш, за жал) мал цезар не почна да се однесува автократски. Продолжија со автоимплантирање на чувството на сезнаење – за кратко време станаа и правници, и економисти, и уметници, и политичари, и сметководители и благајници, и судии...). Следи Honores mutant mores, фаза во која се раѓаат пресирот и омаловажувањето кон сите што се околу него. Третата фаза е чувството на незаменливост, а четвртата е чувството на непогрешливост – воскреснатите високообразовни в.д. лидери почнуваат да се замислуваат дека историјата започнала од нив (или неа) и треба СЕ да



заврши со нив (или неа). Можеби... некое утро. Ваквиот сон обично завршува со ноќно потење. И непријатно будење...

Одбројувањето за минливите и менливите почнува. Доволно е да знаете да броите до дваесет. Денови. Повторно ќе паднат маските, а со нив и нашите мали цезари. Ќе се ослободиме од каприците, од притисоците и ненормалните услови за работа наметнати од наследниците на Гај Јулиј. Сатисфакција е и логичното очекување некои од заболените од параноја да ги стигне заслужената казна, онаа во образовните институции. Оние закоравените, помош ќе побараат во здравствените институции. Впрочем, право за ваков став црпам и од судбините на гореспоменатите историски личности...

# ПУТИНИЗАМ

ВР-17.04.2010

Деновиве некако незабележано од страна на домашните медиуми помина посетата на рускиот премиер Путин на Индија и огромната зделка која притоа беше направена помеѓу Индија и Русија, ново-старите светски велесили. По разговорот на рускиот со индискиот премиер Манмохан Синг, потпшани се договори во областа на користење на атомската енергија, договор за продавање на 29 авиони-ловци од типот „миг-29К", договор за заедничка работа и изградба на нов транспортен авион и создавање нов авион-ловец од петтата генерација на авиони, договор за користење на рускиот глобален сателитски систем на територија на Индија, производство на навигациона опрема за таа цел, каде што директно ќе инвестира руската влада и уште неколку други договори вредни неколку милијарди американси долари. Со тоа рускиот премиер уште еднаш јавно покажа дека е најдобар промотор на рускиот бизнис и интерес на светот. И јавно се прашувам зошто оваа информација остана незабележана од страна на нашите новинари. А како и ќе ја забележат ова зделка вредна повеќе десетина милијарди американски долари, кога секојдневно реално имаат „голема работа". А тоа е секако постојаното внимание за да не утнат да ни ги пренесуваат постојаните дрдорења и надмудрувања меѓу портпаролите ие ВМРО-ДПМНЕ и СДСМ од кои ни отекоа мадињата. Но нејсе, ако не можат тие тогаш еве еден мој мал придонес во информирањето на нашите граѓани за случувањата на светската геополитичка сцена и за идејата и поимот наречен путинизам кој добива сè поголема популарност. Само за потсетување. На 9 август 1999 година тогашниот руски претседател Борис Елцин го објави името на човекот „за кој веруваше дека е во состојба да го консолидира руското општество и да обезбеди продолжеток на реформите". За Владимир Путин, тогашен директор на Федералните служ-



би за безбедност веднаш по неговото именување за премиер, многумина беа согласни дека човекот нема никаква харизма, дека е негативен и дека нема искуство во управување со државата. Тие години беа тешки години за Русија и Кремљ, бидејќи со нив владееја руските олигарси, сепаратистичката Чеченија беше на прагот на отцепување, а економијата во катастрофална состојба и др. Едноставно речено, Русија беше на прагот на распадот. Само сопругата на Елцин, Наина, верувала и тврдела дека изборот не е случаен и дека времето ќе покаже дека тој е правиот човек. И навистина така и бидна. По речиси десет години, првпат во руската историја на еден демократски начин без преврат и револуција беше избран претседател, кој потоа стана и премиер и продолжи да ги остварува економските цели. Во текот на двата мандата на Путин, Русија доживеа економски прогрес. Девизните резерви се зголемени од 12 на околу 650 милијарди долари, буџетот е десетина пати зголемен, БДП зголемен за 6,5 до 7 пати и др. Или, кратко речено, Русија е препородена како држава. Искусните политичари велат дека во политиката зад големиот успех секогаш стои голема идеја. Таа идеја истражувачите и политичките аналитичари денес ја нарекуваат путинизам и таа се базира врз неколку принципи.

Во неколкуте реда подолу ќе се обидам да ги објаснам тие принципи, сè со цел и надеж дека нашиве недоквакани политичари ќе имаат можност нешто да прочитаат и да поднаучат. Првиот принцип на путинизмот е создавање моќна централна власт. Моќната централна власт е основа за единство на земјата и за задржување на нејзината целосност и општествена стабилност. Истовремено, таквата моќна централна власт е заштита од корумпираната и своеволна администрација и од новопечените транзициски богаташи. Се разбира, доколку властодршците не се дел од неа. Ми се чини дека кај нас меѓу спомenатите постои знак на равенство. Ваквата цврста власт треба да ја разликуваме и да не ја идентификуваме со авторитаризам, туку со еден современ израз, т.н. суверена демократија, каде што интересот на сопствената нација, нејзината

традиција и култура, е врховен приоритет. Вториот принцип се базира врз цврстиот, традиционален морал кој го негува Путин. Многумина велат дека токму овој морал е основната претпоставка на патриотизмот. Путинизмот ги негува националните и моралните вредности одбивајќи да ја прифатат руската инфериорност во однос на божемните европски и американски вредности. Значи, наместо неолибералната аморалност, која го оправдува секој егоизам и нечовечност, путинизмот ја истакнува традиционалната приврзаност каде што личните интереси треба да се подредат на интересите на заедницата. Третиот принцип е подигање на квалитетот на образованието и образование за широките народни маси, каде што за т.н. „Болоњски процес и болоњски реформи" нема место. Образовниот процес треба да продолжи по воспоставениот и проверен руски систем. Четвртиот принцип се однесува на политиката (посебно на надворешната) и се препознава во мотото „Национално, а не империјално". Тоа значи дека денешна Русија треба да се меша во светските случувања само доколку со тоа директно го брани и го заштитува својот национален интерес. Ова би значело водење на дефанзивна и на конзервативна надворешна политика односно реална политика заснована врз заемност и усогласување на националните интереси, наспроти американските империјални амбиции кои под параванот на заштита на човековите права и слободи извезуваат „демократија" и интервенционизам. Петтиот и шестиот принцип се чини дека нема потреба посебно да се објаснуваат, бидејќи самите зборови доволно сами за себе кажуваат. Тоа се способноста за воена самоодбрана и успешна економија. Следниот принцип на путинизмот се однесува на идејата за прогрес на сите руски граѓани, а не само на високата класа, затоа што успехот на една нација се мери со стандардот на мнозинството на населението, а не со стандардот на малцинството.

Ова се само некои од принципите за кои најголем дел од проучувачите на руската политика се согласуваат дека се основа на новиот правец во политиката наречен путинизам.



Многумина изворот на идејата на путинизмот го наоѓаат во есејот на Солженицин од 1994 година насловен како „Руското прашање на крајот на дваесеттиот век". Многумина кои ја следат работата на Путин, велат дека тој е најдобар практичен израз на духот на Солженицин во првата и во втората декада на дваесет и првиот век. Да се надеваме дека за брзо време и Македонија ќе може да се пофали со свои Путин и Солженицин. Малку ми е нерално, но не ја губам надежта.

# МАКЕДОНСКА ОПШТА ХИПОКРИЗИЈА

ВР-24.04.2010

Зборот хипокризија има повеќе објаснувања, но се чини дека најприфатливо е она кое вели дека: „хипокризија е лицемерно застапување на ставови, вредности и убедувања во кои една личност не верува". Ми се чини дека хипокризијата стана светски феномен. Хипокризијата е суштина на моралот на секој опортунист кој од името на божемниот хуманизам и општата добрина си замислува дека целта секогаш ги оправдува средствата. Дали во нашата држава владее општа хипокризија? Размислувајќи на оваа тема, не ми требаше долго време позитивно да одговорам на ова прашање, а тоа е во корелација со размислувањето на Љубиша Георгиевски, кој во еден свој текст напиша: „Во сеопштата историја на хипокризијата, македонските работи имаат шанса да заземат едно особено место како редок, и донекаде тешко објаснив феномен, кој со секое свое expilatio создава ново complicatio"! И морам да признам, колку и да не се согласувам со начинот на кој тој влезе во македонската политика и опстоја долго време на повеќе позиции, сепак овој негов став за македонската хипокризија ми е конечно навистина реален.

Размислувајќи на оваа тема се прашував долго време од кого и од каде да го почнам денешниов текст. И по неколку дена размислување, конечно се убедив дека од каде и од кого да почнам – сè е исто во нашата Македонија. Сите ние, граѓаните, по малку сме лицемерни од проста причина што околината во која се обидуваме да живееме го очекува тоа од најголемиот дел од нас. Но, моето прашање е: Што правиме кога хипокризијата ќе стане начин и стил на живот? Пардон, овде не мислам на сите, туку само на оние кај кои нечие туѓо лицемерие започнува да ви го згорчува животот. Ако тоа за нив претставува начин на живот, кај некои (за жал, многу мал број) тоа предизвикува мачнина во абдоминалниот дел од телото. Е, за жал, тоа во



Македонија го има на секој чекор и во секоја област (во политиката, во образованието, во културата, во црквата, во спортот, во... едноставно секаде). На еден македонски блог прочитав и ќе се обидам да го парафразирам авторот на текстот кој вели: „Лицемерите имаат лице за безличност, стабилна маска за одраз на нестабилноста. Избраздени карактерни црти на бескарактерноста. Импресивен релјеф емоции на голата површност... Дволичноста, дури и кога би се сопнала од својата еднопличност, не би паднала на грб. Едноставно, не може. Има само безброј лица, ниеден грб, ниту 'рбет. Ниту за потпирање, ниту за вртење во знак на збогум".

Иако хипокризијата постоела отсекогаш во сите времиња, се чини дека во последниве петнасетина години таа го достигна своето највисоко ниво во нашата држава. Зар одвреме навреме не ви се збурбатува од луѓето-лицемери кои веќе дваесетина години се во врвот на власта. Зар кога ќе ги видите на ТВ приемниците, не го менувате каналот веднаш? На овие луѓе им одговара секоја влада и секоја власт им е по мера. Како нема да добиете нагон за блуење кога ќе ги погледенете дека утрото застапуваат едни, а веќе за неколку часа други ставови. Нека ми извинат мајсторите за шиење костуми, но овие политички лицемери прилегаат токму на нив. Ми личат на вистински шнајдери. Каков костум сакате таков ќе ви сошијат, односно кажете што сакате да слушнете – тие тоа и ќе го кажат, иако интимно не се согласуваат со тоа. Ако само им речете да ги соблечат, односно да го откопчаат колансот од панталоните, тие експресно веќе ги турнале гаќите. Подготвени се веднаш со гол газ да се „жртвуваат за каузата", за својот шеф, иако не му веруваат. А за да бидат фини и културни и за да оставаат добар впечаток, на крајот дури и ќе му се извинат што му завртеле грб. А подоцна, се разбира, ќе го озборуваат. Те ваков, те таков бил.... И затоа дојдовме до ова дереџе до каде што сме денес.

Се согласувам и со ставот на еден социјалдемократ кој вели дека хипокризија е повеќе од три години да не го кажуваш (или да немаш) државен став за позицијата на Македонија во однос на прашањето за името. Меѓутоа, тој ист социјалдемократ треба јавно да го постави прашањето дали не е хипокри-

зија неговиот лидер сега да ги посетува, да им оди на гости и да им се извинува на жртвите на приватизацијата извршена во негово време. Нели е хипокризија државните интереси да ви ги претставуваат луѓе кои работат на уништување на македонската култура и нација, луѓе кои заработуваат од државата, а во исто време ја рушат. Нели е хипокризија да ја делите власта со оние кои во блиското минато ви ги палеа домовите, ве малтретираа, сакаат да ви ја поделат државата. Нели е хипокризија јавно да се бацувате со својот коалиционен партнер, да упатувате и да си лепите прекрасни атикети, а всушност не сакате да се видите.

Вака не е само во политиката, мислам дека не е ништо подобро и во сите области погоре наведени. Завртете се малку околу себе и погледајте ги луѓето кои му ја продаваат својата душа на ѓаволот за да можат да се курчат пред луѓето. Истите тие купуваат марки облека од Шутка, купуваат скапи автомобили (кои потоа ги ставаат во гаражите, бидејќи немаат за бензин). На секој втор чекор имате девојки кои изигруваат невинашчиња, морализираат, а се издупчени како турски барабан, и лепени на стотина места. Погледнете ги само соседите кои се згрозуваат кога рано наутро ќе се приберете дома, иако знаете каков е нивниот вистински живот. Значи, можеме да заклучиме дека владее општа хипокризија. Па луѓе мои, ова и не е некоја новина. Завртете се уште еднаш околу себе... Замислете се малку подлабоко. Зар не е чудно што сите луѓе околу Вас имаат така „среќен и весел живот" исполнет со убавини. Ниту еден маж не ја изневерува својата сопруга, ниту една жена не го изневерува својот маж. Сите се сакаат, сите имаат идилична фамилијарна атмосфера, сите имаат прекрасни и добро воспитани деца. Сите зборуваат против политиката, а никој нема храброст да излезе на улица. Сите во глутница се згрозуваат на оние кои јавно ја покажуваат својата искреност и ранливост. И затоа на крајот од текстот порака до сите лицемери и лицемерки: Вие немате срце да го живеете достоинствено вашиот живот и затоа секогаш ќе останете ситни, јадни и бедни.

П.С. Текстов е наменет за сите оние кои не сфаќаат, а не се срамат од тоа што не го сфаќаат, како и на оние кои го сфаќаат, а не се срамат што не врескаат на цел глас.

## ЕТИЧКИ КОДЕКС

ВР-08.05.2010

Пред неколку дена беше објавено дека Владата на Република Македонија, на една од своите седници, донела Етички кодекс за однесување на функционерите од највисокиот владин ешалон. И сè би било во ред доколку и овој Кодекс, како и останатите педесетина досега донесени етички кодекси, не останеа само мртво слово на хартија. Најмал е проблемот да донесете ваков документ кој ќе се темели само на добрата волја за практикување на моралот и етиката, а во практиката никој за ништо да не биде одговорен. Се рабира, проблемот е мал доколку навистина кај народните избраници и функционери постои морал, доколку имате јавна осуда на неморалните и неетичките „дејанија". Но, што правиме кога моралот го нема, или е на многи ниски гранки? Е, тука навистина треба да заигра камшикот, оној вистинскиот.

Сосема е логично еден ваков кодекс да им забрани на министрите и на високите функционери да продуцираат и да практикуваат коруптивно однесување, да примаат скапи подароци (а притоа да кажуваат дека се фалсификати и безвредни), постојано да имаат судир на интереси, односно да им вршат услуги на блиски роднини и пријатели, да имаат роднински односи во највисоките државни власти, да ја злоупотребуваат функцијата за партиски и приватни интереси, да ја користат позицијата за одмазда или за реванш кон своите неистомисленици итн. Вчудовидувањето и апсурдот е поголем затоа што во ниту еден досега прочитан етички кодекс кај нас, не видов да се предвидува политичка или друга одговорност за неговото прекршување. А доколку се обидете да пронајдете одредба која ќе посочи да најдете надлежен орган кој би ги санкционирал констатираните прекршувања, тоа ви е како да барате игла во пласт сено. Едноставно, такви одредби речиси и нема. Прочитајте само кој било кодекс во нашата држава и ќе се уверите во претходната констатација. Совршено е јасно дека

секаде во светот етичкиот кодекс треба да придонесе за транспарентно работење на народните избраници, на министрите и другите високопозиционирани службеници, на државните службеници и треба да повикува на нивна политичка и кривична одговорност во случај ако го прекршат. Но, ако така е секаде, зошто би морало така да биде и кај нас, претпоставувам дека е логиката на порачателите и на креаторите на ваквите гротескни кодекси. Кај нас вообичаено нашите кодекси прилегаат како јајце на јајце и претставуваат збир на декларативни норми без функција и влијание.

Се надевам дека читателите слушнаа, или барем прочитаа дека и Република Кина, поточно Комунистичката партија на Кина, донела нов етички кодекс против растечката корупција. Соочени со сѐ поголемото негодување на своите граѓани поради растечката корупција на комунистичките партиски лидери, по само 13 години Партијата беше принудена да донесе нов етички кодекс. Според некои наводи, во изминативе неколку децении околу 4 илјади луѓе избегале од Кина со над 50 милијарди долари, заработени од корупција. И затоа Партијата беше принудена да донесе, според многумина, дури и ригорозен кодекс. За потсетување на читателите, кодексот содржи 52 точки со кои се определуваат насоките на однесувањето што треба да влијаат врз сѐ позачестените случаи на махинации меѓу комунистичките функционери. Преку кодексот се предупредуваат функционерите како би требало да работат за доброто на граѓаните, да избегнуваат примање на скапоцени дарови и да не ја употребуваат својата политичка моќ за лични или семејни цели и за збогатување. Особено се предупредуваат да не купуваат скапоцени службени возила или канцелариски мебел, бидејќи канцелариите на извесни функционери во некои делови на Кина прилегале на хотели со пет ѕвездички. Аналитичарите се согласуваат дека кодексот е значаен во овој момент поради изградба на цврста и решителна влада.

Од она што можев да го прочитам, навистина скромните дваесет и неколку одредби на неодамна донесениот Етички



кодекс не се ништо друго туку еден обичен политички памфлет, опреиран од правила со кои се регулирани детали за политичка и за друга одговорност, какви што постојат во европските демократски земји. И нормално е да се постави прашањето: Зошто е потребен ваков Етички кодекс за членовите на Владата и за назначените носители на јавни функции од Владата? Дел од нив (како што вели еден новинар), и понатаму безрезервно и „достоинствено“ ќе можат да уживаат во рајот на непотизмот, во обезбедување сигурни места по завршувањето на функцијата, во можностите за сопствено едукативно надградување (дипломирање, специјализирање, магистрирање, докторирање...), во истовремено земање и плата и пензија, па и по некој хонорар, за неодржани часови поради ангажираноста на повеќе факултети, користење на службените коли и возачи да ве разнесуваат низ целата држава и др.

Секаде онаму каде што се држи до моралот, моралната осуда е побитна и потешка од правната осуда. Со оглед на тоа што најголемиот дел од нас Македонците во овие дваесетина години покажавме дека навистина цврсто се „држиме до моралот“, не успеавме да најдеме ниту еден функционер кој беше барем морално одговорен за своите неетички постапки во вршењето на функцијата. Така беше, така и остана. Еве, на пример, ќе му посочам на премиерот како дел од неговите пратеници и министри, односно заменици-министри, ја злоупотребуваат функцијата и го кршат тоа за што тој се залага. Имено, деновиве при изборот на декан на една високообразовна институција, еден недоквакан пратеник, патем сѐ уште и студент, си дава за право да решава кој да биде декан на еден од македонските факултети. Неговото „етичко однесување“ оди дотаму што дури се служел со закани и уцени кон дел од професорите кои не гласале за неговиот фаворит. Дури во таа конотација било споменато дека избраниот, кој не е по негова волја, ќе го сменел за десетина минути и дека тоа е наредба од највисоките партиски кругови, односно од премиерот. Иако јас лично знаев и ги убедував моите колеги дека не е така, но

ете се случи мојот чесен збор наспроти неговиот пратеничко-студентски. И, за волја на вистината, „етичниот пратеник“ отишол (не во буквална смисла) и до ректорот, па овој сиротиот уплашен од притисокот сè уште не го назначува легално и легитмно избраниот декан. Но, за да не биде сам и да изгледаат како посилна „етична групација“, на ова бедно пратениче му се придружува и еден заменик-министер, ороводецот на целата рашомонија. И овој со истата тортура и со истите „етички инструменти“, кои изгледа ги има во изобилие, се нафрла врз дел од претходно посочените. Етика par exellence, онака како што им прилега на дел од денешниве функционери.

Еве на ваков, а можеби на некое друго место или институција и на погруб начин функционираат и се спроведуваат во практиката етичките кодекси кај нас. Еве вака, од името на народот, дејствуваат народните избраници и функционери. И затоа, на крајот, Премиере, доколку навистина се залагате за тоа што барем декларативно сакате да го спроведете во дело, еве ви прва и вистинска можност. Моралистите-функционери ви се на послужавник. Вие само треба да ја покажете вашата подготвеност и искреност на вашите тврдења и да добиете поен повеќе кај сите нас.

# МАКЕДОНИЈА МЕЃУ *СЦИЛИТЕ* И *ХАРИБДАТА*

ВР-14.05.2010

Досега многупати сум пишувал за демократијата, меѓутоа денешниот текст има за цел од еден поинаков агол да ѝ пристапи, а сè во контекст на последниве случувања на македонската политичка сцена. Оптималната точка на демократското владеење се наоѓа некаде на полето на напнатост кое се протега од „хаосот на дезорганизација“ и војна на сите против сите до „хаосот на фашизмот“. Затоа демократијата можеме поедноставно да ја опишеме како урамнотежено вкрстување на анархијата и тоталитаризмот, каде што највисоката власт ѝ припаѓа на луѓето. Таа експлозивна фантазма доволно зборува самата за себе, за нејзината кршливост и ранливост. Или, доколку сакаме сево ова да го претставиме на друг начин, тоа би изгледало вака: Демократското водење на власта секогаш се управува меѓу сцилите и харибдата, каде што сцилите се сликовито претставени преку диктатура, етатизам, тоталитаризам односно, меѓу семожноста на државата, а харибдата во оваа ситуација би била: безвластието, хаосот, нејаснотијата и сè поочигледната идна несигурност. Автократската власт и аморалниот индивидуализам, односно анархичната власт, се сијамски близнаци. Еден без друг не можат и непрекинато се претставуваат еднаш како едно, а следниот пат како друго. Дејствуваат како вечни конвертити. Од пресудно значење за демократијата се чувствата и реагирањата на граѓаните. Доколку обичниот граѓанин не ја чувствува разликата меѓу анархијата и диктатурата, последиците може да бидат трагични по една држава. Таквото неразбирање на нештата е резултат на недостиг на традицијата, образованието, политичката култура, граѓанската совест и др. фактори, што пак недостигот го отвора слободно патот насочен кон црната страна на демократијата.

Секогаш кога еден брод плови и кога малку повеќе ќе се наведне кон сцилите или кон харибдата, тогаш демократ-

ските начела се прекршуваат и демократија во вистинска смисла веќе не постои. А за волја на вистината, бродот наречен Република Македонија во последниве дваесетина години честопати се наведнуваше и кон едната и кон другата страна, за жал во последно време сè повеќе кон харибдата, односно онака како што е погоре опишано кон безвластието, хаосот, нејаснотијата и сè поочигледната несигурност на нашата иднина. Кога бродот кој плови и повеќе е наклонет кон сцилите, тогаш оној на кој во тие пресвртни моменти му е дадена власта може да работи што сака и како сака и да помине неказнето. Ситуацијата оди толку далеку што дури ниту демократските медиуми веќе не се независни, затоа што тие стануваат само една мала алка во веригата наречена државен апарат, каде што доминантна позиција заземаат тајните служби, полицијата, а некаде и војската. Кога, пак, пловечкиот брод е повеќе наклонет кон харибдата, го имаме тоа што ни се случува деновиве во нашата држава.

За појасна претстава, да се обидеме да направиме компарација меѓу тоталитаризмот и анархијата. Тоталитаризмот настојува преку дисциплинирање на однесувањето на луѓето да го дисциплинира човековото битие, а кај анархијата е важно само дејствувањето без компас. Тоталитаризмот се насочува кон изградба на најдобро можно општество за елитата за сметка на послушното и роботизирано и неслободно мнозинство, а анархијата се стреми кон неконтролирано владеење на поединецот и кон владеење на секој над секого. Што значи дека во анархијата, за разлика од тоталитаризмот, секој дејствува неограничено и без контрола и надзор и како сака така ќе ја изрази својата волја. Значи, никој никому ништо не му може. Тоталитаризмот, односно диктатурата и лидерите со антидемократска ориентација, одат рака под рака. Бидејќи во таков систем, каде што лидерот е тој кој сè сам раководи, сам определува, планира, креира, казнува, наградува и др., нормално е дека на крајот целата испорачана сметка паѓа на негов товар. А богами таков јунак досега не се нашол кој го издржал тој товар.



И затоа, секое време на траење на диктатурата е временски ограничено.

Од друга страна, и ситуацијата со анархијата е мошне слична. Замислете си да живеете во општество без закон и полиција, односно во општество каде што имате селективна и минимална примена на законите и минимално (колку да се рече) дејствување на полицијата. Е, во една таква претпоставена ситуација (која кај нас и не мора да се претпоставува, бидејќи таа практично функционира) на улица секој ќе може да ви го украде вашиот автомобил, и по неколку часа да ви бара да му платите неколку илјади евра за да ви го врати. Секој ќе може неказнето да ви дојде дома и да ви земе што сака. Банките не ќе мора да имаат аларми и обезбедувања, зошто секој ден, кој колку ќе посака, толку сам ќе си подигне од благајната. Дури надлежните и ќе ви помогнат полесно и побрзо да ги однесете до посакуваното место. Секој ќе може секое место, секоја педа да си ги прогласи за свое светилиште или храм за да врши верски обреди, да се клања, да ве вознемирува со пуштање гласна молитва од минарињата на храмовите со толкава моќност што ќе ви ги дупнува ушните тапанчиња по петпати на ден. Секој ќе може да почнува изградба на верски и на други објекти кога сака и како сака, затоа што дозвола не сака, а и нема потреба да зема. Самонаречените аналитичари и „големи професори“ на цел глас ќе ги фалат и ќе ги поддржуваат шверцерите со оружје, ќе ги обвинуваат безбедносните структури дека реагираат несоодветно. Странците кои случајно или не се во вашата држава, само ќе изразуваат жалење за ваквите и слични настани, со образложение дека сепак се само инциденти на некои малку понемирни повозрасни лица и дека тие нема пак да се повторат. Домашните политичари ќе ве убедуваат дека нема потреба од загриженост, дека сè е планирано и контролирано!!?? И, на крајот, тука се соседите, кои на цел глас ќе ги осудуваат таквите активности што ви се случуваат во вашето анархично општество. Ќе се обидат да им дадат дури и совет на своите собраќа. И сè би било добро, доколку е искрено.

На крајот, само би потсетил дека пловењето на бродот наречен Македонија кон харибдата опишана погоре, со голема сигурност, нè води кон анархијата. Да се потсетиме од учебниците, дека анархијата претставува политичка состојба во која во едно општество целосно престанува владеењето на законите и на секоја власт, односно нема држава, секој прави што сака. Според политичката филозофијата на Џон Лок, во таков систем секому му се признава правото на самоодбрана, бидејќи законите нема кој да ги спроведува. Затоа секој има право да ги казнува оние кои го кршат апсолутното право на живот, на слобода и на сопственост. Покрај овие лица, според Лок, истото може да го снајде и „суверенот“ крал, деспот, хегемон, тиранин и др. Анархијата не се јавува само кај традиционалните општества кои немаат искуство на држава, туку и кај општествата по или пред распаѓање на државата. Ова последново, ми се чини, дека ни е на повидок и може да ни се случи за кратко време, доколку најитно не пораснат децата од киндер-градинката.

ВР-21.05.2010

## Кога срамот црвенее пред политичките медиокритети

# БЕЗ'РБЕТНИЦИ НАПРЕД, ОСТАНАТИТЕ... СТОЈ

„Срамот е како и сè друго – ако со него живеете долго, тој станува дел од вашиот домашен мебел“. Хм, убава мисла, ќе се согласите. Некако по автоматизам се наметнува и синтагмата на познатиот филозоф Сенека: „Она што не може да го одбрани законот, може да го одбрани срамот“. Доколку постои, се разбира. Доволна провокација за подлабока анализа, мистична интелектуална авантура во откривање на присуството на срамот во филозофската матрица на нашиот политички корпус.

Како вовед, ќе се послужам со неколку цитати и изводи од психоаналитички текстови за срамот. За психоаналитичарите, срамот е чувство на мачна непријатност, болна емоција која произведува големо чувство на вина. Облиците на срам, како и моралните правила, варираат од епоха до епоха и од цивилизација до цивилизација. Така, на пример, во некои племиња во Африка, за некого да се каже дека е „бесрамен“ е најтешка осуда која се казнува со негово отстранување од заедницата. Овој чин на прогон во науката е наречен остракизам, што во слободен превод би значело дека таквата личност е недостојна и неспособна да живее во заедницата и на неа воопшто не треба да се смета. Срамот се однесува на чувството на безвредност, низок степен на самопочитување, гадење и бес насочен спрема самиот себеси. Да се потсетиме само на приказната за Едип кој сам си ги ископал очите кога открил дека спиел со мајка си. Класичен пример на рефлексија на вина и срам. Сето ова наведува на заклучокот дека во минатото срамот бил доживуван како доминантна емоција, често нарекувана „рак на душата“. Универзален афект со биолошка основа.

Така беше доживуван срамот во минатото. А денес...

Велат дека непишаните правила најчесто се помоќни од пишаните. Според едно од тие непишани правила, зборот „срам“ во поновата историја е исфрлен од употреба во секојдневниот живот. Овој збор е отстранет како „вишок“ од јавната и општествената комуникација и добива префикс на заборавен, на забранет номус. Повикувањето на срам и доживувањето на ова чувство, денес стана рамно на лов на вештици...

Дојде време кога секому му е дозволено сè, време на бришење на моралните обѕири, време без каква било одговорност, време кога лагите, навредите, клеветите и гадостите од сите видови стануваат современа етика, доминантен начин на однесување. Влеговме во ерата кога „беса-носталгичарите“, оние кои се срамат поради своите или туѓите лоши постапки, добија епитет сомнителни, абнормални, глупави личности на кои „не им се пишува добро“, бледи ликови кои го нарушуваат „утврдениот ред на работите“ и кои како такви се опасен, субверзивен елемент, зрел за остракизам. Зрели за „лекување“.

Иако звучи дрско, претерано и исфорсирано, горекажаново за чувството на срам е блиску до суровата реалност. Сте слушнале ли во последно време некој функционер или друга јавна личност да го спомене зборот „срам“! Пробајте, сетете се. Во ред, има исклучоци, како оној со оставката, прва и единствена во самостојна Македонија, на тогашниот министер за транспорт и врски Антонио Пешев. Тоа беше во минатиот милениум... А и да се сетите на слични примери, сепак ќе морате да ги споредите со армијата политиканти на кои зборот „срам“ им е имагинарен. Овие вториве се во огромна предност.

Огледало на бесрамноста се денешните медиуми, насловните и внатрешните страници на печатените медиуми, или пак во бројните ток-шоуа или друг тип емисии на електронските медиуми. Колку и да се трудите. нема да успеете да се сетите дека некој политичар се засрамил за нешто што цврсто го ветувал на изборите, на пример, а потоа не само што не го исполнил, туку се обидува да ги убедува луѓето дека тоа никогаш „не го рекол“!? Колкумина поцрвенеле од срам што за кратко време стекнале огромни богатства, а непосредно до нив повеќе од два милиони луѓе живеат на границата на сиромаштијата? Колкумина се засрамиле што „успеале“ во животот премолчувајќи ја вистината, што лажните вредности ги промовираат како вистински, што прават петпарашки, ад хок биографии поради лична и деловна кариера со единствена цел – да се изживуваат на послабите од себе? Колку политичари се погодени од стрелата на срамот додека ги пополнуваат првите редови на Парламентот, притоа без да имаат елементарни познавања од животот? Колкумина се засрамиле што вистинскиот квалитет е тргнат настрана за сметка на лажната етика на лигушите и полтроните, оние со никаков, или со сомнителен, квалитет, за да може полесно да се протуркаат безвредноста и просечноста? Колкумина се засрамиле, барем во обид, што замижале пред насилството и неправдата и дозволиле агресивноста да добие јурисдикција?

На ниво на невербалната, телесна комуникација, порано срамот го препознававме преку наведнатата глава или наведнатиот поглед, црвенеењето по образите, преку телесната вознемиреност, избегнување на погледот, правдање и др. Но, нивото на афектност беше препознаван преку чувството на беспомошност, осаменост, тага, инфериорност, збунетост, анексиозност, паника и др. Срамот од когнитивен аспект беше манифестиран преку изразување мислење за самиот себеси – неадекватен сум, сакам да се повлечам, да ме снема, мене никој не ме разбира, не сум доволно добар и др. Сите овие манифестации на срамот во минатото денес ги нема. А таму каде што не постои срамот владеат бајатоста, безобѕирноста, егоизмот... Орото го водат невоспитаноста и примитивноста. Времето кога луѓето од срам тонеа в земја е минато свршено време. Некои нови момци, обединети од бесрамноста, почнуваат да се почитуваат меѓусебно, да оппштат, па дури и да се наградуваат.

До амбиентот ќе да е...

## ОД СЕКОЕ ДРВО СВИРЧЕ НЕ БИДУВА ВР-21.05.2010

Сите поголеми европски и светски градови, почитувајќи и негувајќи ја својата музичка традиција и култура, имаат свои градски оркестри. Овие оркестри се вистинско освежувања за граѓаните на градовие, кои вообичаено во вечерните часови или во саботните и неделните претпладнињa ја разбиваат секојдневната монотонија, развеселувајќи ги своите сограѓани и случајните минувачи. Настапувајќи по повод и на разни празнични манифестации, овие оркестри создаваат и го збогатуваат празничниот амбиент. Секој оној кој посетил некој од поголемите градови и присуствувал на овие музички променади, не може а да не се воодушеви од прекрасната атмосфера и задоволство што тие ги нудат.

Поаѓајќи по нешто што е веќе проверено во западноевропските градови и метрополи пред неколку години, поточно во времето на градоначилникувањето на Трифун Костовски, се возобнови и скопскиот Градски дувачки оркестар. Оркестарот почна да функционира во рамките на Младинскиот културен центар во Скопје. Морам да признам дека идејата беше достојна за почит, бидејќи многу години наназад Скопје имаше свој Градски оркестар, кој од непознати причини замре, а долго време никој не се сети дека тој им е потребен на скопјани. Градскиот дувачки оркестар од самиот почеток па сè до неодамна внесуваше свежина во скопското секојдневие и беше пријатно да се гледа и слуша по толку време оркестар кој настапува крајно професионално. Ние, граѓаните, имавме можност на разни локации (Плоштадот, Градскиот трговски центар, Градскиот парк, пред платото на Домот на АРМ и на др. локации) конечно да слушнеме дела од познати автори на забавната и на класичната музика. Со своите униформи, како и со незибежното карактеристично чекорење на оркестарот низ улиците на градот, добивме можност и Скопје да добие свечен амбиент не само во празничните денови, туку и во другите денови кога настапуваа овие луѓе. Секој нивни настап беше празник за нас граѓаните.

Намерно пишувам во минато свршено време од причина што со промената на поранешниот директор на МКЦ и со доаѓањето на новиот (името не му го знам), овие настапи некако се проретчија, со можност и воопшто повеќе да не го видиме и слушнеме овој оркестар. Во потрага по муабетите, дојдов до фрапантни сознанија дека новопоставениот директор се обидува не само градскиот дувачки оркестар, туку и останатите институции кои функционираат под закрила на МКЦ (Мандолинскиот оркестар и Женскиот младински хор) да згаснат, односно да се укинат поради немање средства. И ова морам да признам, ми заличи на она што се случи со Македонската радиотелевизија кога беа укинати сите оркестри. Глупост која ќе биде запишана во историјата.

Од моите соговорници дознав дека за оваа намера на директорот на МКЦ неодамна бил известен и скопскиот градоначалник, па оттука ме зачудува меговото молчење, како и молкот кој доаѓа од скопските советници. Ниту едниот ниту другите досега немаат ништо преземено на ова поле и се плашам дека глупоста направена во МРТВ може да ни се повтори и во МКЦ. Ме зачудува од каде храброста (да не речам дрскоста) на младиот и новопечен директор, да се поигрува со нешто што се нарекува култура и традиција? Од каде идејата да се укине нешто што одвај го возобновивме, нешто што ни го разведри и онака замрениот скопски дух? Зар треба да дозволиме некој да ни ја земе и она малку светлина во градското живеење? Зар треба да го урнеме ентузијазмот со кој настапуваат овие триесетина оркестранти, главно професионални музичари и студенти на Факултетот за музичка уметност. На репертоарот на овие луѓе се делата на Штраус, Моцарт, Верди, Макартни, Харисон, Добшески, Милер и други автори на забавна и на класична музика, до кои е дојдено со многу вложен труд, а за кои некој нема сенз.

Да биде трагедијата поголема, озворувањата велат дека истото треба да ги снајде и Мандолинскиот оркестар и Женскиот младински хор. За потсетување на читателите, Мандолинскиот оркестар е формиран во 1981 год. по иницијатива на Рамадан Шукри. Овој аматерски ансамбл, составен главно од ученици од основните и средните училишта, постигна инзвонредни резултати не само во нашава држава – туку и низ целиот свет се здоби со репутација на најдобар аматерски оркестар. Неговата улога и значење е огромно, не само како амбасадор на градот Скопје и на Македонија, туку и од аспект на вршење на едукативна и воспитна функција, пред сè кај младите луѓе. Па зар има некој храброст да рече дека нема пари за нив?

Женскиот младински хор е исто така посебна приказна која датира уште од 1972 год. Зар некој смее да ги заборави и да ги занемари неговите успеси и освоени награди на престижните фестивали низ целиот свет? Смее ли некој млад директор да го заборави и да го занемари вложениот труд на диригентот и основач Драган Шуплевски и на неговите наследници Запро Запров, Емилија Лале и Сашо Татарчевски само поради тоа што тоа не се вклопувало во некојаси (божем) програма за штедење.

Очигледно дека смее!!!.

Доколку не реагираме навреме и доколку надлежните скопски субјекти и понатаму молчат, ќе бидеме сведоци на систематско уништување на нешто што се нарекува традиција, култура, уметност и музика во градот и во државата. По којзнае кој пат ќе бидеме сведоци како некои недораснати и млади „ентузијасти" ни го растураат она што некој го создавал и го негувал со години. Ќе бидеме сведоци како ни се укинуваат институции кои се „најдоброто од Македонија". Ќе ни се потврди народната дека од секое дрво свирче не бидува.

Овој мој напис истовремено нека биде и апел и до останатите градоначалници и советници во целава наша држава кои исто така немаат слух за културните потреби на своите сограѓани. Овие градски фактори своите ненаситно угостителско-лапачки и други финансиски потреби никако да ги заменат со нешто што се нарекува културна потреба на граѓаните. Како за пример, ќе го наведам Градскиот дувачки оркестар во Битола, кој датира уште од 1895 година и кој ја продолжува традицијата на свирење низ улиците во паркот под Тумбе кафе. За жал, последниве неколку години оркестрантите самите си ги плаќаат трошоците за своето работење и функционирање. Истото е и со Струмичкиот градски дувачки орекстар, кој дури нема ни просторија каде да се собира и да вежба. Триесетината члена на оркестарот во последните неколку години претежно свират на погреби, на Струмичкиот карневал и на одбележувањето некои манифестации. До 1998 година, како што велат тие, добивале по некој денар од Општината колку да имаат за по едно пиво, а оттогаш се оставени сами на себе и се снаоѓаат како знаат и умеат. Да не е жално – би било смешно.

Македонија и македонските граѓани имаат потреба од вакви оркестри и институции и затоа надлежните градски фактори нека не ги затвораат очите пред нешто што не е голем расход, а нуди голем бенефит за сите нас во збогатувањето на нашиот културен живот и традицијата. Ние го заслужуваме тоа од нашите избраници.

# АНКЕТА

ВР-07.06.2010

И по две недели од објавувањето на втората анкета за „Дневник“, не престануваат реакциите не само на политичката туку и на поширокатa јавност во однос на неа. Се јавија поголем број колумни и коментари коишто сите од свој апспект ја објаснуваа. Коментарите одеа од една до друга крајност. Најнапред се појавија коментари дека анкетата била порачка од Груевски за да може конечно да им го каже на странците тоа што досега не им го кажал, или не смеел да им го каже, понатаму дека таа е направена за да го урне Груевски од власт, па сè до оние кои мислеа дека анкетата е направена како противтежа на претходната анкета за „Скопје 2014“. Според зборовите на главниот уредник на весникот „Дневник“, објавувањето на втората анкета имало за цел да ја „разбистри малку водата за прашањето за името“. И сега навистина прашувам дали ја разбистри, или пак уште повеќе ја замати водата?

Иако можеби лично на поголемиот дел од уредништвото на „Дневник“ не му се допаднале резултатите, сепак мислам дека тоа постапи крајно професионално, одговорно и коректно што ги објави добиените податоци од истражувањето онакви какви што се (во што искрено се надевам), без филувања, украсувања, премолчувања и дотерувања и надувања на некои од одговорите. Според мое длабоко убедување, и покрај можеби неочекуваните резултати, анкетата постигна двоен погодок за весникот и за неговото уредништво. Првиот погодок се однесува на потајната желба на дел од раководството на „Дневник“ да ги затопли односите со ВМРО-ДПМНЕ, а вториот погодок имаше за цел малку да ги освести странските дипломати во земјава за нашата „вистина“ и за сфаќањата околу името. И чинам дека и двете цели во целост беа остварени.

Најнапред ќе се осврнам на првата цел или погодок за кој пишувам погоре во текстот. Односите меѓу „Дневник“ и ВМРО-ДПМНЕ се заладија со отвореното писмо на генералниот секретар на Партијата по повод необјавувањето на текст на пратеникот Ѓорчев, а антагонизмот меѓу Партијата и весникот достигна кулмунација со објавувањето на резултатите од првата анкета за проектот „Скопје 2014“. И редно беше нешто да се преземе. Раката на помирување, „не сакајќи“, дојде директно од страна на уредништвото на „Дневник“. Ако со првата анкета отидоа докрај, конечно уредништвото сфати дека нема играње со најголемата Партија, а и Партија на власт, па затоа и побрза да ги објави резултатите „такви какви што се“. Мора да се има на ум дека резултатите кои одеа во прилог на Партијата на власт и нејзиниот лидер Груевски, се главно за домашна употреба, за нејзиното членство и за симпатизерите, односно беше потврда на политиката која ја води лидерот на ВМРО-ДПМНЕ за прашањето околу името. И нормално беше портпаролите на Владата и на Центарот за комуникации на ВМРО-ДПМНЕ до ден денес да не ги коментираат нејзините резултати. Овие резултати на некој начин и го осоколија премиерот, кој на годишниот собир на Унијата на млади сили на ВМРО-ДПМНЕ жестоко порача: „Не постои закана што ќе нè натера да направиме нешто што е против националните интереси и да ги смениме името и идентитетот, притоа нагласувајќи дека не треба да се прекинуваат преговорите и дека ќе има референдум. Значи „Дневник“ успеа барем за кратко да ги релаксира затегнатите односи со Партијата на власт. Демек, еве ние немаме ништо против Вас и гледате дека ги објавивме резултатите такви такви што се.

Но, што станува со другиот погодок кој го постигна анкетата? Е, тука работите се комлицираат. Прво излезе на виделина дека странските амбасадори немаат поим какво е јавното мислење во нашата држава по однос на прашањето за името. Тие беа шокирани, зашто знаат дека ќе треба на своите претпоставени во својата држава да им објаснат што досега работеле на ова поле, а притоа не знаеле што мисли народот. Од преголемата шокираност, амбасадорот Жан Клод Шлумберже

дури побара време за анализа на резултатите. Се отвори простор за загриженост кај странските дипломати. И наеднаш дојдоа (за почеток) вербалните бомбардирања од странските претставници. Ја почувствувавте ли жестината со која говореше европратеникот Зоран Талер, па дури и навредите упатени кон премиерот? Едноставно, се отвори простор за сè поголем притисок врз македонското политичко раководство. Во истиот тој „Дневник“, пред некој ден прочитавме и изјава на висок неименуван европски дипломат, кој по повод говорот на премиерот на УМС рекол: „Македонската влада покажува знаци дека сака да остане во европската чекалница уште 20 години, а ЕУ на тоа нема да се противставува“. На виделина, според него, излегол двојниот дискурс, односно хипокризијата на македонскиот политички врв – првиот за надворешна употреба, кој е проевропски, и вториот патриотски за внатрешна употреба, кој го побива првиот. Во главите на сите нас некако започна да ни одѕвонува изјавата на американскиот амбасадор Филип Рикер: „Прашањето за името мора да се реши, бидејќи доколку не се стори тоа, се поставува прашалник околу иднината на Македонија...“ Тие исти европски функционери, за да го променат јавното мислење по ова прашање, сега сè погласно изјавуваат дека меѓународната заедница од Македонија не бара да смени име или идентитет или да се обезличи, ниту дека сака да ни наметне ново име како што повторуваат сите што се блиски со владата. Велат дека пораката на меѓународната заедница е конзистентна од самиот почеток и гласи: „Спорот треба да го решат Атина и Скопје на начин кој ќе ги задоволи двете страни, а не меѓународната заедница, која ќе го прифати секој договор“. Од друга страна, започнаа критиките за забавување на започнатите реформи, започнаа да се слушаат муабети дека ќе ја загубиме финансиската и техничката помош која досега ја добивавме од ЕУ, за неколку десетици дена нè чека негативниот извештај од страна на ЕК и друго. И погодувате дека сето ова ќе треба да се струполи врз грбот на Груевски и на ВМРО-ДПМНЕ.



И, како што напишав на почетокот – „Дневник“ со еден куршум погоди две цели, односно со еден истрел успеа од своите грмушки на виделина (чистина) да натера да излезат два зајака. За едниот од нив ќе нема место на чистинката во иднина. Мислам дека ова е потајна желба на некој што неодамна беше изигран во политиката.

# ПОЛИТИЧКА ХИМЕНОПЛАСТИКА

ВР-12.06.2010

Кога ќе се спомене зборот хименоплатсика, претпоставувам дека поголемиот број луѓе знаат дека се работи за хируршки зафат со кој на жените им се „враќа невиноста". Меѓутоа, исто така претпоставувам дека на луѓето кои го разбираат овој збор, првата асоцијација им е дека се работи за лажење, измама, нечесност, некоректност, неверност и слично. А за војла на вистината, хименопластиката и не ништо друго.

Денес е јавна тајна дека хименопластиката како хируршка интервенција сè почесто се работи и се применува не само во светот, туку и во нашата држава. На неа најчесто се подложуваат проститутките, за да ги задоволат своите клиенти за да им „бидат први кои им ја одзеле невиноста". Новите партнери на проститутките, за да ја задоволат својата суета (односно барем некаде да бидат „први"), подготвени се тој чин на „првиот сексуален однос" на својата дама дебело да ѝ го платат. Исто така, се знае дека денес за оваа хируршка интервенција сè повеќе се решаваат и девојките од традиционалните патријархални семејства, за да го зачуваат својот и образот на своето семејство, како и девојките од заостанатите (социјално и интелектуално) региони. Цената на „враќањето на невиноста" се движи од 200 до 500 евра, а во некои држави и до илјада евра. Ако се обидете да направите споредба што жената и нејзиниот партнер добиваат како сатисфакција, ќе дојдете до заклучокот дека таа (мислам на добивката) истовремено е мала, но и голема. Добивката е голема затоа што до крајот на својот живот партнерот ќе си мисли дека е „првиот" во животот на својата избраница. И тоа е негова вечна заблуда. Значи, за мали пари вечна заблуда, но и вечна сатисфакција. Од друга страна, добивката е мала затоа што добивате нешто кое ќе мора да го криете целиот свој живот. Нешто што ќе морате да го потиснувате во својата психа до крајот на својот живот. А тое е вечен товар. На истава тема еден наш колумнист напиша дека тоа е:



„Горчлива метафора за тоа колку малку денес вредат чесноста и невиноста". Во секој случај, кога се работи за хименопластика, многумина се согласни дека се работи за подметнување, односно за измама на својот иден „животен" партнер. Секако дека овој зафат е понижувачки како за девојката, така и за нејзиниот партнер, од причина што таа свесно се решава на лага и измама, на која тој ѝ верува до крајот на својот живот, или до определен период, додека вистината не излезе на виделина. Навистина штета.

Но, се поставува прашањето: Ако е јасно зошто кај жените се прави хименопластиката, тогаш не е јасно зошто таа им е сè повеќе потребна на луѓето кои се занимаваат со политика? Во последниве дваесетина години нашата држава е преплавена од политичари кои извршија хименопластика. Таа не само што стана хит, туку стана и неминовна потреба, без која нема успех во политиката. Еден мој пријател од детството, кој будно ја следи политичката сцена во нашава држава, вели дека денес подложувањето на интервенција наречена политичка хименопластика стана модус вивенди на нашите политичари, стана секојдневие без кое не може да се живее. Без претензии поединечно да ги набројувам и да ги именувам, би рекол дека сите тие политичари и лидери на малите политички партии, продавајќи ја својата невиност, добро поминаа на политичката сцена. Сите тие одеа од крајност во крајност. На секои нови избори, без ралика дали беа локални или парламентарни, тие својата „невиност" еднаш им ја продаваа на припадниците на „левицата", а веќе по неколку месеци и на „десницата". Овие девственици очигледно добро ја сфатиле народната поговорка „Додека има овци – ќе има и волна".

Политичарите кои направиле хименопластика со сиот жар, со сиот интелект (онолку колку го имаат), со целото свое битие му се предаваат на еден нов политички субјект или коалиција каде што пристапуваат. Или, ако сакате, со јазикот на сексуалноста, „искрено нему му ја предаваат својата невиност". Откако успешно ќе ја минат првата брачна ноќ, тие стануваат

миленици на лидерот и на неговото најблиско опкружување. По кратко време, кога ќе видат дека од тоа нема ништо, кога ќе видат дека својата „прва брачна ноќ“ му ја подариле на промашен политички субјект или лидер, наеднаш решаваат повторно да станат невини, односно да се подложат на нова хименопластика и како чесни моми да влезат уште утре во нов политички брак. Но, внимавајте, сега решаваат тоа да го направат со уште поголема љубов, со уште поголема искреност и преданост, со уште поголема верност и изговор дека конечно ја пронашле партијата на својот животот, односно вечната љубов по која трагале долги години. И ова трае сѐ додека тој политички субјект е во можност да владее, или се очекува да владее. И кога ќе заврши едното или другото, тогаш повторно нова хименопластика. При секое губење на невиноста, овие политичари остануваат оштетени за неколку стотици евра. Оваа краткорочна штета за брзо време ја надоместуваат со продавање на својата нова чесност, на новата невиност. Значи, на политичката сцената е стара и позната девојка, со нов и негибнат химен. Демек, мома која сета своја чесност и љубов му ја предава на лидерот и на неговото политичко раководство.

И така сѐ во недоглед. Сѐ додека има шанси да се биде во власта или да се биде дел од неа, имаме стари политичари кои се издупчени како решето, а сепак невини, кои одлично поминуваат кај лидерите на големите партии. Во една своја колумна пред неколку години на истава тема, за истите овие политичари, Венко Андоновски напиша: „И така, додека постои хименопластиката, ќе постојат постојано сѐ едни и исти, стари, а сепак невини политичари. Невиноста станува стока за сериска употреба, дел од потрошувачкото општество, оти се продуцира и се репродуцира на индустриска лента, и никогаш не може да се исцрпи, како што никогаш, на пример, не може да се исцрпи производството на леб, оти и лебот, како и невиноста, постојано се троши, се консумира, но затоа и се произведува. Нов леб и нова невиност“. Или, доколку ова се обидете да го објасните со јазикот на проститутките, во ситуација кога некој друг им ја одзема работата, би гласело: „Од вас чесните, ние курвите не можеме на ред да дојдеме“.



Политичката хименопластика е современ начин на измама во политиката, а онаму каде што има измама таму има и изневерени. Но, проблемот е тоа што изневерените никогаш нема да ви признаат дека биле изневерени. Секогаш ќе најдат, односно ќе бараат оправдување, во кое и самите не веруваат.

И на крајот, неодамна на оваа иста тема, во еден весник прочитав дека во Египет комплетот со вештачки химен и целиот потребен прибор, од кинеско производство, денес се продава по цена од околу 30 долари. Во рекламата за овој производ се вели: „Не морате повеќе да се грижите поради загубената невиност. Со овој производ можете кога било да ја доживеете својата прва брачна ноќ“. Јас би додал дека со ваквиот производ на полето на политиката секогаш би можеле за евтини пари да дојдете до политичка невиност и продавајќи ја неа експресно да станете дел од политичкиот естаблишмент во државава. Во контекст на ова постои еден податок, кој вели дека еден турски гинеколог што работел со хименопластика постигнал светски рекорд. Тој на една проститутка ѝ го реконструирал хименот дури 431 пат. Се чини дека некои наши политичари се блиску да го достигнат овој рекорд.

ВР-15.06.2010

## Отворено писмо до НИКОЛА ГРУЕВСКИ, Претседател на ВМРО-ДПМНЕ

**Почитуван господине Претседателе,**

Со големо и искрено задоволство ја примив Вашата одлука за достојно одбележување на 20-годишнината од формирањето на нашата партија ВМРО-ДПМНЕ, чие постоење и дејствување е тесно поврзано со најсветлите страници на македонската борба за независна и самостојна македонска држава. Како човек кој од првите денови е член на ВМРО-ДПМНЕ, денес се чувствувам горд и среќен што, исполнувајќи ја нашата света човечка должност кон сопствениот народ, дадов свој скромен придонес во тие први денови на возобнување на историското ВМРО преку формирањето и дејствувањето на ВМРО-ДПМНЕ. Во деновите кои следеа, и покрај жестоката репресија на остатоците од стариот југословенски режим, ВМРО-ДПМНЕ во целост го оправда своето постоење и историска мисија во зачувувањето на македонската независност, израснувајќи во силен политички фактор во земјата, цврсто поврзан со македонскиот народ, што конечно резултираше со победа на изборите и со доаѓање на власт.

Почитуван Претседателе, одбележувањето на јубилејот е добар повод за да се навратиме и да се потсетиме на почетоците на формирањето на Партијата, поточно на сите оние судбоносни моменти кога соочени со сериозните закани за воена разврска – беше повеќе од храброст да се спомене самото име ВМРО, а зачленувањето или пропагирањето на нејзините идеи беше вистински ерес, непријателски чин, закана за системот... Малкумина во тоа време ја имаа таа храброст и доблест, по цена на сопствена саможртва, да започнат постапка за возобновување на историското ВМРО преку формирањето на новиот политички субјект ВМРО-ДПМНЕ. Сега, по 20 години од тие историски мигови, чувствувам огромна чест, гордост и задоволство што во тие први моменти им се приклучив на основачите на нашата партија.

Господине Претседателе,

Дозволете ми во оваа пригода да ја искажам и мојата индигнација од некои настани кои ја поматуваат радоста за прославата на дводецениskiот јубилеј и фрлаат сенка врз определени историски настани. Имено, во некои јавни настапи по медиумите, во новинарски написи или фељтони, како и изјавите на „видни личности“ од Партијата, присутна е евидентна тенденција за искривување на фактите, за премолчување или манипулирање со нив, особено во поглед на тоа **кога и каде е основана Партијата, кои биле основачите, каде се наоѓало првото седиште на Партијата, кои личности биле првите функционери на Партијата**, како и за повеќе клучни настани од нејзиното дејствување. Иако, вакви обиди за историско „демистифицирање“ имаше и порано, сепак денес, кога се слави еден таков јубилеј, тие имаат далеку поголемо значење. Дотолку повеќе што денес како протагонисти на таквата политика се личности кои во тие историски и клучни мигови биле на спротивните позиции од оние на ВМРО-ДПМНЕ!

Просто е несфатливо, почитуван Претседателе, сето ова да се прави пред очите на голем број живи активни учесници во овие настани и во услови кога за сето тоа постојат валидни документи. Вистината е една и единствена – партијата ВМРО-ДПМНЕ е основана во Скопје, потписници на барањето за основање се 120 лица, а првото седиште и штаб на Партијата се наоѓаат на ул. Горноврановска 122 (или, поточно, во куќата на семејството Змејковски), каде што престојува и тогашното највисоко раководство на Партијата. За жал, голем број личности, кои дале значаен придонес и личен печат во тие судбоносни и значајни настани, се едноставно заборавени или избришани од сторијата и историјата на Партијата. Дрскоста оди дотаму

што најголем дел од новото, „инстант“ членство, за кое некои велат дека е на „привремена работа“ во ВМРО-ДПМНЕ, искажува флагрантна дискредитација кон вистинските основачи, втемелувачите на ВМРО-ДПМНЕ и нејзините први членови!? Се плашат од нив како ѓавол од темјан. Верувам дека ќе се сложите со мене дека овие луѓе не го заслужуваат тоа и дека ваквите методи и постапки не се својствени на нашето ВМРО-ДПМНЕ, туку на системот и Партијата против кои се боревме во сите овие изминати години.

Токму затоа, господине Претседателе, сметам дека е повеќе од неопходно, и во интерес на угледот на ВМРО-ДПМНЕ, да се стави крај на ваквите негативни тенденции и да се направи напор јавно и недвосмислено да се соопшти целосната вистина за сите поважни **настани** и **личности** од историјата на ВМРО-ДПМНЕ, од нејзиното основање до денес. Иако одделни личности можеби веќе не се меѓу живите, или пак од најразновидни причини ја напуштиле Партијата, меѓутоа во никој случај не може да се игнорира или премолчи нивната тогашна улога, без оглед на нивните подоцнежни постапки. Според мене, токму тука е една од основните разлики меѓу демократските стремежи на ВМРО-ДПМНЕ и тоталитаризмот против кој се боревме, чија карактеристика беше токму таа – грубо фалсификување на историската вистина!

Приклучувајќи се кон прославата на големиот јубилеј и со надеж дека најсериозно ќе ги примите овие мои укажувања, Ви упатувам братски поздрави со желба за успешна работа во интерес на македонскиот народ и на Република Македонија.

**ДА ЖИВЕЕ ВМРО-ДПМНЕ!**

## ПРОКЛЕТСТВОТО ОД ТЕКУМЕШ

ВР-19.06.2010

Долго размислував што денес да напишам во мојот редовен саботен текст. Бидејќи веќе две недели сме бомбардирани од одбележувањето на 20-годишниот јубилеј на ВМРО-ДПМНЕ и од непотребната дискусија кој сè бил основач на Партијата, за денес решив на читателите (за релаксација) да им ја раскажам приказната за Текумеш (Tippecanoe), односно за проклетството кое до пред неколку десетици години ги следеше американските претседатели. Но, пред да почнам со неговото објаснување, еве неколку податоци околу создавањето на САД. Имено, Уставотворното собрание во Филаделфија во 1787 година го донесува Уставот на САД како прв федерален и прв пишан Устав во современата историја на светот. Уставот стапил во сила во јуни 1789 год., по потврдата од деветтата држава, со што бил исполнет условот утврден во членот 7 од Уставот. Последната, 13-тата држава својата потврда на Уставот ја дала дури кон почетокот на 1791 год. Прв претседател бил Џорџ Вашингтон 1789–1797, Барак Обама е 44 претседател на САД .

Проклетството Текумеш своите корени ги има во далечната 1811 година, за време на битката меѓу Текумеш и Вилијам Хенри Харисон, кој тогаш бил гувернер на територијата на Индијана. Гувернерот Харисон ги поткупувал домородците Индијанци за да му ја отстапат нивната територија. Додека траела оваа операција на поткупување, тој им делел виски на домородците, чие пак конзумирање предизвикувало алкохолизираност и негативно расположение кај нив. Ова однесување на Индијанците го вознемирило поглаварот Текумеш (Пантер во небото) и од името на своето племе објавува војна против гувернерот. Во 1811 година, Вилијам Харисон го започнува завршниот напад со кој успешно ги поразува поглаварот Текумеш и неговиот полубрат Тенскватава (Пророк). Како одмазда, Текумеш и Тенскватава ја фрлаат страшната клетва

на Американците, која денес е позната и како претседателска клетва, или клетва на т.н. нула година. Клетвата се користи за да се опише шемата од 1840 до 1960 година која вклучува смрт, за секој претседател кој доаѓа на власт, на секои наредни 20 год. Значи, смртна казна им следува на сите американски претседатели во годините кои завршуваат на нула и се делат со бројот 20. Клетвата е прекината со нанесената прострелна рана на претседателот Роналд Реган, кој успеал да преживее по атентатот врз него во 1980 год.

Ова проклетство првпат беше објавено во книгата „Рипли, верувале или не“ во 1931 година. По објавувањето на листата во 1931 во „Рипли, верувале или не“, секаде се зборело за оваа клетва, па дури бил направен и анимиран филм со наслов „Проклетството врз Белата куќа“. Според нивните податоци, проклетството започнува во 1840 година, со смртта на Вилијам Хенри Харисон (1841–1845). Оттогаш, па сè до 1960 година, сите претседатели или се убиени или умираат од „природна“ смрт. Под вакви околности почнале да се шират муабети меѓу луѓето дека станува збор за фатална индијанска клетва против Американците.

За потврда на проклетството, проследете ја листата на избрани американски претседатели по години. Во 1840 година за претседател е избран Вилијам Хенри Харисон, кој починал од пневмонија на 68 години, веднаш по неговото свечено воведување на должност. Во 1860 – Абрахам Линколн (по неговиот втор избор во 1865 година). Во 1880 – Џејмс Гарфилд (во 1881 се здобил со прострелна рана во грбот и подлегнал на болките). Во 1900 – Вилијам Мек Кинли (атентат во Бафало додека се поздравувал со неговите обожаватели). Во 1920 – Ворен Г. Хардинг (починал во 1923 год. од срцев удар, се смета дека го отрула неговата сопруга). Во 1940 – Френклин Д. Рузвелт (во 1945 год. добива мозочен удар, по што набрзо починал). Во 1960 – Џон Ф. Кенеди (во 1963 г. бил убиен од страна на Ли Харви Освалд). И, на крајот, во 1980 година извршен е неуспешен атентат над Роналд Реган.

Во 1980 година ова било една од најпопуларните дебати и Американците почнале да се обложуваат дали избраниот



претседател ќе ја има истата судбина како и неговите претходници. Околу тогашниот избор за претседател постои и една приказна која кружи меѓу Американците. Имено, пред изборите, на претседателскиот кандидат Џими Картер му било поставено прашањето: „Дали има страв од клетвата?“ Тој одговорил дека ќе се случи она што е запишано од Бога, а негова задача е да ги исполни очекувањата на народот и да ја води државата најдобро што може до последниот ден. Таа година за претседател бил избран Роналд Реган и тука проклетството завршува. Р. Реган својот мандат од 8 години го преживеа, иако бил сериозно повреден од страна на атентаторот. Колумнистот Џек Андерсон објавил дека или проклетството, завршило или дека Реган имал 9 животи.

Ако направиме резиме, ќе заклучиме дека во американската историја досега се убиени 4 претседатели. Убиен бил шеснаесетиот по ред претседател Абрахам Линколн (1861–1865), 20-тиот Џејмс Гарфилд (1881–1881), 25-тиот Вилијам МекКинли (1897–1901), 35-тиот Џон Кенеди (1961–1963). За двајца кои умреле од природна смрт се сомнева дека биле отруени. Тоа се Захари Тејлор (1849–1850) и Ворен Хардинг (1921–1923). На Захари Тејлор, на Денот на благодарноста, му е дијагностицирана „колера морбус“ – колера која вклучува дијареја и дезинтерија. Добиениот гастроентеритис бил фатален. Тврдењата дека тој бил отруен, биле основа за негова ексхумација во 1891 год. Есхумацијата покажала дека во организмот постел арсеник, но во мали количества кои не можеле да усмртат човек? Ворен Хардинг се разболел во 1923 год. и умрел 7 дена подоцна, откако бил известен за некои сомнителни работи на некои политичари и бизнисмени. Барањето за аутопсија било одбиено од неговата сопруга, со што се зголемиле сомнежите дека и таа е дел од заговорот против нејзиниот маж. До ден денес не се знае дали смртта била природна, или пак е резултат на заговор како резултат на клетвата. Познати се зборовите на Џорџ Вашингтон, кој кога ја презел извршната власт во 1789, ги изустил зборовите: „Се чувствувам како да ме носат на стрелање“. И навистина, првото такво „стрелање“

се случува 76 години подоцна на Велики петок во 1865 год., кога во Форд-театарот е застрелан Абрахам Линколн. Џејмс Гарфилд, 20-тиот по ред американски претседател, е застрелан од Чарл Гулит на само два дни по Денот на независноста во 1881 год. Испуканите куршуми не биле прецизни и тој преживеал 11 недели по атентатот. Денес постои доказ кој вели дека претседателот би преживеал, доколку лекарите порано не сфателе дека поради тоа што телото кое било положено на метална лежалка, со детекторот за метал не можеле да го лоцираат куршумот. 25-тиот претседател Вилијам МекКинли (1897–1901) во 1901 бил убиен од Леон Чолгош, син на полски емигранти, анархист по убедување. Кај ова убиство се поставува прашањето и за заговор, што е плод на клетвата. И денес многумина го поставуваат прашањето зошто за откривање на куршумот не бил користен рендген-апаратот кој бил во близината, дури не бил користен и вториот апарат што тогашниот потпретседател Теодор Рузвелт им го пратил на докторите уште утредента. Кога се работи за атентати, вредно е да се споменат и обидите за убиство на Теодор Рузвелт – во октомври 1912 година, на Френклин Делано Рузвелт – во 1933 год и на Хари Труман – во 1950 година од страна на двајца активисти за независност на Порторико. За браќата Кенеди во оваа ситуација нема да пишувам, од причина што досега за нив е доста напишано.

Но, без разлика колку и да се зборувало на оваа тема, сепак до денес нема докази за нејзиното вистинско постоење. Астролозите велат дека проклетства не постојат, туку дека за нашиот живот пресудуваат ѕвездите. Според дел од нив, се работи за е космичка коинциденција, бидејќи планетите се менуваат на секои 20 години, па така имаме преклопување на Јупитер со Сатурн, кои имаат многу силни влијанија. Вакво преклопување на Јупитер со Сатурн имало и во 2000 г. и било во знакот на Бикот. Овој феномен повторно треба да се случи за 600 години. Според астролозите, во 2000 година, овој феномен ја прекинува т.н. смртна клетва и оној кој е прв избран за претседател во 2000 г. (тогаш е избран Џорџ Буш Помладиот) ќе го следи добра среќа и благосостојба. И човекот си истера два манадата, без влакно да му фали на косата.

# ФИЛАНТРОКРИМИНАЛИЗАМ

ВР-26.06.2010

Деновиве средствата за информирање пријатно нè изненадија со веста дека Бил Гејтс и Ворен Бафет ја започнуваат големата филантропска акција за убедување на американските милијардери и милионери да отстапат половина од нивното богатство во добротворни цели. Акцијата започна со писмото што овие двајца осведочени филантропи му го упатија на Дејвид Рокфелер, зачетник на модерното донаторство. Имено, Рокфелер околу половина од своето богатство го издвојува за формирање на Фондацијата Рокфелер, првата донаторска институција во САД, а го има изградено и Универзитетот во Чикаго, како и многу други хуманитарни акции. Рамо до рамо, покрај Рокфелер, е и Ендрју Карнеги, кој добар дел од своето богатство го наменил за изградба на библиотеки и на музеи низ цела Америка.

Филантропската акција наречена „Обврзување за давање“ треба да ги убеди милијардерите и милионерите во светот, а пред сè американските, јавно да се обврзат дека за време на својот живот, но и по нивната смрт, дека половина од своето богатство ќе го отстапат во хуманитарни цели. Бил Гејтс, кој располага со нешто повеќе од 53 милијарди долари, и Ворен Бафетс, со околу 47 милијарди долари, настојуваат на таа обврска да натераат нешто повеќе од четиристотини милијардери кои живеат во САД. Интересно е дека Ворен Бафет уште во 2006 година 99% од своето богатство го подари на фондацијата на Бил и Мелинда Гејтс и на други добротворни институции. За него се зборува дека дури и акциите на својата почината сопруга Сузан веќе ги има поделено на добротворните организации. Во својата фондација Бил и Мелинда Гејтс досега имаат дадено повеќе од 28 милијарди долари, а за 16 години од нејзиното постоење повеќе од 22 милијарди долари се наменети за подобрување на здравствените услови во сиромашните држави и за подобрување на животот на сиромашните Американци. Пред

неколку дена, овој милијардер посвои цело село во Индија. Се работи за селото Гуларија, или познато кај Индијците како „глувчарско село". Ова име е добиено бидејќи поради големата суша, како и катастрофалните поплави, неговите сиромашни селани приморани се да се хранат со глувци и со други глодари.

Последните информации велат дека Дејвид Рокфелер, Џорџ Сорос и медиумскиот магнат Гери Ленфест веќе се обврзале на овој чин. Ворен Бафет и Бил Гејтс на оваа акција се решаваат заради заживување на старата традиција на Американците. Оваа традиција се однесува на ставот дека кога се решава еден голем проблем од општо значење за сите Американци, подобро е богатите сами да се здружат отколку да се потпираат и да чекаат на владата. Двајцата сметаат дека традицијата на добротворно волонтерско здружување за добро на сите е длабоко вткаена во корените на Американците уште од времето на создавањето на американската нација на која сите се горди. Познавачите на филантропијата велат доколку оваа акција успее таа може да го промени лицето на веќе подзаборавената филантропија во светот. Секако заслугите за тоа одат за сметка на Бил Гејтс и Ворен Бафет кои, воведувајќи ги бизнис техниките во своите добротворни акции, на површина исфрлија и еден нов термин наречен филантрокапитализам.

Така е во Америка и никаде на друго место, во ниту една држава во светот. Јавно се прашувам дали во нашата држава нашите транзициони и посттранзициони милионери би можеле да се решат на ваков чекор. Ќе се јави ли некој македонски Бил и Мелинда Гејтс, Ворен и Сузан Бафет? Чинам, доколку и се појави некој ваков (иако и да видам нема да верувам), тој ќе остане сам и осамен и во никој случај нема да даде половина од своето новостекнато богатство, во најголем дел стекнато на сомнителен начин. Колку што ме држи сеќавањето, досега немам слушнато дека наште богаташи, освен некои мали донации или изградба на цркви, имаат дадено нешто поголемо за македонската сиромаштија. Би било неправедно од мене да заборавам да го споменам во позитивна смисла големиот хуманист Тоше Проески, кој несебично ја даваше својата помош и се залагаше за општество во кое ќе доминираат човечките вредности, моралот и етиката. Но, сепак, една ластовичка не прави пролет.



Иако во еден од заклучоците на неодамна одржаната конференција, организирана од Здружението за промоција на филантропијата и општествена одговорност на компаниите „Конект", со поддршка на УСАИД, се вели дека луѓето во Македонија генерално сочувствуваат и сакаат да им помагаат на сограѓаните на кои им е неопходна помош; сепак, мислам дека тоа не се однесува и не ги тангира новопечените македонски милионери. Капиталот на македонските богаташи се претпоставува дека е некаде меѓу 20 и 25% од вкупниот бруто-приход на земјата. Знаете ли што половина од овие средства би значеле за сиромашните во нашата држава? Неодамна српскиот претседател Борис Тадиќ за ваквите богаташи во неговата држава рече дека се „непристојно богати". Очигледно дека така „непристојно богати" се и нашите богаташи. А за да бидат пристојни, за да не одговараат пред лицето на правдата (ако сè уште го има), за да не им патат поколенијата за нивните гревови, за да спијат мирно, јас им порачувам да го следат примерот на Гејтс и Бафет. Не мора половина од богатството, за почеток онака срамежливо нека биде барем најмалку 20%.

Сепак, и за овој процент сум скептичен, па затоа еве и мој предлог како да почнеме да ја развиваме филантропијата во Македонија, доколку одзивот на македонските милионери биде мал или никаков, за што сум 100% сигурен. Деновиве во разговор со некои мои пријатели на оваа тема, дојдов до фрапантни сознанија за она што сè се случува во нашиот град, а кое пак може да го претвориме во еден нов вид филантропија. Тоа би значело да имаме уникатен тип македонски филантропи. Сознанијата се однесуваат на начинот на кој определени луѓе од власта ги рекетираат бизнисмените, а овие, за да им оди работата, плаќаат наголемо, и тоа во кеш. Се работи за еден претседавач на еден општински совет во градот Скопје. Ова безобразно копиле секој месец од еден бизнисмен (или два да не беа), кој стопанисува со еден паркинг во градот, на свое кон-

то (море џеб да не беше) секој месец прокнижува околу 1 500 евра. Дилот со бизнисменот кој стопанисува со овој паркинг е мошне јасен. Доколку сакаш да немаш проблеми со паркингот и доколку сакаш никој да не те вознемирува, давај ми ти мене 1 500 евра секој месец и јас ќе те штитам додека јас и моите сме на власт. Речено сторено. „Чесниот бизнисмен", за да продолжи и понатаму безгрижно да работи и да заработува, се решава секој месец да му ги исплатува во кеш овие пари. И ова беше доволна провокација да дадам предлог како доколку не сакаат богаташите да одвојат за сиромашните, тоа да го направат оние кои сега најмногу заработуваат на нелегален начин. Најнапред бизнисменот кој дава рекет да престане со понатамошно давање мито и средствата нека ги насочи во некоја хуманитарна фондација. Доколку тој се плаши да го стори тоа, тогаш улогата нека ја преземе општинскиот советник-рекетар, кој ги зема тие пари. Значи, на еден ваков начин, доколку едниот или другиот имаат малку чувство за срам и за желба за надминување на егоизмот, ние ќе ги промовираме во први и уникатни македонски филантропи, а досегашниот грев ќе им ги простиме. Чинам дека Македонија и Македонците ќе бидат среќни, зошто ќе добијат современи Робин Худовци. Ако во Америка тоа денес го нарекуваат филантрокапитализам, ние ќе го наречеме филантрокриминализам.

А знаете ли колку вакви ситни и крупни функционери и функционерчиња денес го прават ова на ист, или сличен начин? Од нивните не-алал и арам заработени пари, денес можат во секој град да функционираат народни кујни, да се направат места за сместување на бездомниците, места за питачите, места за оние кои секој ден врзуваат одвај крај со крај и им гладуваат или им боледуваат нивните деца. Колку ли само деца без родители ќе можат конечно да имаат свој дом и др.? Изградбата на цркви и манастири под ктиторство на македонските милионери нема на ним да им ги испере гревовите, туку само акции како споменатите погоре во текстот. Сè додека некој не се сети да поведе вакква или слична акција, дотогаш власта и совеста на сите нас, а посебно на македонските милионери, е на потег.

## ДОСТА ДЕМАГОГИЈА
### Држете го корумпираниот професор

ВР-03.07.2010

Кој за што, јас пак за митото и за корупцијата. Ако минатата недела пишував за рекетот што некои локални функционерчиња го земаат од бизнисмените, денешниов текст се однесува на акцијата на Владата на РМ наречена „Борба против корупцијата во високото образование". Иако ова не е ништо ново и веќе е видено, сепак сметам дека акцијата треба максимално да се поддржи и затоа со големо внимание и радост ја пречекав одлуката на Министерот за образование на Република Македонија, Никола Тодоров, конечно да отвори канцаларии во кои студентите без никакви последици ќе можат да ги пријават професорите кои земаат мито од нив. Антикорупциски канцеларии ќе бидат отворени во сите пет државни универзитети. Посебна канцеларија ќе биде отворена и во Министерството, која ќе ги координира и каде ќе бидат доставувани сите коруптивни активности, а понатаму ќе бидат проследени до надлежните институции. Овие канцаларии треба да овозможат постојан и навремен контакт и размена на информации за проблемите што се јавуваат во студентските сојузи и во односот меѓу професорите и студентите. Според зборовите на министерот Тодоров, целта е да се креира образовна околина целосно ослободена од какви било коруптивни активности, насочена кон развивање на односите меѓу професорите и студентите за подигање на квалитетот на наставата и на образованието. И до тука сè е во ред и на ова немам никаква забелешка и од срце ја поздравувам и ја поддржувам акцијата. Искрено се надевам дека оваа акција нема да биде со краток здив како и многупати досега преземените акции во оваа област.

Во минатото бевме сведоци дека речиси сите министри се обидуваа да ја спречат корупцијата во образованието, а по-

себно во високото, а сепак резултатите досега се само симболични. Да се потсетиме дека и во текот на 2004 година тогашниот миистер Азис Положани отвори телефонска линија на која студентите можеа да ги пријавуваат корумпираните професори. На оваа линија, според податоците од Министерство за образование и наука, до неодамна имало само триесетина анонимни јавувања. Одзивот бил слаб, бидејќи студентите се плашеле за нивното натамошно студирање поради селективниот, или пак пасивниот, однос кон проблемот од страна на надлежните субјекти. Остана во сеќавање изјавата за медиумите на еден родител, кој јавно кажа: „Полесно ми е да платам 500 евра, инаку којзнае кога ќе ми дипломира детето". Значи, се работи за родител кој лично отишол во Министерството да пријави случај на корупција, но веднаш се откажал кога било побарано од него да се идентификува. Родителите и студентите се обесхрабруваат да одат понатаму и да прифатат судски процеси против конкретни професори, со образложение дека од една страна не веруваат во ефикасноста на државните институции и слабите механизми за нивна заштита, а од друга страна е фактот дека во нашата држава давањето поткуп е кривично дело и за давателот и за примачот, па оттаму луѓето тешко се решаваат да пријават. Ова се само дел од причините кои оневозможија претходните акции да се реализираат онака како што треба и како е замислено.

Кога сме веќе кај акцијата, сакам да напоменам дека е жално што секогаш кога се зборува за корупцијата на факултетите во ист кош се ставаат и чесните и нечесните професори, односно оние кои земаат мито и оние на кои никогаш не им паднало на ум да направат такво нешто. И нормално, најголемиот дел од професорскиот кадар со право реагира на ваквиот обид за обопштување на нештата и во ист кош да се стават сите. Ако постои корупција, таа е дело на поединци, а не на целата институција, и тоа мислам дека им е познато на сите. Проблемот се паушалните изјави од страна на студентите, со кои не може да се постигне ништо. Студентите за поткупувањето зборуваат само во ходниците на факултетите и во студентските домови. Потребна е храброст директно да се посочи професорот што бара мито. Бидете сигурни дека најголем дел од оние што функционираат во образованието не се корумпирани и солидно, квалитетно, транспарентно и чесно си ја извршуваат својата работа. Проблемот е во една мала група аморалци, поради која се креира ваква перцепција во целата држава.



Ако е тоа така, што го потврди и самиот министер во една своја изјава, мене навистина не ми е јасно зошто сега на овој млад човек му е потребна ваква парада и вакво иритирање на чесните професори. Да, добро прочитавте, парада за еднократна употреба, зашто сум сигурен дека овој негов ентузијазам набрзо ќе спласне и сè ќе биде како и во минатото. Ќе се запрашате, на што го засновам овој мој песимизам? Најнапред поради истите причини кои ги оневозможија и претходните акции. Второ, поради фактот што и покрај тоа што досега и на просветните инспектори и на вработените во Министерството за внатрешни работи, и на студентите, им е кристално јасно кои се тие професори и колкава им е цената, сè уште никој ништо не презема. Пријавите до Министерството за внатрешни работи за коруптивно однесување на некои професори досега најчесто не се процесуирани, или пак случајот набрзо бил забошотуван. Едноставно, голем број вакви аморални луѓе, за кои и врапчињата знаат дека се корумпирани, сè досега останаа без изрекување на заслужената казна. Трагедијата да биде поголема, јас сум човек на кој неколкумина пријатели, токму вработени во Министерството за внатрешни работи, ми се пожалиле дека кај некој професор мораае да платат мито затоа што нивниот син или ќерка можеле само на таков начин да го положат испитот.

Според зборовите на студентите, „тарифата" за полагање на испитот на корумпираните професори најчесто им се уплатува на фирма на нивни близок пријател, роднина или сопруг, за божем извршени услуги или преку посредник-студент,

лично на рака на студентот. Понатаму, еден од методите е и принудување на студентите да дојдат на приватни дополнителни часови, за што дебело ќе платат и за неколку часа „ќе научат“ сè што не научиле во текот на семестарот. Понатаму, следи уплата (спонзорство) за печатење книги, купување уметнички слики во некоја галерија каде што само се уплатува, а не се подигнува сликата – бидејќи добро е разработена шемата меѓу сопственикот на галеријата и професорот, како и други најразлични начини на земање пари. И сето тоа така јавно поминува пред очите на оние кои се надлежни да го спречат тоа, без да се преземе нешто. Па потоа ќе се жалиме дека имало корупција во образованието и во ист кош ќе се ставаат сите професори.

Во однос на принудувањето на студентите да ги купуваат книгите на професорот и неговите прирачници, министерот Тодоров рече оти тоа е еден од најболните проблеми кон кој сериозно ќе бидат насочени во иднина. И мислам дека и ова е само уште едно ФОЛИРАЊЕ од негова страна. Па кого прави будала овој министер? Доколку искрено сака да започне со решавање на овој проблем, за почеток нека ги погледа (искрено не верувам дека досега не ги погледнал) записниците на државниот просветен инспектор направени при контрола на еден од факултетите во внатрешноста на државата, каде што јасно, со име и презиме, е констатирано кои се тие професори кои ги принудувале студентите да ги купуваат нивните книги или прирачници. За нив инспекторот кој го водел случајот констатирал дека треба доследно да се спроведе Одлуката на деканската управа на факултетот, каде што се предвидуваат најстроги мерки за казнување на овие професори. И сето ова некој го спречил? ЗОШТО, Министре? Така ли ќе се борите против корупцијата? Или и ВИЕ НИШТО НЕ ЗНАЕТЕ за тоа, а се СОГЛАСИВТЕ на ЕДЕН ОД НИВ да му ДАДЕТЕ ФУНКЦИЈА? Да, Министре ФУНКЦИЈА му дадовте. И Вашиот Директор на државниот просветен инспекторат ништо не знае за ова? Не знае и Ректорот на Универзитетот? НИКОЈ НИШТО НЕ ЗНАЕТЕ, А ЌЕ СЕ БОРИТЕ



ПРОТИВ КОРУПЦИЈАТА!? За ваквиот начин на однесување ќе ги употребам зборовите на еден гледач на утринските емисии, кој вели: „ДОСТА ДЕМАГОГИЈА“.

Има ли излез од ова? Секако дека има и нема потреба да измислуваме топла вода, бидејќи таа е веќе измислена и поради тоа корупцијата на некои факултети во светот е еднаква на нула. Овој проблем на поголем број универзитети е решен мошне едноставно. Се работи за потпишување етички кодекс од страна на професорите и на студентите. Потписниците мора строго да се придржуваат кон него. Се потпишува секоја година и тој е рамен на закон, а неговиот ефект е дури поголем од законот. Секој професор кој нема да го почитува, ќе биде отпуштен и никогаш веќе нема да најде работа во образованието. Секој студент кој ќе се обиде да плати пари за оценка, прави голем голем прекршок и за него следуваат санкции.

Посебно ефикасно средство е постоењето студентски суд, кој има можност да донесе пресуда. Судот изрекува неколку вида санкции. Така, на пример, доколку студентот се покае, односно признае дека згрешил, може да добие единица или „ф“, што во превод би значело исто како студентот да е паднат на испит. Исто така, студентскиот суд може да реши за период од еден семестар, или за една учебна година, да го отстрани студентот од универзитетот. Секако дека најстрогата опција е студентот кој платил за оценка да биде избркан засекогаш од универзитетот. Ова секако дека има влијание и на другите универзитети, затоа што каде и да аплицира студентот – на сите ќе им биде јасно зошто бил отстранет од претходниот универзитет. Практично и мошне едноставно.

Ако кон ова се додадат и доследното почитување на Кривичниот законик, како и почитувањето и спроведувањето на професионалните стандарди на универзитетите, ефектот во борбата со корупцијата во образованието ќе биде стопостотен и ќе нема потреба од вакви и слични ПАРАДИ И ГЛУМА пред ЈАВНОСТА.

## ШМИНКАЊЕ НА МРТОВЕЦ

ВР-17.07.2010

Улогата на опозицијата во развиените демократски општества е од суштествено значење. Од неа се очекува да биде коректив на власта. Од тоа колку опозицијата е активна, зависи и просторот за дејствување кој ќе му се даде на парламентарното мнозинство. Доколку опозицијата е поактивна и поконструктивна, мнозинството има мал маневарски простор за дејствување, и обратно. Значи, целта на опозицијата е што е можно повеќе да го намали тој маневарски простор на позицијата и секој обид за пречекорување на границите на тој простор едноставно треба да претставува шанса опозицијата да даде гол. За остварување на оваа цел, опозицијата во свои раце има голем број инструменти кои мора ефикасно да ги користи. Тука, пред сè, е собраниската говорница, собраниските комисии и разните тела, можноста за одржување митинзи, прес-конференции, дебати итн. Едноставно, сите опозициони партии во светот ги користат максимално овие средства и горе-долу имаат помал или поголем успех. Така е секаде во светот, а како е во нашата држава?. Има ли актуелната власт во Република Македонија опозиција? Какво е нејзиното лице и тело, се прашања кои секојдневно ги поставуваме сите ние кои сме надвор од политиката, а кои малку се разбираме од политика?

Во јавноста досега постоеше силен впечаток дека опозиција во Република Македонија нема, или таа досега не можеше а и не не знаеше да функционира како што треба. Токму поради тоа, до пред неколку недели не можевме да зборуваме за опозиција, бидејќи таа беше раситнета и неорганизирана, а нејзината улога ја играа новинарите. Од она што досега го видовме како дејствување на опозицијата, тие (мислам на новинарите) ќе мора уште долго време да играат вистинска опозиција. Како по некое непишано правило, секогаш кога ќе се остави премногу слободен политички простор, во испразнетата „брачна политичка постела" влегуваат новинарите и нивните медиуми. Значи, наместо да имате објективни и непристрасни медиуми и новинари кои треба верно да ги пренесуваат реалните случувања на политичката сцена, наместо декларираната неутралност, имате мутирана и, за жал, нивна политичка позиција. Може ли во една ваква констелација на односите на политичката сцена во Република Македонија, работите од глава да се постават на нозе, односно наместо опозиција да бидат новинарите, опозиција да бидат политичките партии? И, да бидам објективен. На ова поле почна да се дејствува по промовирањето на опозициониот југоносталгичен блок предводен од страна на Црвенковски пред неколку месеци. Но, дали ваквиот блок може да ја замени улогата на новинарите, кои не сакајќи станаа опозиција за доброто на сите нас?

Како и секој сериозен човек кој учествува во животот на јавната мисла, особено во сферата на политиката, забележувам дека во последно време некако опозицијата се разбуди и почна малку да потклоцнува. И покрај одржаниот голем опозиционерски митинг во Скопје, сепак сето она што деновиве го прави опозицијата ми прилега како на ситуација кога најблиските ги поминуваат последните минути со својот штотуку починат роднина. Тоа приближно оди вака. Почитувајќи ја традицијата, најблиските имале или немале средства, поради срамот од јавноста, се токмат да направат што е можно поубаво и подостоинствено испраќање на починатиот. Истите тие за да не се срамат пред своите пријатели кои ќе дојдат на чинот на последното простување, го облекуваат мртовецот во нов костум, му облекуваат нова долна облека, нови чевли и, секако, тука е и неизбежното шминкање за да изгледа починатиот што е можно поубаво во последните моменти на простувањето од него. Нека ми простат христијанските верници, но ова што денес се случува со опозицијата во нашава држава многу ми прилега на вршењето на овој христијански обред. Ќе се запрашате зошто? Ако до вчера имавте мртва, или опозиција која ги броеше последните свои денови онака испружена на смртна постела, де-

нес од она што го гледаме таа некако поднашминка се обидува да се врати на политичката сцена, да се врати во политичкиот живот. И сѐ е во ред доколку шминката ѝ стои и доколку таа шминка потрае подолго време. А на овие високи температури, тоа ми е некако тешко изводливо, затоа што шминката (дури и најскапата), брзо се размачкува и уште повеќе го нагрдува нејзиното лице. Постарите велат дека нешто на кое му се одбројани деновите, дури и најпознатите светски шминкери да го шминкаат – му нема фајде.

А како и ќе има фајде кога гледаме кој сѐ ја сочинува истата таа опозиција? Од далеку можеби нема да ги видите нејзините брчки и длабоки бразди, но одблизу сѐ е видливо. А како и ќе има фајде кога тие што поведуваат прашањето за интерпелација на спикерот на Парламантот – не доаѓаат на гласање. А како ќе имате опозиција без план и визија и кога на секој обид на опозицијата нешто да каже, позицијата уште повеќе се мобилизира. Една прес-конференција на опозицијата, три од страна на позицијата, еден говорник од опозицијата – три од страна на позицијата. Еден спот од опозицијата – три од страна на позицијата. И сѐ е така во сооднос 1:3.

Како ќе имате опозиција кога таа сѐ уште собраниската говорница ја користи за негирање на сѐ што има предзнак „влада“, без оглед дали станува збор за општокорисен или штетен закон, или каков било друг предлог. А за волја на вистината има повеќе штетни, за кои некој ќе треба да одговара во иднина. Македонската опозиција отиде во крајност и упати мноштво безначајни зборови каде што приоритет беше личната дискредитација на предлагачот, а не суштината на предложеното. И.... остана само на тоа. Се чини дека таа беше воздржана само во оние ситуации кога се гласаше за определени пратенички привилегии. Како да заборавија дека тие се „избраниците на народот“ да ги штитат Уставот и незаконитоста и да ја коригираат власта.

Друг проблем кај опозицијата е самата авторитарна логика која, за жал, е длабоко вкоренета во психата на сиротото партиско членство. Тоа е ставот (свесен и несвесен) на партиските подданици дека сѐ треба да биде под капата на лидерот. Во овој случај, тоа е под капата на лидерот на опозицијата, иако таа логика ја имате и кај позицијата. Но, дали еден стигматизиран политичар може да ја доведе опозицијата до победа? Вака како што стојат работите, тоа е тешко изводливо. Но, не е сѐ така црно.



Зрак на надеж на опозицијата ѝ дава помошта која таа ја добива од т.н. внатрешни непријатели во редовите на позицијата. Во позицискиот блок има длабоко неединство и прашање е на време кога тоа ќе исплива на површина во јавноста. Тивката војна за подобра позиција на следните избори е приоритетна задача на малите партии кои сакаат да бидат прагматични и затоа се закачуваат онаму каде што е најсигурно. Тие како да заборавија кој им е „непријателот“. За нив тој веќе го нема. За нив е битен само политичкиот интерес и практицирањето на власта. На повидок се нови делби и трансфери, кои се квалитетна високопротеинска храна што им дава нова моќ и надеж. Ако е немоќна опозицијата, еве тука се позиционите коалициони партнери и петтоколонашите-шетачи лево-десно. Впрочем, тоа е можеби и најголемата опасност и потенцијалната бомба за лидерот на позицијата и за парламентарното мнозинство. Факт е дека опозицијата во својата немоќ игра на таа карта. Белки позиционерите ќе се свестат? Се рабира, ако не им биде доцна. Но, тоа е демократија, ако не му се стемни на еден – на друг нема да му се раздени.

Но да ја оставиме позицијата. Нам денес не ни се потребни митови и заблуди од минатото, нам не ни е потребна демагогија која ни ја пласираат и едните и другите, туку ни е потребна верба и реален оптимизам во луѓе со визија, во луѓе кои се докажале како успешни во нивниот живот. Нас, кај опозицијата не нѐ интересираат нејзините намери, нас нѐ интересираат последиците од нивното дејствување. Во принцип, согласен сум дека секој човек, а и секоја политичка партија, има во најмала рака барем пристојни намери, и за нив не сакам да

говорам. Меѓутоа, во јавниот живот нас нè интересираат само последиците, и тоа само оние позитивните. Оние кои се добри за мене и за моите сограѓани. Денес една од полесните задачи на опозицијата и на нејзините лидери е да држат запални говори со стегната десница или левица, и да ѝ се обраќаат на насобраната маса со емоции. Меѓутоа, тие мора да знаат дека имаат многу посериозна задача, а тоа е да планираат сериозна државна политика – алтернатива на постојната.

На крајот, во овој контекст ќе употребам еден дел од говорот на прерано починатиот српски премиер Зоран Џинџиќ: „За национализмот се меродавни мотивите, а за патриотизмот – резултатите и последиците. Доколку колективниот идентитет го засноваме на некој модерен облик на патриотизам, тогаш наместо етиката на намера, ќе имаме етика на одговорност, каде што наместо да образложуваме што сакавме да сториме, ќе образложуваме зошто резултатите се такви какви што се (позитивни или негативни). Е, дури тогаш ќе се полага одговорност за последиците и нема да бараме оправдување за мотивите". Тоа е огромна разлика. И токму во тоа е суштината. И затоа мораме да ги согледаме причините за досега доживеаните неуспеси. Досега никој немаше чувство дека треба да положи сметка и никој не помислува да признае дека грешел, но затоа тие тие мислат дека другите се криви. Од ова логично е дека следи и заклучокот на починатиот премиер: „Доколку при решавањето на еден проблем пристапувате секогаш на еден ист начин, очекувајте дека секогаш ќе добиете резлутат како претходниот. Доколку тој резултат бил лош, ќе мора да го менувате пристапот. Доколку не го смените пристапот, немојте друг да обвинувате за лошите резултати." И така, доколку сакаме да бидеме успешни на прагот на втората деката на XXI век, ќе мораме да го редефинираме својот однос, пред сè, кон себе, а потоа и кон опкружувањето. Суровиот и срамен популизам, кој за жал е неизбежен декор на нашето секојдневие, треба да биде одамна минат свршен чин.

## МАКЕДОНИСТИ & БУГАРОФИЛИ ВО ВМРО-ДПМНЕ

ВР-24.07.2010

Второто реемитување на емисијата „Во центар" на Васко Ефтов, чиј гостин беше Љупчо Георгиевски со неговото признание за бугарофилство во ВМРО-ДПМНЕ за време на неговото претседателствување, се чини дека ја прели чашата и затоа решив овој текст да го посветам на случувањата во ВМРО-ДПМНЕ, чиј активен член бев во тие години. Иако мотивите на Ефтов за нејзиното по вторпат репризирање ми се мошне јасно познати, сепак јас не сакам да се мешам во мотивите за националното чувство на Георгиевски, од причина што тоа е негово право. Меѓутоа, не можам да дозволам на речиси половината од тогашното членство на Централниот комитет на ВМРО-ДПМНЕ, а чиј член бев и јас, да им се препишуваат бугарски чувства и корени. Морам да бидам искрен дека интервјуто беше добра сатисфакција за сите оние кои во тој период ја поведоа иницијативата за разрешување на Доста Димовска од функцијата потпретседател на Партијата поради нејзините ставови и дејствување кои отстапуваа од оние за кои официјално се залагаше Партијата. Велат кога-тогаш вистината ќе излезе на виделина. И излезе. Но, мене ме зачудува молокот на медиумите кои во таа далечна 1997 година цело време ги следеа случувањата во ВМРО-ДПМНЕ и опширно пишуваа, а сега, по толку години, кога вистината излезе на виделина, ама буквално ништо не споменаа за таа историска седница на ЦК на ВМРО-ДПМНЕ. Бидејќи многумина и не знаат, или пак заборавиле, што всушност се случуваше на таа историска седница, во кратки црти ќе се обидам објективно, и по поминати 13 години, да ги потсетам читателите што се случуваше и што им претходеше на тие случувања.

Кон крајот на август 1997 год., поточно по седницата на ЦК на ВМРО-ДПМНЕ која се одржа на 30.08.1997 г. во Собранието на Град Скопје, во македонската јавност како бом-

ба одекна веста за жесток судир во највисокото раководство на најмоќната опозициона партија. За многумина судирот изби неочекувано и ненајавено, бидејќи дотогаш ВМРО-ДПМНЕ важеше за една од најстабилните политички партии, во време кога во речиси сите останати партии ескалираа отворени судири во нивните редови (СДСМ, Социјалистичката партија, ЛДП итн.).

Но, пред да започнам со хронолигијата, редно е да кажам неколку збора за првите обиди за бугаризирање на оваа Партија. Иако уште на самиот почеток имаше членови со таква ориентација, сепак вистинската офанзива на великобугарската политика во ВМРО-ДПМНЕ започнува кон крајот на 1994 година, а кулминацијата ја достигна токму на таа (од денешен аспект) историска седница одржана на 30 август 1997 година. Претходно формираната ВМРО-Татковинска, во која се вгнездија најекспонираните борци за великобугарската кауза во Македонија, според процените на стратезите во Софија, не ги даде очекуваните резултати, па затоа се менува тактиката и е решено бајракот на бугарштината да го понесе ВМРО-ДПМНЕ. Притоа, дадена е директива, малобројното членство на „татковинците“ да премине во ВМРО-ДПМНЕ, да се обиде да се инфилтрира во структурите на Партијата и да направи преврат со преземање на раководните функции и со елиминација на клучните личности од ортодоксната македонска опција во неа.

И во текот на 1995 г. во Република Македонија се забележува сè позачестена и изострена пресметка меѓу македонизмот и неговите критичари. Во дневно-информативните гласила, како и во неделниците, некои луѓе со поинакво чувство за припадност и корени се обидуваа да го критикуваат македонизмот како државна идеологија и да ја разоткриваат „историската вистина“ за него, како и неговата „историска ограниченост“. Ваквите обиди ги согледуваме во изјавите и во статиите на М. Србиновски, Д. Димитров, А. Лепавцев, Д. Галев, Х. Михаилов, авторката под псевдоним Донка Цветковска (правото име му е познато на авторот на текстов) и други. Овие луѓе честопати за изнесување на своите ставови ги користеа дневно-информативните македонски гласила, но и списанијата „Македонско дело“ и „Глас“ – орган на ВМРО-ДПМНЕ. На нив аргументирано им се противставуваа Александар Донски, со својата статија „Македонскиот, а не бугарскиот, е најстар книжевен јазик“ („Глас“, број 24), Александар Диневски, алијас Ахил Апостолов, со својот напис „Чакам те да дојдеш“ („Завет“ – гласник на УМС на ВМРО-ДПМНЕ бр. 9), текстот „Некои нови клинци“, чинам дека автор беше Атанас Стамнов, понатаму текстот „Македонија и Русија“ од Александар Филипов (Драги Ивановски), „Кој, кого и зошто го чака да дојде“ од Ѓорѓи Костов, „Антибугарскиот карактер на Великоморавската мисија на Светите браќа Кирил и Методиј од 9 век“ и др. Би било неправедно од мене доколку не споменам дека во овој период сè понагласена активност има новото раководство на Унијата на млади сили (УМС) на ВМРО-ДПМНЕ и нивниот весник „Завет“, кои стануваат главна потпора на македонската опција во ВМРО-ДПМНЕ.



Но, да се навратам на самата историска седница. Хронологијата на настаните непосредно пред, во текот и по одлуката на „историската“ седница на ВМРО-ДПМНЕ, денес е многу малку позната: 54 членови на Централниот комитет, согласно член 52 од Статутот на ВМРО-ДПМНЕ, поведуваат барање за отповикување на потпретседателката Доста Димовска. Како причини за нејзино поведување беа наведени: отворено протежирање на пробугарска политика и ставови кои се во спротивност со Статутот и со политиката на ВМРО-ДПМНЕ, нејзиниот арогантен, нетолерантен и дрзок однос кон членовите на Партијата, неуживање доверба поради нејзиниот избор за потпретседател по пат на фалсификат со само 35 гласа и нејзино активно учество во речиси сите афери што ја потресуваа Партијата. На истата таа седница, група членови на Унијата на млади сили на ВМРО-ДПМНЕ, поднесуваат

и Предлог-Резолуција, со која Партијата се оградува од сите врховизми.

По неколкучасовна бурна и мачна расправа, во атмосфера на бугарски и шовинистички испади, на дел од тогашните членови на Извршниот комитет, проследено со отворено спротивставување на лидерот Љупчо Георгиевски кон двете предложени иницијативи да бидат ставени на дневен ред, епилогот беше логичен и очекуван. Барањето за отповикување и Предлог-резолуцијата воопшто не беа ставени на дневен ред, а Извршниот комитет во полн состав режирано поднесе колективна оставка. Од страна на иницијаторите, само авторот на овој текст и Александар Диневски, тогашен член на Извршниот комитет, влегоа во директен дуел со лидерот Георгиевски. Можеби е момент да споменам дека од 54 потписници за иницијативата за разрешување на потпретседателката Димовска, неколцина потписници уште на самиот почеток на седницата ги повлекоа своите потписи, а дел од нив јавно кажаа дека играле двоја улога. Сите тие подоцна за своите постапки беа наградени со функции. Тука мислам дека читателите ќе се сетат на Филип Петровски, кој најнапред стана пратеник во новиот парламент, а подоцна и конзул во Њујорк, Пеце Трајковски – Г'зла од Прилеп, кој стана заменик-министер за локална самоуправа, покојниот Пане Велев – директор на Бирото за јавна безбедност, Александар Пандов – пратеник во новиот парламентарен состав, В. Каранфилов – директор на ЕСМ во Кочани и уште неколкумина други потписници. Останатите, се разбира, молчеа и чекаа да видат што ќе се случи.

За карактерот на бугарскиот пир што се случи на самата седница, редно е да ги спомenam изјавите на неколку членови на тогашниот ИК изговорени на самата седница. Еве дел од нив: „Голем број странски новинари пројавуваат огромен интерес за положбата на македонските Бугари во Македонија – треба да дојде до помирување меѓу нашиот и вашиот народ". Ова „вашиот народ" се мисли на македонскиот (моја забелешка); друг член на ИК изјави: „Да не беше Тодор Александров, јас ќе се презивав Родомировиќ!"; други, пак, на говорницата изјавуваа „Gens unus sumus" – (омилена изјава на бугарските шовинисти– „Ние сме еден народ!"), или „Што лошо сте виделе од Бугарија, па да ја напаѓате?", итн.



Случувањата на седницата на ЦК веднаш најдоа свое место во јавноста, а средствата за јавно информирање беа преплавени со детални пикантерии за сè она што се случуваше пред, за време и по фамозната седница на ЦК. Наоѓајќи се во „небрано", двоецот Георгиевски–Димовска набрзина исфрли неколку тези во јавноста, со кои прозирно и невешто се настојуваше да се скрие задникната на судирот. Демек, се работи за персонален судир во раководството на Партијата, за судир на „интелектуално" и „рурално" крило, за отстранување на „бизнис-полициското" крило и сл. Провидноста и неаргументираноста на овие тези беа прочитани најнапред од новинарите, но и од целата македонска јавност, а неколкуте документи кои проциркулираа во јавноста беа доволен доказ да се сфати дека се работи за далеку посуптилен проблем, кој по своето значење ги надмина партиските рамки и навлезе длабоко во сферата на националните и државните интереси на македонскиот народ и на неговата држава Република Македонија.

И покрај сè, факт е дека уште тогаш дел од членовите на Централнот комитет, Македонци-патриоти, јавно и гласно укажаа на пробугарските елементи во Партијата. Се работеше за судир на две крила: едното автентично – македонско, како директен следбеник на историската мисија на ВМРО; а второто, туѓинското, про-бугарското. Ова второво и низ историјата постојано го следела ВМРО во неговата борба за создавање македонска држава и кое, како по правило, претставувало пречка за остварување на вековниот идеал – создавање независна или обединета Македонија. Во судирот на тие две опции, како што е познато, победи онаа пробугарската, и тоа благодарение пред сè на некои ирационални мотиви во кои бездруго спаѓаат харизмата на лидерот Љупчо Георгиевски и неговата фанатична

и жестока одбрана на Доста Димовска, како и латентно присутниот страв на членството од евентуалниот распад или раскол на Партијата на една година пред изборите. Тука лежи и одговорот зошто 54-те потписници на барањето за отповикување на потпретседателката Д. Димовска, кои при потпишувањето отворено зборуваа за нејзиното бугарско педигре, на наредната седница на ЦК, при изборот на новиот Извршен комитет, ја наведнаа главата, се повлекоа и премолачно го одобрија начинот на самопогребување и на своето национално достоинство. Практично, со изборот на новиот состав на Извршниот комитет на ВМРО-ДПМНЕ, заврши една фаза во реализацијата на, сега веќе слободно може да се каже, еден антимакедонски заговор – добро осмислен, координиран и спроведуван од неколку меѓу себе добро поврзани и синхронизирани центри – потпомогнат со луѓе од Партијата.

Жално е што поминаа цели 13 години за да успее некој, не сакајќи, индиректно да ја признае исправноста и оправданоста на преземената акција, но, од друга страна, добро е што јавно се кажа дека македонската опција и македонистите биле во право кога јавно ги посочиле носителите на бугарската кауза во Партијата. Личната сатисфакција за исправниот потег за мене и за останатите потписници (мислам на оние кои останаа доследни на дадениот потпис), се непроценливо богатство како за нас самите, така и за сите нас Македонците во контекстот на нашето опстојување и нашата историја.

ВР-31.07.2010

## По прилепскиот, на повидок политички пивофест СТА-А-АР ЛИСЕЦ... (или: Кој е гавранот, а кој лисецот во преговорите Бранко Црвенковски – Велија Рамковски?)

Се сретнале гавранот и лисецот, напишал Езоп кон крајот на минатиот милениум. По долго надмудрување, победи лисецот, колку што се сеќавам. „Скапоценото“ заврши во устата на докажаниот итрец. Така е барем во басните... Иако навидум наивна, алегоријата на ова крајно сериозно четиво на познатиот баснописец стана лајт-мотив и на новиот, XXI век. Погледнете наоколу – во Македонија врие од итреци, мудреци, мангупи, лисици и лисци... стари и нови. Сопките, тапкањето по раменици и вечното „ќе“ се вградија во мекото македонско ткиво, во неговата ДНК. Оттаму, иако промовирана како топ-тема, средбата меѓу Бранко Црвенковски и Велија Рамковски, сопственик на А1 телевизијата, барем за мене е исто како Охридското Езеро без далги. Мирно море. Се состанале во Охрид и таму разговарале за тоа какви карактеристики треба да има идниот премиер на државата. Според информациите, замислата на двајцата соговорници била дека евентуалниот иден премиер треба да е стопанственик, личност кој добро ја познава економијата, човек кој е резултат на бракот меѓу политиката и стопанството. Оваа информација индиректно беше потврдена и во понеделничките белешки на Славчо Нинов во весникот „Време“. Значи, гавранот и лисецот повторно се најдоа на мегдан. Исто како во басната.

Веста и не би била вест, доколку на средбата не се разговарало и за индиректна понуда од страна на Црвенковски: Рамковски да биде идниот премиер, секако доколку има предвремени избори и доколку на нив победи опозицијата. Понудата и не е толку неочекувана, со оглед на фактот што Бранко јавно изјави дека „не го интересира премиерското ме-

сто сè додека е на чело на СДСМ", што, впрочем, и му било сугерирано од страна на странските амбасадори во државава. Примамливо, ќе речете, но црвот на сомнеж е вгнезден во искреноста и во пристојноста на понудата, особено кога доаѓа од Црвенковски.

Оваа вест побрзаа да ја објават и сите „човеци" од ешалонот гласноговорници на кратовскиот медиумски магнат и за неа да дадат свој коменар. Но, доколку добро се прочита текстот и доколку е точно пренесена изјавата на Црвенковски, сепак нешто ми вели дека од овој кафе-муабет ќе остане само... муабетот. Кафето некој друг ќе го сркне. Сè наведува на заклучок дека и оваа средба е само тет-а-тет ујдурма на Црвенковски за еднократно придобивање симпатии и за поддршка во „вековната" борба за уривањето на Груевски. Се чини дека и овој пат предвреме кажувам нешто што ќе се случи во блиска иднина, но сигурен сум дека не грешам. Во спротивно, веднаш и јавно на сите ќе Ви се извинам за погрешната проценка. За да не почнам да заличувам на денес сè помногубројните јасновидци, ќе ја цитирам самата изјава на Црвенковски дадена на новинарот на весникот „Вечер": **„Дали јас сум кандидат или не за премиер во идната влада на СДСМ, и, ако евентуално не сум, каков профил на личност треба да биде – е нешто за што во Партијата ќе се донесе одлука тогаш кога за тоа ќе дојде вистинскиот момент"**. Точно седумпати ја прочитав оваа изјава и... не разбрав ништо!? Единствено што почувствував е мирисот на мемла, бајатост, мирисот на минатото. Нешто веќе видено, помирисано и почувствувано. Ова како да ме врати во „дамнешната" 2004, за време на изборите за претседател на државата, кога Црвенковски до последен момент изјавуваше дека нема да биде кандидат за претседател. Изјави и порекна. И стана кандидат за претседател. И стана претседател на државата. Ако тогаш не го одржа зборот, не гледам причина зошто сега би ја препуштил диригентската палка?! Токму на Велија. Тину нину, тину нину... Ми светнува во главата.



Мирисот на секојдневието и на иднината не го менува горчливиот вкус на минатото. Сетилата велат дека овој опозиционерски гуру и политички доајен ќе игра на картата „ветено како исполнето". До последен момент сите ќе ги куражи, ќе ги тапка по рамо, на сите ќе им ветува, а на крајот ќе испадне веќе виденото – „Опс, извини, ама партијата така реши". Што јас да правам? Нема лутење, политика е тоа, братче. Ајде, не секирај се, ќе има место и за тебе...!? На крајот од краиштата, маж рекол, маж порекол.

Сите добро се сеќаваме како во минатото поминаа сите оние кои влегоа во ваков или сличен дил со Црвенковски. Се чини дека списокот на изневерени и изиграни сè уште не е исцрпен и потребно е да се дополни. Овојпат со Рамковски. Логично се поставува прашањето: Зошто токму Велија за премиер? Логичен е и одговорот: поради телевизијата и другите медиуми што се под негова капа и неговото искуство на полето на економијата. Ако е само до медиумската моќ, зошто во игра за премиер не се и другите сопственици на медиуми во Македонија? Дали тие се помалку добри стопанственици од Велија? Колку што ми е познато, сите тие се успешни во својот бизнис и тука не ја гледам неговата предност. Како и многу пати досега, до интересот ќе е...

Според мојата анализа, оваа несериозна, да не речам, непристојна понуда до Велија, се должи на фактот што неговите односи со ВМРО-ДПМНЕ се крајно нарушени. Од блиски релации и фалби што Рамковски лично ги изкажуваше кон г-динот Груевски, од дузината прифатени препораки и совети во делот на земјоделството промовирани од него, сепак нешто се скрши во оваа „љубов". Едноставно... раскинаа. А кога двајца се караат, третиот секогаш користи. Се раѓа нова „љубов". Без стројници, од интерес. А екстаза е кога вашиот поранешен „љубен" најмалку двапати неделно ќе биде на тапет на партискиот портпарол, а тој, кутриот, ќе возвраќа на ударите. Да, да, мазохизам во сексот, но механизам и во политиката. Така било

уште од времето на Платон, од времето на настанувањето на државите.

На крајот да заклучам – давајќи ја оваа понуда, Црвенковски свесно, по којзнае кој пат ја игра својата позната игра. Целта е од една страна, со „понудата“ да го има Велија при рака и да може сериозно да смета на медиумска поддршка пред и за време на евентуалните предвремени избори, а од друга страна сè повеќе да настојува да го изостри судирот меѓу Рамковски и Груевски, сè со цел А1 телевизијата да стане најомразена телевизија меѓу десницата.

Но, да не заборавиме – во љубовта и политиката сè е можно. Мимикријата е моќно оружје во рацете на прекалените политичари за повторно доаѓање на власт. Со оглед на последната анкета на Институтот „Павел Шатев“, од каде што велат дека довербата на ВМРО-ДПМНЕ во овој момент е повеќе од 35%, како и несигурноста во ветувањето и дадениот збор на Црвенковски, лесно може да се случи Рамковски повторно да ги затопли односите со Груевски и да продолжи старата „љубов“. Е дури тогаш! Се разбира, ќе биде весело.

# ПОСЛЕДИЦИ ОД СТРАВОТ ОД *АЛ КАИДА* ВО САД

ВР-07.08.2010

Оваа недела, во недостиг на политички актуелности а во изобилие на политички баналности, решив да се осврнам на една сериозна американска проблематика која не ги тангира само Американците туку и интересите на сите граѓани на светот. Бидејќи мислам дека ова им е малку познато на нашите граѓани, решив своите сознанија од моето секојдневно прелистување на пишувањата на големите светски медиуми денес да ги споделам со моите читатели. Се работи за сè поголемиот раст на т.н. „разузнавачко-индустриски“ комплекс, кој сè повеќе се развива во САД како последица од борбата со тероризмот.

Во САД по 11 септември 2001 година не е се исто. Желбата по секоја цена да се спречи евентуално нова реприза на овие напади, им донесе нови проблеми на американските граѓани. Американските функционери од највисок ранг, за да спречат дури и секаква помисла на нови терористички напади, не бирајќи средства и не водејќи сметка за цената, отидоа во една друга крајност. Имено, тие настојуваа да ја зајакнат разузнувачката служба со мисија навремено да ги открива „транснационалните насилни екстремисти“, како и нивна ликвидација. Деновиве сè повеќе на виделина излегуваат податоци за разузнавачкиот американски естаблишмент, кој во меѓувреме за овие девет години толку се наможил – што сега веќе тешко може да се контролира, но исто така и да се утврди неговата ефективност. И оттука, нормално дека се поставува едно логично прашање: Дали ангажирањето на енормни човекови и материјални ресурси ја направија Америка и светот побезбедни?

Во одговорот на ова прашање, пред две години се вклучила екипа на весникот „Вашингтон пост“, на чело со Дана

Прист, добитничка на Пулицеровата награда. Податоците од ова истражување се фрапирачки и збунувачки за американските граѓани, но и за највисоките функционери, почнувајќи од Претседателот на САД и сите надолу во хиерархијата. Така, на пример, во Америка, според податоците од ова истражување, во моментов со разузнавачка активност се занимаваат повеќе од 1 270 владини и околу 1 950 приватни компании. Ангажираните разузнавачи работат на околу 10 000 локации низ целата САД и на годишно ниво дистрибуираат повеќе од 50 000 разузнавачки извештаи и анализи, кои пак ретко кој ги чита, освен оние кои тие ги изготвиле. Во овие разузнавачки организации вработени се ни помалку ни повеќе туку 854 000 луѓе, од кои пак 265 000 се приватни надворешни изведувачи на работи кои имаат добиено „топ-сикрит" пропусници. Сите тие имаат потпишано посебни работни договори и изјави кои ги обврзуваат на чување на тајните, се разбира по претходна детална проверка во секој поглед. Од нивните податоци и работа зависи работата на целата администрација и оператива во делот на одбраната, како и работата на ЦИА која е единствено овластена да извршува специјални операции од витално значење надвор од територијата на САД. Овие приватни лица за потребите на ЦИА регрутираат соработници во Ирак, Иран и Авганистан, подмитуваат во нејзино име разни лица, вршат киднапирања, прават анализи на терористичките мрежи, како и обука на нова генерација шпиони. Ангажирањето на приватни лица за овие потреби е еден од начините да се одржи привид дека бројот на вработените во националните тајни служби не се зголемува, иако овие приватни претприемачи денес претставуваат околу 1/3 од вкупниот број вработени во овие институции. Поради поголемата плата која ја даваат приватните компании, речиси сиот најспособен разузнавачки кадар е под закрила на приватните претприемачи. И затоа денес приватните компании се присутни, дури и во најтајните простории на Пентагон и на Вашингтон, дури и во бункерите на 7,5 метри под земја во овие институции.



Во своето истражување, екипата на „Вашингтон пост" констатира дека овие приватници извршуваат доста важни работи, но исто така дека имале и големи неуспеси. Во тој контекст се споменува како на неколку наврати истите тие ги дискредитирале Америка и Американците. Како таков негативен пример се посочува мачењето на Ирачаните во затворот Абу Граиб, безбедносниот хаос кој владеел во Багдад поради постапката на познатата фирма „Блеквотер", убиствата на цивили од страна на обезбедувањето во т.н. „зелена зона", скандалите во Авганистан со недолжните цивили и др. Сѐ на сѐ, весникот констатира дека овие приватници „пуштиле длабоки корени и без нив веќе не се може".

Друг проблем е фактот што големиот број приватни компании кои вршат клучни работи за разузнавачките агенции, станале незаобиклен фактор за работата на американската извршна власт, чија, пак, зависност никој не ја претпоставувал. Оние кои ги читаат (мал број луѓе) разузнавачките извештаи, велат дека тие се јајце на јајце, односно дека тоа се само препакувани информации во нова рува, податоци кои веќе се во оптек. На тој начин се случуваат и такви пропусти кои ги имаше минативе години. Така, на пример, ќе се потсетиме на мајорот кој пред своето преместување во Авганистан, во базата во Форд Фуд во Тексас убил 13, а ранил 30-тина свои војници. Понатаму таков пропуст се случи неодамна со еден нигериски студент, кој за малку ќе урнеше патнички авион над Детроид. Инаку, овој студент, и покрај „ригорозните и строги мерки" сепак поминал низ сите аеродромски контроли со пришиен експлозив во долната облека. За да биде апсурдноста поголема, истиот студент уредно добил виза, иако имало податоци дека соработувал со разгранокот на Ал Каида во Нигерија.

Денес во САД, како одговор на 11/9, функционираат околу 265 нови разузнавачки организации, од кои 51 се специјализирани да го следат патот на парите. Само за пример, разузнавачката агенција на Пентагон, која на почетокот од 2002 година имала 7 500 вработени, денес брои нешто повеќе

од 16 500 вработени разузнавачи. Околу 2/3 од сите разузнавачки активности се под капата на Департманот за одбрана на САД, и само неколку т.н. „главни корисници“ имаат увид што овој Департман работи, иако и тие признаваат дека нема начин сето тоа во целост да се следи. А кога оваа констатација ќе излезе од устата на првиот човек на Одбраната на САД, како и од страна на пензионираниот генерал Џејмс Клопер, новиот избраник на Обама за функцијата главен разузнавачки директор, тоа дејствува уште позагрижувачки и збунувачки за американските граѓани.

И во делот на материјалните ресурси работата не е розова. Изградбата на супер-тајни комплекси стана опсесија. Само во Вашингтон се изградени, или пак се во градба, 33 супертајни комплекси, чија вкупна површина е околу 10 милиони квадратни метри. Потрошените средства за нив се огромни и никој не води сметка за светската економска криза и за целисходноста на овие објекти во иднина.

Посебна приказна е Националната безбедносна агенција на САД (НСА), која врши електронско шпионирање на целиот свет, и која на секои 24 часа „обработува“ 1,7 милијарда прислушувани комуникации, почнувајќи од разни мејлови, интернет-адреси, телефонски броеви, па сè до секојдневните „четувања“ преку компјутерските мрежи. Оваа Национална безбедносна агенција, која е една од најтајните служби што врши електронско прислушување и надгледување на целата планета, за своја работа има ангажирано 484 приватни компании, а без четири од нив таа не ќе може да врши шпионирање на светот од вселената. Критичарите велат дека со олку многу податоци, и аналитичари со преголеми можности и овластувања, а со премалку филтри кои би го одвоиле корисното од некорисното – се создава информативна преоптовареност, која пак за последица има сопствено информативно слепило.

И на крајот. Буџетот за разузнавачките работи во САД изнесува околу 75 милијарди американски долари и е речиси 2,5 пати поголем од оној во 2001 година. Од овие 75 милијарди, 49% одат во рацете на приватниците. Негативна последица од премногу одвоените пари е јасно видливата неагилност и површност во работата, многубројните пропусти, како и ненавремената реакција на заканите до нацијата. Се чини дека Америка, покрај постојниот мошне значаен „воено-индустриски комплекс“, не сакајќи, добила нов „разузнавачко-индустриски комплекс“ – кој тешко ќе може да се контролира и од кој ќе излегуваат многу пикантерии и пропусти за кои допрва ќе се сознава и пишува.

# КАДЕ ПЛОВИ СВЕТОТ, А ПОСЕБНО БАЛКАНОТ?

ВР-14.08.2010

Минатата година, на полето на геополитиката, јавноста беше бомбардирана со разни предвидувања на „големите умови“, кои пропагираа ваква или онаква иднина на светот. Меѓу другите „сезнајковци“, ќе остане запаметена и прогнозата на „големиот“ руски академик Игор Панарин (КГБ аналитичар, доктор на политички науки и декан на Руската академија за надворешни работи), кој веќе десетина години предвидува дека САД ќе се распаднат во 2010 година. Овој академик доби голема помпа во својата земја и во „светот“ токму поради неговите илузорни тврдења дека САД ќе доживеат економски и морален колапс, кој ќе доведе до нивно распаѓање. Денес речиси сите се согласуваат дека неговите предвидувања се добри само за ушите на Кремљ и нивниот став дека Русија се враќа на местото кое ѝ припаѓа на светската геополитичка и воена сцена. Основа на неговите тврдења се прогнозите за масовна миграција, економски колапс и моралната деградација, што кон крајот на јуни или јули оваа 2010 година ќе доведат до граѓанска војна и до колапс на доларот во САД и тие ќе се распаднат на шест територии. И мина месец и повеќе од предвидениот „месец(и) Д“, а секако ќе минат и уште многу години кога ќе се увиди дека „големиот академик“ зборувал или си сонувал некаква фикција на која заради уникатноста и ступидноста, светските медиуми ѝ обрнале енормно големо внимание.

Втората минатогодишна вест е онаа на американскиот Институт Стратфор (приватна разузнавачка агенција), чиј основач е разузнавачот Џорџ Фридман и се однесува на неговите предвидувања за случувањата на светската геополитичка сцена до крајот на овој век. Седиштето на овој Институт се наоѓа во градот Остин во државата Тексас во САД. Основната теза на Фридман и неговиот Институт произлегува од фактот дека на светот на почетокот на XXI век ќе му се случи светска криза со последици на разорен земјотрес, но сепак тој тврди дека САД и во наредните стотина години ќе останат водечка светска сила, што е во спротивност со размислувањата на Панарин. Фридман и Институтот Стратфор тврдат дека кинескиот „змеј“ и руската „мечка“ целосно ќе колабираат до 2020 година, оставајќи зад себе хаотична евроазиска празнина, бидејќи во првата декада на XXI век, ЕУ ќе стане периферна заедница на второстепени екс-империјални држави со ограничени човекови и енергетски ресурси. Во една таква ситуација, имајќи ја предвид доминантната американска позиција, како и сроденоста со улогата на „светски полицаец“, САД пред и по 2050 година ќе бидат принудени да војуваат со три, денес нивни верни сојузници (Полска, Турција и Јапонија). Кон крајот на векот, поточно некаде околу 2080 година, ќе започне и судирот меѓу САД и Мексико. Според Фридман, Полска е таа држава која ќе ги надмине Франција и веќе „уморената и остарена“ Велика Британија и ќе биде прва европска воена и економска сила покрај Турција. А што се однесува до Германија, „интересно“ е и неговото размислување дека таа ќе стане економски потентна сила.

До 2015 година, според предвидувањата на Фридман, САД ќе бидат фокусирани на Русија и, во зависност од настаните, тој дава две сценарија за интензитетот на меѓусебниот натпревар. „Доколку сегашниот подем на Русија заврши со доминација со централноазиските држави, Кавказот и апсорбирањето на Молдавија, а без балтичките држави, ќе се смета тоа за мала криза во меѓусебните односи, со благ вкус на студена војна. Но, сосема поинаков би бил американскиот одговор ако Русија успее да го апсорбира Балтикот и придобие доволен број сојузници на Балканот, како Србија, Бугарија и Грција, или централноевропските држави како Словачка. Во таков случај, основачот на Стратфор верува дека Русија ќе доживее воен колапс во 2020 година. Во втората половина од векот, по елиминација на руската и на кинеската опасност, според

Фридман, САД ќе почнат да се соочуваат со новите регионални џинови на кои им помогнале да се издигнат, а Балканот повторно, по којзнае кој пат, ќе биде колатерална штета".

И тука лежи сферата на мојот интерес како Македонец и како политиголог кој континуирано ги следи геополитичките случувања во светот. Овој мој денешен текст е мал сегмент од мојата повеќегодишна работа на студијата „Каде плови светот, а посебно Балканот". Најнапред морам да го искажам своето противење на ставот на Фридман и на Институтот Стратфор кон нивното базично и иронично тврдење дека Балканот е: „археолошка ископина на фосилизирани народи, остатоци на античките освојувања што сè уште висат на нивните славни идентитети", односно накратко речено „Варвари со кратко паметење". Навреда par excellence за сите балкански народи, а за која никој не реагираше, никој не изусти ни збор. Значи, уште на старт би сакал на односните господа од овој Институт да им појаснам дека Балканот не е ништо друго туку лулка на цивилизацијата и прогресот, крстосница на светот, односно зона во која се случувале воени, културни и економски мешања и судири меѓу Европа и Азија, меѓу христијанството и исламот, меѓу католицизмот и православието. Едноставно речено, тоа е местото каде што се наоѓаат корените на европската култура.

Второто мое несогласување или, поточно, „скромно" предвидување, оди во малку поинаква насока од оваа на овие двајца „големи ума и аналитичари". Можеби некој ќе рече, па овој професоров навистина претера. Но, сигурен сум дека моите предивдуања и анализи (како и многупати досега во мојот живот) ќе бидат предвремени, но сепак точни, со тоа што ќе се потврди ставот за мене дека сум „човек кој работите ги кажува предвреме, меѓутоа човек кој ретко греши во своите анализи". Значи, се работи за мој став дека конечно доаѓа крај на западната доминација, која трае нешто повеќе од петстотини години, а во тој крај секако дека улогата и значењето на САД нема нималку да биде загубено. Според мене, ова е исто како и во фудбалот. Во овој спорт, и покрај напредокот на



африканскиот и азискиот фудбал, сепак, сè уште постои доминација на европската фудбалска школа. Така е и во политиката, во културата па и на воен план. И покрај фактот дека денес светот радикално се менува, сепак буџетот на САД на сите овие полиња е колку на сите држави заедно во светот. Од ова произлегува и логичната претпоставка дека супериорноста на САД, и покрај големата економска криза, ќе трае и понатаму. Сепак, американската доминација зависи од тоа дали земјите-членки на неформалната групација БРИИК (Бразил, Русија, Индија, Индонезија и Кина) ќе го повторат големото кинеско чудо и прогрес, како и од тоа дали ЕУ ќе се проширува и понатаму во делот на Југоисточна Европа и дали влезот на Турција во ЕУ ќе се случи пред 2020 година. Трет фактор за американската доминација е и самиот претседател Барак Обама и прашањето дали тој ќе успее да ја промени својата досегашна надворешна и внатрешна политика, која засега не дава некои позитивни резултати на подолг рок. Во иднина, американскиот претседател секако дека освен на решавањето на внатрешните проблеми, како, на пример, финансискиот систем, образованието, здравството, ќе мора да се посвети и на надворешната политика, која засега е доста запоставена и се одвива по инерција на претходниците. Во таа насока ќе биде и повлекувањето на американските војници од сите држави каде што сега се појавуваат како „миротворци" и нивно преселување на почвата на Јужна Кореја заради заштита и идна агресија на Северна Кореја, а и да бидат што е можно поблиску до Кина, како и стационирање во земјите од Блискиот Исток (Медитеранот).

Светот во иднина ќе се соочи и со сè поголемо недоразбирање меѓу Изреал и западниот а особено муслиманскиот свет. Заробувањето на турскиот „хуманитарен брод" и спречувањето на „хуманитарната акција во Газа" се само долевање масло на огнот, кој со помал или поголем интензитет трае со децении. И ова ќе трае сè додека не се реши статусот на палестинската држава и потребата на Палестинците да имаат своја престолнина во источен Ерусалим. Поради потребата за мир и

стабилност во овој дел од светот, ова ќе биде проследено со демилитаризација на Палестинците и со стационирање на силите на САД и НАТО на брегот на Јордан и во неколкуте околни држави. Прашањето на Иран и Ахмадинеџад е веќе апсолвирано, чијашто завршница е иста како и онаа со Ирак и Садам Хусеин, а додека за Авганистан конечно ќе биде признаена големата американска грешка и оваа држава ќе биде оставена сама со себе, каде што сметките во наредните најмалку дваесетина години меѓусебено ќе ги расчистуваат Талибанците и останатите.

Во делот на ЕУ, прашањето е дали на полето на економијата ќе дојде до некој нов европско-американски сојуз (Евро-Америка) и дали Русија ќе се приклучи кон најголемата воена алијанса – НАТО пактот. Во првиот дел од прашањето прогнозорам дека до таква соработка и спогодба може брзо да дојде, меѓутоа таа ќе има краток здив, поради големата бизнис-конкуренција и несогласување при поделбата на сферите на интерес, а во однос на вториот дел сум песимист токму поради осетливоста на самата материја.

Најголемата опасност која ѝ се заканува на ЕУ (покрај големата економска криза во Грција, а која има шанси да ги зафати и другите држави коишто употребуваа средства од Кохезиониот фонд, како, на пример, Шпанија, Португалија и Ирска, а секако дека тука е и Италија) е опасноста од започнување на процесот на дезинтеграција на ЕУ во наредните десет до петнаесет години. Опасноста од дезинтеграција доаѓа поради слабото европско лидерство, каде што нема командант кој нешто ќе каже и ќе биде послушан, а особено не сега, кога на чело се овие европски лидери. Тука мислам, пред сè, на првите тројца европски лидери Ромпуј–Ештон–Баросо. Мојата анализа вели дека во наредните петнаесетина години токму Германија и Полска ќе бидат силите кои во иднина ќе ја диктираат политиката во ЕУ. Доколку на овие две големи сили им се приклучат (а што е многу веројатно) Романија, Унгарија, Чешка, Словачка, Естонија, Летонија и Литванија, а имајќи



ги предвид и добрите релации меѓу Германија и Русија, тоа навистина ќе биде респектабилна сила во наредните дваесетина и повеќе години. Франција ќе биде соочена со внатрешни немири поради расчистување со муслиманското прашање, Шпанија со проблемот на Каталонија и Баскија, а додека уморената и истрошена стара дама Велика Британија мудро ќе се повлече соочена со проблемите со Шкотска, па дури и со Велс, но сепак ќе се обиде да не ги загуби своите позиции во светот, влечејќи потези од заднината.

И Балканот е една исто така голема рак-рана на целиот свет, а особено на ЕУ. Тука, горе-долу, работите се познати. Хрватска влегува во ЕУ, и тоа во оној момент кога и ќе започнат дезинтеграционите европски процеси. Србија ќе се обидува да кокетира со Русија, ЕУ и НАТО и ќе остане на полпат, задоволна со делови од Северно Косово, иако ќе се обидува да дојде до некаков нов историски договор со кој ќе се реши српското и албанското прашање, не сакајќи да признае дека тоа е веќе завршена работа. Како резултат на неодамнешната одлуката на Меѓународниот суд на правдата по поднесената тужба од страна на Србија во однос на косовската независност, Босна ја чека конечна поделба и бришење од картата на светот. Нашиот северен сосед Косово ќе си ја одигра својата улога планирана со години наназад, а секако дека тоа оди во пакет со делот на Западна Македонија, каде уште пред десетина и повеќе години некој им беше дозволил на Албанците да прогласат држава Илирида. Значи Косово, дел од Западна Македонија, областа Чемерија во Грција, како и „европска" Албанија, во контекст на неодамна понудените пет милиони државјанства на сите Албанци во светот, ќе го реализираат сонот за Голема Албанија. Грција е посебна приказна која, потисната од побарувањата на европските партнери, конечно ќе биде ставена на „распродажба", додека Турција, која излегува како победник во оваа голема економска криза со помош на капиталот и културната доминација, ќе се обиде да ги обнови

старите граници на некогашната Отоманска Империја, преку новата политичка доктрина наречена неоосманлизам.

А нашата Македонија? За жал, ние повторно ќе се најдеме на крстопат. Повторно некои нови генерации ќе се обидуваат да го остварат сонот за самостојна и цела Македонија, повторно ќе се родат некои нови современи гемиџии. Повторно, по којзнае кој пат, нашите генерации ќе се обидуваат да се борат против наметнатите поделби, а кои не успеа да ги спречи политичкиот естаблишмент (за жал, некои дури и ги стимулираа) што ја водеше државата кон крајот на XX и во почетокот на XXI век.

Секако дека би бил најсреќниот човек доколку во иднина овие мои анализи не се остварат, а сите ние, како и нашите генерации, и понатаму живееме и се радуваме во самостојна и суверена Република Македонија.

## БРИК КРЕАТОР НА НОВИОТ СВЕТСКИ ПОРЕДОК

ВР-21.08.2010

Минатата недела, пишувајќи за светската политичка сцена и за идните случувања во светот и на Балканот, добив потврда за мојот став дека балканските граници не се исцртани и во иднина допрва ќе се исцртуваат, индиректно во вчерашното интервју за еден весник во соседството и од д-р Мартин Слезингер, експерт на американскиот „Вудро Вилсон центар". Неговото размислување во целост се совпаѓа со мојата констатација и анализа објавена во претходниот текст во овој весник. Секако дека вакви потврди во иднина ќе доаѓаат и од други страни и луѓе, кои будно ги следат случувањата на геополитичката сцена и прават реални анализи.

Во недостиг на простор, минатата сабота во мојот текст ми остана недоречено прашањето за групата БРИК и за улогата на нејзините членки во идната поставеност на светот. Кратенката БРИК во 2001 година ја осмислил Џим О'Нил, економист на Голдман Сакс, за да ја опише сè поголемата глобална моќ на овие растечки светски економии. Претпоставувам дека на најголемиот дел од читателите им е познато што значи кратенката БРИК, но сепак за оние кои не знаат – да кажам дека се работи за Бразил, Русија, Индија и Кина, иако некои аналитичари велат дека во последно време сè поголеми аспирации за да им се приклучи покажува и Индонезија, сè со цел повторно да заживее т.н „голема петорка". На нивниот прв официјален самит одржан минатата година во јуни 2009 година, во Екатеринбург (Русија), тие јасно ја искажаа својата идеја за воспоставување мултиполарен светски поредок со предлог за воведување на глобална резервна валута. Основната идеја на овие четири земји е да го обезбедат светот со енергија и храна. БРИК беше мит кој стана реалност и прашање е на време „кога и дали" ќе прерасне во политичка институција, вели познати-

от професор по меѓународни односи Алексеј Пушков. Колку за компарација што значи оваа група, ќе наведам неколку податоци. Така, на пример, меѓу најголемите земји на светот, Русија е на прво место (17 075 400 km$^2$), Кина на трето (9 640 821 km$^2$), Бразил на петто (8 514 877 km$^2$) и Индија на седмо место (3 287 590 km$^2$). По бројот на население, трите членки на оваа групација (Кина, Индија и Русија) се меѓу првите пет, кои пак со својата територија покриваат една четвртина од светското копно и околу 40% од светската популација. Следен куриозитет е дека според бројот на интернет-корисници, овие пет држави се меѓу првите единаесет, а според бројот на корисници на мобилни телефони – се меѓу првите шест држави во светот. Најновите статистички показатели велат дека уште кон крајот на минатата година, според вредноста на извезените производи, Германија ѝ ја отстапила лидерската позиција на Кина. Во секторот на компјутерски програми и извоз на бизнис-услуги, Индија секојдневно остварува импресивни резултати. Во областа на земјоделството, пред сѐ во производството на соја, како и со огромните резерви на железна руда, доминантен е Бразил, а додека во изобилието на нафта и гас тука е неприкосновена Русија. И, на крајот, според извозните разултати, сите четири држави се наоѓаат меѓу првите 25 држави во светот. Факти за респект.

Една година по нивниот прв самит, нивниот прогрес и понатаму е незадржлив и фасцинантен. Посебно внимание деновиве предизвика информацијата, и тоа директно од кабинетот на јапонскиот министер, дека номиналниот БДП на Кина за вториот квартал на оваа година е поголем за 3,8% од БДП на Јапонија, односно за Јапонија тој изнесува 1 288 билиони американски долари, а кај Кина тој е 1 337 билиони долари, иако уште од 1968 година Јапонија секогаш го зазема второто место во светот на полето на економијата. Или, пак, доколку сакате да направиме споредба во однос на минатата година, податоците велат дека дека кај кинеската економија имаме раст за 10,3%, а кај Јапонија тој е само 2%, со тенденција оваа



диспропорција да расте и понатаму. До само пред десетина години, Кина беше на седмо место во светот, а доколку се вратиме малку поназад – во времето на Денг Сјао Пинг (период кога започнуваат економските реформи, 1978 год.) – тој раст е поголем за 90 пати. Брзината со која се движи ова светско економско чудо води и до претпоставката дека економската и политичката доминација на САД најмногу може да потрае до 2030 година. Ова е констатација на угледниот „Њујорк тајмс“, иако предвидувањата на „Прајс вотерхаус куперс“ се малку пооптимистични, со прогноза дека приближувањето на Кина до САД ќе се случи за само 10 години, односно најдоцна до 2020 година.

Од оној момент кога терминот БРИК беше пуштен во употреба, вредноста на пазарите во овие четири држави порснаа во неверојатни и неочекувани размери, за кои никој и не сонуваше. Така, на пример: во Бразил порастот е за 369%, во Индија за 499, во Русија за 630 и во Кина за 201%. Со ова темпо на развој, се претпоставува дека во 2035 година оваа групација ќе биде економски многу посилна и повлијателна од групацијата Г7. Значи, веќе кон средината на 2040 година Кина би требало да го заземе првото место пред САД, а понатаму би следувале Индија, Бразил и Русија.

Сепак, и на овие економски предвидувања постојат и критики, односно размислувања кои не се во согласност со погоре напишаното. Критичарите велат дека освен фактот оти се работи за четири големи пазари, не постои друг елемент кој би ги поврзувал сите нив во една целина, за да можат да дејствуваат како сериозна економска и политичка институција. Во тој контекст, тие истакнуваат и неколку контрааргументи, како, на пример, дека Кина и Индија се големи увозници, а Русија и Бразил извозници на природни ресурси. Кина и Индија имаат голем демографски раст, за разлика од Русија и Бразил, чиј наталитет е во опаѓање. Во однос на политичкиот систем, три од нив имаат парламентарна демократија, а додека Кина и понатаму останува еднопартиска држава. И уште еден факт е дека

три од нив имаат атомска бомба, освен Бразил кој во моментов и не размислува во насока на нејзино создавање. Па оттаму и не гледаат сериозно на ова моментално групирање.

Меѓутоа, сепак изгледа дека овие критичари заборавaат неколку факти. Прв меѓу нив е фактот дека Кина и понатаму е најголемиот кредитор на САД. И покрај тоа што во текот на јуни Кина го смалила своето вложување во краткорочни обврзници во САД за околу 24 милијарди американски долари, сепак Кина го поседува американскиот долг од 867,7 милијарди долари. Русија како инвеститор во САД го зазема деветтото место со 123,4 милијарди долари, иако овие вложувања за последните триесетина дена се намалени за 13 милијарди долари. Второ, НР Кина има авторитарна и прагматична влада, која е способна да усвојува и да реализира значајни стратешки одлуки. Во тој контекст, таа се покажа подготвена да ја стимулира својата економија во текот на економската криза, способна да создава нови проекти, да инвестира во различни гранки и како голем увозник да има приоритетна улога во определувањето на цената на сите основни суровини, со што директно влијае врз светската прераспределба на природните ресурси. Кина има најголем внатрешен пазар, втора е по потрошувачката на нафта во светот, најголем светски производител и потрошувач на јаглен, како и земја со милијарди инвестиции во развојот на урбанизмот и инфраструктурата. Трето, иако Русија економски јакне, сепак таа ја губи политичката доминација во корист на Кина. Политиката на актуелните први двајца Руси (Путин и Медведев) во последниве неколку години оди во насока на освојување и доминација по системот „Чекор по чекор“. Русија започна да остварува големи политички победи во Кавказието, а посебно е задоволна со повторното доаѓање на власт на Јанукович во Украина, кој го замрзна придружувањето на Украина во НАТО алијансата. Изградбата на заеднички политичко-воен сојуз и на економски простор на бившите советски републики како Украина, Белорусија, Казахстан, треба да биде пандан на ЕУ преку укинување на меѓусебните граници и воведување на рубљата како едно платежно средство, со што Русија би ги зајакнала своите позиции кон Европа. Четврто, Индија, како и Кина, бележи економски бум и има аспирација, покрај Кина, и таа да има доминтна позиција и монопол во снабдувањето со индустриски производи и услуги. Колку е ова реално покажува и економскиот раст, кој се движи меѓу 6 и 7% за минатата и во вториот квартал на оваа година. Петто, економски и политички центар не е повеќе Атлантикот, туку Пацификот. Кинезите, држејќи во свои раце огромни суми американски долари, купуваат сè што може да се купи во светот, почнувајќи од земја, нафтени полиња, фабрики, ресурси и др. Но, сепак, тие внимаваат за да не дојде до девалвирање на доларот, со што посредно влијаат на американската економска сила. Шесто, мора да се имаат предвид и американско-кинеските односи. И покрај тоа што тие се куртоазно и дипломатски добри, сепак не е сè така арно. Меѓу нив сè уште има отворени прашања и тие нема уште долго време да бидат вистински и искрени пријатели. Тука, пред сè, е прашањето на Тајван, чие неинтегрирање со Кина е заслуга само на САД. Следна кочница е американската поддршка на Тибет и на духовниот лидер Далај Лама, како и на неговото движење, а по него и традиционалниот американско-јапонски сојуз. И седмо, на кое не смее да се заборави, е постоењето и функционирањето на Шангајската организација за соработка (СЦО), формирана во 2001 година и во која членуваат Кина, Русија, Казахстан, Киргистан, Таџикистан и Узбекистан, а набљудувачки статус имаат Индија, Пакистан, Иран и Монголија.

Како и да е, и понатаму останувам на констатацијата дека САД како економска и воена сила ќе је имаат доминантната позиција сè до почетокот на 2040 година, а потоа до 2050 година ќе почне прераспределбата на позициите и улогата на земјите-припаднички на БРИК групацијата и градењето на нов светски поредок.

# ЧАЈНА ПАРТИЈА – АМЕРИКАНСКА ТРЕТА ОПЦИЈА

ВР-30.08.2010

Неколку десетици години station наназад државите во кои функционираат двопартиските системи имаат тенденција да се менуваат, односно да се модифицираат. Од двопартиски системи, тие на дадени избори стануваат тропартиски, или пак двоиполпартиски системи. Тоа е резултат на појавата на трет политички субјект, кој најчесто знае да им ги наруши сметките на двете големи партии. Така е на неколкуте последни парламентарни избори во Обединетото Кралство Велика Британија и Северна Ирска, каде што либерал-демократите добиваат сѐ поголем замав.

Во САД од минатата година започна да функционира едно движење, кое се нарекува „Чајна партија“. Иницијатор за неговото создавање е Рик Сантели, аналитичар на берзата и кој повеќе од десетина години на ТВ каналот Си-ен-би-си секое утро им соопштува на гледачите колкави се цената на златото и вредноста на доларот. Овој аналитичар на 19 февруари минатата година ги освои симпатиите на американските граѓани кога пред ТВ камерите јавно ги запрашал своите колеги-брокери „Дали сакате сѐ уште да ги плаќате кредите на американските големци?“. На ова сите кои внимателно го слушале, станале од своето место и му аплаудирале. Тој истовремено упатил и порака до американскиот претседател Барак Обама со зборовите: „Обама нѐ слушаш ли? Те канам во текот на јули на чај во Чикаго.“ И така е родено „Чајното движење“. Ова име е добиено како асоцијација на дамнешната 1773 година, кога американските колонизатори се кренале на протест против царините што им ги наметнал Лондон. Во тој протест цели товари со чај се фрлани во океанот. Овој бунт, всушност, бил увертира на војната, во која САД (дотогаш сѐ уште под британска управа) ја извојувале својата независност.



Ова движење започна како патриотски протест на даночните обврзници и стартувало со неколку илјади приврзаници, а денес, според анкетите, ужива поддршка на повеќе од 41% од американскиот електорат, додека евидентирани се нешто повеќе од 8 милиони членови. Тоа има за цел да ги елиминира сите оние луѓе кои се прекубројни во јавната администрација, а кои примаат плата од даноците на обичните американски граѓани, да ги ликвидира банките на Вол стрит, кланот Буш и др. За нив државната администрација е мафија, даноците се многу големи и тие се трошат и се присвојуваат од мафијата. Чајното движење нема некаква посебна идеологија туку, напротив, тоа е отворено и сѐ повеќе му пристапуваат и бедни и богати, и леви и десни, и републиканци и демократи, домаќинки, невработени и др. Исклучок се Афроамериканците, кои сѐ уште не му пристапуваат масовно. Нивното мото е „Доста беше. Сакаме да ни се вратат слободата и нашата држава“. Движењето настојува да ги најде одговорните кои го уништија американскиот сон, надеж и мечтаење и затоа бара одговорност од оние кои придонесоа за колапс на американската економија и на финансискиот систем.

Ова движење, кое за брзо време ќе стане и официјална политичка партија, засега е препознатливо по нејзиниот портпарол Глен Бек, кој е модератор во познатата американска телевизија „Фокс“, сопственост на Рупер Мардок. Во своите настапи, тој оди во крајност и јавно го критикува Барак Обама дека намерно ја предизвикува економската криза, за да воведе фашистичка диктатура. На ова американските граѓани, кои сѐ помалку му веруваат на нивниот претседател, особено по неговата изјава за изградбата на џамиите во близина на кулите-близначки кои беа урнати во 2001 година, стануваат сѐ погневни кон својот прв човек. Глен Бек и Чајното движење стануваат препознатливи по тоа тоа што секогаш кога тој ќе излезе на телевизија, зад неговата глава стои мотото од три збора: We, the People – (Ние, народот). Овие зборови се всушност првите зборови во американскиот Устав и тоа е во-

дилката на Американците во нивното дејствување. Познато е неговото обраќање до американскиот претседател „Господине Обама, ние ќе издржиме и без вашата политика. Причувајте малку ситни пари и за Вас“.

По успехот кој го покажуваат на изборите за Конгресот, а чие пребројување на гласовите трае сè уште, Движењето е веќе подготвено да излезе и со свој кандидат за претседател на САД. Засега единствен кандидат е Рон Пауел, републиканец од американската држава Тексас, за кој многумина велат дека лесно може да го победи сегашниот претседател.

Така е во САД, а како е кај нас? Со оглед на поставеноста на политичките сили во Република Македонија, во моментов постојат мали теориски шанси за менување на посттранзициската црно-бела парламентарна слика. Идејата да се формира трет политички блок не е ниту нова, ниту непозната. Но, во овој момент да се разговара и да се размислува за некоја трета политичка опција е чиста фикција, што би значело дека идејата е практично неостварлива.

Денес, кога некој ќе се појави и ќе рече дека формира трет политички пат, веднаш треба да знаете дека тој негов „трет пат не му е првпат“. Едноставно, граѓаните ги препознаваат сите тие политичари кои до вчера беа во некаква неприродна коалиција, во коалиција каде што постои микс на иделогии (ако воопшто ја има идеологијата), тоа се лица кои претходно беа членови на речиси сите партии што постојат и нешто значат на политичката сцена. Тоа се луѓе кои беа пратеници на десницата, па министри во левицата и станаа директори на трета политичка партија во коалиција со онаа која е на власт. Едноставно, заговорниците на идејата за трет пат се политичари кои мошне вешто успеваат постојано да се „реформираат“ и да се вртат околу моќта, парите и функциите. Ова е една од причините зошто не може во нашава држава да се деколоризира црно-белата политичка сцена. Втора причина е структурната поставеност и организираност на двете големи партии, како и големите пари и имот со коишто располагаат, а што ниту еден друг политички субјект не може ни оддалеку сето тоа да го постигне. Потребни се многу пари кои новиот политички субјект, или група партии, нема можност да ги обезбеди, а без пари, се разбира, нема членство, нема ограноци, нема состаноци, нема средби и размена на идеи. Има само празни ветувања, доколку дојдат на власт. Трета причина е фактот дека во Република Македонија граѓаните гласаат „против“. Значи, кога има избори, тие настојуваат да ја казнат партијата која дотогаш не покажала успех. За да бидат сигурни дека ќе се реализира казната, тие не сакаат да прават експерименти и затоа реагираат инстиктивно и се групираат и гласаат за посилната политичка опција која дотогаш била опозиција. Четврта причина е фактот што на политичката сцена нема нови идеи и личности. Македонските партии и политичари не нудат идеологија, туку само борба за вработување на своите членови и симпатизери и решавање на егзистенцијалните прашања. Секоја трета опција, уште долго време ќе биде инструмент во рацете на ВМРО-ДПМНЕ и СДСМ, односно средство за смалување на моќта на противничката политичка партија. Оние личности кои вредат и ја познаваат политиката, кои се вредни, чесни, искрени, патриоти, морални луѓе, нив политиката не ги интересира и стојат понастрана од неа. Петта причина е изборниот модел кој ги принудува малите политички партии да се приклучат кон големите, бидејќи во спротивност тие се осудени да пропаднат. Шеста причина е фактот што процесот на биполаризација на политичката сцена е завршена работа и прашање е колку време ќе биде потребно за да се појави нова политичка идеја, или политичар. Со оглед на останатите факти, изгледа тој нов политичар кој ќе донесе свежа идеја и опција, изгледа до денес сè уште не е роден, а ние ќе се изначекаме да видиме кога тој нов политичар ќе има храброст да го покани првиот човек на државата да испијат заедничко кафе или чај за доброто на сите нас.



Денес се покажува дека во Република Македонија политичката идеја и програми го губат своето значење, бидејќи

единствено е важно како да ја приграбите власта, или да се биде дел од неа. За жал, ова е единствен критериум за успешност на една политичка партија или политичар. Сè до оној момент додека не почне борбата за воспоставување јасни политички начела и политички морал, сè додека не се урнат стереотипите од блиското минато, сè додека наместо за партиски војници не гласаме за вистински луѓе со сопствен интегритет и авторитет, сè дотогаш во нашава држава не ќе можеме да зборуваме за реализација на идејата за формирање трет политички блок.

# НЕЧИСТ ПОЛИТИЧКИ ТЕАТАР

ВР-04.09.2010

Многубројните афери и партиски „вистини“ кои во бранови, еднોподруго, секојдневно ја потресуваат македонската политичка сцена, претставуваат корисна подлога за анализа на политичките згоди и незгоди во државата. Исто така, тие можат да бидат и клуч за решавање на многубројните заткулисни игри, политички и партиски надмудрувања, како и откривање на бизнис-плановите меѓу политичарите и ново-старите бизнисмени. Сите овие случувања се покриени со мистериозен воал, на кој најчесто е залепена етикетата „долгорочен проект од општ јавен интерес“. Која било афера, која било вест да јаземеме за пример, сите тие главно се вртат околу некои пари, околу некој криминал, околу некоја фамилија, околу некое неверство и др. Се добива лажен впечаток дека се работи за некоја нова прераспределба, или прегрупирање, на силите во партиските редови. Во отсуство на објективно и независно судство, во услови на селективно функционирање на јавното обвинителство, граѓаните како сатисфакција добиваат шеќерна чоколада, весниците поголем тираж, политичарите пронаоѓаат нови бизнис-врски и продолжуваат со далаверите, а луѓето во сенка добиваат нов простор за дејствување и нова шанса за зголемување на своето богатство. На ваков начин, сите афери и вести стануваат секојдневна и веќе видена приказна за медиумите и за рајата, а партиските плукачи добиваат нова муниција за политичко-плукачка борба. Еден мој колега-колумнист на оваа тема напиша: „Парадоксот на аферите и на партиските вести не лежи никако во нивната драматургија, па дури ни во нивната колатерална штета (кои се задолжителен дел на придружната програма), туку во фактот дека такво нешто наместо да служи како пример (дека никогаш веќе нема да се повтори), тоа оди во сосема друг правец“. За жал, секоја афера останува приказна сама за себем бидејќи шоуто и понатаму

продолжува. Значи, се работи за бесконечна сапунска опера во која темата се политиката, парите, криминалот и заткулисните игри. Во два збора, нечист политички театар, каде што поради секојдневното репризирање гледачите не покажуваат повеќе интерес за негово гледање. А мораат.

Иако ова изгледа многу просто, сепак работите не се толку едноставни. Ќе се запрашате зошто? Политичките интереси креираат, и со помош на медиумите лансираат, определени афери. Приказната за вистината, поради непобитниот факт дека речиси секој медиум си има своја „партиска сенка", добива на релативитет, особено ако се земе предвид моментот кога една афера или една вест се лансира во јавноста. Секако дека весниците преживуваат од тиражот, затоа што побомбастичен наслов во некој весник ја крева температурата не само кај граѓаните, туку и кај конкурентските медиуми. Останатото е повеќе од познато. Тоа е исто како животот во саваната, каде што се слуша „последниот крик". Тоа е ситуација каде што крволочните хиени кои намирисале свежа крв и понатаму безочно продолжуваат со нападите, а ефектите се следниве: тиражот е парче плен од кој никој од медиумите не сака да се откаже, опозицијата си ги трие рацете, демек ѝ зеле неколку стотици гласа на позицијата, а позицијата настојува што побрзо сѐ да се заборави и со ланирање на нова афера се обидува да ја обвини опозицијата. И така сѐ во круг. Но, без разлика на претходновом сепак денес поимот (или, ако милувате, синдромот) афера јасно сведочи за болното разоткривање на една голема илузија дека во оваа наша држава со години наназад не постои желба за излегување на крај со аферите и криминалот што произлегува од нив, не постои желба за водење сериозна политика и изградба на стабилна држава.

Нормално, си го поставувам прашањата: Па каде е излезот од овој ќор-сокак? Има ли воопшто некоја светлост на крајот од тунелот? Дали ни се потребни вакви претстави од овој театар? Одговор на ова ќе се обидам да дадам со денешното разликување на политичките партии од страна на обичните граѓани. Жален е фактот, но вистинит, дека денес граѓанските партии (без разлика дали е десна или лева) не ги разликуваат по нивната идеологија, туку исклучиво по тоа кој ги финансира и чии интереси застапуваат и остваруваат. Во тој контекст, треба да се разберат и нивните лидери и најтесните партиски водства. Меѓутоа, политичките дејци конечно мора и треба да знаат дека нам денес не ни е потребно секојдневно да бидеме бомбардирани со разно разни афери, да слушаме за разни партиски потпикнувања и секојдневно да ја слушаме гебелштината на едните или на другите. Нам денес не ни се потребни митови и заблуди од минатото. Нам ни е потребна верба и реален оптимизам во луѓе со визија, во луѓе кои се докажале како успешни во нивниот живот, во луѓе кои нема сѐ уште да нѐ крадат и осиромашуваат. Нам не ни се потребни партиски раководства кои се обидуваат повторно да ни воспостават авторитарен и репресивен систем на управување заснован врз градење на култ кон личноста, беспоговорна послушност и партиска подобност, затоа што функционирањето на таков антидемократски систем значи флагрантно загрозување на слободите и правата на луѓето. Сите нас, кај политичките лидери и нивните гавази, потрчковци и полтрони, не нѐ интересираат нивните намери, нивните идеи и програми. Нас нѐ интересираат само последиците од нивното дејствување, и тоа оние позитивните. Денес партиските водства мора да се соочат со една реалност, а тоа е дека наместо секојдневната купи-продај ден-политика тие треба да планираат сериозна државна политика. Наместо, што рекол или што направил овој или оној, тие треба сами да сторат нешто позитивно за да ги оправдаат парите кои ги земаат од нашите даноци. Агресивната пропагандна кампања, секојдневните прес-конференции каде што доаѓаат до израз ароганцијата, агресивноста, безидејноста, ступидноста и празните зборови на политичките креатори и нивните пренесувачи (без разлика дали се во позиција или опозиција), не можат веќе да ја скријат погубноста на нивните постапки. Оваа погубност не е само погубност за нивната партија, туку и погуб-

ност за целата држава која ја ни ја втурнаа во состојба на длабока политичка и економска криза, проследени со сериозно нарушен кредибилитет пред меѓународната јавност. Едноставно речено, се презаситивме од политичките претстави.

И, на крајот, ќе цитирам еден дел од говорот на прерано починатиот Зоран Џинџиќ одржан пред студентите на еден универзитет непосредно пред неговото убиство: „За национализмот се меродавни мотивите, а за патриотизмот резултатите и последиците. Доколку колективниот идентитет го засноваме на некој модерен облик на патриотизам, тогаш наместо етиката на намера, ќе имаме етика на одговорноста, каде што наместо да образложуваме што сакавме да сториме, ќе образложуваме зошто резултатите се такви какви што се (позитивни или негативни). Е тогаш, секој ќе полага одговорност за последиците, тогаш никој нема да бара оправдување за мотивите". А дотогаш? Дотогаш ќе ни остане по којзнае кој пат со подзатворени очи да го гледаме нечистиот политички театар.

П.С. Се чудам и не можам да се изначудам. „Македонија 2025" да ти биде независна и неполитичка организација, предводена од успешни македонски бизнисмени од дијаспората кои се „посветени" на зајакнување и на подобрување на економијата на Македонија. Според зборовите на нејзините членови Митре, Јован, Стојан, Велко, Перко (алијас Мајкл, Џон, Стив, Вил, Пит) нивната посветеност кон Македонија се состои во тоа што тие единствено што можат да ѝ дадат на својата држава се искуството и контактите, контејнери полни со алишта, совети за да се вложува во образованието и во технологијата и уште некои ситни дребулии. Но, тоа не е сè. Јас мислам дека, ако треба, сите тие ќе дадат и по пет долари!!! Благодариме, браќа од дијаспората. Дај да се договориме. Ние да ви го дадеме сето тоа што го нудите, а Вие да престанете да ни помагате на ваков начин!!?

## НА ЧЕКОР ДО ПРИЗНАВАЊЕ

ВР-13.09.2010

На политичката сцена која ја тангира Југоисточна Европа, деновиве најактуелно прашање беше Резолуцијата А64L65 на Србија поднесена до Генералното собрание на ОН, која се најде на дневен ред на завчерашната седница. По неколкудневни натегања, Србија, преку претседателот Тадиќ, конечно постигна договор со ЕУ и на седницата на Генералното собрание се најде ревидираниот текст на Резолуцијата за Косово. Се работи за ревидирана резолуција, која е резултат на преговори и компромис што „мораше" да се постигне меѓу Белград и Брисел. Некои политичари забележаа дека таа е производ на „телефонска седница" на Владата на Србија, во која нема место за зборовите „еднострана сецесија" и „разговор за отворени прашања" предложени од страна на политичкиот врв на Србија во првичната верзија. Наместо тоа, суштината е во повикот за дијалог меѓу Белград и Приштина. Самиот текст на Резолуцијата беше проследен и со т.н. „листа на спонозри", на која сите 27 членки на ЕУ ставија свој параф и листа која беше гаранција дека таа ќе помине без проблеми. За поволната клима која се создаде за лесно поминување на Резолуцијата на седницата на Генералното собрание, придонесе и експресната реакција на Владата на Косово, која неа ја поздрави само неколку часа по нејзиното ревидирање во Брисел. Според Декларацијата на Владата на Косово, Резолуцијата е во согласност со реалноста на Косово и во регионот и таа однапред ја отфрла секаква можност за преговори за политичкиот статус на Косово. Косовската влада посебно напомена дека соработката меѓу Приштина и Белград ќе го зацврсти мирот и стабилноста на регионот и ќе се отвори можност за евроатлантски интеграции на двете држави.

Српската актуелна власт смета дека по одлуката на Меѓународниот суд на правдата, конечно е пронајдена форму-

ла со која се отвора дијалог за идните прашања и таа не содржи никаков елемент кој ќе води до признавање на независноста на Косово, или пак до нарушување на територијалниот интегритет и суверенитет на Србија. Исто така, оправдувања за српската попустливост пред притисокот на ЕУ се бараат и во фактот и желбата сите прашања да се решаваат во еден партнерски однос со ЕУ и со другите меѓународни фактори. За разлика од власта, српската опозиција Резолуцијата ја пречека на нож. Партиските ставови одат во крајност и според едни тоа е вистински чекор и конечно оддалечување од водењето на досегашната погрешна надворешна и внатрешна политика од страна на Србија (ЛДП на Чедомир Јовановиќ). Според други, тоа е „акт на капитулација пред ултиматумот на западните сили за одземање на Косово". Постарата генерација српски политичари велат дека деновиве во Србија ќе случува медиумска и политичка прослава за „големата победа" на српската државна политика, со која се губи Косово, а не се стигнува во Европа. Други партии и аналитичари се поумерени и одат со став дека се работи за маневар и присила, со кој не ѝ е дозволено на Србија да излезе пред Генералното собрание да победи или да доживее „чесен пораз".

Во врска со Резолуцијата А64L65, интересно е да се забележи и фактот дека во нејзината содржина на највисоко ниво и со големо уважување се прима советодавното мислење на Меѓународниот суд на правдатата дека прогласувањето на Косово е во согласност со меѓународното право, а за кое само до пред неколку дена српската власт фрлаше дрвја и камења. Втор интересен момент е согласувањето од страна на Белград, наместо Советот за безбедност на ОН, дијалогот со Приштина да го организира ЕУ, што во крајна линија би значело одрекување од правата и начелата загарантирани во Резолуцијата 1244 на Советот за безбедност, иако за волја на вистината таа сè уште останува во сила. Третиот момент во врска со Резолуцијата е исто така доста логичен и се однесува на ставот дека кога имате дијалог на два рамноправни партнера, кои немаат отворени меѓусебни прашања и тој нема да се однесува на политичкиот статус, се разбира дека темата на идните преговори ќе биде проследена само со прашања за добрососедските односи на две соседни држави (Србија и Косово) и со прашањето за економската соработка меѓу нив.



И по ова се отвораат многубројни прашања и дилеми. Најнапред е прашањето дали заложбата за дијалог меѓу Белград и Косово им е потребна на Србите за да добијат во време и да го одложат натамошното признавање на Косово од страна на останатите држави? Оваа калкулација веднаш паѓа во вода, бидејќи доколку Србија не разговара со Косово како рамноправен партнер, паѓаат во вода и преговорите за влез на Србија во ЕУ. Второ е прашањето дали по оваа Резолуција Тадиќ и Јеремиќ и понатаму ќе бидат „лидери во регионот", односно ќе биде ли Тадиќ новиот српски Де Гол, или пак ќе ја доживее судбината на најголем српски предавник? Во овој момент мислењата по однос на ова прашање се доста поделени и, во најмала рака, се фифти-фифти. Трет е фактот дека кај Србите и српските политичари конечно постепено доаѓа до трансформација на свеста и на тврдокорниот став. Единствени кои се постојани во ставот за реалноста наречена „држава Косово" се либералдемократите на Чедомир Јовановиќ, додека додека другите сè уште кокетираат и чекаат погоден момент постепено да го сменат својот став, а притоа да не бидат наречени предавници и да не ја загубат залепенета етикета „проевропски ориентирани". Тука секако дека предничат демократите на Б. Тадиќ, кои се само на чекор-два пред социјалистите на И. Дачиќ, нивниот коалиционен партнер.

Времето ќе покаже дека за нив признавањето на Косово треба да се случи паралелно со признавањето на екстериторијалноста за српските православни манастири, со задржување на територијата северно од Ибар, северот на Косовска Митровица, кои се главно населени со Срби, проследено со евентуална отстапка на Прешевската Долина, главно населена со Албанци.

Без признавање на Косово од страна на Србија, сигурно нема да дојде и до признавање од страна на Русија и Кина и на уште пет други држави-членки на ЕУ. Значи, тоа што ќе се случи само е прашање на време и се чека првиот потег да го повлече Србија, впрочем исто онака како што се случи и со оваа Резолуција. Во овој момент, петте држави-членки на ЕУ (Шпанија, Словачка, Грција, Кипар и Ромаунија), кои поради разни внатрешо-политички причини не го признаваат Косово, во овој момент посредно влијаат и врз ефикасноста на работата на Европската мисија за поддршка на законитоста на Косово (ЕУЛЕКС) и на специјалниот претставник на ЕУ. Од друга страна, косовските политичари засега јавно доста бучно и агресивно се спротивставуваат на планот за ширење на автономијата на северот. Но, во приватните разговори кои и јас сум ги водел со неколкумина актуелни политичари, тие заземаат пофлексибилен став и се подготвени за вакви отстапки, односно подготвени се (се разбира, доколку се направи таква атмосфера во јавноста) за чиста трговија проследена со целосно признавање на Косово од страна на Србија. Значи, формулата е мошне едноставна: вие нам признавање, а ние вам територија. Ова во целост е поклопува со мојата анализа во текстот насловен како „Русија, Србија, Косово, што понатаму", објавен во весникот „Шпиц" и во австралиско-македонското списание „Шило" пред речиси две години. Патем, и Меѓународната кризна група, како и поранешниот британски амбасадор во Србија, Ајвор Робертс, се на истото становиште опишано во таа мојата колумна.

Но, како и да е, сите со нетрпение го очекуваме завршувањето на уште една политичка сапуница и конечен мир на Балканот, барем за наредните петнаесетина години. Секако дека едногласно и експресно усвоената Резолуција од страна на Генералното собрание на ОН во иднина ќе треба да претставува фактор на мир, стабилност и безбедност во регионот и прв пат ја докажува консензуалноста на ЕУ кон Косовското прашање. Ова е, всушност, првата и вистинската вредност и вистинското лице на ЕУ по усвојувањето на Лисабонскиот договор. До кога?

## ЕВРОПЕИЗАЦИЈА ИЛИ ИСЛАМИЗАЦИЈА НА ТУРЦИЈА

ВР-18.09.2010

Патот на Турција кон ЕУ е долг и тежок. Од начинот на кој Турција ќе ги спроведе претстојните реформи, зависи и нејзиното влегување во ЕУ. Турција веќе десет години е кандидат за членство во ЕУ, а пристапните преговори започнаа во 2005 година. Тие одат мошне тешко поради поделеноста на членките на Унијата. Се работи за две групи држави: едната се залага за забрзување на преговорите и е предводена од Велика Британија, а втората, која се залага Турција да добие само привилегиран статус, предводена е од страна на Франција и Германија. За да ги елиминира и да ги отфрли сите забелешки на одделни држави-членки на ЕУ, Турција деновиве спроведе референдум за уставни промени, кои беа изгласани со големо мнозинство. Повеќето предложени уставни промени се неоспорни, меѓутоа некои од нив се прилично контровезни и дискутабилни. Една од нив е и измената која се однесува на давањето поголеми овластувања на Турскиот парламент при назначувањето на членовите на Уставниот суд. Ова е резултат на доминантната позиција на владејачката партија и на вербата за уште еден нов мандат на премиерот Таип Реџеп Ердоган и неговата Партија на правдата и благосостојбата (АКП). Турската опозиција и дел од членките на ЕУ ја обвинуваат власта дека со вака предложените измени се загрозуваат независноста на судството и секуларното уредување на државата.

Исто така, една од предложените реформи која е доста дискутабилна е и ограничувањето на правата на армијата, која досега важеше за најголем бастион на секуларизмот. Во овој дел ќе споменам дека се укинува и имунитетот на водачите на воениот удар извршен во далечната 1980 година. Ако нешто ви значи оваа измена, ќе ви наведам податок дека денот кога се одржа референдумот е токму денот кога се навршуваат 30 го-

дини од извршениот воен удар на армијата во 1980 година?! Се чини дека владејачката Партијата на правдата и благосостојба (АКП) и премиерот Ердоган не оставаат ништо на случајот. Сето ова некако ми прилега на 1996 година, кога за првпат од страна на Неџметин Ербакан, поранешен претседател и основач на оваа Партија (тогаш се нарекуваше „Рефак" партија), првпат јавно се побара заживување и доминација на религијата. Како и да е, владејачката Партија на премиерот Ердоган и неговите приврзаници ја добија во моментов најголемата битка со секуларниот турски политички и воен естаблишмент.

Од друга страна, некако незабележано во јавноста остана податокот дека во моментов расположението на турските граѓани за влез на нивната држава во ЕУ го поддржуваат само 38%, за разлика од 2004 година, кога тој беше поголем од 70%. Втор интересен податок е тројно зголемениот процент на Турци кои сметаат дека политичкото раководството на Турција за меѓународните прашања најмногу треба да соработува со земјите од Блискиот Исток, наспроти 6% кои се за соработка со САД. Податоци и факти за вистинско и сериозно размислување. Но, да почнеме со ред.

Денес Турција се наоѓа на крстопат и пред голем предизвик. Во иднина, ќе бидеме сведоци дали таа и понатаму ќе ја задржи својата логистичка поддршка на САД во контекст на намерите на САД да го нападне Ирак, или пак ќе им го сврти грбот како и пред некое време, кога им се приклучи на групата држави кои се спротивставија на каква било инвазија на Ирак. Ова противставување е поради нивниот страв дека со нападот на Ирак, и со негово ставање под американска контрола, можноста за создавање на држава на Курдите на југот на Турција и северот на Ирак станува реалност, а сето тоа ќе влијае врз мирот, безбедноста и стабилноста на Турција и регионот.

Турскиот политички врв и турската дипломатија не само на внатрешен, туку посебно на надворешен план водат двојна политика. Во неа се присутни и видливи два мошне важни елемента. Прагматизам и политичка мимикрија. Турција успешно, барем пред дел од меѓународната јавност, го продава својот прагматизам, притоа мошне вешто криејќи ја вистинската идеолошка природа на нештата и постапките. Прикривањето на вистината во овој момент е неминовно, бидејќи тоа тешко ќе помине кај западниот секуларен свет, кон кој се стреми Турција. Но, дали тоа ќе трае вечно? Со својата нова политичка доктрина наречена неоосманлизам, се чини дека доаѓа до преродување на идејата за создавање современо виртуелно османлиско царство или Калифат на Балканот, притоа користејќи се со современи облици, како што се економската и религиозната доминација. Зелената трансферзала, односно лакот кој се протега од Бихаќ во Босна и Херцеговина, и кој минува низ Средна и Источна Босна, и кој се протега на целиот Санџак, Косово, Албанија, Македонија, Тракија, па сè до Турција, во минатото се препознаваше и се етикетираше со акронимот Зетра. Денес оваа замислена линија е всушност балканска геополитичка и геокултурна трансферзала, на која во моментов најмногу (полујавно) инсистира Турција.

Во областа на економијата, очигледни се резултатите од вложувањата на турските бизнисмени во сите балкански држави. Меѓутоа, зад економијата не заостанува ниту религијата. Видете ги случувањата во Бугарија и во Санџак во Србија. Турскиот верски врв, потпомогнат од определени државни служби, денес има патронат и си диригира со повеќе муфтии во овие држави. Денес истите тие ги обвинуваат овие држави за антиисламизам и верска нетолеранција. Така, на пример, во Бугарија дејствува познатиот муфтија Мустафа Хаџи, кој ги критикува бугарските институции за дискриминација на муслиманското малцинство. Во Санџак ситуацијата е пред експлозија поради дејствувањето на муфтијата Зукорлиќ и неговите приврзаници, кои бараат автономија за Санџак. Во нашата држава се чини дека турското влијание на религијата сè уште е минорно, од причина што во ИВЗ доминираат верниците Албанци и во тек е борбата за превласт со вехабитите.

На внатрешен план, ситуацијата во Турција со исламизмот не е така розова. Во општините во Турција каде што на власт се сопартијците на премиерот Ердоган, постојат доста видливи елементи, кои некако не ми кореспондираат со наводната нивна европска ориентација. Така, на пример, во некои општини, поточно во некои угостителски објекти кои се под контрола на нивни истомисленици, пиењето алкохол е строго забрането, а постојат и базени каде што мажите и жените се капат во различни денови. Се чини дека Ердоган, чекор по чекор, ја шири својата „тајна фундаменталистичка агенда", а од друга страна, се залага за европско однесување. Вистинска мимикрија. За некореспондирањето на зборовите и конкретните чекори, зборуваат фактите. Така, на пример, неговата Партија досега сменила повеќе од 30% од високите образовни функционери со свои партиски послушници, кои доаѓаат главно од исламските верски училишта. Медресата е основен предуслов за да се биде унапреден во кариерата, а во учебниците постојано се уфрлаат исламистички елементи. Да се потсетиме само на 2005 година, когаТурција ја отфрли пресудата на Европскиот суд на човековите права, со која се поддржа забраната на носењето на муслиманската шамија во турските универзитети. Наспроти тоа, турските власти рекоа дека за тоа прашање ќе решаваат муслиманските имами. Ова се само некои разлики меѓу прокламирањето и практицирањето на власта, иако се многу на број.

На крајот, ќе се согласам со констатацијата во една анализа која вели дека турскиот премиер можеби пронашол начин како да ги измеша демократијата и исламот и на тој начин да ги убеди дел од европските политичари за неговата проевропска ориентација, меѓутоа се чини дека тоа не е доволно. Од ден на ден сѐ поочигледна станува неговата политичка мимикрија. Иако неговата партија многумина ја сметаат за исламска верзија на демохристијанските партии во Европа, сепак мислам дека кај првите луѓе на Франција и Германија останува длабоко врежана во свеста изјавата на идеологот и татко на Партијата, Неџмедин Ербакан, дека ЕУ е „христијански клуб". Ќе треба да помине доста време да се видат постапките и чекорите кои ќе бидат преземени во иднина од страна на турските власти за да се промени ставот на Франција и Германија (главни двигатели на ЕУ) во однос на прашањето за влез на Турција во европското семејство.

# ПОЛИТИЧКО-БАНКАРСКА МАФИЈА

ВР-25.09.2010

Дали некој се сеќава на италијанскиот јавен обвинител Паоло Борселино? Овој борец за правда на прашањето од новинарите која е најопасна мафија – (Ндрангета, Коза Ностра, Камора, Сакра Корона, јакузите или тријадите), без двоумење, од прва, изјавува дека најопопасна мафија е политичката мафија. За жал, овој човек не успеал да ја исчека сатисфакцијата и потврдата на својата констатација бидејќи загинува во атентат, извршен над него во 1992 година. Европа и светот ова го видоа во оној момент кога седумкратниот премиер на Италија Џулио Андреоти е осуден на 24 години затвор поради соработка и припадност кон мафијата. Оттогаш па до денес врската меѓу мафијата и политиката се зајакна и добивме една невидена силна асоцијација од чии канџи не успева ниту една држава да се ослободи. Едноставно, граѓаните стануваат заложници на оваа моќна спрега на силите. Оваа мафија сè повеќе и погласно покажува дека навистина е најопасната и најсилната мафија. Таа е навлезена во сите области на општеството и затоа насекаде во светот ѝ е објавена војна.

Да се потсетиме само на минатата година, кога пред суд беа изведени членови на римскиот Сенат поради нивна вплетеност во мрежата на организираниот криминал во Италија. Деновиве вакви и слични потврди дојдоа и од Австрија, со разоткривање на илегалниот систем на финансирање на екстремната десница во оваа држава, систем заснован врз темелите поставени од нивниот прерано загинат лидер, ултрадесничарот Јерг Хајдер. Првите луѓе на Слободарската партија, како и од неа отцепеното Движење за иднина на Австрија, се осомничени дека уште од далечната 1993 година, преку продажба на државниот имот, преку докапитализација и продажба на акциите на Хипо-Алпе-Адрија банката, преку трговијата со оружје и перење пари стекнале профит повеќе од стотина милиони евра. Во контекст на оваа истрага, неодамна јавното



обвинителство од Клагенфурт (Целовец) го прошири обвинението и против Волфганг Култерер, поранешен директор и претседател на Управниот одбор на Хипо групацијата Алпе Адрија. Овој човек е обвинет за криминално здружување со плејада носители на политички и други високи функции во земјата и надвор од неа заради стекнување на профит. Иако имињата на осомничените во оваа мафија сè уште официјално не се објавени, јавна тајна е дека се работи за австриски и италијански ултрадесничари, нивни финансиски моќни симпатизери и за хрватски хадезеовци.

Австриските новинари велат дека оваа нивна корупциска афера нема пандан во светот. Меѓутоа, тие очигледно недоволно ја познаваат нашата држава, каде што политичката мафија и нивната спрега со олигарсите, со банкарите, со градежниците, со оние кои се занимаваат со шверц на цигари и др., постои и функционира повеќе од дваесет години без око да ѝ трепне. Се работи за систем кој е воспостен со години station наназад и како кој дојде на функција така и се вклучува во него и ништо не се презема. Очигледно станува јасно дека вклучувањето во овој систем носи големи бенефити, пред сè финансиски.

Ако вакво нешто, каде што имате спрега на политиката и банкарството се случува во Хрватска, Австрија, Германија, се чини дека (според муабетите кои сè погласно се вртат во јавноста) и нашите политичари и банкари не се подалеку од нивните колеги на Северот. Денес банкарите (тука мислам на неколкутемина први луѓе и нивните најблиски соработници во нашите банки), спаѓаат меѓу најбогатите во државата и секогаш имаат пристап до политичарите и тие функционираат како сијамски близнаци. Политичко-банкарската мафија се чини дека во времето на транзиција и криза функционира беспрекорно и никој на неа не обрнува внимание.

И нормално, се прашувате како е можно и како е дојдено до таа ситуација? Е, на ова мошне болно прашање задолжени да дадат одговор се надлежните институции. Зрак на надеж дека нешто ќе се поработи на криминалот на оваа мафија, даде

Ване Цветаноски, поранешен директор на Агенцијата за спречување перење пари, во неговото интервју за еден неделник, но се чини дека и тој немаше доволно храброст да оди докрај. Изгледа, за да се почне оваа борба, потребни се две рала гаќи, кои тој очигледно ги немаше во моментот на директорувањето, па се обиде само да ги подисплаши малку во интервјуто. Меѓутоа, заборави дека мечка со дајре не се плаши. Исто така, времето и постапките покажаа дека и Народна банка и нашиот гувернер некако не покажаа интерес да поработат на оваа проблематика и на спречувањето на ова зло. Ред е некој од надлежните институции да покаже малку храброст и иницијативност и да поработи на тоа, кому и какви кредити даваат овие наши банкари, во какви сѐ не бизниси се влезени, колу пари бараат за завршена работа, на која политичка партија се спонзори, зошто за едни има привилегирани камати, а за други нема и др. Во јавноста се споменуваат огромни суми пари кои како кредити им се даваат на жими мајка на политичари, на нивни роднини, или на фирми основани од нив. И сето тоа по системот „ај, заврши работа па ќе средиме документација и ќе го поминеме на управен одбор", или пак го употребуваат системот „пиши-бриши хипотека", во што се вплетени и дадени нотари. А останатите смртници нека даваат хипотека, нека плаќаат затезни и енормно високи камати.

Ноторен е фактот дека определени политичари во спрега со некои од банкарите непречено веќе две децении се занимаваат со финансиски криминал. Ова не може да биде случајност, туку се работи за сериозен криминален систем кој функционира долги години пред очите на сите. Најновата книга на хрватскиот новинар Домагој Маргетиќ, наречена „Банкарска мафија", мошне децидно ја опишува оваа спрега на политичката хрватска елита со организираниот банкарски криминал. Мислам дека ништо подобро не е и кај нас. Нормално, се поставува прашањето до кога и зошто никој ништо не презема? Ќе се појави ли некој македонски Домагој, да проговори и да преземе нешто повеќе на оваа тема? Јавноста со нетрпение чека.

## БЕЗСРАМЕН ЛАЖГО

ВР-02.10.2010

Живееме во свет во кој едно од основните морални начела е да не се лаже. Јавно сакам да го споделам прашањето како е да се живее во свет во кој говорењето на вистината не е вообичаена практика. По сѐ изгледа дека одговорот не е далеку од мене, затоа што денес тој е насекаде околу мене, тука пред и до мене. Денес како да стана мода да бидете лажго. Ако не лажете, вие сте во аут и не можете да бидете „ин". Лажењето е вештина која човекот ја учи рано во својот живот и таа е доста раширена појава. За жал, повеќето лаги во животот не биваат откриени. Се проценува дека во просек еден човек се „извлекува" од изкажаните лаги во повеќе од 90%.

Отсекогаш, па и денес, малку се луѓето кои добро лажат, но уште помалку се оние кои умеат тоа да го препознаат. Бенџамин Дисарели рекол дека постојат три вида лага: лага, бесрамна лага и статистика. Но, дали сте се запрашале: Зошто луѓето воопшто лажат? Како одговор на ова прашање ќе наведам една категоризација на лагата, од која можеби и ќе дознаеме нешто повеќе за оваа вештина. Како за пример ќе ја земам најприфатената категоризација во која се наведуваат четири основни видови лаги. Прво, лага која е општествено ориентирана, односно лага која треба некому да му помогне. Второ се промотивните лаги – кои се кажуваат за да се поправи сопствениот имиџ и истовремено тие не повредуваат никого. Третиот тип лага се т.н. себични лаги кои се искажуваат заради сопствена корист, а за сметка и штета на други, и четврти тип лага се т.н. анти-општествените лаги насочени кон правење намерни штети на некој друг. Имајќи ја предвид оваа класификација, како и секојдневните изјави (лаги) на голем број политичари, сериозно ме натера да поразмислам на оваа тема и да се осврнам во јавноста со овој текст. Знаејќи дека сите испитувања на оваа проблематика велат дека луѓето лажат повеќепати

во текот на денот, сепак лажењето на нашите политичари ги надмина сите статистики и настојува да го собори Гинисовиот рекорд на ова поле. Лажат и левите, лажат и десните, лажат и центристите. Лажат старите, лажат и младите, едноставно сите лажат. Капак на ова е лагата која ја пласира деновиве еден ноторен лажго, во моментов пратеник, кој се обидува сите нас да нè направи глупави и ќорави и со кратко паметење. Со своето бесрамно правдање пред очите на македонската јавност, овој пратеник, кој одамна ја поминал фазата на бесрамно лажење и сега според Дисарели е на полето на статистиката, се обидува да нè убеди дека она што го видовме не е тоа, она за што постои фактографија (фото- и видеодокументација) дека исто така не е тоа. Овој човек лажеше во комунизмот, лажеше во периодот на транзиција, лажеше во политиката и во економијата, а бесрамно лаже и денес. Нормално е да се запрашаме до кога? Одговорот е дека патолошките лажговци лажат дури и на оној свет. По сè изгледа дека спас никако ни нема од него. Е што е, многу многу е!

Ако ја погледнете класификацијата на лагите погоре во текстот, ќе видите дека кај овој седумдесетгодишен ноторен лажго ги има сите типови лаги, освен една. Анализирајте ги неговите изјави и ќе видите дека сите негови досегашни лаги спаѓаат во категоризацијата на себични, анти-општествени, и тие имаат карактер на самопромотивност. Значи, ги нема само оние кои се општествено ориентирани лаги, односно лагите со кои треба свесно да му се помогне на некој друг. Таквите лаги му се несвојствени на овој човек.

Лажењето се смета за интегрален и неопходен дел на општествената комуникација, но само во определена ситуација и затоа сите лаги не се исти. Ова е особено важно поради тоа што лицата кои лажат малку се возбудуваат ако таа лага не им значи ништо во животот. Меѓутоа, важноста на лагата ги засилува физичките симптоми на лажгото. Тука, пред сè, мислам на изразот на лицето, гестикулацијата, тонот на гласот и начинот на говорот (или пишувањето). Ќе се обидам да ви ги презентирам физичките симптоми кои ги покажа овој истрошен политичар, во својата последна изјава во Собранието на Република Македонија. Искривената насмевка на неговото лице, брзото движење на очите, како и неможноста свесно да го контролира својот израз, јасно ја отсликуваше неговата лага. Во делот на гестикулацијата, тој свесно настојуваше да зазема што е можно помал физички простор. Движењата на рацете и прстите беа сведени на минимум и главно насочени кон неговото сопствено тело. Беше мал, како пиперово зрнце, како накиснат глушец кој излегол на сонце малку да се подзасуши. Како симптом не изостануваше ниту неговиот високиот тон, поради зголемениот доток на крвта во гласните жици. И, на крајот, неговиот говор се одликуваше со долги паузи меѓу искажаните зборови и реченици. Накратко кажано, неговата приказна беше премногу „добра“ за да биде вистинита. Е, тоа е тој кој со години нè замајува и печали на неговите лаги.



Читањето на овој текст сигурен сум дека нема да ве направи експерти за да ги препознаете лажговците на политичката сцена и воопшто. Целта ми е да укажам дека при јавни појавувања на вакви и слични луѓе, сите ние треба да ја подгинеме својата свест и внимание за наведените симптоми, кои јасно се видливи кај луѓето кои лажат. Процентот на луѓето кои добро лажат е мал, но и процентот на луѓето кои се природно надарени нив да ги препознаат е – уште помал. И токму поради овој факт, овие луѓе ќе виреат, односно ќе опстојуваат со години на јавната сцена, ќе ги уживаат бенефитите од сите политички партии, ќе им служат на сите лидери, а на крајот секогаш извлекуваат дебела корист само за себе и за сопственото семејство. А граѓаните и државата...? Има време, нека почекаат малку. Еднаш веќе треба да им ставиме крај и да ги вратиме таму од каде што дошле и со онолку колку што имале кога „малку лажеле“ пред да почнат безсрамно јавно да лажат.

## ХИЛАРИ КЛИНТОН И БАЛКАНОТ

ВР-09.10.2010

Промена на агендата на највисоките американски функционери многу ретко се случува. Нивните состаноци и средби секогаш се испланирани со месеци station наназад и се менуваат само во исклучителни ситуации. Токму поради тоа изненадува ненадејната одлука на американската државна секретарка за надворешни работи на САД, Хилари Клинтон, преку ноќ да донесе одлука да ги посети Белград, Приштина и Сараево. Мора нешто сериозно да се случува за да дојде до ваква ненадејна посета. Колку е тоа сериозно, укажува и фактот дека јавноста со нејзината намера да го посети Балканот беше запознаена на 28 септември, а посетата ќе се реализира на почетокот од неделава (11–13 октомври). Значи, само десетина дена по објавувањето?! Што е тоа што придонесе за ваква експресна посета?

Најнапред треба да појасниме дека сето ова се случува по нејзината средба во Вашингтон со високиот претставник на ЕУ Кетрин Ештон, на прес-конференцијата посветена на блискоисточниот мировен процес и иранската нуклеарна програма. Иако поголемиот број западноевропски и американски аналитичари во официјалните соопштенија и изјави велат дека се работи за посета со која српските и албанските лидери треба да се охрабрат побрзо да го започнат дијалогот по донесената Резолуција А64L65 од страна на Генералното собрание на ОН, сепак работата не е така розова и наивна. По сè изгледа, повторно почнаа да се мешаат картите на Балканот. Претстојат нова игра и делење, во кои сите треба да бидеме внимателни, зашто може да влета слаба комбинација на карти.

Лично очекувам јавноста да биде известена дека Клинтонка се обидела да ги охрабри Србите и Албанците оти се на добар пат и дека нивната иднина е во евроатлантските институции. Претпоставувам дека ќе ја слушнеме и препораката и двете страни да го отфрлат радикалниот национализам, а за возврат САД ќе ја поддржат нивната демократска транзиција. Но дали е тоа сè, имајќи предвид дека влијанието на САД на овие простори е сериозно начнато со зголемените амбиции на Турција, како и со последните потези на ЕУ. Се добива впечаток дека ЕУ со досегашните потези издејствува формално овластување работите околу Косово, па и околу БиХ, да ги преземе во свои раце, а тоа секако дека не е во интерес на Американците. Па оттука тие решија подлабоко да ги засукаат ракавите и повторно да го пикнат својот нос во ова балканско осило.

Секако дека зад светлата, камерите и микрофоните, Клинтонка разговорите ќе ги продолжи во духот на нејзиниот сопруг од времето кога беше претседател на САД, кој и го овозможи прогласувањето на независноста на Косово. Пораката кон Албанците ќе биде дека тие се тука и не ги напуштаат, и дека институционалната криза настаната по оставката на косовскиот претседател Сејдиу треба да биде само една лоша епизода по филмот наречен политика. Евентуалните нови парламентарни избори не треба да бидат пречка за одложување на веќе зацртаните преговори со посредство на ЕУ. Исто така, лично очекувам дека во ист дух ќе бидат продолжени и инструктивните разговори водени со двете страни минатата година од страна на американскиот потпретседател Џ. Бајден, како и прашањето за размена на територија со Србија во замена за нивно признавање. Што се однесува до Србите, покрај охрабрувањето на Тадиќ побрзо да ги започне преговорите, тука патем сигурно ќе падне задолжителната инструкција за подоцнежно признавање на Косово. Прашањето за Санџак секако дека нема да биде изоставено од дневниот ред и тука може да се очекува американска препорака за продолжување на внатрешната децентрализација и за давање поголема автономија на муслиманите во Рашката област. Секако дека најголем акцент ќе биде ставен на разговорите околу идното најнапред благо, а потоа и целосно дистанцирање на Србија од Република Српска во БиХ и од лидерот Милорад Додик,

кој досега уживаше беврезервна поддршка. Секако дека Тадиќ ќе мора да ја голтне големата кнедла и јавно да се заблагодари за „безрезервната пријателска поддршка“ од нивна страна, а сепак длабоко во неговата душа ќе остане реалноста дека е тоа грубо мешање во внатрешните работи на Србија, за кое тој ништо не им може.

Инструкции сигурно ќе постојат и за Босна и Херцеговина, зошто таму ситуацијата по изборите е сериозно променета. Партијата на Додик не однесе убедлива победа и ќе мора да фомира коалиција, а сè пофундаментално исламско настроениот Харис Силајџиќ доживеа пораз од партијата на Бекир Изетбеговиќ. Во федерацијата најмногу гласови доби мултиетничката социјалдемократска партија на Златко Локумџија, кој најверојатно ќе биде и новиот претседател на Министерскиот совет на БиХ. Што се однесува до хрватската страна, тука ситуацијата е полесна, бидејќи Американците гледаат континуитет во досегашниот и резибран Иво Комшиќ. Секако дека допрва американските власти ќе треба да се соочат со тоа дали изјавите за неодржливост на БиХ дадени во изборната кампања од страна на Додик набрзо ќе станат реалност. или пак тие беа за еднократна употреба. Но, едно е сигурно, дека барем во наредните три до четири години, од нив ќе нема ништо.

По сè изгледа дека американскиот државен секретар, а секако и останатата американска администрација, не заборавија дека по НАТО интервенцијата на овие простори, тие зад себе оставија релативно стабилна, односно нестабилна ситуација, на која ѝ треба само мала искра за да експлодира. Ова посебно се однесува на БиХ. Дури сега се соочуваат со фактот дека се работи за една вештачка одржлива творба, плод на експериментите на глобалистичката елита. Тоа е котел кој постојано врие и е пред претекување. Конечно увидоа дека постојаното одлагање за прием на балканските држави во ЕУ, многуте неисполнети ветувања и зголемиот дефетизам, како и сè поголемата и сеопфатна економска и политичка криза, го забрзуваат свртувањето на еден дел од државите кон Турција и



затоа решија експресно (се разбира, доколку не е веќе доцна) да реагираат. Во еден неодамнешен напис на оваа иста тема прочитав интересна изјава: „Сите ние мораме да се молиме на Господ, возрасните луѓе во администрацијата на Обама да не им дозволат на децата повторно да ја запалат куќата само за да можат на жар да си испечат компири“.

## ЗОШТО СЕ ЛАЖЕМЕ?

ВР-16.10.2010

Ги гледам некои луѓе и не можам да се начудам. Лажат, лажат, и тоа долго и нашироко. Во обидот да „демантираат“ нешто што не се демантира, нешто што е факт, на кутрите тие пена им излегува од уста за да го докажат недокажливото. Гестикулираат со рацете, со нозете, лицето им се црвенее, погледот им е насочен надолу, фаците им се искривуваат, иако знаат дека никој не им верува. Па, се прашувате зошто им е потребно сето тоа? Зошто се ставаат во ситуација да изигруваат палјачовци само за да ве убедат во нивната „вистина“. Профилот на Пинокио денес е оддалеку препознатлив. Во еден весник неодамна прочитав дека статистичките истражувања велат дека мажите лажат повеќе, а жените поубедливо. Податоците велат дека машките лаги главно се поврзани со нивното его, дебелината на паричникот и брачната состојба, додека жените најчесто ја заобиколуваат вистината кога зборуваат за своите килограми, за своите години, како и за бившите љубовници и за аферите што ги имале. Како причини за лажењето луѓето ги наведуваат: избегнување на одговорноста, стравот да не бидат отфрлени од нивните блиски, стравот од неразбирање и укор од средината во која живеат, па дури во игра се и патолошките состојби. Во секој случај, со методите на баронот Минхаузен луѓето се служат за да ја поправат сликата за себе во јавноста, па дури и да го зголемат своето влијание и моќ во јавноста. Дури и Винстон Черчил рекол дека најмногу се лаже во љубовта, во ловот и во текот на изборите.

Луѓето некогаш доцнат, па ќе ја излажат причината поради која задоцниле. Овде секако дека не мислам на патолошките случаи и ниту за небитни лаги, како, на пример, тогаш кога ќе те застане полицаец поради поминување на жолто-црвено, кога морате дома да ја излажете сопругата дека сте имале итен состанок, кога ќе го излажете детето дека не сте ја купиле неговата омилена играчка зашто продавницата била затворена, ама утре сигурно ја добива и др. Но, луѓето лажат зашто сакаат да остварат корист за себе, а тоа сигурно е одраз на нивната лакомост и себичност. Луѓето лажат ако немаат чиста совест и тука лагата е одраз на стравот за себе. И во двата случаја, се работи за луѓе кои немаат доволно самодоверба во себе. Луѓето лажат и кога сакаат да бидат во центарот на вниманието за некоја работа, а сепак не се доволно упатени во неа. Во една таква ситуација, доколку немаат обезбедно готова лага однапред, едноставно остануваат без зборови и вообичаено се обидуваат нешто да мрморат и почнуваат да ве матат. Лагата ја имате и кај луѓето што нешто не знаат, а се срамат тоа да го кажат. Тие ќе глумат дека нешто разбираат, иако се свесни дека немаат поим за тоа што се зборува. Овде лагата е одраз на срамот од незнаењe, која некогаш и би можела да се толерира. Јас сум убеден дека моето знаење е доста големо, така што без пардон можам да кажам дека нешто не знам, а дека никој нема да ме смета за глупав, притоа без да лажам.

Кои се луѓето што не лажат? Тоа се луѓе чија самосвест достигнува толкаво ниво на самоувереност за сопствените вредности, што едноставно лагата не им е потребна. Тоа се луѓе кои оние работи што некои други не сакат да ги кажат со нивното полно и вистинско име и презиме, тие ги кажуваат без ронка непријатност. Жално е што денес е дојдено времето кога едни на други сè повеќе се насмевнуваме, меѓусебно се додворуваме, бидејќи однапред сме се пресметале дека далеку е покорисно тоа да го работиме на ваков начин отколку целата вистина да му ја кажеме в очи. Се согласувам дека овде и во ваква ситуација препотенцијата е клучен збор. Морам да признам дека и јас сум препотентен до таа мера што едноставно не гледам причина да морам да лажам. Добро е што досега не сум се довел во позиција да морам да лажам за да го зачувам својот елементарен интегритет. И зошто тогаш би лажел за малите нешта во животот, или не би ја кажал вистината в очи?

Дефинитивно, лагата е одраз на несигурност и невешт обид за криење на вистината. А бидејќи секој ден сме некако понесигурни, се плашам дека полека стануваме нација со нај-

голем број лажговци. Секој во секого се сомнева кога сѐ некој се обидува да ја кажува вистината. И, на крајот, бидејќи денес никој никому не му верува, секој за секого е лажго, постојат ситуации кога ќе се обидете да ја кажете вистината, но никој нема да ви верува. Ајде да бидеме искрени и да признаеме колку пати сме биле во ситуација кога некој ќе се обиде да биде искрен и јавно да се открие до гола кожа, а најголемиот дел од нас тоа го сметаат за шега (фалење). Никој не му веруваме на неговата приказна. Бениген случај е опишан на еден пост под наслов „Не сум ја еб.. чесен збор". Факт е дека авторот ја кажал вистината, но исто така факт е дека сите мислеле дека тој не сакал да ја каже вистината. Нема сомнение дека за вистинската романса без секс со опишаната девојка во постот, никој и онака не би му верувал. А вака испаднал ебач. Имате една нималку чудна, но морам да признам пријатна ситуација за пишувачот на постот. Извонредно, нема што, човекот ја кажува вистината, а не му веруваат!!. Лаже и сите му веруваат!!! Човекот е чудна „направија".

# СКОПСКИТЕ ЈАВНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА

ВР-27.10.2010

Деновиве бев фрапиран кога еден мој пријател ме замоли да го сослушам неколку минути, за да ми каже нешто за кое се мислел три месеци дали да ми го каже или не. Но, тој ден, по неколку испиени чашки ракија, конечно се охрабрил да ми пристапи и да ме замоли да го сослушам. Бидејќи го знам како добродушен, како домаќин, еснаф, а пред сѐ како чесен човек, седнав до него и почнав да го слушам. Со голема трема, но со горчина во душата, ја започна својата приказна за претпријатието во кое работи уште од дете. Во тоа скопско јавно претријатие се менувале директори, шефови, но тој останал истиот, онака скромен, каков што го знам од памтивек. Се чини дека многу работи го погодиле во животот, но ова што го мачеше неколку месеци, се чини дека ја прелило и неговата чаша. И слушам, но не можам да верувам во она што ми го кажува. Неговата приказна почнува вака. Како одговорен на еден од пунктовите во ова јавно претпријатие, мојот пријател ги испраќа своите работници во централниот сервис, каде што за секојдневните потреби на пунктот треба да се натоварат 1 кубик песок и 1,4 метри кубни дрва. Се товарат дрвата и песокот и со уредно заверен патен налог натовареното камионче поминува низ пријавницата и заминува кон пунктот. На патот го стопира шумската полиција која се интересира од каде се дрвата, зошто не се обележани со боја и зошто тие се без жиг, односно не се маркирани. Демек, секое дрво морало да биде обележано со боја и со жиг. Шумската полиција во записникот утврдила дека за натоварениот песок постои уредна испратница, но дека недостасува испратница за превоз на дрвата кој ја издава одговорниот во Јавното претпријатие, иако и за дрвата и за песокот постои уредно издадена магацинска издатница. Упорно мојот пријател се обидува да им објасни на полицајци-

те дека дрвата се подигнати од централниот сервис на Јавното претпријатие, каде што на платото има повеќе од 200 кубни метри огревно дрво и дека тие се наменети за пунктот со кој тој раководи. Но, полицијата не ја интересира ништо и привремено ги одзема песокот, дрвата и камиончето. Потоа следи процедурата на поднесување кривична пријава до Јавното претпријатие. Процедурата, односно судскиот процес, сѐ уште трае. Во меѓувреме од моментот на запленувањето на камиончето до денес поминати се речиси пет месеци. Одговорните во претпријатието вината си ја префрлаат еден на друг и никој ништо не знае како се купени толку кубици дрва, а да не бидат маркирани, што јасно упатува на нелегалност на купопродажбата. Во меѓувреме камиончето (марка ивеко, старо само четири месеци до моментот на заплената), со кое се превезувани дрвата и песокот, онака како што е запленето со сиот товар (песок и дрва) е паркирано на плацот за запленети возила во Идризово и е оставено на забот на времето. До завршувањето на спорот од камиончето ќе нема ништо, односно ќе остане само куп железо и нема да биде во функција. И сега поради немање возило, работниците од овој пункт не се во можност да функционираат нормално, бидејќи тоа им е неопходно средство при извршување на нивната работа (чистење на шахтите од атмосферската канализација). Генералниот директор на ова претпријатие мува не го лази за ова што се случува и сѐ уште никој нема понесено одговорност, ниту за нелегално купените дрва, ниту за одземеното возило. Според мене, се работи за невиден јавашлак. А во меѓувреме, од страна на одговорните во Јавното претпријатие, е стопирано секое изнесување дрва надвор од претпијатието. Погодете зошто?

И втората приказна повторно е врзана за ова јавно претпријатие. Бидејќи се работи за едно од поголемите јавни претпијатија, нормално е дека и јавните набавки се големи. Поради потребата за меѓусебна комуникација во ова претпријатие, се купуваат мобилни службени телефони. Речиси да нема директор, шеф, раководител, како и нивните заменици, да немаат службени телефони. Неодамна по една таква поголема набавка, сите одговорни во претпријатието се задолжуваат со службени мобилни телефони. При задолжувањето на сите им се дава уредно заверен гарантен лист во случај да се расипат. Гаранцијата е дадена од страна на една позната фирма за продажба и за сервисирање на мобилни апарати. И белјата да биде поголема, токму на мојот пријател само што го задолжува службениот мобилен апарат – тој му се расипува. Бидејќи гарантниот лист му е уредно заверен и не му е изминат рокот, човекот го носи мобилниот на поправка во фирмата која ја заверила гаранцијата. По една недела известен е дека тој не се поправа и дека треба да земе нов. Сметајќи на важноста на гаранцијата, се согласува неисправниот телефон да му го заменат со нов. Но, одговорните во фирмата велат дека новиот телефон мора да се плати, зашто неговото претпријатие немало склучено договор за гаранција, односно за сервисирање на мобилните телефони, а и телефоните не биле купени од нив. Не важи укажувањето од страна на мојот пријател дека на гаранцијата стои нивниот печат и дека телефонот му е службен. Видел-не видел човекот, си извадил 3 500 денари и си платил од својот џеб за новиот телефон. И за да биде трагикомедијата поголема, во фактурата број 8129011225, која му ја издава фирмата што ја заверила гаранцијата, наместо како комитент да стои тој или неговото јавно претпријатие, стои сосема друга фирма – ЈУ Меѓуопштински центар за социјални... !!??? со адреса Никола Карев бб, Скопје. На прашањето на човекот зошто му издаваат фактура назначена на друг комитент, одговорниот во фирмата му објаснил дека таа институција која е наведена на фактурата се јавила како купувач на телефоните кои Јавното претпријатие им ги поделило на своите вработени. Човеков се фаќа за глава и не може да поверува што сѐ се прави во неговото претпријатие. Тука навистина има голем број нејаснотии и сомнежи за нечесни игри кои набрзо треба да ги откријат надлежните органи. Прашање е дали криминалот го прави фирмата-сервисер, фирмата која се јавува како комитент, Јавното

претпријатие, или пак сите се замешани во ова. Се чини дека некој нешто овде мати наголемо, ми вели мојот пријател.

Ова се само две приказни за работењето на едно од скопските јавни претријатија. Којзнае како е кај другите? Во бараките на Советот на град Скопје и во јавноста сѐ повеќе се говори за постоење голем број станови и деловни простории на име на скопските јавни претпријатија добиени како компензација за наплата на долг кон нив. Никој точно, а најмалку градоначалникот знае колку се тие на број и каде се лоцирани. Се шпекулира дека одговорните во скопските јавни претпријатија дебело заработуваат од нивното изнајмување.

По овој напис не само градоначалникот, туку и советниците би требало повеќе да се заинтересираат како им функционираат нивните миленичиња, јавните претпријатија. Наместо лесно на седниците да им поминуваат годишните планови и програми, наместо да дигаат рака за поминување на завршните сметки, нека навлезат малку во нивната содржина. Нека побараат одговорност од генералните директори. Нека се заинтересираат и нека прочитаат нешто повеќе, бидејќи и без тоа земаат огромен паушал од нас граѓаните за она што досега не го работеа.

# HOCUS, POCUS... MAKEDONIKUS

ВР-30.10.2010

Неодамна прочитав еден афоризам чија парафразирана содржина е приближно вака: „Ако нешто смрди, тоа е хемија. Ако нешто не функционира, тоа е физика. Ако нешто е несфатливо, тоа е математика. Ако нешто е бесмислено, тоа е економија или психологија". А јас би додал и политика. Да, токму така. Ако некаде постојат бесмислености, тоа секако е во политиката, и тоа во оваа нашата. За овие дваесетина години, се направија толку безмислености, што можат да ни позавидат сите политичари и сите земји во светот. Затоа од тие бесмислености сме на ова дереџе, каде што сме денес. Сите тие беа резултат на разните експерименти кои во минатото, а и денес, ги вршеа и ги вршат во најголем дел владините министри експериментатори. Испаѓа дека секој како ќе дојде на власт си прави свои експерименти, свои планови кои воопшто не палат и воопшто не успеваат да профункционираат. И ние секако дека треба на секој нов експеримент, наместо да плачеме, да им се смееме и да ракоплескаме, само затоа што со идниот нивни нов експеримент ќе биде уште полошо. Нема што, чиста Марфиева филозофија и, се разбира, доколку експериментот успее, некаде мора да се згрешило. Меѓутоа за да биде поголема белјата, нашиве „учени" министри никако некаде да згрешат. Барем, доколку згрешеа, ќе имавме некое фајде.

Грешеа СДСМ-овските министри-експериментатори и останаа неказнети. Меѓутоа, дали треба и понатаму да дозволиме министрите да прават грешки, без разлика дали тие се свесни или несвесни за нив? Се чини дека во последно време грешките со експериментите на младиве јуноши министри на Груевски ја прелеаја чашата. Ајде да не го спомендуваме експериментот со проектот „Инвестирајте во Македонија" поради економската криза која го снајде светот (демек, има оправдување), но како да ги одмолчам сѐ поголемите глупости и бе-

смислености во делот на здравството и на образованието? Да се потсетиме само на некои од експериментите коишто се обидоа да ги направат, а за жал и уште ги прават овие двајца млади луѓе. Не сум сигурен дали мотивот е во желбата за иновација, или пак во следење на нечиј туѓ континуитет, но сепак тие експериментираа од самиот почеток и сѐ уште експериментираат!? Пред само две години, Клиничкиот центар беше поделен и откако се увиде грешката, се донесе одлука повторно да се спојат неколку клиники, односно да се врати стариот концепт на организација. Едно од баналните оправдувања на државата за ваквиот чекор назад беше изговорот дека со обединување на четирите хируршки клиники ќе се заштеди и нема да се расфрлаат пари за повеќе управни органи. Замислете, на надлежните им беа потребни две години за да осознаат дека кога од еден субјект се прават повеќе, се зголемуваат трошоците! Па, тоа го знае и дете во осмо одделение, а, за чудо, цели две години тоа не можеа да го утврдат економските менаџери што ги постави Владата како контролори во здравствените установи. Како експеримент и утка се покажа и системот на двојно менаџирање на клиниките и во болниците од лекар и од економист, иако сите претходни информации велеа дека тој систем во поголем број држави одамна е напуштен, бидејќи се покажал како неуспешен. Како да се оправда експериментот со новата формула за определување на износот на пари за лекови во аптеките на Фондот за здравствено осигурување? Пациентите и во овој случај повторно станаа колатерална штета. За наша среќа, овој експеримент траеше само два месеца. И да не набројувам уште други експерименти во кои како заморчиња секогаш се појавуваа пациентите. И трагикомедијата да биде поголема, откога го „оправи“ стариот Клинички центар, „храбро“ се зафати да направи нов клинички. И тоа ни помалку ни повеќе, наместо 100 до 200 милиони евра, како што првично најави, сега цената е двојно повисока. Човек да се чуди и да се крсти!!??

Образованието е посебна приказна. Се работи за систем кој не трпи незнаење, импровизации, а секако најмалку



политички манипулации. Младиот министер Тодоров, кој ни крив ни должен стана министер, е приказна сама за себе. На самиот негов почеток „цврсто“ го бранеше неговиот став дека нема да има проширување на бројот на паралелки на албански наставен јазик во средното медицинско училиште. „Ниту ЕДНА паралелка надвор од договореното“ и детето не излажа – бројот се прошири за ТРИ. Сиротиот, ем сака континуитет во реализацијата на претходните проекти на Владата, ем прави нови експерименти, ем нема капацитет. Ова младо момче не знае дека експериментите во образованието се дозволени само по предметите физика и хемија. Жално е што тој и неговиот претпоставен сѐ уште не ги видоа негативните последици од проектот дисперзирани студии – факултет во секое поголемо гратче. Не видоа дека квантитетот го засенува квалитетот. Добиваме армија образовани, но недоволно квалификувани кадри. Неуспехот во борбата со корупцијата преку отворање на канцелариите за пријавување на корупција, неуспехот со обидот децата Македонци од албанска националност да го учат македонскиот јазик од прво одделение, скандалот и експериментот со учебниците, како да не е доволна поука за овој млад човек. Демек, тоа е основно образование, тоа се студенти, и се нафати со нов експеримент за растурање на најголемиот и најстариот универзитет, а притоа останатите други универзитети да останат во статус-кво ситуација. Демек, еден закон за овој универзитет, а друг за другите. Или, пак, доколку сакате, во духот на „новата хиперпродукација“, хиперпродукција на студенти, хиперпродукција на магистри, хиперпродукција на декани, а сега и хиперпродукција на ректори. И, нормално, ако сме последни во сѐ, зошто да не бидеме први по бројот на ректори во овој дел на светот? Барем по нешто да сме први! Е, што е многу – многу е, дури и од него.

На крајот, во контекст на претходното. Експериментот е најглавната компонента во емпирискиот приод до знаењето. Тој не е ништо друго освен практична проверка на функционирање на некој проект, кој по стекнатото искуство ќе може

да се спроведе во поширок обем, или поради недостатоците ќе се отфрли како непрактичен. Како обид, тоа е намерно контролирање на некоја појава, институција или нешто друго. Меѓутоа, дали тој треба да се изведува во неконтролирани услови и на неопределен број субјекти? Секако дека одговорот е негативен. На ова логично се надоврзува и следното прашање: Дали секој може да изведе експеримент? Одговорот и тука е дециден. Експериментот не можеш да го реализираш доколку немаш претходно познавање на работите, уште помалку доколку абер немаш од работата која ја работиш. Овие двајца министри-експериментатори и „волшебници“, како и нивните ментори, советници во сенка, сакаат да создадат чудо! Но, дали чудо може секој да направи? Природата и сите ние се срамиме и патиме од бесцелните експерименти и нивните експериментатори.

Доколку беше жив Фројд, сигурен сум дека би имал нешто повеќе да каже за сево ова што ни се случува.

## АЗДИСАНИ БАНКАРИ – РЕКЕТАРИ

ВР-06.11.2010

Среда наутро, нешто по 7 часот и 30 минути. Некој упорно ѕвони на домашниот телефон. Се будам и си велам, која е оваа будала толку рано што си дозволила да ѕвони? Мора нешто страшно да се случило!? Додека станав, ѕвонењето престана и нормално се обидувам да видам и да проверам на дисплејот кој ѕвонел. Што да видам. Анонимен повик. Повторно се враќам в кревет и само што сум задремал – еве ти го повторно истиот звук ѕвр, ѕвр, ѕвр, ѕвр... Нема крај на ѕвонењето. И за среќа, пред да исклучи, ја кревам слушалката и слушам нервозен женски глас. „Добро утро, Јове К. ве молам!“ Нормално прашувам: Кој го бара толку рано? А нервозниот глас станува уште понервозен. „Јове ли е тоа, ве прашав?“ И тоа онака наредувачки. Мислата ми работи двесте на саат и повторувам: „А кој го бара, знаете ли да се претставите?“ Следува моментална тишина од страна на збунетата јавувачка, но брзо се созема и уште понервозно одговара: „Од кол центарот на... банка (банка со доминантен грчки капитал) се јавуваме.“ „Ок“, велам. „Повелете кажете што толку лошо ве снашло, па олку рано ме барате и ме будите“. „Господине, доцните со уплата на ратата, имате ли пари денес да ја платите?“ Велам, „мислам дека е платена, но ќе проверам и ако не е платена – ќе ја платам“. Но јавувачката е упорна и повторно онака наредувачки: „Имате ли пари и кога најбрзо планирате да го платите долгот?“ И нормално, следува замолување од моја страна да не ме малтретира веќе, зошто ако сум задоцнил некој ден, ќе си платам камата онолку колку што следува и ја затворам слушалката.

Нервозата која започна со тоа банкарско раноутринско малтретирање ми траеше цел ден. Безобѕирноста и дрскоста со која настапи операторката ме натера случката да им ја прераскажам на моите пријатели. А тие кисело се смеат и велат: „Еј па ти добро си поминал“. Првиот од нив вели: „Кај мене

ѕвонеа во 17,30 часот попладне. Само што се испружив да се одморам од напорната работа, кога еве ти ги рекетарите – ѕвонат. Им велам: „Луѓе, плата сè уште не сум зел, кога ќе ја земам прво што ќе биде ќе си го платам долгот. А нив ништо не ги интересира. Снајдете се и платете, а потоа враќајте кога ќе земете плата. И нормално, ги отерав во три мајчини“. Другиот колега поминал уште пострашно: „Кај мене, вели, кога тие се јавиле, се јавил мојот син, кој има само десет години и му наредиле да ми пренесе да сум ја плател заостанатата рата која ја имам на кредитната картичка. Начинот на кој тој со солзи во очите ми ја пренесе пораката, ќе го паметам за цел живот“. Третиот пак поминал најлошо. Него го барале на работа и пораката му ја пренеле на неговиот колега, со кој (белјата да биде поголема), тој и не комуницирал, па таа морала да биде пренесена преку трети лица. На ова се надоврзува и приказната на една моја пријателка, која прафразирано оди вака: „Е, кога јас задоцнив со плаќање рата во една банка, исто така ме малтретираа. Инаку, имаат ангажирано некоја приватна агенција. И навечер, и рано насабајле, и во сабота во 8 часот се јавуваа. Ми се заканија, доколку не платам за два дена, ќе ми прателе извршител. Потоа, кога отидов да платам во банката, ми рекоа дека бидејќи сум задоцнила, веќе ми ја пуштиле целата сума и дека сега морам да се договорам со ангажираната агенција. Сега си во нивна надлежност, ми рекоа. И затоа морав да молам и да се договарам со таа агенција за да плаќам дупло поголема рата отколку што ми беше редовната. Дента кога ќе ја исплатам целата сума, тоа ќе биде последен ден кога ќе влезам во таа банка.“ Револтирано раскажува мојата пријателка. И како сега нервозата што се јавува кај граѓаните по овие повици и нечовечни постапки тие да не ја истураат врз операторите вработени во специјализирани агенции за посредување при наплата на побарувања, нивните газди како и на банката која ги ангажирала?

Размислувајќи за ова што ни се случува, дојдов до заклучок дека за овие оператори ангажирани од страна на банката нема ниту делник ниту празник, нема дење или ноќе, нема разлика дали е рано насабајле или навечер. Односот и прашањата од јавувачките од кол центарот секогаш се исти. Дрски и безобзирни и се сведуваат на следново: Имате ли пари да платите? Зошто не сте платиле? Колку време ќе доцните овој месец? Сигурно ли ќе платите? Немој да се случи да не платите, и др. На ваквите некултурни прашања, дрскости, навреди и предупредувачки повици им нема крај. Не се води сметка за светоста „граѓанинот-клиент“ и за неговото достоинство. Не се води сметка дека во најголем број од овие јавувања се прекршува гарантираното право на заштита на личните податоци против кое сите ние вознемируваните (директно или индиректно) имаме право да поведеме постапка против нив и банката пред Дирекцијата за заштита на лични податоци. По сè изгледа, во борбата за да си ја остварат нормата, на полуписмените безобразни операторки-јавувачки и нивните работодавци никој не им кажал дека треба да бидат љубезни, не им објаснил дека треба да нè замолат и културно да нè потсетат дека сме заборавиле или сме задоцниле со обврската. Никој не ги подучил дека тоа што го прават е повреда на загарантираното право на приватност на граѓанинот-клиент. Овде станува збор за заштита на личните податоци кои ние сме ѝ ги довериле на банката, а таа ги пренела на други организациии кои ги има ангажирано. Кој им го дал тоа право? Колку што се сеќавам, јас немам потпишано изјава или друг документ со банката со која сум им го дал тоа право? Значи, некој треба да одговара за ова.

Бидејќи банките не се државни органи, граѓаните нема каде да се обратат и да се пожалат на нивното некоректно работење. Единствената надлежна институција, во оваа ситуација, Дирекцијата за заштита на личните податоци, не презема ништо да нè заштити. Тие чекаат некој да поднесе претставка, па да реагираат, иако мошне јасно го знаат начинот на работа и малтретирањето од страна на банките кои ги злоупотребуваат личните податоци на клиентите.

Немилосредните и аздисани банкари лани од граѓаните во нашава држава на свое конто, само од камати, имаат напла-

тено 313 милиони евра (40 милиони евра повеќе од 2008 г.), а врз основа на разни други надоместоци дополнителни 63,3 милиони евра. И покрај овие фрапантни податоци за банкарската заработка, тие забораваат, односно не сакаат да видат, дека економската криза, односно рецесијата, несомнено се одрази врз способноста на клиентите за редовно сервисирање на обврските. Наместо да бидат пофлексибилни, тие стануваат сè поригорозни. Граѓаните и фирмите сè повеќе стануваат кредито-неспособни и сè потешко ги плаќаат ратите за кредит. Од задоцнетото враќање, или пак невраќање на кредитите, банките не губат ништо, затоа што кредитите што ги одобруваат секогаш се добро обезбедени и со високи камати. Вредноста на хипотеките што ги прифаќаат е најмалку двојно, но најчесто и тројно поголема од вредноста на одобрениот кредит, а каматите се најголеми во овој дел од светот. Ако е така, зошто ова малтретирање и дрско однесување?

На некоректниот однос на банките кон своите клиенти-граѓани секако се надоврзуваат и обвинувањата за бајатост на банкарските службеници и нивната работа. Кога последен пат сте биле в банка, а да не сте чекале најмалку половина час во ред пред шалтерите, во атмосфера исполнета со нервоза и исчекување? Самата помисла дека треба да одите в банка за да платите сметки или рата за кредит, да подигнете пари или да завршите каква било друга работа, ве доведува до излудување. Дали сте биле в банка кога пензионерите ги подигнуваат пензиите? Е, тогаш навистина можете да излудите. А банките тоа воопшто не ги загрижува. Редови пред банкарските шалтери постојат и во европските држави, но таму тие се исклучок, а кај нас – правило. Зошто за обична банкарска трансакција треба да го жртвувате вашето слободно претпладне или попладне?

Како за споредба како работат банките во светот и како тие се грижат за своите клиенти, нека послужи приказната на еден мој пријател кој до минатата година живееше во градот Хонолулу на Хаваите. Едно утро, точно пред пет години, овој мој пријател влегол во експозитура на Првата хавајска



банка(First Hawaiian Bank) за да направи дневен депозит на својата деловна сметка и по кратко чекање дошол на ред и пришол до шалтерот. Го пречекала шалтерската службеничка со традиционална хавајска насмевка, која експресно ја одработила посакуваната трансакција. Му ја подала сметката, и додека тој ѝ се заблагодарувал, таа му пружила банкнота од дваесет долари, проследено со коментар: „Извинете што чекавте подолго од пет минути“. Мојот пријател останал збунет и, онака шокиран, се упатил кон излезот на кој го видел големиот закачен постер на кој пишувало: „Ако во нашата банка чекате на ред подолго од 5 минути, ќе ви платиме 20 долари“. Коментар што значи неговата „светост клиент“ не е потребен.

Од погоре напишаново, логично се наметнува заклучокот: Доколку банкарите немаат доверба во нас, во своите клиенти, зошто пак ние да имаме доверба во нив? Нели односот на доверба е столб на секој деловен однос, па и на банкарскиот систем? Повеќе е од сигурно и јасно дека малтретирањето на граѓаните од страна на банкарите е специфичен тип на монопол на кој мораме што побрзо да му ставиме крај. Дајте да се избориме за нашите права и да не дозволиме повеќе малтретирање. На потег се Гувернерот, Владата и останатите надлежни институции.

# ИНТЕЛЕКТУАЛЦИ

ВР-13.11.2010

Многумина слушнале за американскиот писател Артур Милер, но малкумина знаат дека тој направил и успешен обид да го дефинира интелектуалецот. Според него, интелектуалец не е човек кој прочитал безброј книги и поседува мноштво информации, туку се работи за личност која има сопствена претстава за светот во кој живее. Значи, акцентот е ставен на свесното промислување. Тоа подразбира личност која има свој личен став за она што се случува околу неа. Нормално е некој да стави забелешка дека според ова толкување „сите ние може-ме да бидеме интелектуалци?“ Меѓутоа, за среќа, не сме! Да се биде интелектуалец, тоа подразбира исклучително висок степен на моралност и свест и посебен начин на поимање на светот кој нѐ опкружува. Поимање кое е способно преку сопствениот личен гест, како продукт на својот ум и дух, да се оствари дело или дела од трајна вредност. Се работи за интелектуална способност светот кој нѐ опкружува да го гледаме со сопствени, а не со туѓи очи. Се согласувам со ставот на неколцина мои колеги, кои велат дека и најинтелигентните меѓу нас можат да бидат марионети во туѓи раце. Овие, убедени дека соопштуваат нешто што е сопствено, тие често ги изразуваат мислењето и ставовите на некој друг. Сето ова најдобро е изразено во колумната на еден режисер од соседството, кој вели: „Ништо не е вечно и непроменливо. Па дури ни идеите, особено кога не се наши.... “

Се чини дека од сите граѓански слоеви во нашава држава, токму интелектуалците се тие кои најмногу потфрлија. Ги изневерија големите очекувања на граѓаните. Како што вели Синиша Маричиќ, се „претворија во некаков тап предмет кој по потреба може да биде употребен од некои од центрите на моќ (политички, економски, финансиски, па дури и верски). Сега истите тие како кучиња ги подвиткале своите опашки



и цивкајќи се завлекле во своите кучешки куќички. Кенкаат, а понекогаш и тивко ќе залаат. Се разбира, само доколку им дозволат. Тие по потреба лажат или пак молчат, односно само кимаат со глава. Исполнуваат сѐ што се бара од нив, па дури и ако не се бара. Грубо кажано, максимално се проституираат“.

Па какви луѓе се тие воопшто? Никакви. Едноставно, не се луѓе...

Но, за да не биде дека сите интелектуалци ги ставам во ист кош, ќе се обидам во кратки црти сите нив да ги поделам во неколку категории. Оваа категоризација е инспирирана и во еден сегмент се поклопува со размислувањата на истата оваа тема на погоре споменатиот автор. Првата категорија која е најбројна ја сочинуваат луѓе кои на некој волшебен и мошне чуден начин се здобиле со факултетски дипломи, магистерски, па и докторски титули. А да ги прашате како тоа го стекнале, веројатно и самите не ќе знаат да ви одговорат. Ова ми личи на пандан на она што во поранешна Титова Југославија се нарекувала „чесна интелигенција“ Всушност, терминот „чесна интелигенција“ е термин што се однесувал на оние интелектуалци кои биле лишени од моралот и сопственото размислување и благодарение на тоа можеле да се соживеат со системот, со власта. Ова само по себе подразбира дека постоела и т.н. „нечесна интелигенција“, односно категорија на високо образовани личности кои не размислувале по принципот „директива озгора“. Е, кога сме кај оваа прва категорија, би можеле да кажеме дека нив главно ги нема во општествениот, односно во јавниот живот. Се плашат од јавно експонирање. Дури и кога ќе бидат приморани да говорат, најчесто нивните говори се неповрзани, неартикулирани и полни со пофалби за нивните претпоставени и авторитети. Причината за тоа се бара во нивното самосознание за нивната неспособност и неедуцираност, односно народски кажано во сознанието дека не ги бива да се носат рамо до рамо со своите од фелата. Нивната филозофија е „да му се снevиди.., што да се прави, мора да се живее“. И затоа тие се алфа и омега и се чувствуваат како мали богови во

својата мала и бедна средина и живеат како бубрег во лој. Тие се вистински сведоци за тоа дека прагот на самопонижување секогаш може да се помести понатаму и подалеку. Ги издава самопочитувањето, бидејќи и никогаш не го имале. Се работи за потпросечност, чијшто единствен репер е малограѓанштината.

Втората група интелектуалци, според Маричиќ, се оние кои се малку поинтелигентни, односно поумешни од првата категорија. Се работи за „интелектуалци" кои своето место под сонцето го бараат на еден нечесен и бескрупулозен начин и чија улога во една држава е доста дискутабилна. Според мое уверување, пожелно е кон нив да се однесувате со потсмев, иронично, но истовремено поради нивната подлост и бескрупулозност секогаш зад вашиот грб нека постои ѕид. Се работи за доста хомогена група која се одликува со поданички дух и со голема и јавно честопати искажана страхопочит кон авторитетите. Иако постојано им е во устата нивниот политички авторитет, сепак врховен господ на кој единствено искрено му се поклонуваат е интересот. Спротивно на однесувањето кон повисоките авторитети и интересот, нивниот однос кон оние кои се на пониската скала на хиерархијата е навистина несфатлив. Тие кон овие луѓе се однесуваат нечовечки и со незамислив презир, и тоа сè дури се блиску до својот авторитет. Оној момент кога ќе бидат исшутирани, тие се најголемите лигуши и веднаш ја вртат својата плоча. За разлика од првите, овие не молчат и говорат без престан и без смисла и дневнополитички ги менуваат ставовите. Тоа се мегафони на своите авторитети. Ги гледате на телевизија, ги читате во печатот, ги следите како на секоја поголема свеченост им дишат во врат на своите авторитети, поткревајќи се на прсти за да ги видиме ние дека се тука, блиску до нив... Очигледно, мошне добро разбрале што бара народот, па така и се однесуваат. Секогаш се залагаат за статус кво позиција и ситуација и затоа се најголемиот проблем на една држава. Што се однесува до образот, тие немаат никаков проблем. Свесни се дека времето не е вечно и брзо мине, и затоа ги користат сите погодности кои им ги



нуди нестабилниот и недоуреден систем. И морам да признам дека навистина им оди доста добро. Добро живеат. Нивните најпроминентни претставници се наоѓаат позиционирани во врвот на политичките партии, во економско-криминалните лоби групи и во првите редови на јавната администрација. Не се плашат од ништо. За оваа категорија „интелектуалци" не постојат ниту етички ниту човекови принципи, бидејќи за идеалите гинат будалите, што би рекол Бора Чорба.

И, на крајот, третата група интелектуалци се т.н. „заколнати" интелектуалци, кои имаат свој став и свој стил и начин на живот. Мислењето го изразуваат доста отворено, без страв од судот на околината или од политичкиот естаблишмент. Тие се вистински иницијатори и промотори на јавното мислење, критичари на лошата и неподнослива ситуација, иницијатори за разрешување на проблемите. Ти се оние кои знаат и можат да ги стимулираат, да ги мотивираат и инспирираат своите сограѓани.

За жал, оваа категорија е сè помалобројна. Јавно го поставувам прашањето дали во иднина ќе имаме доволно силни интелектуалци кои врз себе ќе го преземат товарот за менување на состојбите, или пак повторно ќе мораме да чекаме? Сигурен сум дека подоцна или порано, со нив или без нив, ќе дојде и тој совршен ред и поредок, кој засега е само во нашите мисли, затоа што на таков начин функционира природата. Само, се поставува прашањето, дали таа дотогаш ќе постои?

# БУТ – ГОСПОДАР НА ВОЈНАТА

ВР-19.11.2010

Минатата недела нашите медиуми мошне скромно ја објавија веста за екстрадиција на рускиот трговец со оружје Виктор Бут Анатолиевич од Тајланд во САД. Со оглед на тоа што оваа екстрадирање на руски граѓанин во САД од страна на трета земја во иднина може да ги наруши односите меѓу двете големи велесили, како и поради фактот дека „господарот на војната“ премногу знае за дадени Американци, се чини дека расплетот на ситуацијата допрва ќе ги полни страниците на светскиот печат. Поради сето тоа, во овој напис решив да го пренесам она што го прочитав од повеќе извори за овој човек и за случувањата со него. Виктор Бут беше уапсен во Банг Кок во март 2008 година, по претходни обвинувања за кршење на ембаргото за испорака на оружје во конфликтните зони на Африка и на Азија. Неговото апсење е класична местенка од страна на американските тајни служби преку провокација за купување оружје (ракети земја–воздух и хеликоптери) од страна на револуционерните вооружени сили на Колумбија, FARC. Оваа организација САД ја сметаат за терористичка и е ставена на црната листа. За финализирање на зделката, тој е намамен во градот Банг Кок во хотелот Софител силом роуд (Sofitel Silom Road) каде што и е уапсен од тајландската полиција. Бидејќи „Господарот на војната“ го бараа и Русите и Американците, тајландските власти цели две години играа топло ладно и со едните и со другите, но најпосле решија Бут да им го испорачаат во САД.

Кој е всушност Виктор Бут Анатолиевич? Овој човек е роден пред 40 години во градот Душанбе во Таџикистан и потекнува од работничко семејство. Во младоста бил активен комсомолец со голема лингвистичка дарба. Одлично зборува руски, англиски, француски и португалски јазик, како и неколку јазици и дијалекти на земјите од Африка и Азија.



Од неколкуте варијанти за неговата биографија се чини дека најверодостојна е онаа која вели дека Бут, во содејство со неколку руски генерали, учествувал во дивата приватизација на руската транспортна воена авијација. Многу брзо сфатил дека може лесно да заработи затоа што еден час летање на транспортните авиони во тогашниот СССР чинел 400, а во Африка 1 500 долари, и дека Африка има потреба од оружје и тоа токму она кое се распродавало по распадот на СССР и другите социјалистички држави. Наумено-реализирано. Тој се појавува во улога на купувач, продавач и транспортер на застареното оружје и затоа авионите од неговата флота постојано се на релација Африка, Европа и Азија. Благодарение на пријателството со либерискиот диктатор Чарлс Тејлор, авионите се регистрирани под либериско знаме, а земјата на регистрација е Англија. Денес неговата база се наоѓа во Обединетите Арапски Емирати на аеродромот во Шаржа.

Листата на неговите клиенти е голема и на неа се наоѓаат речиси сите талибански лидери, лидерот на северниот сојуз во Авганистан Ахмед Шах Масуд, заирскиот лидер Мобуто Сесесеко, Либериецот Чарл Тејлор (познат по крвавите дијаманти), Либиецот Моамер ел Гадафи, владата на Ангола, но и нејзините противници предводени од Жонас Савимби и др. Негови клиенти биле и најголемите тајни служби и владејачки кругови во САД, Израел, Русија и Англија, а тука се и познатите фирми Келог (Kellogg) и Браун енд Рут (Brown & Root). Неговите авиони учествуваат во пренесувањето на мировните сили на ОН во Источен Тимор, вршат трансфер на францускиот воен контингент во Ангола, на белгискиот во Сомалија, но исто така тие секојдневно слетувале во американската база Балад на 90 километри од Багдад, каде што поселе оружје за американските војници. Малку се знае во јавноста за шпекулацијата, а можеби и за вистината дека неговите наредбодатели, според едни извори, се во врвот на Генералштабот на Министерството за одбрана на Русија, а според други тоа се највисоки членови на политичкото раководство и на тајните служби на САД блиски до поранешниот американски

потпретседател Дик Чејни и банкарот Пол Вулфовиц. За да биде парадоксот поголем, додека американските федерални финансиски служби се обидувале да ги блокираат неговите сметки во целиот свет, Пентагон и неговите соработници му префрлале огромни милионски суми за учество во „реконструкцијата" во Ирак и во Авганистан.

Во јануари 2000 година Бут првпат е обвинет, и тоа од страна на англискиот висок функционер Питер Хеин, за испорака на оружје во Африка. Исто така, во средината на оваа година, САД започнуваат голема операција за апсење на Бут, во која учествуваат разузнавачки служби на седум земји, но набрзо потоа Вашингтон ја поништуваат операцијата со образложение дека сè уште немаат собрано доволно податоци. По 11 септември 2001 година, администрацијата на Буш престанува во Виктор Бут да гледа закана по својата национална безбедност. Во текот на истата година „крвавите" дијаманти кои Бут ги добивал од неговиот пријател Чарлс Тејлор како компензација за продаденото оружје, свое место најдоа и во извештајот на мисијата на ООН за Ангола. Во него било јасно посочено дека Бут сака да отвори фабрика за нивна обработка, и тоа во главниот град на Руанда – Кигали. И наеднаш во 2002 година Виктор Бут е обвинет за врски со Ал Каида од страна на американските власти и оттогаш започнува неговата голгота. Нормално дека многумина си го поставуваат прашањето што се случило во релацијата Бут – САД за да почнат овие вториве вака да се однесуваат?

Познатиот бугарски професор, публицист, новинар и сопственик на месечникот „Строго секретно", како одговор на ова прашање, нуди неколку варијанти: Првата е дека Американците од Бут сакаат да ги добијат сите информации за неговите врски и односи со руските тајни служби, иако тоа тој категорично го одбива. Втората варијанта е поинтересна и се однесува на фактот дека тој толку многу знае за Американците и доколку нешто се обиде да пропее во јавноста, својата глава ќе мора да ја загубат голем број сегашни и претходни американски функционери. Овој врвен познавач на оваа проблематика вели дека Бут им е потребен на американските демократи во нивната борба со републиканците. Подобро прв до него да дојде Обама, отколку луѓето на Џорџ Буш и на Дик Чејни! Тој треба да биде употребен како главен сведок за испораката на балистички ракети од типот X-55 од страна на Украина на Иран во текот на 2001 година со посредство на американски власти предводени од Џорџ Буш Помладиот, иако во задницата на сето ова стоел потпретседателот Дик Чејни. Замислете каква бомба ќе биде веста дека САД, под раководство на републиканците, го помагале својот најголем непријател Иран? Покрај оваа варијанта, според професорот Иванциски, постои и трета. Таа се однесува на сознанието дека неколку недели пред 11 септември 2001 година, биле купени 15-тина тони воен пластичен експлозив PVV-5A, произведен во СССР. Се работи за еден од најмоќните експлозиви во светот. Примател на нарачката, божем бил Марвин Буш, помладиот брат на претседателот Џорџ Буш Помладиот. Пред да се случат нападите на 11 септември, Марвин Буш и неговиот пријател Вирт биле директори на компанија за обезбедување позната како Стратесек (Stratesec, или поранешна – Секараком), која во тоа време го обезбедувала Светскиот трговски центар. Неколку месеци пред 11 септември 2001 година, нивната компанија добила 8,3 милиони долари за подобрување и поусовршување на степенот на безбедност на Светскиот трговски центар. Интересен е и податокот кој го изнесува овој професор дека кулите-близначки за време на викендот пред 11 септември целосно биле затворени цели 36 часа за да може на самото место да се провери божем „новиот современ безбедносен систем". Во овој контекст, Иванциски ја споменува и поканата што Марвин Буш му ја упатил на Виктор Бут да го посети Њујорк. Бут пристигнал во Њујорк неколку дена пред 11 септември 2001 година, каде што бил пречекан од луѓето на Буш кои работеле во ФЕМА – Федералната агенција за вонредни ситуации, која „случајно" требала да одржи свои симулативни вежби и игри утрото на 11 септември 2001 година. Неколку часа по експлозиите,

Бут добил дозвола да пристапи до урнатините на Светскиот трговски центар заедно со неговиот придружник од ФЕМА. Нивното однесување и присуство во центарот на експлозијата му станало мошне сомнително на Курт Соненефелд, кој како камерман исто така имал неограничен пристап до урнатините и затоа ги снимил. За направената снимка, како и за луѓето фатени во кадарот, Соненфелд им кажал на своите претпоствени и од тоа многумина се растревожиле. Неколку недели потоа сопругата на камерманот Соненфелд е убиена со истрел во главата, а тој бил обвинет за нејзиното убиство. Знаејќи што го очекува, неколку недели пред да се случи убиството на неговата сопруга, Соненфелд ги скрил снимките на тајно место, така што при претресот на неговата куќа веднаш по убиството, тие не биле пронајдени. По ова истражните органи убиството на жената го преквалификуваат како самоубиство, а Соненфелд, чувствувајќи ја опасноста, побарува и добива политички азил во Аргентина. По добиениот азил, американските истражни органи повторно случајот го враќаат на старата квалификација. Оттогаш па сè до денес овој човек постојано живее под страв и закани кои доаѓаат од страна на ЦИА.

Меѓутоа, приказната подоцна добива сосема нов тек. Во 2005 година, сосема неочекувано, името на Виктор Бут се појавува на црната листа на САД. Агентката на ЦИА Валерија Плеин, која повеќепати по задача контактирала со Бут, кон крајот на декември истата година е отстранета од работа. Претпоставка е дека таа знаела доста важни работи за специјалната задача и улога на Виктор Бут, „Господарот на војната“, и неговите врски со двоецот Буш-Чејни. Како и да е, сапунската опера во три чина е пред своето финале. Заплетот веќе ни е познат, кулминацијата е достигната, го очекуваме расплетот. Доколку сите овие претпоставки се покажат како точни, се надевам дека ќе бидеме сведоци за уривањето на митот за големите патриоти и за потврда на девизата дека „личниот интерес е пред сè и над сè“.

## ПЕТ „НЕ“, И ПЕТ „ДА“ ЗА ИЗБОРИ

ВР-11.12.2010

Три дни новинарите ја подгреваа атмосферата со непотребното (да не речам неумесно) прашање дали Груевски и Извршниот комитет на ВМРО-ДПМНЕ ќе ја прифатат фрлената ракавица од лидерот на СДСМ Бранко Црвенковски за распишување предвремени избори. Чинам дека дури и на врапчињата им беше јасно дека до предвремени избори не може да дојде сега и тогаш кога тоа го сакаат СДСМ и Црвенковски. Со јавното соопштение кое во средата доцна вечерта го лиферуваше ВМРО-ДПМНЕ, конечно СДСМ-овците можеа да се смират, а нивните уплашени срца по неколку дена почнаа да чукаат во еден нормален ритам. Целата нивна парада околу ова барање, јас го почувствував како онаа народната: „Бараме таква одлука, ама го молиме Господа таа да не се донесе“. И Господ им ја „услиша“ молбата, Груевски не го прифати нивното барање. Демек, работата беше: баравме, ама што ќе правевме ако Грујо го распуштеше парламентот и распишеше нови избори? Е дури тогаш ќе ја посер.... работата!!! Ова се зборовите на секој втор СДСМ-овец со кој деновиве разговарав.

Но, сепак да не испадне дека им се мешам во нивните партиски работи, ќе се обидам да дадам свое видување преку неколку претпоставки зошто Груевски требаше, односно зошто не требаше да ја прифати фрлената ракавица. Зошто „да“ за предвремени избори? Со оглед на моменталниот рејтинг кој се движи во сооднос од најмалку 1:2,4 до некаде 1:2,7 во корист на ВМРО-ДПМНЕ и Груевски, ова ќе беше вистинската шанса конечно тој да расчисти со транзициониот политичар и со неговото опкружување. Се разбира, доколку досегашната намера за тоа беше искрена, а не само вербална. Тоа ќе беше трет пораз на СДСМ и Црвенковски од Груевски и од ВМРО-ДПМНЕ во последниве 4 години. По овој убиствен пораз би им требале најмалку уште седум до осум години за да

се освестат од она што ги снашло, па дури потоа да се реорганизираат и да се освежат со нови кадри. А дотогаш непречено ќе се одвиваше преродбата. Се разбира дека без сериозна опозиција, постои и опасност од самобендисаност и впливување во водите на автократијата. Второто „да“ за предвремени избори, го гледам во шансата за намалување на сѐ поголемото незадоволство и спречување на одливот на членови од ВМРО-ДПМНЕ во други партии. Со евентуалното распишување нови избори, повторно ќе беше анимирано членството, повторно ќе проработеа и ќе заживееја комитетите, повторно ќе се вратеше желбата за победа кај ВМРО-вското членство да се победи најголемиот конкурент. Повторно ќе се вратеше оптимизмот дека ќе дојде до мешање на картите внатре во Партијата и оние незадоволните и ненаградените повторно ќе ја чекаа својата нова шанса, надевајќи се дека сега ним им е редот да добијат некоја функција, зашто навистина заслужиле. Повторно ќе се вратеше вербата во нивниот Грујо. Третото „да“ лежи во фактот дека веднаш по Божиќните празници, а во очекување на евентуалните новораспишани избори (првата варијанта која беше малку веројатна – крајот на февруари или почетокот на март, и втората за мене поверојатна и пореална – во текот на јуни 2011 година), ќе можеше конечно да ја направи толку посакуваната реконструкција. Со неа експресно ќе се ослободеше од оние министри кои се баласт за владата, од оние коишто наместо напред – влечат назад. Премиерот конечно ќе имаше доблест и ќе признаеше дека младоста и емпиријата не одат заедно, дека токму младоста без емпирија го доведе до ова дереџе. Со внесувањето на нови кадарни луѓе, ќе внесе нови идеи, нов дух, знаење и компетенција, која, пак, ќе доведе до брзи посакувани и очекувани резултати кои гарантираат уште поубедлива победа на изборите од претходната. Четвртото „да“ за предвремените избори (во јуни), е во фактот што дотогаш ќе потечеа парите од кредитот од ММФ. Со тие пари ќе се санираат многу дупки и ќе се решат многу работи.



Нема да има доцнење на исплата на платите во јавниот сектор, пензионерите и социјалците редовно ќе си го добиваат својот надомест со можност малку и да им се покачи, ќе се исфинансираат започнатите инфраструктурни проекти, земјоделците ќе си ги добијат задоцнетите премии и др. И петтото „да“ за изборите е фактот дека до март треба да се одржи конгресот на ВМРО-ДПМНЕ. Од тој конгрес Груевски ќе излезе уште посилен и партиски подоминантен. Тогаш ќе може без страв за поголеми партиски потреси да расчисти со сите оние сега му се закачени како крлежи за вратот и крвнички му ја пијат крвта, а истовремено ѝ прават ненадоместлива штета не само на Партијата, туку, што е уште пострашно – на државата.

Но, сега да видиме зошто „не“ за предвремени избори. Најнапред, да не го прифаќа предизвикот и да не оди на нови предвремени избори, на Груевски јасно беше укажано преку концизната, но мошне прецизна изјава на портпаролката на ДУИ, најголемиот коалиционен партнер на ВМРО-ДПМНЕ. Ако со вашиот коалиционен партнер имате двотретинско мнозинство, ако заемно се почитувате и лесно се договарате, нормално е доколку тој не сака предвремени избори (а како и ќе сака кога секој ден излегуваат нови досиеја кои полека но сигурно му го уриваат рејтингот), да му излезете во пресрет и да се однесувате така како што се однесува и тој. Тоа е тој прагматичен однос кој досега отсуствуваше на политичката сцена во Македонија, особено меѓу коалиционите партнери. Второто „не“ за изборите лежи во фактот дека сосема е нормално во време на светска економска криза, која сериозно ја зафатила и државата што ја водите и поради тоа малку ви е начнат рејтингот и, гледано долгорочно, тој добива блага надолна линија, да не сакате да правите експеримент и да одите на нови избори. Велам нормално, бидејќи никој паметен не би си дозволил да го намали огромното мнозинство од 62 пратеника, односно да рескира и да добие (со оглед на моменталниот рејтинг) десетина пратеници помалку. Зошто сам би си го

уривал комодитетот во владеењето? Третото „не“ за изборите лежи во фактот што на оваа наша сиромаштија, кога сите ние одвај врзуваме крај со крај, кога Владата мака мачи да ги исплати редовните плати во јавниот сектор, кога не знае до кога ќе мора да продава обврзници, нормално е дека на штотуку новодоговорениот кредит од ММФ (невиден како сума на овие простори) се чека како на постновогодишен подарок за Владата на Груевски, со што начнатиот рејтинг многу брзо ќе биде поправен. Секако дека протокот на првата транша пари нема да дојде пред февруари и тогаш како вие ќе распишувате избори кон крајот на февруари или почетокот на март. Велат, гладна кокошка просо сонува, па така и СДСМ. А плус на тоа се надоврзува и пописот кој треба да се одржи од 1 до 15 април следната година. Четвртата причина за „не“ на фрлената ракавица лежи во суетата, односно во желбата и можноста да се каже кој е кој на политичката сцена. Ова беше добра шанса да му се каже и укаже на Црвенковски дека диригентската палка, засега, сè уште е цврсто во рацете на Груевски, а личната желба на Бранко за избори ќе биде исполнета во оној момент кога ќе посака оној кој ја држи палката. Пораката е јасна и недвосмислена „Желбата ја исполнувам кога јас сакам, а не кога ти ќе побараш“, „Нека се знае сега кој пие, а кој вода носи“. И, на крајот, петтото „не“ за предвремени избори е фактот дека доколку се прифатеше ова барање, за четири години би имале три избори (еднаш редовни и двапати предвремени избори). Е, ова не е добро ниту за демократијата ниту за економијата, а ниту за меѓународната јавност. Олку избори за толку кратко време би укажале на знаци на нестабилност на македонската политичка сцена, несигурност и недоследност во реализацијата на програмите за кои граѓаните го дале својот глас.

Еве ова беа моите аргументи за и против предвремените избори. Се надевам дека поголем дел од читателите ќе се согласат со моето видување за случувањата на ова поле деновиве, а оние кои нема да се согласат – им порачувам да ме демантираат.

## СЕГА МУ Е МАЈКАТА

ВР-18.12.2010

Почетокот на 2011 година треба да претставува критична и пресвртна точка дали Република Македонија ќе отиде напред или ќе се враќаме повторно station наназад, со тенденција да пропаднеме во големата провалија, за која имам чувство дека нè очекува нетрпеливо. Првите денови по Божиќните празници треба да бидат последна шанса за Груевски да започне сериозно да го лекува болното владино ткиво. Ова треба да бидат денови на обнова на државата преку сеопфатен институционален ремонт на македонската влада. Иако веќе речиси повеќе од десетина месеци новинарите и аналитичарите најавуваат реконструкција, сепак се чини дека најидеална и реална можност се токму деновите кои ни следат по Новогодишните, односно по Божиќните празници. Сеопфатниот ремонт овојпат треба да биде добра можност конечно премиерот без емоции и ронка гризење на совеста да се ослободи од оние министри кои немаат капацитет за функцијата што ја извршуваат, од оние за кои од авион се гледа дека министерскиот залак им е преголем па се задушуваат, од оние на кои министерскиот костум им е преголем. Ова е можност и сите ние да се спасиме од оние министри кои наместо напред, ја влечат назад не само владата туку и државата. Реконструкцијата треба да биде немилосрдна и да се однесува на сите, без разлика дали се од редовите на ВМРО-ДПМНЕ, ДУИ или од другите помали коалициони партнери, без разлика дали се миленици на премиерот, на Ахмети, или на Ѕинго. Конечно, премиерот мора да сфати дека ова му е последната шанса и краен момент кога Република Македонија и фактички може и треба да стане вистинска правна држава, а неговата Влада да стане ефикасна и запаметена во македонската историја како влада со функционални министерства и способни министри. Почетокот на 2011 треба да биде крај за министрите за кои опозицијата, новинарите и аналитичарите (а за волја на вистината сè побројно

е и ВМРО-вското членство) секојдневно го искажуваат своето незадоволство, лепејќи им епитети од типот: „министер – политички камелеон“, „министер со раце окрвавени до лакти од политички егзекуции во сите системи“ или „министер – неуништлив болшевик“, „најголем министер – преродбенички реформатор“, „министер 10%“, „министер – детска градинка“, „министер провинцијалец, лева рака десен џеб“, „татин министер“ итн.

Постбожиќните денови треба да бидат денови кога конечно ќе се стави крај на понатамошното поставување банални прашања и правење нови анализи (заради купување време) за тоа кој министер не знаел да управува и направил поголема или помала штета. Сега веќе тие ни се горе-долу познати на сите, и ваквите прашања се непотребни. Потребен ни е храбар и решителен премиерски прецизен рез, зашто последиците од нивната нестручност и неснаоѓање секојдневно нè чинат сè повеќе и повеќе. Крајно време е да се престане со бранење на некои од нив со оправдување од типот тој е ваш, а оној мој. Вие водете сметка за вашите, а ние за нашите. Оваа причина посебно ја истакнувам, поради фактот што се работи за сериозно нарушен владин и личен интегритет, која, пак, за последица има сериозно начнување на премиерскиот и на партискиот рејтинг. Со сериозна владина реконструкција и поставување на сериозни министри, во владиниот ешалон ќе се стави крај на евтините министерски сензационалистички секојдневни изјави, а за возврат јавноста конечно ќе се соочи со одговорни политичари кои држат до даденото ветување и јавен збор, до реализација на зацртаната визија. Владиниот ремонт е добра можност конечно да се расчисти со состојбите во судството, образованието, урбанизмот, земјоделството, културата, екологијата, здравството, трудот и социјалната политика, на полето на инвестициите и надворешните работи. Ова се области во кои длабоко нешто не е како што треба, било поради субјективни или поради објективни околности и причини. Ова е добра шанса за негирање на сè позачестените бруења во јавноста за спласнување на духот на новите преродбеници и за прекин на озборувањата дека ВМРО-вското управување со државата е подобро зашто е помалку лошо од она на комуњарите. Конечно, време е за луѓе кои знаат и имаат капацитет да ги одзатнат тесните институционални грла и проблеми, кои ќе овозможат да се зацврсти довербата на граѓаните во извршната власт и во останатите институции на системот, да се зацврсти и надгради политичкиот авторитет и интегритет.



Со сеопфатниот владин ремонт ќе престане непријатната обврска на пратениците од ВМРО-ДПМНЕ од петни жили да се напнуваат и да бранат некого и нешто што не се брани. Ќе престане деноноќната потрага по барањето олеснителни околности и светли моменти во работата на некои минстри кои никаде ги нема. Од друга страна, со ослободувањето од ваквата непријатна обврска ова ќе биде добра шанса тие исти пратеници нешто и да поработат за она за што ги плаќаме. А сигурно најголемиот бенефит од сето тоа ќе биде што барем за првите сто дена од новата влада нема да ги слушаме и гледаме личните навреди и напади, ниското ниво на политичка култура, а „депласираните и здодевни“ интерпелации ќе престанат барем извесно време да бидат средство за подигнување на опозициониот партиски рејтинг.

Со новиот владин состав Груевски ќе има можност на сите да им докаже и покаже дека не ретерира од цврстата заложба за реформи во сите области и дека ударнички докрај ќе го одработи добиениот мандат пред две години. Ова истовремено е шанса да се збијат сопствените редови и да се подобрат перформансите на извршната власт, за да може државата многу побрзо да ги надмине последните последици од светската економска криза и подготвени да ги пречекаме финалните преговори за членство во ЕУ и во НАТО. Од друга страна, новата реконструирана влада претставува добра можност подготвено да се излезе во пресрет на сè позачестените најави од опозицијата за формирање влада во сенка, со која на еден демократски и, пред сè, на професионален план ќе можат да се вкрстат копјата и да се покаже доминантноста во знаењето, во раководењето и во патриотизмот.

# ИНФАНТИЦИДНА КАНИБАЛИЈАДА

ВР-25.12.2010

Некако мошне брзо спласнаа бурата и реакциите по скандалозната изјава на апсениот Заев дека тој и неговите СДСМ-овци „Живи луѓе има да јадат потоа". Чинам дека досега никој подобро не одработил на своја штета. Да, токму тој Заев успеа да го ослаби и онака слабиот кредибилитет на опозиционата СДСМ. Ваквата скандалозна изјава секако деке не му е прва на овој струмички градоначалник, бидејќи тој и досега во неколку наврати извршуваше вакво или слично политичко харакири. Да се потсетиме само на изјавата од пред две години во Кавадарци, кога исто така јавно кажа дека откако е градоначалник на Струмица вработил повеќе од 1 300 свои социјалдемократи, или пак онаа за свиткување на 'рбетот во преговорите со Грција. Сè бисер до бисер. Контроверзноста во неговото однесување и говорење како да станува секојдневие од моментот кога излезе од затвор.

Со само неколку реченици, социјалдемократчето Заев успеа да го поништи сето она што неговиот лидер го гради откако дојде повторно на чело на СДСМ. Успеа по којзнае кој пат да го нагрди лицето на социјалдемократијата. Со оваа скандалозна изјава секако дека ги разби и дилемите кај речиси повеќе од 30% на неопределените гласачи да не го дадат гласот за него и за неговата Партија. Подобар спин вмровците не можеа да добијат. Едноставно, се случи автогол. Доколку се обидеме математички да го формулираме она што го слушнавме и видовме, тоа приближно би изгледало вака: Заев + политички канибализам = политички кретенизам. А кретенизмот (медицинарите го нарекуваат хипотиреоза) не е ништо друго туку состојба каде што штитната жлезда не произведува доволно хормони и сето тоа доведува до забавување на менталната и телесната функција на човекот. Општи симптоми кај оваа болест се: нарушување на меморијата, емоционална лабилност, тешкотија со постигнувањето концентрација, депресија, замор, тромавост, забавени движења и др. А еден дел од овие симптоми од ден на ден некако стануваат сè повидливи кај овој политичар.



Мошне страшно за СДСМ, но пострашно за македонската демократија, е тоа што Заев остана неказнет. При заедничката средба меѓу Црвенковски и Заев само можеме да претпоставуваме како течел разговорот. Тоа парафразирано би одело вака: „Црвенковски: Зајо бре, ептен ја утна работава. Заев: Абе шефе шо да праам, едноставно ми дојде од дното на душата. Црвенковски: Абе нормален ли си ти? Ние градиме, а ти рушиш, бре Зајо. Овој твој емотивен набој ќе ни донесе многу негативни поени. Ај ти јавно да се извиниш, а јас нема да побарам одговорност од тебе. Што ги еб... тоа вмровците. Ама да знаеш, ова ти е последно што те вадам од лајната каде што се обидуваш да нè пикнеш сите, и тоа повеќепати досега. Па мислиш ли малку со паметот? Ај сега бриши и трчај да кажеш дека пак те извадиле од контекст и те измонтирале. Заев: Добро, добро шефе, ова веќе нема да ми се случи. Еве трчам, ај чао". И тука се завршува целата одговорност за јавно кажаниот збор, за јавната закана. Во нормални држави, но и во нормални политички партии, овој политички скандал, во најмала рака, бара повлекување од политичката сцена и крај на политичката кариера на оној кој ја дал таквата неумесна изјава, или пак на оној кој го поддржува и го донел на таква висока позиција. За жал, не успеавме да видиме дека таква доблест постои кај политичарите, иако, да бидам искрен, лично и не очекував такво нешто да се случи. Младоста и неискуството на потпретседателот на најголемата опозициска партија не му даваат за право јазикот да му биде побрз од мислата, а емоциите да го надвладеат. Како втор по ранг социјалдемократ, ништо не го ослободува од обврската максимално да внимава на својот вокабулар. Од толку многуте експерти кои ги имаат во своите редови, можеа да најдат некој кој ќе го подучува овој „светол македонски лик" јавно да не треска такви глупости, зашто во една правна држава за тоа се одговара.

Вербалниот политички канибализам кој го промовира ова младо социјалдемократче многу ми прилега на т.н. „егзоканибализам", кој се однесува на верување дека доколку убиете некој моќен непријател, го изедете и му ја испиете крвта, на вас ќе се пренесе неговата сила. Во овој случај, вмровската сила да се пренесе врз социјалдемократите. Е, за тоа малку морген, во политиката силата не се пренесува на таков начин. Постои и еден друг вид канибализам. Тоа е т.н. инфантицид. Тоа е ситуација каде што големиот го јаде помалиот, односно кога возрасните мажјаци ги убиваат и ги јадат помалите во заедницата. Се чини дека овде работата е обратно поставена. Овде како да имам антиинфантицид. Овде малиот, односно помалиот, сака да го изеде поголемиот. И ова некако не ми го фаќа око. И што правиме сега? Имаме ситуација каде што некои политичари сакаат да бидат канибали, имаат ресурс, ама залакот им е мал, а стомакот полн и брзо се заситуваат. Се бара јунак над јунаците кој ќе изеде повеќе ВМРО-вско месо. И затоа во блиска иднина можеби би можеле да очекуваме организирање канибалијада, односно натпревар во јадење живо човечко место.

Денес канибализмот единствено го практицира племето Короваи во индонезиската провинција Папуа. Но, по сè изгледа дека и во нашава држава некој се обидува да почне да го применува ова лудило. Македонскиот политички канибал очигледно дека мошне прецизно ги избира своите жртви. За него тоа единствено се ВМРО-вците. Сè друго му е невкусно. Овде секако дека треба да ја поставиме и дилемата дали можеби неговата желба за јадење живи луѓе не ги опфатила и другите СДСМ-овчиња. Може ли Црвенковски да ни гарантира дека ова е само еден веќе изолиран случај и дека болеста не ги зафатила неговите останати членови? Може ли тој јавно да гарантира (по небарањето оставка од него) дека желбата на неговиот потпретседател нема да стане колективно партиско лудило, затоа што сите занемевме и останавме шокирани од апетитот на Заев. СДСМ-овците и нивниот лидер секако дека не знаат, или пак заборават дека болеста која произлегува од канибализмот се нарекува куру и таа е мошне опасна по здравјето на оние кои го практикуваат тој начин на исхрана. Последиците се страшни, едноставно го разоруваат организмот. На крајот, би сакал да кажам дека кај мене останува впечатокот дека сиротиот Заев остана недокажан, па затоа предлагам да му организираме уште една трибина, овојпат на отворено на некој од плоштадите во поголемите градови, каде што докрај ќе се изјасни и ќе му објасни на македонскиот граѓанин дали ВМРО-вците ќе ги јаде како предјадење, како главно јадење, или како десерт на крајот. А можеби тие му се афродизијак?!

## СИТНИ, БЕДНИ И ЈАДНИ

ВР-22.01.2011

Денешниов текст ќе им го посветам на луѓето кои не можат да ги сфатат нештата што секојдневно ни се случуваат, а не се срамат од тоа. Исто така, тој се однесува и на оние кои мошне добро го сфаќаат сето тоа, но не се срамат што не врескаат на цел глас за да ги слушнат сите во околината и подалеку. Ако од многуте објаснувања на зборот хипокризија го прифатиме она кое вели дека: „хипокризија не е ништо друго туку лицемерно застапување на ставови, вредности и убедувања во кои не верува една личност", тогаш би можеле да се согласиме дека хипокризијата стана светски феномен. Но, дали хипокризијата ја зафати и нашава држава, или пак ние сме изрод, па конечно нешто нѐ одминало. И би било добро да е ова второво, но ние ја немаме таа среќа. Па како нешто може да се случува насекаде во светот, а нас да нѐ одмине? Е, тоа ниту било – ниту ќе биде. Па затоа длабоко сум убеден дека хипокризијата стана дел од нашето секојдневие, од нашата препознатливост, стана наш стил на живот. Имам чувство дека тешко може да се случи да пронајдете човек кој не е зафатен од хипокризијата, кој барем еднаш во животот не бил лицемерен. Да пронајдете таков човек е исто како да сте добиле бинго на извлекувањето наречено „евромилион".

На оваа тема минатата година напишав дека хипокризијата постоела отсекогаш и во сите времиња, но се чини дека во последниве петнасетина години таа го достигнала своето највисоко ниво. Хипокризијата нема потреба да ја барате. Таа е насекаде, но се чини дека доминантно место зазема во политиката. Па зар сѐ уште не ви се збурбатува од луѓето лицемери кои веќе дваесетина години се во врвот на власта. Овие лицемери за секоја ситуација имаат различна песна, за секоја пригода имаат различна приказна. На овие луѓе им одговара секоја влада и секоја власт им е по мера. Само да се дел од неа, или пак близу до неа. Не знам за вас, но кај мене нагонот за блуење ми доаѓа веднаш штом ги видам како наутро застапуваат едни, а веќе по поминати неколку часа во текот на денот, протежираат други ставови. Демек, биле прагматични, односно во политиката тоа било сосема легално, бидејќи не им робуваат на ставовите. А кај се тука граѓаните? Кај е тука аудиториумот? Е, тоа е мошне едноставно! Тие само нека слушаат, зашто и така се со кратко паметење. А сиротите новинари, никако тоа да го забележат, да го нотираат и да им го плеснат в очи. Меѓутоа изгледа и од тоа нема фајде. Нив мува не ги лази, а не едно обично плеснување на фактите в очи. Нека ми извинат молерите, но овие политички лицемери прилегаат токму на нив. Ми личат на вистински мачкачи, колористи. Чиниш виножито гледаш, и тоа само да им го слушнеш првиот збор, а не и да ги погледнеш. Каква боја сакате во таква ќе ве премачкаат, односно кажете што сакате да слушнете, тие тоа и ќе ви го кажат. Ако само им речете да го откопчаат коланот од пантолоните, тие експресно веќе ги турнале панталоните до колена и останале со гол газ. Подготвени се со својот задник да се „жртвуваат" за каузата, за идејата за татковината. Еј, замислете какви жртви се подготвени да бидат!!! Чудо невидено. Уште поголемо чудо овие продавај-давај газовци прават кога е во прашање нивниот претпоставен, иако на кутриот ниту му веруваат, ниту го почитуваат и ниту го сакаат. Меѓутоа, кај нив културата е на „завидно високо ниво" и за да бидат фини, одмерени, љубезни, за да остават добар впечаток, на крајот дури и ќе му се извинат што му завртеле грб, иако во тој момент сиротиот бил на друг простор и во друго време.

Се чини дека во нашава држава овие лицемери ги има на секој чекор и во секоја област (во политиката, во образованието, во културата, во црквата, во спортот, во... едноставно секаде). Со право еден македонски блогер вели: „Лицемерите имаат лице за безличност, стабилна маска за одраз на нестабилноста. Избраздени карактерни црти на бескарактерноста. Импресивен релјеф емоции на голата површност... Дволич-

носта, дури и кога би се сопнала од својата едноличност, не би паднала на грб. Едноставно, не може. Имаат само безброј лица, ниеден грб, ниту ’рбет. Ниту за потпирање, ниту за вртење во знак на збогум“.

Се согласувам и со ставот на еден социјалдемократ, кој вели дека хипокризија е повеќе од три години да не го кажуваш (или да немаш) државен став за позицијата на Македонија во однос на прашањето за името. Меѓутоа, тој ист социјалдемократ треба јавно да го постави прашањето дали не е невидена хипокризија неговиот лидер, како и пратениците на неговата Партија (тука неизбежен е и поранешниот премиер од нивните редови) сега да се покажуваат како најголеми душегрижници за земјоделците, иако тие ги доведоа до ова дереџе. Тие кои им ја уништија иднината, тие кои имаа можност нешто да направат за нив додека беа на власт, сега да се појавуваат во улога на месии и на помагатели. Па дури и поттикнувачи и стимулирачи на незадоволството. Има ли поголемо лицемерие од ова? Сега ли најдоа да им се извинуваат и да им „помагаат“ на овие кутри луѓе? Сега ли најдоа да им се извинуваат на жртвите на приватизацијата? Е, мислам и сигурен сум дека тоа веќе не поминува. Сите се прочитани како селски буквар.

Меѓутоа, ние би биле најсреќната нација доколку само нив ги зафатила хипокризија. Ај малку да размислиме дали не е хипокризија кога државните интереси ви ги претставуваат луѓе кои работат на уништување на македонската нација, македонскиот јазик и култура, а вие за да опстоите на позицијата на која сте, сето тоа го толерирате. Нели се лицемерие луѓето кои наместо да ги бранат државните интереси, ги бранат интересите на другите држави, а ги уживаат сите благодати на оваа мала и преубава држава. И вие пак толерирате. Нели е хипокризија јавно да се прегрнувате со својот коалиционен партнер, а тој со едно око да му намигнува на вашиот политички противник. Нели е хипокризија да им порачате на своите професори дека не им се плашите и по цена на ваше опстојување, а веќе утредента да велите дека нема потреба од тешки зборови



и од водење војна и др. Меѓутоа, станува очигледно дека вака не е само во политиката. Мислам дека хипокризијата ги зафатила сите сегменти на општеството. Завртете се малку околу себе и погледајте ги луѓето кои му ја продаваат својата душа на ѓаволот за да можат да се фалат пред своите блиски пријатели и роднини. Истите тие купуваат марки облека од пазарот во Шуто Оризари, купуваат скапи автомобили (кои потоа ги ставаат во гаражите бидејќи немаат за бензин). На секој втор чекор имате девојки кои на почетокот морализираат, а веќе по само едно испиено кафе ќе почувствувате дека се издупчени и издишани како балон. Лепени се на стотина места. Погледнете ги само соседите кои се згрозуваат кога рано наутро малку подвеселен ќе се приберете дома, иако знаете каков е нивниот вистински живот. Видете ја реакцијата на некои ваши пријателки кога во друштво, онака ноншалантно, ќе употребите некој „послободен“ збор, или ќе кажете некој „мрсен“ виц. Се црвенеат небаре „онаа работа“ тие не ја прават, или пак ја прават со лажиче. Значи, можеме да заклучиме дека владее општа хипокризија. Па луѓе мои, ова и не е некоја новина. Завртете се уште еднаш околу себе... Замислете се малку подлабоко. Зар не е чудно што сите луѓе околу вас имаат така „среќен и весел живот“, исполнет со многу „убавина“. Нели гледате дека денес ниту еден маж не ја изневерува својата сопруга, ниту една жена не го изневерува својот маж? Пу, пу – скраја било. Тука кај нас сите се сакаат. Сите имаат идилична фамилијарна атмосфера, сите имаат прекрасни и добро воспитани деца. Сите зборуваат против политиката, а никој нема храброст да излезе на улица, па затоа ги користат своите бели и црни бумбари. Сите во глутници се згрозуваат од оние кои јавно ја покажуваат својата искреност и ранливост.

И затоа на крајот од текстов порака до сите оние кои се зафатени и ја практикуваат хипокризијата. „Почитувани“, вие немате срце и душа достоинствено да го живеете вашиот живот. Затоа останете таму каде што сте, останете такви какви што сте, ситни, бедни и јадни. Ние ќе преживееме и без Вас.

# КОЛЕКТИВНО ЛУДИЛО ИЛИ ИГРАЊЕ СО ОГАН

ВР-29.01.2011

Прашањето кое секојдневно си го поставувам последниве дваесетина дена е: Дали ова што ни се случува не прилега на веќе подзовриен котел, кој катадневно се подгрева со уште поголем оган? Логичен е епилогот дека како резултат на превисоката температура, прашање е на ден кога котелот ќе претече и ќе направи штета! Зошто ги затвораме очите и не сакаме да го видиме колективното лудило, кое секојдневно сè повеќе ни се заканува? Можеби некои и ќе речат дека ова е претежок заклучок! Но, мислам дека ова е вистина, односно вистинскиот збор за она со што секојдневно се соочуваме. А како и поинаку би го протолкувале она што пред неколку дена ни се случи пред Општина Карпош? На почетокот, од една страна поддржувачите на градоначалникот Стевче Јакимовски, а на друга ВМРО-вците. Подоцна очи в очи, гради в гради, за малку избегнат инцидент! Како поинаку да се протолкува кога ги гледате тутунарите пред Парламентот, а другите пред зградата на Социјалдемократскиот сојуз. Како поинаку да го протолкувате кога на ист простор само еден час претходно ви протестираат студентите, а подоцна и професорите? Ај да се само овие случувања, би можеле и да го заборавиме ова. Меѓутоа, ајде да се потсетиме на случувањата на инцидентот во Штип, каде што за влакно беше избегната тепачка меѓу членови на ВМРО-ДПМНЕ и на СДСМ. Да се потсетиме на секојдневните случувања во Советот на Град Скопје, каде што личните навреди се неизбежен дел од политичките препукувања и каде што постои опасност секој момент да избие тепачка меѓу едните и другите. И затоа, доколку набројувам и други случаи, сè повеќе сум сигурен дека констатацијата на почетокот на текстот е повеќе од точна.

За сите умни и разумни глави во нашава држава овие случаи треба да претставуваат доволно силен аларм дека е време



да се прекине со поделбата на граѓаните на „наши“ и „ваши“, на патриоти и на предавници, на бранковисти и на грујовисти, на стечајци инструирани од СДСМ и на „жртви на транзицијата“ под капата на ВМРО-ДПМНЕ, на вистински и лажни лозари, тутунари и млекари. На овие простори историјата вели дека ѓаволот одамна ја однел шегата! Неразумноста, алчноста, самољубието, нетолеранцијата, политичкото профитерство и сеирџиство можат скапо да нè чинат како држава. Доколку и понатаму се продолжи да се подбуцнуваат и инструираат партиските членови и симпатизери, доколку и понатаму се продолжи со партиското непријателство загрозена ни е иднината. Ваквото однесување и дејствување лесно може да ни се случи да излезе од контрола. И тогаш нормално е да го поставиме пршањето: Кој ќе биде виновен за тоа што може да ни се случи во иднина? Кој ќе биде виновен за братоубиствената борба, која лесно може да започне во секој момент? Доколку набрзо не се смират тензиите и меѓусебните обвинувања околу тоа кој е виновен за тоа што ни се случува, веќе утре може да се случи Тунис, Египет, Албанија... Лесно може да ни се случи братот да тргне против братот, соседот против соседот, пријателот против пријателот.... Согледувајќи ја оваа опасност, јавно го поставувам пршањето: Дали режисерите на ова грозоморно сценарио и понатаму ќе глумат дека „ништо не чуле, ништо не виделе, ништо не направиле“. Демек, тоа дошло само од себе?

Кога имате една ваква напната и наелектризирана ситуација, кога наместо гласот на разумот приоритетно е извршувањето на партиската наредба, доволна е најмала провокација, еден неразумен гест или неодмерен збор, па целата ситуација да излезе целосно од контрола. За да се распламти огнот кој може да предизвика пожар од невидени размери, доволна е само уште една искра, уште еден ваков или сличен случај. Владејачката партија и нејзината „елита“ мора да сфатат дека со сила убавина не бидува. Не е можно да се наметнуваат решенија за кои постои голем и реален отпор и незадоволство кај граѓаните. Од друга страна, опозицијата во сето ова што ни

се случува не смее и не треба да гледа како на единствена поволна шанса за подобрување на сопствениот рејтинг и за брзо враќање на власт. И едните и другите мора да знаат дека доколку работите тргнат на лошо, нема да имаат каде и со кого да владеат.

Наместо да продолжиме да го развиваме политичкиот дијалог кој од страна на Европската комисија во нејзиниот последен Извештај беше констатиран како релативно добар и доби задоволувачка преодна оценка, нашите политичари и партиски раководства нè враќаат неколку чекори station наназад. Нè враќаат на почетокот. Овие недокварани и самопрокламирани политичари мора конечно да сфатат и да научат дека политичкиот дијалог не се состои само од лидерски средби и заедничко кафе пиење и сликање пред телевизиските камери, туку пред сè тоа е толеранција и разбирање за ставовите, идеологијата и легитимното дејствување на политичкиот противник. И затоа во оваа ситуација потребно е да се подигне степенот на толеранцијата, да се зачува присебноста, да не се дозволи состојбите дополнително да се влошат, да се смират тензиите. Едноставно, да надвладее разумот (се разбира, доколку го има(ат)ме). Овде влогот е преголем. Тоа е иднината на Република Македонија и на македонските граѓани.

Со ова што ни се случува, со еуфоријата која зафати поголем број од македонското население како и колективното наметнато лудило, ние секојдневно сè повеќе паѓаме на испитот на зрелоста. Наместо да ги користиме инструментите на непосредната демократија, наместо да им дадеме шанса на демократските правила на игра – отидовме во друга крајност, да си ги вадиме очите едни на други. Што би рекол Рацин, „за туѓи бели дворови си ги копаме нашите гробови“.

# САКААТ ИЗБОРИ, А МОЛАТ БОГА ДА ГИ НЕМА

ВР-05.02.2011

„СДСМ-овците бараат избори, а молат бога да ги нема“, оваа изјава ја дадов пред неколку месеци, односно во оној момент кога се случи големиот СДСМ-овски марш низ улиците на Скопје и истото го напишав во колумна во овој весник. Реков и – не згрешив. Денес, неколку месеци по оваа моја изјава, таа добива потврда и од највисоко раководство на СДСМ. Прочитајте ја, или преслушајте ја внимателно последната изјава на лидерот на СДСМ, Бранко Црвенковски. Имено, тој пред два дена изјави дека: „неговата Партија бара предвремени избори, но единствено доколку се создадат услови за тоа и истовремено го обвини премиерот Никола Груевски дека ги контролира медиумите и дека во државата нема демократски амбиент за евентуални предвремени избори“. Е, сега бидете паметни и кажете што сакал да каже овој политичар. Ем бара избори, ем се плаши да ги има, зашто немало демократски амбиент. Значи, народски кажано би било: „Ем му иска, ем му стиска“. Ајде да се навратиме малку наназад и да се потсетиме на времето и на луѓето кога беа распишани последните предвремени парламентарни избори. Па зар пред неполни две години ситуацијата не беше иста? Зар тогаш не беше истиот Груевски, зар тогаш, како и сега, не беа истите услови, зар законската регулативата тогаш беше една, а денес е друга? Зар до пред неколку месеци имавме демократија, а сега ја немаме? Зар демократијата за само неколку месеци се претвори во автократија? И уште многу, многу, зар, зар... Може ли некој да објасни што толку драматично се случи за овие неколку месеци во нашава земја, па силната и страшна опозиција за само неколку месеци од масовните протести и барањето за предвремени избори, сега одеднаш бега од нив како ѓавол од темјан?! Што се случи толку страшно што жолтата тупаница како белег на социјалдемократите наеднаш се претвори во млитава шепа?

Очигледно, одговорот на овие прашања ќе треба лично да го објасни лидерот Црвенковски. А дотогаш, да се послужиме со една кратка анализа на работите и ситуацијата.

Напуштањето на Парламентот од страна на социјалдемократите и нивните сателити, беше дополнително охрабрено по јавното објавување на резултатите од последната анкета на ИРИ. Се чини дека бројките кои покажаа паѓање на рејтингот на ВМРО-ДПМНЕ и на Груевски, беа доволно силен мотив и последна шанса конечно на „крвниот“ политички непријател да му се нанесе последниот смртоносен удар. Но, се чини дека се излажаа. Напуштањето на Парламентот од страна на западните дипломати беше оценето како врв на хипокризијата, како недемократски начин на притисок. Други дипломати беа и поостри и тоа го оценија како обид да се копира албанското сценарио. Сите тие беа едногласни дека сите политички недоразбирања треба да се решаваат во Парламентот и таму да се води политичкиот дијалог. Заклучокот и пораката беа сосема јасни, а тоа е дека наместо бојкот треба да се искористат сите институти и инструменти на парламентарната демократија, бидејќи бојкотот не е решение. А доколку се вратат во собраниските клупи, повторно ќе ја имаме истата слика. Парламентарното мнозинство и понатаму ќе биде единствено, а опозицијата и понатаму ќе нема можност да направи нешто повеќе.

Она што според моја претпоставка дополнително толку многу ги исплаши СДСМ-овците, па сега ретерираат и сè погласно размислуваат за евентуален бојкот на изборите како и за опцијата за преодна Влада, е фактот дека милиони евра во следниве неколку месеци ќе се слеат на државна сметка од супер поволните кредитни линии. Покрај 450 милиони долари од кредитот од ММФ, дополнително застрашувачки се и 130-те милиони евра од Европската инвестициска банка за изградба на дел од автопатот на Коридор 10, односно патниот правец Демир Капија–Смоквица. Овие пари ќе бидат доволни за да се подобри економската состојба во државата, кое, пак, на индиректен начин ќе придонесе да се запре падот на рејтингот на ВМРО-ДПМНЕ. Ако не се качи, барем ќе остане на исто ниво, а тоа е доволно за убедлив пораз по четврти пат на социјалдемократите за кратко време. Третата причина за ретерирање на опозицијата е фактот што Груевски експресно се разбуди од двегодишното спиење на ловориките. Соочувањето со резултатите од погоре посочената анкета, го натера конечно да не верува во тапкањето по раме од страна на своите најблиски соработници и на тврдењата дека работите се во ред, а ситуацијата е под контрола. И затоа реши работите да ги преземе лично во свои раце. На агресивната медиумска кампања и акции на опозицијата – одговара уште поагресивно и похрабро. На крајот, одговори на повикот на Чомовски и се појави пред уплашените и неподготвени новинари (мислам на оние кои го водеа разговорот) на А1 телевизија во живо. Спортски речено, ако водителите не беа нокаутирани, јасно се виде дека тие беа во нокдаун. Ќе им треба долго време да се освестат и да видат што им се случи. Тоа беше потег со кој незадоволството од актуелните случувања експресно беше пренасочено на „вистинската“ адреса, односно судството и судиите.



И, за крај, во очекување на владејачкото мнозинство да реши дека ќе нема предвремени избори (а тоа е сè поизвесно) и доколку нема преодна Влада (што е пак една сосема налудничава работа и идеја која ниту еден нормален политичар во една ваква ситуација не би ја прифатил), тогаш на социјалдемократите и на Црвенковски им останува последната надеж, а тоа е играње на картата време. Значи, до истекот на рокот за редовни избори ќе им остане и понатаму можноста да организираат протести, да обвинуваат за притисок, да сеат страв, да предизвикуваат бунтови и нереди колку само да се види дека се живи и дека се тука. Но, на подолг рок сето ова доведува до деморализација. И затоа, за да не дојде до дефетизам кај СДСМ-овското членство, тука е градоначалникот Заев. Тој и понатаму одвреме навреме ќе излегува со изјави за да го храбри членството дека сè што е ВМРО-вско ќе биде истерано од работа кога ќе дојдат на власт. И сè така до денот на редовните избори. А дотогаш? Е, дотогаш ќе се молиме на Бога и ќе се надеваме дека секојдневните бодења со ножеви на децата во училиштата не се дел од сличните безумни сценарија за доаѓање на власт како во 2001 година.

# ТРИ СЦЕНАРИЈА ЗА ПОЛИТИЧКАТА ИДНИНА

ВР-12.02.2011

Дали излезот од моменталнава политичка состојба во која се најде нашава држава по бојкотот на еден дел од парламентарната опозиција ќе се бара во нови предвремени парламентарни избори, или пак ќе видиме уште еден опозиционен ќор-фишек испукан во празно, останува да видиме набрзо. Како и да е, во секој случај во наредниве денови ќе го видиме крајот на првиот дел од парламентарната сапуница наречена „Лудиот го ебе збунетиот". Кој е луд, а кој е збунет – останува да видиме во вториот дел од серијата што се очекува да продолжи во втората половина од годинава. Значи, дотогаш на политичките аналитичари, како и на заинтересираната јавност, им останува да ги разгледуваат неколкуте опции кои засега мирисаат на сценарија по кои ќе се одвиваат наредните случувања.

Ајде да бидам малку посериозен и да се се обидам да проникнам во „строго" чуваните и „тајни" сценарија што се приготвуваат во противставените политички табори. Од многубројните синопсиси, јас првично би се определил за три. Првото сценарио би изгледало вака: По доаѓањето на американскиот помошник секретар Кантримен и изјавата за негова загриженост за слободата на медиумите и владеењето на правото, по изјавата на министерката Јанкуловска дека е прочистен избирачкиот список, по деблокирањето на сметките на А1 телевизија и пуштањето од притвор на две управителки на фирмите на Велија Рамковски, по изјавата на Ахмети дека барањата на опозицијата се легитимни како и експресната заложба за елимининација на министерот Маневски од Судскиот совет, се чини дека е прашање на ден кога Црвенковски и целата опозиција ќе ги видиме во Парламентот. Ќе бидеме сведоци како во понатамошна агресивна парламентарна дебата, опозицијата ќе се обиде максимално да поентира и да ја убеди домашната и светската јавност дека е заслужна за создавање услови за демократска атмосфера во државата. Демек, таа со бојкотот успеала да ја врати власта на позициите на демократијата. И токму тука ќе ја видиме нејзината несериозност и неподговеност, како и фолирање за она кое можеби беше и нејзино главно барање, а тоа се нови избори. Сега власта ќе биде таа која ќе посакува, барем за почеток, вербално предвремени избори, а опозицијата ќе смета дека тоа е нејзина интенција за нефер и недемократски избори, каде што по четврти пат би биле поразени. Овој изговор од страна на позицијата ќе биде оквалификуван како страв и бегање од избори, недоследност во барањата и затоа во договор со коалициониот партнер ќе се обидат да распишат предвремени избори што е можно побрзо. Причина повеќе за овој потег е фактот што на Груевски повеќе му одговара изборите да бидат што е можно побрзо, бидејќи случувањата во периодот кој е зад нас не му одат во прилог. Меѓутоа, времето кое доаѓа во наредниве два до три месеци секако дека му доаѓа како кец на десетка, што би рекле коцкарите. На сето ова некако автоматски се надоврзува и изјавата на неговиот коалиционен партнер, кој јавно пред целата македонска јавност порача дека не е време за избори, меѓутоа доколку за нив се реши Груевски, тој максимално ќе го поддржи. И тука лежи зајакот и клучот за нови избори. Сакала – не сакала, подготвена или неподготвена, опозицијата ќе мора да учествува на нив за да не биде посрамотена докрај. Евентуалната победа ќе му даде комоција на Груевски без поголеми потреси да го реши проблемот со името со географска одредница како додавка најдоцна до почетокот на есента. Иако пред само два месеца Извршниот комитет на ВМРО-ДПМНЕ ја отфрли иницијативата на СДСМ и на нејзините сателити за распишување предвремени избори, со образложение дека државата има други приоритети и е исправена пред други предизвици, ова претставува убава шанса на ВМРО-ДПМНЕ за корекција на одлуката, но и за оправдување за изборите да побара во изговорот дека прио-

ритет на државата е нејзината стабилност, а не одолжување на политичката криза, на хаосот и неизвесноста која не зафати по случувањата со А1 телевизија. Ова е првата варијанта на ова сценарио, иако е можна и втора варијанта, каде што по враќањето во парламентарните клупи и меѓусебните обвинувања за тоа кој се плаши, а кој сака избори, можно е работите полека да стивнат и сè да продолжи по старо. Значи, оваа втора варијанта од првото сценарио би личела на поговорката „Се тресеше горага се роди глушец". И секако дека ова не би нѐ изненадило, од причина што вакви и слични однесувања многупати видовме во последниве дваесетина години.

Второто сценарио е дека Црвенковски и понатаму ќе продолжи да бојкотира, барајќи сега измена на Изборниот законик, со цел да ја избегне можноста и дијаспората да гласа. Втората причина за продолжување на бојкотот е фактот што за посакуваните уставни измени се потребни најмалку два и пол, па дури и три месеци, па затоа станува јасно додека тие не дојдат на дневен ред – тој ќе дејствува вонпарламентарно. И третата причина за понатамошен бојкот е нереализацијата на барањето за редистрибуција, односно за рамномерно распоредување на средствата за медиумите. Тоа би значело дека до крајот на пролетта тие не би се вратиле во Парламентот и постојано ќе играат на картата на зголемување на незадоволството од владеењето на ВМРО-ДПМНЕ и уривање на Груевски вонинституционално, од улица. Но, мислам дека ова е тешко изводливо и тоа им е мошне јасно дури и на најзакоравените непријатели на Груевски. Во целиот овој период, Црвенковски постојано ќе биде охрабруван со непрекинатото намигнување на Ахмети дека ќе го напушти Груевски. А сè додека тоа не се случи, во меѓувреме сè повеќе ќе расне цената на Ахмети како најпосакуван коалиционен партнер на социјалдемократите. И ќе види – не види, Црвенковски ќе ја свитка опашката и тивко пред летото, или на крајот од летото, ќе се врати во парламентарните клупи и ќе ги очекува редовните избори во 2012 година.



На комбинаториките и на сценаријата им нема крај, па затоа ќе го споменам и третото. Иако во овој момент тоа е најнереално, но сепак можно, неговата содржина ја гледам во сè позасилената улога и позиција на Ахмети како на домашен терен со домашните релевантни политичари, така и кај меѓународната заедница. Се добива впечаток дека Ахмети полека но сигурно ја презема диригентската палка во државава. Ако кон ова го додадеме и фактот што ДУИ речиси воопшто не ја потресоа аферите за соработка на нејзините челници со српските тајни служби, ниту пак постојаното бомбардирање и етикетирање од страна на опозиционите ДПА и Нова демократија за одродување од Албанците, се чини дека ситуацијата станува појасна. Исто така, мора да се има на ум дека Партијата сè уште е монолитна и е со највисок рејтинг кај Албанците, а со својата „кооперативност и конструктивност" кон меѓународната заедница, важи за сериозен политички фактор на стабилноста во државава и во регионот. И во еден ваков склоп на околности, бидејќи кај меѓународната заедница рејтингот на Црвенковски е доста мал и тој е веќе виден на сите позиции, а Груевски се покажува како сè понепослушен и недоследен на ова што го договараат, станува сè поизвесно дека довербата од страна на меѓународната заедница лесно може да му биде дадена на Ахмети. Значи за брзо време, како израз на незадоволството од отсуството на заеднички договар за уставните измени со ВМРО-ДПМНЕ, тој би ја напуштил коалицијата, со што би морало да се распишат предвремени парламентарни избори. Без разлика кој ќе победи на тие избори, наредбата „озгора" ќе биде Груевски да не смее да направи влада на чие чело би бил тој. Во неможност Груевски да ја состави владата, а од друга страна како потенцијален кандидат за премиер да го имате непосакуваниот и веќе видениот Црвенковски, тогаш лесно може да се случи, под притисок на меѓународната заедница, нов мандатар да биде претставник на третата по големина политичка партија. А тоа е Ахмети, или некој од неговите блиски луѓе. И доколку се случи ова, логично е малцинската влада

на интегративците да биде поддржана од страна на социјалдемократите. На тој начин меѓународната заедница ја гледа можноста прашањето на името да биде експресно решено и конечно да заврши дведецениските спор. Потоа, нормално дека следува членувањето во НАТО алијансата и лесно и преку ноќ завршување на процедурата за прием на Македонија во ЕУ. Ова би требало да изгледа како онаа народната „И волкот сит, и овците на број“.

# ДЕЦИБЕЛИТЕ И МУЛТИКУЛТУРАЛИЗМОТ

ВР-19.02.2011

До неодамна, еден од најмодерните и најчесто употребуваните термини на светската политичка елита беше „мултикултурализам“. Меѓутоа од неодамна за најголемите европски политичари тој веќе е мртов. Ова го констатираа францускиот претседател Никола Саркози, британскиот премиер Дејвид Камерун и германската канцеларка Ангела Меркел. Истата констатација ја потврдија и поранешниот премиер на Шпанија Хосе Марија Азнар и поранешниот премиер на Австралија Џон Хауард. За сите нив едно е јасно: мултикултурализмот му припаѓа на минатото.

Мултикултурализмот, сфатен како програма наспроти мултикултурните реалности, односно различитости, е радикален проект кој во основа се однесува на меѓусебното вклучување на граѓаните-припадници на различни култури во внатрешноста на една држава и тој се однесува на елиминација на моќта и на доминација на едните над другите. Мултикултурализмот како политичка програма се стреми кон укинување, или барем смалување, на механизмот на исклучување, односно зголемување на можноста за вклучување. По минатонеделните случувања на скопското Кале, никој веќе не може да ме убеди дека мултикултурализмот во нашава држава, наместо вклучување, изроди исклучување. Наместо да ја зголеми можноста за вклучување, тој донесе исклучување на едните од другите.

А да е само Калето!? Па ние со години наназад, од името на мултикултурализмот, постојано ги затвораме очите и ушите за она што ни се случува, а кои пак случувања, сакале или не, сепак секојдневно сѐ повеќе нѐ оддалечуваат едни од други. Во оваа пригода ќе се осврнам на секојдневната тортура која доаѓа од звучните уреди на минарињата на џамиите. Тоа што ни

се случува со децибелите сигурно не е мултикултурализам. Го почитувам Коранот. Речиси еднакво како и моите пријатели, познајници и комшии од муслиманска вероисповед. Коранот е трајна вредност. Тој не се мери со минливоста на времето. Таму нема нови заповеди, нови амандмани или подзаконски акти кои велат „зголеми ја моќта на засилувачот за да те слушнат подобро". Нема одредби од типот „Пречи им на блиските твои кои не ја разбираат оваа молитва". Не е предвидена ниту најновата трка меѓу џамиите – која погласно ќе го пушти разгласот, која џамија ќе биде посилна од моќните засилувачи на летните дискотеки. Во него нема обврска да се „извади најблискиот немуслиман од памет и да му се одземе уставно загарантираниот мир". Да се потсетиме дека во минатото минарињата биле високи кули градени покрај џамиите, на кои основна намена им била да служат како набљудувачници преку ден, а навечер биле осветлувани со факели (*nar* на арапски значи „светлост"). Од неодамнешно поблиско минато тие служат како објекти од чиј балкон оџата (*муезинот*) ги повикува верниците на молитва. И така петпати во денот. Денес минарето е традиционален и декоративен космополитски елемент кој во исламот се нарекува и „врата меѓу небото и земјата". Повикот за молитва во повеќето модерни џамии се емитира со помош на акустична опрема, при што се води сметка да не се наруши јавниот ред и мир на сограѓаните.

Проблемот можеби и не би бил „проблем" доколку овој верски обред на повикување молитва до граѓаните од муслиманска вероисповед во последно време не се одвива со сè посилен звучен интензитет. Имено, денес обредното пеење на оџата најчесто се пушта преку снимен аудио запис со неговата молитва. Тој се репродуцира преку моќни засилувачи на звук. Сè погласно и погласно... Дење, ноќе, пет пати за едно деноноќие – во 5,30 наутро, во 13 часот напладне, во 16,30 попладне, во 20,00 часот навечер и некаде пред полноќ околу 23,00 часот. И така молитвата, онаа „новата", со екстремна гласност, стига и до недолжниот слушател, до оној кој не



може и не сака да ја слушне. Се заборава дека религијата, без разлика дали е муслиманска, христијанска, будистичка, хиндуистичка, еврејска итн., е ***интимно чувство за вербата во Господ.*** Или, како што во една колумна вели професорката Васева, „религијата не е создадена за да се развева како бајрак, да се прикажува како мечка на панаѓур, да се распродава како розов памук од шеќер, освен ако човекот што ја пренесува не е со функција на апостол или мисионер, со цел да ја шири меѓу оние кои немаат никаква вера"... и додава, „религиозните практикуми треба да се сведат само на обреди што не вршат инвазија врз сетилата на различниот но ближниот, не се наметнуваат во етерот, не врбуваат, не принудуваат, и конечно не ги попречуваат граѓаните во извршувањето на нивната дејност, или, воопштено, не го нарушуваат јавниот ред и мир". На ова јас би додал: религијата треба да ја згрее и да ја облагороди душата на секој верник, а притоа приватните чувства да останат само приватни со намера тие да се развиваат и да се доживуваат. Гласната и агресивно наметната религија, наместо верба, може да предизвика дури и сомневање еден во друг, меѓу припадниците на различна вероисповед.

Со многубројните мои колеги и пријатели со муслиманска вероисповед сме согласни дека овој начин на повикување на молитва, за припадниците на другите вероисповеди е неразбирлива говорна гестикулација, „обид" за пеење, што кај повеќето предизвикува непријатност, несоница, им го нарушува сонот (малициозните би рекле: па, што сакате – имате и бесплатно будење и физичко вежбање како резултат на скокањето од креветот по првиот слушнат раноутрински пробивен звук), а да не зборуваме за жестокоста со која овие пробивни и за мене непријатни звуци ни удираат по ненавикнатите ушни тапанчиња... За секој реален граѓанин и верник, повторувам, без оглед на религиозната припадност, ваквото силно и безобѕирно практицирање молитви длабоко навлегува во сферата на нарушувањето на јавниот ред и мир. Тоа, пак, е недозволиво и казниво според важечките позитивни закони во светот.

Да се обидам да резимирам. Според членот 8 од Уставот на РМ, едно од основните темелни вредности на уставниот поредок се основните слободи и права на човекот и на граѓанинот признати во меѓународното право. Членот 9, пак, вели дека граѓаните на Република Македонија се еднакви во слободите и во правата независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и верското уверување, имотната и општествената положба. Членот 19 ја гарантира слободата на вероисповед, при што се гарантира слободно и јавно, поединечно или во заедница со други, изразување на верата. Амандманот VIII на припадниците на заедниците им го дава правото слободно да го изразуваат, да го негуваат и да го развиваат својот идентитет и особеностите на своите заедници и да ги употребуваат симболите на својата заедница. И дотука сè е јасно. Но, проблемот е во непочитувањето и непримената на Законот за заштита од бучавата во животната средина (Сл. весник на Р Македонија бр. 79 од 25.06.2007 год.). Само за потсетување, субјектите кои управуваат со бучавата (читај: врева, вознемирување), а тоа се органите на државната управа, општините, градот Скопје и општините во градот Скопје, како и правните и физички лица, се должни да ја спроведуваат утврдената заштита од бучавост, како и да го овозможат спроведувањето на основните цели на овој Закон. Тука, пред сè, се мисли на создавањето здрави услови за животот на луѓето и за заштита на животната средина од бучава, преземањето мерки и активности за избегнување, за спречување или за намалување на бучавата и преземање мерки за заштита од бучава која е наметната од блиската средина и предизвикува непријатност и вознемирување.

На крајот, би упатил апел до господата надлежни за оваа работа. Господа од државната управа, градоначалници на сите општини во Република Македонија, а посебно Градоначалнику на град Скопје, наместо да се китите со хартиените проекти, барем обидете се да го решите овој горлив проблем, проблем кој доколку ескалира – може да доведе и до други несакани последици. Реагирајте навреме на поднесените петиции на граѓаните во однос на овој проблем. Во тој контекст, доколку не знаете (а убеден сум и дека не знаете, а не сакате и не можете), би ве потсетил на неколку одредби од претходно наведениот Закон: „Заштитата од бучава се спроведува деноноќно, при што се смета дека денот трае 12 часа, од 7,00 до 19,00 часот, вечерта трае 4 часа од 19,00 до 23,00 часот и ноќта трае 8 часа од 23,00 до 7,оо часот, како и на членот 42, кој децидно вели: „бучавата предизвикана од други самостојни звучни извори, во зависност од временскиот период и местоположбата на изворот, треба да биде во рамките на граничните вредности на ниво на бучава, кои ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на здравството во согласност со министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина и министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на внатрешните работи“.

Како за потсетување, толку од мене. Господа надлежни, сега Вие сте на потег.

# М.М.Е. НА КОЈ ПРВ МУ ТЕКНА ЗА ИЗБОРИ

ВР-26.02.2011

Што ми требаше да бидам толку наивен и да барам избори? Кој ѓавол ме натера на ова глупост? Можев ли толку да ја утнам работава? Многу храбро и ербап се покажа ВМРОвчево?! Деновиве ова се најчесто поставуваните прашања и констатации на лидерот на социјалдемократите Бранко Црвенковски. Од друга страна, пак, најголем дел од членството на неговата Партија постојано и сè погласно го изустува познатиот наслов на една театарска претстава (сега во модифицирана форма) М.М.Е. на кој прв му текна за избори! Фолот дека бара предвремени избори конечно му се скрши од глава на Црвенковски и неговите слепи следбеници. Конечно паднаа маските и заблудите на социјалдемократското членство за „силниот", „мудриот" и „храбриот" прв социјалдемократ. Стариот арогантен фразер од чие лице бликаше нескротливата егоцентрична природа, „мангупот" Црвенковски, по толку години занимавање со политика, конечно е напикан во глувчешка дупка. Политичарот кој „можеше сè, кој знаеше сè и кој сакаше сè, овојпат е во длабок нок-даун од боксерот со кратка спортска кариера. И најголемите сценаристи на научно-фанстастичните филмови не можеа да замислат дека работите во нашата држава на полето на политиката ќе се одвиваат на ваков начин.

Се бројат деновите до неговото конечно заминување од политичката сцена. Македонија и ние Македонците ќе се ослободиме од баластот на минатото, од „надарените" Титови пионери и нивното шлајфување во место кое траеше повеќе од две децении. Се чини дека со неговото предвремено принудно пензионирање, конечно ќе им се стави крај на политичките сплеткарења и комбинаторики. Набрзо на сите ќе ни стане јасно дека сите тие интриги, гледано од денешен аспект, во најголем дел, не беа плод на политички, туку на интереси надвор од партијата и, пред сè, на лични интереси. Им дојде крајот на нечовечните подигрувања со судбините на луѓето. Колку ли личности по неговото заминување од политичката сцена ќе се освестат и ќе видат дека тој си поигрувал со нивната судбина, свесно пикајќи ги в оган да изгорат, а притоа ветувајќи им разни функции кога тој ќе дојде на власт. Па дури и премиерска функција. Мирисот на секојдневието и иднината не го менува горчливиот вкус на минатото. Меморијата и сетилата велат дека овој опозиционерски гуру и политички доајен постојано играше и игра на картата „ветено како исполнето". До последен момент сите ги куражеше, ги тапкаше по рамо, на сите им ветуваше, а на крајот секогаш испаѓаше веќе виденото – „Опс, извини, ама Партијата така реши". Што јас да правам? „Нема лутење, политика е тоа, братче. Ајде, не секирај се, ќе има место и за тебе!? На крајот од краиштата, маж рекол, маж одрекол". Ова е тоа што во иднина веќе не ќе можеме да го гледаме. Ова е тоа кое во иднина ќе им послужи на идните политичари да знаат како не треба да се однесуваат со своите членови и симпатизери. Ова е радост за сите оние кои биле третирани како заморчиња во изведување на експериментот наречен „Бранкова политика", или пак биле употребени еднократно.

Конечно се ослободуваме од митовите и заблудите од минатото, од демагогијата што ни беше пласирана повеќе од дваесетина години. Има ли нешто полошо од тоа политичар кој ги издигнал очекувањата и надежите на своето членство до фаза на екстаза и дилириум, да почне да се повлекува на ваков начин од своите ветувања и барања? Излегол или не излегол на избори, Црвенковски е веќе политички мртовец. Неговиот крај е крај и на ерата на транзициските политичари, како и на поддржувачите слични на соросоидите. Ќе остане запаметен како најголемиот гробар на социјалдемократијата на овие простори. Нотите и мелодијата на Реквиемот по повод неговото заминување од македонската политичка сцена се веќе подготвени. Останува само малку да се облагороди музичкиот аранжман. А што се однесува до диригентот, тој одамна, односно по четврти пат, е веќе на подиумот.

## ПОДЕЛЕНА ЛИБИЈА ВО ТРИ ДЕЛА?

ВР-05.03.2011

Иако со децении исламските фундаменталисти тврдеа дека лидерите од арапскиот свет се исламски неверници и пред сè марионети на САД и на Западот, падот на Хосни Мубарак и Бен Али ја покажа ступидноста на ова тврдење. Се виде дека ниту Ал Каида не учествувала во нивното уривање, а ниту САД им помогнала и натаму да опстојат на политичката сцена. Целиот свет јасно виде дека никаде онаму каде што се одвиваа народните бунтови (од Тунис до Бахреин) не беа носени слики, ниту пак беше скандирано името на Осама Бин Ладен. По сè изгледа дека новите генерации на овие простори не се заинтересирани за идеологијата на Ал Каида. Протестите кои „спонтано" се случија во арапскиот свет никако не одат во прилог на Ал Каида и Иран, затоа што истите тие рушејќи ги авторитарните режими во Тунис и во Египет ги донесоа и демократските промени на овие простори. На овој начин Ал Каида останува без главниот аргумент дека екстремното насилство е единствениот начин за ослободување од авторитарните власти. Случувањата во овие арапски земји, по сè изгледа, претставуваат „стратешки пораз" на насилниот џихад.

Сепак, оваа констатација на некој начин е малку засенета од случувањата во Либија. Имено, хаосот кој владее во определени делови од оваа држава, сепак создава услови северноафриканската филијала на Ал Каида на исламскиот Магреб да регрутира нови членови и да ја зајакне својата база. Ова на директен начин беше потврдено и од Алжирецот со воено име Абу Салман, кој излезе со тврдење дека неговите борци се враќаат и се вклучуваат во борбата за Либија, иако и самот Гадафи на неколку наврати го изговори истото. Но, како и да е, случувањата во и околу Либија секако дека ќе продолжат да го потресуваат светот и понатаму.

Полковникот Моамер ел Гадафи владее со Либија 42 години. Роден е во 1942 година во градот Сирта, во бедиунското племе Гадафа, по што и го добива своето презиме. Завршил правен факултет во Триполи и воена академија во Бенгази, иако го надградил своето школување најнапред во Грција, па потоа и во Велика Британија. На своја 27-годинишна возраст застанува на чело на побунетите „слободарски офицери" и на 1 септември 1969 година извршува воен удар над стариот и изнемоштен крал Идриз, кој бил на лекување во Турција. Во тој момент, тој го има чинот капетан, а по неколку месеци е унапреден во чин полковник. Тој отсекогаш велел дека не му е потребен чинот генерал, бидејќи со неговата самуправна држава владее народот. Моќта за трансформација на овој ексцентричен лидер е повеќе од магионичарска илузија. За едни политичари, како на пример за Роналд Реган, тој беше непријател број 1 на светот, а додека за Џорџ Буш Помладиот и за Британецот Тони Блер беше прифатлив, иако ексцентричен владетел на северот од Африка.

Либија нема класичен устав, туку на некој начин тоа е т.н. „Зелена книга" на Гадафи, во која тој ја има објавено својата политичка филозофија. Суштината на оваа филозофија е непризнавањето и отфрлањето на либералната демократија и заговарање на специфична форма на „непосредна демократија" заснована врз власта на народните одбори. Вистинското, односно целосното име на неговата држава е: „Голема Социјалистичка Народна Либиска Арапска Џамахирија". Гадафи е голем поборник за обединување на сите арапски држави, го поддржува пансламизмот со идејата за лабава унија на сите муслимански држави во светот. Неколкуте негови обиди за обединување на Арапите завршуваат неславно. Режимот на Гадафи е заснован врз чуден спој на два навидум спротивни поредока – исламскиот и социјалистичкиот – со јасно видливи елементи на арапски национализам. Тоа е еден вид исламски социјализам каде што секој бедуин може бесплатно да ја ужива здравствената заштита за себе и за своето семејство. Исто така, секој бедуин има право на водење мал бизнис, бидејќи крупниот бизнис е во рацете на државата. Во Либија владее

исламскиот морал, каде што алкохолот е строго забранет, но истовремено се инсистира на образование и „еманципација“ на населението, вклучувајќи ги и жените. Денес во Либија живеат нешто повеќе од 6,5 милиони жители, а според резервите на нафта таа е на деветто место во светот. И толку за основните податоци за оваа несекојдневна држава.

Сега основното прашање е што ќе се случува понатаму со неа и со нејзините граѓани, односно дали Гадафи ќе отстапи и ќе замине во егзил. САД секако дека и покрај натрупувањето на воени сили во Средоземното Море сепак би сакале политички расплет на случувањата во Либија. Можеби најдобро е кога Гадафи би ја напуштил својата држава. Меѓутоа, оние кои размислуваат на овој начин заборавaaт дека Гадафи не е Бен Али, односно Хосни Мубарак. Секако дека Американците и нивните сојузници јавно и официјално засега немаат намера да го нападнат Гадафи, но се разбира дека прават планови за „секој случај“. Исто така, и американските сојузници, како што се Британија, Франција, Канада, како и другите членки на НАТО алијансата, во меѓувреме ги распоредија своите бродови во близината на северна Африка, односно во Средоземното Море. Интересно е да се забележи дека САД во северна Африка практично немаат никаква воена инфраструктура. Тие можат да ги користат само пристаништата и базите во Египет, но само доколку претходно се договорат со Каиро, а во Мароко во исклучително итни случаи. Алжир и државата Мали се категорично против странско присуство и активности на странски воени сили на нивните територии и затоа можеби воената интервенција на САД врз Либија е единствена можност за да распоредат САД свои трупи на овој регион.

Секако дека една од поголемите пречки САД да влезат во нова воена авантура е недостигот на средства во американскиот буџет. Либиските случувања доаѓаат во период кога постојат и големи надмудрувања и натегања во американскиот Конгрес меѓу демократите и републиканците, односно републиканците и претседателот Обама поради намерата на конзервативната опозиција предложениот буџет да го намали за околу 16 %. Сето ова придонесува Вашингтон во овој момент само да ја заострува својата реторика, а практично ништо да не презема. Од друга страна, секако дека американските стратези го имаат на ум и фактот дека либискиот систем на воздушна одбрана секако дека е многу понапреден од оној во Ирак на почетокот на инзвазијата во 2003 година и дека поседува многу пософистицирани ракети земја-воздух. И во британската јавност јавно сѐ почесто се разговара и се анализираат последиците од евентуалната воена интервенција на западните сили против режимот на Гадафи. Дури и поранешниот британски премиер Џон Мејџор му ја дава својата поддршка на актуелниот Дејвид Камерон за воена акција. Меѓутоа, сепак британската стручна јавност потсетува на неколку моменти, кои мора да се имаат предвид при преземање воена акција. Најнапред мора да се води сметка дека и покрај тоа што во 2003 година Гадафи се откажал од правење оружје за масовно уништување, тој сепак располага со околу 14 тони хемикалии кои тајно се скриени на локација во пустината и од кои мошне брзо и лесно може да создаде воен отров иперит. Доколку се случи воена интервенција, ова би било отворање на „трет американски фронт“, што сепак би било премногу и би ја прелило чашата кај другите држави во светот.

Официјалните лица на Вашингтон и понатаму најавуваат дека ќе бараат меѓународен консензус за секоја воена акција како од Советот за безбедност на ООН така и од НАТО алијансата. Секако дека она што најмалку го посакуваа е нејзините војници да учествуваат во нова воена копнена операција. Од воените операции засега најмногу се споменува забраната за прелети на либискиот воздушен простор, на кое пак се спротставуваат Русите. Приоритет во една ваква ситуација сепак е да се зајакнат санкциите и пред сѐ блокирање на околу 30 милијари долари либиска актива во американските банки, иако се преценува дека либиските девизни резерви изнесуваат повеќе од 70 милијарди американски долари.

Како интересен податок овие денови кои за жал во нашите медиуми помина некако незабележено е фактот дека Кина во Либија за евакуација на своите граѓани испрати четири транспортни авиони. Ова е првпат кинеското воено воздухопловство да учествува во спасување на своите граѓани надвор од својата територија. Ова може и да се протолкува како симболичен гест (од причина што претходно повеќе од 30 000 Кинези ја напуштија територијата на Либија) да покаже дека Кина е подготвена и ги има развиено своите потенцијали за заштита на своите интереси и многу подалеку од своите сопствени граници. Значи дека сите големи сили во овој момент почнаа да ги покажуваат своите сили, но и апетити за овој дел од светот.

Можно ли е Либија на крајот да биде поделена на три дела? Доколку падне режимот на Гадафи, ова е сосема реално да се очекува. Тоа се должи на фактот што на територијата на Либија во минатото постоеле три емирати: Киренаика, Триполитанија и Фезан. Овие три емирати, со одлука на Генералното собрание на ООН во 1949 година се обединуваат во независна држава, а на 24. 12 1951 година е прогласена Обиденетото Кралство Либија на чие чело застанал кралот Идриз први дотогашен емир на емиратот Киренаика. Откако почнала експлоатацијата на нафта, оттогаш почнале и недоразбирањата меѓу Емиратите и затоа во 1963 година кралот Идриз ја укинува нивната автономија и воведува единствена државна управа која функциониора сè до воениот удар под водство на капетанот Гадафи.

Од депешите на американската дипломатија кои неодамна беа објавени на страниците на „Викиликс", можеше јасно да се прочита дека американската дипломатија го окарактеризирала полковникот Моамер ел Гадафи како „силен партнер" против исламскиот тероризам. Што е тоа што ги натера Американците да го променат својот однос кон Гадафи? Секако дека причина не е само неговиот несоодветен одговор кон востаниците. Сигурно дека не е желбата за воведување демократија во оваа држава, туку нешто многу повеќе, како на пример деветтото место во светот според резервите на нафта. Мора да се има предвид дека Либија има 1600 километри морски брег, огромни пустини и секако дека е премногу голема со неа да се управува од само еден урбан центар и еден ексцентричен лидер кој не секогаш ги почитува посилните и поголемите. Како оправдување за евентуална идна воена акција и поделба на земјата, секако одат и фактите дека населението никогаш не било хомогено поради многубројните племиња, разликите во јазикот, обичаите и начинот на стопанисување.

# МАКЕДОНСКИ НОВОПЕЧЕНИ БОГАТАШИ

ВР-12.03.2011

Пред неколку месеци на овие страници пишував за идејата на Бил Гејтс и Ворен Бафет половина од своето богатсво да го подарат, односно да го дадат во хуманитарни и каритативни цели. Овој познат филантропски дабл, потпомогнат од Дејвид Рокфелер, деновиве ја финишира идејата насловена како „Д гивинг плеџ“ („The Giving Pledge“, Обврзување за подарување), откако своја согласност за подарување дадоа околу 40-тина најбогати семејства и личности во САД. Една од целите на овој проект е желбата за заживување на старата американска традиција – кога се решава еден голем општествен проблем за сите Американци, подобро е богатите сами да се здружат отколку да се потпираат и да чекаат на владата. Традицијата на добротворно волонтерско здружување за доброто на сите е длабоко вткаена во корените на Американците уште од времето на создавањето на американската нација, на која сите се горди. Познавачите на филантропијата велат: Доколку оваа акција успее, таа може да го промени лицето на веќе подзаборавената филантропија во светот. Бил Гејтс и Ворен Бафет, воведувајќи ги бизнис-техниките во своите добротворни акции, на површина исфрлија и еден нов термин наречен филантрокапитализам. Оваа нова кованица, во основа ја има американската поговорка „Не е срамно да се стане богат, туку е срамно да се умре богат“.

Така е во Америка и никаде на друго место, во ниту една држава во светот. Јавно се прашувам: Дали во нашата држава, нашите транзициони и посттранзициони милионери биможеле да се решат на ваков чекор? Ќе се јави ли некој македонски Бил и Мелинда Гејтс, Ворен и Сузан Бафет? Очигледно, овие нашиве немаат капацитет да ја сфатат големината на ваквиот потег. Македонските новопечени богаташи никогаш нема да сфатат дека создавањето амбиент да се почитуваат вистинските вредности започнува од детството и е длабоко врежано во личната психа. Ако некогаш сиромаштијата беше синоним на чесност и патриотизам, денес најзначајно прашање е колку луѓе егзистираат од стекнатото богатство на македонските новокомпонирани бизнисмени? Колку од сето тоа богатство добива државата, колку средства се даваат во хуманитарни цели, колку се донира во спортот, во уметноста, во културата, во образованието? Е, тоа се денешните вредности кои се недостапни и несфатливи за нашава нова буржоазија. Во Македонија е општо познато и видливо од поодамна дека секојдневно сè подрастично се зголемуваат социјалните разлики меѓу енормно богатите и најсиромашните. Овие првите денар не двојат од своето огромно ќесе за своите сограѓани, за своите довчерашни соселани. Одамна ја загубиле човечноста, а алчноста им пораснала до невидени граници. Покрај големите хациенди оградени со високи ѕидови, овие новопечени богаташи научија да градат само цркви, небаре со тоа ќе си ги исперат гревовите.

И покрај тоа што со години во јавноста кружат имиња на неколцина „најбогати Македонци“, сепак нивната бројка е многу поголема. Овие неколкумина, кои постојано ги вртат во јавноста, се мали деца и се пречесни во однос на оние за кои најголемиот дел од нас и не знае. Сте слушнале ли за Ацо, Кире, Љупчо, Зоран, Благоја, Бошко, Владимир, Ристо.., кои ја сочинуваат новата македонска новопечена буржоазија? Светост и вистинска вредност им се нивните валкани пари и деноноќната борба што е можно повеќе да ги зголемат. За разлика од светските богаташи, кои се вистински џентлмени и филантропи, овие нашиве ќе се обидат да ви го земат и тоа малку што го имате. Единствената нивна заедничка карактеристика е тоа што немаат ниту малку социјална свест.

Нивната свест и филозофија е друга. Тие мошне добро ја знаат слабоста на луѓето кога ќе стапат на некоја функција. Тие се тие кои на секој функционер, кој им е потребен, знаат

мошне вешто и брзо да му се пикнат под кожа, да го дворат, да му ласкаат, да му прават сè што треба... Го носат по одмори, му купуваат скапи подароци, полни се со внимание кон неговите блиски. Први се на неговиот роденден и сè така до оној момент додека не си ја завршат работата или додека функционерот не биде разрешен. А потоа? Е, потоа се врти плочата од другата страна. Сега воопшто не го познаваат, немаат време за него затоа што целото внимание им е свртено кон новиот функционер. Така ти е тоа во нашата Македонија. Сè се врти во круг, а во кругот повторно тие истите. Поради нив Македонија се претвори во балкански резерват на комплетно деградирано општество без трошка вредност, социјална свест и хуманизам.

## МАКЕДОНИЈА – ЗЕМЈА НА АПСУРДИ

ВР-19.03.2011

Македонија е земја која е рекордер по бројот на апсурди по квадратен метар, а, ако сакате, и по глава на жител. Не може да помине ниту една секунда, а да не се изроди некоја нова бесмислица. А колку за потсетување, два стари синонима за апсурдноста се: глупост и лудило. Денес, кога секоја минута сум бомбардиран од безброј бесмислности, навистина не сум сигурен и убеден дали апсурдноста во секојдневниот живот е луда, или пак претставува нормална работа. Меѓутоа, какви нè дал Господ, испаѓа дека и едното и другото се сосема исти и никому не му е гајле дали таа е луда или нормална работа. Битно, сè тече и сè се менува. Во овој денешен текст ќе се обидам да презентирам само неколку апсурдности од оние кои ни се случуваат секојдневно, а читателите сами нека оценат дали се работи за нормална работа, или пак тие добиваат сосема други димензии. За жал, сè што ќе можете да помислите во ова наше државиче – сè некако успева. Значи, нема шанси да не успеете. Не се бадијала зборовите: „Македонија и сè е можно!“ А дека е така, нека ни послужат следнаве неколку приказни, кои на некој начин ми ги отворија очите и всушност беа основна мотивација за да се осврнам на оваа тема.

Во текот на моите џогирања на кејот на Вардар со мојот неизбежен и драг пријател Јоцо, дискутираме за сè и сешто. Меѓутоа, останав занемен кога овој мој другар ми го постави прашањето: „Професоре, знам дека ти не си доктор на економски науки, ниту доктор по маркетинг, меѓутоа би можел ли да ми објасниш што е реклама и зошто таа се емитува во медиумите?“ Во почетокот си помислив дека ова е некоја шега, или некоја местенка за да се истрчам, бидејќи тој честопати со своите досетки знае слатко да ме изнасмее. Меѓутоа, откако ме увери дека не се работи ниту за шега, ниту за некоја местенка, сепак малку размислив и почнав да му објаснувам. Па, види

Јоцо, му велам, рекламата во поширока смисла на зборот претставува определена форма на дејство врз дадена индивидуа, или пак врз широките народни маси, со употреба на средствата на комуникација со единствена задача да се постигне определена претходно планирана цел. Или, пак, доколку сакаш тоа да ти го издефинирам малку попластично, му велам: „Рекламата претставува елемент на комуникацискиот систем на маркетингот, чијашто крајна цел е продажба на определена стока или услуга".

Е, добро, професоре, ми вели другаров. И и јас знам дека е тоа така и мислев слично на тебе, меѓутоа дали ја гледаш рекламата за ЕВН која оди на телевизиите? Да бидам искрен, сум ја видел, ама не сум обрнал посебно внимание, му одговарам. Е тоа е единствена реклама каде што некој се рекламира и сака да не му се продава, или троши, она што го рекламира. Се чудам и ветувам дека ќе ја погледнам. Речено – сторено. Три дни по ред ги вртам ТВ каналите за да видам за што точно се работи. И кога конечно ја погледнав и ислушав, не можев да се изначудам. Си велам, овде нешто не е во ред со моите сетила. Дај да погледнам уште еднаш. Меѓутоа, по второто гледање, се уверив дека сѐ било во ред со сетилата. Проблемот се обидов да го барам на друга страна. Анализирајќи ги така рекламите на ЕВН Македонија, на крајот дојдов до заклучок дека се сѐ сведува на порака до граѓаните да штедат струја. Парафразирано, пораката во рекламите е следнава: „Сите си отидоа, мене ме оставија. Користете ја електричната енергија разумно. Не оставајте го вклучен телевизорот (или отворен фрижидерот), кога не сте во просторијата и заштедете електрична енергија. ЕВН Македонија секогаш, тука за Вас". Си велам, па ова и не е така лошо. ЕВН Македонија со примери укажува како потрошувачите можат да ги намалат трошоците за електрична енергија и тие реклами имаат едукативен карактер. И ова е сосема добро кога намерата и целта би биле искрени. Меѓутоа, навистина ме зачудува како толку ЕВН Македонија се нафрлила да ги едуцира граѓаните, помалку да трошат од она од што тие живеат, токму поради тоа за што се дојдени овде, на овие простори. А тоа е да остварат добивка, профит. Навистина за мене ова нема логика и објаснување. Од една страна, ЕВН има приоритетен интерес да продаде што е можно повеќе електрична енергија и да оствари поголем профит, а од друга страна ги моли и ги едуцира граѓаните да водат сметка што помалку да ја трошат таа енергија. Ова ми изгледа приближно вака: Продаваме, ама ги молиме нашите купувачи да купат што е можно помалку. Апсурд par exellence. Ако некој треба да мисли на своите граѓани помалку да трошат електрична енергија, тоа е Владата на РМ, а не ЕВН Македонија. Но, очигледно овде работата има сосема друга заднина и друга димензија.



Втората бесмисленост некако сама се надоврза на оваа приказна, а тоа е барањето на косовскиот министер за здравство неговите сограѓани да се лекуваат во Македонија и да бидат третирани исто како и македонските граѓани. Бре мајката! Го гледам „умниов" што предлага и не можам да верувам. Го гледам и нашево министерче како се подмочува од радост од изречените зборови на својот колега. И, си велам, овде некој е луд, а некој збунет. Јас останувам збунет, а за предлагачите не сум сигурен! Да биде збунетоста уште поголема и да не ти бидат привилегирани само косовските пациенти, веќе наредниот ден беше предложена уште поголема бесмисленост. Сите странски пациенти кои ќе дојдат да се лекуваат во нашата држава да плаќаат како домашните пациенти!!! Како би изгледало кога нашево министерче, поради одлевање пари за лекување на македонските граѓани во соседството, би отишол кај своите колеги во Бугарија, Грција или Србија и да им го побара истото она што кај нас го побара косовскиот министер? Е, таму мислам дека би немало збунети.

Еве уште една апсурдност par exellence. Кога на сцената доминираат двата стари синонима на апсурдноста (наведени во почетокот на текстов), само во Македонија можете да загубите битка, а сепак да бидете, односно да се чувствувате и да се однесувате, како победник. Еј... замислете, губитник па побед-

ник. Чудо невидено. Да се крстиш и да не веруваш дека такво нешто постои. Меѓутоа, сум се излажал. Постоело. Таквите случаи се сè побројни во политиката, така е во бизнисот, но не верував дека така е и во високото образование. Имено, во една високообразовна институција во внатрешноста на државава, откако завршија минатогодишните избори за прв човек на таа институција, работите некако добија нов тек за кој воопшто никој и не сонуваше дека ќе се одвиваат така и на тој начин. Најголем дел од вработените во оваа институција мислат дека и овде почнала да царува бесмисленоста, а за жал и безидејноста. Општ впечаток на повеќемина е дека работите од нозе се свртија на глава. Наместо да биде онака како што треба, како што прилега на еден победнички тим, работава отиде во спротивна насока. Ако е општо познато и практикувано правилото дека екипата која победува не се менува, овде првата работа беше тимот која ја донесе победата да се смени и да се маргинализира. Наместо победниците, на сцена стапија губитниците, полтроните и доушниците. Само во оваа институција изостана реалната валоризација за вложениот труд и знаење на оние кои тоа го заслужуваат, умеат и придонесуваат за афирмација на институцијата, бидејќи таа отиде кај оние кои беа повревливи и поагресивни, но и кај оние посервилните. Причините за ова, пред сè, се должат на субјективната слабост, недоволната зрелост и познавање на работите, сервилноста, како и недоследната принципиелност на он(ој)ие во кои многумина го вложија својот авторитет и им дадоа максимална поддршка, за да бидат некој и нешто во животот.

Очигледна е убеденоста на овој(ие), засега прв(и) човек (луѓе) на оваа институција, дека овие што беа и се со мене (нас), се мои (наши) и нема да ми забележат за она што го правам. Па тие се добри дечки и ќе ме сфатат. Кој ги онади... Дај јас малку да ги смирам оние малкумина кои ми беа опозиција, оние кои ја уриваа институцијата, оние кои секојдневно ми прават по некој проблем и ме озборуваат кај шефот, оние кои се ноќна мора за студентите. Наумено – сторено. На угодувањата на



поранешната опозиција и сегашни „први пријатели“ им нема крај. Па сега тие ви се алфа и омега во оваа институција.Тие се недопирливите. Сиротиот „прв човек“, плашејќи се за својата позиција, отиде во крајност, збор да не смее да каже за нивните каприци кои од ден на ден стануваат сè поголеми. Истите тие за кои и надлежните органи ги имаат сите податоци и докази за нивното нечесно работење (а сепак ништо досега не презеле), сега осоколени, летаат уште повисоко. Само во Македонија и орлите со скршени крилја летаат високо. Само во Македонија и полжавите можат да дојдат до врвот до каде што дошол соколот. Па, со право секој ќе се запраша: Па што мора да се борите и да победувате, што мора да имате крила, што мора да фаќате страна, кога поголеми успеси ќе имате доколку загубите? Барем привидно. За жал, тоа е вистината за македонската апсурдност.

# ПРЕДРАСУДИ И СТЕРЕОТИПИ ЗА СТАРИТЕ ЛИЦА

ВР-26.03.2011

Ненадејната смрт на еден мој многу близок роднина, како и односот на едно младо дваесетгодишно момче кон човек на возраст од шеесетина години, ме натера да размислам малку посериозно за староста и за нашиот однос кон постарите луѓе. Упатените погрдни зборови на ова младо дебилче, ме натераа да ја напишам оваа колумна како мој придонес кон разбивање на стеротипите и предрасудите спрема оваа категорија граѓани. Во неа се обидов да пренесам податоци, факти и аргументи до кои дошле луѓето кои се занимаваат со проучувањето на оваа категорија граѓани.

Они кои ќе имаат среќа да поживеат подолго, ќе имаат можност да ги почувствуваат последиците на староснатa дискриминација, кои некако како јајце на јајце прилегаат на овие балкански простори. На староста на овие простори се гледа како на предворје на смртта, а не како смислена и реална фаза од животот. Сите сакаме да поживееме подолго, меѓутоа сите некако се згнасуваме од староста. Претставите за староста и за старосните норми за тоа како треба да се однесуваме на дадени години длабоко во себе се во функција на предрасудите и на стереотипите. Според релевантните социолошки истражувања, најчести негативни стереотипи и предрасуди за старите лица се: болест, импотенција, ментално растројство, бескорисност, неубавина (грдотија), депресија и изолација. На оваа листа предрасуди, највисокото место го зазема убедувањето дека мнозинството стари лица се болни или немоќни. Фактите, пак, говорат нешто друго. Повеќе од 85% од старите лица кои имаат повеќе од 65 години се доволно здрави за нормално извршување на секојдневните основни активности, додека само 5% се институционализирани во болниците. Кај повозрасните лица од 65 години, една студија вели дека кај нив е забележан помал број повреди дома отколку кај оние што се помлади од 65 години. Ова јасно зборува дека старите лица водат повеќе сметка за себе, односно дека избегнуваат ситуација каде што би можеле да се повредат. Втор податок во оваа смисла е фактот што старите лица помалку учествуваат во сообраќајните несреќи кои се случуваат секојдневно и секаде. Тие се повнимателни учесници во сообраќајот, за разлика од помладите.

Кога ќе се помисли на менталните болести за постарите луѓе, секогаш во преден план се истакнува предрасудата дека старите лица се сенилни, дека заборават, односно сè повеќе им ослабува меморијата. Но, исто така и овде бројките покажуваат нешто друго. Само околу 3–5% од луѓето повозрасни од 65 години се сместени во ментални институции, додека помалку од 10% имаат сериозни ментални растројства, а останатиот процент е во прилог на старите лица кои немаат никакви нарушувања од ваков или сличен тип. Што значи, сенилноста и останатите ментални болести не се карактеристики на мнозинството на оваа категорија граѓани.

Да се обидеме малку да ја погледнеме и продискутираме и третата предрасуда за старите лица, а тоа е нивната сексуална активност. Раширено е сфаќањето дека старите лица немаат никаква сексуална активност, или пак кај нив речиси да отсуствува сексуалната желба. Меѓутоа, истражувањата на еден мој колега од соседството, а чии резултати ми беа лично предочени, фрлаат нова светлина и ги негираат стереотипите за оваа категорија граѓани. Кај мнозинството стари лица кои се на прагот на својата седма деценија, испитувањата велат дека сексот во овие години е речиси во иста мера задоволителен како и во помладите години. И сега се поставува прашањето: На што се должи оваа констатација?. Сексолозите кои ги контактирав за потврда или за негирање на овој податок, велат дека во најголем дел и нивните испитувања и резултати се во прилог на претходното, а како причина за ова го истакнуваат фактот дека во тие години отсуствува стравот од несакано

забременување, немањето стресни ситуации што најчесто се јавуваат кај вработените помлади лица, порелаксираното минување на слободното време, а секако дека тука е и зрелата врска.

Четврата предрасуда, односно стереотип, е дека старите луѓ не се убави, односно се грди. Владеат општ став и страв дека со текот на годините се губат убавината и атрактивноста. Сите кои размислуваат на ваков начин, ќе треба да се потсетат на убедувањето кое доминира кај јапонскиот народ, а тоа е дека во оваа држава луѓето се воодушевуваат на брчките кај луѓето, на белата коса, бидејќи тоа укажува на мудрост, зрелост и на долги години работа во корист на општеството. Што е она што е неубаво кај старите луѓе? Очигледно дека се работи за прашање на естетика и вредност. Ќе се согласите со ставот дека во јавноста и кај многумина владее ставот дека „убавината е во очите на набљудувачот". Исто така, постои едно раширено размислување дека „стариот коњ (или вол) не можеш да го впрегнеш во нов јарем", односно дека не можеш да го научиш на нешто ново. И на овој стереотип социолозите и психолозите нашле објективен одговор, а тоа е дека можноста за учење и приспособување кон новините, кон технологијата, а посебно кон информатичката технологија, пред сè зависи од менталните способности на поединецот, неговата мотивација, нивото на образование и желбата да се научи нешто ново, односно од предизвикот и упорноста. Значи, сепак и оваа предрасуда паѓа во вода.

И, на крајот, прашањето: Зошто луѓето постари од педесет години, доколку останат без работа, тешко или воопшто во иднина не можат да најдат нова работа!? Јас немам вистински одговор на ова прашање, но моите пријатели велат дека доколку и на овие години некој најде работа, тогаш најчесто се работи за работни места со прилично намалени примања. Тие велат дека испитувањата покажуваат оти оваа категорија граѓани можат да работат рамо до рамо со своите помлади колеги. Во прилог на оваа констатација, тие ги наведуваат следниве податоци: луѓето над педесет години во работата прават помалку грешки, тие се посмирени, прават помалку деловни испади, помалку отсуствуваат од работа и уште неколку други факти и аргументи.



Со оглед на тоа што фактите го говорат тоа што го говорат, неминовно се поставува прашањето: На што се должат ваквите предрасуди и стереотипи за луѓето во поодминати години? Одговорот на ова ќе мора да го дадат надлежните институции и фактори во оваа наша држава. Немоновно е дека треба да се поработи на едукација кај помладата категорија во оваа насока уште од мали години, а разбивањето на предрасудите да биде дел од семејното воспитување. Помладите луѓе мора да знаат дека староста е истовремено и нивна иднина. Дали доколку бидеме среќни и поживееме подолго, и ние ќе треба на наш грб да ги почуствуваме последиците од старосната дискриминација, која ни е непотребно всадена во нашата психа? Затоа, дајте да го преиспитаме нашиот однос кон постарите за да не станеме во иднина жртви на сопствените предрасуди.

# ГЕНИЈАЛЦИ

ВР-02.04.2011

Инсипирацијата и провокацијата да го напишам овој текст е резултат на минатонеделните случувања на еден од државните универзитети, кога еден „наш Украинец-професор" (ако може да се нарече професор), по дессети пат на испит го турка судентот кому тоа му е последен испит. Иако многупати сум размислувал да пишувам на оваа тема, за овие луѓе кои со купени дипломи за доктор на науки во Украина, Бугарија, Србија па дури и од Албанија и преку ноќ станале професори и сега се страв и трепет за студентите, не сум го сторил тоа од причина што мислев дека кога-тогаш надлежните институции ќе си ја завршат работата и ќе стават ред во оваа област. Меѓутоа, откако видов дека сепак ѓаволот ја однел шегата, односно дека надлежните упорно молчат и мижат со двете очи, а на „нашите украински, бугарски, српски и албански професори" крилјата има растат сѐ повеќе и повеќе, решив со овој текст да ја пробудам јавноста, надевајќи се дека ќе се стави крај на башибозукот која владее на ова поле.

Имено, во оваа наша држава нема кој не знае дека наголемо е отворен пазарот на купување дипломи, и тоа на доктори на науки од погореспоменатите држави. Иако, да бидам докрај објективен, ваква работа се случува и кај нас, но на едно пониско ниво. Секојдневно сѐ погласно се зборува дека и кај нас, на некои од приватните високообразовни институции, за неколку илјади евра, експресно ви издаваат диплома за завршени додипломски студии. Ваше е само да платите и да почекате неколку месеци за да станете академски граѓанин. Но, да се навратам на основната тема за денес, онаа започната на почетокот од текстот.

Откако видоа дека здобивањето со диплома доктор на науки одело „мошне лесно" (едноставно, собери петнаесетина илјади евра и по само седум месеци до една година веќе си „печен доктор на науки"), најмалку триесетина вакви „увезени доктори на науки" сега ги окупираа приватните и државните универзитети и факултети во нашата држава. А да биде трагедијата поголема, овие „ајнштајновци" од литература во животот ја имаат прочитано само задолжителната лектира во прво или второ одделение, како, на пример, „Црвенкапа", „Пипи Долгиот Чорап", „Колибата на чичо Том", а од пишување ремек-дела им се разгледниците кои ги пишувале до своите блиски за време на нивните летувања или зимувања во околните детски одморалишта.

Од ваквите „доктори на науки" кои ревносно се обидуваат своето „знаење" да им го пренесат на студентите, ќе го споменам поранешниот ложач на парно во еден град во внатрешноста, а сега прв професор на една приватна „високообразовна" институција лоцирана во Скопје. Тука е и неговата колешка и соборец – поранешна домаќинка (или, чинам, кафеготвачка беше), а сега декан на еден од факултетите на овој универзитет. И секако дека тука е „тути ди капо тути", или „проф-проф д-р" (исто како г-дин г-дин...), кој како петел секојдневно се кити со разни титули. Воопшто не би ме зачудило доколку овој превеан криминалец деновиве го видиме на некоја од македонскте телевизии каде што освен титулата „проф. д-р" пред неговото име ќе стои и тутулата академик. Само уште тоа му недостасува. А сѐ што може да се купи, не е скапо. И, замислете, овој (новосадски, украински, а можеби и бугарски) доктор на науки честопати е во друштво на највисоките државни функционери, каде што им држи лекции по патротизам и, секако, по етика.

Приказните за овие „генијалци кои пукаат од знаење" се повеќе од трагикомични. Еве една и од тие приказни како еден „наш украински доктор по економски науки" држи предавања на еден приватен универзитет. Пред три години, на еден од приватните универзитети, бил примен професор кој своето „образование го стекнал" на претходно опишаниот начин, во пакет со неговиот газда и со неколкумина сега веќе професори на овој универзитет. На новиот доктор на науки

уште на старт му доделуваат, ни помалку ни повеќе, „само" два предмета за предавање и човеков прави генијален потег – првата и втората година студенти кои треба да ги слушаат предметите што ги предава, ги собира во исто време и во иста училница, онака топтан. Продолжува со генијалноста – им се обраќа на студентите со зборовите: „сега ќе предавам 15 минути на првата година, а вие од втора ќе молчите и слушате, а потоа обратно – ќе молчите вие од прва, а ќе слушаат тие од втора година". Виделе студентите со кого си имаат работа и почнале да мајтапат со него. Навреден од мајтапењето, професорот им се обраќа со зборовите: „Е, сега сум ви скар и не ви зборувам до крајот на часот". И така кутриот до крајот на часот седел на катедрата и гледал во таванот. А студентите? Тие воодушевено и во континуитет го коментираат овој редок егземплар од „професор".

Во оваа славна група доктори на науки секако дека влегува и еден декан на еден од новоформираните државни факултети од внатрешноста на државава кој, до пред само неколку години беше „шеф на сала". Тука некако на приказната за нашите генијалци се надоврзува и едно младо момче, кое по магистрирањето на еден од скопските факултети, преку ноќ, за само (шест-седум месеци) доаѓа на матичниот факултет со диплома доктор на науки „увезена" од странство. И покрај тоа што сите негови колеги знаат дека се работи за купена диплома, никој од нив не се осудува тоа јавно да го прокоментира и сите гласаат за негов избор во звањето доцент. Новиот доцент сега е страв и трепет на овој факултет. Огромното „знаење" со кое располага, сега во ист таков квантум го бара и од своите студенти. Засега е најголемата „ведета" на овој факултет, а истовремено и ноќна мора за студентите. И замислете сега, истиот тој поддржан дури и од новата деканска управа, станува раководител на еден од студиумите на факултетот. Тој е оној кој го споменувам во почетокот на текстот, кој беше силна провокација да ја отворам оваа тема за која сите знаеме и сите молчиме.

Наведениве „генијалци" се само една десетина од вакви и слични нови професорски ѕвезди на македонската високообразовна сцена. И нормално дека тука се поставува прашањето: Каде е тука проблемот?. Кој ќе одговара за ова што ни се случува? Надлежните во Министерството за образование конечно треба да положат сметка за ова што ни се случува денес и да објаснат зошто нострифицирале вакви дипломи. Дали некој од вас се запрашал: Колку чини таа нострификација? Колку луѓе се вмешани во овој бизнис? Кои се луѓето кои ја вршат нострификацијата? Како се доаѓа до нив? Како можете некому да му нострифицирате странска диплома, а тој воопшто да не излегол од државата, воопшто да не полагал, воопшто да не остварил контакт со својот ментор? Па барем сега тоа лесно се проверува.



Секако дека метлата и истрагата треба да започнат онаму каде што е и најголемата одговорност, онаму каде што се нострифицираат купените дипломи и од доносителот на дипломата. Но, исто така одговорност треба да се побара и од оние кои учествувале во изборот на овие „доктори на науки" во научно-наставно звање. Фактот дека некој донел нострифицирана диплома не ги ослободува од одговорност, затоа што тие знаеле на каков начин е направена сета оваа работа. Вака испаѓа дека знаеле и молчеле и му овозможиле на друг да се стекне со противправна имотна корист. Кога веќе знаеле, не требало да потпишат и требало да ги известат надлежните органи. На ваков начин, сега тие се соучесници во овој голем криминал што се одвива пред очите на целата македонска јавност.

Со оглед на фактот што ова е кривично дело кое не застарува, се надевам дека оној момент кога јас ќе бидам дел од извршната власт во оваа држава, прва задача со која ќе почнам да расчистувам е токму овој проблем, се разбира доколку дотогаш надлежните не ја расчистат ситуацијата и учесниците во овој јавен мегаскандал не ја добијат заслужената казна. Ако во Германија министерот за одбрана под притисок на јавноста мораше да поднесе оставка поради сомневање за плагијат на неговиот докторат, ние барем имаме толку свест и должност да не ги затвараме очите пред овој образовен криминал.

# ПОЛИТИКА И ПРИЈАТЕЛСТВО – КАКО ТОА ГРДО ЗВУЧИ

ВР-16.04.2011

Минатата недела пишував за нашите ни „мили украински, српски, бугарски и албански доктори на науки“, кои на сомнителен начин ги стекнале своите докторски титули и сега се главни ведети на своите факултети. Морам да признам дека бев пријатно изненаден од позитивните коментари за храброста да пишувам за оваа сериозна аномалија во образованието, за лежерниот начин на нострификација, за неажурноста на надлежните органи и за леснотијата со која се доаѓа на ваков начин до титулата доктор на науки. Меѓутоа, исто така бев и непријатно изненаден од коментарите на некои професори кои се обиделе да го коментираат мојот напис, во смисла: „Па што му треба на професорот Кекеновски баш сега да пишува за оваа тема. Па тој воопшто не води сметка дека ќе ни направи проблем при уписите на нови студенти!!! Па што му требало тоа сега да го расчистува? Што ќе му е да ги повикува надлежните институции да проверуваат, па зар тие не знаат што сè се прави на ова поле?“, како и други слични бесмилени коментари во оваа насока. И кога на индиректен начин овие забелешки дојдоа до мене (бидејќи немаат храброст да ме погледнат в очи и лично да ми го пренесат својот став) решив преку овој текст на истите тие да им ја пратам следнава порака: „Господа апологети, престанете да се преправате душегрижници. Треба да се засрамите од изречените зборови. Треба да се засрамите од фактот дека на индиректен начин и вие сте учествувале во овој вид криминал. Сте знаеле и сте молчеле. Заборавате дека лично мене барем неколкупати јавно сте ми говореле за оваа тема и за луѓето посочени во колумната. Престанете да бидете лицемери и конечно барем еднаш во животот станете луѓе со храброст и доблест. Во спротивно, останувате на маргините каде што сте и сега. Доста ја игравте улогата на пиони и најдолен тип додворувачи. Затоа оставете на институциите на системот да си ја решат работата, а вие бидете подготвени пред истите тие надлежни институции да одговорите за своите постапки и за евентуалното соучесништво. Доколку не бевте лицемери и бевте искрени луѓе, вашето душегрижништво досега можевте да го изразите на сосема друг начин, а не токму сега и токму на оваа вистина“. И толку од мене до нив, оставајќи ги понатаму да бидат никој и ништо во нивниот живот, бидејќи сепак мој приоритет се посериозни теми кои сакам да ги споделам со моите читатели, отколку и понатаму да се занимавам со нив. Толку за почеток како одговор на тие кои не сакајќи го побараа ова на ваков начин. А сега, да бидам малку посериозен, за да не испадне дека страниците на овој весник ги користам за лична пресметка со божемните мои „критичари“, ќе се посветам малку на посериозни теми и дилеми.

Иако оваа недела во нашава држава имавме турбо-недела на политички план, сепак решив, додека малку не стивнат работите по распуштањето на Македонското собрание и распишувањето на предвремените избори, да се позанимавам со мојата омилена тема – светските случувања на политичката сцена. Ќе се обидам да направам една мала анализа на случувањата во Русија, односно да ги анализирам односите меѓу првите два клучни играча на руската политичка сцена, Путин и Медведев. Да почнеме со ред. Целата ситуација и меѓусебниот однос станаа доста интересни кога минатата недела и Путин и Медведев дадоа изјави за ситуацијата во Либија, и тоа во временска разлика од само неколку часа. Според мене, се работи за сериозни недоразбирања, кои во иднина можат да предизвикаат турбуленции на руската политичка сцена, иако нашите медиуми на ова речиси и да не му посветија внимание. Само да се потсетиме дека претседателот Медведев се обиде да најде оправдување за воената акција на НАТО алијансата и за нестavaњето руско вето на Резолуцијата во Советот за безбедност, со што во суштина беше овозможена воената акција на Алијансата во Либија. Според неговото мислење, акцијата е

последица на однесувањето на Моамер ел Гадафи против сопствениот народ. Само неколку часа подоцна, Владимир Путин, при посетата на една руска фабрика за ракети, остро ги критикуваше Резолуцијата и воената акција. Неговите зборови се однесуваа за немањето оправдување и логика, а ниту совест во примената на сила од страна на САД и сето тоа го оцени како повик на крстоносна војна. Оваа своја изјава Путин не ја повлече, и покрај второто јавување на Медведев, со која тој јавно го укори својот премиер дека „политичарите и сите останати треба да бидат попретпазливи кога ја оценуваат ситуацијата во Либија. Изречените зборови за крстоносна војна всушност водат до судир на цивилизациите“. И по сето ова, само по два дена, стигнуваат смирувачки тонови од Кремљ, дека не се работи за никаков судир, туку за свое сопствено гледиште на двајцата во рамките на своите надлежености. Но, премиерот Путин не се откажа од својот став, и покрај тоа што при неговата посета во Љубљана се обиде да ја релативизира оваа несекојдневна случка. И по сетоа тоа, се поставува прашањето: Дали во овие противставени изјави треба да се бараат елементи на несогласување меѓу овие двајца први луѓе на Русија и дали досегашниот прикриен судир станува јавен во пресрет на претседателските избори, кои треба да се одржат в година.

Доколку сето ова беше прво јавно несогласување, можеби и немаше да разговараме и да размислуваме за постоење некаков меѓусебен судир или недоразбирање. Меѓутоа, доколку се потсетиме на изјавата на Путин за Ходроковски – „Крадецот треба да лежи в затвор“ – и онаа спротивната на Медведев – дека „никој, па ниту премиерот, не треба да го изразува својот став за кое било кривично дело пред да се знае одлуката на судот“, работите некако стануваат појасни и попредвидливи. На ова се надоврзуваат и разликите за нивните ставови во однос на опозицијата, но и за односот кон Сталин. За Путин собирите на опозицијата се „хулигански“, додека Медведев зборува за „интелектуални ресурси на Русија“. За Путин „Сталин е повеќедимензионална личност“, додека за Медведев „Сталиновиот систем е злосторнички“. Значи, премногу спротивности кои не ни даваат за право да мислиме дека се работи за случајни и малку прослободни изјави. И уште еден доказ за сè поголемата лична нетрпеливост меѓу двајцата се и изречените зборови на Медведев индиректно насочени кон Путин, а тоа се: „Оној кој не се менува, му припаѓа на минатото“. Зборови кои многу кажуваат за оние кои знаат да ги прочитаат.

Иако руските политиколози и аналитичари се обидоа да ги релативизираат овие изјави, сепак работите не се така розови. Станува очигледно дека „ѓаволот ја однел шегата“ и тешко во јавноста поминува приказната за „добриот и лошиот полицаец“ и за намерната игра. Сè појасно станува дека борбата за идниот претседателски мандат станува сè понечиста и пожестока. Сите оние кои ги следат случувањата во Русија, ќе се присетат дека на говорот одржан во Санкт Петерсбург пред неколку недели, на 150-годишнината од укинувањето на кметството во Русија и претставувањето на „Стратегијата 2012“, Медведев ја започна својата претседателска кампања. Со овие два документа тој јасно покажа дека нема лесно да се откаже од можноста да учествува на претстојните претседателски избори и затоа се обидува да се претстави како современ либерал, модернизатор и руски реформатор кој цврсто чекори по патот кој го трасирал царот Александар II во средината на XIX век. За разлика од него, се чини дека премиерот Путин не отстапува од својот имиџ на патриот, десничар, мачо-политичар, кој настојува сериозно и рамноправно да се постави кон Западот. Ова секако дека го персонифицира Путин како предводник на една светска велесила која е рамноправна со САД и ЕУ и ова многу му значи на рускиот граѓанин.

Многумина аналитичари се изненадени од сè поострото обраќање на рускиот претседател до неговиот неодамнешен идол и ментор. Станува сè појасно дека откако во последниве месеци ги зајакна своите позиции, тој сè повеќе настојува да се прикаже во јавноста дека не е повеќе марионета на Путин,

дека битно се разликува од него и дека сè уште е „употреблив“. Давањето отказ на поранешниот градоначалник на Москва, Јуриј Лушков, е директен доказ за неговата осиленост и сè поголема лична сигурност. Вториот потег кој му даде дополнително поголема сила е со декрет елминацијата на Игор Сечин од местото претседател на најголемата руска државна нафтена компанија „Руснефт“. Овој човек важеше за главен сојузник на Путин, кој ѝ припаѓаше на т.н. група „силовика“, чии припадници со поддршка на рускиот премиер многу брзо и лесно дошле до огромно богатство. Исто така, најавата дека повеќе министри на владата на Путин ќе треба до 1 јули да се повлечат од управните одбори на државните компании, дополнително му дава сè поголема моќ на овој човек. Ова се доволни показатели кои покажуваат дека од поодамна Медведев се подготвува да го надвладее и политички да го победи неговиот политички ментор, бидејќи во јавноста овие потези беа оквалификувани како „мала револуција“.

Но, како и да е, сепак повеќемина се согласуваме дека ова се очајнички потези на помладиот политичар. А Путин, како Путин. Онаков како што го знаевме и досега, мртов ладен. Се чини дека го чека својот помлад колега и некогашен „штитеник“ самиот да се вразуми, доколку е тоа можно. Во спротивно, по којзнае кој пат, ќе бидеме сведоци како политиката и желбата за власт ги уништува човекот и пријателството.

## ПОЗИЦИИ И ВРЕДНОСТИ

ВР-30.04.2011

Инспирацијата за оваа тема ја добив во неделата, кога со еден мој колега-професор првпат во животот ја посетив познатата Брезовица од другата страна на Шар Планина. Морам да признам дека по сета онаа убавина што ја видов, навистина ми е жал што досега не сум го посетил повеќепати ова место. Она што го видов и што го почувствував во тие моменти, слободно можам да го споредам и да кажам дека тоа е „Швајцарија во мало“, на само седумдесетина километри од Скопје. Причина повеќе ова наше несекојдневно задоволство од посетата да трае речиси цела недела, е и прекрасното друштво на нашиот домаќин космополит и светски патник Рагип Биби. Онака лежерно, со чашка вино и шарпланинско јагнешко, со нашиот домаќин и пријател разговараме за сè и сешто и некако само по себе ни се наметна темата за луѓето на позиции и за луѓето со вредности. Се надоврзуваат бројни примери каде што оние кои поседуваат вистински вредности и знаење, кои имаат капацитет, кои знаат и умеат, секогаш се второстепени и подолу рангирани. Можам слободно да речам дека се дури и маргинализирани, за сметка на оние кои се поснаодливи, односно полтронски воспитани, со помалку капацитет, кои секогаш се на определени позиции. И сето ова на сите ни заличува на народната приказна за полжавот и соколот. Ако не сте ја чуле, еве је накратко нејзината содржина, која им ја раскажав и на моите пријатели: „Се нашле соколот и полжавот на највисокиот врв на планината и наместо соколот да го праша полжавот како стигнал дотука, толку високо, полжавот е тој кој го прашува соколот. ’Братче, па како ти дојде олку високо на планинава?’, прашува полжавот. И соколот почнал да се чуди, но сепак решил да му одговори. ’Па зар не гледаш, полжаву, дека имам крилја и мене ми е многу лесно да појдам секаде каде што ќе помислам. Јас можам дури и пови-

соко! Туку, кажи ми ти, полжаву, како дојде до врвот?', прашува соколот: На тоа полжавот одговара: 'Што има толку да се чудиш соколу, со лигавење, полека, со лигавење, соколу!', како од пушка одговара полжавот.

И тука на сцена стапува нашиот пријател Рагип Биби, кој сакаше да ни докаже дека крилјата не секогаш помагаат да се дојде до врвот. И ја почна неговата петнаесетминутна беседа за луѓето на позиции и за луѓето со вредности. Парафразирано, неговата приказна е ваква: „Драги мои гости и пријатели, внимателно послушајте ме што сега ќе ви кажам на оваа тема, вели тој. Според мене, човек со вредности не е само човек кој прочитал безброј книги и поседува мноштво информации, туку се работи за личност која има сопствена претстава за светот во кој живее, човек кој има свои доблести, а нормално и по некоја мала маана. Се работи за човек кој има разбирање, кој поминал и видел сѐ и сешто во животот и сето тоа го цени кај другите. Според него, овие луѓе имаат свој личен став за она што се случува околу него, свој стил и начин на живот. Своите размисли ги изнесуваат отворено, без страв од судот на околината, или од политичкиот естаблишмент. Тие се вистински иницијатори и промотори на јавното мислење и иницијатори за разрешување на проблемите.

Нормално е, вели тој, секој од вас може да стави забелешка на ова мое размислување и да каже: 'Бидејќи сите ние имаме разбирање и сме прошетале насекаде по светот, имаме прочитано и книги, зошто сите ние не можеме да се сметаме за луѓе со вредности?' И тука малку се подзамислува и продолжува. Да... да, во право се сите кои ќе го поставаат ова прашање, меѓутоа, за среќа, не сме сите луѓе со вредности! Па што би правеле ако сме сите исти и со исти вредности?! Каде ќе ни биде крајот? Монологот продолжува и понатаму со неговата констатација: Да се биде човек со вредност, пред сѐ, подразбира исклучително висок степен на моралност и свест и посебен начин на поимање на светот кој нѐ опкружува. Се работи за поседување таква способност сето она што нѐ опкружува да го гледаме со сопствени, а не со туѓи очи, со очите на претпоставениот.



Кога сме кај категоријата луѓе на позиции, со чест на исклучоци, таму работата е поинаква, вели Рагип. Тука никогаш не сте начисто. Според него, луѓето на позиции најмногу ги изневериле очекувањата на граѓаните и во таа смисла нив ги класифицира во две категории. Првата категорија, која е најбројна, ја сочинуваат луѓе кои на некој волшебен и мошне чуден начин се здобиле со диплома за високо образование и мошне брзо дошле на позиција. Доколку им го поставите прашањето: 'Како сето тоа го стекнале за толку кратко време?', веројатно и самите не ќе знаат да ви одговорат. Ова е, пријатели мои, вели тој: тоа што во мое време се нарекуваше 'чесна мајчина и татина интелегенција'. Да се живи и здрави мама и тате. Оваа категорија граѓани од самото раѓање е лишена од сопственото размислување и морал. За нив секогаш постои некој друг да размислува, зашто нивна единствена задача е да се соживеат со системот и со власта, со цел да останат подолго на позицијата. Оваа категорија претпоставени воопшто ги нема во јавниот живот, бидејќи се плашат од јавно експонирање. Дури и кога ќе бидат приморани да говорат, најчесто нивните говори се неповрзани, неартикулирани и полни со пофалби за оние кои се на повисоко ниво на хиерархијата од нив, а секако и за мама и за тате. Тие се вистински сведоци за тоа дека прагот на самопонижување секогаш може да се помести понатаму и подалеку. Но, за возврат на сето ова, тие се тие кои во својата мала и бедна средина се чувствуваат и живеат како бубрег во лој. Се работи за потпросечни луѓе, мамини и татини синови и ќерки, чиј единствен репер е малограѓанштината и сервилноста кон повисоките на скалата на хиерархијата.

Втората група луѓе на позиции се оние кои се малку поинтелигентни од првата категорија. Зад нив не стојат мајките и татковците. Се работи за луѓе кои своето место под сонцето го нашле на еден нечесен и бескрупулозен начин, газејќи сѐ пред себе за да ја остварат замислената цел. Тоа се луѓе кои се

одликуваат со поданичка култура и дух, честопати проследена со јавно искажана страхопочит и поклонение до земја кон повисоките авторитети. Иако постојано од устата му произлегуваат само пофални зборови за нивниот ментор (најчесто политички ментор), врховен бог на кој единствено искрено му се поклонуваат е – личниот интерес. Овие луѓе се вистински тирани кон своите потчинети, кон кои најчесто се однесуваат понижувачки и со незамислив презир. Постојано бараат начин да ја искажат својата доминација во однос на потчинетите. За разлика од првата категорија луѓе на позиции, овие вториве не молчат. Говорат без престан и без смисла, дневно-политички ги менуваат ставовите и секогаш сакаат да се во центарот на вниманието. Најчесто се во ситуација да бидат мегафони на своите повисоки авторитети и, доколку не можат да се догребат за повисока позиција, тие секогаш се залагаат за статус кво позиција и ситуација. Основа филозофија им е: 'Подобро врапче в рака, отколку гулаб на гранка'. Би имал уште многу да кажувам, но сигурен сум дека и вам ви се познати овие луѓе и целокупната ситуација на овие простори, вели Рагип."

На крајот од беседата, сите на масата сме согласни дека само на овие простори луѓето со вредности не можат да дојдат до позициите кои ги заслужуваат и кои природно им припаѓаат. Се чини дека позициите и функциите секогаш и однапред се загарантирани за луѓето со помали или со никакви вредности. И затоа, од името на сите луѓе со вредности и за нивната истрајност, наздравивме со по уште една чаша вино. На здравје.

## ГО РУШАТ ЛИ ГРУЕВСКИ ОДНАТРЕ???

ВР-07.05.2011

Пред неколку дена, во една од скопските општини, распрашувајќи се до каде е дојден мојот предмет за откуп на државно земјиште (мојот двор), бев непријатно изненаден од одговорот на службеното лице кое го води предметот. „Професоре, за жал, морам да ви соопштам дека вашиот предмет е решен, решението е изготвено, меѓутоа ќе мора да почекате да завршат изборите, односно да се избере нова влада, па дури тогаш да ви го врачиме". Тоа значи дека целокупната постапка по поднесените барања за приватизација на градежно земјиште во државна сопственост е стопирана по барање на Државната комисија за спречување на корупцијата. Се чудам и не можам да верувам од каде тоа право на Комисијата!? Па зар сега, кога ја добивме можноста да си ги откупиме дворовите, некој се дрзнал да ни го одземе тоа право? Безброј мисли ми се вртат во главата во една секунда. Сакајќи да се уверам во вистинитоста на изреченото, побарав да ми се покаже документот со кој е стопирана целата процедура. Службеното лице беше навистина љубезно и ми го покажа добиениот допис испратен од Државната комисија за спречување на корупцијата до Управата за имотно-правни работи при Министерството за финансии. Значи, се работи за одговор кој Управата го побарала од Комисијата во однос на неколку прашања, со оглед на донесувањето решение за распишување предвремени избори за пратеници во Собранието на Република Македонија: Првото прашање се однесува на постапувањето на Управата по поднесените предлози за експропријација, второто за постапувањето по поднесените барања за приватизација на градежното земјиште во државна сопственост, третото за постапувањето по веќе започнатите постапки по барањата за отуѓување на градежно земјиште во сопственост на Република Македонија

и четвртото прашање се однесува на продолжување на реализацијата на активностите во согласност со договорот за заем бр. 7926-МК, склучен помеѓу Република Македонија и Меѓународната банка за обнова и развој.

Државната комисија за спречување на корупцијата, согласно одредбите од Законот за спречување на корупцијата, го дала следниов одговор: По однос на првото прашање за постапување на Управата по поднесените предлози за експропријација, нема законска пречка Управата за имотно-правни работи во периодот од донесувањето на Одлуката за распишување на избори сè до завршувањето на изборите, односно до изборот на Влада, да не постапува по поднесените предлози за експропријација. Значи, тука работата е јасна. Работите си течат понатаму. По однос на барањата за приватизација на градежното земјиште во државна сопственост, Комисијата се повикува на член 11, став 3, од Законот, со кој започнатите постапки треба да се стопираат, односно Управата не треба да постапува по барањата за приватизација на градежното земјиште во државна сопственост сè до изборот на новата Влада. Истото ова се однесува и на третото прашање од Управата, со што започнатите постапки по барањата за отуѓување на градежно земјиште во државна сопственост во споменатиот период треба да запрат. И по однос на четвртото прашање, Комисијата вели дека нема пречки да се продолжи со реализација на активностите согласно посочениот договор за Проектот за катастар на недвижности и регистрација склучен меѓу Република Македонија и Меѓународната банка за обнова и развој.

И по прочитувањето на сето ова, најнапред решив да го проучам Законот за спречување на корупцијата. И навистина, Комисијата постапила онака како што пишува. Значи, проблемот е или во несреќно избраниот термин за предвремени избори, или пак во содржината на одредбата, односно во она што го изгласале пратениците во Собранието на Република Македонија. Како и да е, штетата е направена и последиците од сето ова паѓаат на товар на граѓаните и затоа нивниот револт во пресрет на изборите постојано расте. Според некои податоци, во нашава држава има поднесено повеќе од 100 000 барања за приватизација на градежното земјиште. Замислете, по добивањето на оваа информација, ќе имате исто толку незадоволници. Кому оди ова во прилог? Наместо пред изборите тие да се радуваат дека станале сопственици на земјиштето (дворовите) кое го користат многу години наназад, сега повторно се во неизвесност. Кој им гарантира дека по изборите повторно ќе продолжи постапката? Кој им гарантира дека новата влада нема да има некој друг предлог по однос на ова прашање? Дали тоа значи дека фрлените пари за изработка на елаборати (кои беа потребни да се достават кон документацијата), дали потрошеното време и трчање за собирање на потребните документи, сето тоа е фрлено во воздух? Ајде јас и ќе разберам, меѓутоа како тоа да им го објасните на останатите граѓани: Тие мислат дека ова е уште една ујдурма на државата, која сега може скапо да го чини актуелниот премиер.

Изборите беа распишани на 15 април, ќе се одржат на 5 јуни и, доколку биде сè во ред, Владата треба да се избере некаде кон крајот на јуни или во првата недела на јули. Тоа значи чекање уште два и пол месеца. Знаете ли што ова значи за граѓаните? Тоа е уште најмалку толку денови неизвесност и несигурност, а можеби и многу повеќе, со оглед на процедурата. Можеби некој ќе рече: Професоре, па вие треба да знаете дека тоа е закон чии одредби привремено се стопирани, но чие извршување ќе продолжи понатаму за да не се случи корпуција пред и за време на изборите. Каква, бре, корупција во овој дел? Управата за имотно-правни работи нема можност за корпуција од причина што работите тука се мошне јасни. Имате конкретна квадратура, конкретна цена на земјиштето и немате можност за злоупотреба. Друга е работата кај Министерството за транспорт и врски, кое има можност во четири очи да прави договори за отуѓување градежно земјиште. Дајте тоа стопирајте го, тоа право на Министерот за времето на предизборниот и изборниот период. Исто така, ако внима-

телно го прочитате дописот на Комисијата, ќе видите дека таа не прави разлика меѓу запирање и прекинување на постапката. По мое длабоко убедување, двете работи не се исто нешто. Последиците од едната и од другата се сосема различни и пак паѓаат на товар на недолжниот граѓанин.

И по сето ова, јавно го поставувам прашањето: Што се случува во администрацијата? Знае ли некој која е штетата што во овој момент им се нанесува на граѓаните? Свесен ли е некој за последиците од ова несреќно толкување? Зар Државната комисија за спречување на корупцијата мораше вака рестриктивно да ги толкува одредбите на Законот? Зар не можеше да има пофлексибилен став, со оглед на широкиот интерес на граѓаните за решавање на ова прашање? Па зар тука ја виде опасноста од корупција? И уште многу други зар...

## ПРЕТЕРУВАЊЕ

ВР-14.05.2011

Ако е и од албанските политички партии, многу е. Така некако би можел да го дефинирам последното барање на албанските политички партии за гаранации кои би требало да им ги дадат македонските политички партии доколку ги посакуваат како политички партнери во новата влада. И не е проблемот во барањето на гаранциите, туку за прашањата за кои се бараат тие гаранции. Да видиме што сè бараат албанските партии. Сублимирано, тоа би изгледало вака: целосно спроведување на Рамковниот договор и на неговиот дух, унапредување на употребата на албанскиот јазик, правична застапеност на Албанците во институциите, рамномерна или пропорционална распределба на буџетските пари и носење буџет според Бадентеровиот принцип, нов политички договор меѓу Македонците и Албанците според кој Македонија би била бинационална држава, партнерски односи во владата и функционирање врз заедничка програма, дводомен парламент или Сенат кои ќе донесуваат одлки со консензус, нова територијална поделба, државните симболи да го отсликуваат граѓанскиот концепт на општеството, градење консензуална демократија за Албанците, Уставниот суд и целиот судски систем да функционираат според Бадентер и уште многу други небулозни и бесмислени барања.

И по објавувањето на барањата, почна новинарската потрага по барање одговор од ВМРО-ДПМНЕ и од СДСМ. И, молк! Нивните гласноговорници, кои секојдневно нè бомбардираат со секакви глупости и кои кога говорат цинично ни се смеат, нивните „силни“ советници сега како да пропаднале вземи. Ми личат на глувци кои се пикнале во глувчешките дупки и чекаат да слушнат што ќе кажат попаметните и похрабрите од нив. А што друго и ќе прават? Тие, едноставно, се научени некој нешто да им каже, некој да им напише и

тие само сето тоа да го изрецитираат или да го прераскажат. Ама ѓаволот ја однел шегата. За одговор на овие барања потребно е нешто повеќе, а тоа е знаење, капацитет и храброст, кои сите заедно во нивните партии го немале и ќе го немаат. Тие се храбри и умни само кога ќе треба да седнат во удобните фотељи. Но нејсе, ова само колку да ги потсетам дека сите ги знаеме кои се и какви се.

Сиротите новинари, сакајќи професионално да си ја завршат работата – побараа одговор и од мене. И, нормално, јас не би бил јас доколку не се фатам во костец и правно аргументирано да одговорам на пробните балони (па дури и провокации) од албанските политички партии. На сите по дваесет години ни стана јасно дека пред изборите албанските партии секогаш се радикализираат. Но потоа, откако ќе влезат во власта, нивните ставови значително омекнуваат, а од устата им тече мед и млеко. Сè е во ред со сите барања, сите се исполнуваат и повеќе отколку што треба, е нивниот изговор пред електоратот. Затоа, пак, опозициските партии се радикализираат и вршат притисок врз власта иако истите тие до вчера се однесувале како и претходниците кога биле во власта. И сега навистина имам проблем како ова да го објаснам. Чинам дека зборот политички маркетинг не го отсликува докрај ваквото однесување. Се работи за нешто поголемо. Тоа е алчност и желба постојано да се на власт, а сето ова им е само параван за остварување на таа желба...

Кога веќе говориме за барање писмени гаранции, јас наполно се согласувам во тој дел дека секој има право од коалициониот партнер да побара гаранции дека и неговата програма што тој им ја ветува на своите избирачи, ќе биде спроведена докрај. Меѓутоа, зошто тоа не се прави неколку месеци пред да почне кампањата? Зошто токму сега се јавува таа недоверба кон својот македонски коалиционен партнер? Па каде бевте сиве овие години додека бевте на власт, додека ги греевте удобните фотељи и божем успешно коалициравте? Значи досега сè било добро, а сега одеднаш не чини ништо. Е, ова е врв на хипокризијата. Кога сме веќе кај гаранциите, зошто претходно заеднички не се договорат што е прифатливо за сите, па тоа да го промовираат пред своите гласачи? Едноставно, зашто ако сакаат да коалицираат по изборите, претходно не потпишат преткоалиционен договор за да се знае што ќе им ветуваат на граѓаните? Вака излегува дека секој си ги кажува своите желби и идеи, а на крајот оправдување за нивната нереализација е изговорот: имаше отпор од коалициониот партнер. Кога велам за потпишување преткоалиционен или посткоалиционен договор за усогласување на заедничките потреби и интереси, најнапред мислам на договор кој нема да ги надмине духот на Охридскиот договор и рамките на Уставот. Договор кој нема од мултиетничка држава да нè претвори во бинационална. Значи, се согласувам на таков договор или пак да постојат гаранции само за отворените прашања (се разбира, доколку постојат), кои произлегуваат од спроведувањето на Охридскиот договор, а не и за бесмислените и илузорни барања кои го уриваат мултиетничкиот и унитарниот карактер на нашава држава.

Да се обидам во кратки црти да одговорам на некои од барањата за кои Албанците би барале гаранции. Правичната застапеност е барање кое досега се реализира на штета на правата на Македонците, Турците, Ромите, Србите, Власите и Бошњаците. Рамковните вработувања се кршат меѓу правото и политиката. Тука имаме класичен судир меѓу уставните амандмани, Законот за државни службеници и огласите. Поаѓајќи од правото и слободата на работа како едни од човековите слободи и права, правото да конкурираат е за сите кои ги исполнуваат условите, без оглед на припадноста. Крајниот резултат од објавените конкурси се вработувања според етничка припадност (пред сè албанска), а не според стручност и компетентност. Значи, во отсуство на „правила за игра“, а од името на правичната застапеност имате штета која оди за сметка на Македонците и на припадниците на останатите заедници. И кој е сега тука оштетен? Дали оној кој го вработиле по „клуч“ и кој седи дома и прима плата од државиот буџет, или пак оној

кој нема 50 денари да купи леб, а да не зборуваме дека воопшто и не размислува да излезе на кафе со девојката!?

Ако сакате да видите колкава е правичната застапеност на Албанците во институциите, видете колку таа изнесува во следниве министерства и институции: Министерството за образование, Министерството за здравство, Министерството за економија, Министерството за локална самоуправа, Министерството за надворешни работи, Македонски пошти и на крајот кај рекордерот – Народниот правобранител (со повеќе од 35% вработени Албанци). Проверете и видете на чија штета се бројките кои се резултат на божемната борба за правична застапеност. Она што, за жал, не се правело со години наназад, сега се реализира со полн интензитет, а за последица имаме страдање на цели генерации Македонци и припадници на другите помали етнички заедници.

Кога сме веќе кај бесмислените барања за воведување на Бадинтеровото (двојно) мнозинство во Уставниот суд, или пак за носење на буџетот со исто такво мнозинство, ви потврдувам дека поголема глупост досега не сум слушнал. Прво, господо „умни" предлачи, дали знаете дека употребата на Бадинтеровото мнозинство е регулирана со амандманот XVIII и таа се однесува на: за промена на Преамбулата за Уставот, за членовите кои се однесуваат на локалната самоуправа, за членовите кои се однесуваат на усвојување на одлуката за пристапување кон измена на Иставот, и во завршната фаза на усвојувањето и неговото прогласување, за членовите кои се однесуваат на правата на припадниците на заедниците, за употребата на јазикот, за темелните вредности, за еднаквоста на граѓаните, за слободата на вероисповедта, за уметничките и историските богатства, Народниот правобранител, Комитетот за односи со заедниците, Советот за безбедност, Судскиот совет и избор на тројца судии во Уставниот суд на Република Македонија. И тука ова прашање е завршено. Немојте преку леб и погача да барате. Видете ги само меѓународните стандарди за правата на малцинствата (Меѓународниот пакт за граѓански и политички права, Завршниот документ на КЕБС од 1975 год., Завршниот документ на Конференцијата за човечката димензија на КЕБС од Копенхаген во 1990 год. и Декларацијата за правата на припадниците на националните или етничките, верските и јазичните малцинаста на ООН од 1992 год.) и споредете ги со она што ние го практикуваме како уникум во нашата држава и сè ќе ви стане јасно. Во контекст на погорното, само да потсетам дека Уставниот суд е супериорна и независна институција во однос на судската, законодавната и извршната власт, а таа супериорност произлегува од супериорното дејство на Уставот на Република Македонија.



Кога сме кај барањето за градење на консензуалната демократија, би требало да ги потсетам заговорниците на оваа идеја дека таа наголемо функционира во нашата државата уште од 2002 година и најважните елементи на овој тип демократија (голема коалиција, пропорционалност, меѓусебно вето, висок степен на автономија при решавање на внатрешните проблеми, барање на специјално мнозинство за промена на Уставот и др.) одамна се вгнездени и одомаќени во функционирањето на нашиот систем.

Во однос на барањето за дводомност на македоснкото собрание, морам да бидам искрен дека и кај мене не се докрај расчистени дилемите, што е подобро. Еднодомност или дводомност? Дводомноста кај унитарните држави се брани со неколку тези, како, на пример: прво, со воведување втор дом поуспешно се воспоставува рамнотежа меѓу законодавната и извршната власт, со вториот дом заслабнува позицијата и моќта на првиот дом од кој пак произлегува извршната власт; второ, долниот дом, кој ги разгледува и ги донесува законите, треба да биде под постојана контрола од друг дом, што ќе биде составен од претставници кои се избрани на друг начин и кои се на повисоко стручно ниво; трето, вториот дом е гаранција за правата на заедниците, но истовремено и средство за запирање на доминацијата на парламентарното мнозинство; четврто, вториот дом е гласот на разумот или брана од нерационалните

постапки и желби на народните избраници во првиот дом, а додека првиот дом е место каде што се претставени желбите, интересите и мечта на граѓаните. Кога сме кај еднодомноста кај унитарните држави, таа се брани и произлегува од теоријата на граѓанскиот суверенитет кој не трпи никаква делба, па оттаму и претставништвото мора да биде единствено и неподелено.

И, на крајот, прашањето кое најмногу ги вознемири духовите кај политичарите, како Македонци така и Албанци, а тоа е мојот став дека не мора во владата да има албански партнер. Јас го кажав мојот став и стојам до него. Ова свое тврдење го темелам врз одредбите на Уставот и останатите закони, каде што во ниту една од нив не се вели дека некој задолжително мора да коалицира со некоја заедница (во случајов, албанска), за да можеме да имаме влада. Единствен услов е обезбедувањето мнозинство од вкупниот број пратенци во Собранието. Досега тоа беше 61 пратеник од вкупно 120, а отсега 62 пратеника од вкупно 123. Значи, од формално-правен аспект, работата е јасна и чиста како солза. Меѓутоа, друго е прашањето дали лидерите ќе сакаат и ќе имаат храброст да изостават албанска партија од составот на владата, и покрај претпоставката да имаат претходно обезбедено солидно парламентарно мнозинство. Онака како што сега се поставени работите, а тие влечат корења уште од формирањето на чисто национални партии на тогашните националности во текот на 1989–1990 год. и од формирањето на Втората македонска влада под патронат на Глигоров, а под раководство на Црвенковски, не сум сигурен дека некој од сегашниве лидери ќе ја има таа храброст и доблест. А сето тоа доаѓа од пренагласениот политички прагматизам (подобро речено егоизам), кој, пак, се сведува по секоја цена да се седне на премиерската или на министерската фотелја. Нашите лидери, за да опстојат на власт или пак за да го реализираат својот недосонуван сон, подготвени се да се здружат и со црниот ѓавол.

Така држава не се гради. Таа се гради на принципи и на меѓусебна доверба и почит на сите оние кои учествуваат во нејзиното управување. Таа се гради кога владеат законите, а не луѓето.

ВР-21.05.2011

## Старо-нови ѕверки во македонската политичка шума
# КОЈ СЕ ПЛАШИ ОД ГОЛЕМИОТ ВОЛК?

Можно ли е ВМРО-НП, партијата на поранешниот премиер Љупчо Георгиевски да изненади на овие избори? Можно ли е нападите од страна на СДСМ и ВМРО-ДПМНЕ врз поранешниот премиер да предизвикаат бумеранг-ефект? Што е тоа што толку многу ги исплаши овие две најголеми партии, па почнаа да фрлат дрвја и камења по Георгиевски? А сè започна со една политичка телевизиска анализа на новинарот Васко Ефтов, па потоа следуваше безобѕирниот прес(инг) на претставници на владејачката гарнитура.

Се чини дека СТРАВОТ ја натера Црвенкапа, она неодамна испилено политичарче, кое впрочем е и директор на Центарот за комуникации на партијата на власт, да собере храброст и да го нарече Георгиевски „истрошен политичар", притоа заборавајќи дека самиот до неодамна, со поглед вперен во земјата, му се благопоклонуваше на „истрошениот". А тогаш кога Пинки, момчето со кусо паметење, го виде Тито, на среќата ѝ немаше крај. Следеше непроспиена недела, а политичарчето од радост три дни не ги миеше рацете (така кажуваат неговите сограѓани). Аллллоооо... па ТОЈ се поздрави со НЕГО, со лидерот и неговиот идол, ечеше низ неговиот роден град! Не сум сигурен дали е за радост или за жалење, но неговото височество СТРАВОТ го посети и ’рбетот на социјалдемократите. Нивниот гласноговорник по вокација, истиот тој Георгиевски го нарече „предавник", „Тројански коњ". Која илузија е тезата за предавник или за Тројански коњ да ја темелите врз основа на тоа дека „неговите поранешни соработници се на високи позиции кај сегашниот премиер"?! А како би можело да биде поинаку? Дали сакате за вртење надесно

да запалат лев трепкач?! Зошто не зборувавте за реалноста, за предавството на истите тие кои сега ги уживаат благодатите на функциите напуштајќи го својот довчерашен соработник и пријател?! Зошто не зборувате за моралот на истите тие?

Не би сакал да се добие впечаток дека ова мое пишување е одбрана на ликот или делото на Георгиевски, бидејќи целта ми е сосема друга. Едноставно, сакам да ги бранам принципите за кои сите ние би требало да се залагаме и да ги почитуваме. Јас, кој во минатото многупати сум бил на спротивната, но секогаш десна страна, со Георгиевски по однос на круцијални прашања за македонската држава и народ и по однос на својот став за определени политичари, и сега исклучиво се обидувам да го бранам достоинството на Георгиевски како човек и политичар, и тоа ќе го правам секогаш кога ќе се работи за повреда на достоинството и угледот на кој било друг политичар и човек. Убеден сум дека хронологијата на случувањата за која ќе зборувам подолу, ќе ја открие и ќе ја потврди мојата намера.

Во јавноста е пуштена тезата дека во опозиционата десница постојат предавници, или Тројански коњи, притоа експлицитно мислејќи на Георгиевски. Според мене, тоа е само уште еден невешт обид да се дискредитира десницата, а со неа и поранешниот премиер, бидејќи сите истражувања, а и расположението на граѓаните, велат дека десницата повторно ќе биде победник на овие избори и ќе ја има власта во наредните четири години. Постизборна коалиција повторно ќе биде нужно зло. Токму поради оваа состојба, сегашнава позиција и нејзините потенцијални партнери постојано се на тапет, на обвинителна клупа и постојано ѝ се измислуваат разни афери или ѝ се лепат етикети, притоа не водејќи сметка за елементарното ниво на политичка култура. И помалку учените препознаваат дека тоа е последица, но и компензација за недостигот на идеи и страв од трет пораз во последниве пет години. Исклучиво во тој контекст ги разбирам и последните обиди за дискредитација на одделни политички личности кои вербално и духовно, и со целото свое битие, ѝ припаѓаат на десницата. Ако е јасно што е она што сака да го постигне левицата предводена од социјалдемократите со приземната кампања и личната дискредитација, не ми е јасно што сака да постигне владејачката партија со обидот за омаловажување на нивниот поранешен лидер. Наместо да се плашат, тие треба да бидат среќни зашто незадоволните ВМРО-вци, неопределените гласачи, како и оние граѓани кои ги почувствувале благодатите од премиерувањето на Георгиевски, нема да отидат кај социјалдемократите, туку кај оној кој повторно, во иднина ќе коалицира со нив. Единствен оправдан страв е цената што треба да ја платат, но подобро е да платат повисока цена отколку – да се ризикува губење на изборите.



Во контекст на погоре кажаното, се поставува и прашањето: Зошто некои политичари и новинари постојано говорат за некакво предавство? Дали некој има право некому да му импутира предавство само затоа што има спротивен став од, на пример, премиерот по однос на најважните национални прашања, по однос на економијата, по однос на надворешната и внатрешната политика?! Кој им дал право на таквите некого да етикетираат како предавник само поради тоа што „некој“ не е во коалиција со СДСМ, или пак со партијата која тие ја симпатизираат?! Да бидеме на чисто – никој нема право некого да обвинува дека е предавник само затоа што има свој личен политички став по однос на спорот што Република Грција го има во однос на името на нашата држава, или по однос на иднината за евроинтеграциските процеси. Следна причина што исто така не ги оправдува овие предизборни атаци е фактот што Георгиевски сѐ уште јавно не се изјаснил дали, доколку го повтори резултатот од претходните парламентарни избори, ќе коалицира со ВМРО-ДПМНЕ, или ќе му се придружи на таборот на СДСМ. Почувствува ли некој искра лажна надеж, или пак се уплаши во тврдењето на Георгиевски дека со оглед на политичкиот анимозитет повеќе од 70% од членството на ВМРО-НП се чувствуваат поблиски со СДСМ-овците отколку со ДПМНЕ-овците, во што јас искрено не верувам? За

приклучување кон кое било од горенаведените трла, секогаш решава самата личност како резултат на коректниот или некоректниот однос на политичките конкуренти. Исто така, не е политички коректно да тврдите дека противставените ставови на опозиционата и позиционата десница се фингирани ставови и дека поранешниот премиер има тајна задача да одработи за сегашниот премиер. Сето ова, најблаго речено, е на границата на идиотизам, изобилие сурови глупости, безмислици и кусогледост на тврдокорните и тесногради партијци, кои едноставно забораваат дека демократскиот плурализам не подразбира само црно и бело, туку и „нешто помеѓу". Како кај десницата, така и кај левицата. Впрочем, која друга цел би го оправдала постоењето и опстојувањето на политичките партии? Демократскиот плурализам подразбира богатство и хетерогеност на програми и идеи во кое победува онаа идеја или програма која е најприфатлива за народот. Искуството докажа дека победува оној лидер кој има харизма, кој се држи до своите ветувања, кој се докажал во своето лидерство, кој му мисли добро на својот народ. Граѓаните се тие кои ги препознаваат и ги казнуваат предавниците а, за среќа, тоа право го немаат политичарите и новинарите.

Одговор бара и прашањето: Кој и зошто ги пласира ваквите небулози и во што се состои предавството? Одговорот се наметнува самиот по себе. Тоа се токму оние политичари кои се плашат од волкот, од чувството да „бидат изедени", од нивниот ноќен кошмар – пораз на изборите, кој, по правило, значи и крај на нивната политичката кариера и збогување со војводинската рамнина што им ја овозможи политиканството. Во однос на предавството, сè повеќе сум убеден дека епилог на сите предизборни конспирации ќе биде само предавство на некоја (или нечија) нереализирана идеја за вековна власт, предавство на некој кој сака по секоја цена да остане, или да се врати на власт. Друго предавство нема да има. Тоа што ќе следи е веќе видено – слобода на политичко здружување, слобода на мислата и уверувањето, како и слобода на избор.



И по сè, дилемата останува. До петти јуни (и нервозните денови потоа), во воздухот ќе бидат надвиснати прагматизмот и рационалниот патриотизам на Георгиевски? Повторно народот ќе му додели бел или црн бумбар на харизматичниот човек со нагласено „Б", човек кој, признале или не, барем докажа дека размислува десетици години понапред од другите политичари? Во овој контекст, ќе ве потсетам на една мудра политичка размисла: „Денешните демократии, политички партии и лидери, можат да опстојат само доколку се во состојба да ги помират и усогласат плурализмот и заедништвото, судирот и правдата, рационалноста и идентитетот". Сè друго е трчање на куси патеки. Арена без публика...

## НАДЕСНО – СÈ ПОТЕСНО

ВР-28.05.2011

**In memoriam** – Во 2002 година ВМРО-ДПМНЕ освои 299 177 гласа и вкупно 44 мандати, во 2006 год. ВМРО-ДПМНЕ – 305 000 гласа и 45 мандати, а ВМРО-НП – 53 350 гласа и 6 мандати, и во 2008 година ВМРО-ДПМНЕ – 481 501 и освоени 63 мандати. Рекорд над рекорди. Речиси никој и да не очекуваше толку убедлива победа. Кривата на графиконот одеше по нагорна линија и го достигна врвот. Ќе расне ли и понатаму по петти јуни, или пак ќе има мал пад, останува да видиме за само седум дена.

**Pre scriptum** – Како се доближуваат изборите, така е сè поголема неизвесноста околу победникот, меѓутоа постојано се заплеткува и станува сè понеизвесна и ситуацијата во десницата. Иако на крајот сум сигурен дека севкупно десните партии ќе бидат победници, сепак морам да признам дека не сум докрај сигурен како ќе заврши распоредот на силите во десницата. Неизвесноста станува сè поголема по невидената заострена ситуација меѓу довчерашните сојузници и сопартијци. Анимозитетот го достигна најниското можно ниво на политичка култура, која пак не се стеснува да посегне и по интимата, по физичкиот и духовниот интегритет на учесниците во овој изборен циркус, за жал и по нивните семејства. Едноставно, сведоци сме дека не се избираат средства за да се задржи своето членство, меѓутоа и да се уплаши секој оној кој мисли поинаку од „вождот“. Нема „пардон“, нема елементарна демократија. Стравот од губење на позицијата не избира средства. Но, зошто? Чуму сето тоа? Кон што нè води кревањето рака брат на брата, пријател на пријател, сопартиец на сопартиец? Зар нашата десница не научи ништо од историјата и од братоубиствата, од крвопролевањата, од историските делби во минатото? Еј, луѓе! Свесни ли сте дека ова е XXI век? Заборавивте ли дека злото раѓа зло, крвта – крв? Ова лудило не нè води кон никаде, освен во амбисот наречен политичка опозиција. „Победа по секоја цена“ е најмногу употребуваниот збор што некои лидери се обидуваат со сила да ни го пикнат во потсвеста. За да бидат победници, си дозволуваат етикетирање од типот „предавници и јунаци“, „истрошени политичари“, „Тројански коњи“ и др. Се обидуваат бескрупулозно да влијаат врз емоциите (оние негативните), притоа заборавајќи дека нашите граѓани, во најголем број, денес се еманципирани, а своите одлуки на овие избори ќе ги носат рационално и урамнотежено. Е, токму ова рационалното и урамнотеженото го заборавија и го превидоа насилните политичари. Македонскиот гласач, не оној гласач од пред три години, а најмалку од пред десетина години. Разликата ќе ја почувствуваме само за седум дена.

**Post scriptum** – Бидејќи секогаш сум се обидувал да бидам објективен, без разлика што тоа честопати било на моја лична штета, чинам дека освоените 63 мандати уште долго време ќе бидат мислена именка за сите политички партии во Република Македонија. Сите десни партии треба да бидат пресреќни доколку на овие избори освојат 60 пратеника, од кои во подобрата максимална варијанта на ВМРО-ДПМНЕ би ѝ припаднале 45–47, а во полошата 42–45 мандати. На останатите три десни политички партии – ВМРО-НП, ОМ и Достоинство, во најдобра варијанта, би ѝ припаднале 10–13 мандата (± 2). Во подетална анализа не би се впуштал, од причина што ова се најнеизвесните избори не само за десницата туку и за левицата, и затоа се можни изненадувања, дури и на самиот ден на изборите. Ќе се запрашате од каде и кои се аргументите за ваквата распределба на силите?

Најнапред, и покрај фактот дека Груевски воспостави стандарди во работењето на политичарите, отчетност и динамика на работа, сепак нешто недостасува, штом најголемиот дел од познавачите на изборите горе-долу се согласуваат околу прогнозираната бројка. Загубените мандати ќе се должат на неколку причини: Најнапред тоа е општото незадоволство од составот на листите каде што поради задоволување на апети-

тите на сателитските партии останаа настрана ВМРО-вците и тоа оние поновите (оние облечени во Пјер Карден, Бицијани, Пал Зилери, налицкани и п... во душа). А за постарите (оние со ВМРО-вско педигре), воопшто и да не говориме. За нив се општинските штабови и лепењето плакати (демек, тоа најдобро го знаат, бидејќи рецептот им е познат уште од 90-тите) и затоа освен два-тројца тие речиси и да ги нема на листите. Потоа, секако дека на ова се надоврзуваат и последиците од економската криза (за чудо, тие не се почувствуваа во Турција, Полска и други држави), но и нереализираните ветувања, непродуктивните вложувања, сè погласните критики за автократското владеење, себепромоцијата, слабата реторика и говорот на телото, односно слабата вербална и невербална комуникација на сите оние кои се појавуваат на бината, набрзина склепаниот манифест, бегањето од дуелите, како и неможноста Груевски да се ослободи од персоналниот и роднинскиот баласт кој го носи со себе од самото доаѓање на чело на Партијата. Во овој контекст, секако дека негативно дејствува и неартикулираното извикување од бината дека „Тука е ВМРО“, а пред бината, во најголемиот број, се пребеганите социјалдемократи на гурбет (читај печалба) во ДПМНЕ, донесените Роми на Амди, Турците на Хасипи, Власите на Костов, целата постава (5–6 луѓе) на ДОМ и, види богати, и Л. Поповска. Демек, сите на број, арно ама ги нема ВМРО-вците!

Зошто Љупчо? Токму поради сменетиот но, современ и умерен начин на водење политика. Сè е на место во неговиот говор и настап. Нема за што да му се фатите!.. Нема навреди и лични дискредитации, напротив – јасна визија и конкретни предлози. Обвинувањата за деидеологизација на Партијата, нејзина србизација, посегнување по медиумите, запирање на иселувањето, враќање на демократијата, скршнување од евроинтеграционите процеси.., се оружје од кое силно пука Георгиевски. За среќа, многу е блиску времето кога тој беше премиер, па народот ги памети убавите животни моменти додека не почна конфликтот. Се живееше некако подобро. И



затоа ТОЈ пак е ТУКА, да се живее повторно убаво. Овојпат убаво ребрендиран и спакуван во европски костум (со американски дизајн) од глава до петици. А Западот и нашите граѓани знаат да го ценат сето тоа? Доколку не задоцнеше со повторното враќање на политичката сцена, ситуацијата можеби ќе беше многу поинаква и поизвесна.

Зошто Љубе? Токму поради сè поголемите напади од страна на ДПМНЕ, кои како бумеранг им се вратија назад. Откако видоа дека со игнорирање не се постигнува ефект, ја свртија другата страна. Ангажираа сè живо и диво за да го уништат. Ама човеков жилав, не им се дава, на некои си штотуку испилени политичарчиња, па уште и ВМРО-вчиња. А како и ќе се даде!? Па зар тие имаат поголема заслуга за ВМРО од него? И затоа и тој почна сè пожестоко да напаѓа. Па, еве ти го во неговиот вокабулар Боки 13, диктаторче, детска градинка, дете-дипломатче, фамилија, лопатар, криминалци и затвор братче, затвор... И, види чудо. Народот сè повеќе го прифаќа. На неговите митинзи сè повеќе народ кој јавно покажува дека повеќе посакува СЛОБОДА отколку СМРТ.

Бранителите некако потфрлија. Иако на почетокот од нив очекував повеќе, сепак, како мине времето, би требало да бидат задоволни и со еден освоен мандат. Подобро еден, отколку ниеден. А токму тоа и се случува, кога брзоплето ќе се донесуваат сериозни одлуки – како што е правењето политичка партија. Штета, навистина штета.

**Final** – Во духот на демохристијанството, во духот на православието, каде што секој треба да му прости секому, по завршувањето на изборите, реално е да очекуваме тоа да го сторат и сегашниве „крвни“ политички непријатели од десницата. Се разбира, за доброто на Македонија и за нејзините граѓани. Се надевам дека ова не е само моја пуста желба, а цената која некој ќе треба да ја плати за да остане, или пак да дојде на власт, е најмалку важна во оваа ситуација. Важни се Македонија и Македонците...

# МАКЕДОНСКИ ПОЛИТИЧКИ НОСТРАДАМУС ИЛИ НЕШТО ПОВЕЌЕ?

ВР-04.06.2011

Поради сѐ позачестените изјави на српскиот министер за внатрешни работи Ивица Дачиќ за поделба на Косово, оваа недела ќе се обидам да ги потсетам моите читатели и јавноста за она што го напишав во колумната објавена во весникот „Шпиц" на 26.02.2008 година, насловена како Русија–Србија–Косово, што понатаму? За истата таа колумна добив многу позитивни коментари и беше цитирана во неколку странски дневни весници. Меѓутоа, исто така добив и критики од некои посрбени Македонци, кои во тој момент сакаа да бидат поголеми Срби од самите Срби. Критика од оние кои од „патриотската идеолошка" заслепеност не ги видоа „дрвата во шумата". Што да се прави, тоа е одроденото Македонче!? Но, да ги оставиме нив настрана (бидејќи такви ги имало и ќе ги има пак во иднина, но, за среќа, во помал број) и внимателно да го проследиме подолу напишаниот текст пред три и пол години:

„По поминати нешто повеќе од една година од унилатералното прогласување на независноста на Косово, но со претходна консултација и одборување за прогласување на Декларацијата за независност, пред сѐ од САД и од неколку европски велесили, неминовно се поставува прашањето како и кои чекори во иднина ќе ги презема Косово, новата реалност на Балканот. На сите оние кои ја следеа целокупната ситуација и кои малку ја разбираат политиката на големите сили, одамна им беше многу јасно дека приклонувањето и повикувањето на Србија (во тие денови), за и кон Русија е држење како слеп за стап, или како давеник за сламка, и беше повторување по којзнае кој пат на приказната од минатото. Имено, се повтори народната 'Се тресеше гората, се роди глушец'. Се случи предвидливото (барем за мене) сценарио дека преку Косово, Русија настојува да ги зајакне своето влијание и улогата во светот. Историјата покажува дека играњето на руска карта е исто како и играње руски рулет. Словените не успеал да ги обедини ниту комунизмот, ниту пак панславизмот. Случувањата на овие балкански простори големата Русија секогаш ги користела за да ја игра својата глобална игра, односно таа влечела и влече потези во насока на враќање на позицијата на велесила, како и да обезбеди нова глобална прераспределба на моќта и да биде активен фактор во решавањето на меѓународните спорови.

Српскиот мит за 'мајка Русија' нема никакви историски димензии на српско-руските односи. Примери на руското напуштање на Србија се познати во историјата. Да се потсетиме само на 1908 година кога Австро-Унгарија ја анектира Босна и Херцеговина, а во Белград сите ја повикуваа Русија. Тогаш Русија се приклони кон играта на големите сили, а Србија и Србите тоа многу доцна го сфатија. Во 1992 година Русија ги призна Хрватска и Словенија, иако се декларираше против распаѓањето на Југославија, исто како што тоа го артикулираа Србија и Црна Гора. Освојувањето на Приштинскиот аеродром од страна на руските трупи стационирани во Босна за време на нападите на НАТО алијансата на Југославија, како и брзото нивно повлекување, се само уште еден доказ дека во оној момент кога Русите ќе си ги остварат своите планови – тие го вртат својот грб. Добро информираните аналитичари велат дека тој момент за Борис Елцин и за Русија во игра биле 4,4 милијарди американски долари неповратна помош. Србите никако да сфатат дека Русија нив ги набљудува како дел од картата на своите интереси.

Но, од друга страна, мене навистина ме зачудува и истовремено ми е жал за српскиот народ, кој никако да ја сфати политиката на свршен чин и реалноста, како и мислењето на мнозинството, и упорно им верува на одамна истрошените српски квази-политички елити. Тие никако да сфатат дека она што се случи минатата година, во иднина ќе доведе до модификација на и без тоа лабавиот став на Русија кон Косово. Српскиот на-

род заборава дека интересите на Русија и на САД значително ги надминуваат проблемите кои ги делат, ги надминуваат спорните меѓусебни прашања, така што во блиска иднина, судејќи по сѐ, заедничките интереси ќе ги надвладеат нивните разлики. Русија сѐ уште е далеку од каква било долгорочна сериозна политика и стратегија кон Балканот, иако историски, политички, духовно и културно со векови била присутна на Балканот и има богата традиција во односите со балканските народи и сосема е природно денес со нив да има тесни врски. Зборовите на Владимир Путин во јуни 2001 година: '...својата политика за балканскиот правец, Русија ги вклопува во заедничкиот контекст за создавање стабилен демократски систем на заедничка европска безбедност...', по сѐ изгледа останаа во историјата и беа за еднократна употреба.

Но, да се вратам на Косово и на неговата иднина, која ќе биде и понатаму актуелна и во наредните 15–20 години. Србија и Србите, со оглед на доминацијата на српското население на југот на Србија, како и етнички чистиот северен дел на Митровица, ќе успее да си го задржи тој дел, сѐ до границата со Црна Гора кај местото наречено Рибариќи и таа територија ќе им користи како силен адут во идното преговарање и евентуалната компензација за Република Српска. На ваков начин, сакала или не сакала светската заедница, ќе се создадат етнички чисти територии и ќе имаме практично поделено Косово.

И покрај претходно погоре констатираното, единствено сум сигурен дека Русија ќе опстои на непризнавањето на Косово и на несогласувањето Косово да стане членка на ООН. И тука можеби е најголемиот проблем за балканскиот простор. Според мое длабоко убедување, сценариото би изгледало вака. Еден поголем број држави во Европа и во светот веќе го признаа и во иднина ќе го признаат Косово. Но, сето тоа без дозвола од Советот за безбедност на ООН и без свое место (столче) во ООН, сѐ повеќе ќе прилега на ситуацијата со Тајван. Во ситуација ниту на небо ниту на земја, која ќе трае најмалку десетина години, Косово ќе го повлече својот втор



потег, а тоа е донесување одлука за спојување со Република Албанија. И покрај големите, пред сѐ цивилизациски разлики меѓу нив, тоа нема да претставува пречка Косоварите да побараат спојување со Албанците од Албанија. Велам нема да биде пречка, зашто меѓу внатрешните борби за превласт, економските и социјалните проблеми на една страна, а на друга опасноста од нови насилства на Косово засновани врз религиозна основа, опасноста од дестабилизација на новата и кревка република, како и немањето статус во ООН и во ЕУ, тоа за нив би претставувале единствениот излез и опција.

Но, тука и не завршува зацртаното сценарио уште од времето на Призренската лига. Осоколени од спојувањето а повторно поддржани и со амин пред сѐ на големите европски држави и САД, тие ќе посегнат и по дел од Република Македонија. Ова е третиот историски чекор на Албанците и тука, за жал, е нашиот македонски крај. И покрај забрзаните мерки што во следните неколку години ќе ги преземат НАТО и ЕУ во однос на Србија како компензација за јавното кршење на меѓународното право и мешањето во внатрешните работи на Србија, Србите повторно ќе бидат соочени со едно друго слично сценарио, кое сега ќе им се случува на северот. Овојпат тоа ќе биде Војводина.

А ние? Каде сме ние, Македонците, тука? Станува сѐ појасно дека нашите политичари (мислам на оние кои се на власт) ниту имаат моќ, ниту знаење, а уште помалку волја да го решат нашиот проблем со нашето влегување во НАТО и во ЕУ. За нивниот ментален и интелектуален склоп се чини дека решавањето на овој горлив проблем во моментов е преголем залак, притоа заборавајќи дека тука ни е спасот од ова црно сценарио. Да поживееме па да видиме, а јас како Македонец би бил најсреќен кога сето ова погоре напишано никогаш не би се остварило!?"

Вака напишав пред три ипол години и – не згрешив. Се надевам дека читајќи го овој текст, верниот публикум ќе се сети и на моите колумни објавени во овој весник минатата

и предминатата сабота, а кои се однесуваа на распределбата на силите на утрешните предвремени избори. Вака говорев и во емисијата „Во центар“ на Васко Ефтов, пред речиси два месеца на истата тема. Знам, прилега на обид да се одигра ролјата на македонски политички Нострадамус, но целта е сосема спротивна – објективна, научна и стручна анализа на домашните, на балканските и на светските политички случувања. Впрочем, аршинот на времето, овојпат мерлив со помалку од 24 часа, ќе биде мојот суд. Досега, понекогаш и, за жал, моите политички предвидувања редовно ја здогледуваа светлината на денот...

## КАПАТА ДОЛУ ПРЕД МАЈСТОРОТ

ВР-18.06.2011

Резултатот од изборите беше очекуван, а сето останато е изненадување. Оваа навидум парадоксална реченица е најкраткиот коментар на штотуку завршените предвремени парламентарни избори. ВМРО-ДПМНЕ и Груевски се победници, така како што и се очекуваше, онака како што превидуваа најголемиот број предизборни анкети и мал број политички аналитичари. Предвремените избори поминаа транспарентно, конкурентно и беа добро спроведени, иако определени аспекти заслужуваат дополнително внимание. Такви се прелиминарните заклучоци на странските монитори на ОДИХР, на Парламентарното собрание на ОБСЕ и на Парламентарното собрание на Советот на Европа. Или, накратко речено, оцената на Европската комисија за изборите гласи: искажана е политичка зрелост и фер однесување од страна на политичките субјекти. Ова е повеќе од доволно за победниците. И тука паѓаат во вода сите сомневања за некакви си бугарски, дански, шангајски или други возови, за насилство, за уцена, за купување гласови и др. Демек, и да било – не било, не видовме. Оцената е супер позитивна и Груевски може мирно да спие.

До победата се стигна потешко отколку што се очекуваше и затоа владејачката Партија практично мораше да ги ангажира сите расположливи политички, човекови, материјални и медиумски ресурси, притоа повремено злоупотребувајќи ги над границата на добриот вкус. Да не се лажеме само, водената конструктивна кампања, на моменти со доминација на елементи на т.н. кампања на спротивставување каде што доминираше повеќе борбата „против“ отколку „за“, како и честопати присутните елементи на т.н. илузорна кампања полна со негативен полнеж, насочена кон разгорување на страстите и кон активирање на потсвесните пориви кои пак оперираат во доменот на афективната логика (каде што чувството му претходи на

разумот), овозможија Груевски да се добере до трет мандат, односно до шеста по ред последователна победа над СДСМ. Или, како што со спортски жаргон во својата минатонеделна колумна се изрази колегата Бучковски: ДПМНЕ играше за резултат, а СДСМ за публика.

Порастот на рејтингот на СДСМ не дојде озгора, од небо, туку е резултат, односно последица, на лошите и задоцнети потези на ДПМНЕ-овците. И доколку се задоцнеше со распишувањето на предвремените избори, резултатот сигурно немаше да биде ваков како што е денес. Народниците и обединетите од оваа гледна точка ми изгледаат како една смешна и предвреме исчитана, но сè уште несфатена приказна. Сигурни во себе, а не гледајќи и не чувствувајќи што им се случи внатре во Партијата на ден два пред изборите (петокот и саботата вечерта, иако наредбата беше дадена во понеделникот, на шест дена пред изборите) доживеаја политички мазохизам, или, поточно, политички суицид. Ова беше чист политички дилентантизам облечен во руба наречена „политичка доверба во блиските", кои ги продадоа своите партиски раководства за пет пари во рамките на ДПНЕ-овската (читај протуѓеровска) операција наречена „да се биде или не". Раководствата на народниците и на обединетите не успеаја да согледаат дека типовите кои се вртеа околу нив се луѓе кај кои доминираше биосот над етосот. Овие локални урбани и рурални типови, во отсуство на механизми и критериуми кои ги афирмираат вистинските вредности, лесно потпаднаа под силниот притисок и успеаја да ги реализираат своите еднократни цели и интереси. Така приближно стојат работите гледано однатре. Но, досега повеќепати се покажало дека надворешните политички фактори можат мошне лесно да ги нарушат домашните политички есапи, комбинации и комплексни интереси. Деновиве што се пред нас, во контекст на создавање на новата или старо-новата влада, ќе ни овозможат во целост да го видиме сјајот или бедата на овие странски фактори, од една страна, а од друга страна да се потврди погрешноста на операцијата опишана погоре во



текстот. Ќе испадне дека е помало зло да имате некој народник или обединет во Парламентот, отколку воопшто да ги немате. Некогаш поголемото, во иднина станува помало зло.

На сите досегашни избори бевме сведоци дека отсуството на политичко-културен образец кај политичарите, за последица имаше водење политика која наместо брзо и ефикасно решавање на најважните државни и економски прашања, имаше друг приоритет, а тоа беше свртеност кон себе, односно занимавање самите со себе. Меѓутоа, на овие избори културниот образец го видовме во една друга димензија, во една позитивна смисла, каде што тој претставуваше микс на желбата во иднина да се решат најважните горливи економски и други проблеми, себе(само)промоцијата и јакнење на личното его. По сè изгледа дека ваквата политика предизвика, и ќе предизвикува, сè повеќе симпатии и интересирање, бидејќи нејзините актери се трудат да бидат актуелни, интересени, посветени на работата, арогантни и сигурни во себе, притоа правејќи од јавната сцена политички циркус каде што претставата не е монотона и здодевна, туку, напротив, динамична, и затоа горе-долу има определен постојан број гледачи, т.е. гласачи.

Ова размислување нема да биде целосно доколку не се посвети малку внимание и на медиумите, кои на овие избори ги видовме премачкани со сите бои. Секој медиум во своја боја. Во едно демократско општество, медиумите треба да бидат транспарентни, толерантни, професионални, независни и неутрални и да избегнуваат да бидат пропагандна алатка на политичките партии. За жал, тоа не го видовме во деновите кои сега се зад нас. Но, да се разбереме, и да бидеме реални. Во суштина, секоја политичка сила која е доминантна во определен период, настојува информативниот и когнитивниот простор да го дефинира и преку него да ги профилира сите свои поими и сфаќања. И токму затоа тој тип интерпретација која му се нуди на граѓанството е во функција на нејзината политичка пропаганда. Целта е на овој начин да се овековечи вистината која се заговара, и затоа борбата за интерпретација на случу-

вањата е исто толку важна колку и борбата за доминирање на една од политичките опции. А тука, мораме да признаеме дека Груевски е доминантен и неприкосновен. И затоа, ако се навратиме на десетте принципи на Жак Сегал, ќе видиме дека на овие избори барем половината од нив се оствариja во практиката. Така, на пример, прво: се гласаше за идеја (визија), а не за идологија; второ: се гласаше за иднина, а не за минатото; трето: се гласаше за спектакл, а не за баналност; четврто: се гласаше за активност, а не за пасивност; и петто: се гласаше за победници, а не за лузери. Многумина како да заборавија дека Груевски е жилав борец со победнички менталитет кој гази сè пред себе и не остава ништо на случајноста...

Во неделата навечер сите го забележаа (полу)џентлменскиот гест (народот е во право и кога греши) со кој Бранко Црвенковски без дилема го призна поразот. Тоа изгледа „светски", но сепак се наметнува логичното прашање: Зошто мораше тој цинизам на крајот? Упатените честитки до победникот на овој начин, го засенија дотогаш неговиот супер настап на митинзите. Лично мислам дека Бранко никогаш и не бил во подобра форма за говорење, и покрај неколкуте намерни гафови. Психолозите велат дека цинизмот се јавува во ситуација кога вредностите на индивидуата не се во согласност, односно не се поклопуваат со важечките и општоприфатени вредности. Луѓето стануваат цинични кога се принудени да се однесуваат спротивно на сопствените лични вредности. Циници стануваат оние кои ќе поминат низ повеќе разочарувања во својот живот и во таква ситуација цинизмот станува еден вид одбрана од идните разочарувања. Немаше потреба од сето тоа, бидејќи во секојдневието на победникот му се простува сè, а губитниците вообичаено го плаќаат цехот и за тоа за коешто не се виновни. Овие избори Груевски ги плати неочекувано доста скапо, како во морална, така и во политичка смисла. А колку чини сето тоа, ќе се увериме во оној момент кога потенцијалниот албански коалиционен партнер ќе ја достави сметката за коалицирањето. Сега имаме ситуација кога врелиот компир во рацете



не може сам да се загризе, ниту пак да се испушти од раце. Но, честопати тоа е така во животот и во политиката. Ѓаволот секогаш доаѓа по своето, не кога треба – туку тогаш кога не се очекува. А сè дотогаш да ја симнеме капата долу пред мајсторот. Тоа требаше да го направи и Бранко.

**П.С.** Лидерите на партиите кои доживеаја дебакл, си поднесоа оставки. Браво за нивниот гест. Редно беше да видиме дека по дваесет години проработува совеста кај политичарите. Се очекуваше тоа да го стори и лидерот на народниците Марјан Додовски. Но, изгледа човекот не чувствува одговорност, и ќе се обиде вината да ја бара во другите. Тој можеби очекува орден за народен херој како заслуга за тоа што партијата ја доведе до ова дереџе!

# ЕВРОПА НА СКОПСКИОТ ПЛОШТАД

ВР-25.06.2011

## Не стивнува воодушевувањето по поставувањето на Војсководецот на Плоштадот

Сите оние кои редовно ги следат моите колумни, ќе се присетат дека уште пред повеќе од година и пол, на страниците на овој ист весник, го искажав својот позитивен став и својата поддршка за Проектот „Скопје 2014". Исто така, својот позитивен став го искажав и претходно во емисијата „Во центар" на Васко Ефтов. За таа своја изјава мислам дека овој познат новинар ми беше подолго време подналутен. Меѓутоа, откако Ефтов сфати дека се работи за соговорник кој е вљубеник во објективноста, лутината брзо му мина. Значи, сите оние кои добро ме познаваат, едногласни се во ставот дека сум професор и политички аналитичар кој не се плаши и не се срами да го каже своето мислење за сè што не е во согласност со моите лични ставови, колумнист кој не се двоуми да ги искритикува и своите сопартијци доколку не се согласува со нивните ставови. Меѓутоа, кога нешто е навистина добро, грешно и срамно е тоа да не се пофали и да се поддржи. Така е и со споменикот „Воинот на коњ" поставен на Централниот скопски плоштад, како дел од проектот „Скопје 2014".

Уште недофинализиран, споменикот предизвика бура од восхит и емоции кај најголемиот дел од граѓаните на нашата држава. Ќе има ли индиферентен Македонец во моментот кога ќе потече водата озгора и оздола, кога ќе се наредат коњаниците и лавовите отстрана, кога ќе прозвучи моќната композиција, кога ќе ја почувствуваме магијата на илуминацијата? Одговорно тврдам – НЕ. Дури и обидот за индолентност ќе изгледа несериозно. Се согласувам и со ставот на еден граѓанин кој присуствуваше на поставувањето на Воинот на постаментот, дека сè до тој момент можеби ќе има Македонци кои сè уште ќе се чувствуваат како „Македончиња", но оттогаш таквите ќе заминат во историјата. Оттогаш сите ќе бидеме Македонци со големо „М". Се виде дека уште на почетокот паднаа во вода сите искажани негативни зборови за овој проект, а кои беа исполнети со злоба. Денес неговите противници мора јавно да ја подвиткаат опашката и да се поклонат пред него...

Дали некој се сеќава што се случуваше при промоцијта на Проектот „Скопје 2014"? Доколку не се сеќавате, ќе ве потсетам дека неговата 3Д анимација оркестрираше безброј партиски напади по веќе виденото сценарио и ангажман на добро познатите артисти – ад хок здруженија на граѓани и невладини (читај партиски) организации. Сè што беше опозиционо се крена на нога. Дополнително, опозициските печатени и електронски медиуми ја зовриваа атмосферата со провоцирањето и реакцијата дури и кај позиционата партија на Албанците во Македонија. Жестокоста на нападите на овие опозициони ретроградни сили само дополнително ја подгреа горчината и во мојот желудник. Во тие моменти почувствував нагон за блуење. И блував. Останав вчудовиден дека некој повторно се обидува да нè убеди дека постојат македонски граѓани кои не сакаат да имаат град со убава архитектура и дека припадниците на етничките заедници во државата не сакаат објекти изградени во неокласичен стил, барок, дека не сакаат грандизони споменици и слично?! Тогаш се убедив дека постојат и, за жал, егзистираат живи егземплари кои сè уште се врзани за соц-реалистичкиот стил, за сивилото и студенилото на својот град?! Егземплари родени, но и со сила негатори.

Прашањето се наметна самото по себе: Зошто кај дел од опозиционите партии и закоравените соц-носталгичари се појавија толкав отпор и злоба, ако се знае дека последната изградба на Плоштадот датира од далечната 1914 година? Во Скопје по катастрофалниот земјотрес од 1963 година, благодарение на урбаната утопија на некои светски архитекти, беше направен најлошиот спој на традиционалното и современото, како во естетска така и во урбано-функционална смисла. За жал, овие големи архитекти не успеаја да ги почувствуваат

духот, историјата, културата и традицијата на македонскиот народ. Ако бидеме реални, ќе мораме да признаеме дека од нив такво нешто не се очекуваше. Со изнудената и избрзана градба, Скопје стана механички спој на монолитни населби, спој на одвоени и различни светови на етнички, конфесионален и културен план. Секако дека денес нема да се обидам да го барам виновникот што Скопје и по толку години прилега на започнат, а недовршен проект...

Сè до пред поставувањето на „Воинот на коњ“, Скопскиот плоштад може да се опише како голема и празна улица потоната во сопственото сивило и студенило. Тоа „беше“ широка улица на која беа поставени дваесетина канделабри и еден цветен круг, кој се користеше само за поставување на Новогодишната елка. Скопскиот плоштад беше недовршен, бессодржаен и непрепознатлив простор. Логично, ако ова е заклучокот за донеодамнешниот изглед на нашиот Плоштад, се наметнува и прашањето: Дали и понатаму требаше да остане таков? Спротивното – крајно време беше некој нешто и да преземе. И наместо да бидеме конструктивни, да укажеме на определени недостатоци (доколку воопшто ги има...), да дадеме свои предлози за надополнување на неговиот изглед, овој Проект  и импозантната скуплутура беа пречекани (за среќа кај минорен број граѓани) како „најголемото зло на XXI век“?! Човек да убиеше стотина луѓе ќе беше помалку виновен отколку иницијаторите, финансиерите и креаторите на проектот и на грандиозната скулптура. Навистина патетична е себичноста и кусото паметење на сите оние кои беа – против.

А зошто впрочем јас сум за „Воинот на коњ“ како дел од проектот „Скопје 2014“? Од едноставна причина што мислам и тврдам дека тој ќе му даде нов дух на градот и ќе имаме облагороден простор. Скопје доби светски позната атракција, магнет за секој добронамерен минувач. Повеќе од  јасно е дека Александар Македонски на моќните плеќи на Букефал значи пополнување на една историска и урбанистичка празнина, а, од друга страна, гледано од аспект на  туризмот и културата, Скопје дефинитивно се излекува од комплексот наречен „Европа“. Европа сега е на Градскиот плоштад.



И, на крајот, еден добронамерен совет за противници на идејата за поубаво Скопје – наместо од бес, завист и лутина да ви запенуваат устите од бесмислените и злобни критики, наместо да го девалвирате трудот на авторите и на финансиерите на Проектот, Ве молам, обидете се со позитивен пристап да се вклучите со свои идеи за уште поубаво Скопје. Генерациите ќе ви бидат благодарни.

# НАУЧЕН ГЕОНЦИД

ВР-01.07.2011

Многупати досега сум пишувал за состојбите во образованието, меѓутоа првпат сега јавно се обраќам лично до министерот за образование (сеедно дали е стариот или новиот или староновиот), ректорите на универзитетите и деканите на факултетите. До кога, Господа посочени, ќе го толерирате образовното елдорадо кое ни се случува? Ќе имате ли конечно малку храброст и доблест да ставите крај на сѐ поналудничавата трка зо добивање магистерски и докторски титули?! На ваков начин и со ваков однос само ќе го забрзате образовниот и научен геноцид кој чука на голема врата на овие простори. Ако се продолжи со ова исто темпо, за неколку години ќе бидеме држава со најмногу магистри и доктори на науки. По сѐ изгледа дека некој пресметал оти со квантитетот ќе се роди и квалитет. Е, тука длабоко се излажале, затоа што сите ние во блиска иднина ќе се срамиме од овие „силни и учени" магистри и доктори на науки. А за волја на вистината, и денес се срамиме од еден добар дел од нив кои, за жал, седат и егзистираат тука, покрај нас. Господа погоре посочени, претпоставувам знаете дека молчењето не ве ослободува од одговорноста, туку на тој начин станувате соучесници во овој процес, за кој кога тогаш ќе мора да понесете одговорност.

Можеби овој жесток вовед немаше да го напишам доколку претходните пишувања за квалитетот на наставниот кадар во високото образование имаа позитивен ефект. За жал, ништо не се промени и работите не се мрднаа од мртва точка. Високото образование стана место каде што секој може да стапне, да ја стави својата нога и безгрижно да чекори до крајот на својот живот. И ден-денес се срамам за вистинската приказната која сѐ уште кружи меѓу студентите за професорот кој своето образование го стекнал на универзитет во една соседна држава, во пакет со неговиот газда на универзитет, во кој сега



работи. На новиот доктор на науки уште на старт му доделуваат, ни помалку ни повеќе, „само два" предмета за предавање и човеков прави генијален потег – првата и втората година студенти кои треба да ги слушаат предметите што ги предава, ги собира во исто време и во иста училница, онака топтан. Тазето „преподавател" (професор на бугарски, од каде дипломата – оттаму и називот) на стартот им се обраќа на студентите со зборовите: „Сега ќе предавам 15 минути на првата година, а вие од втора ќе молчите и ќе слушате, а потоа обратно – ќе молчите вие од прва, а ќе слушаат тие од втора година". Виделе студентите со кого си имаат работа и почнале да се мајтапат со него. Навреден од мајтапењето, „преподавателот" им се обраќа со зборовите: „Е, сега сум ви скаран и не ви зборувам до крајот на часот". И така ,кутриот, до крајот на часот седел на катедрата и гледал во таванот. Или пак сетете се на приказната за еден постар професор, сега веќе пензионер, кој има навика да им ги чита(!?) предавањата на своите студенти. Прочитај страница и стави ја во десниот агол на катедрата. Но, денешниве деца се вистински ѓаволи и шегаџии и за време на паузата меѓу два часа, студентите му го враќаат веќе исчитаниот материјал ставен од десната страна, во непрочитаното купче на левата страна. И, кутриот професор, за време на вториот час повторно ги читал истите редови и страници. Тој чита, чита, а тие демек слушаат, па уште и го потпрашуваат. Божественa комедија, нема што! И така безброј други вистинити приказни за уникатноста на егземпларите наречени професори.

Ако на овие вистинити приказни некако и се навикнавме и речиси тие и не нѐ изненадуваат, кога еве ти нова приказна, во која главни актери се двајца млади доктори на науки кои решиле да ја играат улогата на ментори и еден скопски директор, кандидат за доктор на науки. По којзнае кој пат деновиве бев сведок на незнаењето на тазето доктори на науки, на докторите на науки со дипломи од блиското ни соседство (стекнати на сомнителен начин), на експериментите и на импровизацијата во областа која се нарекува високо образова-

ние. Дури сега сфаќам дека вината за неквалитетот и не треба да ја бараме кај кандидатите за магистри или докторанти, зашто сосема природно и логично е секој кандидат за магистер или докторант да сака што е можно полесно и побрзо да помине и да си ја заврши работата. И тука навистина не ја гледам вината. Меѓутоа, што правиме со сè понеспособните, недоучените, или пак со докторите на науки кои на соминетелн начин дошле до научно, но, за жал, и до наставно звање. Истите овие сега како „многу учени“ треба да подучуваат, односно да менторираат некој друг кој сака да стане магистер или доктор на науки. Замислете каква апсурдна ситуација имаме. На една страна се учените но недоучени доктори на науки, а на друга оние кои треба да бидат подучувани токму од учените а недоучени. Или пак видете ја и следнава ситуација: Имате доктор на науки кој не докторирал во нормална и легална процедура, а кој ќе треба некого да подучува за да стане доктор на науки!!! Е, што е многу – многу е, и затоа решив преку овој напис да ставам крај на сите овие случувања. И затоа МАНДАТАРОТ на новата Влада на Република Македонија, г-динот Никола Груевски, треба да има предвид дека КОНЕЧНО НЕКОЈ ТРЕБА НЕШТО ДА ПРЕЗЕМЕ во оваа област!

Досега многупати сум голтал и не сум реагирал на определени недоследности, за да не се добие впечаток дека барам влакна во јајцата, односно дека имам нешто против некого, или пак се правам многу учен. Меѓутоа, по она што се случи деновиве каде што бев сведок како моќта на кренатите два прста (но со наведната глава) е посилна од научните аргументи, решив сето тоа да го споделам јавно со сите Вас, надевајќи се на сериозна реакција од надлежните. Сè уште не ми е јасно како останатите колеги дозволувале и дозволуваат да поминуваат пријави, па дури и цели докторати со елементарно непознавање на работите, а пред сè на методологијата. Но, од друга страна си велам: Па како и нема да поминуваат, кога една третина од нив воопшто и не прочитале што материјали им се нудат на дневен ред, една третина не знаат ништо, а една



третина знаат ама молчат, зашто нивната основна филозофија е „што помалку бранување – толку помирно пловење“. Тука секоја чест на исклучоците, кои се малку на број и заедно не сме доволни. „И сега ова скопјанчишче дошло тука да им кажвит нешчо научно. Ајде бре, кај го има тоа! Ќе биде по нашки, онака локално!“ Аферим. Пред силата на двата прста и наведнатите глави, морав и јас да замолчам. А што да кажеш повеќе пред младиве полетарци, кога и онака ништо не разбираат, а старите не ги интересира! Сиротите колеги професори кои на претходната седница на Советот на последипломски студии едногласно се согласија дека една пријава не ги исполнува основните предуслови и треба да се врати на доработка, сега од солидарност и малодушност кон своите помлади колеги (пред сè кон продеканот), премолчуваат и гласаат сосема спротивно од она за кое гласале пред само два дена. Иако истата пријава не е променета ниту со една точка или буква. Бисерите внатре остануваат и натаму да сјаат со полн сјај. Замислете каква дрскост и безобразие. Пријавата за докторат мора да помине по која било цена, онака како што младиве докторчиња наумиле, иако по својата вредност е на многу пониско ниво од еден специјалистички труд. Зборот аналфабет(и) е премногу мек за да ја отслика вистинската слика за докторчињата кои учествувале, или пак помагале во нејзината изработка. Да биде трагедијата поголема, еден од учесниците во изработката на пријавата ме убедуваше дека сите недоследности и непознавањето на методолошко-теоретската рамка ќе ги елиминирале во финалната верзија на трудот. На крајот ќе сме имале најдобар докторски труд?! Замислете, греотчињата од ментори допрва ќе ја изучувале методологијата, а потоа ќе ја исправале кај кандидатот. Уште пострашно е што професорите кои предаваат методологија ниту збор не искажуваат за напишаните глупости и бисери. За да биде работата појасна, ќе цитирам еден дел од пријавата, каде што кандидатот и оние доктори на науки кои му помагале во изработката на пријавата напишале: „Од општите научни методи ќе бидат користени: методот на

теорија на составот." Да, да добро прочитавте: „методот на теорија на составот". Го ставам прстот на чело и си велам: Јове, кога твојот професор ја предавал оваа лекција, мора ти да си бил избеган од часот, во спротивно ќе се сетеше на овој метод. Арно ама не е така, за присуство секогаш сум имал петка. Па доаѓам до заклучок дека луѓето слушнале дека има некоја теорија која почнува на буквата с.., па мислеле дека тоа е состав. Па подобро и тоа отколку теорија на сестра, теорија на стрина, теорија на суицид, теорија на секс на здравиот разум, теорија на ссс – сезнаење. Браво(с) бре момци Македонци. Браво(с) момци генијалци. За овој нов „општ научен метод" генијалциве заслужуваат нивниот универзитет да ги прогласи за научни иноватори на децениjата и да им ја додели највисоката научна награда. Оваа награда треба да им овозможи на ваквите и слични генијалци докрај да ја искажат својата генијалност, па белки в година можеби и некои други ќе измислат и некој друг нов научен метод и некоја нова техника и инструмент на истражување. Трудот и генијалноста мора да се ценат во ова наше суицидно општество.

Но, шегата настрана, зашто работава не е за шега, туку за плачење. Јас го разбирам незнаењето на кандидатот за доктор на науки, меѓутоа не можам да ги разберам поддржувачите на ваквата неписмена пријава и искажаниот малограѓански солидаризам и малодушност на еден поголем дел од колегите. Ако кон ова го додадам и „На ти го, дај ми го" системот на формирање комисии за магистерски или докторски, на приказната и на бесмисленостите и ќе им нема крај, но за тоа во друга пригода. И затоа, колеги, молчете и понатаму и продолжете да кревате два прста, ама да знаете дека главата ќе ви паѓа сè подолу и подолу од срамот што си го нанесувате самите себеси и од геноцидот што го правите во науката и во образованието.

**П. С.** Верувам дека по овој напис ќе прекинеме со примена на досегашната народна изрека „Кучињата си лаат, а карванот си врви".

# БЕДНИЦИ И БЕЗДУШНИЦИ

Е-ВЕС-29.07.2011

Драги читатели, најнапред дозволете ми да ја изразам својата благодарност за добиената покана од редакторите на весникот „Изгреј зоро" да бидам соработник на овој весник, пишувајќи свои колумни и анализи за актуелните политички, и тоа не само македонски туку и светски случувања. Навистина жалам што на оваа моја прва средба со вас преку страниците на овој весник го изразувам својот став за едно прашање за кое ниту еден свесен и совесен Македонец, а најмалку пратеник во Македонското собрание, требаше да го третира на таков начин како што беше истретирано. Значи, веднаш да кажам дека се работи за автентичното толкување на Законот за амнестија, односно за Хашките случаи од 2001 година. И затоа токму во овој мој прв текст сакам да го изразам својот остар револт и огорченост против безгласните и безумни политичари, божемни „народни избраници", а впрочем однародени платеници, против политичарите желни за удобна фотеља кои под паравaнот наречен „големи политички цели" ни го урваат нашето достоинство и ја покажуваат својата бездушност и безумност. Сакам јавно да го изразам своето срамење од ваквите слепи послушници и бездушници, кои без трошка срам и емоции „гордо и немо" го дадоа својот глас „ЗА" за изгласување на автентичното толкување на член 1 од Законот за амнестија. Па оттука целиот текст е пишуван, пред сè, од аспект на човек и македонски патриот, а не од аспект на мојата професија, од причина што својот стручен став по однос на ова прашање го кажав прв во нашата држава во електронските и во пишаните средства за информирање.

Да се потсетиме дека собраниските 63 бедници и бездушници, пред сè тука мислам на припадниците на ВМРО-ДПМНЕ (ако може да се рече дека се припадници на оваа Партија и на нејзината идеологија), под изговорот дека се „со-

времени патриоти", пред неколку дена го изгласаа автентичното толкување на случаите „Водство на ОНА", „Непроштено", „Мавровски работници" и „Липковска брана", со што се стави крај (за мене привремен) на кривичните дела извршени во текот на конфликтот во 2001 година. Јас досега немам сретнато случај во кој било дел од светот каде што извршени кривични дела се затвораат (се бришат како да не постоеле) со политички договор. Тоа само во Македонија и со вакви политичари може да се случи. Со изгласувањето на автентичното толкување, собраниските однародени п(л)ратеници и нивните наредбодавци покажаа дека за нив нема ништо свето и на тој начин го допреа дното на моралот. Тоа беше класичен случај на парада на ВМРО-вскиот и македонски срам.

Од денот кога го притиснаа зеленото копче за автентичното толкување, постојано се прашувам: Имаше ли малку совест и човештина кај нив? Имаше ли во тој момент некој од нив, барем за момент, да се сети на Македонците врзани за столб и со експлозив кренати во воздух. Имаше ли човек кој во моментот на стискањето на зеленото копче не се сети за киднапираните, за живите запалени во Вејце, за злосторствата што ги направија џелатите? Па знаат ли тие стискачи на зеленото копче дека овие злосторства ни Господ не може да ги амнестира, а камоли некои однародени п(л)ратеници! Иако може да личи на вообичаена флоскула, сепак бидете сигурни дека сите тие ВМРО-вчиња на привремена работа во ВМРО-ДПМНЕ, ќе бидат запишани со црни букви во македонската историја исто како и нивните наредбодавци.

За секој нормален човек, сосема е нелогично и апсолутно несфатливо некој од името на некаковси лажен соживот, од името на привремен и привиден мир, да прифати коалиција, партнерство и другарување со киднапер, со убиец со умисла, со нечовек. Уште помалку некој некого да ослободува од одговорност, за што нема ниту правна ниту морална основа. Дали на наредбодавецот, на креаторот на одлуката за вакво автентично толкување и на слепите послушници п(л)ратеници, пред да заспијат, не им се вртат во мислите ликовите на луѓето со изгравирана кожа, ликовите на киднапираните убиени и влечени со трактор, на живите запалени и кренати во воздух луѓе. Ако досега не им се појавиле, нека бидат сигурни дека ќе им се појават во иднина и ќе ги прогонуваат во текот на целиот нивни живот. Наместо да поддржуваат нешто што е неподдржливо, на наредбодавецот и на извршителите на наредбата требаше да им проработат совеста, емоциите и човечноста при самата помисла дека треба да ослободат некој кој се однесувал како ѕвер. По сè изгледа дека таа совест (се рабира, доколку некој и малку ја имал), остана длабоко закопана во нивната душа.

Дури и она гревче Тарчуловски беше ставен во игра. Замислете, човекот кој заради тие кои ги направија овие злосторства денес лежи 15 години во европските зандани, му се „обраќа" на премиерот Никола Груевски и му „порачува" дека Хашките случаи треба да се заборават и земјата да продолжи да оди напред. Кое напред, Јохане? Каде напред Јохане? Што се случи со тебе? Наместо против амнестија, ти зборуваш за амнезија, Јохане!!! Меѓутоа, без разлика на неговата амнезија, нему и на неговите мора да им стане јасно дека тој беше употребен како крпа за да ја избришат својата нечиста совест неговите нови „соборци". Во тој контекст, нешто слично напиша и Никола Младенов во последниот број на Фокус –„Јохан е сурово понижен од пропагандистите на Груевски, кои на безочен начин го вклучуваат и него во одбрана на неодбранливото. Тој е последниот човек од кој треба да се очекува благослов за амнестијата".

На крајот, како резиме на сето ова би сакал да прашам: Дали со направениот политички компромис и гнасната и нечовечка политичка трговија (бришење злосторство заради удобна власт), трговците-политичари се сигурни дека власта и удобното седење на функционерска фотелја ќе потрае и наредните четири години? Дали вредеше потребата за владеење да се трампа со нешто што не смееше да се трампа? Дали на овој начин политичките трговци сметаат дека ќе се подобри меѓу-

етничкиот соживот? И уште многу други „дали“. Ја сум сигурен дека од ова што е набројано – ништо не е сигурно. Па, ако е така и ако со тоа се согласуваат најголемиот број македонски граѓани (барем од она што го слушав на емисиите кои ги вклучуваат граѓаните во живо со свои коментари за овој случај), тогаш зошто имаше потреба од трговија за сметка на оние несреќни луѓе чии животи бездушно беа одземени? Зар позициите и фотелјите беа поважни од одредбите на меѓународното право? Правдата е бавна, ама секогаш излегува на површина. Што би рекол премиерот Груевски: „Вистината е како шило, в'рти, в'рти па ќе излезе на виделина“.

ДН-09.08.2011

## 10 години
# РАМКОВЕН (НЕ)УСПЕХ

Во пресрет на одбележувањето на десетгодишнината од потпишувањето на Охридскиот договор, кога на сите страни и со фанфари ќе се прават обиди на јавноста да ѝ се претставаат успесите кои ги постигна меѓународниот фактор (читај: пред сè Американците, според признанието на Пол Волерс), редно е јавноста да прочита и слушне и други размислувања и ставови кои од стручен и емпириски аспект не гледаат така розово на сите овие поминати години. Најнапред да се потсетиме дека основна цел на Охридскиот рамковен договор во прв план беше запирање на вооружениот конфликт и отфрлање на насилството како средство за остварување политички цели. На ова автоматски и логично се надоврза потребата од промовирање на мирниот и хармоничен развој на граѓанското општество за зачувување и остварување на демократијата, како и за почитување на етничкиот идентитет и интересите на сите македонски граѓани. Значи, со овој договор се прекинаа сите непријателства, се наложи развој на децентрализирана власт, почитување на принципот на недискриминација и правична застапеност, обезбедување посебни собраниски процедури, промени во системот на образованието од највисокото до најниското ниво, како и создавање услови за употреба на јазиците на заедниците и за изразување на нивниот идентитет. Кога говориме за основните принципи на Охридскиот договор, нив ги согледуваме преку заложбите на странскиот фактор за неповредливост на суверенитетот, на територијалниот интегритет и на унитарниот карактер на Република Македонија, како и за стимулирање на демократската партиципација на граѓаните, со која преку процесот на децентрализација и развој на локалната самоуправа се дојде до унапредување и до почитување на идентитетот на сите етнички заедници, при што посебно требаше да дојде до израз мултиетничкиот карактер на нашава држава.

И по поминати десет години од потпишувањето на Рамковниот договор, денес слободно можеме да кажеме дека тој во голема мера ги исполни своите генерални цели и принципи, меѓутоа, од друга страна, се поставува прашањето дали тој е така успешен како што се обидуваат да го претставаат дел од македонските политичари и лидерите на албанските партии. Денес сè повеќе сум убеден дека постои тенденција за глорифицирање на овој Договор, и тоа повеќе од страна на албанските партии во кои предничи ДУИ, која не учествуваше во неговото потпишување, но беше причина за неговото донесување. И затоа со право се поставува прашањето: Дали тој е подеднакво успешен за сите етнички заедници во нашава држава онака како што беа првичните негови заложби? Одговорот на ова прашање ќе се обидам да го дадам низ текстот подолу, надевајќи се дека објективниот и стручен пристап ќе овозможи уочените негативности да бидат коригирани во наредниот период, се разбира доколку веќе не е доцна.

Наведениве факти и аргументи во овој текст, се надевам, ќе фрлат нова светлина врз примената на Охридскиот договор токму на неговата десетгодишнина. Најнапред, сакале да признаеме или не, сепак мора да се согласиме дека на Охридскиот рамковен договор мора да се гледа како на договор со кој се даде одговор и се излезе во пресрет на „незадоволството“ на албанското население (каде што борбата за територија на мошне чуден начин се претвори во борба за права), но, во исто време, се забрза и трансформацијата на Македонија од национална во двонационална држава, наместо зацртаната и во Уставот декларирана мултиетничност. Или, што би рекле некои странски научни работници кои ја следат состојбата со имплементацијата на договорот: „Охридскиот рамковен договор ја трансформира Р Македонија од национална држава со неформално голема коалиција, во држава која стои заглавена меѓу тоа да биде национална држава, граѓанска или двонационална држава со формална структура на поделба на власта“.



Да го освежиме сеќавањето и да видиме од каде доаѓа сето ова? Најнапред, мораме да бидеме реални и да признаеме дека влијанието на Охридскиот рамковен договор во поглед на поделба на власта е доста ограничено и неформално. Ниту Охридскиот договор, па ниту уставните амандмани, не предвидуваат задолжително и автоматско вклучување на албанските партии во извршната власт. Исто така, никаде во теориите за поделба на власта не можете да најдете принцип, или некое начело, според кои најбројната партија на секоја заедница (во случајов, најголемата) би требало да биде вклучена во извршната власт. Значи, да се разбереме, за разлика од Дејтонскиот договор и случајот со Босна и Херцеговина, каде што поделбата на власта меѓу доминантните заедници е пропишана со Устав, тоа не е случај со Р Македонија. Меѓутоа, ако го имаме предвид начинот на кој беше променета државата по вооружениот конфликт во 2001-та, како и дотогашниот начин на практикување на власта (со задолжително учество на албанска партија во извршната власт), сето ова упатува на тоа дека невклучувањето на некоја од партиите на албанската заедница може да ги доведе во прашање легитимитетот и ефективноста на извршната власт!? Притоа, тука кога ја спомнувам легитимноста, воопшто не мислам дека таа зависи од потребата за создавање на Бадинтеровото мнозинство воведено со уставните амандмани од причина што и досега коалициите кои опстојуваа не беа доволен и сериозен гарант дека тоа мнозинство ќе се оствари автоматски за сите случаи каде што тоа го побарува Уставот. Значи, за секое прашање за кое требаше да се решава со Бадинтеровото мнозинство, тоа мнозинство никогаш не беше однапред обезбедено, туку секогаш се реализираше и се обезбедуваше од случај до случај, од интерес до интерес, преку дневнополитички пазарења. Од друга страна, со селективниот начин (најмногу во корист и за сметка на албанската етничка заедница) на имплементација на Охридскиот договор, албанската заедница се издигна до степен на втор (квази)конститутивент на државата, поради тоа што не само Македонците, туку и

странците сѐ повеќе се согласуваат и ја опишуваат Македонија како бинационална држава.

Дополнителен аргумент за бинационалноста е постоењето на Комитетот за односи меѓу заедниците, поточно неговиот состав (19 члена), каде што имаме паритетна застапеност на Македонците и на Албанците (по 7 члена), а останатите етнички заедници (Србите, Ромите, Власите, Турците и Бошњаците) се застапени со по еден член. Ова секако дека отстапува од концептот на консоцијалната демократија, но и од мултиетничкиот карактер на државата и сето тоа води до чувство на бинационално македонско-албанско донесување одлуки.

Кога сме кај поделба на власта, вредно е да споменам дека во Република Македонија со Охридскиот договор имаме неформален вид на поделба на власта меѓу Македонците и Албанците. Оваа неформалност, од една страна, нуди голема флексибилност во преговорите и во формирањето коалиции меѓу македонските и албанските политички партии за учество во извршната власт, но од друга страна не овозможува поголема заштита за помалкбројните заедници и го оневозможува, го отежнува или пак го маргинализира вклучувањето на помалите етнички заедници, кои секогаш имаат второстепена улога и само инцидентно се вклучуваат при донесувањето на важни одлуки.

Со потпишувањето на Охридскиот договор и со употребата на референцијата етнички заедници во Преамбулата на Уставот, како и со останатите предложени решенија, дефинитивно дојде до разградување на односот мнозинство–малцинство и на голема врата се воведоа повеќе елементи на косоцијалната демократија (според мене, се работи за оптималистички консоцијален систем на демократија, кој е доста блиску до максималистичкиот), каде што во најголем дел во практиката се реализираат основните елементи на овој тип демократија, како, на пример: пропорционалната застапеност, меѓусебното вето, големата коалиција на релевантните политички партии, високиот степен на автономија на секоја заедница. Исто така, кон ова треба да ги додадеме и малата територија (25.713 $km^2$), малобројното население (2 022 457 жители), практикувањето на пропорционалниот изборен систем, повеќепартизмот, високиот степен на социјално-економска еднаквост на сегментите на коалицијата, високиот степен на децентрализација, како и постоењето на пишан устав, каде што се загарантирани индивидуалните и колективните права на заедниците.



Меѓутоа, се запрашал ли некој дека овој тип демократија има и негативни елементи? Практикувањето на консоцијалната демократија, во голем број држави во светот кои се поделени по етничка основа, покажа дека тој носи голем ризик од зголемување на етничката поделба, од причина што самата етничка припадност ја претвора во главен, односно во доминантен елемент за идентификација кој доведува до влошување, а не до подобрување на меѓуетничките односи. Жално е што со Охридскиот рамковен договор не се постигна еден конвенционален систем на поделба на власта, а причината треба да ја бараме во фактот што за сметка на консоцијалниот пристап, недостигаат некои аспекти од други системи за поделба на власта, како, на пример, поттикнувачкиот пристап, или т.н. центрипетален систем за поделба на власта, кој пак ги протежира дисперзијата и деволуцијата на власт, зајакнувањето на соработката меѓу заедниците преку создавање и практикување исклучиво правни механизми и намалување на етничките разлики. Токму овој систем ја потенцира и ја налага потребата од создавање институционална динамика која спречува етнификација на политичкиот систем, иако, за волја на вистината, и тој вклучува ризик припадниците на етничките заедници да бидат само споредни учесници отстрана наместо да бидат вистински интегрирани. Во овој контекст, одговорно тврдам дека со решенијата во Охридскиот рамковен договор се овозможи етнификација на политиката. Ова можеби е главната причина за сѐ уште постојната (да не речам, бавнорастечка) дистанција меѓу заедниците врз кои постојано како Дамоклов меч висат политизацијата на етничката припадност, зголемената политичка моќ, пред сѐ, на албанската заедница, како и поларизираната

општествена клима, создадена како последица на вооружениот конфликт во 2001-та. Примерот со жителите на скопските села села Љубанци и Љуботен изгледа не им е доволен негативен пример на политичарите од овие простори.

Признале или непризнале, сепак Македонија и понатаму останува поделено општество, како според јазикот и религијата, така и по силното чувство за национален идентитет. Па оттука, делумниот неуспех на Охридскиот договор се однесува на неможноста цврсто да се зајакне комуникацијата и довербата меѓу двете најголеми заедници, иако првенствена негова слабост денес е зависноста на мирот, соживотот и иднината на овој народ и оваа држава од подготвеноста за компромис на политичките елити и од степенот на манифестација на нивните суети. Дополнителен проблем на македонските граѓани им нанесува и фактот што Охридскиот рамковен договор во овие 10 години во многу наврати се толкуваше политички онака какви што беа моменталниот интерес и дневно-политичките потреби на политичките фактори. И затоа, поради политичкото толкување, многу нови и воопшто непредвидени работи во рамката излегоа на површина. А сето тоа е резултат на добро смислената тактика на албанските политички партии, кои кога се на власт Договорот го толкуваат на еден начин (секогаш позитивно) и се задоволни од неговата имплементација, а кога се во опозиција – обратно и секогаш се незадоволни.

Денес, доколку се обидете на направите реална анкета за тоа која етничка заедница колку го поддржува Охридскиот договор, ќе се соочите со фактот дека тој многу повеќе е поддржан од страна на Албанците, за разлика од Македонците и останатите етнички заедници. На што се должи ваквата поддршка, односно неподдршка? Причината треба да ја бараме во ноторниот факт дека Албанците со Договорот успеаја да остварат повеќе индивудални и колективни права, статус и позиција кои се далеку над општоприфатените меѓународни стандарди и правила загарантирани со меѓународните документи и акти. Значи, имаме мошне видлива нерамнотежа меѓу правата доделени на албанската заедница и оние доделени на другите



етнички заедници. Ова секако дека е директна рефлексија и неправичен одраз на големата разлика во бројноста меѓу албанската заедница и останатите етнички заедници. Помалата поддршка на договорот од Македонците и од останатите етнички заедници, од една страна, се должи на начинот до кој е дојдено до потпишувањето на Договорот, како и на отстапките кои со самиот Договор ѝ беа направени на албанската заедница за сметка на останатите заедници, а, од друга страна, е постојаната загриженост кај сите нив заради неможноста за целосна контрола на еден дел од државата во кој е доминантна албанската заедница. Оваа фактичка состојба не може да ги избрише од свеста стравувањата за федерализација на државата, а понатаму и од сецесија на идната федерална единица.

Кога сме кај имплементацијата на Охридскиот договор, пред сè тука мислам на неговото селективно спроведување, зашто овие 10 години покажуваат дека учеството на припадниците на албанската етничка заедница во сите сфери на јавниот живот е зголемено, а во некои ресори дури и повеќе од реалната пропорционална застапеност, и тоа за сметка на останатите помали заедници. Притоа, за жал, како никаде во кој било дел на светот, доаѓа до израз квантитативната застапеност за сметка на квалитетот, при што главен приоритет имаат партиската припадност и лојалноста кон политичката елита која е на власт. Значи, настојувајќи да се реализира обврската од Охридскиот договор за пропорционална застапеност на припадниците на етничките задници во јавната администрација, и тоа во услови кога имате превработеност и јасна потреба од намалување на бројот на вработените службеници, се отиде во друга крајност. Вработувањата во јавната, тука пред сè мислам на вработувањата во државната администрација, се кршат меѓу правото и политиката, од причина што имаме класична колизија на уставните амандмани, Законот за државни службеници и огласите како норма. Правото да конкурираат за слободните места во администрацијата го имаат сите граѓани кои ги исполнуваат условите и критериумите во објавените огласи, но крајниот резултат е вработувања во администрацијата

според таа етничка припадност, а не според стручноста, компетентноста и искуството. Ова е класично кршење на правото на работа и на слободата на работа како основни економски слободи и права. Уште поголем проблем кај најголемиот дел од овие рамковни вработувања е фактот што тие, новovработени лица на кои не им се обезбедени елементарни услови за работа, седат дома и примаат плата.

И, на крајот, целосно се согласувам со ставот на најголемиот дел од моите сограѓани, кои велат дека најголемиот успех на Охридскиот рамковен договор го гледаат во запирањето и во смирувањето на вооружениот конфликт и на натамошните крвопролевања, како и во тоа што благодарение на меѓународната заедница ни се обезбеди каков-таков привиден соживот (барем вака како што стојат работите во моментов). Се согласувам во неговата „успешност", затоа што оние кои ги загрозија мирот и безбедноста во државата успеа да ги внесе во јавниот живот и сега да бидат најголеми Европејци и миротворци. Меѓутоа македонските и албанските политичари во нашава држава должат одговор на неколку прашања: зошто не прават сериозни напори да ги вратат во своите домови раселените Македонци и припадниците на другите етнички заедници, зошто не се регулираат правата на оние кои ја бранеа државата, зошто некои граѓани во оваа држава се граѓани од прв а другите од втор ред, зошто овозможуваат селективна примена на законите, односно зошто законите да се применуваат на една територија, а на друга не!! Зошто не се почитуваат симболите на државата (мошне проѕирно и срамно беше објаснувањето за непоставувањето на македноското знаме во Тетово на 2 Август, или пак неприсуството на политичарите Албанци на одбележувањето на празникот во Крушево, во Пелинце и пред споменикот на Методија Андонов Ченто на Скопскиот плоштад) и уште многу други прашања кои се резултат на „успешноста" на овој договор. Ако сето ова погорено наведно е доказ за „успешноста" на Охридскиот рамковен договор и ако тоа заслужува ваква помпезност, тогаш и јас ќе се придружам кон таа констатација, иако искрено не мислам дека е така.

# РЕТРОСЕКСУАЛЦИ

УТ-21.11.2011

Мажевноста повторно стапува на сцена и повторно е во мода. Ова го вели новинарот Дејвид Томас во неговата книга „Ретросексуалец: како да се биде вистински маж", која стана хит на Западот. Во неа тој ги открива мачо-деталите кои ги одликуваат денешните мажи и кои повторно се враќаат на сцената. Се чини дека денес сите жени ги посакуваат овие мажи со нескриена желба. Изразот ретросексуалец првпат бил употребен во 2003 година од страна на британскиот новинар Марк Симпсон, со кој тој се обидел во сосема кратки црти да го окарактеризира „класичниот маж".

Денес мажите ретросексуалци насекаде во светот ги потиснуваат метросексуалците, кои одамна заминаа во историјата. Јас сум сигурен дека по овој напис тоа ќе се случи и во нашава држава, иако, за волја на вистината, македонските мажи во повеќе од 70% од вкупната машка популација фактички и досега беа ретросексуалци, само што се срамеа тоа јавно да го кажат. За да им стане појасно на сите, ќе се обидам да објаснам (со мои и со зборови на авторот) што е тоа ретросексуалец и како лесно ќе го препознаете кога некој таков маж ќе помине покрај вас на овие простори. Едноставно речено, тој е вистински маж, а дали е тоа така – уверете се во следниве аргументи.

Во минатото мажите едноставно беа мажи, пардон мажишта. Меѓутоа, со развојот и со силниот пробив на феминизмот, мажите такви какви што беа (со сите свои пред сѐ физички, па и умствени карактеристики), од страна на приврзаниците на феминизмот беа окарактеризирани како „шовинистички свињи" кои не поминуваат доволно време во кујната при миењето садови, не готват ручеци и вечери, не ги преслекуваат бебињата кога ќе се покакаат, не ги чуваат децата кога нивните жени до доцна во ноќта некаде пијат кафе со своите „другарки и другари" од училишните денови, како и со коле-

гите од работа. Потоа дојде времето на т.н. метросексуалци, односно на убаво негуваните „свилени" мажи. Некои ги нарекуваа феминизирани мажи. За среќа, тоа траеше кратко, иако на почетокот тој тип мажи им се допаднаа на жените. Помалку од една деценија беше доволно време да се согледа дека на овие типови им недостасува малку повеќе тестостерон и дека тие мажи, криејќи се во домашната бања, ги трошат кремите на своите сопруги, нанесувајќи ги на сите делови од своето тело. Ретросексуалецот во домашната бања не зазема повеќе полици за своите парфеми и креми од жена му, а таа тоа посебно го цени, бидејќи ниту една жена не сака маж кој има повеќе козметички производи од неае во заедничката бања. Напротив, жените ги сакаат оние мажи кои откако ќе се истушираат и ќе се избричат, веднаш се подготвени да излезат од дома. На ретросексуалецот фенот не му е потребен, доволни се само неколку протривања со пешкирот и косата му е сува. И затоа жените почнале да жалат и да патат за вистинскиот и цврст маж во секој поглед.

Каков човек е ретросексуалецот? Дејвид Томас вели дека тој е храбар исто како и Индијана Џонс, доволно силен како Попај Морнарот кој без посебен напор ги отвора конзервите и знае да удира, брз на пиштол (или на рака, ако треба) како Вајат Ерп. Ако се бара типичен пример на ретросексуалец во денешниов свет, од познатите артисти – ретросексуалци би биле Расел Кроу, Винс Вон, Хју Лори (алијас д-р Хаус), или пак нешто помалку суровиот Хју Џекмен. Според авторот Дејвид Томас, средениот Дејвид Бекам одамна е минато и заминува во историјата. Кога Дејвид Томас во својата книга го опишува ретросексуалецот, тој вели дека се работи за маж кој не е оптоварен со диета, не е вегетаријанец, не е докрај издепилиран, односно издепилиран е или потстрижан е со ножици само по некои делови од телото. Тоа е човек кој слабо ги покажува своите емоции, не е оптоварен каква марка чевли носи, каков часовник има на раката (најчесто на десната), дали фризурата и костумот му се уредни... и др. Единственото нешто за кое се грижи се сексот, пивото и фудбалот, а на овие простори и за по



некој бунар (вино-тоник-овошје-кисела вода). Овие последниве четири работи треба да ги има во изобилие, во доволни количества.

Ретросексуалецот е човек кој се консултира со пријателите за сѐ и сешто, а кога некој му дава совет – тогаш тој само кима со главата божем слуша. Добронамерниот совет од пријателите од едното уво му влегува, а од другото експресно му излегува. Најмалку се интересира за фенг-шуи и за предвидувањата во дневниот и неделниот хороскоп, Него не го интересира кој хороскопски знак сте кога треба да реши за нешто, кога треба да се договори со некого, кога треба да купи нешто од некого. Ретросексуалецот мисли со своја глава, има доволно силни раце кои во секој момент можат да отворат тапа на шише вино, со првата виљушка од приборот за јадење ја отвора тапата на пивото. Секако дека се работи и за човек кој како добар кавалер може да понесе и неколку куфери одеднаш со своите две раце. Ретросексуалецот плаќа кеш, а ретко со кредитни картички. Најсигурен е кога купчето пари му е в џеб. Тој ја плаќа сметката в ресторан дури и кога некоја жена ќе се понуди тоа да го стори таа. Тој е човек кој кога ќе види бремена жена веднаш ѝ ја отвара вратата и ѝ помага. В аутобус станува за да седнат жените и постарите, и се гордее со тоа. Тоа е дел од неговата култура.

Кога станува збор за храната, и Марк Симпсон и Дејвид Томас се согласни дека ретросексуалецот не е многу пребирлив и не пребарува премногу. Тој обично не готви во кујната, особено не во работните денови, но затоа во текот на викендот сака да приготви скара, која честопати ја прегорува. Ниту една жена не може да се постави меѓу него и телевизорот кога има некој спортски натпревар, но исто така ниту за една жена (за нејзина љубов) нема да појде в кино и да гледа некој филм од типот на „Сексот и градот", или „Кога лисјата паѓаат". Ретросексуалецот е вљубен во колите, ама не сака тие секогаш да бидат супер чисти, измиени и светнати. Кога е на пат, никогаш не прашува каде треба да заврти, бидејќи тој секогаш го знае вистинскиот пат, или пак барем не признава дека овојпат можеби ја згрешил насоката. Тој нема најдобри пријатели, туку

другари, а гушкањето, солзите и бакнувањата се прифатливи единствено ако и двајцата се безнадежно алхоколозирани.

Домот на ретросексуалецот е сосема обичен, каде што не е важен изгледот на столовите, на завесите, на кујната, креветот, добри плочки во бањата и др. Нема анимозитет кон плазма или ЛЦД телевизорите, или пак кон добар ДВД рикордер, но и современ сараунд музички систем. Сепак Дејвид Томас вели дека ретросексуалецот умее да ги следи стиловите при уредувањето на станот. Така, на пример, оној ретросексуалец кој се приклонува кон минимализам во станот, има само ТВ, кревет, фрижидер (се разбира, полн со пиво), а најголем дел од гардеробата ќе му биде распослана на подот, за да не ја пегла секој ден. Оној ретросексуалец пак кој сака модернизам, ќе го опреми станот на ист начин, модерно, со современи технички апарати за домаќинство и со моќни аудио и видео системи.

И, на крајот. Ретросекуалецот е храбар и практичен човек, со натпреварувачки дух и човек кој знае да мајсторисува по куќата. Знае во секој момент да ја поправи и да ја замени прегорената светилка и да го отстрани секој помал дефект со свои раце, без разлика дали тоа е дефект на водоводната мрежа или пак откачена врата на плакарот во спалната соба. Знае да молерисува и да лепи тапети, но сепак кога ќе дојде време за тоа, тој ги повикува вистинските мајстори. Ретросексуалецот е добро граден и не е оптоварен со одење во сали за вежбање, со гардеробата која ја носи, со строста и белите влакна на косата и со брчките на лицето. За него тоа е нормална работа. Честопати е облечен онака кежуал и во споредба со метросексуалецот изгледа малку запуштено. Не ги депилира градите и не ги бричи влакната под пазувите, туку ги потстрижува. Не носи накит, освен ако во тоа не се вбројува добар часовник, не си ги кубе веѓите со пинцета за да бидат како под конец, а за влакната во носот и ушите задолжен е неговиот маалски бербер кога оди да се потстрижува. Тој честопати е недочешлан и носи брада по неколку дена. За жал, ретросексуалецот има пивски стомак, но никој не е совршен, нели!

## ВМРО-ДПМНЕ партија или движење?

ДН-21.01.2012

Во современото општество, во политичката сфера, покрај државата како најзначајна институција, дејствуваат и политичките партии како исклучително значаен инструмент во остварувањето на потребите и на интересите на одделните социјални општествени групи. Тие се производ на поновата историја и се израз на конкурентските политички интереси и судири кои настануваат меѓу општествените групи. Денес, политичките партии се универзални актери во политичкиот живот на современото општество. Сместени меѓу народот и државата, партиите настанале и останале составен дел на функционирањето на модерните политички системи.

Во современите политички партии, организационата структура е поставена на вертикален и на хоризонтален план. На хоризонтален план, современите политички партии создаваат помошни организациони структури кои може да бидат дел од нивната целосна партиска организација, или формално да бидат независни. Тоа се институции кои гравитирааат кон нив, ги обединуваат симпатизерите, ги привлекуваат привржаниците, и тоа најчесто се: разни општетствени или политички движења, организации на младите, женските организации, спортски сојузи, културни институции и др. Токму овој, хоризонталниот начин на организација, ме натера да направам една стручна анализа и да одговорам на прашањето кое ме преокупира последнава година, а тоа е: Дали ВМРО-ДПМНЕ од политичка партија се претвори во движење?

Факт е дека ДПМНЕ ги има сите обележја на политичка партија, но сепак начинот на кој дејствува во последниве неколку години се чини дека постепено, но сигурно, се претвора во движење. Навистина ми беше доста тешко и самиот да поверувам во оваа констатација и во она што го гледам како начин на функционирање на ВМРО-ДПМНЕ, од причина што

најчесто од политички движења настанувале политички партии, а многу се малку случаите каде што партиите се трансформираат во движења. За волја на вистината, мора да признаеме дека изворното ВМРО-ДПМНЕ се изнедри од пазувите на Движењето за сѐмакедонска акција – МААК, а подоцна се регистрира како партија. Но, да ги видиме аргументите зошто не е добро (или, па,к е добро), политичка партија да прерасне во движење!

Најнапред, на стартот, да објаснам дека движењата се главни актери на промените во едно општество и се релативно модерен општествен феномен. Тие се сет мислења и верувања кај еден поголем дел од популацијата кој се стреми кон промена на некои елементи на политичката или социјалната структура во една држава. Движењата немаат развиена внатрешна организациона структура како политичките партии, туку извесен степен на организација и континуитет надвор од институционализираните канали на политичкото дејствување. За разлика од спонтаните масовни акции (востанија, бунтови, штрајкови), овие имаат определен степен на планирано дејствување поради општопризнатата и посакувана цел. Движењата, за разлика од интересните групи, се стремат кон остварување на значајни промени или кон зачувување на поредокот, освојување на власта, или пак нејзино што е можно подолго задржување. За разлика од политичките партии, дејствувањето на движењето произлегува од ставовите и аспирациите на членството кое дејствува внатре во една широка, но релативно лабава организациона рамка. Затоа, кога зборуваме за движење, побргу треба да се каже дека се работи за следбеници на една идеја, или за индивидуи лојални и подредени на авторитетот и вербата во едно пошироко прифатено лидерство.

Ако се обидете овие елементи да ги пронајдете кај сегашното ВМРО-ДПМНЕ и неговите коалициони партнери, мислам дека тоа воопшто нема да ви биде тешко. Значи, имате: желба за остварување на значајни промени дефинирана како „преродба“, а јас би рекол дека се работи за желбата за т.н. авторитарна модернизација на државата, која како легитимен модел со поголем или помал успех е веќе видена во последниве стотина и педесет години од историјата на светот, понатаму следи желбата за што е можно подолго задржување на власт (шест последователни победи над противникот), широка и релативно лабава (речиси никаква) организациона рамка на коалиционите партии на власт, како и мнозинство следбеници на идејата на ВМРО-вското раководство, како и индивидуи „лојални“ и подредени на авторитетот на засега широко прифатениот политички лидер Груевски.



На движењата се гледа како на континуиран и динамичен процес и нив ги обележува двостран однос: прво, кон противникот против кого се бори; и, второ, кон целта за која се бори. Токму поради ова се извлекуваат три битни обележја на движењата, а тоа се: 1) начелото на идентитет – од името на што се води борбата, или кои сме „ние“; 2) начелото на спротивност – против кого се води војната, или кои се „тие“; и 3) начелото на тоталитет – на чиј терен се води борбата, или каде се „бориме“. Кај првото обележје работата е мошне јасна: борбата се води од името на промените, а ние сме реформаторите; второ: борбата се води против левичарите, односно против транзиционите политичари; и трето: борбата се води на сите можни полиња и секаде треба да се биде победник.

Организацијата на едно движење, меѓу другото, вклучува и мобилизација на приврзаниците, неутрализирање на отпорот на јавноста, односно трансформација на јавноста во негов симпатизер. При мобилизацијата не се води сметка за идеологијата, бидејќи основна идеологија е да се приберат и да се придобијат речиси сите луѓе кои до вчера биле на спротивната страна, без разлика дали тие биле социјалдемократи, алтернативци, либерали, либерал-демократи, нови демократи или социјалисти. Впрочем, кај ДПМНЕ и нејзините коалициони партнери (како предизборни, така и постизборни) имате комбинација на леви, десни, центристички, етнички, демократски, авторитарни, масовни и кадровски политички партии и разни

приврзаници како по идеологија така и по етничка припадност (Македонци, Срби, Роми, Власи, Албанци, Бошњаци и др.) и верско убедување (православни, католици, муслимани и др.). Отпорот на јавноста е неутрализиран до крајни граници, односно тој е минорен, а јавното мислење сѐ повеќе е позитивно и се приклонува, за што сведочат неколкуте години највисок рејтинг во историјата на македонскиот политички плурализам. Исто така, мора да потсетам и на фактот дека новите општествени движења произведуваат нови општествени идентитети, симболи и вредности кои се противставуваат на традиционализмот и на вредностите што постоеле дотогаш!!! И тука мислам дека работата е мошне јасна и очигледна.

Кон движењата не се приклучуваат само политички групации, туку и поединци поради различни мотиви и интереси. Еден поголем дел од поединците не се активираат и не се трудат да направат нешто повеќе за „идејата“, бидејќи нивна основна идеја е реализацијата на личните интереси и цели. Тие се обични чекачи (теоретичарите за нив го употребуваат терминот– free riding), со тоа што чекаат другите нешто да направат, а тие да си ја остварат целта. Тоа е важна мотивација која лежи зад колективното однесување. Меѓутоа, најопасно за едно движење и за партијата која е доминантна во тоа движење е т.н. релативна депривација, односно чувството дека приврзаниците не добиваат онолку колку што заслужуваат, или пак колку што заслужиле. Во едно општество, депривацијата настанува кога луѓето имаат субјективно чувство дека не добиваат доволно ресурси (читај: лична сатисфакција) како и останатите во повисоките (првите) редови на политиката. Ваквата ситуација настанува и кога лидерите се забораваат и ги отфрлаат, односно ги маргинализираат заслужните и лојалните партиски војници и за сметка на новите приврзаници. Притоа, кај движењата на некои од актерите се гледа како на актери за една употреба и се разгледуваат и се применуваат селективни стимулации кон нив. Определени приврзаници и актери се стимулираат со селективни награди или санкции, а тоа на подолг



рок доведува до пропаѓање на движењето. Проблематиката на новите општествени движења денес не е повеќе политичката еманципација, туку добриот живот и колективната среќа. А тоа некако тешко се постигнува на овој наш мал простор.

Сето ова како елементи и како состојба, според мое длабоко убедување, веќе подолго време е присутно во ВМРО-ДПМНЕ. Навидум наметнатата дилемата во насловот на текстот е само повод за отворање поширока стручна дискусија, иако наведените факти во самиот текст доволно зборуваат.

# ХРАБРА ВИСТИНА

Политиката е без сомнение еден од најконтроверзните и најдискутираните социјални феномени во историјата на заедницата на homo sapiens-от. Идејно-етичките и теориските ставови во врска со суштината и функцијата на политиката, се движат во рамките на два антипода: првиот е оној што ја негира самата политика и потребата од неа и ја идентификува со нејзиниот негативен призвук како „царство на интригите и антихуманоста“, додека другиот антипод политиката ја третира како највисока и најпозитивна општествена дејност, чијашто задача е да го обезбедува доброто на заедницата, зашто таа е врвот на човековата умствена креација. Платон дури наведува дека државата во својата суштина е остварување на врвното добро во општеството. Хегел вели дека државата е остварување на апсолутниот дух.

Анализата на политиката станува уште посложена кога се доаѓа на теренот на нејзиното објективно и субјективно практицирање и манифестирање. Во врска со ова прашање, во јавноста постојат дивергентни мислења и ставови. Тие, главно, се сведуваат на присутната дилема: дали и во колкава мера практичниот ангажман (професионален или волонтерски) во политичката сфера е општествено валоризиран како придонес во социјалниот развој, или пак тој ангажман, во крајна линија, се исцрпува во личните и групните бирократизирани интереси. Ова е значајно прашање, бидејќи се јавува како еден од индикаторите на степенот на демократизацијата на општеството и на димензиите и интензитетот на процесот на социјализација на политиката.

Анализата на политичкото е сложена задача и претпоставува не само стручност, туку е поврзана и со личниот сенз на аналитичарот за оваа чувствителна материја, како и со

неговото евентуално искуство во практичната политика. Во овој факт се крие тајната на големиот интерес со кој публиката ги чека и ги восприема колумните на проф. Кекеновски.

Проф. д-р Јове Кекеновски со своите колумни веќе подолго време ја бранува и ја потхранува македонската научна, стручна и поширока јавност. Спојот меѓу теоретското и практичното во сферата кон која професорот-аналитичар Кекеновски покажува посебен афинитет и интерес го гарантираат сериозноста на приодот и свежината на сознанијата и пораките што тој ги нуди во своите писанија. Познавањето на принципите на политичката наука, како и неговата долгогодишна активност во областа на практичната политика, особено во транзиционите времиња низ кои минуваше Република Македонија, се гаранција дека неговиот пишан збор треба внимателно да се прочита, бидејќи во него се препознава *духот на времето* (Едгар Морено) што останал зад нас, но и во кој пулсираме во овие сè уште несмирени години. Неговите колумни се своевидни сведоштва за натчовечките напори на Македонците и на нивните сограѓани да го зачуваат сопственото парче земја што им го оставиле турбулентните историски настани и од него да создадат респектабилна членка на Организацијата на обединетите нации. Учествувајќи лично во тие случувања, проф. Кекеновски ги впиваше во себе поминатите и доживеани искуства, за да изврши подоцна света должност и нив да им ги остави во пишана форма на идните генерации. Таквиот напор е негов удел во стандардизирањето на историското наследство на државата.

Актуелните збиднувања во Република Македонија, со право го привлекуваат вниманието на истражувачите. Турбулентни се, исполнети со динамика, но и со непознати. Свесен за овој факт, проф. Кекеновски настојува суштината на промените да ја набљудува од соодветна дистанција, да го открива во нив реалното и можното, да ја оцени специфичната тежина на понудените факти, а потоа со научна критичност да ги оцени од аспект на нивните последици во општеството, но



и од аспект на нивното идно одвивање и влијание врз македонскиот социјабилитет. Научната храброст не се исцрпува во академскиот мир. Доблеста на критичкиот ум е да се излезе во јавност со објективна процена на настаните што го придвижуваат македонското општество, да се жигосаат негативностите, да се поттикнат, да се промовираат и да се поддржат позитивните процеси со кои Република Македонија се европеизира и се приближува кон ЕУ.

Ете, во тоа лежи тајната на успехот на колумните на проф. д-р Јове Кекеновски кај македонската публика и македонските читатели. Неговата непристрасност и објективност во критичкото промислување на македонската социјална, а особено политичка стварност, со право ги прават неговите колумни едно од најпопуларните четива во македонските медиуми. Тоа ја освежува и ја поттикнува македонската критичка општествена мисла, но и повикува на натамошни интелектуални напори и амбиции.

*Проф. д-р Ѓорѓи Тоновски*

# ВИСТИНАТА – КОЛКУ ЛАЖНО ЗВУЧИ ТОА!

Со страст на истражувач и со прецизност на научник, проф. д-р Јове Кекеновски ги анализира политичките, социјалните и културните појави во земјава и ефектите на глобалните процеси во светот, објавувајќи ги своите гледишта во дневните весници во Република Македонија и пошироко на балканските простори. Не ретко, тој се впушта и во толкување на некои езотерични теми, со што само потврдува дека неговиот интерес ги надминува локалните рамки. Користејќи голем број извори и јавно изложувајќи ги своите предвидувања, Кекеновски меѓу неговите колеги важи за најсигурен прогнозер, поради што некои во шега го нарекоа „македонски Нострадамус“. На политичката обложувалница пред секои избори консултантските услуги на Кекеновски се на висока цена. На највисока.

Посебно внимание во јавноста предизвикаа неговите колумни за хипокризијата во политиката и за деградирањето на етичките принципи во институциите на системот. Директен во обраќањето, многу понапред од другите, Кекеновски го антиципира конформистичкиот однос на човекот: „Сите зборуваат против политиката, а никој нема храброст да излезе на улица. Сите „во стадото“ се згрозуваат од оние кои јавно ја покажуваат својата искреност и ранливост. Вие немате срце да го живеете достоинствено вашиот живот и затоа секогаш ќе останете ситни и бедни“ .

Пишувајќи за потребата од етички кодекс, тој ќе декларира: „Сосема е логично таков кодекс да им забрани на министрите и на високите функционери да продуцираат и да практикуваат коруптивно однесување, да примаат скапи по-

дароци (а притоа да кажуваат дека се фалсификати и безвредни), постојано да имаат судир на интереси, односно да вршат услуги на блиски роднини и пријатели, да имаат роднински односи во највисоките државни власти, да ја злоупотребуваат функцијата за партиски и за приватни интереси, да ја користат позицијата за одмазда или за да им се реваншираат на неистомислениците". Во тој контекст, Кекеновски засекува особено длабоко кога повикува на загубената врска меѓу ветувањата и остварувањата. За него зборот „срам" во поновата историја е исфрлен од употреба во секојдневниот живот. Тој збор е отстранет како „вишок" од јавната комуникација во нашето општество и добива значење на заборавен архаизам, на забранет номус. Повикувањето на срам и доживувањето на ова чувство денес стана рамно на лов на вештици. Дојде време кога секому му е дозволено сè, ова е време на бришење на моралните обзири, време без каква било одговорност, време кога лагите, навредите, клеветите и гадостите од сите видови стануваат нова етика, доминантен начин на однесување. Влеговме во ерата кога „беса-носталгичарите", оние кои се срамат поради своите или поради туѓите лоши постапки, се гледаат како сомнителни, абнормални, глупави личности на кои „не им се пишува добро, бледи ликови кои го нарушуваат утврдениот ред на работите" и кои дури се опасен, субверзивен елемент, зрел за остракизам.

Копајќи по трагите на луѓето со отуѓен морал, Кекеновски го проширува значењето на некои изрази: „Кога ќе се спомене зборот хименопластика, претпоставувам дека поголемиот број луѓе знаат дека се работи за хируршки зафат со кој на жените им се 'враќа' невиноста. Меѓутоа, исто така претпоставувам дека на луѓето кои го разбираат овој збор, првата асоцијација им е дека се работи за лажење, измама, нечесност, некоректност, неверност и слично. А, за волја на вистината, хименопластиката и не е ништо друго".

Непопустлив е спрема политичарите, но сериозно им префрла и на интелектуалците за нивниот однос кон вистината: „Се чини дека од сите граѓански слоеви во нашава држава, токму интелектуалците се тие кои најмногу потфрлија. Ги изневерија големите очекувања на граѓаните". Парафразирајќи го Синиша Маричиќ, тој пишува: Интелектуалците се претворија во некаков тап предмет, кој по потреба може да биде употребен од некои од центрите на моќ (политички, економски, финансиски, па дури и верски). Сега истите тие како кучиња ги подвиткале своите опашки и цивкајќи се завлекле во своите кучешки кuќички. Кенкаат, а понекогаш и тивко ќе залаат. Се разбира, само доколку им дозволат. Тие по потреба лажат или пак молчат, односно само кимаат со главата. Исполнуваат сè што се бара од нив, па дури и ако не се бара. Грубо кажано, максимално се проституираат.



Со особена информираност и аналитичност се изделуваат текстовите на Какеновски за појавата на „путинизмот" во Русија, за „американското проклетство", кое, до неодамна, како што се верувало, ги следело претседателите на САД, за теоријата на светските заговори, за масонството и за неговото влијание во светските процеси. Ова е книга во која се истражува вистината. Онаа вистина која, според авторот, им е достапна единствено на оние кои ја бараат.

*Георги Барбаровски*

# СОДРЖИНА

ВИСТИНОЉУБИВИ КОЛУМНИ ... 7

СЕРВИЛНОСТ + ПОНИЗНОСТ + ДИКТАТ = „ИНТЕГРИРАНА“ МАКЕДОНИЈА ... 11
МАЧНИНА ... 17
ПОЛИТИКА ... 20
ТЕРИТОРИЈАЛНА ПОДЕЛБА ... 23
ЧОВЕКОВИ ПРАВА И ГРАЃАНИ ОД ВТОР РЕД ... 26
ВО ПРЕСРЕТ НА НАЈАВЕНАТА
НОВА ПОДЕЛБА НА ГРАДОТ СКОПЈЕ ... 29
ПРАКТИКА И СОВЕТ ... 34
ПРЕДИЗБОРНИ ЧЕТИРИ СЛИКИ – ПРВПАТ ... 37
КОГА ГУБИТНИКОТ ГЛУМИ ПОБЕДНИК ... 40
ПРАВО И ПРИНУДА ... 43
ПОМЕЃУ ДВА ИЗБОРНИ КРУГА ... 47
КОНФАБУЛАТОР ... 50
ГРАЃАНИТЕ КАКО ФАКТОР ... 53
ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊА ... 56
ПОЛИТИЧКА КУЛТУРА ... 59
ГРАДОНАЧАЛНИК ... 62
КОНГРЕС ... 66
ГРАДОНАЧАЛНИЦИ ПО ПАРТИСКИ ИЗБОР ... 70
ДЕЦЕНТРАЛИЗАЦИЈАТА – ЕКСПЕРИМЕНТ И ХАОС ... 74
ПОДЕЛБА НА ДРЖАВАТА ... 77
ГРАЃАНСКА НЕПОСЛУШНОСТ ... 80
ЕТНИЧКИТЕ ПРИНЦИПИ ГИ НЕМА ПО РАМКОВНИОТ ДОГОВОР ... 83
ТОА Е МАКЕДОНИЈА– КУЧИЊАТА ЛААТ КАРВАНОТ СИ ВРВИ ... 86
(НЕ) УСПЕХОТ НА ВМРО-ДПМНЕ ... 89
ИМА ЛИ ВО ВМРО ВМРО-ВЦИ?
(браво за пратениците на ДПА) ... 92
ОСТАВКА (ШТО БЕШЕ ТОА) ... 96
РУСИЈА-СРБИЈА-КОСОВО, ШТО ПОНАТАМУ? ... 99
ПРЕДИЗБОРНИ 4 СЛИКИ – ВТОРПАТ ... 103
ПИРОВА ПОБЕДА ... 107
ТРАНЗИЦИОНИ ПОЛИТИЧАРИ И ПОСТТРАНЗИЦИОНИ ПРАКТИКАНТИ ... 111
НЕКОЛКУ РАЗМИСЛИ ЗА ДЕМОКРАТИЈАТА ... 114
ЕУФЕМИЗМОТ „ЈАВНА ДИПЛОМАТИЈА“ ... 117
ИГРОТЕКА НАРЕЧЕНА ДРЖАВА ... 121
ГВАНТАНАМО ... 125

НЕКОИ ФУНКЦИОНЕРИ СТАНАА АПАШИ НАД АПАШИТЕ 130
НА МАКА СЕ ПОЗНАВААТ ЈУНАЦИТЕ 134
СУДИИ БОЈОСАНИ ВО СИНО И ЦРВЕНО 137
ИНКВИЗИЦИЈА – ИЛИ ЗА МАКЕДОНСКАТА КАЗНЕНА ПОЛИТИКА 140
ПРЕД ЛОКАЛНИТЕ ШЕРИФИ И РЕСЕНСКОТО ЈАБОЛКО – ЦРВЕНЕЕ (ОКТИСИ, ЈОК... ТИ СИ) 144
МАКЕДОНИЈА – БАЛКАНСКИ, ФАКИНГ ВЕТРОМЕТ... 148
Во Македонија ништо не е свето
И УСТАВОТ ГО УБИВААТ, ЗАР НЕ?! 152
НА СЕВЕР НЕШТО НОВО 156
СИТЕ ЛУЃЕ НА ПРЕМИЕРОТ 160
КОНСОЦИЈАЛНАТА ДЕМОКРАТИЈА И НЕГАТИВНОСТИТЕ 166
ВЕЛЕШКИ ПАТРДИИ 171
ВИСОКОТО ШКОЛСТВО НА НИСКИ ГРАНКИ – БЕЗОБРАЗНО ОБРАЗОВАНИЕ 175
СЕТЕРИ БЕЗ ЦЕТ (квази-елити го узурпираат македонскиот етер) 180
НА ЧЕКОР ДО ЕУ 185
БОЛОЊЕЗЕ – Селективен третман во високото образование 189
МЕТРОПОЛА 194
СКАНДАЛ ИЛИ НОВА ТИВКА НАЦИОНАЛИЗАЦИЈА? 198
МОМЕНТ НА ВИСТИНАТА 203
СЕ СЕТИЛ ОПИНОКОТ КАКО ДА СТАНЕ ЧЕВЕЛ – СЕ ЛИГАВЕЛ... 207
БЛАГОРОДНА ЛАГА
нова морфологија во политичкиот речник 211
ОБАМА И НОБЕЛОВАТА НАГРАДА 215
ТУЃИ ПЕРЈА ГО КИТАТ НАЦИОНАЛНИОТ ЈАВЕН СЕРВИС
МРТВ Е... МРТВ(А) 220
ВИТЕЗИ ТЕМПЛАРИ 224
МАКЕДОНСКИ СЛУЧУВАЊА ВО ТРИ СЛИКИ 228
КРАЈ НА ДОЛАРОТ? 233
БАДНИК 237
У(небрано)СТАВЕН СУД 240
За македонската партиска проституција
„ШЕМА“ СЕ КАМЕЛЕОНИТЕ 245
СЛЕПИ ПАТНИЦИ ГО НИШААТ ВЛАДИНИОТ БРОД ТИТАНИК 249
ФАРМАТА НА ГОЛЕМИОТ БРАТ 254
Кому му пречи проектот „Скопје 2014“?
СИВИЛОТО НА СИНОТО 258
СЛАВЈАНСКАТА ИНТЕГРАЦИЈА – РЕЛНОСТ ИЛИ УТОПИЈА 263
Македонското високо образование пред нови предизвици
НАГОРЕ ВИСОКО, НАДОЛУ... КАЛ 269
НЕООСМАНЛИЗАМ 274
Како ја надминуваме економската криза
ГЕТ – РИЧ – КВИК 279
100-ВАТНАТА ГЛУПОСТ НА БРИСЕЛ 283



КРАТЕОМАНСКА В.Д. ПАРАНОЈА 287
ПУТИНИЗАМ 292
МАКЕДОНСКА ОПШТА ХИПОКРИЗИЈА 296
ЕТИЧКИ КОДЕКС 299
МАКЕДОНИЈА МЕЃУ *СЦИЛИТЕ* И *ХАРИБДАТА* 303
Кога срамот црвенее пред политичките медиокритети
БЕЗ'РБЕТНИЦИ НАПРЕД, ОСТАНАТИТЕ... СТОЈ 307
ОД СЕКОЕ ДРВО СВИРЧЕ НЕ БИДУВА 310
АНКЕТА 314
ПОЛИТИЧКА ХИМЕНОПЛАСТИКА 318
Отворено писмо до
НИКОЛА ГРУЕВСКИ,
Претседател на ВМРО-ДПМНЕ 322
ПРОКЛЕТСТВОТО ОД ТЕКУМЕШ 325
ФИЛАНТРОКРИМИНАЛИЗАМ 329
ДОСТА ДЕМАГОГИЈА
Држете го корумпираниот професор 333
ШМИНКАЊЕ НА МРТОВЕЦ 338
МАКЕДОНИСТИ & БУГАРОФИЛИ ВО ВМРО-ДПМНЕ 343
ПО ПРИЛЕПСКИОТ, НА ПОВИДОК ПОЛИТИЧКИ
ПИВОФЕСТ СТА-А-АР ЛИСЕЦ... (ИЛИ: КОЈ Е ГАВРАНОТ, А КОЈ ЛИСЕЦОТ
ВО ПРЕГОВОРИТЕ БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ – ВЕЛИЈА РАМКОВСКИ?) 349
ПОСЛЕДИЦИ ОД СТРАВОТ ОД *АЛ КАИДА* ВО САД 353
КАДЕ ПЛОВИ СВЕТОТ, А ПОСЕБНО БАЛКАНОТ? 358
БРИК КРЕАТОР НА НОВИОТ СВЕТСКИ ПОРЕДОК 365
ЧАЈНА ПАРТИЈА – АМЕРИКАНСКА ТРЕТА ОПЦИЈА 370
НЕЧИСТ ПОЛИТИЧКИ ТЕАТАР 375
НА ЧЕКОР ДО ПРИЗНАВАЊЕ 379
ЕВРОПЕИЗАЦИЈА ИЛИ ИСЛАМИЗАЦИЈА НА ТУРЦИЈА 383
ПОЛИТИЧКО-БАНКАРСКА МАФИЈА 388
БЕЗСРАМЕН ЛАЖГО 391
ХИЛАРИ КЛИНТОН И БАЛКАНОТ 394
ЗОШТО СЕ ЛАЖЕМЕ? 398
СКОПСКИТЕ ЈАВНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА 401
HOCUS, POCUS... MAKEDONIKUS 405
АЗДИСАНИ БАНКАРИ – РЕКЕТАРИ 409
ИНТЕЛЕКТУАЛЦИ 414
БУТ – ГОСПОДАР НА ВОЈНАТА 418
ПЕТ „НЕ“, И ПЕТ „ДА“ ЗА ИЗБОРИ 423
СЕГА МУ Е МАЈКАТА 427
ИНФАНТИЦИДНА КАНИБАЛИЈАДА 430
СИТНИ, БЕДНИ И ЈАДНИ 434
КОЛЕКТИВНО ЛУДИЛО ИЛИ ИГРАЊЕ СО ОГАН 438

САКААТ ИЗБОРИ, А МОЛАТ БОГА ДА ГИ НЕМА ... 441
ТРИ СЦЕНАРИЈА ЗА ПОЛИТИЧКАТА ИДНИНА ... 444
ДЕЦИБЕЛИТЕ И МУЛТИКУЛТУРАЛИЗМОТ ... 449
М.М.Е. НА КОЈ ПРВ МУ ТЕКНА ЗА ИЗБОРИ ... 454
ПОДЕЛЕНА ЛИБИЈА ВО ТРИ ДЕЛА? ... 456
МАКЕДОНСКИ НОВОПЕЧЕНИ БОГАТАШИ ... 462
МАКЕДОНИЈА – ЗЕМЈА НА АПСУРДИ ... 465
ПРЕДРАСУДИ И СТЕРЕОТИПИ ЗА СТАРИТЕ ЛИЦА ... 470
ГЕНИЈАЛЦИ ... 474
ПОЛИТИКА И ПРИЈАТЕЛСТВО – КАКО ТОА ГРДО ЗВУЧИ ... 478
ПОЗИЦИИ И ВРЕДНОСТИ ... 483
ГО РУШАТ ЛИ ГРУЕВСКИ ОДНАТРЕ??? ... 487
ПРЕТЕРУВАЊЕ ... 491
Старо-нови ѕверки во македонската политичка шума
КОЈ СЕ ПЛАШИ ОД ГОЛЕМИОТ ВОЛК? ... 497
НАДЕСНО – СÈ ПОТЕСНО ... 502
МАКЕДОНСКИ ПОЛИТИЧКИ НОСТРАДАМУС ИЛИ НЕШТО ПОВЕЌЕ? ... 506
КАПАТА ДОЛУ ПРЕД МАЈСТОРОТ ... 511
ЕВРОПА НА СКОПСКИОТ ПЛОШТАД
Не стивнува воодушевувањето по поставувањето на Војсководецот на Плоштадот ... 516
НАУЧЕН ГЕОНЦИД ... 520
БЕДНИЦИ И БЕЗДУШНИЦИ ... 525
10 години РАМКОВЕН (НЕ)УСПЕХ ... 529
РЕТРОСЕКСУАЛЦИ ... 537
ВМРО-ДПМНЕ партија или движење? ... 541

ХРАБРА ВИСТИНА ... 547

ВИСТИНАТА – КОЛКУ ЛАЖНО ЗВУЧИ ТОА! ... 551

*Издавач*
МАТИЦА МАКЕДОНСКА
Скопје, Република Македонија
Тел.: 02 32 21 138, 32 30 358
Факс 32 17 139
E-mail: contact@matica.com.mk

*Јове Кекеновски*
ПОЛИТИЧКА ХИПЕРМЕТРОПИЈА

*Лектура и коректура*
Здравко Ќорвезироски

Компјутерска реализација
Методија Николовски

*Печат*
„Југореклам Дизајн" – Скопје
2012